ДИМКА МИТЕВА

ТОЛКОВЕН РЕЧНИК
НА ЦЕПЕНКОВИТЕ ПРИКАЗНИ

ТОМ II (Д–З)

Скопје 2019

ДИМКА МИТЕВА

ТОЛКОВЕН РЕЧНИК
НА ЦЕПЕНКОВИТЕ ПРИКАЗНИ

ТОМ II (Д–З)

(ДА–ЗА)

Скопје 2019

Д

ДА *сврзн.* **I**. **1**. **а**. *во исказни (изјавни, декларативни предметни) реченици иде по глаголи со неполно значење, т.е. такви што до себе бараат како дополнение друг глагол: знае, може, почне, сака, умее* и мн. др.; **вати**: Едно го видела (кума лиса) волкот кај што ја барал и ватила да криви и да јачи... (2, 25); Ја кренал волкот на рамо кума лиса, ја поносил малку и ватила лиса да вика (2, 26); Откога си влезе внатре, кума лиса ватила да му се биет поеќе шега: "ља, ља, ља, ља", му праела со уста со јазикот исплазен. (2, 26); Ватила царицата да се слечуат и, за пакос, една од алајките беше видела чоечки очи во тревјето. (5, 48–49); знае: **знае**: Колку за тоа добро... знам да умрам. (2, 31); **може**: Не можам да влезам, посестримо – е рекол – чунки само еден ум имам, да ако се ватам, не ќе можам да се пуштам. (2, 29); ...да можи морето да ја донесла гемијата во езерото и тамо можи да се скрши и тој излегол. (2, 144); Се чудела ќерка му од царо, и не можела дури да се увери за тоа нешто, та отишла кај мајка е и је кажала сето со ред. (2, 242); **сака**: ...лели сакаш да ја врлам мрежата да си видиш касметот (2, 34); Е, бре момче, што ти е меракот што ме ваќаш? Али за невеста ме сакаш да ме чиниш? Ако ме сакаш, земи ме... (2, 117); Ај жено, виде оти коа сака Госпо да даи и од баџа дава. (3, 315); Еве што сакам (другари) да ви кажам, да имам сега една пушка далјанка, да да ја клаам на колено (5, 161); **треба**: Треба да речиш, ми се треси (газот) (2, 41); Ако је мојата шамија, треба да му се одврзала од прсто и му паднала негде, та овој ја нашол. (2, 293); ...кој слеп неќит очи, да и јас да неќум од цар ќерка? Треба сопрво да ја видев – арно беше, да после да ја земев. (2, 250); Ха, ене онде

треба да има некој чоек; чекај да појдам до тамо, да белки ќе испитам едно парче леб за да заголнам душа... (4, 83); Ја ај гајрет стори, уште троа посмали, бре Манго – му рекол чоеко. – Е, требаше да има неколку (мечки), бре чорбаџи – му рекол Манго. (6, 188) **б**. *со глаголи на зборување:* **вели**: Ете тоа јет, бре чедо, што ти велит да ми речиш мене да му даам што су му таксала пред дванаесет години – му рекла мајка му нажалено. (4, 264); **заповедуа**: Ми заповедуат (кума лиса) јас *ѕа* не се опулам горе и да видам оти има пајка, и да не ти посакам за да јадам. (2, 203); **каже**: Ами ти, бре момче, како велеше – му рекол царо на другото момче – ја кажи ми да те чујам? (3, 288); **рече**: Оди (ангеле) при праведнио чоек и речи му да ожние ретките класје што сет самоник (4, 122). **в**. *ѕополнение со ѕруг вид глаголи:* **види**: Видов, видов една силна змија да лета, ама не овде, ами на онаа планина одлета, ја, ја, ја! (2, 266); ...видоа (двајцата Турци), покрај другото зајре што се продааше и праз да се продаат (6, 12); **даде**: ...(лиса) се ватила за предните нозе. Дала вик (лиса) по јазоецо да влези и да ја куртулиса. (2, 28); Дај (бре старче) *ѕа* те подушиме кај устата, да видиме да не нешто мирисаш на книгата од арзоало. (2, 52); **навати се**: На тоа згора, за кăсметот на лиса, ја дочуло едно бумбарче, и тоа ѝ се наватило да ѝ го истерат прчка од куќа. (2, 16); нема: ...од тоа друго немам што да кажам, брату ’рту... (2, 35); **спреми се**: Се спремиле двата зетои *ѕа* одат да бараат млеко и научила малата ќерка коа ќе одаат и која страна ќе одат. (2, 289); **текне**: Стоејќи му текнало да рече ќелешо: – Ако е вистина што ми рече змијата, е ај нека се напраит еден чардак... (2, 266) **г**. *со негиран глаголски прилог* од н е м а + д а: Немајќи сиромасите за да јадат, фатиле да си умираат од глад. (4, 200) **д**. *во зависно-прашални реченици за искажување на инѕиректно прашање со* **како**: Думала шестала како да напраи (лисицата) за да влези и беше издумала (2, 27); ...ама баре и таа да не куртулиса, чунки му се отказала да го научи како да се куртулиса. (2, 30) **ѓ*. *во изјавни (исказни, ѕекларативни) реченици по глаголи што значат кажување, мислење и сл. во значење на сврзниците:* **дека**, **оти**; Арно ама,

откоа излегов и појдов кај цареа ќерка да ја прашам дали ме нашла, се зачудив коа чув да ми кажи оти во четири риби сум бил скриен на дно в море (2, 198); А пак коа го видела царицата многу мака је дошло дека таков зет да има. (2, 292); Повторо сиромаиот му се колнел, дури месата си јадел, оти абер немал за мушама да нашол. (4, 134); При сѐ што не му ваќало умо на луѓето за ќелешо да бил при цареа ќерка, па го зеле и го однесле кај царо, та го натерале да помини пред цареа ќерка и бир баш го удрило детето со јаболкото по глаа. (2, 267); Видов, видов една силна змија да лета, ама не овде, ами на онаа планина одлета, ја, ја, ја! (2, 266) **е**. и м е н к а + д а: Дошло време да се бера(т) лозјата од некој манастир и откоа ’и обрале, го туриле грозјето во бочвите што ’и полнеле секоја година. (5, 87) **ж**. **треба да е** – *можеби е;* Вистина треба да се сараи и друго ништо! (2, 269); Оваа влечка – си рекле царцките луѓе треба да је некоја многу богата девојка и многу лична, чунки името ѝ је Дуња Ѓузели. (3, 48) **з**. **за да** – *оти;* Коа ’и чу тие зборои цареа ќерка, је притекна за да има нешто во ќелешо, што само со едно велење да остани тешка... (2, 268)

2. *во намерни (целни) реченици.* **а**. *самостојно;* **да**: Вечерта наставил една стапица пред дупката за коа ќе дојди уште еднаш лиса да се вати (2, 27); Тргнала (мечката) да барат некој за да ѝ ја изваит коската. (2, 38); На тргнуање кума лиса да си оди, откоа тргна со чоекот да си одат како да је притекна на лиса оти лага ќе му је на чоекот, чунким чоекот ич не плакал за ќерка си дури ја закопал. (2, 31); ...на ова згора (брате ’рту) кажи дали имат прао смоков да ме јади и да ме давит. (2, 35); ...и бидејќим (жената) злоблива, измислила една итрос за кокошките да не му ’и даит на лисицата... (2, 37); Виде царо оти ништо не му би на момчето, се слекол да влези да се искапи, само и само да се откамени девојката. (2, 263); Кога се најде цареа ќерка со ќелешо во бавчата, го прашала од кај дошол при неа и да роди дете. (2, 267); Да еве (синко) и си втасан за женење, *ѓа* ми те оженам и домаќин да те сторам, како што беше татко ти. (2, 265); За многу време

ѓаолот печалил да му запустит куќата на еден верен домаќин и домаќинка... (4, 243); Царот, мезличот, сите се зачудија и сторија збор да одат со рибарот и да го бараат тоа езеро... (4, 268) **б**. *во состав на сложениот сврзник:* **за да**: Кај да заминам, сѐ стапици наставени за да ме ватат, сегде пусии наклаени да ме отепаат. (2, 5); Едно ја виделе лиса, и спискал гусако „гра-гра“ по гуските за да бегаат од лисицата. (2, 6); Еден чоек отишол в планина да наставуа една стапица за да ватит некоја дивина мршојадна. (2, 30); Пејди, мецо, пејди долу во полено и ќе го најдиш штркот за да ти ја изваит (коската). (2, 39); ...дојдоа другите коњи и со нив му поигра во дворо за да види царо оти оти тој је јунако што го куртулисал од таа силна војска. (2, 294); За да ти ја земи Дуња Ѓузели еве што ќе ти напраи: со прво ќе ти прати една ’ртка намачкана со отруачка... (3, 94); Сѐ што не е возможно за да го сториш ти и луѓето, мене ми е возможно. (4, 122); ...влегло бјуљбулчето во одајата од цареа ќерка, влегол и ѓаолот за да го вати. (4, 250); Коа ’и чул тие зборои кназот од царот, си ја наведи глаата и си отиде дома за да се учи занаат. (5, 36); Поминале десетина дни и едно утро посака еднио од анџиката еден чешел за да се исчешла (5, 97); Си кажал (арамијата) греоите што имал сторено и дуовникот му дал канон за да тргат за греоите да му се простат; тргоецот тоа нешто не му го веруал на капидано и ја донесло работата за да се обложит. (5, 241) **в**. **за ... да**; Крајот јет, аџи штрче, еден да умри за тројца да се живи. (2, 8); Море брате петле – му рече лиса – ами ако сакаш викни си и некоја од кокошките за измет да ти чинат по патот (2, 19); ...да ојме на гроб со печена кокошка, ќе му остаиме на гробот за ноќта да јади умренио. (2, 32); Во некоја земја имале еден арслан за цар да му биди, чунки го гледале дека е многу јунак, тики затоа беа го клале цар да му биди. (2, 45); Тие му кажале правината оти бараат од пиле млеко, за очибол да лекуаат на некој стар чоек. (2, 289); Затворил маазата (тргоецот) и си отишол од тој град во друг за дури да му се попраит кӑсметот. (4, 60) **д**. **што да** – *за ѕа;* Од кај ме виде, бре ќелеш – му рекла – што да родам дете од тебе и сега да се давам со тебе в море? (2,

267) **ѓ**. **што да не** – *за ѕа не;* Ако надјадиш (честити царе) еден драм, ќе умриш, а пак ако не дојадиш, па ќе умриш; и ако сакаш да не умриш, токму од сѐ што сум ти пишал ќе јадиш. Ете тоа ти е билката што да не умриш. (5, 86)

3. *во условни реченици.* **а**. (*само* со **да**); Ејди побратиме јазовче, јас да имав ум, сама ќе се куртулисав кога се ватив... (2, 30); Аман, оче дуовниче, те молам, земи ме и мене со тебе на аџилак за да се сторам и јас еден аџија, да и *ѕа* умрам, да не жалам! (2, 139); Бре, да видел Господ, бре татко, кај се скрило момчево што го барам, дури вишно небо, вкачено на еден орел! – му рекла на татка е. (2, 195); Еден човек бил многу богат, ами и бил пак и многу скржав. Леб да беше возможно дома да не купи! (2, 247); Јас се сторив васија на внуци ми, на стоката што ја имаат, ниет сторив да си јадам и јас од стоката, чунки и друг некој чоек *ѕа* биди, и тој ќе јади. (5, 50) **б**. *(во чести случаи) за образување на условен начин со ѕоѕавање на* **да** *по* **ако**, т.е. *во состав на сложениот сврзник* **ако да** – к о г а б и. 1. *во почеток на реченицата;* Ако да беше му бил коњо тука, (Арапо) ќе го јавнеше и ќе одлеташе тамо за да го напраи на парчиња тој што ја отепал свињата. (3, 109); Ако да беше имало луѓе оваа пустелија ада и да ме видеа овде вкачен, на магаре сторен, ќе се скинеа од смеа. (3, 280); Ако да биди, да биди, ако не, ич нека не биди, ефкаро мој ваков јет – одгоорил вторио. (3, 287); Ете, виде сега оти кѫсмето мој се разработи. Ако да беше и ти, сето заедно ќе го имавме. (3, 303); Ако да беше имало некој чоек од мајка роден, што да ми стореше едно добро, никој пат немав да му го заборaам... (5, 137); Ако да бев јас попо, камо ми брадата, косата, расата, калимавката? (5, 195) 2. *во средината на реченицата;* Си била една жена сиромашка и си била многу набожна. ...прсто ако си го лизнела, нешто ако да грешеше од нешто мрсно, три саати устата ќе си ја миела со сапун (5, 45); Мори бабо – је рекло (момчето) – ако да можев да ја надбодињам (цареа ќерка) со моето коњче, дали би ми ја дал царот? (3, 55); И вие би се смеале, бре аги, ако да знаевте што се караат двене врапчиња што се на трнон, ама не знаите, та

затоа. (3, 71); **ако ... да**: *Ако* сичките луѓе, машко и женско, *ѕа* имаа еднаква дарба, не веруам да можеше да се живеит. (4, 191) **в**. *во условни реченици со кон*ѕ*ционал* (да би), *мес*т*о* **кога**: Да би знаел царев син да земи во едно шише од оваа вода од изворо... да се попрска и да не го ваќа отруачката. (3, 94); **ако би да**: Се качил (Патенталија) до негде на планината и коа гледат една страшна пропас што ако би да имал крилја чоек, ќе можел да се качи кај што беше Дуња Ѓузели. (3, 87)

4. *во ѕо*п*усни (концесивни) реченици;* **и да**: Како и да било, се спријателиле (волкот и чакалот) и седале, та се распознале и тогај си разбрале имињата кој како го викаат. (2, 40); Е, лели се инатиш толку, чекај да го остаам јас да не го крепам – му рекол умо – и да видиш оти ќе ја окалит работата. (2, 243); **макар да**: Пеки, пријателе – му рекла кума лиса – ката ден ќе идам и ако го најдам гропчето нешто откопано, јас ќе го призакопам, ...макар *ѕа* знам да умрам. (2, 31); **макар и да**.

5. *во зависни временски реченици во сос*т*ав на сложени*т*е сврзници:* **дури да** – *ѕо*ѕ*ека;* Дал Госпо трева многу, пријателе – му рекол чакалот (на волкот) – и си пасам дури да ми је доста. (2, 40); Дури да се вратат дома, момчето побрго беше го однесол Педа чоек во одајата кај цареа ќерка. (2, 251); Дури да види (момчето) што се стори чумата, дури да вјавни метлата, беа откачиле баеги место. (2, 260); Дури да појди (овчаро) при неа (при цареа ќерка), таа си го јавнала коњо и го боднала, та избегала. (3, 61); Сторил ниет попо да одит со сина си на аџилак и да ја остаит ќерка си сама дома да седи, дури да си дојди попо од аџилак. (3, 128); Да биде (сиромавио терзија) малку пораат, дури да му втасаат децата и да ’и глави да белким ќе го изваат на сељамет. (3, 228); Така си мислеше со умо царо и седе дури да се стемни, та си отиде до портата од сарајо (4, 203); Тие опинци сет, пријателе, што ми ’и купуаше ти, и сите ’и искинав дури да те донесам на вешало и душата да ти ја земам за во вечна... (4, 273); Земете го философот и клајте го в апсаана дури *ѕа* си дојдам јас, да после ќе му кажам на кого не му кажуа кај одит. (5, 80); **дури ...**

да – *ѕоѕека ѕа;* Во неколку дни се напраија штркои и сите одлетаа крај море за да се чека(т), дури сите да се собера(т). (2, 147–148); **кога да** – *кога;* Пусти кăсмет мој, кај ме отера кај еден каменар, ич немилостив. Кога да ме тоарат со камење, ич инсав немат. (2, 73); Кога да стоите на некое дрво или наземи, да се вардите од секаде. (2, 74–75); Лисицата и на орело му рекла да не се пулит во колибата горе, арно ама, непендек јет кога да му велиш нешто на чоека за да го соприш од нешто да не праит, уште поеќе ќе го праит... (2, 203); Уште една дарба таа трева имаше. Кога да ја носеше сиромаиот со себе, секакви скришни работи видуаше што ќе се праеја во градо. (4, 129); **коа да** – *кога;* ...можеше (Велко) да си играт со него (со Силјан), како што си играат децата коа да врзуаат врапчиња и чавки (2, 150); Ете, коа да му работи кăсмето на чоека и коа да сака Госпо, од аргатин бидуа цар. (3, 296); Ами коа да му работел кăсмето на мрзливио! Жената му змии му пуштила од баџа, нему му се сториле алтăни и си ’и собрал, та коа дошла жената, је се повали... (3, 315); Од една страна на доло полето што било, сето било пораснато со трње и глоѓе и со една магла покриено, како во зиме коа да има магла со сињак... (4, 74); Ах, проклето венчание, што ме заврзале за оваа магарица а не жена, чунки само магариците и магарињата праат инат коа да врват на мостеи, како што праит мојава жена! (4, 274); ...едно на друго (дете) ...му праело како малите чавчиња коа да ’и ранат со цреши. (4, 278); **колку да** – *ѕоѕека;* Му пресекол дедо му глаата (на еќимо) и колку да го земи шишето, се јавил ангел Божји и мавнал со крилото на шишето, та прав и пепел се сторило. (3, 76); **пред да**: Пред да влези, коњчето укнало во млекото и се вжештило. (2, 263); Во три-четири дни се куветлеиса коњо и, пред да бегаат, го натерал да влези во една одаја да види што има. (2, 284); Тамам на права полноќ, чумата ќе излезит... и ќе ви ’и исече на сите глаите, арно ама ти да не спиеш и пред да дојди таа, да му ’и изваиш весоите на браќа ти од глаите... (2, 256); Пред да му полеат вода, (момчето) си го одврзал прсто (2, 293); А пак царицата, пред да влези во тоа гратче, нашла едно овчарче и

му ’и купила алиштата, та се променила и влегла во гратчето. (3, 134); Не само сега седат крај вода Евреите ами уште пред да се роди Ристос седеле. (4, 41); Пред да се крсти (безверникот), се испраил пред народот и наче грло да зборуа и да се исповедуа (4, 184); Пред да појди Турчино да го кани оџата на вечера, зел да ’а учи ќерка си како да зборуа по турцки коа ќе дојди оџата... (6, 132)

6. *во зависна намерно-временска реченица во состав на сложениот сврзник:* **за дури да**: Трај, душо, знам јас сега како да работам за дури да сум жив овде да живеам царцки и господарцки. (2, 46); Да ти даам (малце леб), бре момче – му рекол – туку не носам со мене, ако сакаш поварди ји говедава за дури да појдам јас в село, да ти донесам. (6, 198); **за кога да**: ...му дале (орлите) на ќелешо по едно перо за кога да има некоја нужда да го жегни перото на едно жарче од кој орел да сака и ќе му дојде на помош. (2, 116)

7. *во споредбени реченици (во состав на сложениот сврзник* **отколку да**): На тоа згора, немаше друго овчаро што да речи отколку да ’и истаи пците. (2, 44)

8. *во последични реченици:* **што да**: Од кај ме виде, бре ќелеш – му рекла – што да родам дете од тебе и сега да се давам со тебе в море? (2, 267); И веднаш така беше се сторил: здрав, умен и разумен, личен, *што да* нема уште едно момче на веков; така се разубаила и цареа ќерка. (2, 269); Кога отишол кај царцките тевтери, што да види? – Големи што да не можи да ги поткрени со обете раце. (3, 213); Еден велел така, друг инаку, и најпосле дошле во еден збор, што да не веруаат идењето на Риста, ни од вода ни од суша. (4, 41); Чоеко на секого му потврдуаше оти тој му ја куртулисал од судо раката и многу му бил благодарен... Не остаи чоек во градо чорбаџијата што да не му кажи (5, 18).

9. *во начински реченици.* **а**. *со* **без** *образувајќи сложен сврзник, искажува извршување на главното дејство при отсуство на другото;* **без да види** – *не видувајќи;* ...коа чул штрко оти со кал го праела ластојцата седелото и со сламки му се згнасило и си одлетал без да види. (2, 98); Утрото на

одење беше му ја остаил чашата у тој домаќин, без да видат некој. (4, 103); **без да знаи** – *не знаејќи*; Со голема радос мажот ја пречекал лисицата и без да знаи оти је во вреќата кучката, ја одврзал вреќата... (2, 37); Завали глушец, без *ѓа* знаи оти дошло мачорок у бабата, си излегол од долапо за да бара трошички (2, 65); ...се напраиле четириесет тоари сол, без да знаи никој. (3, 232); **без да ме моли** – *не молејќи ме*; Без да ме молиш, стопанине – му рекло коњчето – ќе ти кажам што не сум весело. (2, 256); **без да му кажи** – *не кажувајќи му*; Без да му кажи на татка си, беше собрал троа војска, одбор што рекол некој, ...и една ноќ ја спраштил да оди да ја бара убаата девојка. (3, 84); **без да се помисли** – *не помислувајќи се*; Едно 'и чул чоекот тие зборои, и ...му отишол кај царот да му кажи кој му 'и украл бесценетите камење, без да се помисли оти од смрт го куртулисало момчето. (3, 125); **без да посеи**: И така, и праведнио се израни као сите селани таа година без да посеи кăсмет жито. (4, 122); **без да работи многу**: Ете кога да му работи о на чоека, како можи да се обогати многу без да работи многу. (3, 247); **без да сака** – *не сакајќи*; ...детето од вдојцата... беше го удрило по глаа (царски син) без да сака, и му ја расцепило глаата (2, 200); Посигнало момчето и ватило една змија. – Ете, синко, змија вати без да сакаш, арно ама нема да те касни, чунки је водна. (2, 221); **б. како да**: *со ѓлаѓолите*: **како да ме заборави**: Оваа година арно је да заповедам на облаците са пролет и са лето сѐ да врни дож и, што ќе посеат луѓето, сѐ да му се скапи, да да ме познаат оти гледам како да ме заборaиле. (4, 117); **како да му се посакало**: Кога чу петелот тие слатки зборои од лисицата, како да му се посакало да бидит аџија (2, 6); **како да чинит**: Застанал (Пејо) да се дума, како да праит и како да чинит. (6, 196); **као да**: *со ѓлаѓолите*: **као да си бил**: Кој знај, бре синко, според нишаниве што ни 'и кажуаш, вистина као да си бил штрк – му рекол татко му. (2, 160); **као велам да**: Голема потера ќе прати царо за да ја куртулиса ќерка си одовде, туку еве јас као велам да напраиме (2, 208). **в. како ... да**: *со именска синтаѓма*: **како од малечко дете**; Дала вик да сака и крушата лајца. Сите слушале гости-

те глас како од малечко дете, да му сакат на зетот лајца. (2, 17)

10. *начинско-временски реченици;* ...ватило (на мачорокот) слинки да му течат и да се оближуат како коа да беше ’и изел сите глувци (2, 12).

11. *за образување на и9но време* **а**. *со 909авање на* д а *место* **ќе** *по зборот* **едно**: едно да – *штом ќе, само што ќе;* ...кога дошла света недела и отишол (сиромаиот) в црква, едно да влезит во вратата и му се јавил едноногиот со рогоите и му рекол: – Ај чоече, кај влегуаш? (4, 236) **б**. *со 909авање на* д а *место* **ќе** *по зборот* **кога** (**кога да**) – *кога ќе;* Тие мирисби – дури тажноина да му падни на чоек кога да ’и мириса! (2, 269); Кога шетал Господ по земњава со дванаесетте апостоли, кога да влезит во некој град, мнозина богати го канеле Господ на вечера на гости. (4, 63); ...едно на друго (дете) ...му праело како малите чавчиња коа да ’и ранат со среши. (4, 278) **в**. *со 909авање на* д а *место* **ќе** *по зборот* **што**: ...секој што да те види (змијо), да се плаши и да вика со повик по тебе. (2, 64); ...да појдам кај царот и да му кажам за да направи еден ковчег што *9а* нема ни sирка ни проѕирка (2, 135); Врвејќи покрај една убаа планина, коа гледа – што *9а* види? (2, 279); Откоа видоа оти не можат да најдат чоек што *9а* му кажи што нишан имат цареа ќерка, измислија со лага да је го погодуаат нишано (3, 43); Имало еден чоек многу богат и многу тамавќар: сѐ што *9а* спечалеше пара, ќе ја направеше алтăн и ќе го клаеше во еден голем ќуп (3, 223); Оди (царо) од град на град, од село на село и прашај чини луѓе дали знаат некој чоек што *9а* знаит за да направи да роди дете жена штира. (2, 164); Чул кăсметот од дабот и искочил надвор, та ватил да го молит (сиромаио) и да му таксуат сѐ што *9а* сака да му дават... (3, 273); ...до најпосле премислив да го направам од филдиш, та макар сето азно да го поарчам, само и само да го направам сарајо што да го нема нигде (4, 69); Еден чоек си имал една врека блаосоена. За сѐ што да сакал да му влезит во неа, ќе речел: – Ај нека влезит ова во врекава! (4, 229); Честити царе, јас сум од фиљан царсто и сум чул оти ти си

барал еден еќим, што да знаи да ти даи билка да не умираш. (5, 85); Бидејќи бил прав чоек, Госпо, сполај му, беше му дал еден маривет, што да знаит која билка да му ја даи на болен и да оздрави. (5, 270); На секој чоек што *ѓа* му скроел некое алиште, се ќе му украдел по едно парче од тоа што *ѓа* му скројал. (6, 49) **г**. **што да** – *колку што, колку ќе;* ...сѐ се надевале (аскеро) оти ќе видат пилците што пилци сет и друго што да има во таа голема градина ќе видат. (4, 75); Од тие пари што ќе земиш за нас ќе се обогатиш, зашто ер што да купиш, парите назад ќе 'и земиш (4, 230). **д**. *со ѓоѓавање на* да *по честицата* **ќе** (**ќе да**); Оноа нели е со две нозе и со две крилја и со гребенчок на глава, оно ќе да испадне петел, кади евенди – рекол третиот. (5, 155); За прв пат кога ја виделе Мариовците желката да оди покрај едно село, беа се зачудиле: – Та, море бале та, *што ќе ѓа* биди овоа шарено животинче? (6, 221); **ќеше да 'и накажиш** – (буг. влијание) *место* ‚ќе ги накажеше'; (Преблаги Господи) се излошија луѓето и за да се покајат ќеше да 'и накажиш. (4, 122)

12. **а**. *за образување на иѓно (моѓално) време со конструкцијата* има + да + глагол *во сегашно време;* Вид. има 13 и 14. **б**. *за образување на негирано иѓно време:* нема + да + глагол; Еднаш нема да стапи нога моја, проклета чумо, ами уште три пати ќе стапи, вака да знаиш! (2, 257); Оо, момче, ти благодарам – му рекол Арапо – на честа што ми ја праиш, иља дури не се пазариме, нема да јадам. (3, 38); Н, повели, земи 'и триве илјади грошеи и така нека нема никој да те види за да речит: еве го судникот кај земат рушвет. (5, 367); Ај растоари, жено, и не вреви, оти доста ми е маката: еве душаа во носов ми дошла! И да знаиш, жено, оти од денеска нема да ти одам на дрва. (6, 70)

13. *при искажување на негиран заповеѓен начин со* н е м о ј; Немој ти *ѓа* ме кажиш оти ти знаиш јас сум ти веќе в срце и парчиња ќе те напраам прво тебе, да после јас ќе загинам (2, 265).

14. *во зависни и независни реченици.* **а**. *во состав на прилози:* како да – *божем, небаре;* Штркот је гледат (лисица-

та) и како да ја пожалал. (2, 9); Коа го видел брат му оти имат маски и измеќари, како да му завидел на брата си оти да имат и тој маски и измеќари, бидејќи му бил борчлија. (3, 260); докај да: Изваил царо едно мангарче (петаче) и го подарил (царцкио син). Излегуајќи откај царо, до кај да видел чоек, сѐ ќе му питал. (5, 53); колку да; Ете ти пари (господаре мој) да земиш од царот колку да сакаш! Прикажи се за еќим, да лекуаш секакви болести, сѐ со таа вод... (2, 246); И, колку да тргни со ножето (измеќарката) да се заколи, ѝ ја ватил раката момчето (3, 308); Еден вол, али една крава, да го однесиш на река да го напиеш вода, откоа ќе се изнапие, моли го колку да сакаш да се принапие, не је чаре поеќе да пие (5, 88). **б**. што да + *гл.* можи – *колку што може;* ...беше збучило (бумбарчето) што да можит и не можит и беше се уплашил прчко, та беше избегал од лисичоа куќа. (2, 16); ...коњчето вистало што да можи и не можи. (2, 263); Спискало дете, што да можи и не можи, се ватило за пола за мајка си. (5, 280); Та дало (магарето) едно рикање што да можи и не можи. (2, 50); Зинал што да можи ќелешо, и му влегло (змијата) в уста. (2, 265); ...го удрила таа со еден камшик по газ елено што да можи и трештил елено да бега, како полуден од болештината (3, 214); Кога се нашол сиромашкиот апс, ...ватил сам со себе да си зборуат и да го колнит ѓаолот, што да можит. (4, 228); Дал вик (Турчино) што да можи: – Мăлсни ми, Алла, да си ја најдам магаричката, ќе ти дада еден карпуз! (6, 131); Али пред мене ќе се сериш, бре ќерата, му свикал што да можит и рипнал да го тепа! (6, 203) **в**. *во прашални реченици (по прашални зборови):* **дали**: Се прашало момчето со Педа чоек дали да се јави пред царот. (2, 251); **заошто**: Слушај, бре овчарко, што нешто ќе ти кажам – му рекол волкот – ние со тебе сме комшии и бидејќи сме комшии, заошто да се караме со тебе ката ден? (2, 44); **оти**: Се колнам, кади ефенди, ако му речит, кога сум на правина оти да не се колнам. (5, 35) **г**. *по прашални споеви, на пример,* **со која уста**: Вид. **уста**.

II. *со истите значења што ги има и сврзникот* т а. **1**. *па, и, а;* Да ти е бел образ, *ѕа* од тоа се испече толку убав, а

татко! (6, 41); ...со затворена чаршија не се живеит, да со отворена како ќе н раздени од арамиите: сѐ ќе ни пленат, Господ да ни е на помош! (4, 145); Повели, дедо, една ракија да се напиеш оти си студен – му рекло детето – *ѓа* после да си вечераме. (4, 152); Ај сега да си вечераме, *ѓа* после ќе ти испоприкажам за многу работи (4, 78); Потрај, бре уму, потрај – му рекол кăсметот – уште некој ден, да да видиш оти царев зет ќе го сторам. (3, 221); Кажи му, синко, за сѐ како што ни ет алот и да го помолиш да ти даит троа пари за да се поарџам, *ѓа* ако бидам жив и здрав, ќе му платам и ќе му наплатам. (4, 123); Ти се молиме, свети Петре, ако нѐ милуаш, да му се молиш на Бога да ни го направи времето да е саде лето; *ѓа* за оти ќе работиме, не ни е мака. (4, 114)

2. д а + г л а г о л *при изразување намера, цел* (*место зависна намерна реченица со* да, за да); А, крши си глаата оттука (ќелешу), да не ти ја врзам една трешница, *ѓа* да не се видиш кај да ватиш! (2, 114); Еве и опинците ќе му 'и исфрлам, *ѓа* да си останам јас раат, а не као тебе да се печам за свето – му рече кăсмето од помалио брат. (3, 310); Дал вик стариот по него (по пророк Мојсеја) и го молел, *ѓа* да го почека малку да му речи нешто. (4, 51); Оваа година арно је да заповедам на облаците са пролет, и са лето да врни дож и што ќе посеат луѓето, сѐ да му се скапи, *ѓа* да ме познаат... (4, 117); Па што рече и да те пуштам у мене да спиеш, *ѓа* да ми ја наполниш куќата со вошки. (4, 155); Дедо, дедо, ние не сме амали, *ѓа* да те носиме на рамо за на манастир. (4, 209)

ДА *чест.* **I**. **1**. *за образување на формите на заповедниот начин кога тие се искажуваат описно.* **а**. *при изразување на блага заповед, порака, аманет и сл.;* Ем жими младос, мајко, еве ќе ти се заколнам, до утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам... (2, 240); Бидејќи многу лична, му коптисало (на ќелешо) да речи: – Цареа ќерка да роди едно машко дете од мене. (2, 266); Отсега вамо да се сториш (куме) еден голем еќим. Кај што ќе чуеш болен да одиш да го видиш, и ако ме видиш мене да стојам кај глаата, не наваќај се да го лекуаш (4, 87); Коа ќе

речиш некој збор ...назад *ѕа* не си го земаш, никому од патот не истај се, тоа се вели *ѕа* бидиш итăр како ѓаол, а пријателе... (4, 242). **б**. 1. *при изразување на потсилена, строга заповеѕ:* да+не+глагол; Јас ќе те куртулисам, брате јазовче, заошто сум стоумница; ти ич да не бериш гајле (2, 28); За оти си купил илјада алтани маска, света владико, и ти загинала те веруам, чунки со арам ти биле парите земени; а колку за јас да сум ти продал, тоа да не го веруаш. (4, 254) 2. *именката ја заменува цела одречна реченица* (од да не умреш – *оѕ умирање);* Честити царе – му рекле – целото царско азно да го даиш и сета војска да ја потрошиш и сите еќими од целио век да 'и викниш, пак нема да те куртулисаат од да не умриш коа ќе ти дојди дено да умриш (5, 28) 3. *при повторување на глаголот во реченицата;* Трчај, коњу, да трчаме, белки брата жива да стигниме и од отруачка да го куртулисаме! (3, 174); Викат, да викат (момчето), дури корнит – и чула Дуња Ѓузели, та пратила измеќарите да купат неколку ока (смокви). (3, 284)

2. *за потканување (со извикот* а ј, а ј д е и *неговата форма* а ј д е т е *со глаголска именка);* Вид. **ај**, **ајде**.

3. **а**. *(при обраќање кон 2. л. еѕн. и мн.) за изразување силна желба ѕа стане нешто, ѕа се исполни, ѕа се изврши и сл.;* Аман, пријателе, брат да ми си и на овој век и на тој век, ако не ми 'и земиш парите од под коренов (2, 234); Сите млади и зелени, да ти е мило да 'и гледаш! Гајдите свират, дури саѓите паѓаат од гредите. (2, 154); Браос, бре старче, да живеиш! Молам ако не ми кажиш името на вашио татко, да појдам да го видам и кај што ќе одам да го прикажуам. (5, 111) **б**. *(при обраќање кон 1 л. еѕн. и мн. за изразување блага желба);* Ај, ела со мене двата да ојме и што ќе спечалиме, сето ќе си го делиме. Ее, што велиш сега, идиш утре, дај Боже здравје, да одиме? (3, 297); Овој свет така е нареден од Господа Бога живаго, да има и сиромаси и богати; еден на други *ѕа* сме ивтијачлии. (4, 114)

4. *за искажување благослов;* Здравје да имаш, оче – му одговорил Патенталија и благословете (3, 90); Ха, да си ми

жива, љубезна моја, што ми кажа и биди раат, та ќе видиш оти ќе те куртулисам. (3, 89); Здравје да имаш, старче – тија му одгоориле ако сакаш биди ни другар, кај што одиш ти, и ние тамо одиме. (3, 201); Здравје да имаш, момче, му одговорило момчето што патуало – и вам добар пат нека ви биди! (4, 123); ...лели ми го стори ќеот (царе), да си ми жив и векоит! (6, 87); Господ гајрет да ми ти даит, бре чоече – му рекла кума лиса на чоекот, и ладнина на изгореното ти срце... (2, 31)

5. *при изразување сомнение, нерешителност, несигурност и сл. претпоставка; во зависни реченици.* **а**. *(при индиректно прашање) пред партикулата* **ли**: **да ли** (*дали*): Поминале неколку дни и му коптисало од срце за да појдит уште еднаш на чешма да наврит во шопурката да ли ќе стоит в шопурка, или не, пустата маска. (4, 228); *по* **али**: Арно ама коњо него не го познал, чунки ич глаа не завртуал откај него, али да ’рзни нешто као по стопан што ’ржат коњите. (5, 96) **б**. *(во одречно-прашални реченици пред негацијата* **не**: **да не би**; *дали;* Ја опули се во лицето на оваа невеста (царице), да не би таа је Sвезда? (5, 333); да не некако: ...и ден-денеска кај да се најдат пци, сè ќе се понадушат по носојте и под опашката, да не некако го најдат пустио арзоал и го даат на царот (2, 53); да не нешто: ...преесапи (лиса) да не нешто му текни на петлето и си летни, та да остани без него, си го зеде пред себе и си тргнаа за на аџилак да одат. (2, 19); Дај да те подушиме кај устата (бре старче), да видиме да не нешто мирисаш на книгата од арзоало (2, 52); Застана (Силјан) крај море да гледа кај што се скрши гемијата, да не нешто излезит од море дуовникот (2, 140); Е кога било така, брате, ај побрго да ојме, да не нешто не го најдиме (царцкио син) – му рекла (Дуња Ѓузели) и си патуале многу брго. (3, 93); Ами Беќирага, *да* не нешто јет пасвант, ноќе да ја варди чаршијата? – му рекле гостите. (6, 121); Трештил (Итроман Пејо) да бега *да* не нешто го ватат селаните и да го отепаат од ќотек. (6, 209); да не... нешто: Ај старче, овде го нема арзоало, кажи што го стори? Да не го изеде нешто, бре старче? (2, 52); ...каснале (луѓето)

од новиот леб и се напиле од новото вино, и кога виделе: горчит и лебот и виното. – Бре да не ет мојата уста нешто горчива – велел един на другиот. (4, 149)

6. *при заколнување;* Се разговарале еден Бугарин и еден Грк и дошло збор да се заколнит Гркот задека не го веруал Бугарино за нешто што го лажел и му се заколнал вака: – Бугарин да бидам, ако те лажам! (5, 61)

7. *за искажување закана:* **да + не** – *оти ако;* Жено, домаќинко моја, кај си кинисала со тој чоек? Ја тргај пред магаре да си ојме дома да не ти слезам, та за коса да те одвлечкам дома и после да ти удрам еден ќотек со стапов... (5, 93)

8. *за искажување чудење;* Дуу, да видел Господ што стори чоеков, сега ќе одам да кажам на конак! (4, 246); Коа чу тој збор сакатио, што му рече „крвта ќе ти ја локнам“, да коа даде еден вик што го грло течи: – *Да* је видел Госпо дали има суд, дали нема, во стреде градо арамија сака да ми плени жената и да ми граби магарето, а пак мене сакат крвта да ми ја локни! (5, 93)

9. *во клетви, при гнев, негодување, прекорување, лутина.* **а**. да+ *условен начин* (*со* би); Ов, да би Господ ти платил, бре чоече – му рекол со полоина душа на чоеко ’рслано, јачејќи и плачејќи од болештината на ќотекот што беше го јал. (2, 86); Ах, ќерко, ќерко, да би аир не видела, што ме устрами со ова момче твое! – си велел сам со себе царо и си заминал. (2, 292); Море, слези од магаре бре да би Госпо те ослепел – му вика чоеко (на питачот) – да би што си бил проклет, да те пожалам на сакатлѫко и да те качам на магаре, та да ти сторам добро и сега да ми го освоуаш магарето, а пак и жената ја праиш твоја... (5, 93); Прашај ме, бре арамијо – му рекол дуовнико – да видам шо ќе ме прашаш, да би вечна мака ја ќердосал! (5, 198); Да би срце го изело тој што ми ја изеде кокошката, да да немам едно јајце да си ручам и да вечерам! (5, 298); Море, да би ослепеле – му рекол како вцасан Итроман Пејо – ами како го остаивте на пато (ќесето пари), бре будали, лели ќе ви го види некој чоек и ќе ви го земи! (6, 216); Мажу, мажу, стани да би ослепел, оти азно ни донесоа

магарињата, стани да растоариме, да после цар прај се! (3, 320) **б**. да+ +(би)+не: Не туку смеј се, да би не се насмеала, да би! (6, 229) **в**. *со одделни извици пред себе:* ај: Ај ела да не дојш и да не бидиш, барем ковчегон со мојте алишта да го извајме! (5, 315)

10. *влегува во многубројни изрази* (Вид. *кај соодветните зборовни единици* – именки и глаголи): **бог да го прости**: Да имај го ти барем, да да велиш Бог *да* го прости јазоецо што ми го кажа овој ум. (2, 30); ...ела сега (пријателче) ти по мене да те научам, и вели после Бог да прости. (2, 41); **Господ да не даи** – *да не се случи тоа;* Дуовниче оче – му рекол арамијата – денеска ако сторам некој грев, Господ да не даи, туку велам, до кога ќе ме ватит греот за да ме порази? (5, 196); **да ти имам молитвата** – *да го имам твојот благослов;* Да знаиш, света владико, ...како глаата да си му ја пресекол на јарецот, асли како него си прилегаш, света владико, да ти имам молитвата. (6, 174); **тоа гајле да го немаш** – *(со значење: желба) да не мислиш на тоа;* ...ако се ватиш, јас ќе те пуштам ти ич тоа гајле да го немаш. (2, 29); **на душа да ме имате** – *постојано да мислите на мене, да ве гризе совеста;* Ем жими младос, мајко, еве ќе ти се заколнам, до утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам, и вие на душа да ме имате и на тој век џуап да ми давате! (2, 240) и др.

11. *во состав на сврзникот:* **е да** (= еда) *во почетокот на реченицата за потсилување на исказот;* ами; Е да јас немам некое лошо утро – му одгоори Спасе – што ќе ми го праиш добро. (4, 251); Море влегуј ти, бре братко, да не терај ме мене што не сум влегол никогаш во богата куќа, при с***е*** што ми е род чорбаџијава. – Е да, и јас така сум – му рекол вторио. (5, 76); Е да, не ти велел да се носите на рамо, бре татко, туку ти велел да чините лакрдии за полесно да ви дојдит. (5, 106); Е да, за сол пари и јас не даам, чунки си ја посакуам од бакало. (5, 326); Е да, вистина, Господ ќе ми дајт, бре брате, туку и вие да ми дајте. (6, 47)

12. *на крајот на прашална реченица;* Ами што да гри-

зам, зер камење – му рекол прчко (на стариот) – кога сум гладен, зер син ти ме пасеше, да? (2, 15); ...да ете, така комши, сум ти погодил што окадер олур (толкуа бидуа) невеста сум ти зел, невеста и пол, да! (5, 189)

II. *со истите значења што ги има* **та** *како честица.* **1**. **а**. *за истакнување на она што е очевидно, што се подразбира;* Море де, бре братко – му рекол другио – од јадење рогои не ќе изваиме, де! Здравје, здравје, *да* јадење не је ништо, лели чоек да се најади колку што му сака душа, сеедно а си јал леб и сол, а си јал леб и месо. (5, 77); Ами и жената ти ја видов, Спасе. – Слеп не си да ќе ја видиш, затоа Господ ти дал очи. (4, 251) **б**. *меѓу два исти збора за нивно истакнување;* На смеа, на шака дрварот си седнал дома и саде се истегал на колк, чекал од бога алвица да му паднит, беше спружил еден чибук, седит да седит, санким му работеле од Бучин водениците. (6, 71) **в**. *воопшто за истакнување на исказот (при прашање, извик, болка и сл.); пред* **затоа**: Бре, да затоа берите гајле – му рекло – јас да сум ви жив и мене ќе ме однесите на трите дни за џуап да му даам за тоа нешто. (3, 166); Бре, *да* затоа си забрал гајле, ами јас да сум ти жив – му рекол стариот... (5, 32); Бре, да затоа не си ме пуштал, а! – му рекла. (6, 22); *пред* **што**: Зер се скратија луѓето по земњава, да што мене (бре нунко) ќе ме умриш? (4, 88)

2. *за потсилување на прилози:* **бадијала**: И што чоек бил анџијата, спроти парите што ми зеде за ќофтињата, сосем да бадијала, девет ќофтиња за една пара дојдоа (6, 95); **после**: Уште кај овците да ојме, сестро змијо, и нив да ји прашаме, да после јади ме... (2, 92); Стани ти (синко) сега да појдиш во виројте и да наполниш еден котел вода и да ми го донесиш овде, да после ќе ти даам изим да се жениш. (2, 220); Треба сопрво да ја видев – арно беше, да после да ја земев. (2, 250); Море, десет тоари дај еднаш, да после да видам дали ќе ти го даам. (3, 259); Илјада алтани да му сакаш и тој ќе ти даит, да после ти саде сеир да гледаш што резилак ќе му донесам нему јас. (4, 253); сега: Да сега извај нѐ повторо на пазар и продај еден од нас, ама да не сакаш да ти ’и чинат алал па-

рите... (4, 231); Ето тој ми је алот, бре пријателе, да сега мисли ако можиш нешто, поможи ми. (4, 269); така: Ништо друго не беше му останало, отколку да молат Бога за тој да го накажи, а некој да го отепа, ја да умри, да така да куртулисаат од него, друго чаре немало. (5, 282)

3. *за потсилување на честици:* **дури**: За овој род луѓе – рекол св. Јоан – да му ет блаосоено пиење вино и ракија, од сега да дури до века. (4, 102); Од тој саат беше се арнисал тој лош адет да се губат старите луѓе, да дури до денеска кај се држит тој адет. (5, 33); Од касапница да дури до вурната сѐ беше текло крв по патот како река. (5, 230); **еве**: Ете така, синко, да ја остаиш пустата мрза и да одиш на дрва, како што одеше татко ти, да еве и си стасал за женење, да ми те оженам... (2, 265)

ДАА *гл. несвр.* Вид. **да(в)а(т)**.

даање *ср. гл. им.* од д а а (дава). Вид. **давање**.

ДААЧ -и *м.* **давач** – *тој што дава;* (спрот.: земач); ...попоите сет земачи, а не сет даачи, да од тоа коа ќе му велат „дај попе“ – не ти даат, а коа ќе велиш „нà“ – ќе ти дава рака, ама празна! (6, 171)

ДАБ *м. бот. дрвото* Quercus; ...дошле (Габергаговци) покрај еден даб и видел Габер-гаго еден орел под дабот – лежел на плеќи (6, 105); Арно, ами внуците мој нема нешто зло да патат? На тоа прашање силно се стресе дабо и сио лис попадна (5, 51); *форма за обраќање:* **дабу**; Добро утро, дабу... Што чиниш, како си, дабу? (му рекол чоеко) (5, 50)

~ Со п р и д а в к и т е: **голем**: Седел (брато) под еден голем даб под сенка(5, 50); **стар**: ...му дошло на умо (на васијата) за стоката што ќе ја јади да се праша на старио даб, да чује што ќе му речи (5, 50); **шуплив**: Вид. кај б р о ј о т.

~ Со б р о ј о т: **еден**: ...коа ќе стигниш до еден друг пат што се дели надесно, ќе видиш помеѓу двата пата еден даб голем, од памтивека, стар и внатре шуплив (3, 272).

ДАБОГДА *прил.* (сп. српхрв. дабогда) *да даде господ*

(шака ѓа биѓе); На здравје да ти е причесната – му рекол попо на Еѓуптинот – и на приет за душоспасение дабогда! (6, 171)

ДАВАНИНА *ж. она што се ѓава како ѓанок и сл.; ѓавачка;* Еден селанин отишол кај јазаџијата да праша колку му е даванината (6, 52); Ја види ми во тевтеро, ага, колку даванина имам за давање за да си платам? (6, 52); ...и до колку куќи и дуќани ќе преврлиш (бре чоече), од сите тие иратот и вергијата, и сета друга даванина, ти да ги земаш и да живеиш пашаиши (2, 122).

давање и **даање** *ср. гл. им.* од д а в а; (спрот.: *земање*); Не само добрина по очите лекуање, ами по давање милостини по сиромасите праеше (сиромаио), од мерата надвор (4, 179); Нито тој што има за да зема аир ќе види од парите што ќе ѝ земи со суд, нито па аир ќе види тој што има за давање (5, 38); *со антонимот* **за земање**: ...каков татко ет овој што алал чини кај што има за давање, а кај што има за земање до скршена пара ’а сакал (5, 59); Што имам за земање, го сакам; а што имам за давање, алал го чинам [наслов на приказна бр. 273 (5, 58)]; Сопрво јас сакам да ви кажам оти имам за земање и за давање од луѓето (5, 58); ...кај што имам за земање, до пара да си ја сакате (синковци), ...на тие луѓе што му имам за давање, немој пара да му даите (5, 58).

~ Во и з р а з и т е: **земање и давање** – 1. *работа (обично меѓу ѓвајца).* 2. *нерасчистени сметки (меѓу ѓвајца);* За ошто ме бараш, бре пријателе – му рекол (чоекот) – што имаш нешто земање и даање ти со мене, да да ме бараш? (5, 182); **има за давање** – *ѓолжен е;* Ништо не сторил, невесто, чоекот – му рекол анџијата – туку имал за давање дваесет грошеј на царот за вергија да дават (5, 249); Дали на царо голема вергија му имате за давање (мори сестри), дали што? (5, 280); Ја види ми во тевтеро, ага, колку даванина имам за давање за да си платам? (6, 52); Еден сиромав чоек му имал за давање пари на еден богат чоек (6, 195); Ако му имам за давање (на чорбаџијата) и инќар му ’и чинам, да дајт Господ зим-

биљон мајсторски ...да ми влезит в куќа (5, 35); **нема за давање** – *не е ѕолжен;* Е, бре чорбаџи, нели велиш оти си му немал за давање на тој чорбаџија, тебе ти паѓат една клетва; се колниш али ќе му платиш на чорбаџијата? (5, 35)

ДАВАСИ (тур.) *ѕел оѕ фразата* **битти даваси** – *готово, свршено;* Друго чаре не бидуало – ја неќел (саравот аџиицата) и битти даваси! (3, 275); Сите најдоа место и се изглавија, само најмалио (син) не можел да најди место да се глави; бре вамо удри, бре тамо, не можи да најди, битти даваси (2, 252); Олди битти, си останав со рогои и битти даваси, така зер ми е наречено од треќата вечер, да умрам од глад во оваа пустелија, со два рога на глаата (3, 158); Што не е праеле, што не је велеле да ја разборуаат (девојката), арно ама не зборуала, не зборуала – битти даваси (2, 190).

ДА(В)А(Т) *гл. несвр.* од д а (д) и (т); **дава**. **I**. **1**. *врачува; преѕава нешто;* (Старио) изваи пари да му плаќа, арно ама момчето пари неќело, ама еден коњ сакало. – Земи си, момче, коњ кого ќе бендисаш – му рекол старио – со сѐ срце ти го давам (2, 253); Море, давај ми ја теслата вамо, бре чоече, што ми ја најде во нивава! Стој, кај бегаш така? (3, 255); ...та (жената) беше ’и ватила (децата) да ’и тепат и да ’и мачит на најтешки работи; на два дни, еднаш малце лебец му давала (2, 178); *во пасивна употреба со* **се**; Ете од тој саат на буот му се давале по две врапчиња ката ден (2, 83); Ќе му се дават сто јајца на баждарџијата и друго чаре нема (5, 149); Една недела сите сиромаси ’и изгостила царицата и ’и испратила дома да си одат, а мажа је го задржала една година, асли и тој тоа бараше, чунки дома умираше за леб, а тамо таин царски му се дааше (3, 211); ...арзоали на арзоали му се давале на патрико за да го нема тој владика (4, 282); *гл. прил.* **давајќи**: Сум напраил, ангеле, за две пари добро – му рекол (чоекот). – На две деца што се тепаа за едно куче и ји отмав да не се убијат, давајќи му на едното дете две пари и му го дадов на другото кучето (4, 189); *со антонимот:* **зема**: ...попо ет блаосоен од владиката, сѐ да зема, а не да дават (6, 165).

2. **а**. *понуѓува некому мома (ќерка) за мажење;* ...ватил (царот) да ја пригодуат ќерка си да му ја дават за невеста (на капидано) (2, 112); Друг еден цар ја давал ќерка си на когогоде царцки али кнажески син (5, 54); *во пасивна употреба со* **се**; Двајсет или поеќе години да биди живо (детето), дури да доит за женење и да му се дава мома од сите градеи и кралеј, а од нигде да не биди, да биди од преку Дунав (3, 176). **б**. *се согласува ѓа ја мажи;* Немало момче, што да ја неќе (ќерката на старио), од што била убаа. Арно ама стариот (татко е) ја давал на тоа момче што ќе можел да го надлажит (5, 65); Мори бабо, јас ќе ја надбодињам (цареа ќерка) и ќе ја земам, туку дали ќе ми ја дексаш да ја донесам у тебе, оти ако не ми ја даваат, јас ќе ја грабам и ноќе овде ќе ти дојдам сосе неа (3, 56). **в**. *мажи;* ...се приготвила свадба за Босилка, чунки одамна била свршена. (При сѐ што неќеле да ја даваат без Силјана, арно ама откај зето не чекале) (2, 153–154).

3. *нуѓи вино и сл.;* ...а пак ние луѓето откоа ќе се изнапиеме, на ручек, али на вечерата, штом нѐ помолат, па ќе се принапиеме и са ноќ да ни даваат вино, и па ќе си пиеме (5, 88).

4. *подарува;* Бре аман – му рече крало (на светијата) – на овега ич се дава милостина? (4, 58); Не е дават Господ незе челад за доброто незино, чунки ако роди таа дете, ќе бидит ја без очи, ја без раце (4, 92); Треба да знаиш оти кој подаруа сиромав, тоа што го дава го дава на Бога (4, 7); Е, ама де, го отепа греот болниот, што умре, нема како да ви се жалам, ама ај здравје нека ни даат Господ! (6, 185); Како се колните – му рекол чорбаџијата (на двајцата питачи) – така и сте, ај кршете глаа, ојте си од кај што сте дошле, чунки знаит Господ што праит и кому што дава (6, 59).

5. *пракa;* Ти се молиме, дедо, стори еден завмет, пројди при Бога и моли му се да ни го блаосои, бериќето, да за напре нема да му сакаме да ни дава време кому као ќе му текни, ами тој као што знаи, таквоо време нека ни дават (4, 142); *во пасивна употреба со* **се**; Ех, убав е донекаде (бериќето) – му рекле селаните (на свети Илија) – ама ние као што знаиме да

го работиме, ако ни врни навреме, сто илјади пати би бил бериќето поарен. Арно ама, коа треба дож, ни се дава суша, коа сонце ни треба, студ ни се дава (4, 138); Знаиш ти, Боже, заошто ти се молам ...кој коа сака сонце, ветер да му се дава. И со нивното знаење, ќе му бил многу поголем бериќето (4, 139).

6. *разѕава;* ...да има од сите убаиње (на вашата трпеза), да ви се преполнуат и претурат, за да имате да давате по сиромаси, и како мене старци да јадат и да пијат (4, 153); Од уста в уста, на царо в уши – и царо беше разбрал оти фиљан анџија од фиљан село давал на патниците да јадат и да пијат бадијала (2, 293).

7. *плаќа;* Коа се видел во толкао богасто вурнаџијата, напраил во градо еден ан и кој да кондиса во тој ан, да не дава ни една пара (3, 233); ...многу си ја честила (крштеницата нунката): со јадење, со пиење, као на свадба ја држала и најмногу ѓунделăк му давала, спроти на друзите (4, 144); Откога не беа му останале пари веќе да дава (чорбаџијата на баждарџиите), ватил да се кара и да се отима од тие што го вакале да му земаат баждар (5, 145); Како не ќе нѐ бери? Ќе нѐ бери, ќе нѐ бери, оди ти земи си уште еден маж и не давај пари (6, 12).

8. *поѕава (рака);* ...попоите сет земачи, а не сет даачи, да од тоа коа ќе му велат „дај попе“ – не ти даат, а коа ќе велиш „нà“ – ќе ти дава рака, ама празна! (6, 171)

9. *ѕозволува, ѕопушта;* Знаите, пријатели, како даа судо да ви ’и делам париве од ќупов? (5, 73); ...ако је посакал (мажо на жената си) да се промени, таа не му давала; ако је речел да не се променуа, ќе му даела да се промени (4, 274); Ај сега влегујте внатре, јадете, пијте од сешто има внатре; од ништо не ви забрануам ...Јас ви даам слобода, што ќе ви текнит – тоа да праите (4, 219); Сите што чуле тоа нешто беа се учудиле како да даало законот кауѓер да се женит! (4, 259)

10. *раѓа, произведува;* Секој чоек што ќе ’и видел тие три дрвја, сѐ ќе речел нешто лошо за нив, чунки не давале плод и сенка, а никој не знаел оти сет никнати од семките од

Адамоата глаа (4, 24); Покрај сиромасите што се радуале, поеќе и богатите се радуале, чунки нивјето, ливаѓето, лозјата голем бериќет му давале (4, 110).

11. *продава;* Коа видел продаачо оти раката му го уценила коњо за еден минц, склоцал и неќел да го дава, да најпосле ошле на кадија да се судат (4, 94); (Сечи-фрлај) му рекол на татка си да ја изнеси кравата на пазар да ја продаит; ама огламнико да не го даат (4, 249).

12. *троши, растура;* И тоа што го печалам, на меана, али на комар не го давам, сѐ за куќи кај го носам, ами коа толку ми е дарот од Бога? – Роди, бабо, дете! Ти така ми велиш! (4, 82)

13. *приреди, организира;* Дошле да преминат преку една река и еве му еден чоек што го викале Шмркни Море. Го зел и него со себе и отишле у царев син на гости. ’И пречекал царев син со голем ќев и заповедал да му даат вечера (3, 113).

14. *набавува;* Беше го теклифил еднаш царот да го стори таинџија (момчето) за да му дават сѐ што треба за војската, и тоа беше приимало, та се сторило таинџија (2, 239).

15. *пренесува нешто свое на друг (како замена); дарува;* Јас ќе ти го даам окото, пријателе – му рекол (дрваро на едноокио) – ама извај го твоето и јас моето и ако дојдат токму на терезија земи си го (5, 187); Првата година (браќата) спечалиле по една куќа. Втората се главија за по една нива да му даат кај што ќе работаат (2, 252).

16. *отстапува (коњ, пиле, дете, жена) на некого;* Откоа го ислуша царо чоекот, оти прао кажа, заповеда да му даат еден најарен коњ и една најарна руба и да го испратат (3, 63); Вистина, никоја мајка не си дава челадта, ама као кај мене секоја го дава, чунки еве ќе ви даам сто алтăни да си одите в град и да си купите куќа, та да живеите и вие раат и детето уште пораат у мене да живеит (3, 192); Јас ти го сакам пилено што јет во кавезон, друго ништо: ако го дааш, арно; ако не, кажуј! (2, 124); ...кумењијата... му ја сакал жената..., арно ама тој не му ја давал, чунки му била венчана (3, 59).

17. *праќа, упатува некого да учи и сл.;* Остај, не пра-

шај ме, оти сум налепил со ова ѓаолцко дете: кај го давам да седи на мајстор, еден ден ќе седит и пакос ќе сторит, пак дојди си дома, кај мене (4, 247).

18. *(за ѓодини) си куси;* Пак отиде кај Бога ангело: – Не можам да даам, како ќе си даам дните – вели татко му – Господи! ...Не дават и мајка му, Господи! "Не даам од моите дни, ко можам, вели, да му даам"! (4, 127)

19. *со ѓолем број именки (словенски и туѓи) образува полуизрази за да означи дејство во врска со нив;* на пример: **блаосов дава** – *благословува;* **гајрет да му дава** – *да го куражи, да го охрабрува; и др.;* Вид. кај изразите.

II. **се дава** *(со негација)* **не се дава** – *не отстапува (пред некого);* ...при сè што сум деведесет години, па не се даам за најмладите момчаци (5, 111).

~ Во и з р а з и т е: **алтăнот наместо грош го давало** – *не водел сметка колку троши; имал многу пари;* Шетајќи овчарчето низ град, бидејќи имаше многу пари, сè ќе купело, алтăнот наместо грош го давало (3, 220); **даа за душа** – *раздава;* Со туѓа пченица сакате да даате за душа, леб немате вие за вечер, гостин си прибрал да ви лежи дома и да ве наполни вошки (4, 156); **даат проштење** – *опростува;* ...та (глувците и ставорците) сторија еден мезлич дали да излезат од дупките надвор да си појадат малку пченица и да му даат на аџијата проштење, али да си седат (2, 13–14); **дава блаосов** – *благословува;* Секоја година, тоа така се праело: еден оздравуал и блаосов давал, а со стотници не здравеале и колнале дрвјата што биле во калта и водата (4, 25); **дава гајрет** – *куражи, охрабрува;* Сите почнале гајрет да му даваат (на лажливио богат) и да го утешуаат оти нема да умрит (5, 120); Море не је сеедно, а братучед, туку као ќе ми даваш гајрет! (5, 77); Коа чул тие зборои син му од богатио од штркот, веднаш му дошол насиетот от татка си на ум, и го пожалал, та го ватил штркот и почнал да му дава гајрет и да му вели вака: – Не бој се, бре штрку, јас ќе ти поможам и ќе те оздравам (3, 121); Се натрчале селани, братенце мило, да ја видат бабата. Кој вода викат да се донеси, кој ја ваќа и гајрет је дава, а најпоеќе ѓа-

оло го колнеа (4, 279); Многу ти благодарам, пријателе волку, на гајрето што ми го даваш и честа што ми ја праиш – му рекло момчето (2, 196); **дава глава** – *се жрт̄вува;* Ама и песо инаетчија, а пак зајако уште поинаетчија; глава дава, ама од инато не се остаа (2, 69); **дава заповед** (**заповес**) – *зат̄овеѳува;* Бидејќим лисицата поитра, неа беше ја нарекле како садријазам на сета војска, за таа да дава заповед на војските која кај да стои (2, 208–209); Тие си седеле со момчето во колибата и оттука давале заповес по својте за некакви работи што си имале sвероите (2, 204); **дава истивата** – *се жали;* (На рибаро) му дошло на ум оти кăсметот (на чорбаџијата) не му работит, та пошол кај царицата, да си давал истивата, чунки во еден месец, откоа сет со него (ортаци), толку и толку штета беше видел од езерото (3, 211); **дава на заем** – *т̄озајмува;* ...ако во постите постиш и поарно је (жено) да даваш на заем на комшивките ти и пријателките ти (5, 46); Затоа си останала сиромашка, ти мори сирота, оти и делниците си ’и праела празници; и на заем кај си давала, не си посакала (5, 46); **дава пари** – 1. *т̄роши;* Давал пари по лекои сиромашкиот, давал до што имал, сето го издал и пак лек не беше нашол (болнио) (4, 123). 2. *т̄лаќа;* Е, е, за гуските што ми рече да ми ’и прати за да ’и оскубам, тоа јет вие што ќе ми давате париве (5, 65); **дава рушвет** – *т̄оѳмит̄ува;* Коа чуја граѓаните оти тој сиромав го предал (чорбаџијата), голем страв зедоа од него и секој страха ради му даваше рушвет од колку не сакаше, само и само да не го предајт (4, 272); **дава сенка** – *сени, сенчи;* Их, колнато дрво, што си било, ни на дрвото кога беше гранка сенка даваше, ни пак в огнот гориш! (4, 24); **дава спасение** – *с̄асува;* За таквие кауѓери Господ не дава спасение, чунки вера без добри дела е мртва! (4, 210); **дава ум** – *совет̄ува;* Кума лисо, давај ми ум оти се ватив во проклетата стапица! (2, 29); Ами сега, бре јазовче, како да се куртулисам, давај ми ум оти загинуам? (2, 29); Се прочуло тоа нешто по целио свет и денденеска кај се прикажуа и на зависливи жени и мажи ум му дава (2, 163); **да(в)а џу(в)ап** – *оѳг̄овара;* Ако ми е Марија чолак, нека ми е жива! Немој некој ништо да е речите, оти џу-

вап не ми даате! (5, 319); Пред секого ви кладов по една чаша позлаќена и ...Гледајте арно да не загине некоја, оти после џуап ќе ми давате (2, 271); Видене виде, му кажал егуменот (на кауѓерот) за трите зборои царот што му рекол и џуап да му дават (5, 100); **давало одвет** – *се претставувало;* Како некое сонце беше сјаело (момчето) одошто било убао, та кога го разиграло коњот, на четири страни одвет давало (2, 168); **збор не му даат** – *не му одговара;* Што бараш нешто? Ја кажи ми мене, белким јас го знам (домаќине)? Тој збор не му даат (на жената си), саде туку барат, и никако не му текнуаше да побарат во рогузината (5, 312); **здравје да ми даа** (**Бог**) – *да сум здрав;* Ќе молам Бога прво здравје да ми даа и после што му је мило, нека ми даа: сиромаштија, али богасто (5, 78); **здравје нека ни даат Господ**! – *израз за добра молба;* Го отепа греот болниот, што умре, нема да ви се жалам, ама ај здравје нека ни даат Господ! (6, 185); **изим** (**не**) **даа** – *(не) дозволува;* Ако не те бендисуат, мори мечко, мори посестримо (наредбата), изим ти даам ти да ја прередиш (војската) поарно ако можиш (2, 48); ...еве овде бунаров има азно небројано, ама изим не ти даам да влезиш во бунаров, чунки јет една проклета жена, да да не те удаи (2, 213); (Синоите) му велеле (на царот и царицата) да му даат изим да излезат по цареа земја да прошетаат ...да после да се женат. Видоаневидоа царот и царицата оти дури не му даат изим да прошетаа по цареа земја, неќат да се женат ...та му дале изим (3, 96); Стани ти (синко) сега да појдиш во виројте и да наполниш еден котел вода и да ми го донесиш овде, да после ќе ти даам изим да се жениш (2, 220); **клетва ти давам** – *ќе заколнувам, ќе преколнувам;* Клетва ти давам, ми рече, ќерко, ако прогооориш дури не те преколнат: „Жити мајка ти што е в море!“ (2, 188); **клетвата не му ја давал** – *бил многу скржав;* Во тој град кога да праел некој некому нешто инќар и, ако појда(т) кај кадијата да се судат и ако се пресуди од кадијата за да му се даит клетва на тој што чинел инќар, клетвата не му ја давал, ни да клајт рака на китапо (5, 34); **клетви да му даваш** – *да го колнеш;* Ами за него (бабо) клетви, клетви беломорцки да му да-

ваш, да да го ватат и да страда од грло, да да не му текни уште еднаш да јади туѓа кокошка (5, 297); **коа дава Госпо** – *кого сака;* Ќе се вратам, ами оти да не се вратам, коа дава Госпо, и во штркооо седело Госпо дава, мајко (3, 313); **мака му даа** – *го мачи, го малтретира;* Сироти деца многу време трпија и неќеа да му кажат на татка си за маката што му даваше мајка му (2, 178); **му беше мака да му дава** – *не сакаше да му дава;* ...ѓаолот му излегол на друго лице и му посакал вода пак да се напиет. Му дал Лот, при сѐ што му беше мака да му дава; арно ама така беше му нарачал дуовникот: кој да му посакат вода, да му дава (4, 27); **мувлет му да(в)а** – *му остава време;* Мувлет ти давам, егумене, да се мислиш до четириесет дни; тогај ќе дојдам и ако ми даиш џуап, не само манастирот не ќе го расипам, ами и голем бакшиш ќе ти даам (5, 100); Три дни мувлет ќе ви даам за да се думате и ако не ми кажите до три дни, глаите ќе ви ’и сечам (3, 166); ...ако не ми ’и докажите тие зборои што ’и зборуавме со старио што ораше, глаите ќе ви ’и сечам и друго ништо. Мувлет ќе ви даам да се мислите три дни и три ноќи! (5, 64); **насиети дава** – *советува;* Ете, тоа ми се, синковци, насиетите мој што ви ’и давам, разбравте сега што ви реков? (5, 59); **не ми даваше честа** – *не можев да си дозволам;* При сѐ што не ми даваше честа да ти ја даам ќерка ми за невеста – му рекол царот на кназот – арно ама ти ме послуша и се научи занаат за да можиш ќерка ми да ја раниш (5, 37); **не му даа рака** – *не сака, не се решава, не се согласува;* Да бидат аргати, не му даало рака, чунки многу ’и мрзело (6, 154); Никако не му дааше рака на дуовникот за да го носит Силјана со себе на Божигроб (2, 140); Од гласот незин ја познаил оти била девојка, и многу ја замилуал, чунки на срце му останале збороите незини, арно ама никако не му даало рака да ја речи, чунки се страмеше (5, 211); **ни баре уо даала** – *не слушала;* Пак еќимо му ’и повторил напрежните зборои, арно ама бабата ни баре уо даала на негоите зборои (6, 224); **одгоор дава** – *одговара;* Му зборуал (царо на момчето), го прашал за едно, за друго, да видит што одгоор ќе му даит, одгоорот што му го давал, го сетил оти се избудалило,

та беше го клале во една одаја, како под затвор да постои (2, 242); **позволение ти давам** – *ти дозволувам;* Биди восползуван од мене, позволение ти давам, ајде среќно нека ти биди! (4, 38); **таа зема**, **таа дава** – *таа прави што сака;* Ти заошто си се женил, бре чоече, коа не си бил маж! Во куќава твоја маж је мајка ти, таа зема, таа дава, ти само си седиш и сеир си гледаш (2, 221); **уо не давала на нешто** – *не обрнувала (обрна) внимание;* Жената била тврда во Бога и чесна на мажа је, тиќи никако уо не давала на лошите мисли што ѝ иделе (4, 262); **чес голема ми се дава** – *многу сум уважуван, почитуван;* Ејди татко, Бог да ми те прости, еве првата заповед што ми велеше да не се конуштисуам со секакви чапкани, еве се конуштисав и никако лошо не видов, ами чес голема кај ми се дава од младичи ти што 'и наречуаше чапкани. (5, 55); **чест ти даваме** – *ти одаваме признание;* Заповед имате (мои ангели) од мене Зерзевул, ваш главатар, и ве преколнуам во името мое и во коруната од двата рога што ми се на глаава, сега да направите една кула висока до небото за да се качам и да го убијам Господа, за да нема кому да му пеат ангелите. Поклонети сме на твоето име и чест ти дааме на твојте рогои (4, 220); **што не му дааше** – *сè му даваше;* ...појде вториот ќаја за да му го земит браот (на овчарот). Му таксуа пари, му таксуа овци, бре што не му дааше; арно, ама не беше кабиљ за да му го дајт (5, 221); не му даало рака да је речи, чунки се страмеше (5, 211).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Коа дава Госпо, не праша, а коа зема, па не прашат (3, 243); Коа дава Госпо, и во штркоо седело дава! (3, 312); ...коа сака Госпо да даи, и од баџа дава (3,315); ...кој сака од Бога, Бог му дава (3, 237); Кој си дава, себе дава (5, 315).

~ Со п р и л о з и т е: **дојунџе**: Пари давал царо дојунџе, само да му се гледа коњо (2, 258); **малце**: Бре, да зер толку малце ќе ми дааш ти мене? – му рече налутена лиса (2, 64); **наполу**: Од наполу појќе му давам нему (4, 128); **појќе**: Вид. наполу; **понекоаш**: (Комшиите) му давале понекоаш (на момчето) по нешто работа по дома: коа дрва да нареди, дрва да

пресечи, вода да им залеи и друга работа (2, 236); **сѐ**: Го теклифил еднаш царот (момчето) да го стори таинџија за да му дават сѐ што треба за војската (2, 239); **сега**: Е, оче егумене, давај сега џуап за трите зборои (5, 100); **сосила**: Земи му ја стоката од старио што те молив да му даиш, оти не знаи како да ја држи и мене сосила ми даваше јадење да ми расипи молитвата (4, 53); **толку**: Му се молам на Бога: здравје да ни даит и живот, да богатство, колку што му је мило, толку нека ни дават (4, 154).

~ Во примерите: (2, 14; 2, 29; 2, 37; 2, 41; 2, 45; 2, 48; 2, 64; 2, 69; 2, 83; 2, 93; 2, 112; 2, 124; 2, 140; 2, 153; 2, 163; 2, 168; 2, 178; 2, 184; 2, 189; 2, 196; 2, 204; 2, 208; 2, 209; 2, 213; 2, 219; 2, 220; 2, 221; 2, 239; 2, 236; 2, 240; 2, 242; 2, 252; 2, 253; 2, 258; 2, 271; 2, 273; 2, 280; 2, 283; 2, 289; 2, 293); (3, 33; 3, 56; 3, 59; 3, 63; 3, 78; 3, 96; 3, 113; 3, 121; 3, 166; 3, 176; 3, 192; 3, 211; 3, 220; 3, 233; 3, 234; 3, 235; 3, 237; 3, 243; 3, 255; 3, 312; 3, 313; 3, 314; 3, 315); (4, 7; 4, 24; 4, 25; 4, 27; 4, 38; 4, 53; 4, 58; 4, 82; 4, 92; 4, 94; 4, 110; 4, 123; 4, 127; 4, 128; 4, 138; 4, 139; 4, 142; 4, 144; 4, 148; 4, 153; 4, 154; 4, 156; 4, 177; 4, 189; 4, 203; 4, 210; 4, 219; 4, 220; 4, 247; 4, 249; 4, 255; 4, 256; 4, 259; 4, 272; 4, 274; 4, 279; 4, 282); (5, 34; 5, 37; 5, 46; 5, 54; 5, 55; 5, 59; 5, 64; 5, 65; 5, 73; 5, 77; 5, 78; 5, 84; 5, 88; 5, 97; 5, 100; 5, 101; 5, 111; 5, 112; 5, 120; 5, 121; 5, 145; 5, 146; 5, 149; 5, 150; 5, 151; 5, 184; 5, 187; 5, 200; 5, 211; 5, 221; 5, 284; 5, 297; 5, 312; 5, 315; 5, 317; 5, 319); (6, 7; 6, 12; 6, 27; 6, 59; 6, 93; 6, 154; 6, 165; 6, 171; 6, 185; 6, 192; 6, 224) и др.

ДАВИА -ии *ж.* Вид. **давија**.

ДАВИД *м. лично име, од еврејско потекло;* овде: *име на личност од Библијата* – цар Давид, пророк Давид; Јас не сакам да се пиши тој стих, чунки ми се гледат да ет прекален од цар Давид (4, 202); И нашле за благослоено свети оци да го пишат еден стих од пророк Давида (4, 202).

ДАВИДОВ *прид. присв. што му припаѓа на* Д а в и д; Честити царе, пред три години св. оци сакаа да го пишат во каноно што го врзуавме десеттио стих од 34. пс. Давидов, што вели: „Богатите осиромашуаат и огладнуаат и др.“, арно

ама јас ич тоа го веруав, јас да осиромашеам и да огладнеам, та не остаив да се пиши, и праведнио Бог ме накажа (4, 204).

ДАВИЈА и **ДАВИА** -ии *ж.* (тур.) *тужба;* На таја давија од трговците, царот не знаел каков џуап да му даит (3, 166); Ами ако беше кај вас оваа давија, бре чоече – му рекол кадијата – како ќе ја пресудеше вашио кадија? (5, 72); Вид. кај изразите.

~ Во и з р а з и т е: **ја пресечи давијата као со секира** – 1. *ѕонесе строга пресуѕа.* 2. *веѕнаш пресуѕи;* И коа се судеа (двајца луѓе), му рече коачо на кадијата: "Аман, кади баби, ти се молам прао суди и као со секира да ни ја пресечиш давијава." (5, 72); Е, е, арно да ја пресечам давијата као со секира, бре чоече, ами што помина една крава и ја испостра рачката, да нема сега од кај да 'а ватам (5, 72); **ја пресуди давијата** – *ѕонесе решение;* Утрото кадијата ја пресуди давијата откај чоеко и му го дал магарето и жената да си оди по работата, а сакатио го накажал според шераатата (5, 95); **праи давија** – *ѕаѕе, поѕнесе тужба;* Да да фатам некое (дете) и да му скинам ушите за да ми излези автот, чунки праам давија на конак на нив (4, 198); **стори давија на судот** – *ѕаѕе, поѕнесе тужба;* Рипнала жената му од чоекот и сторила давија на судот, да си го бара мажа си (3, 199); ...чорбаџијата, откоа беше испитал здраво оти свети Тома ништо не праел, ами само го лажел, сторил давија и го клал апс и на голема мака (4, 158); ...од тепањето излегло раскрвување глаа на некој од другарите, и отишле на конак, та сториле давија и го осудиле сиромајот за да лежит апсаана (4, 236); ...ако ти стојам, море ти ме праиш да се загнам еден час и да појдам кај царот за да сторам давија (5, 27); ...та отрчал (чоекот) на конак и стори давија оти тројца арамии му влегле во свињарницата (6, 164); во други примери: 3, 166; 6, 33; 6, 162; и др.; **стори давија на некого** – *обвини некого; поѕнесе тужба против некого;* ...тргоецо беше сторил давија на него за да 'и кажи кој се батакчиите, арно ама Стамбол лесно, лесно не може да се изнајди (6, 154); Пред десетте дни беше накренал кадијата печес мина селани од ближните села од кај што беше снегот, за да сто-

рат давија на момчето, оти не си го кренало снегот (5, 369); (Сиромаио) прао отишол на конак да стори давија на кадијата оти да му сака сто јајца баждарџијата (5, 148); **чини дави(ј)а** – *даде, поднесе тужба;* А пак лоши деца често му ’и чукале и му ’и краделе (јаболката на мажо); голема мака имал ...чинел давија, арно ама уќумато му велел: – Деца се, а јиол, како ќе му праиме? (4, 197); Море (чорбаџи), али даваш сто јајца баждар, али се враќаш назад, да кај сакаш тамо иди и чини давиа! (5, 148); Ти, чорбаџи, треба да застаниш од левата страна – му рекол (кадијата) на тепачот – а другиот чорбаџија што чинит давија да застанит оддесно, чунки таков ет усулот (5, 365).

~ Со п р и д а в к а т а: **друга**: А пак една друга давија што се пресуди у нас и како ја пресуди кадијата, ми је страм да ти кажам (5, 72).

~ Со д р у г и г л а г о л и: **види**: ...дал (царо) заповед секој човек што имал некоја мака, ...да ја тргни ортомата и да тропни ѕвонецот, та да чуе царо и да го прибери, да да му види давијата (3, 78); ...виде сиромајио оти нити кадиите по градоите му виделе давијата, нити садријазамо си дошол на ан (5, 142); ...појди до дома (чорбаџи), та донеси уште петстотини алăтни и после иљам да даам и да ви се види оваа давија (5, 91); Бре анасăнă, што беше ова неправина од кадии, војводи и садријазами, да не го пожалаат еден сиромав да му видат давијата (5, 150); **гледа**: Ејди анасăнă, – си рекол сам со себе сиромаио – овде ...арам сорам немало. Нито кадијата ти гледа давија, нито војводата (5, 149); **нема**: Вие немате давија, ама јас имам. Чунки испат немате, дајте си парите, ја влезете апсаана – му рекол кадијата (на граѓаните) (5, 201); **пресуди**: После (царо) го видел коњчето од дограмаџијата; никаква чес не беше му дал, чунки не видел никаков маривет во него и давијата ја пресудил откај кумењијата (3, 60); **сврши се**: Оти, мори кучка, му изеде квасот (на стопанката)? – му рече кадијата. – Заошто бев гладна – рекла кучката, и се свршила давијата (2, 88).

~ Со п р и л о г о т: **многу**: Од многуте давии што беше

праиле селаните и никому судо не беше му ја видел, беше си го кренале умот да ода(т) на суд да го судат (коџабашијата) (5, 282).

ДАВИ(Т) *гл. несвр.* **дави** – **I**. **1**. *фаќа за гуша и не му ѕава ѕа ѕише;* Во истото време, кога го вадеше Патенталија живото влакно (од околу гуша на царев син), се разбудил царцкио син и се уплашил од Патенталија да го давит нешто (3, 95); Ако беше верен (мој), ќерата еден, не ќе предаеше луѓе на правина и не ќе 'и давеше на патот, за страм да ми донесиш мене, знајш, али не знајш? (4, 273); Коа чул царев син тој збор од Патенталија, го запнал да му кажи кој ќе је тој што сакал да го дави (3, 95); Пријателко змијо, бегај да бегаме оти проклетата жена излегла од бунар и те разбрала оти си овде, та ете 'а кај иди да те дави, тебе и мене, чунки јас сум те изваил од бунарот (је рекол мажот) (2, 214).

2. *со заѕушување, стегање за гуша убива;* Немојте да ве мачи ѓаоло да идите да давите овци, оти уште еден заб имам и него од вас дури не го скршам, нема да ве пуштам да давите овци! (му рекол старио пес на волците) (3, 70); Влегло Волчко во царевките; како некое волче штенче што влегуа во овци и 'и дави, така и Волчко кинеше кочани и во лозјата грозје (5, 354); Една мечка мршојатка беше се настрвила на едно бачило, та му чинела пакос и му давила многу овци (6, 72); Е, пријателе, го купи занаато мој како да давиш коњи? – му рекол волко (на чакало) (2, 42); Со голема радос ја прегрнал чоекот лисицата ...за животот што му го избаила од страшниот смок што беше му се завиткал околу гуша за да го давит и да го јадит (2, 37); *во пасивна употреба со* **с е**; Ха, ете така треба да ми се речи, да после да се бара лов, за да се дави, лисо – је рекол чакало, и тргнале да бараат нешто лов (2, 42); ...не знам како се давит имање, – му рекол чакало (на волко) – тики затоа не јадам (2, 40).

3. *со фрлање, со туркање во воѕа убива;* ...виде пусти глушец оти ќе го носит жабата во дното од реката за да го давит, се опна со сета сила за да се задржит над водата (2, 77).

4. *отежнува, стеснува ѕишење.*

II. се дави – *ѓуби живот* овде: *во вода поради немање воздух во градите, поради затреното дишење;* ...откако беше осиромашило (момчето), беше дошло на скеле да се дави и да не умира од глади (3, 283); Од кај ме виде, бре ќелеш – му рекла (цареа ќерка) – што да родам дете од тебе и сега да се давам со тебе в море? (2, 267)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 35; 2, 40; 2, 41; 2, 42; 2, 46); и др.

ДАВОЛКА СЕ *гл. несвр. дем.* од дави(т) се; Пците пак си лајат и се даволкаат (6, 107).

ДАВРАН *изв.* (тур.) *(за потсилување) а бре, а море;* овде: *држ се!, не плаши се!;* (Евреино) го зеде пиштоло, го кренал чаркот и му го завртел на еден од Евреите в гради, го чкрапна и го завртел во другио и во него чкрапна, велејќи му на секого: – Давран, ефендим, зере вурацаим. (Давран, господине, зашто ќе те удрам.) (6, 136); Чкрапни еднио (Евреин) во другио, чкрапни го другио во треќио, и му вели: давран. Од тие тупурдии еврејцки му се здодеа на Турчино (6, 137).

ДАГА *ж.* овде: *линијата во пресечено дрво (ќутук) каде што најлесно се цепи;* Најди му дагата (на ќутукот) и удри му секирата, еве вака, гледај, старче, како ќе го расцепам ќутукот (5, 67).

ДАДЕ *м.* (тур.) *при обраќање: тате;* ...невестата ќе ми родит едно машко дете, да кога ќе си идам од питање, тики ќе ме пречекат кај чергата и ќе ми викни Даде (тате)!“ – а пак јас ќе му речам „Олум (синко)!“ (6, 108)

ДАДИ(**Т**), **ДАИ**(**Т**), **ДАЈИ**, **ДАЈТ** *гл. свр.* **даде** – **I**. **1**. **а**. *врачи, предаде;* Нà ти го ...сеново, а ти да ми ’и даиш јаглењето (5, 20); ...му посакала леб и сол (на момчето) и немајќи да је дајт, невиден бис се сторила (девојката) (2, 173); Едната (утка) му вели на другата ...при сета приќа што ќе ј дајела на ќерка је, како пусти куќи, како многу кошули, ќе јѝ дајела и педесет алтăни (3, 77). **б**. *во пасив со* с е; „Тражите да најдете, чукајте да ви се отвори и барајте да ви се даде! (4, 86)

2. *мажи (мома);* ...царот ја кандисуал да ја даит ќерка си за некој царски син (2, 240); (Царот и царицата) ја дадоа (ќерка си) за змеќарот и го сторија домазет (3, 112).

3. **а**. *подари;* На Петка Госпо му даде десет синои на ред, во неколку години (2, 252); Молбата моја јет, честити царе, да ми даиш една служба друга за да добијам и јас малце час (5, 123); ...ишала Господ можи да ти даит здравје, ами можи и умирачка (6, 172). **б**. *во пасивна употреба со* с е; На часо дал заповед (царо) да му се даи друг сарај, уште поарен, на еќимо да живеји (2, 218); Аман, синко, не колни се за тебе, од моите дни тебе да ти се даит (4, 245).

4. *плати;* Ако не му ја ископам (бавчата на бавчанџијата) до вечера, нема да ми даи ѓунлуко (3, 212); ...на тие луѓе што му имам за давање (синковци), немој пара да му даите (5, 58); ...за мојо таксират, му дадов еден грош на рибарот да врлит мрежата (2, 35).

5. *продаде;* Ама касапбаши, да ми даиш еден черек месо, ем најдебело и поевтино (5, 14); ...бакало да му даит од петшес турли зајрињa на детето негоо (5, 363–364).

6. *дозволи, допушти;* овде: *во пасивна употреба;* ...нека му даат еден чоек на сабјите да го пресечат и ќе се даи азното да се изваи, чунки курбан се сакат (3, 72).

7. *овозможи;* овде: *во пасивна употреба со* **се**; (Ламјата) зинала кај него наугоре со устата и тој од пусти страв, не му се дало да викни по дружината за да врлаат со стрелите и да ја отепаат (2, 111).

8. *со голем број именки (словенски и туѓи) образува полуизрази за да означи дејство во врска со нив* (*на пр.:* **дади вик** – *викне;* **дади потпис** – *потпише;* **дади изим** – *дозволи, итн.*); Вид. кај изразите.

9. **дај** – *ајде;* Де, де, пи, де повели, свату, добре ми дошол; дај да се чукниме, де бујрум, напи се! (5, 88)

10. *гл. прид.* д а е н – **даден**: ...секој дар совршен ет од Бога даен на луѓето (4, 190); Оваа риба ми је даена бакшиш и, ако најдам некој јали муштерија, би му ја продал (3, 229); ...таа стока али пари, што ќе биди од Бога даена, ќе биди бла-

осоена и ќе оди до треќо и четврто колено (3, 289); ...каноно, што бил даен од треќата вечер, требало да го тргат (Силјан) (2, 153).

I. **дади се 1**. *одѕаѕе се;* ...помалио (брат) беше се дал на едно пусто пиење, да паѓа по патиштата (3, 248).

2. *некому: заѓне се по некого;* овде: *ѕозволи;* ...Итроман Пејо не беше му се дал (на старио) да го вати, чунки беше трештил да бега (6, 212).

~ Во и з р а з и т е: **ако дај Госпо**(**д**), **ако даи Госпо** – *(како увоѕ во прашална реченица) ако е среќа;* Со здравје, пријателе – му рече праведнио (на чоеко) – ако дај Господ, каде вака патуаш? (4, 224); Дал ти Бог добро, момче – му рекол старио – здрао-живо сум, а ами ти како си? Ако дај Госпо, каде вака си тргнал? (2, 253); Помози Бог, момче – му рекол попо – ако даи Госпо, каде вака? (3, 90); Со здравје, свети Трипуне, ако даи Госпо, каде вака? – Ќе одам да го кројам лозјето, – је рекол – света Богоројце (4, 44); Со здравје, момче – му рекла чешмата – ако дај Госпо, каде вака? (3, 186); **ако ми дај Госпо здравје** – *ако ме служи зѕравјето;* Ако ми дај Госпо здравје, мори посестримо болво, не е чаре веќе да влезам во воденичар, кај што вријат болви во пепелта (2, 105); **аман да не ѝ даи** – *ѕа не може ни ѕа офне;* ...да дојди една змија од невидима страна, та да ја касни (момата) за јазик и на часот да умрит, што аман да не ѝ даи (3, 181); **без пет пари да му даде** – *без ништо;* На Димитрија му го усвојав најарнио коњ без пет пари да му да(д)ам (5, 284); **белки ќе даи Госпо** – *(израз за ѕобра желба) можеби ќе се случи, ќе стане;* ...белки ќе даеше (рисјанко) Госпо да ти оздрави бодежо (5, 51); **голем леб да им даит** – *ѕа ги стави на богато;* ...коа се научи дружината оти царот 'и канит за голем леб да им даит, сите со голем ќеф сакале да одаат да ја отепаат ламјата (2, 110); **Господ да не даи** – *ѕа не стане нешто лошо, ѕа не се случи тоа;* Дуовниче оче – му рекол арамијата – денеска ако сторам некој грев, Господ да не даи, туку велам, до кога ќе ме ватит греот за да ме порази? (5, 196); **Господ ќе даи здравје** – *ќе биѕеме зѕрави;* А, гајрет чини, рисјанине а, ич не бој се,

Господ ќе даи здравје, колцина сум причестил и пак оздравеле, иии број немат (6, 172); **да му даи(т) очи некому** – *ѹа найрави ѹа прогледа;* ...тој (св. Јоан) дури со солзи горешти му се моли да му даит очи Господ (на слепото момче) (4, 100); Падна на колена (св. Јоан) и сопрво Бога го помоли за да му даи Господ очи на слепото момче (4, 100); **даде Богу дух** – *умре;* Тие зборои му 'и кажа на сина си царо и даде Богу дух. (5, 30); **даде Госпо** – *се оствари очекуваното, се случи, стана;* Три дни и три ноќи што не беше се освестил, и на четвртио ден, даде Госпо, се освестил (домаќино) и сакал да стани (4, 20); **даде плеќи** – *паѹна;* Удри тие, удри тие и туку едно време даде плеќи царо во војската (2, 291); **да(д)и(т) абер** – *разгласи*; Откога седна св. Илија на столо, дал абер по сета чаршија: никој дуќанот да не го затвора (4, 145); **да(д)и(т) бакшиш(и)** – *поѹари*; (Царица Елена) таксуачки му таксуала... големи бакшиши да му даит (на Евреите) (4, 34); Слушај вамо, сестро лисицо, на твоево незабораено за мене добро што ми го стори, сакам и еден бакшиш да ти даам (2, 37); **да(д)и(т) блаосов** – *благослови;* Дал блаосои слепио (на сиромаио), одземи до небо (4, 129); Ставиле вечерата и требало прво нункото да даит блаосов, арно туку нункото било го страм да дојдит, чунки сторил грешка што прднал (6, 99); Ај нека му е просто де, ај нека си седнит на чело (нункото) да даит блаосов! – беа рекле гостите (6, 99); **да(д)и(т) верман** – *назначи;* ...царо ќе им даит верман за и тие (жените) да бидат големи царцки луѓе како што се мажите (5, 6); **да(д)и(т) вик** – *викне;* Дал вик големио пес за да не се мислат, ами да врват преку река (2, 52); Беше дал вик (Каргаман) на Еѓупците (6, 115); Дала вик крушата од џеб: – И мене дајте ми ракија, и мене! (2, 17); **да(д)и(т) гајрет** – *охрабри;* Господ гајрет да ми ти даит, бре чоече – му рекла кума лиса на чоекот, и ладнина на изгореното ти срце, туку ако ми кажиш, лошо не ќе сториш (2, 31); **да(д)и(т) глас** – *се јави, извести*; Бидејќим Господ многу милостив, му даде (на св. Јоана) глас од небото оти му ја послуша молитвата (4, 100); ...се дало еден глас од учените: секи да оди тамо и да фрли по три камење на тоа клето место

(4, 23); **да(д)и(т) запис** – *запише;* ...Адам има даено запис на плоча, на ѓаоло, и скриена во р. Јордан (4, 18); **да(д)и(т) заповед** – *заповеда, нареди;* Сите ќе дајме по една заповед на својте (2, 208); Се дало заповед од аџијата и сите летнале (2, 148); По малце дни се дало заповед од судот до што е живо, мало и големо, сите да излезат на скеле, оти ќе идел царот по море (3, 208); Еќим сум, честити царе... и сопрво те молам да даиш заповед да не ји бесат четириесетте еќими (3, 302); **да(д)и(т) збор** – *вети, се договори;* Дала (лисицата) збор по светот оти веќе ќе се покаит и ако најдела два-тројца да стори другари со неа, ќе одела на аџилак (2, 5); Дедо, дедо, вие сте дале збор со мојата мајка на стариов и со мојте стрини за едно дете да му даите на стариов (2, 273); **да(д)и(т) изим** – *дозволи;* Му дал изим царо (на момчето) да си кажи ало (3, 163); На часот царо му дал изим на старио, и тој отишол при ашкетијата и го донесол пред царот (4, 32); На тоа згора, 39-те браќа се опулиле во помалио брат, дали ќе му даит изим да се свршат (3, 102); ...откоа многу го молила (царцката ќерка царот), му дал изим да оди и ќелешот, ама најдолу да седнит (3, 31); При сѐ што имаше околу царо едночудо еќими што го лекуале, па изим му даде да го викаат и тој еќим што викал по сокаци: еќим, еќим! (2, 216); **да(д)и(т) изин** – *дозволи;* Се прашало момчето со Педа чоек дали да се јавит пред царот. Тој беше му дал изин да се јавит (2, 251); **да(д)и(т) иљам** – *изда де судско решение;* Чорбаџи, ти ќе го донесиш овде тагарџикот, да го видам јас му рекол кадијата – да после јас ќе даам иљам за кој јет крив во оваа работа (5, 91); Ја стори еден завмет, чорбаџи, пејди до дома, та донеси уште петстотини алтăни и после иљам да даам и да ви се види оваа давија (5, 91); **да(д)и(т) име** – *крсти;* ...сѐ што има име на веков го има, чунки не можи да му се даи име на тоа што го нема (4, 48–49); **да(д)и(т) имза** – *потпише;* ...беше си дал Адам имза за откоа ќе умрат децата од Адама да бидат негои (на ѓаоло) (4, 15); **да(д)и(т) канон** – *забрани;* Голем канон ми дадоа, чедо: месо ич да не каснам дури сум жив (2, 137); ...дуовнико канон ми даде, дури сум жив, ич мевце да не каснам и

на аџилак да одам (2, 6); **да(д)и(т) карар** – *одлучи;* Ее, мезличалаари, што велите на овој женцки арзоал, каков карар да му даиме? (5, 5); ..судбата била според законот царцки и се дало карар од мезличот, со сите потписи, за да си ја земи ќерка си царо (3, 167); **да(д)и(т) крчма** – *почести;* Ај барем крчмата дај си (побратиме), да се напиеме, ако милуаш (6, 66); **да(д)и(т) мака** – *намачи;* Да му сечиме глаите (на тие пезевенци) на оваа мака што ни дадоа (5, 60); **да(д)и(т) мувлет** – *му остави време;* Слушај вамо ти, старче, еве сеа нема да те тепам, до утре мувлет ќе ти даам, ноќеска да му појдиш кај тие што ни 'а пленија куќата (4, 168); Слушајте вамо вие, старци... Мувлет ќе ви даам да се мислите три дни и три ноќи (5, 64); Четириесет дни да ми даиш мувлет, честити царе, за да одам и да ја земам (Дуња Ѓузели) – му рекол Патенталија (3, 87); Е – му рече ќајата (на другио ќаја) – три дни ќе ми даиш мувлет за да ги дотерам овците, што сме се обложиле и да ти ји даам (5, 222); **да(д)и(т) насиет(и)** – *посоветува;* Викнал (чоеко) синои си пред него да му даит неколку насиети (5, 58); ...коа ќе умираше татко ми, ме викна при себе и ми даде еден насиет, со голема клетва (3, 26); **да(д)и(т) одгоор** – *одговори;* И момчето му кажало како го однесол на рамо татка си, ...и како му кажал на татка си за синџирот одгоор да му даит нему (на царот) (5, 33); Му зборуал (царо на момчето), го прашал за едно, за друго, да видит што одгоор ќе му даит (2, 242); **да(д)и(т) пат** – 1. *упати;* Штом видиш ти тоа нешто сторено, разбуди 'и браќа ти и дај му пат на онаа страна, а пак ти дојди при мене (2, 256). 2. *истера, избрка;* ...кажи му на мајка ти и на татка ти ова што ти го кажуам и ако му се види криво, нека ми го даат пато да си одам од кај што сум си дошол (5, 122); **да(д)и(т) плач и писок** – *заплаче и записка;* Детето дало плач и писок, на лутината нашло една ортома и ја преврлило на греди (5, 24); **да(д)и(т) под суд** – *обвини;* ...ја дале (анџиката) под суд двајцата и ја усудиле да плаќа – шес илјади лири (5, 98); Голем бакшиш му дал (царот) на берберот и го дал под суд садријазамот (5, 44); **да(д)и(т) позволение** – *дозволи;* Се погодил анџијата многу милостив, и го со-

жалил, да го облекол и го навечерал, та му дал позволение да си лежи во сеното, во плевната (4, 203); **да(д)и(т) помош** – *помогне;* ...цела ноќ (заробените) што се молеле и (б)денија чинеле за Господ да му даит помош (4, 31); Откога виде камилата оти волко делеше неправо даде помош за да го дели таа лебо, ама и незе да ѝ даат дел (2, 64); **да(д)и(т) потпис** – *потпише;* Море, потпис не сум дала, бре синко, туку збор сум дала (4, 264); ...ела ако сакаш да се обложиме, пред чесни луѓе да си даиме потпис, за кој ќе го добие облого, да му е сигурно (2, 235); **да(д)и(т) пресудба** – *пресуди;* Откоа видела царицата од тие двајца жалбата, посакала таа да му даи пресудба (5, 107); **да(д)и(т) прочка** – *опрости;* (Золвата) се молила на Бога за Госпо да 'а стори пак девојче, да је даи прочка на снаа си и – ја да умри ја да стани (2, 163); **да(д)и(т) проштење** – *опрости;* Умирајќи еден богат чоек, го викнал сина си при себе и го натерал да му стори метании и да му бакни рака, та да му даит проштење (3, 117); ...нека дојдат (сите) да ми даат проштење, за да не ме остаат врзан да си умрам и во вечната мака да одам (2, 13); **да(д)и(т) слава** – *одадре признание;* ...дал голема слава (Симеон) на Бога да не му ја земи душата, дури не го земи на раце Риста и да го види со очи (4, 42); **да(д)и(т) стег** – *притисне;* Го викнал измеќаро царо и откоа му дал голем стег, кажал измеќаро... (3, 66); **да(д)и(т) ум** – *посоветува;* Од мене, ако барате ум, овој ум можам да ви го даам, и друго ништо (2, 12); **да(д)и(т) чес** – *одадре признание; удостои;* Прекрсти се (кумче волче) и речи: Боже поможи, од оваа чес што ќе ти се даит денеска, Господ да ти даит уште сто катои поголема (2, 50); Никаква чес не беше му дал, чунки не видел никаков маривет во него (3, 60); **да(д)и(т) џуап** – *одговори;* Сите животинки се глеале едносодруго и се чекале кој ќе му даит на царот џуап (2, 82); Му влезе умот во мислата од овчарчето и го освести за да му текни каков џуап да му дадит на царот да не го обеси (3, 222); Сега лели бил и умот и кăсметот да го крепат момчето, знаит како да му даит тоа џуапот на царот (2, 241); Коа чу царот оти од стар чоек излегол тој ум, за џуапот што му го даде момчето, многу беше се из-

радуал (5, 33); ...јас сите манастири сум ’и расипал за оти не можеа егумените да ми даат џуап на три зборои што му ’и велев (5, 99–100); ...ако се кара господаро оти сте го зеле (ато) на дрва, ја џуапо ќе му даам (5, 75); **дај Боже** – *(израз за ѓобра желба) ѓа се оствари очекуваното, ѓа се случи, стане;* Ај да си ми благослоена, ќерко – је рекол попо – што ме послуша, и дај Боже, да бидиш царица! (3, 129); Ишала, белким ќе е за аирлија и дај Боже да ви е кăсметлија (детето)! (3, 191); **дај Боже здравје** – *(израз за ѓобра желба) ѓа сме зѓрави;* Ее, што велиш сега, идиш утре, дај Боже здравје, да одиме? (3, 297); ...утре (сестро) дај Боже здравје, ќе ти донесам нешто јадење да си касниш (2, 180); ...заповедајте, синковци, у мене дома вечерва на гости и утре, дај Боже здравје, сте со најубави невести (2, 255); **дај ми изим** – *ѓозволи ми;* Уште една трешница удри ме, брате – му рекол ќелешо – ама дај ми изим да одам да ја вардам јаболкницата (2, 114); **дај ми ум** – *посоветувај ме;* Аман, бре брате јазовче, дај ми ум сега како да куртулисам? (2, 28); **дај(те) блаосов** – *правејќи со раката крст (како знак) ѓа го повика(те) божјиот благослов;* Повелете, гости – му рекол – поземето го големиов пагур со ракија за да дајте блаосов и да се напиете ракија (6, 156); Де, повели, дедо, добре ми дошол, дај блаосов, чини крс да си вечераме што дал Госпо – леб и сол (4, 153); **дал Госпо нешто** – *се роѓило;* Дал Госпо трева многу, пријателе – му рекол чакалот (на волкот) – и си пасам дури да ми је доста (2, 40); **дал добровечер** – *позѓравил (вечерно време);* Откога му дал едно добровечер (ѓаолот), изваил од торбата една рака алтани и му ’и дал на домаќинот (4, 243); **дал еден лош вик** – *мошне силно викнал;* Коа чул овчарот тој збор од волкот, дал еден лош вик по пците за да бегаат... (2, 44); **дал ти Бог добро**; **дал (ми) ти Госпо(д) добро** – *отпозѓрав за ѓобра желба (при среќавање);* Помози Бог, старче! – му рекол царот. – Дал ти Госпо добро, пријателе! – му одгоорил старио (5, 111); Добро утро, сонце – му рекло момчето – што чиниш, како си? – Дал ти Господ добро, момче ...сполај Богу сум, ти што чиниш и што има нешто што си се мачил до мене? (3, 186); Помози Бог, де-

до – му рекло момчето – здраожио. – Дал ти Бог добро, момче – му рекол старио (2, 253); Здраоживо си ми (свети Петре)? Како ти е ќеот? – Дал ми ти Господ добро, рисјанине, арно сум, сполај Богу. Вие како сте? (4, 108); **дал ти Господ две добра** – *отпозрав за добра желба (при среќавање);* Добро утро, кауѓере мачоре – му рекол глушецот и се приближил до него. – Дал ти Господ две добра, чедо – му рекол кауѓерот мачорот (2, 13); **дале зборои**, **зеле**; **дале**, **зеле зборои** – *се исприкажале; разговарале;* Тек, чифт, (еден едно рекол, друг друго рекол) дале зборои, зеле помеѓу ним (2, 51); Дале, зеле зборои и си врзаа збор за до неделата свадбата да направат (2, 56); Дале, зеле зборои со мајка му и стројничицата за свршуачката и, откоа дошле до зближуање, ја остаиле работата за утрото да даат нишаните и да се биттисат таа работа (6, 27); Дале, зеле зборои, најпосле се однесоа на суд да си ја сака жената (3, 59); **дале таквие зборои** – *така си поприкажале;* Откоа си дале таквие зборои, го надзборуала жената мажо (6, 160); **дале цена** – *проценили;* ’И прегледаа (туџарите) бравите и една цена долна беа му дале (на Влаот) (6, 86); **дало еден одгоор** – *одговорило;* ...му се сторило (на момчето) оти за него рекол дедо му тие зборои, та му дало еден одгоор ваков: – Абре дедо ...ами ако си гнетам јас леб, од мој леб си гнетам, а не од твој (6, 6); **животот да си го даит за некого** – *да умре за друг, да се жртвува за друг;* Кај ќе одеше, тие по него одеа и ѓоа од лошо го вардеа и секој му се таксуаше (на момчето) животот да си го даит за него ако го најдит некое лошо (5, 55); **збор да му се даит** – *да му се вети;* (Богатио) си препишал сета стока на момчето и дури и ќерката остаил клетва и збор да му се даит на момчето за невеста (5, 238); **здравје да ни даит** (**Бог**) **и живот** – *(израз за добра желба) да биде здрави и живи;* ...само му се молам на Бога: здравје да ни даит и живот, да богатство, колку што му је мило, толку нека ни дават (4, 154); **здравје нека ни дајт Господ и живот** – *(при изразување желба) да сме здрави и живи;* Е, ај здравје нека ни дајт Господ и живот, да раздениме ноќеска живи, да со Господ напред, ќе дојдам порано да те викам – му рекол

набожниот (на ненабожниот) (5, 34); **зедоа**, **дадоа зборои** – *разговараа;* Зедоа, дадоа зборои (магарињата). Еден едно рекол, друг друго, никако не можеле да дојдат во еден збор за да најдат некој крај за раат да живеат (2, 72); **клетва да му се даит** – *ѓа се заколне;* Во тој град кога да праел некој некому нешто инќар и, ако појда(т) кај кадијата да се судат и ако се пресуди од кадијата за да му се даит клетва на тој што чинел инќар, клетвата не му ја давал, ни да клајт рака на китапо (5, 34); **му ја даде науката** – *го посоветува;* Се благодарија на науката што му ја даде големиот стаор на стаорите и си отидоа секој по својо синор (2, 12); **никако не дал уо**, **никако не беа дале уо** – *не послушал; не послушале;* (Царот) никако не дал уо на праведнио што си ја кажуал правината и дал заповед да го обесат тука во сарајо (5, 256); ...стрела (Марија) тројца многу богати луѓе и сторила ниет и нив да ’и прелажи за грев да сторат со неа, арно ама тие биле многу набожни и никако не беа дале уо на незините џилвиња што му праила (4, 193); **се дало една наара** – *се известило;* Се дало една наара (вик) по сите луѓе, сите спискале, и тогај му текнало оти грешка му била нивната сакачка преку свети Илија (4, 149); **си дал Богу душа** – *си умрел;* Тоа рекол силнио кесеџија и си дал Богу душа, та си умрел (3, 46); **си дале запис** – *потпишале;* (Адам и Ева) беше си дале запис за да бида(т) од ѓаоло, тики никако не можеа да се исчепат, дури не му се нажали на Бога за тој да ’и избави од сатаната (4, 18); **си дал истифата** – *ѓал отчет;* Една недела седе кадија и беше си дал истифата, та си ошол кај старио кадија и му кажал за големата печелба што ја спечалил во една недела (5, 201); **си зедоа зборои и си дадоа** – *поразговараа*; Откоа си зедоа зборои и си дадоа, ламјата си влегла во дупката и чоеко си набрал троа суи дрва и си отиде дома (2, 219); **што (беше) дал Господ** – *што има(ше);* Ќе си вечераме што дал Господ: леб и сол и ќе си пренокеваме (4, 152); Јале, пиле (дванаесетте апостоли) што беше дал Господ и што беше им зготвил домаќино (4, 66); **карар да му даи** – *ѓа му потврди*; велите на овој женцки арзоал, каков карар да му даиме? (5, 5); ...судбата била според зако-

нот царцки и се дало карар од мезличот, со сите потписи, за да си ја земи ќерка си царо (3, 167); **да(д)и(т) крчма** – *почести;* Ај барем крчмата дај си (побратиме), да се напиеме, ако милуаш (6, 66); **да(д)и(т) мака** – *намачи;* Да му сечиме глаите (на тие пезевенци) на оваа мака што ни дадоа (5, 60); **да(д)и(т) мувлет** – *му остави време;* Слушај вамо ти, старче, еве сеа нема да те тепам, до утре мувлет ќе ти даам, ноќеска да му појдиш кај тие што ни 'а пленија куќата (4, 168); Слушајте вамо вие, старци ...Мувлет ќе ви даам да се мислите три дни и три ноќи (5, 64); Четириесет дни да ми даиш мувлет, честити царе, за да одам и да ја земам (Дуња Ѓузели) – му рекол Патенталија (3, 87); Е – му рече ќајата (на другио ќаја) – три дни ќе ми даиш мувлет за да ги дотерам овците, што сме се обложиле и да ти ји даам (5, 222); **да(д)и(т) насиет(и)** – *посоветува;* Викнал (чоеко) синои си пред него да му даит неколку насиети (5, 58); ...коа ќе умираше татко ми, ме викна при себе и ми даде еден насиет, со голема клетва (3, 26); **да(д)и(т) одгоор** – *одговори;* И момчето му кажало како го однесол на рамо татка си, ...и како му кажал на татка си за синџирот одгоор да му даит нему (на царот) (5, 33); Му зборуал (царо на момчето), го прашал за едно, за друго, да видит што одгоор ќе му даит (2, 242); **да(д)и(т) пат** – 1. *упати;* Штом видиш ти тоа нешто сторено, разбуди 'и браќа ти и дај му пат на онаа страна, а пак ти дојди при мене (2, 256). 2. *истера, избрка;* ...кажи му на мајка ти и на татка ти ова што ти го кажуам и ако му се види криво, нека ми го даат пато да си одам од кај што сум си дошол (5, 122); **да(д)и(т) плач и писок** – *заплаче и записка;* Детето дало плач и писок, на лутината нашло една ортома и ја преврлило на греди (5, 24); **да(д)и(т) под суд** – *обвини;* ...ја дале (анџиката) под суд двајцата и ја усудиле да плаќа – шес илјади лири (5, 98); Голем бакшиш му дал (царот) на берберот и го дал под суд садријазамот (5, 44); **да(д)и(т) позволение** – *дозволи;* Се погодил анџијата многу милостив, и го сожалил, да го облекол и го навечерал, та му дал позволение да си лежи во сеното, во плевната (4, 203); **да(д)и(т) помош** – *помогне;* ...цела ноќ (заробените) што се

молеле и (б)денија чинеле за Господ да му даит помош (4, 31); Откога виде камилата оти волко делеше неправо даде помош за да го дели таа лебо, ама и незе да ѝ даат дел (2, 64); **да(д)и(т) потпис** – *потпише;* Море, потпис не сум дала, бре синко, туку збор сум дала (4, 264); ...ела ако сакаш да се обложиме, пред чесни луѓе да си даиме потпис, за кој ќе го добие облого, да му е сигурно (2, 235); **да(д)и(т) пресудба** – *пресуди;* Откоа видела царицата од тие двајца жалбата, посакала таа да му даи пресудба (5, 107); **да(д)и(т) прочка** – *опрости;* (Золвата) се молила на Бога за Госпо да 'а стори пак девојче, да је даи прочка на снаа си и – ја да умри ја да стани (2, 163); **да(д)и(т) проштење** – *опрости;* Умирајќи еден богат чоек, го викнал сина си при себе и го натерал да му стори метании и да му бакни рака, та да му даит проштење (3, 117); ...нека дојдат (сите) да ми даат проштење, за да не ме остаат врзан да си умрам и во вечната мака да одам (2, 13); **да(д)и(т) слава** – *одаде признание;* ...дал голема слава (Симеон) на Бога да не му ја земи душата, дури не го земи на раце Риста и да го види со очи (4, 42); **да(д)и(т) стег** – *притисне;* Го викнал измеќаро царо и откоа му дал голем стег, кажал измеќаро... (3, 66); **да(д)и(т) ум** – *посоветува;* Од мене, ако барате ум, овој ум можам да ви го даам, и друго ништо (2, 12); **да(д)и(т) чес** *одаде признание; удостои;* Прекрсти се (кумче волче) и речи: Боже поможи, од оваа чес што ќе ти се даит денеска, Господ да ти даит уште сто катои поголема (2, 50); Никаква чес не беше му дал, чунки не видел никаков маривет во него (3, 60); **да(д)и(т) џуап** – *одговори;* Сите животинки се глеале едносодруго и се чекале кој ќе му даит на царот џуап (2, 82); Му влезе умот во мислата од овчарчето и го освести за да му текни каков џуап да му дадит на царот да не го обеси (3, 222); Сега лели бил и умот и кăсметот да го крепат момчето, знаит како да му даит тоа џуапот на царот (2, 241); Коа чу царот оти од стар чоек излегол тој ум, за џуапот што му го даде момчето, многу беше се израдуал (5, 33); ...јас сите манастири сум 'и расипал за оти не можеа егумените да ми даат џуап на три зборои што му 'и велев (5, 99–100); ...ако се кара господаро

оти сте го зеле (ато) на дрва, ја џуапо ќе му даам (5, 75); **дај Боже** – *(израз за добра желба) да се оствари очекуваното, да се случи, стане;* Ај да си ми благослоена, ќерко – је рекол попо – што ме послуша, и дај Боже, да бидиш царица! (3, 129); Ишала, белким ќе е за аирлија и дај Боже да ви е кăсметлија (детето)! (3, 191); **дај Боже здравје** – *(израз за добра желба) да сме здрави;* Ее, што велиш сега, идиш утре, дај Боже здравје, да одиме? (3, 297); ...утре (сестро) дај Боже здравје, ќе ти донесам нешто јадење да си касниш (2, 180); ...заповедајте, синковци, у мене дома вечерва на гости и утре, дај Боже здравје, сте со најубави невести (2, 255); **дај ми изим** – *дозволи ми;* Уште една трешница удри ме, брате – му рекол ќелешо – ама дај ми изим да одам да ја вардам јаболкницата (2, 114); **дај ми ум** – *посоветувај ме;* Аман, бре брате јазовче, дај ми ум сега како да куртулисам? (2, 28); **дај(те) блаосов** – *правејќи со ракаша крсш (како знак) да го повика(ше) божјиош благослов;* Повелете, гости – му рекол – поземето го големиов пагур со ракија за да дајте блаосов и да се напиете ракија (6, 156); Де, повели, дедо, добре ми дошол, дај блаосов, чини крс да си вечераме што дал Госпо – леб и сол (4, 153); **дал Госпо нешто** – *се родило;* Дал Госпо трева многу, пријателе – му рекол чакалот (на волкот) – и си пасам дури да ми је доста (2, 40); **дал добровечер** – *поздравил (вечерно време);* Откога му дал едно добровечер (ѓаолот), изваил од торбата една рака алтани и му 'и дал на домаќинот (4, 243); **дал еден лош вик** – *мошне силно викнал;* Коа чул овчарот тој збор од волкот, дал еден лош вик по пците за да бегаат... (2, 44); **дал ти Бог добро**; **дал (ми) ти Госпо(д) добро** – *оштозрав за добра желба (при среќавање);* Помози Бог, старче! – му рекол царот. – Дал ти Госпо добро, пријателе! – му одгоорил старио (5, 111); Добро утро, сонце – му рекло момчето – што чиниш, како си? – Дал ти Господ добро, момче... сполај Богу сум, ти што чиниш и што има нешто што си се мачил до мене? (3, 186); Помози Бог, дедо – му рекло момчето – здраожио. – Дал ти Бог добро, момче – му рекол старио (2, 253); Здраоживо си ми (свети Петре)? Како ти е ќеот? – Дал ми ти Гос-

под добро, рисјанине, арно сум, сполај Богу. Вие како сте? (4, 108); **дал ти Господ две добра** – *отпозрав за добра желба (при среќавање);* Добро утро, кауѓере мачоре – му рекол глушецот и се приближил до него. – Дал ти Господ две добра, чедо – му рекол кауѓерот мачорот (2, 13); **дале зборои**, **зеле**; **дале**, **зеле зборои** – *се исприкажале; разговарале;* Тек, чифт, (еден едно рекол, друг друго рекол) дале зборои, зеле помеѓу ним (2, 51); Дале, зеле зборои и си врзаа збор за до неделата свадбата да напраат (2, 56); Дале, зеле зборои со мајка му и стројничицата за свршуачката и, откоа дошле до зближуање, ја остаиле работата за утрото да даат нишаните и да се биттисат таа работа (6, 27); Дале, зеле зборои, најпосле се однесоа на суд да си ја сака жената (3, 59); **дале таквие зборои** – *така си поприкажале;* Откоа си дале таквие зборои, го надзборуала жената мажо (6, 160); **дале цена** – *проценили;* ’И прегледаа (туџарите) бравите и една цена долна беа му дале (на Влаот) (6, 86); **дало еден одгоор** – *одговорило;* ...му се сторило (на момчето) оти за него рекол дедо му тие зборои, та му дало еден одгоор ваков: – Абре дедо ...ами ако си гнетам јас леб, од мој леб си гнетам, а не од твој (6, 6); **животот да си го даит за некого** – *да умре за друг, да се жртвува за друг;* Кај ќе одеше, тие по него одеа и ѓоа од лошо го вардеа и секој му се таксуаше (на момчето) животот да си го даит за него ако го најдит некое лошо (5, 55); **збор да му се даит** – *да му се вети;* (Богатио) си препишал сета стока на момчето и дури и ќерката остаил клетва и збор да му се даит на момчето за невеста (5, 238); **здравје да ни даит** (**Бог**) **и живот** – *(израз за добра желба) да биде зрави и живи;* ...само му се молам на Бога: здравје да ни даит и живот, да богатство, колку што му је мило, толку нека ни даат (4, 154); **здравје нека ни дајт Господ и живот** – *(при изразување желба) да сме зрави и живи;* Е, ај здравје нека ни дајт Господ и живот, да разденими ноќеска живи, да со Господ напред, ќе дојдам порано да те викам – му рекол набожниот (на ненабожниот) (5, 34); **зедоа**, **дадоа зборои** – *разговараа;* Зедоа, дадоа зборои (магарињата). Еден едно рекол, друг друго, никако не може-

ле да дојдат во еден збор за да најдат некој крај за раат да живеат (2, 72); **клетва да му се даит** – *ѓа се заколне;* Во тој град кога да праел некој некому нешто инќар и, ако појда(т) кај кадијата да се судат и ако се пресуди од кадијата за да му се даит клетва на тој што чинел инќар, клетвата не му ја давал, ни да клајт рака на китапо (5, 34); **му ја даде науката** – *го посоветува;* Се благодарија на науката што му ја даде големиот стаор на стаорите и си отидоа секој по својо синор (2, 12); **никако не дал уо**, **никако не беа дале уо** – *не послушал; не послушале;* (Царот) никако не дал уо на праведнио што си ја кажуал правината и дал заповед да го обесат тука во сарајо (5, 256); ...стрела (Марија) тројца многу богати луѓе и сторила ниет и нив да 'и прелажи за грев да сторат со неа, арно ама тие биле многу набожни и никако не беа дале уо на незините џилвиња што му праила (4, 193); **се дало една наара** – *се известило;* Се дало една наара (вик) по сите луѓе, сите спискале, и тогај му текнало оти грешка му била нивната сакачка преку свети Илија (4, 149); **си дал Богу душа** – *си умрел;* Тоа рекол силнио кесеџија и си дал Богу душа, та си умрел (3, 46); **си дале запис** – *потпишале;* (Адам и Ева) беше си дале запис за да бида(т) од ѓаоло, тики никако не можеа да се исчепат, дури не му се нажали на Бога за тој да 'и избави од сатаната (4, 18); **си дал истифата** – *ѓал отчет;* Една недела седе кадија и беше си дал истифата, та си ошол кај старио кадија и му кажал за големата печелба што ја спечалил во една недела (5, 201); **си зедоа зборои и си дадоа** – *поразговараа*; Откоа си зедоа зборои и си дадоа, ламјата си влегла во дупката и чоеко си набрал троа суи дрва и си отиде дома (2, 219); **што** (**беше**) **дал Господ** – *што има(ше);* Ќе си вечераме што дал Господ: леб и сол и ќе си пренокеваме (4, 152); Јале, пиле (дванаесетте апостоли) што беше дал Господ... (4, 66).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Кој дал – дал, кој јал – јал (6, 182).

~ Со п р и л о з и т е: **вудве**: Многу арно измислив, честити царе ...арно ама коа се сетив оти вудве ќе му даиш на другара ми, јас намислив мене да ми удриш сто стапои, а пак

на другара ми двесте (5, 159); **поеќе**: Чекај да прашам и на друго место – си рекло момчето со умот – лели дават овој олку (пари за златото), друг може да даит уште поеќе (2, 238); **троа**: Вати волко и го раздели лебо: троа му даде на лисицата, а поеќето си го остаи за него (2, 64).

~ Во примерите: (2, 5; 2, 6; 2, 10; 2, 12; 2, 13; 2, 17; 2, 24; 2, 25; 2, 28; 2, 29; 2, 31; 2, 34; 2, 35; 2, 37; 2, 39; 2, 40; 2, 42; 2, 44; 2, 45; 2, 47; 2, 50; 2, 51; 2, 52; 2, 56; 2, 64; 2, 72; 2, 77; 2, 82; 2, 83; 2, 87; 2, 89; 2, 90; 2, 91; 2, 105; 2, 110; 2, 111; 2, 114; 2, 115; 2, 117; 2, 132; 2, 133; 2, 137; 2, 143; 2, 148; 2, 153; 2, 154; 2, 163; 2, 165; 2, 166; 2, 167; 2, 169; 2, 173; 2, 178; 2, 180; 2, 196; 2, 203; 2, 208; 2, 213; 2, 216; 2, 218; 2, 219; 2, 221; 2, 222; 2, 225; 2, 226; 2, 230; 2, 231; 2, 235; 2, 238; 2, 240; 2, 241; 2, 242; 2, 247; 2, 248; 2, 251; 2, 252; 2, 253; 2, 255; 2, 256; 2, 257; 2, 264; 2, 267; 2, 272; 2, 273; 2, 283; 2, 289; 2, 290; 2, 291); (3, 24; 3, 30; 3, 31; 3, 38; 3, 42; 3, 45; 3, 46; 3, 58; 3, 59; 3, 60; 3, 66; 3, 72; 3, 74; 3, 77; 3, 87; 3, 102; 3, 106; 3, 112; 3, 115; 3, 117; 3, 126; 3, 153; 3, 163; 3, 167; 3, 181; 3, 186; 3, 208; 3, 212; 3, 222; 3, 229; 3, 236; 3, 241; 3, 249; 3, 259; 3, 271; 3, 287; 3, 289; 3, 290; 3, 294; 3, 297; 3, 300; 3, 302); (4, 15; 4, 18; 4, 20; 4, 22; 4, 23; 4, 31; 4, 32; 4, 34; 4, 39; 4, 42; 4, 44; 4, 48; 4, 62; 4, 66; 4, 83; 4, 86; 4, 89; 4, 90; 4, 92; 4, 96; 4, 100; 4, 102; 4, 106; 4, 108; 4, 112; 4, 118; 4, 129; 4, 138; 4, 144; 4, 145; 4, 146; 4, 147; 4, 148; 4, 149; 4, 150; 4, 152; 4, 154; 4, 168; 4, 177; 4, 183; 4, 188; 4, 190; 4, 193; 4, 197; 4, 203; 4, 220; 4, 224; 4, 225; 4, 233; 4, 243; 4, 245; 4, 248; 4, 249; 4, 251; 4, 264; 4, 265; 4, 286); (5, 5; 5, 6; 5, 7; 5, 14; 5, 20; 5, 22; 5, 24; 5, 25; 5, 28; 5, 30; 5, 33; 5, 34; 5, 44; 5, 50; 5, 51; 5, 55; 5, 58; 5, 60; 5, 64; 5, 74; 5, 75; 5, 78; 5, 84; 5, 85; 5, 88; 5, 90; 5, 91; 5, 98; 5, 99; 5, 100; 5, 106; 5, 107; 5, 109; 5, 111; 5, 117; 5, 122; 5, 123; 5, 133; 5, 158; 5, 168; 5, 172; 5, 183; 5, 196; 5, 201; 5, 202; 5, 219; 5, 221; 5, 222; 5, 226; 5, 228; 5, 238; 5, 256; 5, 274; 5, 280; 5, 363; 5, 364); (6, 6; 6, 27; 6, 66; 6, 67; 6, 83; 6, 8; 6, 87; 6, 99; 6, 108; 6, 115; 6, 126; 6, 131; 6, 135; 6, 152; 6, 156; 6, 160; 6, 172; 6, 202; 6, 212; 6, 219; 6, 225; 6, 228) и др.

ДАИ(Т) *гл. свр.* Вид. **дади(т)**.

ДАЈИ *гл. свр.* Вид. **дади(т)**.

ДАЈТ *гл. свр.* Вид. **дади(т)**.

ДӐЛГ *прид.* Вид. **долг**; ...чоекот многу ќе се уплаши од вас, дека сте дӑлзи и големи (2, 63).

ДАЛГА -и *ж.* (грч.) *бран, талас;* "Ах, проклети Евреине – рекла (цареа ќерка) – јас ќе се удаам в море нема тебе да те земам" – и бир баш се врлила в море и веднаш далгата беше ја однесло на некој далечен крај (3, 170); Силјанче беше се нашол на една штица задржан и беше го исврлило далгата на суо (2, 140).

~ Со п р и д а в к и т е: **лоша**: ...сум ја опколил сета земја, околу-наоколу и сум видел оти не можи ништо да се прибери од лоши спили и далги (2, 147); **силна**: Пливајќи многу дни по море, и фатило една силна далга, што до најпосле 'и пуштил мачтите капидано во морето (4, 215); ...силна бидејќи била далгата, го занесла пампоро во некоја многу далечна страна, до едни ади (4, 215).

ДӐЛГОТРПЕЛИВ *прид.* (книж. црксл.) **долготрпелив** – *што може долго да трпи, да поднесува;* ...бидејќи сум многу милостив и дӑлготрпелив, сите 'и простив (4, 122); Туку седам, оче свети, и се чудам како н рани Госпо на толкуа лошотии што имаме? – Ее, да му е мило нему синко, тој је многу милостив и дӑлготрпелив, тој нѐ рани нас, за некој прости душички чоеци што не знаат да лажат и друзи лоши работи да праат, а понајпоеќе нѐ рани – сполај му – заради имањето што ни праи измет (5, 39).

ДАЛЕКО *прил.* Вид. **далеку**; Уште ми сет верни пријателките, ами од кај што беа далеко, ми дојдоа многу близу (5, 108).

ДАЛЕКУ *прил.* **1**. *на големо растојание;* (спрот.: близу, блиску); Мошне арно, девојко, си сторила и јас сум на твоио збор да бегаме далеку, ај да те пратам кај мајка на село за да поседиш некое време (3, 169); Се испраил попо да го види кој је и се позамислил малце за како да му речи, не му текнуало, а па бечвите бидејќи му беа далеку остаени, немало вре-

ме да пејди да го изваи книжето (6, 158); Идејќи посникот в град, имало една река што не се газела. Мос имало да врви чоек, ама бил далеку (4, 174).

2. *на определено растојание;* Царот, мезличот... сторија збор да одат со рибарот и да го бараат тоа езеро, арно ама со сѐ што му кажуваше рибарот оти било еден ден далеку, тие мислеа оти треба да има еден месец (4, 268–269); Си биле двајца богаташи милиондари, тие живеале во два града, на околу еден ден далеку еден од други (5, 323); Тамам, арно велиш – му рекле (пријателите на момчето) – нà ти ’и стапоите, еве овој ет што праи магаре чоека, а овој е што праи чоек магарето. Вака му рекле и отишле далеку колку илјада чекори (3, 160).

3. **од далеку** – *од далечно место;* Кога да дојдит (детето) на осумнаесетте години, прво да го свршат за една невеста од далеку и свршен да умрит (3, 184).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Царска рака долга, и далеку достига (2, 207).

~ Со п р и л о з и т е: **баеги**: (Браќата) го испратија (помалио брат) баеги далеку од селото (3, 311); Станал (сиромајо) и, при сѐ што беше баеги далеку, пејде и коа гледа – еден стар чоек кај се грејпокрај огнот (4, 83); Така му рекла кума лиса и се истаила баеги далеку од овчарот (2, 94); **многу**: ...да бидиш многу далеку за да не е текнит (на реката) нешто да те удаи. Ете така ќе напраиш, пријателе, со реката (2, 233); Арно ама коњчето, самовилцко бидејќи беше, веднаш беше летнало и многу далеку отишло, та куртулисале (момчето и девојчето) од смрдеата на чумата и не умреле (2, 262); Дошол (богатио) кај реката и незе ѝ кажал од многу далеку како што му рекло сонцето. Се пушти реката по него да го удаи, арно ама тој бил многу далеку, на една висока тумба, и не могла да го удаи (2, 234); **негде**: ...сега барај крај да бегаме негде далеку и да се венчаме (му рекла цареа ќерка) (3, 169).

ДАЛЕЧЕН -чна *прид.* **1**. *што се наоѓа далеку;* Зел син му од богатио парите и си отишол во некој далечен град да барат некоја трговија (2, 248); Откоа го освоја син му од царо

коњчето, не можеше да се изнајаа по облаци и по далечни земји (3, 60); Комши, побратиме, еве јас ќе одам на далечна страна, да барам една невеста (5, 188); *во компаратив:* **подалечен**: ...да суди (момче) кој ет поцрн: али јас, али ти, и пак ќе дојдам да ми кажиш – му рекол гарванот и си летнал, на подалечна врба за да си грачит на ќеот свој (2, 76); Виде-невиде Адам, стана оттука и отиде на подалечно место (4, 12); *со заменската придавка* **некој**: По вознесуањето Ристово сите апостоли оделе по селата и градоите да проповедуаат Ристосојте чудесии и негоото воскресение. Свети апостол Тома – и тој отишол во некое далечно царство (4, 159); Раскажале (чорбаџиите) по целиот град оти едно момче од некој далечен цар, што шетало по земјава, носело еден сандк алтăни и било за умирање (5, 139).

2. *(за пат, патување) што трае долго време; со придавката* **олкав**: Море, што си се мачил, бре пријателе, олкав пат далечен што си одел за да доиш до мене? (3, 115); *со прилозите:* **олкуа**: Заповедајте, синко, заповедајте, што сте се мачеле олкуа далечен пат да одите? (му рекла старата (на богатио) (2, 232); **толку**: Откоа сториле ош-беш со сонцето, го прашало сонцето заошто се мачило (момчето) толку далечен пат што патуало и дошло до него. (2, 172)

~ Со и м е н к и т е: **врба** (2, 76); **град** (2, 248; 4, 60; 4, 247); **земја** (3, 60); **крај** (3, 170); **место** (2, 194; 4, 12; 5, 48); **пат** (2, 172; 2,232; 3, 115); **страна** (3, 25; 5, 136; 5, 188; 5, 204); **цар** (5, 139), **царст(в)о** (3, 57; 4, 159; 5, 140).

ДАЛИ *чест. прашална и сврзн.* **I**. **1**. *чест.* **а**. *во прашална реченица;* Дали чувте пилено како пеи? (3, 178); Ах, проклета девојко, дали овде те кладоа? (3, 171); Да го најдиш некаде (тој што ја отепа ламјата), дали би се здружил, бре пријателе, со него? – му рекол Чекор Планина. (3, 104); Море свињо, нешто ќе те прашам ама без да те преколнуам, прао да ми кажиш: од кој сој сте? Дали од бугарскиот, дали од грчкиот? (5, 62); Блазе си му на брата ми, пријателе – му рекол орачот – со тебе. Ами моио кăсмет, бре брате, дали го знаиш каде је? (3, 256); Море синко бре, дали ми таксуаш ти мене

едно рало црвени чевли за да си обуам на Велигден? (4, 233) **б**. *при прашање за изразување на нагаѓање, премислување;* **али ... дали**; **дали ... дали**; **дали ... али** – *дали ... или*; Море, ние арно се заортачивме – му рекол еднио на другио (тргоец) – туку ќесето у кого ќе стоит, али у мене, дали у тебе? (6, 181); Асан пачаџија што стока има? Дали чоа, дали басма? (6, 121); (Цареите) почнале да го прашаат (момчето) од коа држаа јет и као го викаат, и што дошол во тоа царсто, дали за да се бања во таа прочуена бања, дали за друго нешто. (5, 132); Што поронуаш солзи, честити царе, коа го видуаш детето? Дали од радос што ти иди, дали од друго нешто? (2, 280); Џанăм, дали јас сум царо, али не сум, али сон гледам! (4, 203)

II. **а**. *модал.* (*пред сврзникот* **дека**) *можеби:* **дали дека**: О Боженце Исусе Ристе – беше рекла (царицата) – дали дека го носам парчево од крстот твој и четирите бруќе со мене во Стамбол, сакаш да ме удаиш во морево? Дали дека ’и мачив Евреите за да го најдам крсто твој и да го внесам во црквата? (4, 35–36); Коа треба дож, ни се дава суша, коа сонце ни треба, студ ни се дава. Кој знаи, дедо Госпо, сполај му, непара се чини мукает за времето. Дали дека е широка земјата, тики кај побрго да гледа (4, 138–139). **б**. **дали ... али** – *можеби ... или;* Аман, бре брате смоку – беше му рекол чоекот – зашто да ме удаиш или да ме јадиш? Дали дека те избавив од реката кај што беше врлен, али дека те куртулисав од ѓумчето каде што беше затворен со муур? (2, 34)

III. *сврзн. во зависно прашални реченици;* Излегол посникот пред владиката и пред старците. Го прашале дали вистина се омрсил со млекото (4, 174); Честити царе, ние завативме да ви напраиме синџир од песок, арно ама, за да не ни оит маката за бадијала, чунки ние како што сме кинисале да го праиме, кој знаи ти дали ќе го бендисаш. (5, 32); Ќе ’и прашаш (жено, пријателите) дали паднале од високо (6, 10); Не знаја дали имаше Пејо глава, балевци (му рекла Пејоица на селаните) (6, 220); Ај, море ѓаоле, ме прашаш дали можам да ’и скарам (мажот и жената), веднаш и, ако сакаш, да ’и избијам (4, 239).

~ Во и з р а з и т е: **дали што** – *или нешто друго;* Дали не ти е ќеот нешто дека ќе се женам јас и браќа ми (мое мило коњче), дали што? (2, 256); Се зацкрил (сиромаиот) зад еден ендек да види што ќе праит чоеко во нивата, дали ќе кради од снопјето, дали што друго нешто (3, 271); Оти, бре домаќине, не излегуаш чаршија – му рекла невестата му – како сите домаќини, дали пари немаш, дали што? (5, 122); Жити мене кажи ми дали нешто лошо ти прогоори ќерка ти (мајче), дали што? (4, 245); Дали онеме (бре Силјане) нешто од морето што си пливал, дали што? (2, 143); **дали заошто** – *или за нешто друго;* Заошто сакаш да ме отепаш (пријателе)? Што зло виде од мене, дали дека ти дадов пари и коњ, дали заошто? (5, 361)

~ Со г л а г о л и т е: **арниса се**: Зело да мисли (момчето) како да стори, дали круши да продаат еден месец, дали да се арнисат од севдата (5, 176); **бендиса**: Ако можам да го кандисам ова момче – си велел со умот (царцкио син) – да му ја даам сестра ми, големо јунасто ќе напраам, иља не знам дали ќе ја бендиса сестра ми? (5, 133); **биде** (некој): ...што чоек ќе биде оној – си велел сам со себе (сиромаио) – што шета низ нивана, дали ќе биде некој арамија да кради снопје? Дали ќе биде некој ерген, да ја зема чупата од вдоицата што ја стретов сега? (3, 251); **вати**: Побратиме, побратиме кај си, дали вати нешто (животинка)? (2, 127); *со гл. прид.* ватен: Потргнал (мажот) да види дали је ватена (жената) и му се видела ортомата тешка! (2, 212); **вели**: Аман, мори змијо – је рекол (овчарот) – дали на смеа ми велиш, дали на вистина тој збор? (2, 90); Ах, анасана, бре прчко, дали и за мене ќе велиш оти не те пасов? – му рекол стариот. (2, 15); **види**: Море брате, ќе те прашам нешто ако не ми кажиш дали го виде сина ми? (5, 289); Ај момче, дали си видел олкаа голема и убаа погача? (5, 66); Дали (мајко) ќе видите некој сон оти јас сум во една пуста земја кај што петел не пеит! (2, 141); Брај, дали виде, бре пријателе, оти ни пресекоа пато двајца арамии? (5, 60); Му удриле сопрво десет стапои (на каурино), и го прашал кадијата дали вистина је видел месечината (6, 81); **влезит**: Дојдоа

гостите у богатио, сите богати и најпосле сиромасите дошле до портата од богатио и застанаа да се думаат дали да влезат, дали да не влезат (5, 76); **врати се**: Думал, мислел Силјан како да праит: дали да му се јави (на мажот и жената), дали назад да се врати (2, 142); **гази**: Застанале (трите момчиња и цареа ќерка) пред реката и се мислат како да праат: дали да ја газат, дали да ја чекаат да претечит (3, 291); **дава**: А, бре маскара, дали тамбура ќе ми даваш ти мене за шега да се биеш? Земете го и клајте го в зандан! (4, 255); **даи(т)**: Мори бабо – је рекло (момчето) – ако да можев да ја надбодињам (цареа ќерка) со моето коњче, дали би ми ја дал царот? (3, 55); ...39-те браќа се опулиле во помалио брат, дали ќе му даит изим да се свршат (за 39 царцки ќерки) (3, 102); Море, десет тоари (пари) дај еднаш, да после да видам дали ќе ти го даам (ова бесценето камче) – му рекол сиромаиот (на Евреинот) (3, 259); **докажи**: Е, ај ќе видиме дали не ќе ти го докажам (5, 75); **здружи**: Ами да го најдиш тој јунак, дали би се здружил со него? – му рекол стрелачот (на Шмркни Море) (3, 105); **земи**: Веднаш беше му текнало на царев син оти таа кула је од убаата девојка и многу се израдуал дека ја нашол, да дали ќе ја земи али не, тоа тој не мислел (3, 85); **знаи(т)**: Си била една попадија бесчеладна. Поминал еден еќим пред портата од попадијата, та го викнала и го прашала дали знаит некој лек (2, 167); Оди (царо) од град на град, од село на село и прашај чини луѓе дали знаат некој чоек... да направи да роди дете жена штира. (2, 164); Ах, проклето дете – беше си рекол со умот (ѓаолот) – дали вака не знаиш маривет, чекам сега да ми те гостам! (4, 249); **идит**: ...и одлетал орело да види дали ќе идит војска (2, 208); **избави**: Вид. кај дали I. б.; **изеди**: Вид. кај отми; **излези**: ...та сторија (глувците и ставорите) еден мезлич дали да излезат од дупките надво... (2, 13); **има(т)**: Ја види ме на глаава, бре синко, кај што ми ја расцепи со секирата, дали има уште рана? (2, 62); Какви луѓе овие ќе бидат? А чекај да прашам дали имат Евреи! (4, 47); Та не знаја дали имаше Пејо глава, балевци, секој Велигден купуваше по една валаничка, а за глава дали имаше, не знам! – му рекла Пејоица на се-

ланите (6, 220); Одошто го пизмеше ламјата царот, без да преслага, влезе да видит во ковчегот дали има некаде ѕирка (2, 136); Не можејќи (тие двајца луѓе) кадијата да ’и распраи... му текнало да ’и прашат дали имаат тие нешто челад (5, 71); **испреди**: Мори, камо го, жено, платното што ќе го ткаеше? Дали уште не ја испреде конопта пуста? (6, 35); **јави се**: Се прашало момчето со Педа чоек дали да се јави пред царот (2, 251); **јади**: ...и најпосле си ја решил животта еден од глувците и пошол до него (до мачорокот) да види дали ќе го јади (2, 13); **клади**: Ах, проклета девојко, дали овде те кладоа? (3, 171); **крадн**: Бре, види кај турил алăни мајсторо да ме подбиди дали крадам! (3, 233); **лажи**: Пеки, волчко – му рекла маската – ела од одзади и препеј го (ферманот) и види дали те лажам (2, 23); **можи(т)**: Ја чекај да му го даам (на касапо ќемеро) да си го опаши и да видам дали ќе може потавмин да сечи месо (5, 171); ...и го прашал (царот капиданот) како да праат, дали ќе можит сам тој со дружината да пејди и да го победит царот што му дошол со војската (2, 112); Ех, сестро кума лисо – је рекло момчето – ќе ти кажам и ќе ти прекажам, туку не знам дали ќе можиш да ми поможиш и животот да ми го избавиш од кучка цареа ќерка (2, 197); Чоекот ми рече: „Ами со двата другара како си?“ – Тој ме праша со двете нози како сум, дали можам да одам (5, 110); **најди**: Откоа излегов и пејдов кај цареа ќерка да ја прашам дали ме нашла, се зачудив коа чув да ми кажи оти во четири риби сум бил скриен на дно в море (2, 198); **напаси се**: Заошто, бре прчко, гризиш јаглење? Дали не си напасено денеска? (2, 15); **напраи**: Секој ден ’и праќала алајките (цареа ќерка) да видат дали вистина ќе напраит (момчето) родан за сам да преди, али лажи (3, 41); **нема**: Да је видел Госпо дали има суд, дали нема, во стреде градо арамија сака да ми плени жената! (5, 93); ...така си загинал Итроман Пејо од пустио срп, и жената му не го знаеше дали имаше глаа, дали немаше (6, 220); **никни**: Чекај сега да видам што ќе ми никне од дренките – си рекло само со себе (момчето) – дали рогои, дали уши? (3, 159); **обогатеи се**: Ах, анасана – си велел сам со себе (сирома-

ио) – дали ќе се обогатам некоаш и јас, како мнозина богати што има, што не знаат да се носат како богати? (4, 270); **одобри**: Му отворил (царо) тој муабет на мезличо еднаш, за да му види умо дали ќе му одобрат тоа нешто што сака тој да праи (4, 69); **омрси се**: Излегол посникот пред владиката и пред старците. Го прашале дали вистина се омрсил со млекото (4, 174); **онеме**: Вид. кај изразите; **отми**: Море, како го изгуби (браот), бре овчарко? Дали ти го украдоа? Дали ти го отмаа? Дали волко го изеде? (5, 223); **отрезни**: Вид. кај разбуди; **падни**: Ќе 'и прашаш (жено, пријателите) дали паднале од високо (6, 10); Како секое утро цареа ќерка што погледуала во јаболкницата да види дали е паднато јаболкото, така и тоа утро погледа (2, 199); **паси**: Бре, дали така те пасел син ми (бре прчко)? – рекол стариот. – Почекај сега да видит што ќе го најди него, никаквикон еден! (2, 15); Заошто (бре прчко) пак вечерва ми гризиш јаглење? Дали малку те пасев цел ден? (2, 15); **пиши** (*со гл. прид.* писан): Ја дајте, бре ѓаоли, тевтерите од дванаесетте години да видам дали је писано момчево за нешто? (4, 265); **познаа се**: Ја види ме во рилката, бре дрваре, дали се познаа раната што ми ја пресече? (2, 61); **прогоори**: Вид. кај изразите; **пука**: Ами ти, бре Силјане, како си сега со татка ти, али го ризаш потроа? Дали поеќе го пукаш? (2, 144); **разбери**: Е, попе, дали разбра што кажуат орлево? (5, 207); Се сврте (царот) откај садријазамот и го праша на уо дали разбра од муабетот што сторија со старио (5, 108); **разбуди**: Го изгледа градо и се врати назад (постарио брат) да го види брата си, дали се разбудил од соно и отрезна од пијанството (3, 249); **речи** (*со гл. прид.* речен): Дали вака ми било речено, наместо од прасе месо да јадам понапред, сега си јадам жаби (2, 150); **роди** (*со гл. прид.* роден): (Кадијата) беше го викнал касапо и беше го прашал, откога му дал клетва, да му кажи прао; јагнето дали од овца је родено, дали од кучка (4, 170); **руча**: Добро утро, чедо – му рекла – дали ми ти се руча, чедо, еве баба ти кај ми ти носит ручек (4, 244); **сака**(**т**): Пошло (момчето) при цареа ќерка и је прашало дали сакат да се криет (2, 194); Што бараш во нивата, бре пезевенк

– му свикал со лутина (момчето) – сега коа нема никој во неа? Дали сакаш снопје да крадиш? (3, 252); Џанăм, што ти е тебе, бре дедо – му рекло детето – ти дали сакаш кажи ми, да али му го украдуам (јарецот), али не, тоа е мое знаење (5, 355); **свети**: Е, сега што сакаш, царице, дали свеќа да ми светиш на трпеза, дали да те качам на два коња и после да те пуштам? (5, 333); **стои(т)**: Кога дошле (аргатите) до село, се побарал сиромаиот на рамо – за српот дали му стоит (2, 244); Колку вадел, толку јадел (богатио), и на два-три дни одел крај море да го гледа сандăко (со алтăните) дали стои (3, 225); **стори**: Ах, проклети десет браќа, дали ова ми го сторивте мене, чекај сега да видите што ќе ви сторам! (2, 257); **сум**: Вие бидејќи сте рисјани, оти работите денеска на ден Велигден? Дали сте момци при Турци? Дали при Евреи? (3, 263); Ај шоана, дали је жив овој смок дали је умрен? Ја чекај да го видам смоков дали је жив, ама не веруам да је жив, чунки глаа нема (3, 312); Заошто бре домаќине, одиш по овие ѓаолски самовили? Дали лоша сум јас? (2, 131); Оти не пиеш (вода) од мене, бре чоече, што маана ми наоѓаш? Дали не сум бистра и чиста, како некоа солза, дали што? (му рекла реката) (2, 231); **таксуа**: Вид. I. 1. а.; **тресит се**: Ја помини од одзади и види ми го газо – му рекол волкот (на чакалот) – дали ми се тресит (2, 41); (можи да) **трпи**: Ако сака Господ и свети Никола, ќе нè обогати, арно ама тој нè обидуа дали ќе можиме да трпиме докрај, да после ќе нè подари (4, 164); **трча**: Цел ден што бегало прекутрупа (детето), без да се сврти назад и да видит дали трчаат по него (2, 200); **умре**: (Жената) ошла да види дали умре мажот је, дали уште је жив (5, 300); **чека**: Вид. кај гази; **чуе**: Мори сестри, мори золви, дали чувте пилено како пеи? (3, 178)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 35; 2, 145; 2, 153; 2, 199; 2, 222); (3, 312); (4, 157; 4, 249; 4, 257; 4, 271); (5, 59; 5, 76; 5, 117); (6, 41; 6, 121; 6, 144; 6, 194) и др.

ДАЛЈАНКА *ж.* **пушка далјанка** – *вид пушка што пука надалеку;* Еве што сакам (другари) да ви кажам, да имам сега една пушка далјанка, да да ја клаам на колено (5, 161).

ДАМА *ж.* (грч. од итал.) *вид игра со карти, камчиња и сл.;* ...јас имам еден ј, прво да изиграме една ноќ една дама со тебе дури да се раздени со облог. (5,113); *со гл. прид.:* недоиграна: Откоа ги видел попоите владиката, беше ја остаил дамата како што била недоиграна (6, 167); *со глаголот* **игра**: Кога беа 'и чуле народот на света врата владиката и ѓаконот дама играат, едни шега се биле, а друзи се смеале (6, 167); Го приимала таа (Дуња Ѓузели најмалио брат) и му рекла да играат дама и да му свети мачката со свеќата, да кој ќе падни, тој да се заробит. (5, 114); Коа 'и чу тие зборои (најмалио брат) од Дуња Ѓузели, веднаш беше кандисал и се вкрстил да играат дама. (5, 113)

ДАМАР *м.* (тур.) *жила;* Ај еќимбаши – му рекол царот – јас наместо што да чекам да умирам сам, испив една отруачка од змија и еве кај нема да умрам. Ја види ме на јазик и на дамар (5, 271).

ДАМБАРА *изв. обично во сложениот извик* **дамбара-думбара**; овде: *самостојно – за имитирање на често удирање, тркалање и сл.;* Беше го турлосал (каменарот ангелот) со голема сила од одозгора удолу и дамбара со глаата од скала, по скала, дури наземи (4, 214).

ДАМЈАН *м.* **1**. *машко лично име;* овде: *име на светец;* свети бестребреници Кузман и Дамјан; Свети бестребреници Кузман и Дамјан – да лекуаат секакви болести без пари (4, 40).

2. *христијански празник.*

ДАМКА *ж. белег, петно;* Каков нишан ќе му клаиш (на човекот) и јас туку се чудам, али дамка на лицето, али што? – Ха, ха, дамка на лицето, дамка! Арно ти текна да речиш – му рекла треската (на борџот), ќе му удрам една жолтица и кој ќе го види ќе го познаи оти лежал од треска. (2, 108); Море, како твојата риба, бре Грку, ти зер дамка му удри (на рибата), да што велиш да ј е твоја? (6, 148)

ДАМЛА *ж.* (тур.) *паралитичен удар;* Коа чул сиро-

машки Грк оти со мамалига ќе ’а јадел Влао рибата, од мака што беше му паднало, бајалдисал и паднал ...еден друг Грк, дотрчал да види што го нашло што паднал Грко као од дамла (6, 140).

ДАН *изв. за подражавање на истрел од пушка и др.;* ...одовде да тргнам со пушката вака ја, дан, да видите дали не ќе удрам низ прстен јајце (5, 161).

ДАПЧЕ *ср. дем.* од д а б; Овде, овде ќе седам – му рекол ’рсланот на чоекот и седнал до едно дапче (2, 85); Џанам арно, ќе седниш – му рекол чоекот (на ’рсланот) – туку пак ќе си станиш; ела кандисај да те врзам со појасов за дапчево, дури да дојдам, да така те веруам (2, 85).

ДАР -ои *м.* **1**. *подарок;* На некој селанин му дал ѓаоло еден бесценет камен за да му го даит дар на царо (4, 284); Имајте надеж на Бога, и во вашата куќа да има дар од Бога! (4, 156); Та одбрал еден, постареа, егуменот, и го определил него да одит по четириесетте села и да му однесит дароите: на секоја девојка и дар (4, 259); *со именката:* **бериќет**; ...фатил (сиромаио) да му плачи (на Бога) и да му се моли да му придаи дар и бериќет за да можи да живеит (4, 85); Зар Госпо те прати, чорбаџи, оваа вечер да дојдиш при нас со дар и бериќет на треќата вечер од машкото ни дете што ни се роди (3, 191); *во мн.* **дарои**; ...ѓаолот што беше го закачил коњо со дароите во батакот ...сам си кажал оти тој кауѓер дента беше го маткал и коњо му го закачил во батакот (4, 261).

2. *она што на човека му е дадено, подарено (од бога), способност за нешто, дарба, талент;* овде: *со* **кăсмет**; Море брате бре, море не е лошо да ти даам (пари), туку не веруам да ’и додржиш, чунки толку ти е кăсметот и дарот (5, 224).

3. **дарои и марои** – *што било; што и да е;* Дарои и марои, свет и земја фати (мажу) ако сакаш, ама домаќин да бидиш и куќата да ја гледаш (4, 82).

~ Во и з р а з о т: **толку ми е дарот од Бога** – *толку знам, толку умеам;* И тоа што го печалам, на меана, али на комар не го давам, сѐ за куќи кај го носам, ами коа толку ми

е дарот од Бога? – Роди, бабо, дете! Ти така ми велиш! (4, 82)

~ Со п р и д а в к и т е: **голем**: Појдоа на Божи гроб луѓето од цар Костадина и остаија голем дар на гробо (4, 36); Чудото што го виде вистина е од самаго Бога и сам јас сум Бог, Господ Саваот, и барајќи ме ти со сѐ срце, еве ме најде. Арно ама не можам да ти поможам за да ти даам поголем дар, чунки си се родил во четвртава вечер, коа вечеравме сиромашкава вечера (4, 84–85); **некој**: ...жената му сакала богата да биди ...а пак тој, немајќи да ја донеси, паднал на молба пред Бога да му се моли да го подари со некој дар (4, 178); **секој**: Вид. совршен; **скап**: Изим му посака сватот (на царот) да му го прости сина си од домазетлѫкот и да го пуштит сосе ќерка му да си ’и однесит во своето царсто. Изваил царо најскапи дарои, го подарил ...и со голем салтанат ’и испратил дома (5, 141); **совршен**: Секој дар совршен ет од Бога даен на луѓето (4, 190).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Видуајќи змијата овчарчето, му се помолила да ја подаи стапо, да се вкачи и да не изгори, та ќе го даруа со еден голем дар (3, 69).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (4, 103; 4, 156; 4, 167) и др.

ДЍР (тур.) *во турска пословица приведена во овој контекст:* Ете, што рекле стари, една беља не е беља, ами Госпо да те чуа од многу бели! Бир беља, диљ беља, бин беља, беља дѫр – рекле Турците, и вистина така било (3, 158).

ДАРА *ж.* (тур.-грч.) *тоа што се отфрла (одзема) при мерењето некој производ;* Ја премери (билјаро) ракијата колку остана и му свали дарата; така премери и лебо и манџите и... на сичко му свали дарата (5, 29).

ДАРБА -и *ж.* **1**. *способност за нешто; талент;* Од оваа плунка што ти плукнав под јазик, ти ќе имаш дарба: што да помислиш и да речиш, тоа ќе ти се стори (2, 266); Фатил даскало да му ’и гледа дланките (на децата) и коа гледа пишано: ова дете има дарба за да стани цар, само ако се труди да ја развие дарбата (4, 191); На еден (ученик) му пишуало дарба за орач; на друг дарба за коач; на треќ дарба за водени-

чар; на четврти дарба за дрводелец; на петти дарба за терзија; на шести дарба за кожуар (4, 191); *во мн.* дарби; ...Господ му даде на егуменот да познава чоека што мисли и да му је мошне по рака пеењето на болни луѓе – да му пои и да оздравеат. Се прочу по тие дарби егуменот по многу страни (5, 275).

2. *својство;* Уште една дарба таа трева имаше. Кога да ја носеше сиромаиот со себе, секакви скришни работи видуаше што ќе се праеја во градо. (4, 129)

~ Со п р и д а в к и т е: **Божја**: ...треба да знаиш (брате даскале) оти Божјата дарба не е еднаква да е на луѓето, та да мислат и знаат сите едно (4, 190); **голема**: Голем маривет има тој касап и голема дарба што можи да сечи потавмин месо! (5, 170); Му дал чорбаџијата (на момчето) пак една лира и, откоа го поиспрашал за некој работи, го уценил оти голема дарба имат во него (5, 236); ...имал голема дарба (синот) да учи чалгија и друзи науки (5, 213); **даруана**: И така на сите ученици имало запишани секакви даруани дарби: на кого поголеми, на кого помали. (4, 191); **друг**: И друзи (деца) – за друзи големи дарби (му пишуало на дланките) (4, 191); **мала**: Вид. кај даруана; **таква**: Тебе, ако ти дал Господ таква дарба да разбираш (орлето што кажуат), кажи, да ти од мене не чекај да ти кажам (5, 207); Таквие дарби Госпо ’и подарил на сичките луѓе што се на земјава за да се можи да се живеи (4, 191).

~ Со п р и л о г о т: **башка-башка**; Ее, виде, даскале – му рекол Ристос – оти у секое дете има башка-башка дарба? (4, 191)

ДАРБИНА *ж.* Вид. **дарба**; Ај, бре чоече – му рекол Ристос на комарџијата – сакај што дарбина да ти даам за вечерата што ми ја даде (4, 66); Е, што дарбина да ти сакам, Ристо? И јас не знам, блаосој ми го занаатот што го имам (4, 66).

ДАРДААН *м. вид билка;* ...да одат двете кај селцкиот преметар да купат билки за да забаит (бабата на невестата)

и да го одвратит од другата жена и мажо је пак да си ја милуат неа. Отишле и купиле билки: демир-бозан и дардаан (4, 240).

ДАРИСА *гл. свр.* (тур.-грч.) *дарува;* ...момчето беше ’и дарисало (тројцата) со по една магарешка смоква и беше се сториле сите тројца магарења (3, 285).

ДАРМАДААНА *прил.* (грч.) направи некого дармадаана – *стори пуздер некого, уништи;* ...сета (војска) беше ја напраиле (звероите) камење, дармадаана, и трештила царската војска назад да бега (2, 209).

ДАРОИТ *прид. што има дарба за нешто;* ...греота е да пасит телци ова дароито момче (3, 165); ...ова дете дароито е за садријазам (4, 191); Така му пишуало на сите деца, кое за каков дароит чоек ќе бидит (4, 191).

~ Со и м е н к и т е: **дете** (4, 191); **момче** (3, 165); **чоек** (4, 191).

ДАРУА(Т) *гл. свр. (и несвр.)* **1**. *некого (со) нешто: му подари, му даде како дар, подарок.* **а**. *со предмет;* ...откоа видело детето оти не ќе можит да ’и задржит (татко му и мајка му), беше ’и даруал со стока, за дури да се живи да јадат и пак да му останит (5, 261); Ами си одбрал (бре синко) некое поарно девојче ...за да можиме да касниме еден залак леб, тој што ни го даруал Госпо – му рекол таткото (2, 220); Господ, Господ, сполај му, тој је даде на ќерка ми машко дете, синко. И вам Господ со некое машко да ве даруат, сеа побрго! (6, 128); Ако ме даруаш малце изварка, чорбаџи – му рекол Еѓуптино – за Бог да прости, и за некој грнец маштеница (6, 73); ...го грабнал (богатио) ангелатаго и го прегрнал, та од чедо повелико го избакнал и со големи бакшиши го даруал (4, 126). **б**. *самостојно;* Повели ми дома сега ај со мене, да ми бидиш нунко – му рекол (чоекот на ангелот) и го одведил, та му го крстил (детето) и откога го наручал и го даруал, го испратил да си одит (4, 87); Твои зборои, дедо, Божи уши – му рекла вдојцата – како му је мило на Бога, така нека н даруа, само му се молам на Бога: здравје да ни даит и живот, да бо-

гатство, колку што му је мило, толку нека ни дават (4, 154); ...си седи (един питач) на едно буниште и си викат: – Дарујте ме! – Еве сиромав, – му рече крало (на светијата) – колку пари да му даиме? (4, 57); По друг сокак стретија (крало и светијата) една жена со парталаи алишта и со неколку деца. Викат, пискат: – Дарујте ми, Боже чуај, брани! (4, 57); Бог да прости ти што ме даруа, светец али беше, ѓаол али беше, пак ќе ти речам Бог да прости што ме даруа, за да не легниме вечер гладни дома! (4, 253) **в**. **даруа + да + руча**: ...мила моја сестро, ќе те молам да ме прибериш и да ме даруаш да ручам, да ако сакаш и да ти измеќаруам дури сум жив (2, 135).

2. *ѕаѕе способност, талент за нешто; наѕари;* Арно, бре братко – му рекол чоекот – туку ете Господ, сполај му, ми даруал една мрза, тики да не ми је мила работата, да на тоа некое чаре да ми најдиш, оти за да работам, јас сам знам (6, 92); *со гл. приѕ.* даруан: И така на сите ученици имало запишани секакви даруани дарби: на кого поголеми, на кого помали. (4, 191)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 219); (3, 69); (4, 57; 4, 80; 4, 163); (5, 53; 5, 157) и др.

ДАСКАЛ *м.* (грч.) 1. *учител;* Утрото рано си ошла бабата на работа, а син је на даскал, и затворила куќата (2, 176); ...јас научив еден даскал да не веруа во Бога (3, 299); *во форма за обраќање:* брате даскале: Брате даскале, ти си за фалење дека се трудиш да ’и научиш сите деца да знаат (4, 190); *со личното име:* Блаже: (Луѓето) да прикажуват, како што ми прикажа денеска даскало Блаже (4, 196).

2. *(со предлог пред себе) училиште;* Многу девојчиња царот и царицата му навртуале да је бидат другачки (на девојчето) и за на даскал и за играње, арно ама тоа неќело никое (2, 165); *со глагол + предлог:* даи на: Сопрво дај ’и (децата) по некоја година на даскал да се понаучат книга и после ќе ’и главиш едното на казанции, другото на терзии (4, 92); дојди од: Варејќим пилето на огнот, дошле двете деца од даскал и се прибрале крај огон (3, 374); иди од: Одејќи си по еден сокак, видел две деца што си иделе од даскал и многу му се

пулеле в очи децата на богатио (3, 227); оди на: Од што многу што се милуале, на даскал сѐ двете (девојчиња) си оделе. (2, 165); Детето мошне си го милуало ждребето и, секое одење на даскал и од даскал идење, дури не појдело кај ждребето, не било возможно (3, 53); однеси на: Два саата на ден носам тоар едно дете од седум години за да го однесам на даскал и да го донесам (2, 73); отиди на: Отишол (синот) на даскал да се учи книга (5, 212); прати на: Од другио ден чорбаџијата го промени детето со најубаите алишта и го прати на даскал да си учи книга (5, 237); учи на: Го учил (царот детето) на даскал, го учил од мерата надвор и изучило детето (3, 276).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Еве како се прикажуат за еден даскал коа си ја преслушуал учениците. Таман тогај беше се погодило да поминуа Ристос покрај чколијата, и чул да се срди даскало на децата, да ’и тепа (4, 190).

ДАСКАЛНИЦА *ж. училница, училиште;* ...не треба (даскале) да се косиш толку многу дека не му фаќа умот на сите деца што ’и учиш, и не треба да ’и тераш од даскалница (4, 191).

ДАУЏИЈА -ии *м.* (тур.) *тужител;* (Момчето) се сторило дауџија на царот оти да го клаит во друга одаја како под затвор (2, 241); Е, бре момче, еве дауџии имаш на тебе, оти не си го кренал снегон, еве немало кај да му пасат овците (5, 369).

~ Со и м е н к а т а: **шерет**: ...ај анаснă, што беше ти бил шерет дауџија, проклет да биди, сио народ го кандиса да је вистина како што вели тој (5, 95).

ДАШКИ *прид.* (алб.: даше) јагне дашко – *малечко јагне што оди по дете (објаснението е од Цепенков);* Си тргнал посникот да си ојт в град, и мечката тргнала по него како некое јагне дашко (4, 174); Сите што гледале се чуделе како да одит мечка по посникот, како јагне по дете (како дашко) (4, 174).

ДВА *бр. за еден поголем од бројот 1 (се бележи со цифрата 2) за м. род.* **1**. *со именки што означуваат пред-*

мет. **а**. *во нечленувана форма*; Во истото време беа дошле две утки, та беа застанале на два ѕида распаднати и почнале да си утаат (3, 77); Му сошија (браќата на помалио брат) два ката алишта (3, 311); Излегол царот на едно широко поле, наредил два реда војска, за помеѓу војската да врват луѓето (5, 276); Јас уште од детинсто од два дни и три го јадев (лебо) и на неделата еднаш од двесте и педесет меура собраното је го давам на жената ми кога ја имав (5, 112); Од арно поарно си поминуам, побратиме ...чунки два саата на ден носам тоар едно дете од седум години (2, 73). **б**. самостојно; ...ако је и тој колку мене, треба да јади еден сомун или два поеќе од мене (5, 305); После тие се свестија и си велеа оти "ние треба да сме многу грешни, што н гледа така нас со по еден самар, а попоите по два" (6, 174). **в**. *во членувана форма*: **двата** – *обата*; Ха, ха, не бидуа да јадам, доста ми се двата рога што се испраија како некој драгои! (3, 159); Беше се плакала (царската ќерка) на татка е, и татко е беше ја научил да си намачкат двата прста со катран, и во која порта ќе влезит, да ја бележит (2, 250); ...тики се налути (царо) и со двата прста стори како да беше пред него ти и ти 'и пикна в очи (4, 99); Тој вели оти пред негоите очи си 'и отепал (пците) со двата пиштола (3, 71).

2. *со именки што означуваат живи суштества.* **а**. *во нечленувана форма;* Друга една прикаска има спроти оваа пак со два брата (3, 252); ...му сакаат (Еѓупците) од царот леснина: маж и арч, а не два мажа и арч, како што плаќале дотогај (6, 110); Видело (момчето) два ѓаоли на чоечко лице препраени кај се караат (3, 160); ...постарио брат ватил да напредуа во стоката: ако имал сто овци, 'и намножил сто педесе, ако имал два вола, 'и сторил четири (3, 309); Тргнало овчарчето од планина на планина и нигде не могло да најди два орла на едно место (3, 72); Е, сега што сакаш, царице, дали свеќа да ми светиш на трпеза, дали да те качам на два коња и после да те пуштам? (5, 333); Си имал (овчарот) и два пци, мошне лоши (2, 43). **б**. *во членувана форма:* двата – *обата, двајцата; (за човек);* Откоа се поиспоприкажаа двата каска-

тии, спаа и утрото си отиде Пишман аџијата дома и по некој ден си умрел (5, 327); Се спремале двата зетои да одат да бараат млеко и научила малата ќерка коа ќе одаат (2, 289); Откоа се видоа двата госта застрамени од селанецот, беше го викнале за да го прашаат. – А, бре пријателе ...од кај знаевте вчера оти ќе врни? (5, 43); ...разбрал царот оти (момчето) е брат му и ја викнал сестра си, ...та си го прегрнале и се изнашле двата браќа и сестра му (3, 285); ...беа напрајле три крстои, та го распнале Ристоса и двата арамии (4, 25); ...пробуричкале (луѓето во киселината), та усетиле оти има пари криени од двата ортаци и се изочи работата (6, 55); *(за животно);* Ами двата коња ти што имаш – те ризаат барем троа за тоарот да ти го носат? – му рекол царот (на старио) (5, 63); Кога што да види! Двата пци изедени, овците сите издавени од волците (5, 307). **в**. *самостојно (во служба на именка)* двата – *обата, двајцата;* ...поседи ти малку до дрвоно (’рслане), дури да појдам до двата (му рекол чоекот) (2, 85); Се здружиле по патот (сенарот и јагленарот) и се удриа на пазар да напраат еден пазарлăк двата (5, 20); Ете како било од Бога здано двата пак да се најдиме и цареи да бидиме! (му рекол царо на момчето) (3, 164).

3. *за м. и ж. род* **двата** – *двајцата;* ...чуле еден глас силен, што дури се уплашиле двата – царица Елена и цар Костадин, и рипнале од соно (4, 32); Да поплачиме двата (лисо): ти од болештината на секирата, а јас од болештината од нозете (је рекол чоекот) (2, 33).

~ Во и з р а з и т е: **бес бараше**, **два си најде** – *од лошо на полошо се најде;* Коа чуја и видоа селаните тоа чудо, се зачудија и рекоа: – Бес бараше (бабата), два си најде; што си бара, тоа си најде; бетăр нека биди, лели је стрвна и невредна! (4, 280); Ах, ќерко, ќерко, је рекла мајка је и татко је – бес бараше, два си најде, што ти требаше да праиш јунасто, та да земиш едно старо аро (3, 216); **во два дни** – *во текот на два дена;* Викнала бабата еден ербап терзија и во два дни му ’и сошил алиштата, и на часо ’и натерал ќерките од старата да се променат (3, 53); **во два саата** – *во текот на два часа;*

Како ја вадиле (колата од калта), вадиле, одвај во два саата беше ја изваиле (5, 303); **два-три збора** – *накратко;* ...пак не би кăсмет да се стави (момчето) со царцката ќерка, да си прогоорат два-три збора (2, 288); **ден**, **два**; **ден-два** – *околу ѕва ѕена;* Ден, два, три, пет, десет поминале, сѐ така си седел (мажо) на столчето, како што седел царот (3, 319); Ден-два гладуал (глушецот) (2, 66); Ден-два стојало овчарчето сѐ задумано како фесфеселија (3, 221); Одиле, што одиле (двете момчиња) некој ден-два и дошле до една река кај што требало да ја газат (3, 290); **еден-два збора** – *кратко;* ...коа го молив (Бога, пријателе) за да те обогати, ми рече еден-два збора чудни, коа те фалев тебе (4, 213); **за два** – *за ѕвапати;* Дуовнико бил едно четворно мажиште, за два од арамијата (5, 197); **зборот два не (беше) му го сторил(а)** – *не се противел(а);* Му рекол свети Петар на Господ да му ’и блаосоит (книгите), и Господ зборот два не му сторил, му ’и блаосоил, дури му ’и надблаосоил (4, 64); Бидејќи жената беше многу богата и возљубена за него, зборо два не беше му го сторила (3, 274); **месец-два** – *околу ѕва месеца;* По некој месец-два, па стоел (домаќинот) гајлелија и замислен како напре (6, 11); **(на) два пати** – *ѕвапати, ѕвократно;* Ај влези сега ти (кај кокошките), ...оти јас два пати кај влегуам (2, 29); О, о, тамам, ти еднаш ако н дексаш нам, ние ќе те дексаме два пати (3, 117); Е, е, два пати црква сум бил. Е, а еднаш сум бил на конак при бего (6, 217); ...сега згора-згора ви кажуам (браќа) оти и јас се сторив штрк на два пати и едно цело лето сум ви седел овде (2, 157); **на два дни** – *во текот на ѕва ѕена;* Колку добивал, толку поеќе скржав се чинел и најпосле од скржавштината и тамавќарштината на два дни еднаш леб јадел (6, 88); (Жената) беше ’и ватила (децата) да ’и тепат и да ’и мачит на најтешки работи; на два дни, еднаш малце лебец му давала (2, 178); **саат-два** – *околу ѕва часа;* Стоејќи ќелешо некој саат, два, туку беше довтасала една змија, со голема сила, да врви крај него и го добаила за врат (2, 265); ...му се стегна да оди јако (момчето) и за некој саат-два од град надвор беше ’и втасал двајцата другари (3, 289); **твојо збор два не биду-**

ат – *твојот збор не се порекнува;* Така нека бидит, мори сестро – је рекле двете наречници на постарата – лели велиш ти, твојо збор два не бидуат (3, 184).

~ Со б р о е в и т е и б р о ј н и т е и м е н к и: **еден-два**: ...колку пречекори еден-два чекори (лиса) и стапила во стапица, та чкрап! – се ватила за предните нозе (2, 28); **два-три**: Два-три пати... му повторил Бугарино на дервишот (6, 127); Да си ваќам еден маж по два-три пати во недела (5, 266); (Силјан) два-три дни не си идел ни во најсилната работа дома (2, 137); **два-тројца**: (Лиса) ако најдела два-тројца да стори другари со неа, ќе одела на аџилак (2, 5); ...видоа два-тројца арамии обружани кој му пресекоа пато да ’и чекаат да да ’и слечат (5, 59); **два-тринаесет**: И таа имала едно девојче од два-тринаесет години (5, 244); **два-триесет**: ...не знаеше сирото оти од негоата уста му течеа по два-триесет лири ката утро, од срцето на позлаќеното пиле што беше го голтнал (3, 152); Кога гледат (вурнаџијата), пред устата (на детето) истурени два-триесет лири! (3, 152); Ја полекуало два-триесет дни момчето (Дуња Ѓузели) со шеќер-шербети и едно утро ѝ дал нешто силно за блуење (3, 162); **триесет и два**; Ами со триесетте и два како си? – Не чинам пари со нив – му одгоорил старио (на царот) – чунки без дваесет и осум триесет и два имам (5, 63).

~ Со и м е н к и т е: **алај** (4, 10), **алтăн** (5, 138), **арамија** (4, 25; 4, 35; 5, 59); **баџанак** (2, 294; 3, 31), **брав** (2, 22; 2, 25), **брат** (3, 252; 3, 285); **венец** (5, 337), **вечер** (5, 32), **вол** (3, 309; 4, 112); **гос** (5, 43), **град** (3, 276; 5, 323), **гроб** (2, 187), **грош** (3, 149; 5, 137; 5, 141; 6, 56; 6, 61), **гулаб** (3, 109; 4, 128; 4, 178); ден (2, 60; 2, 169; 2, 178; 2, 264; 3, 53; 3, 162; 3, 314; 3, 319; 4, 78; 5, 112; 5, 318; 6, 11; 6, 88), **другар** (2, 7), **друм** (3, 156; 3, 163); **ѓаол** (3, 160; 4, 287); **загар** (3, 173), **збор** (2, 288; 3, 274; 4, 64; 4, 213; 5, 226; 6, 152), **зет** (2, 289; 2, 290); **севгар** (2, 161), sид (3, 77); **извор** (2, 146; 2, 157); **камен** (2, 189), **каскатија** (5, 327), **кат** (3, 311), **клуч** (3, 24; 5, 195), **комат** (4, 270), **коњ** (2, 255; 2, 282; 2, 284; 2, 295; 3, 290; 5, 63; 5, 333; 6, 204), **кош** (5, 141), **крај** (4, 15), **крс** (4, 35), **куп** (4, 29); **леб** (4, 82), **лешник** (3, 174); **маж** (6, 10; 6, 11; 6,

12; 6, 110; 6, 111; 6, 116; 6, 117), **месец** (5, 128), **минц** (5, 187), **мразулец** (6, 111), **муур** (4, 236); **орев** (3, 72; 3, 254), **орел** (3, 72; 3, 80); **ортак** (6, 55); **пат** (2, 157; 3, 124; 3, 276; 5, 266; 6, 127), **пес** (2, 43; 5, 307), **петел** (6, 67), **пиштол** (3, 71), **прст** (2, 88; 2, 250; 4, 99; 4, 236), **прстен** (5, 337); **ред** (5, 276), **рог** (3, 158; 3, 159; 4, 220; 4, 246; 4, 260); **саан** (5, 343; 5, 345), **саат** (2, 73; 3, 289; 4, 275; 5, 247; 5, 303), **самар** (6, 174), **сандǎк** (5, 120), **селанин** (6, 98), **скорен** (3, 176), **сокол** (3, 173; 3, 174), **сомун** (5, 305), **срп** (3, 252), **стап** (3, 160; 3, 163), **ствар** (4, 238); **тељ** (3, 272), **тоар** (4, 284), **ум** (2, 28); **чакмак** (5, 150), **чамчак** (6, 141), **чекор** (2, 28).

~ Во други примери: (2, 7; 2, 22; 2, 33; 2, 44; 2, 60; 2, 180; 2, 263; 2, 264); (3, 164); (4, 25; 4, 41; 4, 82; 4, 89; 4, 103; 4, 166); (5, 20; 5, 77; 5, 108; 5, 359; 5, 371); (6, 98; 6, 128) и др.

ДВАЕСЕМИНА, **ДВАЈСЕМИНА** *бр. 20 уши;* Идејќи, најдов дваесемина најлоши арамии (4, 92); Немаше ноќ што да не се отепаат десет, двајсемина луѓе (4, 145).

~ Со именките: **арамија** и **луѓе**.

ДВАЕСЕ(Т) и **ДВАЈСЕТ** *бр. бројот 20 – двапати поголем од десет.* а. *во самостојна употреба;* Ја уште троа посмали, бре Манго! – Е, дваесет беа, де! – рекол Манго (6, 110); Ја уште троа посмали, бре Манго – му рекол чоеко. – Па барем до дваесе беа де – му рекол Манго (6, 188). **б**. *со именки;* (Песот) на дваесет волци му идел од ако (5, 8); (Да) ми поклониш уште дваесет години живот (4, 65); Аман, евенд***а***м ..јас ви го знам адетот колку ви се дава за каве параси, да ти даам десет пари, да прекусила дваесет пари (5, 144); Му ја подарил (чорбаџијата) куќата на сиромајио, и друзи пари уште му дал и купил дваесет тоари сол (3, 232); *во членувана форма* дваесетте: Така го прашал кадијата (каурино) и на дваесетте и на триесетте стапои, дали ја видел новата месечина (6, 81); Бидејќи дните пријатело ’и бројал и ноќите, та коа дошло дваесетте дни ’и слагал четириесе (3, 64); Му казал анџијата (на чоекот што ќе го бесеа) оти една млада јабанџика невеста дала дваесетте грошеј (вергија) (5, 249); *во формата* двајсет: Двајсет или поеќе години да биди живо (детето), ду-

ри да доит за женење и да му се дава мома од сите градеи и кралеј (3, 176).

~ Во и з р а з и т е: **во дваесет и четири саати** – *во текот на дваесет и четири саати, во текот на едно денонокие;* Честит царе: шапкава да ја клааш на глаа, никој не можи да те видит; опинциве да 'и обуеш, сета земја во дваесет и четири саати моиш да ја изодиш (4, 238); Една лоша треска, беше го стресло (Адама): одземи го кревала, од студ што му било, забите ќе си ги искршел ...Одвај беше се стоплил во дваесет и четири саати (4, 20); Во дваесет и четири саати го наредија нивнио рај, и коа видоа ангелите оти и тие можат рај да напраат, веднаш се возгордеа (4, 10); **дваесет и четири саати** – *едно денонокие;* Момчето се препраало на немо... На тоа згора, му се молил капидано на тргоецо, да му даи и нему дваесет и четири саати ваде да го прозборуат (5, 241); Сите замолчија, да не нешто го разбудат (царот), најпосле го кладоа на перница и спал дваесе и четири саати (2, 217); **дваесе пати** дваесетпати – *двапати по десет, повторено 20 пати;* Море, арно (апоите) го извадоа понадвор, еќимбаши, туку ете го умре чоекот, кога по дваесе пати на саат го тераше (6, 184); **до дваесет и четири саати** – *кога поминале 24 саати;* Дури си ошол (тргоецо) дома, си умрел; до дваесет и четири саати му умрела и жената му (3, 261); До дваесет и четири саата туку пораснал еден орев голем, до немајкаде и за чудење големо, заврза орев, и уздрејал (5, 68); **за дваесет и четири саати** – *за едно денонокие;* На ошто да се качам да ја поминам Земјава околу наоколу за дваесет и четири саати? (5, 100); **на дваесе саати** – *кога поминале 20 саати;* Така рекла (невестата) и си умрела; на дваесе саати умрело и детето (2, 190); **од дваесе и четири саати** – *од едно денонокие;* Откоа си ја пуштил крвта премудри Соломон не живеел од дваесе и четири саати поеќе. (3, 64)

~ Со д р у г и б р о е в и: **дваесет и четири**: До дваесет и четири саати му умрела и жената му (3, 261); **дваесе(т) и пет**: Дај ми дваесет и пет грошеи за рибата што ти ја зеде измеќарот (6, 62); Отишол еднио у еден рибар и купил една ри-

ба орицка за дваесе и пет грошеи (6, 61); Еднио имал син од дваесет и пет години, а пак другио имал ќерка од осумнаесет години (5, 71); **дваесет и осум**: Не чинам пари со нив... без дваесет и осум триесет и два имам (5, 63); **сто дваесет**: Најпосле бевме (садријазами) кај старио од сто дваесет годиње (5, 112).

~ Со именките: **волк** (5, 8); **година** (2, 167; 3, 204; 4, 65; 4, 185; 4, 186; 5, 123), **грош** (2, 248; 3, 224; 3, 274; 5, 249; 6, 61; 6, 62; 6, 80); **ден** (3, 64; 3, 65); **крава** (3, 80); **лира** (5, 144); **пара** (5, 15; 5, 137; 5, 144), **пат** (6, 184); **саат** (2, 148; 2, 190; 2, 217; 3, 64; 3, 261; 4, 10; 4, 20; 4, 94; 4, 238; 5, 68; 5, 100; 5, 241), **свешник** (4, 84), **стап** (6, 80; 6, 81); **тоар** (3, 232; 3, 234); **форинта** (6, 79).

~ Со прилогот: **токмо**: Отаде беа се упатиле (штркоите) прао за кај нас да идат; летале, летале токмо дваесет и четири саати, дошле до една ада (2, 148).

ДВАЕСЕТИНА *бр. приближен; околу 20;* Би како би... сите се натокмија на белего, и бабиното момче стојало дваесетина чекори скраја и се препраало како да не знаи ништо (3, 56).

~ Со именката: **чекор**; Вид. го горниот пример.

ДВАЕСЕТИНАМИНА *бр. им.* **дваесетина мина** – *околу 20 луѓе;* Во една селцка куќа што имало дваесетинамина луѓе, кое синои, кое внуци, беше жениле едно момче и беа му зеле невеста (6, 38).

~ Со именката: **луѓе**; Вид. го горниот пример.

ДВАЕСЕ(Т)ИПЕТГОДИШЕН -шна *прил. што има 25 години;* ...момчето излегло од мусандрата и му ја зел глаата (на царо), та го супраила и утрото се јавила Дуња Ѓузели пред народот со дваесетипетгодишен цар (3, 53); ...јас имам еден маривет што можам тебе да те подмладам од стар на дваесе и петгодишно момче... (3, 52)

~ Со именките: **момче** и **цар**; Вид. ги горните примери.

ДВАЕСЕТПАТИ *прил. толку колку што е помножено со 20; дваесеткратно, дваесетструко;* Богасто, богасто

Туна и Сава имал (чоеко) и од брата му десетпати и речи двaесетпати побогат станал (3, 274).

ДВАЈСЕМИНА *бр. им.* Вид. дваесемина.

ДВАЈСЕТ *бр.* Вид. дваесет.

ДВАЈЦА -та, **ДВОИЦА** и **ДВОЈЦА** -та *мн. бр. им. 2 лица: машки или машко и женско.* **1**. *самостојно;* Е, лели је така, лисо, јас таа работа ќе ја свршам, еден нека умрит поарно ошто двајца да умриме (2, 9); Гледај сега што кăсмет сум имала, секоаш јадев по еден чоек, а сега ќе јадам двајца! (2, 116); ...да ми напраиш (царе) еден венер, колку за двајца да бери, од коприна, што да лета по облаци (3, 49); Откоа вати да је иди царев син на цареа ќерка, нарачала за двајца да је носат манџа (3, 61); Еден ден се созборуал ѓаолот со неколцина дружина ѓаоли и се напраил една маска многу лична, а двајца се напраиле џамбази (4, 225); Откоа видела царицата од тие двајца жалбата, посакала таа да му даи пресудба (5, 107); *во членувана форма;* ...татко ни умре и ни остаи по неколку илјади грошеи пари на двајцата (3, 250); Еден философ и еден еќим патуале двајцата и дошле во едно село, та кондисале во една куќа да преноќеваат (5, 41); Али за момчето наше, што сме го остаиле двајцата за да биди будалесто? ...Ете за тоа де, видиш како знаиш (2, 237).

2. *со именки што значат лица;* Си имала една жена двајца мажи арамии; еднио си го имала за навечер, а другио за дење (6, 65); Пред шеесет години идејќи Дерменко папуџијата од лозје, в Прилеп видел двајца Турци крај виројте кај туку наsираат во водата (6, 80); Влегоа двајца пливци да ја бараат ќерка му од старата (2, 187); Ах – велел царот – како не се најде еден јунак да ’и наттрчат овие двајца јабанџии! (3, 58); ...беше седнал и Симеон покрај некоја река со двајца учени Евреи као него да го чекаат Риста и се разгоарале помеѓу си (4, 41); Двоица самарџии си биле ортаци; еднио бил женет, а другио беќар, и името му било на беќарот Петко (6, 69); *во членувана форма;* ...беа отрчале Евреите и ’и кренале дрвјата, та беа ’и напраиле три крста и на еднио крс распнале

Риста, а на друзите двојцата арамии (4, 29); Коа ’и чул тие зборои царот од малио зет, ’и внесол во една одаја двајцата баџанаци и ’и натерал да си собујат гаќите (2, 294); Бегај оттука – је рекол (царот на ќерка си) – двајцата зетои не нашле од вил млеко, што отидоа до крај земја, да ќелешот твој нашол (3, 30); Честити царе, ние ќе ти кажиме – му рекле двајцата Руси што беа сторени оџи – што бакшиш на кралот да му пратиш (4, 39); И двајцата браќа си ’и послушале жените, која како му велеше, и така работил на туѓина (5, 45).

~ Во и з р а з и т е: **двајца и двајца** – *четворица;* ’И испратил (егумено) кауѓерите, двајца и двајца да ода(т) на тој манастир, и по некој саат тргнал тој да оди пеш на манастир (4, 205); **двајца и тројца** – *петмина;* Едно се чул аберот од момчаците, и тргнале да идат двајца и тројца другари, за во столнината од царот (4, 95).

~ Со и м е н к и т е: **арамија** (4, 29; 5, 21; 5, 60; 6, 208), **аргат** (5, 327), **Арнаутин** (6, 125), **баџанак** (2, 294), **богаташ** (5, 323), **брат** (3, 243; 3, 299; 5, 45; 5, 50; 6, 123), **братучед** (5, 77); Грк (6, 148); **дрвар** (5, 75), **другар** (3, 289; 4, 95; 5, 97; 6, 185); ѓакон (2, 105), **Евреин** (4, 41), **Еѓуптин** (3, 205); **зет** (3, 30); измеќар (5, 158), **инаетчија** (5, 22); **јабанџија** (3, 58), **јунак** (3, 57); **каигџија** (3, 226), **комшија** (5, 33); **лаж** (5, 99; 6, 181; 6, 193), **луѓе** (4, 94; 4, 129; 5, 71; 5, 72; 5, 282); **маж** (6, 65); **меанџија** (6, 55); **милиондар** (5, 323); **ортак** (4, 272; 6, 55); **пеливан** (3, 58), **питач** (3, 236), **пливец** (2, 187), **Помак** (6, 129); **пријател** (4, 49; 5, 281); **Русин** (4, 38; 4, 39; 4, 40); **самарџија** (6, 69); **сиромав** (5, 76; 5, 78), **слепец** (3, 235), софта (4, 39); **трговец** (6, 85), **Турчин** (6, 80; 6, 129); **чоадар** (5, 335), **чорбаџија** (5, 16); **џандар** (4, 213), **џељат** (5, 130).

ДВАНАЕСЕМИНА *бр. им.* **дванаесетмина** *12 луши;* Море мошне арно знаиш, бре свети Петре, оти јас го канив Господ сам на гости дома кај мене, арно ама тој со дванаесемина ми дојде (4, 65); **дванаесемина:** Ако имаш ти една ругузина место, го имаш саде за тебе, а не и дванаесемина што ’и носиш по тебе (4, 65); **дванаесе мина**: ...во расјето, беше нашол дванаесет мина арамии, од најлошите на веков (4, 91).

ДВАНАЕСЕ(Т) -те *бр. обичен број 12, за 9ве е9иници по̄голем о9 9есе̄т.* **1**. **а**. *самосто̄јно* (се однесува на предмет); Блаосојниче кауѓере, ти се мачиш да ’и донесиш саатите да дојдат на еден карар, да бијат токмо на дванаесе и еве кај се мачиш толкуа време и па не ’и донесе (5, 41). б. *9ванаесе̄тмина;* Море мошне арно знаиш, бре свети Петре, оти јас го канив Господ сам на гости дома кај мене, арно ама тој со дванаесемина ми дојде. Да и јас сега му идам со дванаесет (4, 65); Вистина, Господи Исусе Ристе, саде мене ме викна, ама кога дојде ти у мене на гости, ми дојде со тринаесетмина, ами јас еве ти идам со дванаесет (4, 68).

2. *со о̄пшти именки.* **а**. *во нечленувана форма;* Ја опколиле (сестра му на царо) дванаесет алајки, која пола крепела, која ракаи држала, која за мишки ја крепела (5, 134); Кума лисо, кума лисо, ја излези, оти ти носам квачка со дванаесе пилиња (2, 21); Завртуајќи овчаро овците, кога гледа дванаесет волци, удаени и распарталаени (5, 9); Ами коа ќе дојде време да се мажат на петнаесе и до дванаесе години, како ќе привтасаат пусти мајки и татковци да ’и поучуаат и да донаучат ќерка си, да бидат домаќинки? (5, 268); Тој си имал две машки деца по осумдевет години и едно девојче от дванаесет години (3, 274); Одија, што одија (браќата) и стретоа една воденица со дванаесет камење, кај мели брашно (3, 103); Да ако сум чесна јас, ич не бој се (мажу) ...ако сум бесчесна, во сандак да ме заклучиш со дванаесет клучеи и пак не ќе ме дочуаш (6, 23); (Царо) зел та ’и дотерал сите саати токму на дванаесе саато (5, 40). **б**. *во членувана форма;* ...педесет души го мелат брашното, а друзи го печат леб, та му го давале на еден јунак чоек што седел тамо да го јади и сиот леб го јадел од дванаесетте воденици што го мелеа, и пак бил недојаден (3, 103); ...јас коа вечерам (синко) со дванаесетте свешници, тогај тие луѓе што ќе се рода(т), наречниците ќе му наречат да се најмногу богати (4, 85).

3. *(со именки о9 м. ро9 што значат лица) 9ванаесе̄тмина;* Кога шетал Господ по земњава со дванаесетте апостоли, кога да влезит во некој град, мнозина богати го канеле

Господ на вечера на гости (4, 63); На трговците му кажале батакчиите за амало напраен на владика, оти јет некој владика голем од патрикааната, од дванаесетте владици, пратен од патрико да земи некаква стока (6, 152).

4. **дванаесет и пол**: ...беше нашол (сиромавио) илјада јајца у еден пазарџија и ’и купил за дванаесет и пол гроша илјадата, со ниет да ’и носи во Стамбол (5, 147); Хааа, да ти си што си купил илјада јајца за дванаесет и пол и си ’и продал за двесте и педесет грошеи, што си се прочул дури во Стамбол? (5, 148)

~ Во и з р а з о т: **удри дванаесе саато** – *точно е ѕванаесет часот;* Арно (саатите) работеле и биеле, ама коа ќе удреле дванаесе саато, сите не удирале во истите декики (5, 40).

~ Со и м е н к и т е: **алајка** (5, 134), **апостол** (4, 63; 4, 66); **владика** (6, 152), **воденица** (3, 103), **волк** (5, 8; 5, 9), **вретено** (5, 169); **година** (2, 91; 2, 272; 2, 280; 3, 274; 4, 264; 4, 265; 5, 65; 5, 268), **грош** (5, 147; 5, 148; 5, 173); **камен** (3, 103), **клуч** (6, 23); **магаре** (2, 59), **мина** (4, 91); **манџа** (4, 79); **пиле** (2, 20; 2, 21; 3, 38; 3, 59; 4, 251; 5, 322); **пол** (5, 147); **саат** (5, 40); **свешник** (4, 85; 4, 79); **тељ** (4, 255), **турлија** (4, 79).

ДВАПАТИ *прил. еѕнаш и уште еѕнаш, ѕваж, ѕвојно;* Та, море Итроман Пејо, та тизе си бил двапати на пазар и трипати на црква (6, 221); *со ѕруги прилози:* **досега**: Јас, што работам на стари дни, кăсмет сум на друзи, чунки двапати досега арамиите ме пленили и уште еднаш се токмат да ме пленат (5, 63); **поеќе**: ...по Божја заповед осиромаше нунката, а крштеницата се обогати двапати поеќе од нунката (4, 144); **уште**: Уште двапати, мајко, ќе одиш (кај царот) да му речиш и на треќиот пат ќе ми ја даит (ќерка си) (2, 169); Речи му, уште еднаш не идам – му рекло коњчето на момчето – ами уште двапати ќе дојдам (2, 260); *со глаголите:* **дојди**: Вид. кај уште; **зготви**: Вид. кај изразот; **јавуат се**: Ај анасăнă ..каква работа ќе бидит оваа што ми се јавуат двапати на сон кăсметот? (3, 242); **крие се**: Ај, вистина тамо бев – му кажало момчето – честита цареа ќерко! Јас ќе се кријам уште двапати, да

како ќе ми поможи Госпо (2, 195); **куртулиса**: Вид. кај изразот; **обогати се**: Вид. кај поеќе; **оди**: Вид. кај уште; **плени**: Вид. кај досега.

~ Во и з р а з о т: **на двапати** – *на начин повторувајќи два пати, еднаш и уште еднаш;* Царо и аскеро туку седи и се чуди од кај ќе биди тој јунак што на двапати 'и куртулисал од толкуа голема војска (2, 291); Ете, како ме куртулиса на двапати Госпо од тебе и најпосле ме обогати поеќе од тебе и ме направи царцки зет (2, 295); Браос, мајсторе, а, така те сакам де! ...Па и ти си чоек, треба да јадиш и ти риба, ами оти била голема, ти мои и на двапати да ја зготвиш и да јадиш (3, 229).

ДВАШ *прил.* **дваж** – *двапати, двојно, двократо, двоструко;* Чу Ајшето, арно ама заборaила како да речи. Викнал татко ѝ уште еднаш, уште дваш: – Ајше кăзăм, ач капии! (6, 133); У-у, ќерко, вие еднаш ако ме сакате, јас дваш ве сакам! (4, 244); Клукна (братот) еднаш, дваш и сестра му чу (2, 191); Те удри еднаш некој, ти удри го дваш, не лежи му, оти и решетото срце имат, ако го стапиш, ќе рипни да те удри в чело (4, 242).

ДВЕ *бр. за еден поголем од бројот 1* (*се бележи со цифрата 2) за ж. и ср. род.* **1**. **а**. *со именки;* Ај, Бог да го прости – рекле Ѓупците – види под носот му горат две свеќи, чунки се посвети (Манго) (6, 111); Бабата ...посакала две лајци за да јадит (пилав) (4, 234); ...мојот стопан фиљанкишија, што је кавеџија... со две пари кавето што го продаа си рани дечињата (3, 224); Еве две години време кај ќе ме видиш, сѐ ќе ме јадиш: "Јас ти ја куртулисав раката од судо... " (5, 19); Утредента две војски донесе другио цар и па го победи царо и трешти да бега сио аскер (2, 291); *во членувана форма:* **двене**: И вие би се смеале, бре аги, ако да знаевте што се караат двене врапчиња што се на трнон, ама не знаите, та затоа (3, 71). **б**. *самостојно;* Не знаев, пријателе ...оти да знаев, ќе те прашав и коа ќе ти кажев оти за лек ја скинав, ти сам ќе ми скинеше, не една, ами две (2, 281); Не море, не, а свети Илија, ни мене сакам едно магаре, ни пак на комшијата две (4, 147);

Море, али го даваш клучо, али не го даваш, кажи едно од двете? (3, 83); Е да две деца роди, Спасе, и обете машки. – Брат по брата дошле, затоа две се родиле (4, 251).

2. *самостојно (во служба на именка)* **двете** – *обете;* Откоа се одделивме двете, видов еден дебел воденичар во меот како некој еѓупски тапан (2, 105); Со прво видуање двете, се прегрнале како некој најмили сестри роѓени и се избакнале (4, 41); ...буот покажал еден будалалак со таинот на двете врапчиња: наместо двете да 'и јадит, едното го јадел и другото го обесчестуал (2, 84).

~ Во и з р а з и т е: **година-две** – *околу ѕве ѓоѕини;* Работиле некоа година-две и кога преесапиле што беше спечалиле, преесапиле и што беше арџиле (3, 286); **да си ги отвориш очите двете четири** – *ѕобро внимавај;* Слушај вамо, момче – му рекол чорбаџијата – еве ќе ти 'и даам овците во твојте раце да 'и пасиш, ама треба да си отвориш очите двете четири, немој да ми сториш некој зијан (6, 191); **две на едно да не клаам**; **две на едно не можи да клаи(т)** – 1. *никаков успех ѕа немам.* 2. *сонот ѕа ми се земе.* 3. *не може ѕа заработи ништо;* Од милос што имам на тебе, и на соно те сонуам; да ослепеам, и да оќореам, и две на едно да не клаам, ако те лажам! (6, 44); Те страв на мрава да стапиш... дека таков си, тики не можиш две на едно да клаиш и да се обогатиш! (4, 242); Си бил еден чоек многу работен, арно ама две на едно не можел да клаит (3, 179); **две толку** – *ѕвапати повеќе оѕ порано;* На лутината згора царот пратил уште две толку војска, болаќи да 'и победат sвероите (2, 209); **една ... две** – *околу ѕве, не повеќе оѕ ѕве;* Тргнал една бразда, две Божин во нивата и Силјан застанал на долниот крај кај нивата да му се пули на браздите што 'и ора татко му (2, 151); **за едното две** – *ѕвапати, ѕвојно повеќе;* Цареа ќерка пак му платила на бавчаџијата зијанот за едното две отколку што посакал тој (3, 28); **зборо две не му го сторила** – *не се противела;* (Евреино) да је речи на жената да му ја заколи кокошката... ако сака да је иди, ако не – не идел. Зборо две не му го сторила, ја заклала кокошката (3, 264); **му се отвориле двете четири** – *ве*ѕ*наш*

сфатил; Кога беше го чул сиромаиот оти тој бил кăсметот, на сиромаиот му се отвориле двете четири и веднаш беше ја дигнал секирата из рамо (3, 271); **отвори двете четири** – *се ококори;* Едно го виде ќупот кадијата, отвори двете четири и премисли еден маривет да му ’и дели парите, ама нему повеќе да му паднат (5, 73); **очите двете ќе ти ’и изваиме** – *ќе те ослепиме;* Ах, проклета ти, очите двете ќе ти ’и изваиме и на некоја раскрсница ќе те остаиме (3, 142).

~ Во о т п о з д р а в о т: **дал ти Господ две добра**; Добро утро, кауѓере мачоре – му рекол (глушецот) и се приближил до него. – Дал ти Господ две добра, чедо (2, 13); Добро утро, девојко! – је рекол (чоекот). – Дал ти Госпо две добра, стрико (2, 2 31).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Две добра на едно место не бидуаат (5, 77); Две кучки на едно буниште не живеат (6, 11); Две лубеници под една мишка не се носат (4, 139); Две очи домаќински поеќе чинат од многу раце измеќарски (4, 244); Пустата лага две куќи запустува (6, 194).

~ Со б р о е в и т е и б р о ј н и т е и м е н к и: **една-две**: Земи си една-две парамани (4, 283); Во една-две години ќе се обогатиш (3, 263); Ете ти го чорбаџијата во една-две недели (3, 208); **две-три**: (Трипун) се предумал да крои две-три пењушки (4, 45); Си биле двајца пријатели на туѓина и ...работиле две-три години (5, 361); Остајте, браќа, не је за кажуање, и за веруање тоа што сум видел и што сум патил во овие две-три години, ама ак ми беше тоа што сум патил (2, 156–157); Зобнала (Дуња Ѓузели) две-три зрна и веднаш се наситила и другото го остаила (3, 161); До две-три години на сите му било арно дека сѐ лето било (4, 115); Ај оттука, мори никаквице, крши си глаа, ти мене ќе ме учиш! За две-три капки дека ќе сум заварел, ќе сум паднел?! (6, 10); **две-три стотини**: Да пратиш (царе) две-три стотини души аскер и неколку граматици да одат покрај реката Јордан (4, 70); **две илјади**: ...сите имаме клаено внатре по две илјади лири (5, 97); Во еден град ако продаеше (момчето) едно парче за илјада грошеи да речиме, во друг – за две илјади (2, 238); Нà ти две илја-

ди, бре бавчанџи... и не карај го ќелешот (3, 28); Ма навртел Господ, добил (сиромавио) илјада (грошеи). После посакал две илјади (6, 88); Кога чу тој што беше му дал двете илјади грошеи, се зачудил и беше добил од две илјади – четири (5, 141); во други примери: (5, 138; 5, 250) и др.

~ Со и м е н к и т е: **арамзаде** (6, 32); **брате** (3, 276); **војска** (2, 291), **врапче** (2, 77; 2, 83; 2, 84; 3, 70; 3, 71), **вреќа** (6, 65; 6, 66); **глајца** (6, 129; 6, 130), **година** (2, 151; 2, 156; 2, 189; 3, 263; 4, 115; 5, 12; 5, 19; 5, 361), **грутче** (4, 99); **дете** (3, 262; 4, 189), **деца** (2, 177; 2, 200; 3, 147; 3, 262; 3, 264; 3, 274; 3, 276; 4, 101; 4, 189; 4, 197; 4, 251; 5, 219; 6, 14; 6, 129), **добро** (2, 13; 2, 133; 2, 231; 5, 77), **дрво** (5, 181), **дренка** (3, 159), **дувнување** (3, 101), **дупка** (4, 234), **душа** (3, 108; 3, 109); **езеро** (3, 210); **жена** (2, 210; 4, 142; 4, 143; 5, 341; 6, 11; 6, 12; 6, 13; 6, 14; 6, 32), **жолчка** (5, 296); **затка** (4, 82), **змија** (3, 217; 4, 11), **зрно** (3, 158; 3, 161); **ѕвезда** (2, 187); **икона** (4, 167), **име** (6, 216); **јаболкница** (2, 183), **јаболко** (3, 25), **јајце** (2, 102; 3, 89; 3, 92), **јунасто** (2, 86); **камче** (3, 138; 3, 248; 3, 258); **кандило** (4, 282), **капка** (2, 216; 3, 29; 6, 10), **кило** (5, 284), **колено** (4, 181), **колце** (5, 329), **коше** (3, 282; 5, 148), **кошула** (6, 47), **крило** (5, 155), **кула** (2, 225), **куќа** (4, 126; 6, 194), **куче** (3, 70; 4, 266), **кучка** (6, 11); **лајца** (4, 234), **ламја** (2, 148), **лето** (2, 158; 6, 110; 6, 117), **лира** (5, 97; 6, 89), **лубеница** (4, 139); **магаре** (2, 73; 3, 318; 4, 147), **мезе** (3, 107), **место** (2, 36; 3, 98), **момче** (3, 192; 3, 289; 3, 290; 3, 294; 4, 123), **море** (4, 37), **мрша** (2, 45); **наречница** (3, 182; 3, 189), **невеста** (3, 115; 3, 144), **недела** (3, 132; 3, 208), **низа** (3, 77), **нога** (2, 23; 2, 223; 2, 254; 4, 116; 5, 115; 5, 155); **одаја** (3, 24), **ока** (5, 363; 6, 87), **оканица** (4, 61), **око** (4, 244; 5, 309; 6, 191); **пара** (3, 224; 4, 189; 4, 238), **парамана** (4, 283); **парче** (5, 48; 5, 333), **пенџере** (2, 275), **пењушка** (4, 45; 4, 53), **пиле** (2, 138; 2, 146; 2, 158; 3, 111), **планина** (2, 164), **полојна** (3, 34), **посестрима** (2, 107), **постела** (5, 364), **пчела** (5, 67; 5, 68); **работа** (4, 237), **рало** (5, 337), **раменица** (2, 187), **сабја** (3, 72; 6, 73), **садно** (2, 72), **самарче** (3, 162), **свеќа** (3, 291; 6, 111), **свирка** (6, 32), **сестра** (2, 117; 2, 275; 2, 288; 3, 144), **слива** (2, 281; 3, 265), **срце** (2, 167), **стомна** (5, 17; 5, 348), **страна** (4, 31; 5, 94; 6, 139; 6, 167); **ќерка** (3, 144;

3, 305; 4, 105; 6, 188); **утка** (3, 77); **чаша** (3, 217), **чашка** (3, 217); **шепурка** (3, 62), **шопурка** (5, 312), штенче (3, 70).

ДВЕСТЕ *бр. обичен 200 двапати поголем од сто, двестотини.* а. *самостојно;* Молим те, чорбаџи, ако не ми даиш сто грошеи пари, многу ми се ихтиза – му рекол сиромаиот. – Слободно, пријателе, да ти даам и двесте, а не сто – му рекол богатиот – ене 'и во камарата. Пејди и земи 'и (5, 83); Таа беше 'и слекла сите богаташки момчиња со својата убавина. Само за раката некое момче и да ја види имало да плати сто алтăни; за две – двесте; за едната нога – сто алтăни; за двете – двесте (3, 278); Е каквоо вајде ќе сториш ти, бре пријателе, ако ти удрам сто стапои, на другара ти двесте? (5, 160); Ене го камарата, братко, земи си – не сто, ами двесте (5, 83); Е до двесте требаше да има, чорбаџи де – му рекол Манго (6, 188). б. *со именки;* 'И бројале и излегле шестотини лири, демек му паѓало по двесте лири на глава да си делат (5, 370); Кадијата со тие зборои си остана, а Арнаутинот со двесте алтăни си отиде Тетоо (5, 295); За тој збор ако сакаш да го научиш, дај двесте алтăни и после ќе ти го кажам. Виделневидел садријазамот, му дал двесте алтăни за да му кажит треќио збор (5, 110).

~ Со д р у г и б р о е в и: **двесте четиријсе**: Ќе ти се објагнат двете (овци), тики од две после четири, осум, од осум – шеснаесет ...после стој дваесет; ете ти двесте четиријсе (6, 191); **двесте и педесе**(**т**): „Собраното од двесте и педесе меура“ било силата на чоека што ќе излегуа коа се зближуа до жената (5, 113); Се удриле во пазар, вуртут, му 'и купил тргоецот јајцата за двесте и педесет гроша (5, 147); Хааа, да ти си што си купил иљада јајца за дванаесет и пол и си 'и продал за двесте и педесет грошеи, што си се прочул дури во Стамбол? (5, 148); Јас уште од детинсто од два дни и три го јадев и на неделата еднаш од двесте и педесет меура собраното је го давам на жената ми (5, 112); во приближниот број: **сто ... двесте** – *околу двесте:* А, бре овчарко, не моеше да даиш сто брави и двесте, туку га даде него (позлаќенио брав)? (5, 222)

~ Со и м е н к и т е: **алтăн** (3, 278; 5, 110; 5, 295; 6, 226);

брав (5, 222); **грош** (4, 225; 5, 147; 5, 148; 5, 153); **лира** (5, 370); меур (5, 112; 5, 113).

ДВОИЦА *бр. им.* Вид. **двајца**.

ДВОЈНО *прил. ѕваж, ѕвапати;* Освен сиромаштијата што го мачела (чоеко), двојно жената му го мачела и му зборуала оти да не е вреден да ја гледа куќата, као други домаќини што ја гледале (4, 81); Си дошол (скржаио чорбаџија) на чифлик и се најал, и се напил и си отишол дома, и од дома на митрополија, та пишал двојно пари од што беше таксал (4, 202); ...на еднио колку ќе му даам, на другио двојно ќе му даам, знаејќи оти еднио је тамавќар и другио завислив, да ви кажам и изочам да си видите секој грешката (5, 160).

ДВОЈЦА *бр. им.* Вид. **двајца**.

ДВОР -и, -ои, -ој *м. заграѕено место околу (или пред) куќата (за живеење);* ...се нарочкаа петнаесет години и токму на петнаесетте втасал Арапо и прао отишол кај училиштето. Во тој саат сите деца беа во двор испуштени (2, 282); Викнал друг и нему му видел во очите, нему му се кажале пари во лозјето; на треќ – во дворо (3, 79); *со глаголите:* **дојди во**: По некој саат дошол (сиромаио) во двор, и пак децата не беше заспале (3, 267); **излези во**: Еден нунко седел на чело на трпеза и не знам како му се грешило, та прднал малку, ама никој не беше го чул; се устрамил и си излегол во двор (6, 99); **испушти**: Вид. кај значењето; **помини низ**: Еднаш му загинала една овца (на овчаро) – му се погодуа да помини крај една црква, низ двор, наѕрел во црквата да види што има во неа (6, 174); **седи во**: Еве друго што ќе ви кажам: сестра ми Босилка седеше еден ден во двор на ругузина (2, 160); **спие во**: По тоа после времето било многу јасно и убао, та од тоа сакале гостите да спијат во двор (5, 42); *во членувана еѕн. форма:* дворо(т): овде: *со глаголите:* **влези во**: ...ошол син му од богатио кај еќимо за да го земи штркот и, едно влегол во дворот, го видел штркот здрав кај туку си подлетнуал (3, 121); Едно влегле во дворот и истрчале сите десет сестри да ’и пречекаат десетте браќа (2, 255); ...и дупнал јазоецо една

дупка под праго и влегла лисицата во дворо (2, 27); **излези во**: Уште не беа развраќале куќните луѓе, само татко му (на Силјана) беше излегол во дворо, сопрво него го видел и од жал што му паднало, се расплакал (2, 149); **постели во**: Ами, не ќе ’и ринам, зер ќе му постелам, овде во дворот ми се напикале (жабите) како овци! (4, 111); **рини од**: Едно утро станала ќерка му од свети Петра да рини од дворот со лопата жаби за ѓоа дворот да го распраит (4, 111); **чисти**: Тамам кога ќе огреам јас и тогај таа ќе почни да чисти дворо и да креват праои до небеси, тики да ми праши лицето (2, 234); *во множински форми:* **двори**: Излегла мајка му во двори и ја молил за таа вечер да преноќева како еден јабанџија (5, 307); **дворои**: Рече (ќелешо) да изникнат едни лозници, наредени на скелиња, што ’и покриваа сите дворои, со тоа грозје уздреано, турли-бе-турли, пупулигои (2, 269); **дворој**: Вид. кај придавката **Божинов**; *во членувана мн. форма:* **двороите**: Се усукаа луѓе, ...ватија да ’и тепаат жабите ѓоа да си распраат двороите (4, 110).

~ Со п р и д а в к и т е: **Божинов**: (Сватоите) свирејќи со гајдата и врлајќи пиштоли, дошле во Божиној дворој (2, 154); **голем**: ...изваде (старио) колку што сакаше пари и вати мајстори, та согради едни големи сараи на местото. Согради и едни најголеми дворој (4, 52); **жабарски**: Рупнаа тапаните во жабарските дворои, се разиграа сватоите, тукутака ’рскот и пукот одело во куќата од жабарот (4, 112); **царев**: ...а ти, зајаку, ќе се сториш терач на волоите, и ќе појдиме во цареи широки дворои, та ќе му го ораме дворот (2, 206); **царски**: Бидејќим царските порти биле затворени, влегол зајакот низ ѓериз во сарајот и му отворил портата, та му влегле во царските дворои и почнале да ораат (2, 206); **широк**: ...изваил (момчето) сабјата од Арапо и го разиграл коњо во широкио двор (2, 294); ...смел (Цане) сите одаи, смел широки дворои и супраил сета куќа, ја наредил како некоја кукла (2, 135).

ДВОУМИ СЕ *гл. несвр. се колеба;* Бре, као бидуа, бре што бидуа, луѓето се двоумеа али да даат, али да не даат (бешлăк за баждарот) (5, 146).

ДВОУМНИК *м. тој што е на два ума; тој што се колеба;* овде: *прекар на јазовец;* Лисица стоумница и јазоецо двоумник [наслов на приказна бр. 7 (2, 27)].

ДЕ *чест.* **1**. *за потканување да се стори нешто; ајде.* **а**. *со глаголите:* **де бујрум(те)**: Де бујрумте, браќа, јадете и пијте, барем и за мене! (5, 77); **бујурум**: Де бујурум, бе Арнаут, је! (6, 125); **де да видам**: ...де да видам што ќе ми чиниш? (4, 276); Де, бујрум, да те гостам со твојио леб. Дај сол! Си носел, ха! Птју бре, што си бил џомерт, а пак јас сѐ сув леб јадам, за пари да не даам за сол (5, 326); Де (мајко), бујрум! – јади, дестур, колку ти носи утробата (3, 36); **де, да ме качиш**: Де, пезевенгу, да ме качиш; ама сио со рани беше. Ќе се оит да се работи, да се остаат јајцава, да не ми доит пак! (6, 20); **де, заповедај**: Де, заповедај, бре Арнаут, јади баклава – му рекол бего (6, 126); **јади де**: Е, нà ти море нà, да те видам, јади де... и му врлило (петлето на јаричето) еден лешник, та за пакос ја удрил јаричката прао во око (2, 87); Јади де, оти сега ти станав и те удаив а, јади де, ќерата ниеден, бакрданик, зер нејќиш да јадиш? (6, 203); **купи ни де**: Тате, бре тате... Оди, купи ни де, ако не јагне, барем пастрма – му велеле децата нажалено (3, 262); **повели де**: Де повели, чедо, да вечераме – му рече Господ (на сиромаио) (4, 79); Повели де, стрико, касни си од симидите дури се топли! (3, 38) **б**. *удвоено:* **де**, **де**: Де, де, пи, де повели, свату, добре ми дошол; дај да се чукниме, де бујрум, напи се! (5, 88) **в**. *со други честици пред себе:* **а**: Сега (жено) глаата ќе ти ја столчам... како на змија, а пред мене, де! (5, 93); Едни се карале, други викале, треќи се шегуале ји им викале: – А, де, вапиро да ве удаи, де, а де црнио да ве удаи! (6, 207); А, ѓаоле де, ела бабава да ја турниш од црешава (4, 279); **ај**: А, бре домаќине, што чекате уште? Еве ручеко дојде и појде, ај ручајте де! (6, 92); Ај здравје де, нема зијан, за прв пат така бидуа! Па нека ти е живо анчето, ќе те испери! (6, 103); **ама**: Ама де – му рекол ѓаоло (на бабата) – ако можиш да го сториш тоа зло, на тој век ќе те клаам на дно под казанот да седиш до патрици, до владици, до дуовници и др. цареи (4, 239).

2. *за потсилување на исказот со извици:* **дејди**: Дејди, море песу, де, да јас не сум будала, како стопана ми да умирам од една жена (3, 68); **ее**: Ее, како, брате коњу, де како: не можела мајка ми, не можела да ме роди мене и је дошло на сон да изеи една зелена слива за да роди (2, 284); **ја**: Ја де кажи ми да чујам – му рече волчко (на кума лиса) (2, 24); **море**: Море де, бре братко ...од јадење рогои не ќе изваиме, де! (5, 77); **море (ал)**: Де море ал, де! Туку се чуде чоек као да напраи и да го забораи (зборот "суд")? (4, 184); Де море ал де! Од една голема беља куртулиса (мажот), во друга поголема беља падна (2, 212); Де море ал, ами сега кој ќе му ги тоари пустите дрва? Никој нема да му 'и тоара освен ќелешо сам да си 'и тоари (2, 265); Кај што беше коњо, тамо беше и Итроман Пејо. Де море ал де, што беше го нашло Пеја! (6, 205); Де море ал де, смрт нема и друго ништо! (4, 199); Чоек не ет ни угоре, ни удолу: "Де море ал – си рекол со умот (Дели Петро) – ќе се гинит сега овде, ај на име Божје... ќе лежам овде (6, 180); **мори**: Мори де гајрет, мецо мори – је рекол волкот – не плачи оти ќе ти поминит... Ти не требало веднаш да го јадиш магарето (2, 38); **ха**: Ха де, нека те натера едноногио, да ќе те видиме на плеќи падната (4, 278); *повторено* **де ... де**: Тргнал (Дели Петро) пак да си слегуат од мишка на мишка и држ' се за лисјето, де бре де, да слезит, страв и трепет беше го ватило (6, 80); Де море, де! Ете кој бара рогои, ќе загубит и уши, што рекле стари (4, 110).

3. *за потврдување на претходниот збор.* **а**. *во потврдни реченици;* Ха, ока и пол де, море пиши му две, кој можи да му ја дума сега со полока (5, 363); Е ако де, ако, нема ништо, прекажи ми (2, 100); Е, за парите де, за парите што 'и бараш, затоа треба да те видам и да те излекуам (5, 338); А, така сакам де, така да ме прашате, да јас знам како да ви кажам и како да ве уверам оти сум царцки син (5, 132); Али за момчето наше, што сме го остаиле двајцата за да биди будалесто? – му рекол умо – Ете за тоа де, видиш како знаиш – му рекол кăсметот (2, 237); Е, лебами, за ваков (благ) чоек греота е да биди олку сиромав де, не е прао, сега што да речам (4,

212). **б**. *во прашални реченици* – **нели**; Одошто обеле, бре побратиме... ти не си постар од нас де? (4, 277); *со* **што**; Е, што де, света владико, што, во маската се пикна во ѕидот, трчи и ти вати за опашка да ми поможиш да ја истргаме (4, 254); *со* **па**: Еве не ручам де, што ќе ми чиниш... нà еве не ручам па, де! (4, 277); *со* **така**: Ха, така де, ај сега иди по мене, та да те научам занаат (2, 41); Ха, така де, честити царе – му рекол пијанио – лели ми го стори ќеот, да си ми жив и векоит (6, 87); Така те сакам, кума лисо де, да се ватиш (во стапица), со обете нозе! (2, 28); Така де, ете сега напраи машки – рече петело на песот – за ваква жена вака требат! (3, 69)

~ Во и з р а з о т: **ајде де** – *во ред; пеки; и така и така;* Ем барем да јет некој домаќин, ајде де, ами тој јет еден стар бестрамник, преѓе беше овде тој кај мене да пита (4, 151); Сега неќат... да се видат (песот и зајакот); ем баре да било за нешто, ајде де, ами за едни пусти чорапи (2, 67).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 24; 2, 39; 2, 56; 2, 76; 2, 111; 2, 246); (3, 38; 3, 105; 3, 229); (4, 84; 4, 184; 4, 189; 4, 199; 4, 274); (5, 27; 5, 125; 5, 139); (6, 90; 6, 157; 6, 188) и др.

ДЕ *сврзн. во состав на сложениот сврзник* **де** ... **де** – *ту ... ту;* Бре, де да влези (Марија), не могла, бре де нешто као да ’а туркало однатре и застанала во еден ќош (4, 193).

ДЕБӐР *м. град во Македонија;* Дојдуајќи во Дебар Арнаутино, почна да кабардисуа многу и со секи бабаит се закасуал како некое бесно куче (6, 119).

ДЕБЕЛ *прид.* (спрот.: танок). **1**. *за човек и други живи суштества.* **а**. *за човек: згоен повеќе одошто треба;* Откоа се одделивме двете, видов еден дебел воденичар, во меот како некој еѓупски тапан (2, 105); Колку некој саат што го тресла треската воденичаро, и се радуала (треската) дека го најде таков дебел да го тресит (2, 103). **б**. *за ред животни (обично домашни) добро згоен;* ...видел Гркот една дебела свиња кај што лежела во калта (5, 62); *во суперлатив:* **најдебел**: Дејди ловџијо, ...дали малце ти се толкуа пилци што си отепал од најдебелите, да и во мене завиде (2, 74).

2. *за предмети: што се со димензии поголеми од вообичаените;* Утрото му кажал ќелешот на браќа си кај влегла ламјата и посакал една дебела ортома да се врзит ќелешот и да го пуштат во дупката (2, 114); (Лупешките од јаболкото) биле многу црвени, да дури алои и многу дебели олупени, 'и зела (комшиката) одземи и си 'и изела (2, 165); Донесол (домаќино) троа дрва дебели в куќи и секирата и му рекол на гостите: – Ве молам, гости пријатели, ако не сторите еден завмет да стани некој од вас да отцепит некое дрво, за да подвалиме огно, оти ене кај ни згаснал (6, 157); *во компаратив* **подебел(о)**: ...ама (бре глушец) брго најди еден конец подебел и подолг за да се врзиш ти за мојата нога и така да те поминам за да не се удаиш (2, 76); Удриле (селаните) низ корија да бараат некое дрво подебело (6, 201); *во суперлатив* **најдебел**: ...заповедал царо да донесат една ортома од најдебелите (5, 256); *со прилогот* **многу**: (Чоекот) зел коноп и ватил да сучи ортома многу дебела (4, 15); Поминало време, заминало, дошло време да ја праит премудри Соломон Света Софија и му потребале три табани многу дебели и многу долзи (4, 28); *со антонимот* **танок**: ...дојдовме (честити царе) да те молиме да ни даиш еден урнек, за каков сакаш да ти го напраиме (синџирот) и до вечера да ти го донесиме, дали дебел го сакаш, дали танок (5, 32).

3. **а**. *за месо* – овде: *што е без коски и мрсно;* Месо арно и дебело ет парите назад, оти во него кога ќе се готвит мас неќит и од лојот можиш да изваиш, да да ти се најдит за една друга манџа да си зготвиш (5, 84); Ама, касапбаши, дај ми мене подебело и поевтино месо, оти јас ти го оздравев прсто (5, 13); Ама касапбаши, да ми даиш еден черек месо, ем најдебело и поевтино, оти јас ако не ти го излекуав прсто, ќе си беше бес прс (5, 14). **б**. *за сенка – што држи убав лад;* Свети Јоан, одејќим си по пат за да се качит на планина да го молит Бога, видел покрај пато наседнати луѓе на купои-купои под дебелите сенки (4, 100). **в**. *за снег – многу што напаѓал;* ...се пуштила (лисицата) по дебелио снег да трчат (2, 201). **г**. *мошне густ;* Пред нив (пред Мориовците) беше лежала една

дебела гăста магла и беа ја сториле бубаќ (памбук), та беа се зговориле да рипаат на меко (6, 175–176).

~ Во и з р а з и т е: **дебела глава** – *тој што не сфаќа; тој на кого умот не му фаќа; тврдоглав;* ...си остаив еден куп пари и зедов пусти три ореи ...како што ми рекоа браќа ми, за ум да берам уште еднаш. Нà, мори главо дебела моја. Нà! (3, 34); **свртела дебелио крај** – *почнала сериозно (да го мачи, тепа);* И туку му свртела еднашка (Елена на хахамбашијата) дебелио крај и го предала на мака (4, 35).

~ Со и м е н к и т е: **бастун** (5, 11); **воденичар** (2, 105); **глава** (3, 34); **дрво** (6, 157; 6, 201); **конец** (2, 76), **крај** (4, 35); **магла** (6, 176), **месо** (5, 13; 5, 14); **ортома** (2, 114; 4, 15; 5, 102); **прст** (2, 106); **свиња** (5, 62), **сенка** (4, 100), **снег** (2, 201); **табан** (4, 28) и др.

ДЕБРАНЕЦ -ани *м. тој што е од Дебар или живее во тој град;* Туф, анасăна, амајлијата бош излезе! – си рекол дебранецо и си кренал пушката на рамо и си отишол по работите (6, 120); На тој ќеф од дебранецо што сторил, јако поверуал на амајрлијата и отишол при дервишо да му кажи и да му се благодари (6, 120); На тие зборои се увери лажливио дервиш и ја зеде пушката од Арнаутино, та го зеде на нишан и ја врли пушката на дебранецо (6, 120); *мн:* дебраните: ...за кăсмето од дебраните, не го вати него ни еден куршум, чунки беше ватил арен метериз (6, 120).

ДЕВ *м.* (тур.) *мав;* **стори дев** – *сотре, уништи; направи да исчезне;* ...да пројди (свети Петар) кај Бога да го моли за да ’и стори дев овие животинки што не н оставаат раат да живеиме (4, 111).

ДЕВЕДЕСЕТ -те *бр. бројот 90;* При сè што сум деведесет години, па не се даам за најмладите момчаци (5, 111); **деведесет и девет а**. *самостојно;* Откоа ’и чу жената тие зборои од мажа си, едно веруаше оти завистина му вели, а деведесет и девет не веруаше да му вели завистина, сè си велеше со умот оти ја задеват, за шака му велит (5, 340). **б**. *пред именки;* При многуте додевања от син му од царо што му ји са-

ка клучеите на измеќаро, најпосле му ји дал деведесетте и деветте, и еднио го запрел (3, 82); Зер ти не знаеш оти куќата има деведесет и девет дупки и сто ј две затки? (4, 82); Треба да знаиш (синче) оти жената имат деведесет и девет дупки и сто и една поклопки (5, 178).

~ Со и м е н к и т е: **година** (5, 111); **дупка** (4, 82; 5, 178); **клуч** (3, 82).

ДЕВЕР *м.* **1**. *брат му на мажот;* Кога чу тие зборои од девера си, на чудо станала и ватила да го учит и да го карат за тие бестрамни зборои што му ’и рекол девер је и другарите му (5, 247); ...царицата бидејќи греот му го знаеше (на тројцата), не ’и веруаше, ’и истера од пред мезличот, та беше му кажала оти тој јет мажот је и... кој како беше ѝ напраиле (5, 252).

2. **постар девер**, **помал девер** – *заедно со кумот и старосватот лице со определена функција на свадбата;* При друзите законици: нункото (кумот), старосватот, помал девер, момчето (ангелот) се сторил постар девер, и вечерта ’и затворија зетот со невестата во одаја (4, 125).

ДЕВЕТ -те *бр. обичен 9, за еден поголем од осум.* **1**. *со предмети.* **а**. *во нечленувана форма;* Лани јас овде вечерав, по девет ќофтиња за пара ми паднаа (6, 95); Оф, море домаќине, ама кога си ме заклучил во девет клучеи, што бериш гајле, за уште поздраво удри ми уште еден клуч (5, 190); ...беше замрзнала земјата близу девет педи (4, 112); Коњчето го натерало стопана си да му посака девет коњцки кожи, да ’и облечит, да така тамо да појдат кај кобилите (2, 263); Ќе земиш (пријателе) едно шише и ќе налеиш од девет извори вода (2, 216); **девет пати** – *деветпати;* ...најарнио чоек и најбогатиот живеит сѐ со кривина, ами оти ќе речиш? За една пара ќе се заколнит девет пати (5, 79). **б**. *во членувана форма;* Остануајќи тешка цареа ќерка ...на деветте месеци си родила едно машко дете (2, 267); ...отклучило момчето деветте клучеи и го кренал капако (2, 249); ...беше ја затворил (цеваирџијата) жената си во една одаја со деветте катанци (5, 187); Пустата мајка ништо не работеше, само на гробишта си оде-

ше на ранина и тамо цел ден на деветте гробој си плачеше на секого со ред (2, 191); На деветте години, си летнала од планина (сестрата) и си дошла дома (2, 163); ...за лисица мисица ќе бидат деветте кила пченица (2, 11).

2. *со именки што означуваат живи суштества.* **а**. *во нечленувана форма;* Јас ќе посакам од девет диви кобили млеко да ми донесит царот (2, 263); Си биле деветмина браќа и една сестра, сите девет браќа биле женети и сите браќа многу ја милуале сестрата (2, 161); Во тие разгоори почнал сиромаиот да си кажуа алот на старио, оти бил многу сиромав, имал девет деца и не можел да 'и изгледа, да 'и облечи и да 'и обуе (4, 165); Кирџијата имал девет синои и осум снаи (3, 199); Една жена си имала девет девојчиња изродени и на десетте пак останала тешка (3, 187); ...ќе јадам сега (смокви), дури ми се доста, да ако сакат девет магарињa наедно нека се сторам (3, 281). **б**. *во членувана форма;* Коа виделе деветте браќа тоа нешто, многу се уплашиле и трештиле да бегаат таа страна кај што му кажал помалио брат (2, 257); Така во сите девет градои што поминав, честити царе, пред деветте баждарџии, ми зедоа по сто јајца (5, 153).

~ Во и з р а з и т е: **го нема во девет градои** – *мошне е убав, личен, добар, вреден итн.;* Било од Бога здано да погодиме едно вакво момче што го нема во девет градои (3, 194); **на деветте месеци** – *кога поминале девет месеци;* На деветте месеци, родиле и двете: царицата родила женцко дете, а комшивката машко (2, 165); Момчето било не до толку итро и веднаш не се сетило оти требало на деветте месеци да му роди невестата (6, 8); Мори невесто – му рекло момчето – за детево што го роди ти, мене ми се смеат светот оти си го родила брго – во три месеци. Требало да го родиш на деветте месеци, а не на три (6, 9).

~ Со д р у г и б р о е в и: **осум-девет**: Тој си имал две машки деца по осум-девет години (3, 274); Татко ми со овој занаат н рани осум-девет души (5, 236); **девет-десет**: (Вдојцата) си имала едно дете од девет-десет години возрас (6, 162); **три-девет пати** – *трипати по толку;* Ај натемате, ѓаоле, на-

тема, три-девет пати каква работа ќе бидит оваа?! (4, 226); **триесет и девет**: ...да види (момчето) дали се триесет и девет (зајаците) (5, 117); Арно ама ѓаолот до триесет и девет пати на ден му се препраал и вода му пијал (на Лот), ич Бог да прости не велел (4, 27); Така го потурал до триесет и девет дни (3, 65); **деведесет и девет**: Треба да знаиш оти жената имат деведесет и девет дупки и сто и една поклопки, да од тоа, синко, ти уште не си ми втасан (5, 178); Откоа 'и чу жената тие зборои од мажа си, едно веруаше оти завистина му вели, а деведесет и девет не веруаше да му вели завистина (5, 340); **девет стотини** – *девет стотини;* овде *во членувана форма:* Си терал сиромаио магаренцето и сѐ си се богател со умо оти ќе земел деветстотини грошеи за деветте стотини јајца (5, 149).

~ Со и м е н к и т е: **баждарџија** (5, 153), **брат** (2, 161; 2, 162; 2, 257); **врата** (3, 170); **година** (2, 162; 2, 163; 3, 274; 4, 43; 5, 244), **град** (3, 194; 5, 120; 5, 153), **гроб** (2, 191); **девојче** (3, 187; 4, 163), **ден** (3, 65), **дете** (4, 163; 4, 165; 4, 166), **дупка** (4, 82; 5, 178), **душа** (5, 236); **зајре** (5, 258); **извор** (2, 216); **катанец** (5, 187), **кило** (2, 11), **клуч** (2, 248; 2, 249; 3, 82; 3, 135; 5, 190), **кобила** (2, 263), **кожа** (2, 263); **магаре** (3, 281), **месец** (2, 165; 2, 267; 6, 8; 6, 9); **пат** (4, 226; 5, 79), **педа** (4, 112), **планина** (2, 196), **постела** (2, 162); **ред** (6, 181); **село** (2, 231), **сестра** (3, 177; 3, 184; 3, 188), **син** (3, 199); **тоар** (3, 261), **турлија** (5, 258); **ќерка** (3, 184), **ќофте** (6, 95) и др.

~ Во д р у г и примери: (2, 11; 2, 161; 2, 162; 2, 136; 2, 165; 2, 191; 2, 196; 2, 216; 2, 231; 2, 248; 2, 257; 2, 263); (3, 65; 3, 82; 3, 135; 3, 170; 3, 177; 3, 184; 3, 187; 3, 194; 3, 199; 3, 261; 3, 281); (4, 27; 4, 82; 4, 112; 4, 163; 4, 166); (5, 79; 5, 120; 5, 153; 5, 178; 5, 187; 5, 190; 5, 258); (6, 8; 6, 9; 6, 95; 6, 181) и др.

-ДЕВЕТ *втор составен дел од полусложени зборови:* осумдевет *бр. прибл. околу девет, не повеќе од девет;* Вид. кај броевите.

ДЕВЕТ-ДЕСЕТ *бр. прибл. околу десет, не повеќе од десет;* Една вдојца си имала една нива само, што си се ранила

од неа и си имала едно дете од девет-десет години возрас (6, 162).

ДЕВЕТМИНА *бр. именка за лица: ѕевет ѕуши;* Си биле деветмина браќа и една сестра, сите девет браќа биле женети и сите браќа многу ја милуале сестрата (2, 161).

ДЕВЕТПАТИ *прил. толку (9) пати (повеќе, повторено);* Друг еден сиљосан чоек ...сварил една низа пиперчиња црвени и ја испил чорбата. Коа го запалила на срце, деветпати беше го избила жешка пот (5, 273); Откоа се позамислил чоекот и откога преесапил оти самиот тој бил што се заколнуал деветпати ...се уверил оти вистина имал право тој што викал "Господ да отепат правите а не кривите." (5, 80)

ДЕВЕТСТОТИНИ *бр. обичен 900;* Откоа поминал Адам деветстотини години и неколку и сакаше Госпо да умри, многу лошо се беше поболил (4, 22); Деветстотини јајца доста се да 'и однесам на Стамбол (5, 149).

~ Со именките: година (4, 22), грош (5, 149); јајце (5, 149).

ДЕВЕТТИ *бр. ред.ен* или *прид. бројна* наспрема *обичниот број 9;* Некоја кралица си родила осум женски деца; деветтото девојче го остаиле без име (3, 175); Откоа си поплакал Силјан на куќа на деветти марта за домашните... на жалта згора си летнал од куќа (2, 149).

~ Со именките: **девојче** и **март**; Вид. ги горните примери.

ДЕВЕТ(Т)ИНА -ње *мн.* овде: *во изразот* **бабиње деветиње** – *глупости;* Бидете живи, бре синковци, и здрави, вие работите и, ако седи брат ви, белки со негоио кăсмет живеите и вие, чунки и куче и маче има кăсметлија, а не чоек. – Слушај, мајко, вамо, таквите бабиње деветиње ние не слушаме веќе, ја ќе му речиш да работи, као што работиме ние, ја кажи ни ние да си излезиме (3, 311); Море, таквие бабиње деветиње – му рекло второто (момче) – јас не ти веруам. (3, 291).

ДЕВОЈКА -и *ж. женско чедо стасано за мажење;* Ја гледаш, момче, онаа девојка? – Ја гледам, побратиме – му рекло момчето (4, 124); Една млада невеста, дури била девојка, мајка је ја галела многу и ја терала да јади отколку што не је се јало (6, 42); Кога гледат (царев син) сенка од девојка, што се пресенуло од девојчето што било на дрвото (2, 181); *со личното име:* **Марија**: Коа била Марија девојка, толку била лична, што кој ќе ја видел, ашик ќе се сторел на незината убаина (4, 192); *со зам. придавка:* **некоја**: (Царот) поканил сите девојчиња да си леат шербет бадијала за како од како тој да бендиса некоја убаа девојка (2, 172–173); *во членувана форма:* **девојката**: Повторо девојката го прашала (сиромаиот) (6, 225); Еве 'а девојката што ја вативме в море! (3, 171); Ами сега, коњче – му рекло момчето – кај ќе ја бараме девојката што ја имала косата? (2, 261); *во форма за обраќање:* **девојко**: Девојко, девојко, не плачи, ја сврти се оддесно и ела при мене (5, 330); Вистина така је, девојко, кај што има сила, правина немат (3, 145); А бре момче, колку пари је сакаш на цареа ќерка за родано да је го продаиш? – Со пари не го продаам, девојко, да је речиш на цареа ќерка (3, 41); Ај девојко, али сум јунак за тебе, али не? – му рекло (момчето) (3, 57); *во мн. форма:* **девојки(те)**: (Кауѓерот) да му речи на таткои си и на мајки си од чупите за до четириесетте дни да бидат готои со девојките, оти ќе дојдат кауѓерите да си 'и земат (4, 259); Син му од царот седнал близу до аузот, и си 'и гледал сите девојки за некоја да бендиса (2, 171).

~ Со придавките: **арна**: Ај стани – му рекол гускарот (на пашата) – сега и оди дома, да јас ќе дојдам по тебе дома ти за да ти ја видам ќерка ти, чунки сум чул оти си имал една арна девојка (5, 126); **богата**: Оваа влечка... треба да је од некоја многу богата девојка и многу лична, чунки името ѝ је Дуња Ѓузели (3, 48); **верна**: Е, момче, али чу што кажаа луѓето – му рекла – еве ја сум твојата верна девојка, што ме фрли ти в море на правина (3, 172); **итра**: При многуте маривети што праел (царо) по народо за како од како да излези некоја итра девојка, напраил и овој маривет (5, 101); **красна**: Едно го

пресекло (царев син јаболкото), и веднаш излегла една убаа и красна девојка, со таја руба на неа со рака чоечка неватена (2, 173); **лична**: Како што демнел (момчето), видел една лична девојка кај идит за да 'и скинит јаболката (2, 117); **лоша**: Видела (кучка маштеа) оти ...со таква лоша девојка не можела да живејт како ќерката негоа (5, 244); Како ти што си царев син, момче – му рекла девојката – та и јас сум цареа ќерка и како ти што неќиш да земиш лоша девојка, така и јас неќев да земам лошо момче (5, 334); **маалска**: ...и си ја зел (царев син Злата) за рака, та си ја повел по себе за дома. Сите маалски девојки оделе по неа да ја испратат (2, 177); **млада**: ...братија возљубени мои ...од секое село ќе ви свршам по една убаа и млада девојка (4, 258); **неродена**: Царев син му кажал на сонцето ...како што врлил со јаболко на корупката од јајцето и како што го проколнала старата да земи неродена од мајка девојка (2, 173); **пишана**: За грешката иљаким ќе те молам да ми кажиш за пишаната девојка што је во четириесетта мааза, дали је жива или је умрена? (3, 84); **праведна**: Стани, девојко праведна, и не плачи за твојте очи, оти Господ ќе ти даит ангелски очи и тука да напраиш еден манастир (3, 143); **преубаа**: Оде, што оде (богатио) и врвејќи крај едно село, стрел една убаа и преубаа, као некоја капка, девојка (2, 231); ...го зел и тој клуч (царцкио син), та отишол кај стотата мааза, та ја отворил и – што да види? – една убаа и преубаа девојка стојала просто (3, 83); **проклета**: Поминало некое време и за пакос ќе поминит тамо Евреино и едно ја видел на чешмата (иконата), се акнал в гради и рекол: – Ах, проклета девојко, дали овде те кладоа? (3, 171); **пуста**: Туку стоит и се мислит пустата девојка, оддалечена од татко и мајка, и од жал што дошло, тики не можела да прогоори (2, 250); **разумна**: Еден цар сакаше да се жени, ама барал умна и разумна девојка што да заприлега за царица (5, 104); **сирота**: Кога чу сирота девојка тие зборои од маштеата, од пустиот страв је кажа за сѐ што ѝ се рекло од месеците (3, 145); Приимала сирота девојка што је рече брат је, и отишле во некоја далечна планина, та је го пресекол брат је малио прс од левата рака и

ја остаил во планината (3, 130); **убаа**: Коа ја видело син му на царот таа убаа девојка, срце беше го ватило за неа (2, 173); Браос на твојата мудрос, мори убаа девојко – је рекол царот – и знај оти ти ќе ми бидиш царица (5, 104); Ејди, убаа девојко, да што ти било наречено на трећата вечер да земиш мене старец! (3, 216); Слушајќи момчето тие зборои од убаата девојка, тргнал сабјата од ножница и разиграл коњо, та мавнал со сабјата на едно место и го пресекол џамот (3, 47); Добро утро, убаа девојко, дали ти текнало да касниш некој симид топол, та да се вратам и да те подарам? (3, 39); **поубаа**: Во тоа време Петре бил во една одаја друга и тамо нашол една уште поубаа девојка, та се кунуштисале и е кажал оти ја отепал ламјата (3, 101); **најубаа**: Бидејќи станало на возраст (момчето), му идело на ум за да бара некоја најубаа девојка за да се жени (3, 154); **многу убаа**: Сум чул од мнозина луѓе оти овдешнио паша имал една многу убаа девојка, арно ама не знаи дали је вистина (5, 125); **умна**: Вид. разумна; **царска**: Еве ти го леко, царска девојко – је рекол еќимот – секој саат и секој ден, кога ќе ти дојдит лошата мисла што ти го мачит срцето, ќе го пеиш мууротот и ќе го поразмислиш тоа што ќе го пеиш (5, 166); Девојката царска беше се омајала кога се видела во една грда одаја и при едно момче, и тоа со сиромашки алишта (2, 250).

~ Со б р о е в и т е: **една**: Поминало некое време и (момчето) се научил од луѓе оти имало една девојка близу тамо кај што седел тој (3, 278); ...влегоа во една одаја (браќата), во друга, и во трећата коа влегле, нашле една убаа девојка, кај си везела на ѓерѓев (3, 101); Не би час, еве му една девојка, беше дошла да залеит вода и кога чула оти офкат сиромаиот, је се нажалило (6, 225); **три**: Дошла кај трите девојки и кај реката и му рекла (невестата) како што му рече сончоа мајка, и си поминала (2, 133); **четири**: Влегол Петре со јунаците ...во сите одаи, награбале стока неисказана и нашле четири убаи царцки девојки, грабени од дервишо (3, 110).

ДЕВОЈЧЕ -иња *ср. рем.* и *хип.* од д е в ој к а; Со сѐ што истепа толку наша војска – си велел со умот царев син –

оваа јас ќе ја обидам да видам за салам дали јет момче, али девојче (5, 211); Ете затоа сум дошол дури во ова царсто и ако не најдам и овде девојче спроти мене, ќе шетам по целата земја (5, 133); Чуле двајцата лажои за тројцата браќа со слепото момче оти не можеле да го свршат, и тие му се наватиле да му свршат девојче (6, 193); Во еден пазарен ден си врвела една селанка покрај крпачот со едно незино девојче, и девојчето го познала крпачот што му надзел спаилăк (6, 145); *со редниот број* **деветто**: Некоја кралица родила осум женски деца; деветтото девојче го остаиле без име (3, 175); *во членувана форма:* девојчето: Кога је чул зборот од девојчето Лалата, веднаш беше се сетил оти је итра прилична за царица (5, 106); *во форма за обраќање:* **девојче**: Ој девојче, девојче, колку сакаш ми се, пак ќе земиш умрено момче! (2, 129); Е, девојче – му рекло момчето на ќерка му од царот – што велиш: дали ме бендисуаш мене да ме земиш за маж? (2, 250); *во множина:* **девојчиња**: ...останатите пари да се разделат по сиромаси и по девојчиња да се мажат и тие сиромашки (5, 139); Во некое село имало многу цреши по бавчите. Во еден празничен ден беа се покачиле селцките деца и девојчиња да збираат цреши и да си јадат (4, 278); *со* други: ...ние имаме да шетаме уште цареа земја и можи тамо да најдиме некој други девојчиња што да ве бендисаат (3, 102–103); *со* сите: Царев син му кажал на сонцето како што напраил татко му еден ауз со шербет и поканил сите девојчиња (2, 172–173); *во членувана множинска форма:* **девојчињата**: Тогај поверуа чорбаџијата оти сет од свети Спиридона, та му даде на сиромаиот едночудо пари и за девојчињата да ’и мажит и нему да му останат (4, 106); Ами ти везден си играше со бабите, ќев си тераше, како синоите што си играа со девојчињата и ќерки ти со момчињата, кога ме пасеа – му рекол прчко (2, 15); Н, брате... овој чеол и пројди кај некој богат чоек, та кажи му го оти ет мој и за атарот мој ќе ти даит пари за да си ’и омажиш девојчињата (4, 105).

~ Со п р и д а в к и т е: **арно**: ...ами си одбрал (бре синко) некое поарно девојче, што да не је шепнипокров и да је

како за тебе, така и за нас (2, 220); **богато**: ...беше ја променила (бабата) пиралката со тие убаи фастани, со тие чоени сакои, со тие копринени кафтани, што носат од најбогатите девојчиња (2, 185); **будало**: Ај, мори будало девојче, ами ич јас ја остаам мојата душа на камен и на дрво! (3, 89); **втасано**: Вид. кај гално; **гално**: Си имала една жена едно девојче, мошне гално и втасало за мажење. (6, 27); **добро**: Пошле двајцата лажои у еден домаќин што имал едно добро девојче, за да му го сакаат за слепото момче (6, 193); **закопано**: Ела, Боже, Боже! Кој ќе беше тој ѓаол што го сети закопаното девојче и го откопал и му 'и зел прстите од рака? – си рекла сама со себе (лиса)... (2, 32); ...и ја грабнала лиса дробенката од месо наместо рака од закопано девојче (2, 32); **изродени**: Вид. кај бр. девет; **лично**: Вид. кај прелично; **прелично**: Ами едно девојче, многу лично и прелично и многу било работно, спроти како што ми се валеше, – санким тоа само било многу работно! (2, 234); **работно**: Вид. кај прелично; **разумно**: Кога чул Лалата тие зборои од царот, му се поклонил и на часот тргнал да одит по цареа земја, да бара девојче умно и разумно (5, 105); **сирото**: Велејќи така сирото девојче, си излегло од куќата надвор. (2, 162); Го врлила огледалото сирото девојче и веднаш беше се сторило едно езеро (2, 179); Отрчало сиротото девојче и го зела кравајчето, та си седнала до изворчето (5, 245); Целата ноќ што не спало сирото девојче, само плакало и Бога молело (5, 245); Пошло сирото девојче ноќта на чешма за да залеит вода (3, 144); **убао**: Не плачи, убао девојче, оти ти ќе бидиш за мене невевче! (5, 246); Заошто, мори убао девојче, седиш на ова дрво и да ме мачиш да те симињам? (3, 132); Не бој се, убао девојче, не ти го тепам брата ти еленчето (2, 182); **умно**: Вид. кај разумно.

~ Со б р о е в и т е: **едно**: Едно момче многу богато беше врлило мерак на едно девојче од еден чорбаџија, уште побогат од татко му на момчето (5, 175); Едно момче беше заљубил едно девојче и триста маривети праело за како од како да ја земит (5, 234); Си било едно девојче; во секое утро, коа ќе станеше од спиење и ќе појдеше на чешма да се миет

образ (2, 129); **пет**: На амино си поминал еден многу сиромашец дрвар тамо и, видуајќи ’и парите, си ’и зел и си отишол дома, та си ’и преранил пет девојчиња што ’и имал (5, 371); **девет**: Една жена си имала девет девојчиња изродени и на десетте пак останала тешка (3, 187).

~ Со п р и л о з и т е: **многу**: Многу девојчиња царот и царицата му навртуале да је бидат другачки (на девојчето) и за на даскал и за играње (2, 165); **неколку**: Се созборуале неколку девојчиња, на тримир, да одат на коприви (3, 306); **поеќе**: Аман, бре браќа, нека не бидат каил жабарот, да ни ја земит ќерка ни за невеста... нека земит од кај што имат поеќе девојчиња (4, 111).

ДЕВОЈЧЕНЦЕ *ср. род.* и *хип* од д е в о ј ч е; Го чека девојченцето од сиромашецо, го чека, го пречекуа и му рече: – Е, тате, што ти рече Госпо? (2, 228)

ДЕВОЈЧИНСКИ и **ДЕВОЈЧИНЦКИ** *прил. што се однесува* на д е в о ј к а, на д е в о ј ч е; Коа гледат (царцкио син) – едно лице девојчинцко се сенело од врвот на дрвото (3, 131); Коа чул глас девојчински, се очудил (синот од царот) (5, 245); ...си отишло дома (момчето), та се променило во едни девојчинцки најубаи алишта и му отишло при кадијата, та му се главило за измеќарка (5, 202).

~ Со и м е н к и т е: **алишта** (5, 202); **глас** (5, 245); **коса** (2, 258), **коцле** (2, 258); **лице** (3, 131).

ДЕВОЈЧИНЦКИ *прил.* Вид. **девојчински**.

ДЕДО -ои, -ој *м.* **1**. *татко на мајката или на татко-то;* За да најдиш некоја такваа чупа, треба (синко) јако да прашаш: кој је татко, мајка, баба, дедо, стрико, вујко и од нив ќе земиш урнек каква је чупата (2, 221); *со присвојните кратки заменски форми:* **деда ми**: Нà, татко, париве што ’и спечалив со деда ми од првио арамилăк мој (5, 358); **деда (дедо) му**: Ете најдов билка што да не умира чоек... – му рекол (еќимо) на деда му (3, 75); Му пресекол дедо му глаата (на еќимо) и колку да го земи шишето, се јавил ангел Божји (3, 76); **деда си**: Одејќи по патот, видело детето една штица пад-

ната и ја зел в рака и ја поизглеал од секаде, та му рекло на деда си: – Ја гледаш, дедо, оваа штица? (5, 352); Не знам како се сврте Велко назад, го видело штркот оти је близу до деда си (2, 151); Откоа се испростило царското внуче со деда си, татка си, мајка си и со сите домашни, го помолило старио да му ја даи торбата што ја носел – тој да ја поноси, да не му тежи на старио (2, 273); Трчаница детето со деда си отишле кај брао и го одврзале, та го претерале преку корија (5, 355); Седејќи еден ден еќимо со деда си, изваил сабјата и му секол глаата (3, 75); **деда (дедо) ти**: Ејди момче, ај, ни дедо ти, ни пре­дедо ти не обелиле црн мутав со сапун, нити ти пак ќе го обелиш (4, 132); Брго, ќерко, извај го арнио коњ од плевна, да го куртулисаме еден саат побрго деда ти од џевнемот! (6, 228); *во форма за обраќање* **дедо**: Дедо, дедо, вие сте дале збор со мојата мајка на стариов и со мојте стрини за едно дете да му даите на стариов (2, 273); Море ај, бре дедо, да си ојме, да не нѐ види полјако и да нѐ устрами... – Море влези, бре внучко, во лозјено и скини неколку гровчиња грозје да касниме (5, 351); Дедо, дедо, ете го штркот зад тебе, заврти се да го видиш. – Море терај, бре внучко, волојте, не пули се по чавките (2, 151–152).

2. **дедои, дедој** – *преоци;* Ами не е чаре, стрико, да ми кажиш каква била клетвата од дедои ви за да не раѓате челад? (2, 145); Во тоа време децата од преку, преку дедој ни биле многу лоши (2, 145).

3. *стар човек; во формата:* **деда**: Видуајќи јас оти мојте стрини се откажуаат (да му даат едно дете бакшиш на старио) ...еве сум јас, ќе му одам при деда, кај ќе ме носи, ќе одам и што ќе ми рече, ќе работам (2, 273); Коа чула тие зборои бабата од деда, се смуртила и наврекнато на попо му рекла: – ...јас со ваков стар не се венчаам (6, 12); *во форма за обраќање:* **дедо**: Оит (сиромашецот), си зема стапченцето; ќе си го бара Госпо. Една невеста си седи на еден бунар, му вели: – Кај ќе одиш, дедо? (2, 226); Кај туку скиташ вака ти, бре чоече – му рекол старио – по овие пустелии? – Го барам Бога, дедо – му рекол сиромаио (4, 92); Дедооо, не оди по умот на

луѓето оти никој не знаи што сака. И ти сам стар не знаиш што сакаш (4, 139); Дедо, дедо, ние не сме амали, да да те носиме на рамо за на манастир (4, 209); *со именката:* **аџија**: Ела ми, ела ми, чедо, да му бакниш на деда аџија десница за ти да ми даиш проштење, оти ја сум бил на аџилак и сакам да се свеќаам (2, 13); *со бројот:* **еден**: Се свршил еден дедо за една баба и го викнале попо да 'и венча (6, 12).

4. **а**. *(обично) при обраќање кон духовно лице (светец);* Многу ти благодариме, дедо Илија, задека идиш при нас да ни го блаосоиш гумното! (4, 138); Чунки не си срцевидец, дедо Илија, така ти се гледа на очите (4, 143); Дедо дуовниче, ти му се моли на Бога за да ти кажи кој ти е другаро (4, 185); Ете затоа сме дошле, дедо Илија, сите те молиме одземи до небо, да ни го сториш ова добро (4, 136). **б**. *пред* **Госпо**; Кој знаи, дедо Госпо, сполај му, непара се чини мукает за времето. Дали дека е широка земјата, тики кај побрго да гледа (4, 138–139).

5. *татко на жената (сопругата) во однос на зетот; тест;* Вечерта пошол зетот у деда си и рекол: – Добровечер, дедо! (2, 17); Слушајте вамо, вие стројници (на кназо) ...да стори еден завмет сам тој да дојди, и сами да чиниме лакрдии, и ако е кăсмет, можи да се сториме зет и дедо! (5, 36); **деда си**: Се оженило едно просто момче и ќе одело у деда си на гости (6, 5); ...домазетот беше си посакал леб, тој побрго од деда си (5, 180); **дедо му**: Домаќино, дедо му од момчето, па бил надвор и, гледајќи снегот што врнел силно, рекол со висок глас: – Де, свети Јандреја, гнети, гнети, да нагнети се арно (6, 6); Море, не реков за тебе, бре зету – му рекол дедо му – јас, ...јади си ти леб, кој ти го запрел лебо (6, 6); *во форма за обраќање:* **дедо**: Од кај ја најде оваа шамија, бре зете? – Ами ти лели ми го врза прсто, бре дедо, коа бев на бој за да ти поможам (2, 293); Е што маривет направи, бре дедо, што ме натера да продаам јемиш а да се страмам? Голем маривет направив, зете, со тоа што те натерав да продааш јемиш (5, 54); Море, ти, а дедо, не ме лажиш, иха колку знам јас! – му рекол зето (6, 6).

6. *пред лични имиња:* **Адам**: Се собрале попои, владици и секакви учени луѓе, мислиле, есапиле од каков чоек ќе биди таа глаа. Најпосле сите дошле во еден збор оти била од деда Адама (4, 24); Коа се видел дедо Адам во тесно, се потпишал на плочата и му позволил ѓаоло да ора (4, 20); **Гошо**: Откоа је умрел дедо Гошо на баба Стојна, сеедно црква одела и пред секоја икона Бога молела да го прати деда Гоша од небеси да ја земи при него (6, 26); Оф, јас сирота, што ме најде мене, се отепав – си рекла (баба Стојна) – да видел Госпо, дали од деда Гоша ми се стори ова, дали од Бога (6, 27).

~ Во и з р а з о т: **од деда-предеда**; **од деда**, **прадеда** – *од старо време;* Ем, така ми Бога, чедо, тебе можи да ти се чини лага, ама мене за вистина, чунки ми е приказано од деда-предеда (2, 138); Оти луѓе сме, затоа луѓе сме ...а за штркои што се праиме, си имаме од деда предеда клетва да се прајме (2, 145); Првио хахамбашија знаел за таа работа, чунки му било предаено од дедапредеда (4, 34); ...и облого го добил богатио, та си зел сета стока негоа и стоката од чоекот, што ја имал од деда, прадеда сосе жена и него заробен (2, 236).

~ Со п р и д а в к и т е: **гргулав**: До огниште беше седнал еден гргулав дедо... Туку дуаше со слабио си здив за да го запалит (огнот) и да се огреит (4, 53); **златен**: Што бараш девојко, во оваа пустелија, што те донесол Госпо? – Да ти кажам, златен дедо – му рекла – што сум дошла (5, 330); Туку, што рекле стари: сиромајот да имаше кăсмет, не ќе беше сиромав. Еве овој ми ет алот, златен дедо, што знаит Господ, нека знаат и светот (4, 78); **сиромав**: Опна за да стани сиромав дедо, не можеше, дури не му подаде снаа му рака (4, 53); **честит**: Ако јас лажам, честити дедо, собуј му гаќите на мојте баџанаци и ќе му го видиш мојио муур (2, 294).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 15; 2, 253; 2, 291; 2, 295); (3, 238); (4, 17; 4, 18; 4, 22; 4, 59; 4, 63; 4, 83; 4, 91; 4, 140; 4, 144; 4, 151); (5, 66; 5, 69; 5, 84; 5, 268; 5, 325; 5, 353; 5, 357); (6, 212; 6, 226) и др.

ДЕЕ *чест.* Вид. **де**; А пак тој (зетот) викал и го карал

коњот: – Дее, бре пустињо, излези, да не излезиш, кај те намери ѓаоло и таксирато? (2, 291)

ДЕЈДИ *изв. исто што и* **дејгиди**; Дејди ловџијо, дејди ненаситнику – му рекло врапчето – дали малце ти се толкуа пилци што си отепал од најдебелите, да и во мене завиде (2, 74); Дејди момче, јас искинав еден тоар опинци – му рекол ѓаолот – дури да те донесам на вешалово, да ти сакаш да слезам за да те избавам (4, 218); Дејди пусти јунак – си вели сама со себе Еѓупката – али вака тристамина отепуаш и петстотини исечуаш! (6, 108); *повторено:* **дејди ... дејди**: Дејди браќа, дејди аџамии, што ве гледам сите будали! (2, 11); Дејди шуте, дејди шуте, да до овде да се избудалиш и по сон да се излажиш? (3, 240); Дејди мажу, дејди домаќине, ами заошто си будала? Море, ами кај имам време јас да ткаам платно, тики да го белам, да после кошула да ти шијам (6, 7); Дејди мажу, дејди душко, цел ден три (овци) остриже, да сега печеснаесет! (6, 6); *со* **де**: Дејди мажу, де – му рекла жената – ами кој беше тој што те излага, да ти даит јаглење наместо чивит? (6, 67); *со* **ејди**: Ејди ага, дејди, зер некој голем маривет напраи што ме натера да се серам (6, 102).

ДЕКА *сврз.* и *прил.* **I**. *сврзн. во зависни реченици.* **1**. *изјавни по глаголи како* **гледа**, **знае**, **зборува**, **мисли**, **сеќава**, **чувствува** *и такви што по значење се доближуваат до нив;* ...ќе ти кажам (жено), ама ќе умрам, после вдојца ќе останиш, и дека ќе ти кажам, никакво фајде не ќе видиш ти (3, 68); Дошло момчето је и тоа је видело старата и се израдуал дека дошла, да седи у него ако сака (3, 50); Дека си живеале брацки (двајцата пријатели), мнозина му завидуале (5, 281).

2. *по именки со таква содржина;* Само еден чоек останал во вечна, чунки тој неќел да излези оти му било страм од Риста дека многу му грешил на земјата коа бил Ристос (4, 19); Многу му било мака дека така му велеле ангелите на Зерзевула (4, 219); Голем ќеф праите, вие татко и мајко, дека ви дојде мрзло – му рекле (синоите) (3, 314).

3. *со предлогот* **за** *пред себе;* ...му иделе стројници на

царо да ја сакаат и, друго, за дека била царцка ќерка (5, 52); Татко му од момчето ќе беше излетал од радос, за дека му го валеле момчето (5, 289).

4. *причински;* **бидејќи**, **зашто**; Море, дека го веруам оти ми го поболевте ато, та затоа се карам, е алабељаверсн (5, 75); ...како пиле тутун, дека од патот биле уморени и гладни, како полниле љулињата, како тресле, дури дошол царот од јаглење, цело буниште од пепелта беа напраиле (6, 116); (Неда) си везела и си плакала за кăсметот што го имала, дека без домаќин останала (2, 153).

II. *прил. прашален прилог со значење* **каде**, **на кое место**; Та море, аго Али, дека беше овија дни? (6, 134); Баба, баба, дека је жапажупата? (6, 133)

~ З а б е л е ш к а: Во текстови од други говори (тиквешкиот, на пр.).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 7; 2, 18; 2, 28; 2, 32; 2, 34; 2, 37; 2, 45; 2, 47; 2, 49; 2, 50; 2, 53; 2, 63; 2, 74; 2, 80; 2, 84; 2, 103; 2, 113; 2, 119; 2, 120; 2, 134; 2, 145; 2, 148; 2, 154; 2, 162; 2, 165; 2, 183; 2, 189; 2, 195; 2, 225; 2, 235; 2, 237; 2, 239; 2, 241; 2, 244; 2, 256; 2, 280; 2, 292; 2, 295); (3, 25; 3, 57; 3, 88; 3, 95; 3, 122; 3, 144; 3, 149; 3, 163; 3, 187; 3, 188; 3, 208; 3, 257; 3, 262; 3, 279; 3, 290; 3, 296; 3, 311); (4, 36; 4, 68; 4, 93; 4, 109; 4, 115; 4, 126; 4, 139; 4, 151; 4, 153; 4, 155; 4, 173; 4, 178; 4, 184; 4, 191; 4, 209; 4, 233; 4, 242; 4, 262; 4, 274); (5, 30; 5, 42; 5, 43; 5, 85; 5, 94; 5, 117; 5, 122; 5, 133; 5, 168; 5, 227; 5, 361); (6, 105; 6, 123; 6, 169; 6, 179; 6, 202; 6, 206) и други.

ДЕКИКА -и *ж. минута; миг, час; момент;* Ќе ’и донесам сите саати на една декика да бијат (5, 41); Жената му декиката ја чекала за да го истурка од куќата надвор (6, 89); Во таа декика му дошло збор на проповеднико да му вели на рисјаните вака: – Благосоени рисјани, при сите заповеди Божји што ви кажав да ’и држите и да ји исполнуате (4, 183).

~ Со б р о е в и т е: **една**: Вид. кај примерите; **пет**: ...не тоарај ми се (бре чоече) мене, оти јас еве сега ја седнав овде, немат пет декики време (4, 133); **петшес**: Ја помисли, пријателе, за петшес декики да видиш и да преесапиш оти прао

ми ет моето викање (5, 80); **десетина**: Постојала десетина декики и го помолила бездриѓано да ј е го прати еден час детето (6, 32); **десет**: ...десет декики не беше поминале откоа беше му паднала мушамата (на коњанико) (4, 176); **петнаесе**: Не биеле сите (саати) во една декика, ами како биеја напре: кој по петнаесе декики понапре, кој по десет (5, 40); **дваесет и пет**: ...сите (саати) не удирале во истите декики, ами кој пред дваесет и пет декики, кој пред дваесе (5, 40); **четириесет**: ...еве грео ме вати до четириесет декики, а не до четириесет дни (5, 198).

ДЕКСА *гл. свр.* и *несвр.* (грч.) **1**. *согласен е; реши;* Сега брго ќе ми долеташ за пак да ме прашаш, иља не веруам да дексаш да го макниш клуно во батакон, кај што го макнуам јас (2, 100).

2. *прими (во своја куќа);* Добровечер, дедо, ...али ќе ме дексаш вечерва да преноќевам во куќава твоја? – Како не ќе те дексам, чедо ...ела заповедај седни (4, 91); Мори бабо, јас ќе ја надбодињам и ќе ја земам (цареа ќерка), туку дали ќе ми ја дексаш да ја донесам у тебе (3, 56).

3. *прифати (за зет, снаа, син, свати);* Умен бидејќи богатио, никому не кажал оти го излагал (зетот) за да не му се смеат. Ами си го декса и му остана домазет сиромаио, та се обогати (5, 123); Убаа моја невесто, ...ако му се види криво (на мајка ти и на татка ти), нека ми го даат пато да си одам од кај што сум си дошол, а пак ако ме декса, да ви бидам домазет, речи му да ми даит троа пари (5, 122); ...ако е кăсмет, ќе ми даите една девојка за невеста на сина ми. – О, о, тамам, ти еднаш ако нѐ дексаш нам, ние ќе те дексаме два пати (3, 117).

4. *кани, покани (за кум);* Уууу, мажу, мажу, ами ако те дексал комшијата за светијоан, грев ќе те ватит ако не одиш (да го венчаш) (5, 189); *гл. прид.:* **дексан**: ...му пратил царо назад каршилк на цареа ќерка и сина си алаџак оти дексани му се да си дојдат еден саат побрго (5, 135).

5. *укаже, укажува чест, почита, почитува, уважи, уважува;* Благодарим те, момче, благодарим те... ти мене што

ме декса, Госпо Бог тебе да те декса, да имаш до век да пречекуаш (4, 156); Остај тоа, бре синко... туку глеај што је дауџија ќерка ми, што си је удрил три трешници и не си ја дексал за невеста (2, 241).

6. *преоѕ. уѕостои;* Ај јас не ќе јадам леб вечерва... и ќе го навечерам овој стар чоек што ми дошол вечерва у мене и ме дексал да седи и гостин да ми бидит (4, 153).

7. *бенѕиса; сака;* Му даале една девојка, арно ама таа била многу мрзлива; со сѐ што била мрзлива, ја дексал и ја зел ергенот за невеста (6, 16); ...сум го дексал (ова умно и разумно момче) да го сторам домазет за милата ни ќерка (5, 216); Ај, девојко, девојко убаа, што велиш, ќе ме дексаш мене за да ме земиш? Али не ќе ме дексаш? (2, 250); За ошто ти (бре овчарко) ќерка ми да не ’а дексаш? – Што можам јас, честити царе, да не ја дексам ...ми дојде многу жал (за татко и мајка), тики од тоа бев како замајан, а не оти ќерка ти ја неќум (3, 222); *гл. приѕ.:* **дексан**: Арно, бре синко, да е здрава, колај, ами има кусур: чолак е. Да не речиш нешто: кај се најде овој таксират чолак да водам! – Е, татко, каква да ет, дексана ми е. (5, 319)

~ Во д р уг и п р и м е р и: (2, 100; 2, 244; 2, 250); (3, 56); (4, 91; 4, 153; 4, 156; 4, 197); (5, 122; 5, 123; 5, 135; 5, 216; 5, 319); (6, 16) и др.

ДЕКШАА *гл. несвр.* од д е к с а; *прима; ѕозволува;* Пари јас пријатели неќум ...ако декшаате по еден муур на бутот да ви удрам, еве го шишето, нà ви го! (3, 30)

ДЕЛ *м.* **1**. *тоа што се зема оѕ нешто што претставува целина;* Даде помош (камилата) за да го дели таа лебо, ама и незе да ѝ даат дел (2, 64); ...јас неарно сторив што му дадов на старио полојна дел, чунки тој ет сам чоек (4, 166).

2. *учество;* **зема дел** – *учествува;* Силјан во бојот никако не зел дел, чунки аџијата го имал покрај себе и бидејќи бил гостин, не го внесол во џенгот (2, 155).

ДЕЛАНКА -и *ж. тоа што отпаѓа при сечење и цепење ѕрво; иверка;* Натоарил (Итроман Пејо) деланки од ќуту-

чето што беше го делкал за крошни да праи и ’и однесол во село (6, 210); ...татко, да ме веруаш оти триста тоари деланки превлеков со петла коња, да дури ја сварив сланината (6, 216); ...трошките и деланките ’и собрале во еден чаршав (4, 30).

ДЕЛАНЧЕ -ања *ср. 9ем.* од д е л а н к а; ’И собрала (Еѓупката) парчињата, деланчињата до ронка и ги изгорела сите (2, 175).

ДЕЛАЧ *м. тој што (е опре9елен 9а) 9ели; тој што прави 9елба;* Брави најдов за јадење – делач ме напраија за да ’и делам, ѓоа еднио тогај да го јадам, а другио утрото (2, 26); Е, море шуте бре, што ти треба да бидиш делач? (2, 26)

ДЕЛБА *ж. 9ејство со кое нешто се 9ели;* **1**. овде: *9елење на заед9нички имот;* Со тоа нешто таа сакаше да му докажи на двата браќа оти делбата је многу лоша (3, 173); Дошло саатот, умре старио и откоа (браќата) беа го закопале старио, го откопале ќупо и уште неотворен беа се скарале за делбата (5, 73); Бидејќи беа тројца, не можеле да се погодат во делбата – за како да се погодат еднио да земи две работи (4, 237).

2. *раз9елба;* Еве, верно да знаиш саравбаши – му рекла (љубовницата) – оти утре вечер ќе ’и заколам обете деца и од тебе немам никаква делба (3, 275).

ДЕЛЕН *гл. при9.* **1**. од д е л и (т).

2. *пре09. што се 9елил со имотот о9 браќа и 9р.;* Да знаиш оти од овој саат делени сме од тебе (3, 33); Си беа двајца браќа, со куќите делени (5, 224).

делење *ср. гл. им.* од д е л и; Аман, побратиме, ...си припознаам кабаетот и сакам да ми простиш за сега, да јас уште еднаш од тебе немам делење (2, 242); ...невестата му тој маривет беше го напраила и за делењето и за труењето (3, 175); Е, ти, ешко мешко, и ти, кртуле мртуле, вие имате девет кила и кутле и сламата за делење (2, 11).

ДЕЛИ *при9. неизм.* (тур) **Дели Петро** – *стои пре9 лич-*

но име со значење „јунак“; Вид. и **делија**; Ха, ха, ха, ха! – беше се исмеал Дели Петро и беше си ошол по работата (6, 181); Дели Петро, кога бил во детинство, посадил една семка од крастаица и му никнала една ластунка (6, 179); За кӑсмет еве ти ’и некој аргати со мотики и казми, беше ’и викнал Дели Петро за да му ’и откопат нозете (6, 180–181); Море камилџијо бре, му рекол Дели Петро, да не најде една секира, бре, во тиквана? (6, 181)

ДЕЛИЈА *м. јунак; буен млаѳ човек;* ...еве ти еден делија обружан со пушка и пиштоли, вкачен на коњ (3,170); По некој ден поминал и делијата, и тој ја познал и офнал од срце за неа (3, 171).

ДЕЛИ(Т) *гл. несвр.* (и *свр.*) **дели** – **I**. **1**. **а**. *разѳели на ѳелови;* Облогот (на Немецо и Шопо) му бил да го делат еден голем колбас (суџук) со уста (6, 150); ...ај да го викниме (момчето) да ни ’и дели стапојве (3, 160); Зеле едно кутле (ежо и крто) за да си делат пченицата (2, 10); Брави најдов за јадење (си рекол сам со себе волкот) – делач ме напраија за да ’и делам, ѓоа еднио тогај да го јадам, а другио утрото (2, 26). **б**. *разѳелува на ѳелови;* овде: *во пасивна употреба;* Еве прао како се дели: н ти тебе, еже меже, на сламава да си лежиш; на ти тебе, кртуле мртуле, пченица едно кутле (2, 11).

2. *разѳели ѳвајца или повеќемина со имот;* Поминало некој години и малата невеста, бидејќи била многу итра, умна и разумна, стори ниет да ји дели двајцата браќа и после пак да ји здружи (3,173); Чудна работа со овие луѓе, за две пари туткал дошле да ’и делам (4, 238).

3. *(за бога, наречниците) ѳарува;* ...жити мајкина ти душа (лисо), стори еден завмет, ако ти делил Господ некој маривет (2, 39); ...еве оваа вечер јет треќата вечер на роденово машко дете на оваа жена... Што кӑсмет да му делиме на ова машко дете? (3,184)

II. **се дели(т) 1**. *изврши, врши ѳелба.* **а**. *еѳен со ѳруг (со имот);* ...у мене да стојат парите, да ќе видиш со очи пари коа ќе се делиме! (4, 272); Сопрво (жената) го зајала мажа је

да се делит од брата си (3, 173). **б**. *еден од друг;* ...тоа нешто јас нема да го приимам, јас од тебе се делам (3, 173).

2. *се раздели, се раздвојува;* Арно велиш, брате ...да се делиме, да како ќе ни даи Госпо. Ела да се избакниме и да се простиме (3, 151).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 11; 2, 26; 2, 64; 2, 155; 2, 165; 2, 197; 2, 198); (3, 33; 3, 160; 3, 173; 3, 204; 3, 227; 3, 254; 3, 269; 3, 270; 3, 297; 3, 309); (4, 166; 4, 238; 4, 272); (5, 73; 5, 224; 5, 345; 5, 370); (6, 55; 6, 59; 6, 182) и др.

ДЕЛКА *гл. несвр. со тесла, нож и др. отсекува делани од дрво или парчиња од камен за да направи нешто;* (Момчето) делкало ѓоа нешто од чекркот да праит и еден ден напраил едно нешто от чекркот (роданот) (3, 41); (Воденичарот) грабна секирата, та коа му легнал да го делка и да го праи колцето (2, 103); И отишол царо во селото, та влегол во куќата и го видел старио кај туку делка со секирата едно дрво (5, 111); ...со стотници луѓе кај ’и капарам за да ’и делкаат тие камење (4, 160); Стана проклетио воденичар, зеде секирата, та вати да сечи и да делка; отпрвин со голема мрза делкаше, арно ама ...кога му легна да мава едноподруго и силно, ...пот течеше од него (2, 105).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 103); (3, 263); (6, 210; 6, 215) и др.

ДЕЛМИ *чест.* (тур.) *нели;* Ами, Господи, делми велеше оти по триста години ќе умреше (богатиот), а тој умрел денеска (2, 228).

ДЕЛНИК -ци *м. ден во кој се работи, работен ден;* (спрот.: **празник**); Откоа беше ја ислушал дуовникот богатата жена, беше си рекол сам со себе: „Затоа си се обогатила, рисјанко, дека си работила делниците, дури и празниците, и не си давала на заем од кај што не ти враќале...“ (5, 47); Откоа беше ја ислушал дуовникот сиромашката жена, беше си рекол прво сам со себе: „Затоа си останала сиромашка, ти мори сирота, оти и делниците си ’и праела празници...“ (5, 46).

~ Во и з р а з о т: **празник-делник** (работи) – *секогаш (работи)*; Како што сакам, веричката твоја, јас да работам гологлаечки дење-ноќе, празник-делник и ти да лежиш во трњево и во капињево, како некој деребеј! (3, 256–257)

ДЕЛО -а *ср. тоа што е сторено; работа;* Која полза, браќа мои, ако кажува некој оти има вера, а дела нема? ...Вера без дела е мртва (4, 189); За таквие кауѓери Господ не дава спасение, чунки вера без добри дела е мртва! – му рече Господ (4, 210).

~ Со п р и д а в к а т а: **добро**: (Ѓаоло) стана верен Ристов војник ..., веруајќи во верата Ристова и правејќи добри дела (4, 182).

ДЕМБЕЛ *м.* (тур.) *мрзливец; мрзло; неработник;* Стани бре, оти сега коските ќе ти ’и здробам; зар ќе ми бидиш ќопоолу, си ми седнал, како некој дембел! (2, 124)

ДЕМЕК *сврзн.* (тур.) *значи, сирема тоа, тоест.* **а**. *во почетокот на првата реченица во сложена реченица;* Демек и ти сакаш да си женет као мене, ха? – му рече татко му (6, 13); Демек, вие сте против мене што неќите да ми даите таа сума што ми е многу нужда за да се закрепи царштината (4, 97); Демек, кади евенди, ти како што ми ’и кажуаш баш збороите сет: “ја испат, ја пара, ја апс“ – му рекол ушакот (5, 200). **б**. *во средината на сложена реченица;* Си седнал (ќелешо) на дрвата и си чекал да дојди комшијата, пак да му ’и тоари (магаринѣата), демек од Бога алвица чекал (2, 265); ...ти си кинисал да бараш цреши шупливи, еве ’а црешата шуплива, ја најде и наместо кăсмето да го најдиш, го најде некăсмето, демек го најде страмот што се страмиш од мене (3, 243); ...се налутил умот и го остаил момчето баш таа вечер коа го затворија да лежит со царска ќерка, демек со невестата (2, 243); Едно беше клал (купуачо) еден минц во раката, и се затворила раката, демек еден минц чинел коњо, а не поеќе (4, 94); “Од два дни, на три дни го јадев“, демек сѐ бајат леб јадел, а па “собраното од двесте и педесет меура еднаш го давам на неделата (5, 112).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 35; 2, 205; 2, 295); (3, 82; 3, 148; 3, 214; 3, 238); (4, 117); (5, 17; 5, 86; 5, 72; 5, 177; 5, 292; 5, 364; 5, 370); (6, 109; 6, 129) и др.

ДЕМИР *м.* (тур.) *железо;* овде во полусложенката демир-бозан. Вид. **демир-бозан**.

ДЕМИР-БОЗАН *м.* (тур.) *вид билка; билката жолтениче, маремов корен* Thalictrum aquilegifolium; Отишле (двете жени кај селцкиот прематар) и купиле билки: демир-бозан и дардаан, и бабата му бележала полата на невестата со боја (4, 240).

ДЕМНИ *гл. несвр.* **демне** – *некого набљудува потајно и тихо за да го разоткрие, нападне и др.;* Една вечер стоел (арамијата) покрај еден sид да демни некого за да го убиет (5, 199); ...и ја научил (мажот жената) да оди малце подведена и полека, полека; да демни за да не ји сетат гулабите и да избегаат (2, 212); Така си рекол сам со себе (арамијата) и му отишол од другата страна на куќата да го демни чоекот што го имал асăм за да го убиет (5, 199); Како што демнел (помалиот син), видел една лична девојка кај идит за да ’и скинит јаболката (2, 117).

ДЕН -дни *м.* **1**. *времето од осамнување до стемнување, од утро до вечер;* Мувлет ќе ви даам (вие, старци) да се мислите три дни и три ноќи! (5, 64); Комшијата силно си ’и терал магаринѣата за со ден да си оди дома (2, 265).

2. *ден и ноќ заедно; денонокие;* Поминале десетина дни и едно утро посакал еднио од анџиката еден чешел за да се исчешла (5, 97); Ден, два, три, пет, десет поминале, сѐ така (аргатино) си седел на столчето, како што седел царот (3, 319).

3. *празник;* ...на ден Митроен си дошле во Прилеп, и изваил дуовникот пари да му плати на Силјана ругата колку што беше погоден (2, 139); Отишол еден сиромав чоек на касапница да си купи еден џигер на ден поклади (5, 15); Сите си ручале и си пиеле ракија и вино за да се веселат на денот од св. Јоана (4, 100); На ден Панделејмон си летнале со Аџи

Кљак-кљак и со аџијцата, со децата нивни и си отидоа на штрков виљает здрави и живи, како што сакаше Господин Бог (2, 155); Еден овчар си дошол од овци дома, на ден Велипеток, за да си види децата и да си пригоди нешто за денот (5, 257); ...на ден Велипеток (владиката) зел едно грне кисело млеко и му го дал на измеќарот да го однесит кај поснико за на Велигден и тој да каснит млеко (4, 173).

4. *(мерка) колку што може ѓа се ѓомине ѓат (со ѓенье, со ѓоварен ѓобиѓок) за* д е н 1; Е, кога знаете оти тамо јас одам, колку дни има до тамо? – До тамо има 5–6 дни пат – му рекле старите (на св. Илија) (3, 201); Ејди дуовниче, дедо ми некоаш ми го кажуал оти ет (местото) три дни скраја (4, 63); Поодија (св. Илија и жените) некој ден пат и прележале на едно место (3, 201).

5. **дни** – *време;* Си беше еден праведен чоек што не беше напраил никакво зло никому дури бил жив. ...Поминале дни и години, и му дошол саато да умри (4, 188).

6. **дни(те)** – *живоѓ;* Појде (ангело) кај татка му (на зето), му вели: – Му дааш дни од твојте на сина ти да станит? Татко му рече: – Не можам му даам, како ќе му даам од мојте дни? (4, 127); Невестата си стојала како што ја венчале во одајата, во еден ќош со венецо на глаа, си плакала пред зето спружен. Ја праша ангело: – Му дааш од дните? Таа рече: – Од наполу појќе му давам нему (4, 128).

7. *смрѓен час;* Си биле двајца браќа. Постарио имал три мали деца. Му дошол дено и умрел постарио и остаил децата сираци (5, 50); Во неколку дни што се бори царо со еќимо и бидејќи беше му дошол дено да си умри царо, си умрел и не нашол билка да не умрит (5, 87); ...коа му дојде дено да умри (царо), ништо не могоа да го избават од смртта: ни пари, ни еќими, ни па војска, ни па рецетата од билјаро (5, 30).

~ Во и з р а з и т е: **без дена** – *ѓреѓвреме;* Ете кој не се надеит на помошта Божја, како умират без дена (5, 34); Ej, сполај ти, Богородјце ...па си била милостивна што ми запре крвта за да не умрам без дена! (4, 46); Ее, дека неќиш да го знаиш, затоа умирате без дена – му рекол еќимо (на селане-

цот) (5, 42); **близу четириесет дни**; **четириесет дни близу** – *околу четириесет дни;* Жената била трудна тогај брго близу четириесет дни (4, 262); ...да еве јас имам четириесет дни близу, што не сум клала в уста мевце, сѐ тревица си пасам (2, 18); **во денот** – *во текот на денот, дента;* Во денот што ќе тргнеше мачоро на аџилăк, го викна сина си на една страна и почна да го учи како да се однесуа со вардењето месото и со глувците (2, 46); Така ’и прашал сите ѓаоли со ред големио ѓаол кој какво зло сторил во денот и според злото сторено од секого му давал и бакшишот (4, 256); **во истио ден** – *тогаш;* Кога се видел сиромаиот од сите граѓани неќен, друго немаше што да чинит, отколку да се покауѓери. Во истио ден беше отишол на еден манастир (5, 274); **во малце дни** – *за кратко време;* Во малце дни му загина ато на лошио кесеџија; барај вамо, нигде не можел да го најди (4, 85); **во стари дни** – *на старост;* ...ние со милио ми брат да загиниме за на татка да не му се најдиме во стари дни (3, 137); **во три дни** – *во текот на три дена;* ...богатио едно по едно во три дни ’и изеде (пилињата) (5, 322); Немој, пиленце, не треси го снего оти сум без кошула, да коа ќе си одам дома, во три дни ќе си ис(т)каам кошула (6, 37); **во фиљан ден** – *на определен ден;* Заповедал царот да се соберат сите синои и што имат татко и што немат во фиљан ден (5, 32); **врвоа дни** – *поминувало времето;* Врвоа дни и неколку месеци што сѐ така (мажот на жена си) маана е наоѓаше (5, 340); **го дочекал дено** – *се случило, станало;* Со голема радос егумено го дочекал дено што ќе оделе на храмо на некој манастир, близу до нивнио (4, 205); **да видам бел ден** – *да поживеам убаво;* Лош занает ет, синко, дрварлăко, гледај да научиш ти и брат ти некој полесен занаат за да печалите пари со полесно, та на старос да видам бел ден покрај вас и јас (3, 147); **ден-два** – *не многу долго време, околу два дена;* Ден-два гладуал (глушецот). Виде оти ќе се умира од глад и се качил на венецо од кошницата (2, 66); **ден ексик не било** (**немало**, **не остаал**) – *немало ден да помине, т.е. секој ден;* Немало ден ексик што да не дојде љубовнико (на жената) при богатио (2, 229); Ден ексик не било дури не се

ставеле (двајцата софти) со шеисљамо и дури не ’и прашаше за нешто за верата (4, 39); Еден ангел многу беше го замилуал еден праведен чоек, та ден ексик не остаал дури не му се јавел пред чоекот и да се поразгоори со него (4, 117); **ден и ноќ** – *постојано; денонокие;* (Пророк Илија) му се молил на Бога ден и ноќ со пос (4, 137); За да можи да се врти, Сонцето е зембереко што ’и врти сите ѕвезди, планети и да праи ден и ноќ (4, 191); **ден по ден** – *како што си врвело времето;* Ден по ден, дошла Велјасабота и го спашкале дечињата сиромаиот да му купи тоа што му таксуал (3, 266); **денеска за денеска** – *за сега;* Денеска за денеска побогат јет, пријатели, Асан пачаџија (6, 121); **дните в торба не влегоа** – *има време;* За на аџилăк и утре се оди, дните в торба не влегоа, кога ќе сторам ниет, тогаш ќе одам (6, 90); **до ден-денеска** – *до ова време, до сега;* Ја грабнал ќерка си (таткото) и со плачење си ја избакнал и проштење е сакал и се собрале на едно место: да царуат и да господаруаат, можи до денденеска (2, 271); **до четириесетте дни** – *кога поминале четириесет дни;* да му речи (кауѓерот) на таткои си и на мајки си од чупите за до четириесетте да бидат готои со девојките (4, 259); **дошол дено(т)** – *требало нешто да стане, да се случи, да се одржи;* Дошол денот, свадба ќе праеле. Собрал царскио син сватои и отишол да ја земит ќерка му од старата (2, 186); Дошол денот за да праат свадба. Поканило момчето сватои и се спремале да одат по невеста (3, 177); Со правината и со скржавштината беше си го поминал векот и дошол дено да се пресели од овој век на другио век (4, 5); **други(о) ден** – *задутре;* Ако је кабил Трипуне, не оди денеска и утре, да други ден оди, чунки јас денеска кај се пригодуам за утре да одам црква (4, 45); Берберицата го изваде момчето од оџак и пак беше му дала еден грс пари и беше му нарачала за другио ден да појдит (5, 314); **дури да му дојде дено** – *дури да умре;* Поради нив ќе го гледаат и старио, за да поживеит раат, дури да му дојде дено (4, 55); **еден ден** – *еднаш;* Дошол еден ден што да се дојадат сите ореи, и глушецот се нашол без јадење (2, 66); **за стари дни** – *за на старост;* Да бара (мажо) некоја трговија за да спечали

пари, да му се најдат за стари дни (6, 65); Старос иди и треба да имаме нешто за стари дни (3, 315); **и ден-денеска** – *и сега;* ...оттогај и ден-денеска кај да се најдат пци, сѐ ќе се понадушат по носојте и под опашката (2, 53); Да и ден-денеска сите пупунци си носат на глаа по една опашка од лисица (2, 22); Си отиде кај царот момчето и му се стори домазет. Мо жи и ден-денеска да си е цар (5, 119); **и еден ден** – *еднаш;* Поминале неколку дни, и еден ден беше посакала бабата од невестата ручек да ѝ даит за да му однесит на мажа је на дуќан (4, 244); И еден ден (мачорот) застанал на една дупка, та исчекал едно глувче да се јави од дупката (2, 12); **ката ден** – *секој ден, постојано;* Ката ден, пријателе, да ми носиш од овие јајца, јас ќе ти 'и купуам (3, 273); **му се свршиле дните** – *му дошло времето;* Поминаа, заминаа многу годиње, и чоекот остаре и му се свршиле дните за да умри (4, 198); **му се скусиле дните** – *му дошло времето;* Ејди, момче де – му рекла цареа ќерка – да што ти се скусиле и тебе дните што си дошло од толку далечно место за да ми се криеш мене (2, 194); **на два дни** – *преку два дена;* ...од скржавштината и тамавќарштината на два дни еднаш леб јадел (чоекот) (6, 88); По три пати на ден (момче) тимар ќе 'и праиш (коњите) (2, 282); **на ден** – *во текот на еден ден, дневно;* 'И гледаш момче овие два коња и кобилава? По три пати на ден тимар ќе 'и праиш, од онаа бистра вода ќе 'и наповаш (2, 282); Богородјце мајчице, ти суди го и пресуди го тој што ми ја изеде кокошката, што ми носеше по едно јајце на ден, ти како знаиш – така суди го! (5, 296); ...во тоа пусто езерце имало една ламја што не 'и остаала граѓаните да леат вода од езерото, дури не изеала еден чоек на денот (2, 110); Сакалнеќел (момчето), сеиз се сторил на Арапо да чеша три коњи и да му рини, да 'и рани и еден коњ па да го тепа двапати на ден со вилата, што ќе рини и врла гнојо (2, 283); **на стари дни** – *на старост;* А, бре старче, што се мачиш на старос да ораш? ...Зер немаш челад што да ти поможат за ти на стари дни да си починиш? (5, 63); **на четириесетте дни** – *кога поминале четириесет дни;* ...коа се родил Ристос, го однесла мајка му црква, на четириесетте дни, да си земи молит-

ва (3, 65); **не оставал ден** – *секој ден исто правел;* Не оставал ден еќимо да не појди кај касапо и да му се повали најпоеќе пред луѓе оти со мушамата негоа му оздравел прсто (5, 3); **некој ден** – *извесно време;* Откоа се починал некој ден (богатио), се ставил со тој што му зел сета стока и го задрел да се ватат уште со еден облог (2, 235); **неколку дни** – *извесно време;* Си направиле врзаници и сенети (за да бидат ортаци) и останал (тргоецот) неколку дни у сиромаиот на гости (3, 260); **овија дни** – *денови ве;* Та море, аго Али, дека беше овија дни? (6, 134); **од ден на ден** – *како што врвело времето;* Од ден на ден сè злобата му растела и лоши мисли му се множеле (на Деница) (4, 8); ...таа од ден на ден сè поеќе 'и мачела (децата) (3, 12); Од ден на ден сè му се множеа (струпчињата на цар Костадина) и најпосле сета снага беше му ја повладале (4, 33); ..од ден, на ден, сè посилно и посилно (на безверникот) му се слушаше во ушите тој збор (4, 184); Една царска ќерка боледуала од некоа мисла што имала ...Од ден на ден, сè полошо се чинела и на лице гинела (5, 166); **од ден по ден** – *како што си минело времето;* Од тие зборои на билјаро се уплаши царо и од ден по ден многу станал болен, за умирачка (5, 29); **од денот** – *од тој ден, оттогаш;* Од денот што го купил (тргоецо момчето), ватило трговијата сè за назад да му оди (4, 60); **од тој ден** – *оттогаш;* Од тој ден ватиле да мислат царо и царицата како да му напраат да го откинат детето од тој проклет Арап (2, 281); Од тој ден веќе не беше се откажал (скржаио чорбаџија) да праи добриње на сиромасите да дури умрел (4, 202); **по малце дни** – *по кратко време;* По малце дни се дало заповед од судот до што е живо, мало и големо, сите да излезат на скеле, оти ќе идел царот по море (3, 208); **по некој ден** – *по некое време, по извесно време;* Коа 'и чул тие зборои царо од Тома, на драго срце му ји даде клучеите од азното, и по некој ден отидоа на местото кај што сакаше царо да се праи сарајо (4, 159–160); По некој ден пак је се пријало на лиса кокошки и го зема јазоецо со неа (2, 27); По некој ден (момчето) се удрило на пазар со селаните и им го купил ано, со многу место околу ано (3, 293); Одела, што о-

дела гемијата по правио пат и по некој ден свртел еден противен ветар многу силен, та кога ја подбрал гемијата по морцката ширина, летала како некоја црпка (2, 140); **пред некој ден**; **пред неколку дни** – *пред извесно време;* ...му се сторило (на Пејо), чунки вапир беше се сторил во коријата кај беше ји излагал селаните пред некој ден (6, 207); Ее, мори жено, можи сега (стопанот) да ни го расипи (седелото), можи да ни го остаи како напред, коа дојде пред неколку дни (је рекол врабецо на врабицата) (2, 79); **светнало како ден** – *силно светнало;* Кое зето светеше со алиштата, кое таа светеше со најубаите бесценети камење, тики светнало како ден одајата кај што седеше царо и царицата (2, 295); **секи ден** – *постојано;* Што сум гледал секи ден, ангеле, и денеска видов (4, 177); Секи ден работа имам: во понеделник си месам посен зелник, торник пототолник (6, 7); Пештерата (на Марија) толку мила је била, што секи ден ја бакнуала и се благодарила многу поеќе отколку што се благодарила со сараите што 'и имала коа била дома (4, 194); Вид. кај придавките; **секој ден** – *постојано;* ...мене (мецо) секој ден ми се запираат коски од кокошки во грлото, туку Бог да прости на штркот што ми 'и вади со една клешта што ја носи в уста (2, 39); **со ден** – *доделка е ден, доделка се гледа, се види;* ...комшијата силно си 'и терал магарињата за со ден да си оди дома (2, 265); **тој ден** – *тогаш;* Се зготвиле едно утро (тројцата пријатели) да одаат на лов и двајцата му се откажале, чунки сакале да го отепаат и не ошле со него, чунки тој ден имале некоја работа (5, 359); **три дни и три ноќи** – *три денонокија;* Му загинал некоаш еден сенет од две лири (на мажот), три дни и три ноќи не беше заспал (6, 89); Така цели три дни и три ноќи што се тагуа и плака (скржаио чорбаџија), око на око не кладе дури беше се сетил оти Госпо го кладе апсаана (4, 201); **три дни со ред** – *во текот на три дена;* Три дни со ред што се биле (двете војски) и не можеле ни тие војски во Стамбол да влезат, ни тие да 'и одмелетат (да испадат) од околу Стамболот (4, 32); **уште некој ден**; **некој ден уште** – *уште извесно време;* Одил (еден сиромав чоек), одил три дни и три ноќи во некоја пусте-

лија, во едни страшни планиње, и уште некој ден лебот беше го дојал (4, 77); Поминало уште некој ден и ете ти еден чоек од комшиите дошол приквечер, му ’и посакал (на дрварот) трите магарења (6, 71); Нам не ни рекле наречниците на треќа вечер за да сме богати и да лежиме на колк, оти ако полежиш некој ден уште, ќе си умриме сосе магарења од глад (6, 71); **цел ден** – *везден, постојано;* Цел ден го пасил син му (прчка) кај што имало најарна шума (2, 15). Од ден на ден с***е*** му се множеа (струпчињата на цар Костадина) и најпосле сета снага беше му ја повладале (4, 33); ...од ден, на ден, сѐ посилно и посилно (на безверникот) му се слушаше во ушите тој збор (4, 184); Една царска ќерка боледуала од некоа мисла што имала... Од ден на ден, сѐ полошо се чинела и на лице гинела (5, 166).

~ Со п р и д а в к и т е: **бел**: Вид. кај изразите; **вчерашен**: Се слекол (чоеко) за да го обиди марифето што му казал добромисленио чоек што го стрел и вчерашнио ден (4, 222); **добр**: Треба да го зачуаме (веленцето), за на добăр ден да ни се најдит за лице да отстрамиме (3, 316); **други**: Другио ден (момчето) беше напраил една урка со дванаесет вретена (5, 169); **ист**: Во истио ден си дошло и момчето со една гемија (5, 239); ...се крстел и од истиот ден (безбожникот) почнал да проповеда (4, 184); **јасен**: Еден ден јасен од сите страни како беше се задале едни силни облаци, та кога беше ти бликнало еден силен дож, како со ракав да тураа (4, 61); **ката**: Пеки, пријателе – му рекла кума лиса – ката ден ќе идам (2, 31); Ката ден пријателе, да ми носиш од овие јајца (3, 273); ...дури бев здрав и му ваќав ката ден зајаци, ме држеше и ме честеше (стопан ми) (2, 35–36); **неделен**: Во еден неделен ден беше ’и донесол мажот е неколцина пријатели на честење (6, 29); Во еден неделен ден беше си седнала жената на порта (5, 52); **определен**: ...на определенио ден ...беше ошло и момчето (5, 116); ...сите беа отишле во царскио град на определенио ден (3, 214); Се испратила од старешините заповед по целото царство да дојдат на определенио ден сите младичи, од 20–30 години (4, 95); **пазарен**: Еден пазарен ден излегол царо да ше-

та низ чаршија (3, 228); Во еден друг пазарен ден, пак најдов илјада јајца за толку евтини (5, 153); **петочен**: Си се рашетуал садријазамот во еден петочен ден по сокаци низ Стамбол (6, 94); **поминат**: ...вистина до поминатиот ден (владиката) не знаел оти знаел да пеит (5, 228); **посен**: Глеај (рисјанко) за отсега напред во асли празниците да не работиш што имат арпија и во посните дни да не мрсиш (5, 47); **празен**: ...коа немам празен ден, (бре домаќине), сакашнеќиш без кошула ќе си оиш (6, 7); **празничен**: Во еден празничен ден беа се покачиле селцките деца и девојчиња да збираат креши (4, 278); Во многу дни празнични сум и согрешила и сум работила, чунки сум неќела да ми остани денешната работа за утре (5, 47); **секи**: ...секи ден да му иди Госпо при Адама и да чини разгоор со Адама (4, 8); **стари**: ...си мислел (старио) за таксиратот што го нашло, во стари дни да оди момок (5, 253); ...со умот од мајка што го има, тој (татко ни) на стари дни ќе страда (3, 151); **уречен**: На уреченото ден, сите дошле во Белград, пред Милоша да чујат законо (6, 104); **фиљан**: ...секој (ерген) да дојде на фиљан ден и фиљан место да си бендисаат царцките ќерки (2, 275); **цел**: Коа врнело, коа турало – цел ден и са ноќ! (4, 200); Цел ден што се биле (војските), многу души испаднале од двете страни (4, 31); Еден овчар цел ден остригол дури три овци (6, 6).

~ Со п р и л о з и: **колку**: Ја зеде (жената) кожата и гледат – не јет волк, ами од пес, смрдеа – Боже чуај, брани! – кој знаи од колку дни бил пцоисан (6, 106); **многу**: ...во многу дни од постите сум се смрсила, чунки ми остануало јасје од торнико и од тамавќарлк сум неќела да го исфрлам (5, 47); **неколку**: Со голем страв била неколку дни цареа ќерка, живеејќи покрај sверои, арно туку чоек се учи на тоа што ќе најди (2, 207); **толкуа**: Ако не ме веруаш (брате гусаку), еве прашај и аџи брате петле, што је со мене толкуа дни (2, 6).

~ Со о б и ч н и т е б р о е в и: **еден**: Еден ден, два поминале, цареа ќерка од радос ат не ја втасуало, ќе излетала од радос (2, 169); **два**: Викнала бабата еден ербап терзија и во два дни му ’и сошил алиштата (3, 53); ...елате (синковци) по

мене да видите што спечалил брат ви во два дни (3, 314); **три**: ...ми се јади, Боже чуај, стана три дни не сум каснал ништо (2, 24); ...мене ќе ме однесите на трите дни за џуап да му даам (на царо) за тоа нешто (3, 166); Се ваќал ќефил да лежи тој три дни апсаана (5, 281); Ако плачи детето, ќе му даит мајка му боска; а ако не плачи – не му дава и три дни и три ноќи да не посака (5, 7); **четири**: Да појш во четири дни и абер да ни донесиш (6, 228); **пет**: Пет дни (детето) да биде живо (3, 175); **седум**: ...седум дни ќе ми се молиш дури да те послушам (4, 115); **осум**: ...сега можи да се забаи (чоеко) за осум дни (6, 228); **десет**: Пред десетте дни беше накренал кадијата печес мина селани (5, 369); Не, да биде (детето) живо десет дни, после да умрит (3, 175); **петнаесет**: До петнаесет дни дојди и земи си ја (змијата) – му рекол еќимо (на син му од богатио) (3, 120); **дваесет**: ...коа дошле дваесетте дни (пријателo од Соломона) ’и слагал четириесе (3, 64); **триесет**(**т**): ...го држиш (стрико) на гради полуумренио чоек триесе дни (4, 132); Така (чоеко) го држа откупениот чоек на гради просто и го разодуаше, до триесет дни (4, 131); **триесе и осум**: ...најдов едно момче умрено, го вардив триесе и осум дни (3, 308); **триесет и девет**: Така (измеќаро) го потурал (философо) до триесет и девет дни (3, 65); **четириесе**(**т**): ...наместо само четириесе дни да чека (пријателo), чекал дваесет (3, 65); Побрго од четириесет дни не можам да појдам и да дојдам (6, 228); Као што ми кажуаат мене граоите, коџабаши – му одговорил попо – уште четириесе дни има до Велигден (6, 159); ...јас велам да му наречиме (на ова дете) и да му пишиме во тевтерите да живеит до четириесет дни... и на четириесетте дни да умрит (3, 188); **четириесет и три**: ...ние се забаивме четириесет и три дни (3, 93); **61**: ...ја продал (Арнаутино) коприната со ваде за 61 ден (6, 81); **триста**: ...уште триста дни да периш и пак не ќе го обелиш (црнио мутав) (4, 132).

~ Со приближните броеви: **ден-два**: Ден-два стојало овчарчето сѐ задумано (3, 221); Си патуале (луѓето) со гемијата ден-два (4, 129); Одиле, што одиле некој ден-два и дошле до една река кај што требало да ја газат (3, 290); **два-**

три: Одел на дрва, на два-три дни еднаш (2, 264); ...попот беше го молил сироматого да му поседит два-три дни на гости (5, 208); ..има два-три дни кај стоит (овчарчето) како зашутено (3, 221); Колку вадел, толку јадел, и на два-три дни одел крај море да го гледа сандѫко (3, 225); **три-четири**: ...по три-четири дни (на жената) ѝ оздраве бодежот (5, 52); ...одил (Зосија) три-четири дни пат (4, 194); Во три-четири дни се куветлеиса коњо (2, 284); Трај си ти (ќерко), за до три-четири дни ти ќе бидиш царица (5, 330); **печес**: Одил, одил (момчето) печес дни и кога дошол во едно пусто поле, видел една кула многу голема (3, 47); **десетина**: ...пред десетина дни некој ми ја изеде (кокошката) (5, 297); ...му работи (сиромаио) у еден чорбаџија дома му десетина дена (3, 316); Поминале десетина дни и едно утро посакал еднио (од тројцата другари) од анџиката еден чешел за да се исчешла (5, 97); **два-триесет**: Ја полекуало два триесет дни момчето (Дуња Ѓузели) со шеќершербети (3, 162).

~ Со р е д н и т е б р о е в и (бројните придавки): **прв**: Уште од првио ден царцкио син си засукал поли и ракаи и ватил да 'и чешла коњите (2, 283); Од првио ден на месецо ќе си имаат сѐ што им требат во куќите, така да знаат (4, 137); **втори**: ...вториот ден, вечерта, му се дало (на кауѓерите) по едно поскурче леб (6, 93); **други**: ...другио ден, па си ошла на работа (бабата) (2, 176); ...ами за вечер, за утре, за други ден што ќе јадам јас сиромав? (3, 157); **трети**: ...ние адет имаме во нашето село на трети ден да ојме на гроб со печена кокошка (2, 32); **треќи**: На треќио ден се јавиле измеќарите пред царо (5, 159); На треќио ден ја прати момчето малата ќерка при царо да му даи леко за очите (2, 290); (Трипуне) ќе те клаам да те празнуат луѓето на треќио ден од сечка (4, 45); **четврти**: ...на четврти ден, даде Госпо, се освестил (домаќино) (4, 20).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 33; 2, 35; 2, 40; 2, 44; 2, 45; 2, 58; 2, 68; 2, 69; 2, 70; 2, 73; 2, 82; 2, 83; 2, 105; 2, 115; 2, 161; 2, 167; 2, 181; 2, 185; 2, 196; 2, 200; 2, 264; 2, 284; 2, 292); (3, 83; 3, 158; 3, 166; 3, 270; 3, 272; 3, 311); (4, 10; 4, 18; 4, 31; 4, 75; 4, 82; 4, 116; 4, 131; 4, 162; 4, 167; 4, 183; 4, 200; 4, 239; 4, 252; 4, 272; 4,

282); (5, 25; 5, 46; 5, 53; 5, 64; 5, 117; 5, 152; 5, 158; 5, 245; 5, 281; 5, 330); (6, 7; 6, 11; 6, 145; 6, 178; 6, 202; 6, 207; 6, 209) и др.

ДЕН-ДЕНЕСКА *прил.* Вид. **денденеска**.

ДЕНГ -ови *м.* (аром.) *врзани плачки заедно.*

ДЕНГУБА *ж. губење време попусто;* Денеска, утре, од многуто денгуба што праела (вдојцата), по богомолението, осиромашела докрај (4, 172).

ДЕНГУБИ *гл. несвр. (го) губи време(то) попусто, без да работи, учи и сл.;* Море оти, бре синко, три години кај денгубиш, и ништо да не се научи? (4, 249); ...исврли го (момченце) тевтерот и не денгуби си, не лапај муи ...пејди си дома и терај си работата (6, 31); Овие нема да бидат луѓе, како што рекол Господ, ами гоедари и свињари; нафиле што си денгубат и идат на чколија (4, 190).

ДЕНДЕНЕСКА и **ДЕН-ДЕНЕСКА** *прил. и сега, во сегашниот час;* А обата браќа беа отишле на манастирот од сестра си и тамо седеле дури се посветиле, та откоа умреле, си ошле кај својата сестра и тамо си останале. И денденеска можи во рај да си се (3, 144); ...и царо му го скусил едното врапче (на буот), и останал само со едно до ден-денеска да му влегуа в уста (2, 84); Арно ама у никого не го најдоа, да оттогај и ден-денеска кај да се најдат пци, сѐ ќе се понадушат по носојте и под опашката, да не некако го најдат пустио арзоал (2, 53); Ја грабнал царо) ќерка си и со плачење си ја избакнал и проштење е сакал и се собрале на едно место: да царуат и да господаруаат, можи до ден-денеска (2, 271); Си отиде кај царот момчето и му се стори домазет. Можи и ден-денеска да си е цар (5, 119); Арно ама не би кабил да го вати (песот зајако), да му ’и земи чорапите и да си ’и има и да си ’и носи и ден-денеска, ами му останаа у зајако да си ’и носи и ден-денеска (2, 69); Да и ден-денеска сите пупунци си носат на глаа по една опашка од лисица (2, 22).

ДЕНЕС *прил.* Вид. **денеска**; Колку дни имаме од денес, а оче, до Велигден? (6, 159)

~ З а б е л е ш к а: Само една потврда.

ДЕНЕСКА *прил. во овој ден; сега, во сегашно време; со антонимите прилози:* **вчера**: ...нункана не ја видов ни вчера, ни денеска, да ји даи вода на крштеницата (4, 144); **утре**: Ако је кабил, Трипуне, не оди денеска и утре, да други ден оди, чунки јас денеска кај се пригодуам за утре да одам црква да си земам молитва (4, 45); *со глаголите:* **вати**: Поминал еден чоек крај рибарот и му рекол: – А, бре рибаре, камо ти 'и рибите што си 'и ватил денеска? (2, 33); **види**: Море, арно, мајсторе; сполај ти колку за тоа – му рече момчето – туку да знајш што зорт сум видел денеска (5, 313); Е, оче посниче, кажи ми што чудо виде денеска кај изворо? (4, 177); **изеи**: Ама еве што ќе те молиме (волчко): еднио денеска да нѐ изеиш, а другиот утре (му рекле бравите) (2, 22); **излези**: Чекал мачорот некој глушец или стаор да излези денеска, немало; чекај утре немало; чекај другиден, немало (2, 12); **јади**: А, бре домаќине, што чекате уште? Еве ручеко дојде и пројде, ај ручајте де! Кога ќе ручате, зер не ви се јади денеска? (6, 92); **најди**: ...денеска најди – јади; не најди – не јади; за волк пастрма не треба (2, 23); **напаси**: Заошто, бре прчко, гризиш јаглење? Дали не си напасено денеска? (2, 15); **оди**: Вид. кај прилогот **утре**; роди: Дај, жено, едно антерииче и едно капче да ја подарам онаа аргатинка што ми роди денеска на нива (5, 74); **стори**: ...да ваква чес, кумче волче, нито ќе ти сторат денеска тебе, ни на соно не си ја сонуал (2, 49); ...денеска ништо лошо не сме ти сториле (пријателе). Речи да ли сме ти сториле некое лошо? (4, 230); **чуе**: Знаиш, побратиме, што чув денеска на небеси од Бога? – му рекол ангелот. – Е, лебати, побратиме, ако сакаш, кажи ми што чу? – му рече чоекот (4, 120).

~ Во и з р а з и т е: **денеска за денеска** – *засега;* Ако не ни кажиш, пријателе ...кој ет од нашинците побогат и почесен во Стамбол денеска за денеска? – Денеска за денеска побогат јет, пријатели, Асан пачаџија (6, 121); **денеска-утре**; **денеска**, **утре** – 1. *во скоро време, наскоро; кај и да е; секој момент;* Кога виде царот оти нема куртулија од умирачката, собрал сиот мезлич и му рекол: – Слушајте вамо, вие старци,

така Господ наредил: чоек да се родит и да умрит. Еве и јас денеска-утре умирам. (3, 210); Слушајте вамо, синковци – им рекол (царо) – еве јас ќе умрам, веќе денеска-утре, чунки дотуа ми биле дните определени од Бога (5, 69). 2. *како што поминувале ѓеновите, времето;* Мнозина јунаци беа пошле за да ја отепаат (ламјата), арно ама сите беше ’и изела. Денеска-утре, поминале многу годиње што ’и мачела луѓето (2, 225); Денеска, утре детето растело и во годињето и во крадењето, и втаса да бидит прв арамија тој (4, 217); Денеска-утре, тој кради, таа јади, аир не можел да видит (воденичарот), голема мака му било, в кожа ќе си пукнел (2, 54); **до денеска** – *ѓо овој ѓен;* Ви се молам, стрико ле, од кај ме познаате мене што ми рековте на име? Јас вам до денеска не сум ве видел ни во некое село, ни пак во некој град (2, 143); Аман, брате овчарко, пушти го побрго стапо да излезам, да ќе видиш каква добро ќе ти сторам, што никој до денеска не ти сторил (2, 89); (**мисли**) **денеска**, (**мисли**) **утре** – *секој ѓен (мислел);* Мисли (сиромав човек) денеска, мисли утре, умот од глаата ќе му излези крај со крај не можи да стави за да најди некоја работа (4, 128); **од денеска вамо** – *оѓ овој ѓен па натаму, во иѓнина;* Да знаиш, бре Патенталија, оти од денеска вамо ти ќе ми бидиш прв садријазм и ја цар, на ова твое големо добро што ми го стори! (3, 96); **со денеска**, **со утре** – 1. *наскоро.* 2. *како што поминувале ѓеновите, времето;* Со денеска, со утре, разбрал чорбаџијата оти фиљан момче, од фиљан чорбаџија, врлил мерак на ќерка му за да ја земит за невеста (5, 175); Со денеска, со утре го видела царицата на неколку пати оти плачит и еднаш му рекла: – Што поронуаш солзи, честити царе, коа го видуаш детето? (2, 280); Со денеска, со утре, си се научило детето тамо да си живеит, од дома уште поарно (2, 200–201); Не само богати луѓе је таксуале пари (на Марија), ами књазои и царои је таксуале. А со денеска, со утре, ја кандисале. (4, 192)

~ З а б е л е ш к а: Наспрема *ѓенес* многу потврди има за *ѓенеска*.

ДЕНЕШЕН -шна *прил.* **1**. *што е оѓ ѓенес(ка);* Во мно-

гу дни празнични сум и согрешила и сум работила, чунки сум неќела да ми остани денешната работа за утре (5, 47).

2. *што паѓа ѕенес(ка);* Ќе се отепаш, домаќине, ја, зер малку ти беше Господ што го викна на помош, па 'и викна и денешните Четириесет мученици да ти помагаат: мнозина бидејќи те преврлија дури преку коњ! (6, 177); Ај Боже, поможи, и вие, денешни Четиријсет мученици, да ми поможете! – ...и клал (чоекот) нога на узенгија... (6, 176).

3. *што е појавен ѕенес(ка);* Од денешната напара, што ќе ве удреше детето со камен и ќе ве отепаше, требат за отсега вамо да си отворите очите и да се чуате од луѓето и поеќе од децата (2, 74); Остај ме, мори домаќинко, не задевај ме, доста ми је маката денешна од едно копиле што ми украде сланутокот и му откорна опашкава на магаренцето (6, 213).

4. **денешен** – *ѕенешен празник;* Ристос воскресе, браќа – му рекол – денешен за многу години! (3, 263)

~ Со и м е н к и т е: **мака** (6, 213), **мученик** (6, 176); **напара** (2, 74); **работа** (5, 47).

ДЕНИ СЕ *гл. свр. пикне се негѕе, таму каѕе што не може ѕа биѕе лесно најѕен; (прен.)* **кај се денел**? – *каѕе се загубил?;* Ако кажи (царо) оти нема никаков син... после кај ќе се денел тој? (5, 135)

ДЕНИЕ -ија *ср.* (црксл.) Вид. (**б**)**дение**.

ДЕНИЦА *ж. ѕвезѕата Венера (Зорница, Вечерница);* овде: **деница**; (Девојчето било) толку лично, што од челото сонце греало, од градите – месечина, од двете раменици – две звезди денници (2, 187).

ДЕНИЦА *м. машко лично име;* ...на десетио чин на сераскеро му било името Деница (4, 8); (Ангелите) почнале да го напаѓаат Деница оти се стори себеп да 'и истерат Господ од тој златен и убав рај (4, 10); *во форма за обраќање:* Деницо: Деницо, Деницо, ти стана враг против мене – му свика Бог (4, 11).

ДЕНСКИ *прил.* овде: *што е за дење, за преку ден;* Откоа чул денскио маж од жената си тие зборои, и нему му паднало страм, и си излегол ...надвор (6, 65).

ДЕНТА *прил. преку денот;* ...се збираат лошите луѓе од нашиот град и си кажуаат кој како сторил дента (5, 183); Праеле (ѓаолите) мушавере кој какво зло напраил дента (4, 256); *со предлогот* **од**: ...избегав кај врата, та сум се скрила во ѓубрето, што беше сметено од дента, под метлата (2, 106–107); Момчето беше изваило едно глувче од една кутија што си ја пригодило од дента и је го пуштил на мачката (5, 114); *со глаголите:* **дојди**: Дента дошол Евреино, и му кажала како напраил син је (3, 54); **матка**: (Ѓаоло) сам си кажал оти тој кауѓер дента беше го маткал и коњо му го закачил во батакот (4, 261); **напраи**: Вид. кај горните примери; **оди**: Оделе (момчето и цареа ќерка) дента и ’и стемнило (3, 291); **однесит**: Откога чул помалиот брат што велело пилето, сториле збор со браќа си за да ја натераат малата невеста да му однесит дента ручек и да ја закопаат во темелот (5, 231); **пран**: ...чорапите му биле дента прани со гирит сапун, та кај што беше газил зајако по росната трева, сѐ остануало од миризбата (2, 69); **стори**: Вид. кај горните примери.

ДЕЊА *прил.* Вид. **дење**; Браќа рисјани, до вчера јас бев првиот безбожник што мразев името Божје и сѐ што је свјато и одев дења во темница (4, 184).

ДЕЊЕ *прил. кога е ден, на видело (дневно);* Си имала една жена двајца мажи арамии; еднио си го имала за навечер, а другио за дење (6, 65); Ја чекај да видам кај оит момчето мое дење, што ич не седит при мене? (2, 130); Имало еден богат, одеа таму кај него пилињата дење (5, 322); *со антонимот* **ноќе**: Брат не сум му, пријателе ..ами сум му кăсмето од брата ти што му работам не само дење, ами и ноќе, за да го обогатам (3, 244); Секој чоек држел по једна коњска опашка в рака, за да се бранит дење од тие животинки, а пак ноќе живот немале од тавтабиди (4, 110).

~ Во и з р а з и т е: **дење и ноќе** – *постојано;* Од брата

ти (кӑсмето) сум, пријателе, и му работам дење и ноќе гологлаечки (3, 256); Ќе молам Бога дење и ноќе само да сум здрав сосе челад и стопанка (5, 78); (На сиромаиот) работел и кӑсметот дење и ноќе (2, 247); При сите молби на Бога што 'и праел, мислата негоа, дење и ноќе, сѐ го мачела и никако не го остаала да се понарадува (рисјанино) на весел живот (4, 180); **дење-ноќе** – *постојано;* Ту бре, гиди, дваесет години и згора кај постам во пустелијава дење-ноќе сѐ метании кај праам, на Бога се молам (4, 185); Еден сиромав терзија дење-ноќе работеше и одвај со леб куќата можеше да ја прерани (4, 102); И ѓаконот што го имал па уште помераклија бил од владиката. Бидејќи таквие обата биле, дење-ноќе дама играле (6, 166); Како што сакам, веричката твоја, јас да работам гологлаечки дење-ноќе, празник-делник и ти да лежиш... како некој деребеј! (3, 256–257); ...и од тој ден како беше се закарал со жената си, дење-ноќе ич раат не беа живеале (2, 38); **дење**, **ноќе** – *постојано;* Дење, ноќе, сешто ја учел (мажо жената си) за да ја остаи мрзата и да биди домаќинка (6, 15); Кандилото дење, ноќе сѐ ѝ горело, а штом мажот је ќе си одел на дуќан и незе ќе ѝ дојдеа мажи за да курвуат со неа (5, 162); Дење, ноќе работел и пак гладен многу вечери беше си легнуал (сиромашецо) (2, 241); **дури било дење** – *дури било ден, дури се гледало;* Кај што беше коњо, тамо беше и Итроман Пејо. Де море ал де, што беше го нашло Пеја! Арно дури било дење, ами коа ќе се стемнело како ќе праит? (6, 205); **и дење и ноќе** – *постојано;* Три години цели што го учив (детето) и дење и ноќе, да ако не се научи, сака отепуање со лебо в уста (4, 249); Остана егуменот да се мислит; мисли, мисли и дење и ноќе, сиромаиот, никако не му текнуаше каков џуап да му даит на царот (5, 100); **и дење и ноќе нема** – *никогаш нема;* Пусти измеќарлӑк... и дење и ноќе нема да застаниш (5, 82); **на бело дење** – *кога е ден;* Муфљузот ќе запалел четири свеќи, во четирите ќошеи на дуќанот, на бело дење (6, 81); **ни дење**, **ни ноќе** – *никако;* Од пустата кашлица немал дерман (болнио), ни дење, ни ноќе (5, 272); (Царот) имал една болештина во срцето, што ни дење, ни ноќе не можел крај да си

најди (3, 75); **ни ноќе ... ни дење** – *никогаш;* Кажи што канон да исполнам, оче дуовниче... само да ми се прости грео и да имам раат, оти ни ноќе имам раат на душата, ни дење (4, 26); **ноќе-дење** – *постојано;* ...јас сум му кăсметот од брата ти, што му работам ноќе-дење, еве и класјето што се растурени, кај туку 'и збирам (2, 122); Си бил на некој град еден сиромав терзија, од него побрз нигде немало, ноќе-дење шиел и шиел ...цел ден глаа не креал од работа (3, 228).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 54); (3, 27); (4, 186) и др.

ДЕРВЕН *м.* (тур.) *клисура, тесно место меѓу високи карпи;* Коа дошле близу селото Плетвар, кај дервено, видел Силјан полето Прилепцко (2, 148).

ДЕРВИШ -и *м.* (тур.) *муслимански калуѓер;* Мислил, шестал (царо) и измислил да оди на некоја страна да бара некој дервиш да го праша заошто немал челад (2, 163); Дервишон, без да знаит, му се пофалил (на Бугарино) оти знаел да зборуа на бугарски (6, 126); Како што си пиел дервишот со чибукот тутун, беше му паднал жарот од љулето (6, 127); ...ако излези салам нуската, ќе ти даам едно сари меџидие, мала еда биља – му рекол (Арнаутино) на дервишо и си отишол (6, 119); *во множина;* ...така му праеја (на дренкокош) како што 'и научила дервишите жената му (6, 25); *во форма за обраќање:* дервиш: Дервиш, шалварите ти се запалиле... е-те кај ти горат, угаси 'и! (6, 127)

~ Со и м е н к и т е: **баба**: Слушај вамо, дервиш баба, мене на сонот ми се кажа што требит да му се праит на мажа ми (6, 24); Е виде, дервиш баба, виде, по оти куршум не ме лови мене? (6, 120); Знам, дервиш-баба, оти има ламја и ако ме сети, можи да ме изеит, арно ама при животта твоја, јас не се бојам од ламјата (2, 164); **татко**: Дервиш татко, ти бугарцки не разбираш, ја погледај ти оти шалварите ти горат, шалварите! (6, 127); ...да ти се продолжит векот, о море дервиш татко! (6, 120); **укач**: Тука близу имало едно теќе од дервиши, укачи (6, 24).

~ Со п р и д а в к и т е: **баш**: И така баш-дервишот кан-

диса и се погодија со едночудо пари и полоината му ’и дала напред (жената) (6, 25); ...му рече (жената) на баш-дервишот: Слушај вамо, ...што требит да му се праит на мажа ми (6, 24); **лажлив**: На тие зборои се увери лажливио дервиш и ја зеде пушката од Арнаутино, та го зеде на нишан и ја врли пушката на дебранецо (6, 120); **пуст**: Два-три пати што му повторил Бугарино на дервишот и му кажал оти му горат шалварите, арно ама пустиот дервиш абер си немал од тоа што му зборуал Бугарино (6, 127); Пустио дервиш, при сѐ што знаеше оти лажи (дебранецо) со тие пусти амајлии, па се излага и ја зеде амајлијата (6, 120); **силен**: Во таа ѓурултија чул еден силен дервиш, што живеел во едни стари сараи во планината, оти се победиле сите Арапи и му се нажалило (3, 109).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: Имало еден дервиш што пишуал амајлии на луѓето да не ји ваќа куршум (6, 119); Еден Бугарин го прашал еден дервиш дали знаит бугарски (6, 126); **двајца**: Дојдоа двајца дервиши и си го кренаа дренкокош, та си го турија во една земна одаја (6, 25).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 164); (6, 25; 6, 127) и др.

ДЕРВИШИШТЕ *ср. пејор.* од дервиш; ...врвејќи (симиџијата) низ темнио дол видел од другата страна едно дервишиште, со косите растресени, за страои Божји, седнат на една зелена трева, под едно дрво шаторесто (3, 36).

ДЕРД -ои *м.* Вид. **дерт**.

ДЕРЕБЕЈ *м.* (тур) *во турско време управник на некое место што се осамил и не признава повисока власт; (прен.) насилник;* ...лежиш во трњево и во капињево, како некој деребеј! (3, 257)

ДЕРЕЏЕ *ср.* (тур.) *степен; ред; обично во негативна смисла;* Ете, коа не му работи кăсмето на чоека на кое дереџе ќе дојдит (3, 304); Ејди синко, не погоди змија водна, ами змија осојничава, затоа те дотера до ова дереџе – му рекол (татко му) со жалостен глас (2, 224).

ДЕРИ(Т) *гл. несвр.* **I**. **а**. *раскинува на парчиња;* Коа чу

аргатино тој збор од чорбаџијата: „Сеа ќе те дерам со кремен“, беше се уверил оти вистина можи да го дерит, та фатил глаата да ја тепат од камењето (6, 229); Мене еден чоек што стоеше овде со коњот ми рече да се скријам, оти ти ќе ми ја дериш кожата (6, 230); Ах, курво една ...ја ти идам од акот, ја умирам, да видиш на кој аџилак ќе те пуштам јас, ја кожата ќе ти ја дерам, ја ќе умрам (2, 20). **б**. *гл. прид.* дран; Трештил прчко дран-недодран да бега од пустата болештина (2, 16).

II. *прен. се нервира, се јадосува; во пасивна употреба;* Море чоече, бре – му рекол сиромаио на аргатино – али знаиш оти ти сега жив ќе се дериш од оној чоек што трчат по патон (6, 229).

ДЕРМАН *м. спас, мир, спокојство* (тур.); овде: **дерман (си) немал (од некого)** – *не можел да се спаси (од некого);* ...беше му рекла змијата: ако кажит некому оти разбират од сите јазици ќе умрит; да не кажит, од жена си дерман немал! (3, 67); Од пустата кашлица (сиромав чоек) немал дерман, ни дење, ни ноќе (5, 272).

ДЕРМЕНКО *м. машко лично име;* Идејќи Дерменко папуџијата од лозје, в Прилеп видел двајца Турци крај виројте (6, 80); Дерменко заповедал да му удрат триесет стапои, по нозе, за да видит дали право кажуат (6, 81); *во формата* Дерменка: Му текнало на Дерменка оти (Турците) насирале во водата за да ја видат новата месечина (6, 80); (Кадијата) го поверуа Дерменка со клетвата што ја зеде (6, 80).

ДЕРТ и **ДЕРД** -ои *м. грижа; душевна мака;* Ќе ти кажам, света владико, туку дердот ќе си го накренам (6, 173); Неќум да ми кажиш кога ме лажиш и после дерт на срце да ми клаиш, да умрам еден саат побрго (3, 89); Мило брате, те молиме, не прашај н кому борч имаме и не скоривај ни дердоите (5, 280).

~ Во и з р а з и т е: **дердот ќе си го накренам** – *ќе се јадосам;* **не скоривај ни дердоите** – *не јадосувај нè;* Вид. ги горните примери.

ДЕСЕН -сна *прид. што се наоѓа на спротивната*

страна на срцето; (спрот.: лев); Ќе те молам, мајсторе, со голем мукает да ме бричиш, да не ми го задрниш десното уо, оти имам една раничка (5, 301); Едно ќе те молам, мој домаќине, десната боска да не ми ја зазидате, ами да ми ја остаите од ѕидот надвор за да ми го носите малото мое Милоше да го дојам (5, 232); За нестреќа, беше му се запнала (на арамијата) ногата десна от узенгијата и се пробесил со глаата надолу (6, 57); Во тоа зборуање момчето, старата беше го гледала во лицето со многу дикат и беше му видела еден нишан на клепката од десното око (5, 254); Одејќи мнозина Турци, си пишуале амајлии и си ја клавале во стребро, та си ја носеле врзани на десната рака, близу до рамето (6, 119); Портата ѝ беше, мајсторе, до фурната од десната страна, коа да влегуаш внатре (5, 312); Од десното рамо (на царев зет) му греело сонцето (3, 115); Ја види, честити царе, тие твој зетои на десните бутои дали немат по еден муур (3, 32).

~ Со именките: **боска** (5, 12; 5, 232), **бут** (3, 32); **крило** (3, 215); **нога** (2, 152; 2, 159; 6, 57); **образ** (3, 139), **око** (5, 254); **рака** (3, 164; 4, 17; 4, 150; 5, 162; 5, 317; 6, 119; 6, 122), **рамо** (2, 112; 3, 115); **страна** (2, 294; 4, 23; 5, 312); **уо** (5, 301).

ДЕСЕТ -те *бр.* **1**. *за еѳна еѳиница поѓолем оѳ ѳевет, бројот 10;* На Петка Госпо му даде десет синои на ред (2, 252); Пред десет саатот пошол (царот) во одајата кај што беше скриен умрениот, и кога го открил, вистина бил со глаата пресечена (4, 270); Е, бре браќа, ...требно е да се жениме, арно ама јас велам да барам десет сестри да да си земиме за да не ни се расипи куќата (2, 254); Десет дуќани да фаќаш, бре синко, и пак десет грошеи ќе вадиш (3, 203); *во членувана форма:* десетте: 1. *за живи суштества;* Вечерта му кажал чоекот на жената си оти лисицата беше го избавила од смокот и за тоа добро ќе је даел десетте кокошки што имал бакшиш (2, 37); Метло мори, кај си ...ела да те вјавнам, оти десетте браќа ми 'и заклаа десетте ќерки (2, 257); Тоарил парите (сиромаиот) на десет маски и му зел десет измеќари на десетте маски (3, 259). 2. *за преѳмети;* Пред десетте дни беше накренал кадијата печес мина селани од ближните села (5, 360);

Откоа (старио) го удрил три пати, го посинил и му дал десет клучеи од десетте одаи да отворит момчето (3, 24); Ете, од џевнемот еден чоек дојде, тики здравоживо откај татка ми донесе, х, х, и ми кажа оти татко бил на голема мака, обесен за од ноктите од десетте прсти од рацете (6, 228).

2. *самостојно;* Една жена си имала девет девојчиња изродени и на десетте пак останала тешка (3, 187); Јас имам девет деца и жената ми десет, јас еден единаесет (4, 166); Оф, море домаќине, ...удри ми уште еден клуч, барем да се сторат десет и ој си без гајле (5, 190).

~ Во и з р а з и т е: **ву десет** – *ѹвојно;* Ете, тој (брат ми) сета стока си ја има и уште ву десет ја намножи (3, 270); (**да не зборуа**) **дури не бројт десет** – *(ѹа не зборува) ѹури не размисли ѹобро;* Бре, анасăнă, оваа девојка зер била самовила, па јас сакав да ја сакам за невеста, арно е чоек веднаш ништо да не зборуа дури не бројт десет (3, 40); **десет пати** – *ѹесетпати;* Грабнал (попо) патерицата и му легнал да маат – десет пати мавај на љубовникот, еднаш на попадијата (5, 209); (**продаде**) **десет пати по десет** – *(продаде) многу поскапо отколку што чини;* Пеки, татко ...јас ќе печалам (рибата) да ја продаам десет пати по десет, а не – десет, туку дај ми ја, да ќе видиш дали не ќе ја продаам (5, 236); **рече на десет едно** – *се согласи, се помири со судбината;* За вас друго чаре нема, пријатели, освен да седите в дупки, скриени дури да си намножите челадта, да после и ако изедуа мачорот по некој глушец ...нема ништо тогај – речете на десет едно и друго ништо (2, 12).

~ Во с о с т а в с о д р у г и б р о е в и: **девет-десет**: Една (вдојца) си имала едно дете од девет-десет години возрас (6, 162); **шесдесет**: Вур-тур си ујдисаа (мајсторо и муштеријата) и му ја продаде за шесдесет та си ја донесол дома (рибата) (3, 230); **десет**, **двајсемина**: Немаше ноќ што да не се отепаат десет, двајсемина луѓе и да му се опленат куќите (4, 145); **десет илјади**: Н ви сега по десет илјади гроша и одете си со здравје (5,160); Знам, знам, ами како не знам, десет илјади грошои ти борџуам (3, 260).

~ Со и м е н к и т е: **ап** (6, 184); **брат** (2, 255; 2, 257); **гемија** (3, 210; 5, 173), **година** (3, 257; 4, 280; 5, 123; 5, 361), **грош** (3, 202; 3, 203; 3, 274; 5, 72); **декика** (4, 176), **ден** (3, 175; 5, 369), **дуќан** (3, 203); **измеќар** (3, 239; 3, 260); **клуч** (3, 24; 5, 190), **кокошка** (2, 37); **лира** (2, 219; 2, 221); **маска** (3, 259; 3, 260); **нива** (2, 252); **одаја** (3, 24); **пара** (5, 145), **пат** (5, 209; 5, 236), **прст** (6, 228); **саат** (2, 142; 4, 269; 4, 270), **сестра** (2, 254), **син** (2, 252; 3, 199), **сокол** (3, 208), **сомун** (5, 305), **стап** (6, 81); **тоар** (3, 233; 3, 260); **ќерка** (2, 256; 2, 257); **форинта** (6, 79); **ченгел** (6, 226), **чин** (4, 7; 4, 8), **чингел** (6, 228).

ДЕСЕТИНА *бр. приближен. околу 10;* Се погодил да му работи (сиромаио) у еден чорбаџија дома му десетина дена (3, 316); Е, крави десетина да имаат, али лоши сет тие домаќини (6, 194); ...ќе пречекориш десетина чекори за кај магарето и веднаш ќе се вратиш назад (3, 244).

~ Со и м е н к и т е: **декика** (6, 32); **ден** (3, 316; 5, 97; 5, 368); **животинка** (3, 104); **крава** (6, 194); **куче** (6, 139); **овца** (5, 8); **пат** (5, 206); **пиле** (3, 104); **тоар** (4, 233); **чекор** (2, 133; 3, 244).

ДЕСЕТИНАМИНА *бр. им. околу 10 ѕуши;* Таа мака му била на сиромаио дури да му земи на десетинамина баждар (5, 151).

ДЕСЕТМИНА *бр. им. ѕесет ѕуши;* ...ја видел (жената) кај ја бесчестуале (јарамази) и испат му го сторил со десетмина комшиј и судот је пресудил да се закопат жива вземи (5, 251).

ДЕСЕТОК *м. виѕ ѕавачка – ѕесетти ѕел оѕ нешто;* Отишол еден спаија во едно село да броит снопјето по поле за да му сечит десетокот (6, 144); Сполај е на Богородица, спаијо, што те донесла да седиш на патов и да крпиш, оти исав не стори за десетоко коа ни го вади! (6, 145)

ДЕСЕТПАТИ *прил.* **1**. *умножено со ѕесет;* Колку што беа ужалени децата, десетпати поеќе се ужалија таткото и мајката (3, 262); Кога беше се обогатил чоек, брате мило, це-

ли одаи со пари беше си наполнил. Богасто, богасто Туна и Сава имал и од брата му десетпати и речи дваесетпати побогат станал (3, 274).

2. *многупати;* Чудна работа ќе бидиш ти што десетпати кај ти реков да не ми го задрнуаш уото и пак ми го задрна (5, 302); Е, вистина, бре татко, излезе лебот убав, туку десетпати сум се обишла со рака на чело и кај газ (6, 40).

ДЕСЕТТИ *бр. реден* (или *прид. бројна*) наспрема **десет**; ...а пак на десеттио чин на сераскеро му било името Деница (4, 8); Коа му се родило десеттото дете, си дошол Петко од планина дома и влегол в куќи (2, 252); Честити царе, пред три години св. оци сакаа да го пишат во каноно што го врзуавме десеттио стих од 34. пс. Давидов, што вели: "Богатите осиромашуаат и огладнуаат и др." (4, 204); Голем ќеф имал помалио брат кога ја виде десетта ќерка од старата (2, 255).

~ Со именките: **дете** (2, 252); **стих** (4, 204); **ќерка** (2, 255); **чин** (4, 8).

ДЕСНИЦА *ж.* (црквслов.) *десна рака;* Ела ми, ела ми, чедо, да му бакниш на деда аџија десница за ти да ми даиш проштење (2, 13); Ете вака, чедо мое, ела уште еднаш да ми целиваш десница и ој ми си со здравје (2, 13); Едно влегол царцкио син во сарајо и царо го пречекал, та си го избакнал в чело, а син му беше му бакнал десница (5, 136); Дај, татко, да ти целивам десницата, со таа што сакаше да ме колиш кога ме бркаше со ножо (2, 184).

~ Во благословот: **десница(та) да ѝ цутит**; ...мир од коските да ѝ течат и десница да ја цутит! (5, 341).

~ Во други примери: (2, 156); (5, 69) и др.

ДЕСНО *прил.* **од десно (оддесно)** – *на десната страна;* Ќе му довтасаат (на коњо) еден силен 'рслан и една 'рсланица, та ќе му застанат еднио од десно и другио од лево, да го варда(т) коњо со стопано од секакви лошотии (2, 274).

ДЕСТУР *прил.* (тур.) **достур** – *доста; доволно;* Јадење и пиење (дервиш баба) да му давате дестур (на мажа ми) (6, 24); Де, бујрум! – јади (мајко), дестур, колку ти носи утробата

(3, 36); Откоа се одделија четириесетте царцки синои од мајка си и од татка си и се најдоа сами на ќео нивни да бидат, само песни и џумбуши по пато праеја, чунки јадење, пиење, дестур со нив носеле (3, 97); ...викни 'и (брате петле) сите, ако сакаат, нека дојдат и ич гајле да не берат, за по пат јадење, пиење дестур, колку да ми сакаат (2, 19).

ДЕТЕ, **деца** *ср.* **1**. *човечко суштество од раѓањето и во најмладите свои години;* Два саата на ден носам тоар едно дете од седум години за да го однесам на даскал и да го донесам (2, 73); ...влегоа во големата авлија и старецот го остаи детето да постои во дворо (2, 273); За ошто, еќимбаши, не си му дал парите за рибата на детево (6, 62); Ватило детето да се распознаа со деца и да се поигруа (3, 139); Отрчала цареа ќерка и го зела момчето је, та го донесла на трпезата најдолу во децата (2, 293); асли дете – *токму дете, вистинско дете;* Мајсторе, мајсторе, ова не јет асли дете, ова јет со сурат, ела да го видиш (6, 33).

2. *чедо, рожба;* Нема да му го даам моето дете, честити царе, чунки моето дете ќе биди за цар по смртта на татка си (2, 273); Од кај ме виде, бре ќелеш – му рекла (цареа ќерка) – што да родам дете од тебе и сега да се давам со тебе в море (2, 267); Ако роди таа дете, ќе бидит ја без очи, ја без раце, ја без нозе (4, 92); Оф, брате, брате! Богородица мајка и цар небесен да ме накажи мене ...ако сум ти го заклала јас детето (2, 162); ...ќе го остаам стариот нунко, чунки не ми траат децата (4, 86); Тој деца немал, само една жена си имал (3, 260); Голема работа дете ет; ќешке како него да сет сите деца на веков! (4, 107)

~ Во и з р а з и т е: **дете од мајка украдуал** – *голем арамија бил;* Си бил еден арамија што дете од мајка украдуал, и не може чоек да го сети, – толку мајстор што бил (5, 347); **немала ни дете ни коте** – *немала никој свој, била сосем сама;* Една баба си немала ни дете, ни коте. Наместо девојче, беше ја променила пиралката со тие убаи фастани (2, 185); **роди**, **бабо**, **дете** – *за нешто што е невозможно (да се стори);* ...што рекле стари: што не се прчило не се окозило, од неа

немало таков јунак, со сила убаина не бидуа, роди, бабо, дете – не бидуа (3, 215); И тоа што го печалам, на меана, али на комар не го давам, сѐ за куќи кај го носам, ами коа толку ми е дарот од Бога? – Роди, бабо, дете! (4, 82); **со деца не треба да сркам маштеница** – *со деца не треба да имам работа;* Ej, со деца не треба да сркам маштеница! (6, 174); **дете во мајка проплакало од него** – *направил многу лоши работи, бил многу лош;* Море, скрши си глаата (коџабаши), пцојсај, да дека ќе ти простиме ние, тики Госпо, сполај му, не знаит оти дете во мајка проплакало од тебе (5, 283); Во некое големо село имало еден коџабашија толку лош, што беше проплакало дете во мајка од негоата лошотија (5, 282).

~ Со именките: **куче**: Што си без ќеф, мори жено – ѝ рекол тој – ја кажи ми што нешто ти сторија тие кучиња деца? (2, 178); ...да го пуштат ова куче дете и да ме заузда како некое магаре (4, 266); **сирак**: Му дошло дено и умрел постарио (брат) и остаил децата сираци (5, 50); **седмоготче**: Богатиот го купил (магарето) за да му вјаат едно седмоготче дете (2, 73); **сиромавче**: Чу едно дете сиромавче и пејде кај царот, та му ја зеде постарата му ќерка со најголемио чивлик (3, 305).

~ Со придавките: **босо**: Еден сиромав чоек си имал две деца, голи боси и гладни (3, 262); **врашко**: Уште не заспале овие врашки деца – си рекол сам со себе (сиромаиот) – и се вратил (3, 267); Голема мака имам од врашки деца што идат и ми ’и чукаат јаболката и ми ’и крадат (4, 198); Кога се нагрвалија врашки деца да собираат ореи, се расврлија со грутки и стапои (5, 68); **галено**: Ете вака нека му је наречено, мори сестри, на ова многу галено дете, што ќе се галит и гледат од девет сестри (3, 184); **главено**: Еден бозаџија си имал две деца главени за да му продаваат боза по маала (6, 129); **гладно**: Вид. кај босо; **големо**: Видуајќим големото дете таа риба, го моли татка си да му ја даит нему (5, 236); Шетало неколку дни поголемото дете низ градот (3, 151); Сторило ниет еднаш поголемото дете да му кажи на татка си, за оти е мајка му по тој пат (3, 147); Неверната жена кандисала да ’и

умри децата, само да је иди Евреино, арно ама поголемото дете сѐ знаеше што праји мајка му (3, 264); **голо**: Вид. кај босо; **голоо**: ...се чудиле (козарите) од каде е тоа дете голоо (3, 193); **дробно**: Христос го прати (ангело) за да му ја земи душата на мајка му на пет дробни деца без татко (4, 53); **ѓаолцко**: Ов, бре пријателе ...остај, не прашај ме, оти сум налепил со ова ѓаолцко дете (4, 247); **женско**, **женцко**: Некоја кралица родила осум женски деца (3, 175); Си имам три машки деца и едно женцко, одошто сум сиромав не можам со леб да 'и преранам (4, 92); **завали**: Си зедоа очите в раце завали деца и се простија со куќата (3, 151); **ѕвездалија**: Ти биди жив, честити царе, оти сестра ни наместо дете ѕвездалија да роди, ти роди едно куче (3, 137); **кротко**: (Госпо) беше ѝ дал (на нечесната жена) две машки деца, кротки и смирни, како некој ангелчиња (3, 147); **крупно**: Се израдувала царицата и царот дека му се роди таквоо крупно дете (2, 280); **лажливо**: Тргоецот тоа го гледаше и ич на ум не му идеше за да јет лажливо дете (6, 32); Коа отишол баздриѓанот да видит, вистина лажливо дете беше било (6, 33); **лошо**: А пак лоши деца често му 'и чукале и му 'и краделе (јаболката); голема мака имал (чоекот) од децата (4, 197); Една вдојца си имала едно дете мошне лошо, та одошто било лошо, тики беше се здружило со ѓаолот и праело големи пакози (4, 232); **малечко**: Сите слушале гостите глас како од малечко дете, да му сакат на зетот лајца (2, 17); **мало**: Врвејќи покрај една река (сиромаио), нашол три мали деца кај се карале за две бесценети камчиња (3, 248); Некои мали деца го гледаа (момчето); арно ама не му текнало оти што мисли ослепеното опулено момче (4, 101); ...се прочу по целиот свет и до најмалите деца се гнасеа од греот на патрикот (4, 283); Ве молам, вие старци, пратете еден чоек да ја викнит од комшијата жената му, што родила пред три месеци дете, да да го прашам малото дете ...што јет најгрешно (4, 174); **машко**: Оваа жена машко дете ќе роди, ама слепо да го родит (3,197); Тројцата синои имале по едно машко дете (5, 351); Господ, Господ, сполај му, тој је даде на ќерка ми машко дете, синко (6, 128); Еве јас сум ќелешо, честити царе, и еве

’а ќерка ти со машкото дете, што нѐ затвори во бочвата и нѐ врли в море! (2, 271); **мило**: Мила моја снао, од кај го познааш твоето мило дете – ѝ рекол свекор е – што го прегрна веднаш и за чедо го стори? (3, 140); Чие си, бре мило дете? Кој ти е татко и мајка? (3, 139); Коа чу дрварот таа молба од милото си дете, му се такса за тогај да го скорни раното и да го земи со себе на дрва (3, 148); **научено**: Детето научено од мајка си не се истаало од пред него, ами сѐ му сакало еден алтăн на Арнаутино (5, 290); **невозрасно**: Си тргнале двете невозрасни деца по еден пат и за кăсметот нивни ’и вардел по патот (3, 276); **остаено**: ...врвејќи (кирџијата) покрај остаеното дете, го чул кај плачит (3, 198); **праведно**: Од тие три пати што украде кроткото и праведното дете се престрашило и ватило да крадит (4, 217); **продаено**: За кăсметот од продаеното дете, на него беше паднал гулабот (5, 260); **проклето**: Ах, проклето дете ...дали вака не знаиш маривет, чекам сега да ми те гостам! (4, 249); **рисјанско**: Еврејските еќими му рекле на царот да заколит не знам колку илјади рисјански деца (4, 29); Тие пари се подариле на тие рисјански деца (4, 30); **родено**: ...еве оваа вечер јет трећата вечер на роденово машко дете на оваа жена (3, 184); **селцко**: Во еден празничен ден беа се покачиле селцките деца и девојчиња да збираат цреши (4, 278); **сиромашко**: Еден богат тргоец бил бесчеладен и зел едно сиромашко дете, та го посинил на место своја челад (5, 229); Сиромашките деца кога се обsрнаа назад, ете му го татко му кај туку трчат, и туку му се валит ако ѝ втаса, ќе ’и заколит (2, 179); **сирото**: Мислеа, шестаа сироти деца; друго не бидуа, си рекле, ами бегање ’и перело (2, 178); На тие жалосни зборои од верната и милостивата сестра, не можеа сироти деца да прогоорат од големо плачење (3, 276); Отишло сирото дете, та скинало јаболка (4, 217); **слабодушно**: Ајде бре, Цане, дете слабодушно – му рекол царо – оди, ами неќум да ја отепаш ламјата, ами жива да ми ја ватиш (2, 134); **слепо**: Вид. кај машко; **смирно**: Вид. кај **кротко**: **убодено**: Со тоа ослепуање малку се утешија родителите на двете убодени деца (4, 101); **умно**: Кога чуле татко му и мајка му од умното дете што му

рекло, ич неарно му паднало (5, 259); **урочено**: Тие пари ...чудесија праеја по болни и неолни, а најпоеќе на деца урочени (4, 30); Дури и ден денеска некој стари рупчиња имат и со нив мијат урочени деца (4, 30); **царцко**: Во тој саат сите деца беа во двор испуштени, царцкото дете било во една скришна одаја (2, 282).

~ Со з а м е н с к и п р и д а в к и: **мое**: Ќе те молам, еќимбаши ...да го викниш ти едно дете мое што стои на порта, за да го видиш од една болес неверна (5, 338); **негоо**: Ќе му речел (муштеријата) на бакало да му даит од пет-шес турли зајрења на детето негоо и ќе си заминел (5, 363–364); **незино**: ...а пред жената си оело едно дете незино од три-четири годиње (2, 21); **некое**: Што се чиниш аџамија (море домаќине), како некое дете ми зборуаш вечерва? (3, 317); Ама, бабо, не играј како некое дете; коа ти велам оти друг чоек од мене немат во дуќанов, – је рекол чоекот (6, 48); Море домаќине, море душко, оти играш како некое дете со кукли и со ашици? (6, 71); **нивно**: ...издумаа (царо и царицата) да напраат едно училиште, да одат деца да учат, сите бојдаши на нивното дете и коа ќе дојдел Арапо да му го зема, да биди смешано, али скриено во тие деца (2, 281); ...си летнале со Аџи кљак и со аџијцата, со децата нивни и си отидоа во штрков виљает здрави и живи (2, 155); **твое**: ...како твоево дете не сум видел да има друго (бре пријателе), само нека ти е живо и здраво! (4, 106–107)

~ Со о б и ч н и т е б р о е в и: **едно**: Е, снао, еве го старио дојде да ви земи едно дете (2, 273); Му (дадов) на едното дете две пари (4, 189); **две**: Дошле двете деца од даскал... (3, 274); Си останал еден чоек вдоец со две деца, едното машко, другото женско, чунки му умрела жената (2, 177); Одејќи си по еден сокак (богатио), видел две деца што си иделе од даскал и многу му се пулеле в очи децата (3, 227); на... две деца што се тепаа за едно куче и ји отмав да не се убијат (4, 189); **обете**: Откога се изрекоа тие зборои, си ’и погали (братот) обете деца по надуените обравчиња и, плачејќи, се оддели и си отиде назад во темна зандана (5, 281); Еве, верно да знаиш са-

равбаши... оти утре вечер ќе ’и заколам обете деца и од тебе немам никаква делба (3, 275); **три**: Крај реката седеле три деца на зелената трева и помеѓу себе се карале (3, 258); Ј е дал Господ (на царицата) три деца машки (3, 132); Во тоа време довтасал кај изворо еден богат чоек на пајтон со жената си и со три деца како ангели (4, 176); **пет**: ...ти покажуам оваа пропуштена ѕвезда од небото, на една куќа од една вдојца, со пет деца (4, 171); ...си изгледала (вдовицата) петте деца, и пак таа биде светица (4, 173); ...најпосле издума (ангело) оти помунасип ет стариот да умри одошто вдојцата со пет деца (4, 54); **шес(т)**: Ј ас денеска скарав двајца браќа и ...ќе работам да го обесат (еднио брат) за да останат шес деца сираци (4, 256); **седум**: Си имаше еден чоек седум деца машки; од седумте деца поголемото му беше многу кăсметлија и много итро и работно (5, 235); **девет**: Еден сиромав чоек си имал девет деца, сите девет му биле машки (4, 163); ...ј ас имам девет деца и жената ми десет, ј ас еден единаесет (4, 166); Во тие разгоори почнал сиромаиот да си кажуа алот на старио, оти... имал девет деца и не можел да ’и изгледа (4, 165).

~ Со п р и б л и ж н и т е б р о е в и: **три-четири**: Едно се приближал (богатио) до колибата и кога гледа: маж и жена со три-четири деца си се греат околу огнот (3, 190); Откако напраија една смеа, се наврлаа три-четири деца во виро и, за жалос, двете се набодија на острите закачени трски (4, 101); **четири-пет**: Имаше (мажот) четири-пет деца, та едно сакало папо, друго кака, треќото мака, четвртото му се спиело и друзи детинцки сакачки (2, 212); **пет-шес**: ...да му даеше Господ пет-шес деца (на Христа), како мене што ми ’и дал Господ и да дојдеше Велигден, да да му посакаа кој чевлиња, кој вевче (5, 258); **шес-седум**: Еве што мака имам, пријателе ...Мене ми родила царицата шес-седум деца и сите ми умреле (2, 280).

~ Со р е д н и б р о е в и: Царо ватил едно друго дете за рака и му го подал на Арапо (2, 282); ...кога видело (момчето) како се капат друзите деца, му се родила завис со срцето оти и тој да не можит да се капит како нив (4, 100); Ова де-

те дароито е за садријазам; треќо за књаз; четврто за кадија; петто за апостол; шесто за еќим; седмо за проповедник (4, 191).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 13; 2, 21; 2, 28; 2, 50; 2, 51; 2, 54; 2, 74; 2, 167; 2, 178; 2, 180; 2, 190; 2, 199; 2, 200; 2, 242; 2, 252; 2, 272; 2, 281; 2, 293); (3, 46; 3, 151; 3, 184; 3, 191; 3, 192; 3, 193; 3, 252; 3, 254; 3, 262; 3, 265; 3, 266; 3, 274; 3, 276; 3, 286; 3, 319); (4, 20; 4, 53; 4, 55; 4, 57; 4, 87; 4, 89; 4, 104; 4, 149; 4, 190; 4, 197; 4, 216; 4, 217; 4, 247; 4, 266); (5, 10; 5, 41; 5, 50; 5, 310; 5, 339); (6, 14; 6, 113; 6, 128; 6, 162) и др.

ДЕТЕЛИНА *ж. бот. тревата* Trifolium; Беше стапнале да патуаат аскеро по полето, низ таа убаа детелина, развиена со секакви убаи цвеќиња (4, 47).

~ Со п р и д а в к а т а: **убаа**: Вид. го горниот пример.

ДЕТЕНЦЕ *ср. дем.* и *хип.* од д е т е; Имало еден сиромашец, тој с' имал една домаќинка и едно детенце (2, 226); Коа гледа (пријатело од Соломона) – вистина детенце било сторено во крвта (3, 65); ...сетил (кирџијата) оти максус е остаено детенцето тука, да го најдит некој и да го земит (3, 199); Имало еден сиромашец, тој с' имал една домаќинка и едно детенце (2, 226).

ДЕТИНСТВО *ср. детски години, детска возраст; детство;* ...сите се зачудиле на негојио маривет, уште од детинство (5, 359); Уште од детинство (сиромаиот) беше тргнал по ѓаола (4, 135); ...страшни рани имам уште од детинство и со ништо не се лекуаат (5, 77); ...сиромаиот овчар, пасејќим овци уште од детинство, не беше се сторило кăсмет да пројди в црква на Велипеток (5, 257).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (5, 112; 5, 257); (6, 179) и др.

ДЕТИНЦКИ *прид.* **детински** *својствен на дете; што се однесува на дете;* Имаше (мажот) четири-пет деца, та едно сакало папо, друго кака ...и друзи детинцки сакачки (2, 212); И многу пати играл царски син со од вдојцата детето на секакви играчки детинцки (2, 200).

~ Со и м е н к и т е: **играчка** и **сакачка**: Вид. погоре.

ДЕФ *м.* (тур.) *мав.*

ДЕФОЛДИСА СЕ *гл. свр. мавне се, витоса се;* Ајде, не гледај ме везден! Нема да ме купиш! Ајде, дефолдисај се! (4, 155)

ДЕЦА *мн.* Вид. **дете**.

ДЕЧИНА *мн. ѕем.* и *хип.* од д е ц а; Вид. **дечиња**; Јас тоа не го веруам дури не видам, само ивтирија ми вадиш за да ме губиш и на душа да ми земиш дечината, аман, побратиме, ти се молам, каил не чини се! (4, 267)

ДЕЧИЊА *мн. ѕем.* и *хип.* од д е ц а; *мали ѕеца;* ...со две пари кавето што го продаа (мојот стопан) си рани дечињата (3, 224); ...ние сиромасите да си работиме по поле и да си го вадиме лебецот за дечињата што ни дал Господ (4, 108); ...си седна чоеко во другио сарај да си живеит со дечињата пашаиши, да дури бил жив (2, 218).

~ Со п р и д а в к и т е: **дребни**: Си бил еден сиромав чоек со три-четири дребни дечиња (3, 266); **дробни**: ...имам домаќинка и неколку дробни дечиња, та не можам со леб барем да 'и преранам (4, 78); Еден сиромашец си имал пет дробни дечиња (2, 241); **малечки**: Многу ти се нажали – му рече Христос на ангело – за старецо и за петте малечки дечиња, ангеле? (4, 54)

~ Со б р о е в и т е: **три**: Зафатил отпрвин му кажуат као бил женет и си имал три дечиња: гладни, жедни, голи, боси (4, 83); **три-четири**: Вид. кај дребни: **четири**: ...си бил еден многу сиромав чоек и си имал четири дечиња (4, 90); **пет**: ...беше пратен од едни кесеџиј да калузлаиса еден домаќин со пет дечиња за да го погубат кесеџијте (4, 135); Едно влегол в куќи (ангело), 'и видел пет дечиња дробни околу татка си наредени (4, 55).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 19; 2, 245; 2, 246); (3, 262; 3, 271); (4, 102; 4, 108) и др.

ДЕЧКА СЕ *гл. несвр. се расправа, карајќи се;* Седнујќи, ѓаолот почнал да се разговора за бабата и децата што се

дечкале (4, 278); За пакос, да ’и чуе комшијата, кај се дечкале маж и жена (4, 168).

ДИБЕК *м. кутел од дрво* (овде: *и од камен) за чукање (зрна од кафе и др.);* ...сториле ниет (каикчиите) да го изваат (камено) и да му го однесат на кавеџијата да го направи дибек, чунки дибеко од кавеџијата бил дрвен (3, 225); Двајца каигџии, чорбаџи, ми го донесоа вчера (каменот) да го напраам дибек, чунки дибеко ми е дрвен – му рекол кавеџијата (3, 226).

ДИВ *прид.* **1**. *за животни: што живее слободно и непрититомено;* (спрот.: **питом**, **домашен**); ...да се качи (калуѓеро на ехлата) и да преноќева, чунки тамо не можеле да го досигнат некој диви sверои (4, 260); (Петре) се украдуат од другарите и е пошол на дивата свиња, та откоа се бореле јуначки, беше ја навасал и ја убил (3, 109); ...му донесол (штрко на момчето) една дива пајка заклана бакшиш (3, 122); Едно му кажало на царо момчето, и веднаш него го натерал да пајди кај дивите кобили да ’и донесит (2, 263).

2. *за растенија: што расте само, без секаква обработка;* Си собрало (момчето) прачки од повит (дива лоза) и си сплело кошиња многу убаи (3, 282); Попоата ќерка останала в планина и си нашла диви јаболка и круши дивјачки (3, 131).

3. *за човек*. **а**. *што не го засегнала цивилизацијата;* Да му се јавам на овие луѓе, ми е страв да не нешто ме отепаат или да не сет некој диви луѓе од долна земја? (2, 142); ...тргнале (аскеро) по некоја пустелија, кај што имало диви луѓе (4, 71). **б**. *подивен;* Издумале (синоите на Петка) еден маривет за како да го ватат татка си, ако е див нешто сторен (2, 254).

~ Со именките: **зајак** (5, 116; 5, 118); **sвер** (4, 260); **јаболко** (3, 131); **кобила** (2, 263), **кокошка** (3, 99); **лоза** (3, 282), **луѓе** (2, 142; 4, 71); **мачка** (2, 30); **пајка** (2, 200; 3, 122, 5, 360); **свиња** (2, 126; 2, 281; 3, 30; 3, 108; 3, 109; 6, 203).

ДИВАН -и *м.* (тур.) **1**. *раскошна одаја (во царски и др.*

дворец); Си го однесла (девојката јунакот) горе на дивана и си го зела за маж да ја биди (3, 47).

2. *широка клупа покрај ѕид покриена со ткаенина за седење и спиење, канабе, кауч, софа;* Кој ќе седнеше околу него ...друзи помлади ќе му стоеја покрај диван (5, 55); Царицата сеир гледаше од диваните (5, 319).

ДИВИНА -ње *ж. диво животно;* Дрва и камење, тоа ќе си јадам, дури да ме најде некоја дивина, та да ме изеит (3, 157); Наставил стапицата со едно парче месо на куката клаено, за стрвос на дивињето (2, 31).

~ Со п р и д а в к а т а: **мршојадна**: Еден чоек отишол в планина да наставуа една стапица за да ватит некоја дивина мршојадна (2, 30).

ДИВИТ *м.* (тур.) *мастилница (можела да се носи и за појас);* Едно момче развратено си сошило еден тевтер од пенџере-ќаати, си го клало в пазуа и си закачило дивитот за појас (6, 20); Еќимо посакал еден дивит и книга (5, 86); Ја рекол (кадијата на жената) да појди во една друга одаја кај што му биле дивитот, книгите (5, 96).

ДИВИ(Т) СЕ *гл. несвр.* **се диви** – *се однесува како див човек; (прен.) бега од луѓе;* Поголемите синои на Петка го познале и го молеле да не се диви толку, оти тие му се негоите синои (2, 254); ...не би час, стасала срнката, без да се дивит од гемиџијата (3, 138).

ДИВЈАЧКА *ж.* **круша дивјачка** – *дива (необлагородена) круша;* Попоата ќерка останала в планина и си нашла ...круши дивјачки, та си брала (3, 131).

ДИГНИ(Т) *гл. свр.* **дигне** – *подигне, премести, помести нагоре.* Вид. **крени(т)**. **I**. **1**. *од пониска положба стави на повисока;* Трекио ден пак (момчето) дигнало таблата со симиди на глаа и прао тргнало пак во планината кај темнио дол да врви (3, 37); Станал едно утро рано (мажо) и, откоа се зготвил убао, си дигнал косата на рамо и ја кажал на жената оти ќе оди на ливада да ја окоси тревата (4, 275); На тоа зго-

ра си ја дигнал полоканицата и си ја испил пустио анџија, ама за поевтино не му го давал, чунки си бил многу матосалник (6, 61); Зеле (луѓето) лостои и ја дигнале плочата од над ќупо да ’и изваат парите што ’и пуштиле (6, 56).

2. *земе за ѕа однесе некаѕе (стока, пари);* Отишол (арамијата) другата вечер пак да дигнит, арно ама му текнало да не нешто го сетиле азното оти је пленето, тики да го ватат (5, 347); Така му рече Некăсметлијата као наврекнато и си го опраи пато за град, а пак Кăсметлијата кај азното и си го дигнал, та си го донесол во царското азно (3, 304); *гл. приѕ.:* **дигнат**: Мајзата била дупната кај што стоело азното и баеги пари имало дигнато (5, 347).

3. *извишувајќи некого оѕѕалечи, острани;* Откоа ја дигна орелот цареа ќерка, царот распратил по целата земја луѓе за да ја бараат по сите планиње, по дрвја и камење, и кој ќе ја најдит, голем бакшиш ќе земит од царот (2, 207); ...едно пуштање орело, беше ја грабнал цареа ќерка и беше ја дигнал ќерка му од царот, и си летна угоре во облаци, та му ја однесол кај момчето на колиба (2, 206); Орлите коа видоа оти гускаро го нема, му се пуштија над гуските и ти ји дигнаа наугоре (6, 199).

4. *завлече;* Уште до стреде не беше дошло сирото момче, беше го дигнала палената река и беше го препрчалила сосемати коњ (3, 291).

5. *повеѕе за ѕа однесе некаѕе;* Го дигнале (селаните) Пеја и је го однеле на Пејоица (6, 220).

II. **дигни(т) се**. **1**. *стане, заземе исправена положба.*

2. *тргне, упати се;* Од тоа бесчоечно нешто на буот, се дигнале сите животинки и ошле кај царо, та се оплакале за тоа нешто (2, 84);

3. *се разбранува;* Се дигнало морето со едни силни талази, та како ја запотерало преку море да ја носит, бре овде, бре онде, ќе се удаат (5, 250).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (3, 51; 3, 132; 3, 271; 3, 300); (5, 286); (6, 27).

дигнуање *ср. гл. им.* од д и г н у а (т) (се); **дигнување** –

Вид. **кревање**; **дигнуање (царо лубеницата)** – *штом ја ѕигнал (царот лубеницата);* Дигнуање царо лубеницата, и го испил зеиро, само и само да умре (3, 75).

ДИЗГИН *м.* (тур.) д и з г и н и – *ѕолги ремени на узѕа за ѕржење в раце за полесно ѕа се воѕи коњот*; ...еве ти еден делија обружан со пушка и пиштоли, вкачен на коњ ..ја грабнал за рака (цареа ќерка), ја врлил на газо од коњо, пуштил коњо на дизгин и избегал во гората (3, 170); ...го обружало (момчето) коњо убао, та му излегло на двајцата пеливани за да се надбодињат ...Застанаа на нишанот и испуштија коњите на дизгин и ’и наттрчало момчето, чунки негоото коњче беше со крилја (3, 58); ...да го јавнам еднашка (коњо), тики да го разиграм по сокак и дури да го кăздисам арно и да го пуштам после на дизгин, што да можи да бега, да му се вчикчам со колениците во плешките, да се поднаведам малку (5, 162); ...на дизгин коа го пуштил (Итроман Пејо, коњо) елвидиите беше ватил, бериќатверсăн уздата многу го држеше, тики веднаш го запрел (6, 210).

ДИКАТ и **ДИКĂТ** *м.* (тур.) *внимание, претпазливост;* Во тоа зборуање момчето, старата беше го гледала во лицето со многу дикат и беше му видела еден нишан на клепката (5, 254); **стори дикăт** – *забележи;* Влегуајќи сакатио, го познал кој коњ бил, чунки беше сторил дикăт некој нишан (5, 96); **чини дикат** – *внимава;* Џанăм, вистина не треба да ти велам – му рекол чоеко – туку ете кај туку ми го задрнуаш уото со рака, да затоа ти велам да чиниш дикат да не ми го задрнуаш (5, 302).

ДИКЕЛ *м.* (грч.) *мотика (копачка) со ѕва врва;* Ете, чоече, ...отсега да не се срдиш и да се косиш оти си аргатин и со дикело копаш, оти тоа ти е пишано (3, 213); Остај дикело и ела, чоече, да не ти дојдам тамо, да да се вчудовидиш! (3, 213); Не можам да остаам дикело, пријателке, и да дојдам, чунки сум пазарен за цел ден да работам на бавчанџијата, и довечера да му ја окопам бавчата (3, 212).

ДИЛИНЏИЈА *м.* (тур.) *питач, просјак;* Е, бре дилин-

ци, ти што велиш на ова згора? – му рекол кадијата (5, 94).

ДИЛЈАКА *ж. веројатно треба* **далјанка**. Вид. **далјанка**; Уште не беше ји дорекол тие зборои (Арнаутино), беше му ја свртуал дилјаката (на фисо) и го кутнал веднага наземи (6, 119).

ДИЉ *чест.* (тур.) *не;* Ете, што рекле стари, една беља не е беља, ами Госпо да те чуа од многу бели! Бир беља, диљ беља, бин беља, беља д'р – рекле Турците, и вистина така било (3, 158).

ДИЉМИ *прил.* (тур.) *нели;* Зортот беше голем, мајсторе; туку жена диљми, жив ѓаол јет (5, 313).

ДИМИТРИЈА *м. машко лично име;* На Димитрија му го усвојав најарнио коњ без пет пари да му даам (5, 284).

ДИН *м.* (тур.) *вера;* А, бре Чингене, ти сакаш да бидиш Турчин: арно ама нашио дин не го дават, ...ќе ти кажам: нашио дин треба да се праиш сонет, да се клањаш беш намаз вакт и перис да не држиш (6, 178).

ДИНИЧЛИЈА *прил. неизм.* (тур.) *силен, енергичен;* овде: *прил. силно;* ...му се погодило времето (на Дели Петро) и работењето на ластунката, тики одошто беше потерала диничлија, не да полази поземи, ами ти потерала наугоре (6, 179).

ДИНКО *м. машко лично име;* Лагата каква била не ја знаеше Динко Вид., та затоа и јас не ја пишав (4, 95).

ДИЊА -и *ж. бот. лозесто растение со крупен, сочен и благ плод,* Cucumis melo *и сл.;* ...за нестреќа негоа (на селанецот), дошол до еден чоек кај што садел еден бостан со лубеници и дињи (6, 96).

ДИП *прил.* (тур.) *многу, мошне; доста;* Имам една мака дип голема од комшијата, тој е богат, јас сум сиромав (2, 226).

ДИПЛЕНИЦА *ж. за сабја: што се дипли, се преклопу-*

ва; Видуајќи момчето оти падна дедо му, го јавна Карамана, изваило сабја дипленица и јуриш по аскеро од туѓио цар (2, 291).

ДИПЛИ СЕ *гл. несвр.* (грч.) *се преклопува, се превива;* ...му ја зедоа и негоата сабја (на Арапо), што му била обесена; сабјата се диплела и в пазуа се носела (2, 297).

ДИРЕК -ци *м.* (тур.) *столб;* Се засолнил до еден дирек (чоеко) да види што е и што не е (3, 124); Еле, како би – би, си дошле дома при чорбаџијата, и го обесил јагнето сиромајио на дирекот, а пак чорбаџијата му го зел џигерот од рака на сиромајио (5, 16); *во множина:* **диреците**: ...отсега вамо старите да си 'и чуате и да си 'и гледате дури да си умрат од Бога, оти сет требни, како што сет требни диреците од куќите (5, 33).

~ Со п р и д а в к а т а: **чуден**: ...(цар Костадин и царица Елена) напраија чудни дирецi што стојат и до ден-денеска (4, 37).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: Измеќарот од спаијата си бил крпач и си седел да си крпи чевли до еден дирек (в) чаршија (6, 145); **илјада и еден**: Напраија (цар Костадин и царица Елена) еден безистен подземи со илјада и еден дирек; и друзи многу чудесни работи беа напраиле (4, 37).

ДИСАГИ *мн.* (грч. од лат.) *две сврзани торби за на самар;* Одејќи до негде чоеко, му текнало да посигни во дисаги, да е повати торбата со парите и коа виде оти торбата му е нема, се уплашил баеги (5, 10); ...чекај ќе ја земам глаава и ќе ја однесам дома за да видам што има да трга" – си рекол сам со себе (чоеко) ...та ја клал в дисаги и си ја однесол дома (5, 262); *со именката* **рало**; Зел (богатио) едно рало алишта од еден питач, наврел едно рало дисаги на гуша, зел едно стапче в раце и питајќи од село на село, отишол во манастиро (5, 274); ...нацрпил (Евреино) едно рало дисаги со алтăни, а пак за кусурот си пишал во тевтерот оти му имал за давање на сиромаио уште девет тоари азно (3, 261); *во членувана форма:* **дисагите**: Кога чу детето оти така (ќе излезат многу глув-

ци), отиде та си го зеде мачето од дисагите и си го држало в раце готоо за кога ќе излезат глувците (5, 220); Растоарајќи дисагите од коњо, сетила мајка му оти имал пари многу во дисагите (5, 307); Еднио од Евреите носел еден пиштол во дисагите, ама и тој бил празен (6, 136); Џанам, во дисагите ми беше пиштоло, да јас ќе му кажев (на арамиите), ама ако и да је (6, 136).

~ Со п р и д а в к а т а: **полни**: Одејќи уплашен богатио по пат, чунки имал полни дисагите пари, видел во колибата од сиромаио огон (3, 190).

ДИШАРИ *прид. неизм.* (тур.) овде: *дишари аллија* – Правилно: **дишари авлија** – *надворешниот двор во турска куќа (што имале, обично, два двора);* ...го праша (бего Еѓуптинот) за дома, чунки тој Еѓуптин му седел на дишари аллија (6, 117).

ДИШИ *гл. несвр. зема или испушта воздух;* овде: *во безлична употреба;* Наврлија земја (луѓето) и го закопаа жив, само една дупка беше му остаила (домаќинката на мажа си) колку да се диши (5, 300).

ДЈУЛБИЈА *ж.* д у л б и ј а – *дурбин, двогледа;* ...на кулите (старио) кладе по еден чоек за да гледаат, со дјулбија в раце, што чоек ќе иди или ќе врви покрај градо (4, 52).

ДЛАБИНА *ж.* **1**. *својство на оно што е длабоко.*

2. *длабоко место (во море, планина и др.);* (Цареа ќерка) го нашла (момчето) во длабината на планињето (2, 196); Татко, татко ...што беше ова чудно чудо од ова момче? Види кај се скрило, татко, во длабината на девет најголеми планиње (2, 196); Откоа је кажав алот (на рибата) оти сакам да се скријам, со голем ќеф ме лапна в уста и влезе во длабината на дно в море (2, 198).

~ Со п р и д а в к а т а: **морска** и **морцка**: И така ме скрија во четири риби една во друга, во стред морцката длабина (2, 198); Ела, момче, влези в уста да те скријам – му рекла (рибата) и го голтнала, та влегла во длабината морска (2, 194).

ДЛАБОК *прил.* **1**. *(за вода и др.) што е далеку од површината на нешто надолу:* (спрот.: **плиток**); ...при сè што паднала (жената) во длабокио бунар, се начекала на раце од ѓаоло (4, 276); На часо отишле (магаринѣата) до една река за да видат али е длабока за да го удаат (самарџијата) (2, 72); *во суперлатив:* **најдлабок**: Ја влези, ангеле, во најдлабокото море да ми изваиш еден камен – му рече Господ (4, 55); *со прилогот:* **многу**: ...за пакос, али за кăсмет да го речиш, (мажот) нашол еден бунар многу длабок (2, 211); Реката била многу длабока, та затоа не можеле sвероите да се напијат (вода) и затоа беа дошле кај езерото (4, 72); ...колку (кауѓерот) опиња̀л да го вади (коњот), толку поеќе го згнетуал внатре, чунки тој батак бил многу длабок (4, 260).

2. *што оди многу навнатре;* Ела по мене да те скријам... – му рекол волко – и го зел по себе момчето, та го носи во една пуста пустелија. Го внесе во едни длабоки пештери (2, 196); *во компаратив:* **подлабок**: Си го учил (гемиџијата) детето да зборуа и го променил во најубаи алишта; му клал на глаа една подлабока шапка за да му се покрива sвездата (3, 138); *во суперлатив:* **најдлабок**: На часот ја грабнал плочата ѓаолот и летнал со неа, та ја однесол во реката Јордан, во најдлабокото место и, дури се вратил од Јордана, се раздени (4, 14); Во поскришна одаја, во поскришна, сакам да ме однесиш, Марие – је рекол (егумено), и таа го однесла ...до најпосле во најдлабоката изба (4, 193); *со друга придавка:* **голема**: Најпосле сите (мравки) дошле во еден збор за да ископаат една голема дупка длабока, а озгора да остаат колку два прста земја (2, 88); *со прилозите:* **баеги**: Опнала, опнала (мечката) за да излезит, не се можело, чунки била дупката баеги длабока (2, 88); **толку**: Коа дошле (аскеро) многу близу до полето, гледаат едно долиште постреде полето што очи чоечки не можат да го догледаат, толку што бил длабок долот, а пак една смрдеа што излегуала од тој пусти дол, многу лоша била (4, 73).

~ Со именките: **бунар** (4, 276); **изба** (4, 194); **место** (4, 14), **море** (4, 55); **пештера** (2, 196); **шапка** (3, 138) и др.

ДЛАБОКО *прил. според* **длабок**.

~ Во и з р а з о т: **угоре високо, удолу длабоко** – *во безизлезна ситуација;* Да работи – го мрзело, да не работи – му се јадело, аслиќелам угоре високо, удолу длабоко му се видело (6, 92); О јас сиромав – си рекол сам со себе – угоре високо, удолу длабоко, да се вратам (2, 142).

ДЛАКА *ж. влакна; козина;* ...беше му купил кадијата едно магаре спроти таа длака што ја имаше магарето и му го дал на Итромана Пеја (6, 219); Една цела сурија волој, сите една длака, сите еден бој, сите млади, да ти је грев да му се опулиш (3, 34).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Волко длаката ја менуат, а ќудта не ја менуат (2, 45; 2, 185).

ДЛАНКА -и *ж. внатрешната страна од ракатa (рачната китка);* (Брате, даскале) нека си кренат рацете наугоре за да видиш дланките од децата што му е пишано на трекáта вечер од Божите наречници (4, 190); Види му, даскале, дланките и пеј му што му пиши на секое (дете) ...и после да си чиниме лакрдии (4, 191).

ДНО *ср.* **1**. овде: *долниот дел од река, море, дол и др.;* Кога виде пусти глушец оти ќе го носит жабата во дното од реката за да го давит, се опна со сета сила за да се задржит над водата (2, 77); ...се отркалуале (мравите) и паѓале во дното на доло (4, 74); Коа ќе шмркал водата (јунакот), дури песокта ќе се видела од дното на морето (3, 104); Едно влегол (Арапо) во реката и беше пропаднал на дно на водата и тамо се сварил сосемати кобила (2, 286); Сега ќе ми те гостам, ете, глушец, оти ме најде на пунтот, еве ќе те препливам, ама на дно в река (2, 77); Откоа је кажав алот (на рибата) оти сакам да се скријам, со голем ќеф ме лапна в уста и влезе во длабината на дно в море (2, 198).

2. *долниот дел од сад;* Бабата беше ја зел ѓаолот, та беше ја клал на дно во казанот да вриет (4, 240).

~ Во и з р а з и т е: **на дно** – *најдолу;* Ама де – му рекол ѓаоло (на бабата) – ако можиш да го сториш тоа зло, на тој

век ќе те клаам на дно под казанот да седиш до патрици, до владици, до дуовници и до цареи (4, 239); На тој век нив (арамиите) Господ ќе 'и клаи на дно во вечна и со нив ќе 'и крпит казаните од вечна кај што ќе бидат скинати (4, 92); **на дно вземи** – *во најголема длабочина;* Заповедал Господ и кулата сосе нив (сосе ѓаолите) пропаднала на дно вземи и се сторила вечна мука (4, 220); Да влезам во вечна мука и да изваам неколку вжештени камење и да ја фрлам на неа (на бездушницата) и на дно вземи да ја натерам (4, 144); **на дно земи** – *во најскришно место;* ...што е живо во планина беше се исплашило и на дно земи беше се искрило (2, 266).

ДО *предл.* **1**. *за искажување на просторно значење.* **а**. *достигање на крајот, крајната граница, точка на целта на движењето;* Едно приближале до дупката од бунарот, ја грабнал (мажот жената) за нозе и ја бувнал внатре (2, 212); Коа беа втасале (сиромасите) до скелето од царскиот град, беше излегла царицата да 'и пречека (3, 211). **б**. *упатување, насочување кон некого;* Вечерта (богатио) напишал една книга до жената си и во писмото му пишал вака: ... (ова момче) го купив за толкуа пари за да ни биди ќоле (5, 215); (Костадин и Елена) беше се прашале до некој стар чоек (како да прават со крстот) (4,32); ...појдов кај другиот (арамија) и му кажав, и тој кабул не сторил да се кажи баш-арамија, ами ме прати до вас (5, 367); Си отишло момчето на ан и се допрашало до некој умен чоек како да праит (5, 369). **в**. *местоположба, состојба; близина, соседство;* ...прајте (деца), што прајте и до дупка внатре стојте! (2, 13); Цел ден што се биле (војските), пак крв до колена се сторило (4, 31); Мунасип најдоа (големците) да напраат една висока кула близу до небеси (4, 10).

2. *временски: доведување до граница;* ...си отишло (момчето) на ан да седит до десет дни (5, 368); ...до годината коа дошле (Власите) беа ја нашле црквата изеена од кучката (6, 139); ...како напраија браќа ми и ми напраија една препка и паднав наземи сосе Арап, та од тој инат ме накажа со оваа мака до седум години (2, 284); Есента си отишле сите Власи по Солунцко, та до годината пак отишле кај што била црква-

та со овците (6, 139); Се чудел и муфтијата кога чул и со клетва му се колнел (на шерисљамот) оти не го лажел, ама вистина до поминатиот ден не знаел оти знаел да пеит владиката (5, 228); До една недела и је зборуал и не је зборуал, чунки до една недела сите невести не зборуале, та и таа затоа не му зборуала (3, 132).

3. *состојба на зависност, причина;* Е до мене погрешка немат, оче дуовниче – му рекла (жената) – ама и законот си го држам што ни го дал Госпо (5, 45).

4. *(со модално значење) во највисока мера, степен и сл.;* ...беа се стрчале, до што сиромав беше имало (3, 210); Утрото (овчарко) ји стерал овците над село и ји згнел во најголемата трева, та ји пасол до пасење (3, 90); Еден богат чоек дошло редот и било од Бога здано да осиромашит до толку што за една корка леб да бидит астрет (5, 258); ...мајка ми беше ме родила во една ливада и беше ме остаила тамо, та беше ме нашол еден кирџија и ме зел тој, та ме изглеал до олкав маж (3, 200); А бре, ами ти не си пуштал пари во ќупо од алашверишо? ...До овде јас не сум те знал да си неверен (6, 56); Дејди шуте, дејди шуте, да до овде да се избудалиш и по сон да се излажиш? (3, 240)

5. *множество од историдни поими;* Пред да му излези душата (на мажот), обете раце стокмени палец до палец ’и спружуал пред лицето си (6, 89); ...не требало да одам рамо до рамо со него чунки тоа било нечесно (5, 342).

6. *за потсилување на изразот со честицата* **дури**; ...сакам еден ред да ми напраиш (синко): да го тоариш целото азно на коли и да одат пред мене по азното сите еќими ...дури до гробишта да ме носиш со тој голем салтанат (5, 30); ...нема да ви го забораам вашето добро дури до века (2, 234); Од касапница да дури до вурната сѐ беше текло крв по патот како река (5, 230); Кога отишол на туѓина овчарот, мустаќи немал, а кога дошол, беше ’и засукал дури до уши (5, 307); (Момчето) заватило да кажуа со ред ...како го зел Арапо и сето со ред, да дури до коа се бендисале со ќерка му од царот и сето со ред (2, 295); ...го врлил (змеот котелот) над себе дури до

облаци и враќајќум со котелот, го начекал на малиот прс од раката (2, 126).

7. *со прилози;* **близу**: Близу до чешмата има едно дрво јаороо (4, 133); **вечерта**: ...триста маани је нашол (мажо на жената си), во трпезата кревање, во метењето трошки, те и во сите друзи работи што 'и сработила до вечерта (5, 346); До вечерта втасале момците, ...и црни абери беа му донесле (на чорбаџијата) (3, 207); ...ќе одам бездруго, дај Боже здравје, утре ќе станам рано, пеш – ајак-ајак, до вечерта сум тамо (5, 324); **вчера**: Браќа рисјани, до вчера јас бев првиот безбожник што мразев името Божје (4, 184); **денеска**: Јас вам до денеска не сум ве видел ни во некое село (2, 143); И по смртта негоа еве и до денеска кај се прикажуа и довека нема да се забораи негоото име (4, 202); Аман, брате овчарко, пушти го побрго стапо да излезам, да ќе видиш какво добро ќе ти сторам, што никој до денеска не ти сторил (2, 89); **ден-денеска**: Ја грабнал (царо) ќерка си и со плачење си ја избакнал и проштење е сакал и се собрале на едно место: да царуат и да господаруаат, можи до ден-денеска (2, 271); За тоа до ден-денеска се прикажуат за штркојте оти сет луѓе (2, 160); И дури би жив тој еќим, сѐ така работел и си остаил едно име што да се памети и до ден-денеска (5, 271); **дома**: ...ја чекај да појдам уште еднаш до дома да видам попадијата дали ет дома (5, 194); Ела, брате, до дома да ми ти платам ...оти и јас сум сега богат (3, 260); Нека седи сестра ми со детето, баздриѓан ...дури да појдам и да дојдам до дома час (6, 32); **земи**: Дошло момето кај царот и коа чуло тој збор, му се поклонило до земи (2, 240); **кај**: ...се враќат назад (момчето) и си потерало коњо да оди, до кај ќе најди некој град голем и тамо да се засели (3, 47); Море кај си, бре уме ...да видиш нашето момче до кај дојде, да се стори царев зет (2, 243); ...кога ти гледат (сиромавиот) едно широко поле до кај му око гледало, толку што било големо (2, 118); **кога**: ...денеска ако сторам некој грев, ...до кога ќе ме ватит греот за да ме порази? (5, 196); Кој знаи шутио Грк до кога је викал на рибата (6, 149); **колку**: До колку кијаници беше је донесол мажат је на пуста же-

на, сите беше ’и врлила зад бочва (6, 35); ...до колку азно турија од другата страна (на терезијата), никако окото не се поткренало (3, 81); Откоа седнал (мажот) и зачурил чибуко, изваил до колку пари имал в ќесе и си ’и клал под веленце (3, 317); **колку ... толку**: ...еве јас ќе ти клавам в рака пари и до колку што ќе чини стоката, до толку да задржиш и пари (4, 94); **надвор**: Ќе те молам, еќимбаши... ако је кабил да станиш до надвор и да го викниш ти едно дете мое што стои на порта (5, 338); **најпосле**: Браос, момче, ...си се сторил царев зет и до најпосле ќе станиш цар (3, 292); Коа се клоцале (коњо и ато), коа се биле едночудо време, до најпосле паднал ато и се предал (2, 263); Како пил тутун, како пил и до најпосле го навалило дремка, ...та си заспал (чоекот) (2, 78); **негде**: Трча што трча (чумата) до негде и виде оти по тој пат не се (момчето и момата) (2, 261); Слушајќи тие зборои праведнио се смислил и го качил на коњ, та го носил до негде и си умрел царцкио син (5, 255); Одејќи до негде (чорбаџијата), еве му настреќи еден друг чорбаџија и ...се здравуале (5, 15); **некаде**: Мудар ...бил до некаде царот, му напишал еден шер на арзоалот (5, 226); Поодија (децата) *go* некаде и ете ти една чешма и до чешмата едно дрво јаороо (2, 180); Откоа го изминале до некаде полето (аскеро) и еве му една корија (4, 74); **неколку**: До неколку месеци и тој бил весел, радосен, дури имал пари да му пригодуа што му сакале жените (6, 14); ...до неколку години сите деца од лошата сипаница изумреа (2, 146); **немајкаде**: До дваесет и четири саата туку порасна еден орев голем, до немајкаде (5, 68); Оф, јас сиромав! ...од што бев отепан до немајкаде, еве ти паднав и се откостив (3, 120); Мажот и жената биле праведни до немајкаде, арно ама и сиромаси биле (2, 218); **овде**: До овде беше нашата живот, момче... чунки царот ни сака да му најдиме една царица како таа што му умре (3, 166); Држ’ се, момче, и ич не бој се лели до овде стасавме! (2, 286); Али до овде, џанам паша ефенди – му рекол сиромаио – јас ти бев верен твој? (4, 273); **овдека**: Е, јазк за нашите пари, море ага, што ји поарчивме дури до овдека! (6, 123); Слушај вамо, овчарко, еве до овдека ќе ’и носиш овците да пасат...

одонде угоре, да не ји носиш (3, 90); **полноќ**: Јадоа, пија сите вечерта царцките синои и се веселија близу до полноќ и си полегнаа да спијат (3, 99); Сите тие зборои момчето ’и клало во умо и вечерта не спало близу до полноќ (2, 256); Дури се променил, дури вечерал (овчарот) баеѓи се забаил, тукуречи до полноќ (5, 8); **после**: Тогај ќелешо го кладе (царот) до себе, а друзите зетои подолу од нив, и најпосле цар се стори ќелешот до после (3, 32); **сега**: ...до сега колку деца ми се родиле, сите ми умреле (4, 87); Ете ми, тетко, мојата живуачка до сега што сум живеала (2, 177); (Пријателе) зашто ...лежавте до умрениo откога умре до сега? (4, 130); **тамо**: Е, кога знаете оти тамо јас одам, колку дни има до тамо? (3, 201); Ами види тоа широко море: до кај што ми око гледа, до тамо вода имат (2, 141); Ха, ене онде треба да има некој чоек; чекај да појдам до тамо, да белки ќе испитам едно парче леб за да заголнам душа (4, 83); **таму**: Вид. кај изразите; **тогај**: ...бидејќум до тогај (син му од богатио) не беше ватил некоја работа, не знаел што работа да ватит, едно тоа, и друго – во тој град немал некој познат чоек (2, 248); Се покајала (вдојцата) и не вулела на Бога, како што вулеше до тогај (3, 220); Не ’и познало момчето оти сет алтан парчињата, чунки до тогај не беше видело парчиња од алтан (2, 237); **толку**: Маката (оче) што ја виде со пагурот... не ет до толку мачна колку маката од цепење дрвана (6, 157); Го почестил егуменот богатио да седни до него и отвориле лаф, муабет. Го прашал како осиромашил до толку (5, 275); Али виде, пријателе, оти богастото не е до толку за валење, отколку здравјето (5, 78); **толку многу**: Сиромаиот осиромашел до толку многу, што дури пропита за леб (4, 253); **три-пати**, **три пати**: До трипати го наврвеле (ќелешо) пред цареа ќерка и тритепати го удрило детето (2, 267); До трипати така беше му виснал (коњо на ато) за да го умори пливајќи и после му се јавил на мегдан (2, 263); Јади ме, волчко, ...туку вашиот адет ет за да го прескакате магарето до три пати што ќе го јадите, да после ќе го јадите за да ви е алал (2, 24); Да му удрите еден грбач (на мажа ми), да го разбудите и да му речите до три пати: ху, ху, ху, баба ху! (6,

25); **туа**: Пусто петле веќе се увери, ки до туа беше било, санким како сестра да му беше (2, 19); **утре**: Можи да му доит (на момчето) умот, честити царе, што знаиш до утре што бидуат? (2, 242); ...до утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам (2, 240); **утре вечер**: Ај ти овчарко, сврши ја оваа работа, да до утре вечер ќе видиш сам ти со твојте очи (2, 44).

8. **а**. *пред други предлози;* **крај**: Работил (Итроман Пејо) до крај ручек и му се пријало (6, 210); **на**: ...невестата посакала изим од момчето је да пројде до на порта (6, 21); **накрај**: Сиромав Итроман Пејо – и до накрај селото бељата пак беше го ватила (6, 212); **под**: ...ми се јави Господ, препраен на стар, со една бела брада, долга до под појас (2,121); Со голема чес беа го испратиле кауѓерите (егуменот) дури до под манастир долу (4, 258); **стред**: Одија, одија до стред пат и чу Невенка глас од едно црно пиле (2, 129). **б**. *по предлогот* **за**: Ej, честита царице и вие, сите пашици, ...дали олкуа ви је вашето царцко послушание, што ви нарачав да не го отворате сандако за до три дни?! (5, 7); Да поживеам барем за до три години – му рекол кумарџијата (на апостоло) (4, 67); ...да му речи (кауѓерот) на таткои си и на мајки си од чупите за до четириесетте дни да бидат готои со девојките, оти ќе дојдат кауѓерите да си 'и земат (4, 259); Кој виде, се зачуде, и си собра жито (чоекот) да јади за целата година и за до другата (4, 120).

9. **од ... до**: Вид. кај изразите.

10. *со значење на предлогот* за; ...јас сум ве викал да ми напраите еден мос на рекана што течит во градов. Ама го сакам да ми го напраите до три години (5, 11).

~ Во и з р а з и т е: **болештина до срце** – *мошне силна болка;* Ов! леле јас сиромав, змија проклета ме клукна, болештина до срце! (2, 63); **голем дури до небото** – *мошне голем;* ...како да бев пројден онамо јааа во стреде полено кај еден сарај без рака да беше праен, голем дури до небото (4, 76); **да му дојт до акот** – *да тури крај на нешто;* Си дошло пупунчето на синорот и застанало на едно дрво, та ватило да мисли како да му дојт до акот на кума лиса (2, 20); **до ак му**

дојдов – *турив крај (на нешто); надвив, победив;* Е, и куќата си ја изгорев, ама и на жената до ак му дојдов (5, 315); **до век(а)** – 1. *вечно;* Лели сакаш ти да ти се прослави името до века, еве што да напраиш, честити царе (4, 70). 2. *никогаш;* Откоа се увери (момчето) оти на грешка го отепал кучето, многу се пишмани и жали, арно ама една грешка сторена еднаш, до века не се попраа (5, 11). 3. *до крајот на животот;* Благодарим те, момче, ...ти мене што ме декса, Госпо Бог тебе да те декса, да имаш до век да пречекуаш и да испраќаш, и никоаш стоката да не ти се довршуат (4, 156); ...Господ тебе да ми те чести и да ми те блаосои, да имаш огон во куќата до века, да греиш старци како мене (4, 150); **до векот** – *до крајот на животот;* Да даеше Господ една сипаница лоша да дојдеше и сите вас да ве собереше, та после до векот едно да не пркнит! (2, 146); **до годината** – 1. *до крајот на годината;* До годината по Божја заповед осиромаше нунката, а крштеницата се обогати двапати поеќе од нунката (4, 144). 2. *за една година; по една година, кога поминала годината;* До годината тргнал да оит тоа (детето) на панаѓур (5, 229); Бидејќи двата (ортаци меанџии) се крадеа, до годината спојмеа да се делат (6, 55); До годината, коа сакал да тргни пак Зосија да оди за пустелијата, забораил да земи причесна да донеси на Марија (4, 195); **до Господа** – *мошне силно;* Се прибрав близу до него. Кога ме виде чоекот, списка до Господа и се расплака (3, 127); **до гуша** – *сиот, цел;* Коа го виде жената судијата, закопан до гуша во катрано и смолата кај што вареа, се зачудила (6, 169); **до капка** – *сè;* Кренале двата чашите (старио и цареа ќерка) и испиле до капка (3, 217); **до кога** – *до кое време;* Дуовникот му рекол оти коа ќе поминит уште еднаш, да му одгоорит детето: – До кога суд ќе имат? (5, 229); **до кое време** – *до кога;* ...си расказаа (стаорите) по пријателите и по родеите за никој од дупка надвор да не излегуат, не знам до кое време (2, 12); **до кој знај кога** – *никој не знае до кога;* Отишол сиромаио в планина, набрал борина, и му палиле на свети Никола, дури до кој знај кога (4, 169); **до којшто** (**дојде**) – *сите (што дојдоа);* До којшто дојде при неа, сè ќе согреши со

неа, и мнозина богати си придадоа сето богасто по неа (по Марија) (4, 192); **до небеси** – *мошне силно; мошне многу;* ...од викањето на тепаните жаби, сите жаби се збирале и викале до небеси со гласој за триста страои (4, 110); (Девојката) ќе почни да чисти дворо и да креват праои до небеси (2, 234); За чудо големо за да се прикажуа (семката) беше никнала, та беше пораснала во еден час, дури до небеси (6, 197); Чинејќум лакрдии, туку му се најде на Бога една скала в раце, висока до небеси (4, 79); **до негде** – *во извесна смисла;* Џанам, до негде и благодарен сум и неблагодарен, чунки владика ми е ќеот да бидам (4, 282); **до немајкаде** – *мошне многу;* Осиромашел (богатио), што веќе до немајкаде, и остана најсиромав во градо свој (4, 123); (Егуменот) беше 'и склонил веќе до немајкаде да се женат кауѓерите (4, 258); **до препирање** – *да се препираат;* ...и го донесле (змијата и чкрапјата) разгоорот до препирање (2, 62); **до скаруање** – *да се скараат;* Така беа се препирале умо и кăсмето и ја донесле работата до скаруање (2, 243); **до (скршена) пара** – *с, докрај;* Кај што имам (синковци) за земање до скршена пара да си 'и сакате и да му 'и земите (5, 59); ...парите на тие луѓе кај што имам за земање (синковци), до пара да си ја сакате, катниците да му 'и изваите, шу да му 'и земите (5, 58); **до смрт** – 1. *до крајот на животот.* 2. *по цена на животот;* До смрт ќе се трудам, момче, за добро тебе да ти напраам, чунки ти ме куртулиса од смрт (3, 122); **до срце** – 1. *мошне многу;* Растоарајќи на ано дрвата, го видел (дрваро) некој од граѓаните и го штипнало до срце за како да му 'и земи пошто-зашто (5, 181). 2. *мошне силно;* Полека, џанăм мајсторе, уото ми го задрна. Оф, оф, оф, до срце ме доболе! (5, 302); **до таму** – *до таа мера;* ...гледаат (аскерот) многу широка и долга планина, до кај очи му гледале до таму била голема таа планина (4, 72); **до толку бидуат** – *во најголема мера;* Ете сега, домаќинко, нема лакрдија, си ја погодила манџата што до толку бидуат, еве овој карар ќе ја праиш манџата (5, 341); **до ќотек** – *до тепање;* ...почнале да се препираат вечерта (мажот и жената), што ја донесле работата до ќотек и ја удрил неколку тупаници (6, 24); **до шесте**

месеци – *кога поминале шест месеци;* До шесте месеци дошол некој друг чоек од кај што било момчето на туѓина (5, 289); **до што го грло течи** – *колку што може посилно;* ...писнало (момчето) да плачи и да пишти, до што го грло течи (2, 223); **до што има** – 1. *сè (што има);* Давал пари (богатио) по лекои сиромашкиот, давал до што имал, сето го издал и пак лек не беше нашол (4, 123). 2. *сите (до еден); до последен;* Трај, момче, уште некој месец, чунки татко ми сите три сестри ќе нè мажи и ќе вика до што има ергени во нашава царштина да си одбираме (2, 288); Бидејќи втасани биле трите царцки ќерки за мажење, заповедал царо во негоата царштина до што ерген има втасан за женење, секој да дојде ...да си бендисаат царцките ќерки (2, 275); ...до што sверка имало во таа пустелија, сите дошле околу езерото да се напија(т) вода (4, 72); ...'и грабнал (царо) богаташите да врла(т) вергија на вергија, до што пара имаа сета му ја собрал, да најпосле со врвца 'и опашал (4, 97); **до што је живо** – *сите;* До што је живо денеска, седи и се весели, а пак вие работите? (3, 263); (**дури**) **до века** – *(дури) до крајот на животот;* Смири го, да не те гони дури до века (2, 69); **дури до облаци** – *мошне високо;* Се дало заповед од аџијата и сите летнале и се извишиле наугоре (штркоите), дури до облаци (2, 148); Го врлил (змеот котелот) над себе дури до облаци и враќајќум со котелот, го начекал на малиот прс (2, 126); Растеа сите (три дрвца) токмоглаи и станаа толку големи, што стигнаа дури до облаци (4, 22); **кој знаи до кога** – *не се знае до кое време;* (Царо) 'и кладе и нив (братучедите си) да бида(т) големци и си царуеле кој знаи до кога (2, 279); **крв до колена се сторило** – *многу изгинале;* Цел ден што се биле (војските), многу души испаднале од двете страни, крв до колена се сторило (4, 31); **мака ми падна до срце** – *почувствува најсилна мака;* Мајсторе, полека, уото ми го задрна со раката. Оф, оф, оф, уото ме доболе, мака ми падна до срце! (5, 301); **ме изгоре до срце** – *мошне многу ме зоболе;* Ха, ете 'а, бре ѓакони... болвата! Држ'те 'а да ја ватиме, оти ме изгоре до срце кога ме штипна во градиве! (2, 104); **му идам до ако** – *ќе му турам крај;* Коа

чу тоа нешто чорбаџијата, на големо чудо беше станал: “Ах, анасăнă, ја му идам до ако на ова куче, ја чаре не бидуа, сега ќе видит тоа копиле, од мечка издојано, како ќе го гостам јас!“ (3, 195); **не до толку итро** – *не многу итро;* Момчето било не до толку итро и веднаш не се сетило оти требало на деветте месеци да му роди невестата (6, 8); **од аз до ижица** – *од почеток до крај;* За сето ова што ти кажуам, честити царе, сакам да го испиташ од аз до ижица и ако излези заисто, светец ќе го наречам татко ми што ми даде таков насиет (3, 127); **од вр’ глаа до петици** – *сиот;* ...едно беше излегол откај маската сеизот, и таа беше легнала наземи и се извалкала од вр’ глаа до петици (4, 253); **од врв глаа до нозе(те)** – *сиот;* Напраил (еќимо) три шишиња со билки и му нарачал на жената си и на синојте си, кога ќе умри, да го потурат со едното од врв глаа до нозете, со другото од десното рамо право удолу, а со треќото – од лево рамо до петици (4, 131); ...тој отрчал чаршија и му купил (на брата си) еден кат алишта, та го променил од врв глаа да до нозе и го клал на негоата постела да преспие (3, 249); **од врв до корен** – *сиот;* Постојала малку анката и го помолила (агата) да го променуа од врв до корен (5, 291); **од глаа до петици** – *сиот;* Идејќи си аргати од поле наврнати од глаа до петици, во кал до колена, беа се стресле као лис на дрво (4, 113); **од глаа до прсти** – *сиот;* Секој чоек што го слушал (момчето), ја померено го чинел, ја некој суртук и, ...ќе го изгледал од глаа до прсти, ќе ја замаал глаата (5, 131); **од крај до крај** – *сè по ред;* Сопрво сиромавио не сакал прао да кажи, арно ама после си кажал сето од крај до крај: како бил арамија, како тепал луѓе и ’и пленуал (3, 128); **од ноќ до ноќ** – *до крај(от);* ..таа празник си држеше од ноќ до ноќ. При сè што била такваа набожна, ама никако не напреднуала (5, 45); **одземи до небо** – *мошне многу;* ...ќе те молам одземи до небо, свети Петре, да појдиш кај Господ и да го помолиш барем времето да ни е сè топло, како лето (4, 108); Ете, затоа сме дошле, дедо Илија, сите те молиме одземи до небо, да ни го сториш ова добро (4, 136); Носете му здраво и живо на жабарот, го молиме одземи до небо, каил

да се не стори (4, 111); Те молам (честити царе) одземи до небо да не го колиш (тој старец) оти јет многу умен и разумен (5, 234); **сите до еден** – *без исклучок;* ...беа се исплашиле (маските) и беа се збуцале едни во други, та беа претоариле сите до една и сето вино и друго беше се истурило (6, 200); (**те молам**) **од земи до небо** – *мошне многу (те молам);* ...те молам (честити царе) од земи до небо да ми простиш за грешката што ја сторив (6, 87).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 5; 2, 7; 2, 8; 2, 12; 2, 13; 2, 19; 2, 20; 2, 22; 2, 24; 2, 25; 2, 26; 2, 27; 2, 30; 2, 33; 2, 35; 2, 38; 2, 39; 2, 41; 2, 42; 2, 43; 2, 44; 2, 45; 2, 46; 2, 48; 2, 49; 2, 52; 2, 56; 2, 57; 2, 62; 2, 63; 2, 65; 2, 68; 2, 69; 2, 72; 2, 75; 2, 77; 2, 78; 2, 84; 2, 87; 2, 89; 2, 98; 2, 104; 2, 115; 2, 118; 2, 119; 2, 121; 2, 122; 2, 126; 2, 136; 2, 137; 2, 140; 2, 141; 2, 143; 2, 146; 2, 147; 2, 148; 2, 173; 2, 178; 2, 192; 2, 195; 2, 208; 2, 209; 2, 212; 2, 218; 2, 223; 2, 225; 2, 234; 2, 237; 2, 240; 2, 243; 2, 246; 2, 248; 2, 256; 2, 259; 2, 261; 2, 263; 2, 267; 2, 270; 2, 275; 2, 278; 2, 279; 2, 284; 2, 286; 2, 288; 2, 295); (3, 30; 3, 32; 3, 47; 3, 60; 3, 77; 3, 81; 3, 85; 3, 90; 3, 95; 3, 99; 3, 101; 3, 120; 3, 122; 3, 127; 3, 128; 3, 132; 3, 158; 3, 166; 3, 174; 3, 186; 3, 195; 3, 200; 3, 201; 3, 210; 3, 211; 3, 217; 3, 233; 3, 240; 3, 249; 3, 250; 3, 262; 3, 263; 3, 268; 3, 270; 3, 292; 3, 294; 3, 297; 3, 310; 3, 317); (4, 9; 4, 10; 4, 23; 4, 31; 4, 32; 4, 33; 4, 37; 4, 46; 4, 62; 4, 66; 4, 67; 4, 70; 4, 71; 4, 72; 4, 76; 4, 83; 4, 84; 4, 87; 4, 89; 4, 90; 4, 94; 4, 97; 4, 101; 4, 108; 4, 110; 4, 111; 4, 112; 4, 113; 4, 117; 4, 120; 4, 121; 4, 123; 4, 124; 4, 129; 4, 130; 4, 131; 4, 132; 4, 133; 4, 134; 4, 136; 4, 143; 4, 144; 4, 146; 4, 148; 4, 150; 4, 156; 4, 169; 4, 173; 4, 175; 4, 184; 4, 190; 4, 191; 4, 192; 4, 193; 4, 195; 4, 202; 4, 205; 4, 210; 4, 212; 4, 215; 4, 232; 4, 239; 4, 244; 4, 253; 4, 258; 4, 259; 4, 260; 4, 269; 4, 270; 4, 273; 4, 275; 4, 282); (5, 7; 5, 11; 5, 15; 5, 30; 5, 31; 5, 33; 5, 38; 5, 40; 5, 45; 5, 53; 5, 56; 5, 58; 5, 59; 5, 62; 5, 68; 5, 69; 5, 71; 5, 72; 5, 73; 5, 77; 5, 78; 5, 91; 5, 95; 5, 96; 5, 104; 5, 105; 5, 113; 5, 131; 5, 135; 5, 152; 5, 167; 5, 177; 5, 181; 5, 185; 5, 188; 5, 191; 5, 194; 5, 206; 5, 215; 5, 226; 5, 228; 5, 229; 5, 230; 5, 234; 5, 255; 5, 258; 5, 272; 5, 275; 5, 289; 5, 291; 5, 293; 5, 295; 5, 302; 5, 307; 5, 315; 5, 338; 5, 341; 5, 342; 5, 345; 5, 346; 5, 364; 5, 367; 5, 368; 5, 369; 5, 371); (6, 8; 6, 14; 6, 21; 6, 35; 6, 49; 6, 55; 6, 56; 6, 87;

6, 89; 6, 105; 6, 123; 6, 125; 6, 134; 6, 139; 6, 150; 6, 157; 6, 158; 6, 163; 6, 165; 6, 169; 6, 184; 6, 197; 6, 200; 6, 207; 6, 210; 6, 212; 6, 219; 6, 228) и мн. др.

ДО- *преф.* **1**. *просторствено, акурзивно значење – дејството достигнува до определена цел (предмет, место): доближи се:* Се доближил до вратата (5, 206); *доведи:* Си довела некој љубовник (4, 234); *довеи:* Те довеал ветрот (6, 54); *догледа:* Ја догледал свекорот (6, 38); *долета*: Аџиовци си долетале во село (2, 156); *донеси:* Да те донесам на вешало (4, 273); *дотера:* Беше дотерале талазите една гемија (3, 138); *дотрча:* Дотрчаа мажите (6, 30) и др.

2. *дефинитив – доведување на дејството до крајна граница* или *комплетив – довршување на порано започнато дејство, заради дополнување на нешто што недостига: добричи:* Тогај дури беше се налутил серсем Петко берберо од мерата надвор и туку го ватил пак да го добричи (5, 302); *довади:* Што рекол некој, вади и не клавај – ќе се довади (2, 66); *доврви:* Тргнале да одаат по цареа земја да ја доврват (3, 104); *довврши:* Ама ај да ја довршам лагата (5, 68); *догори:* Откоа догоре куќата, си рече берберот со умот: ...куќата си ја изгорев (5, 315); *додави:* Ќе давиш глувци, ама не ќе додавиш сите, оти ако не останат глувци, ќе те истераат (му рече мачороко на мачорчето) (2, 47); *дозреи:* Едно од децата јадело ...недозреана лубеница (5, 41); *доигра:* Доиграло момчето со коњо (3, 28); *доскака:* Скака скакулец – доскака (4, 217) и др.

3. **а**. *(кај безличните глаголи со до-) ингресивно значење – настапување на некаков телесен осет и сл.:* **доболи**: Оф, оф, оф, (уото) до срце ме доболе! (5, 302); **дожежи**: Коа дошол огнот околу трнот, је дожежало на змијата (2, 89); **достуди**: Је достудело на цареа ќерка (3, 61) и др. **б**. во **домачи се** префиксот *до- десемантизиран:* Што се домачивте, бре браќа, и дојдовте при мене? (4, 136) **в**. *(до колку се додава како втор префикс кон веќе префиксираните глаголи, развива) комплетивно значење:* **дона-**: *донајади се:* Си наполнил (момчето) од дома леб пазуите... за тамо да се донајади (6, 5); **донаучи**: (Мајки и татковци) да ’и поучуаат и да донаучат

ќерки си, да бидат домаќинки? (5, 268); допро-: **допродади**: Беше го допродало (момчето) сето злато (2, 238).

~ З а б е л е ш к а[1]: Има околу 100 глаголи со овој префикс. Грчката заемка *втаса* е сфатена како да е со префикс *в-,* па се појавила и наспоредната форма со *с-: стаса.* Црковнословенизам е глаголот *ѓозволи.* Хибридни образувања се: *ѓоварѓи, ѓовтаса.*

~ З а б е л е ш к а[2]: Понекогаш е тешко да се разликува дали се работи за *ѓефинитив* (дејството е доведено до крајна граница) или *комплетив* (порано почнатото дејство се довршува, заради дополнување на нешто што не достига). Тоа може да се разликува само во поширок контекст.

ДОА *ж.* (тур.) *молитва;* **чини (праи) доа** – *молитви; се моли;* Заповедај, бре слепче – му рекол измеќаро од царот – овој печен мисир ти го праќа царот да си го јадиш со децата... и да чиниш доа на царот (3, 236); Ај ој си и ти, чорбаџи, лекуј се со кромид и сол, кај што имаш модрење и чини доа оти те остаил жив овој чорбаџија (5, 366); Заповедајте, терзибаши, оваа риба, бакшиш ти ја праќат царо да си ја јадиш со дечињата и да чиниш доа (3, 229); Лели толкуа си се засилил да работиш, мајсторе... ќе ти пратам една убаа риба да ’а јадиш со дечињата и да ми праиш за мене доа (3, 229).

ДОБА *ж. време;* Туку во некоја доба дошле sвероите и се курдисале на муабет да си прикажуаат стари работи (3, 304).

~ Во и з р а з о т: **во (до) ниедна доба** – *кога никако не е време;* Ноќеска во ниедна доба си појдов и си ја зедов (баш-домаќинката) без да види некој чоек (5, 193); Ами ти како си и што бараш во ниедна доба да идиш на вода? Ами како не ти е страв, мори девојче? (3, 145); Јале, пиле (браќата), џумбуш ти праеле до ниедна доба и сите позаспале, кој како беше се нашол, така беше паднал (3, 98); **глуа доба** – *потајно време;* Еднаш си патуал чоеков со вреќата на рамо и поминал покрај едно дрво шаторесто во време на глуа доба (4, 230).

~ Со п р и д а в к и т е: **глуа**: Вид. кај изразите; **ноќна**: Клукна еднаш (братот на портата), дваш и сестра му чу. –

Кој е тој што клука – рече таа жалоито – сега ноќна доба? (2, 191)

ДОБАИ *гл. несвр.* **добави** – *редовно во значењето „фати, дофати“;* Стоејќи ќелешо некој саат, два, туку беше довтасала една змија, со голема сила, да врви крај него и го добаила за врат (2, 265); Откоа го ислуша сиромаиот кăсметот, рипнал преку ендек и го добаил (2, 244); Едно дошла таа тамо за да се чешла, и тој веднаш беше ја добаил со обете раце (2, 189); ...селанецот беше бил едно машко, ки ока дар олур (толку го бивало), и едно пуштање, беше го добаил Итромана Пеја (6, 204); ...дојдуајќим до ќупот ќерка му од царот за да ја види бабата внатре, ја добаила за рака и ја тргнала в ќуп и неа (2, 210).

ДОБАР и **ДОБĂР** -бра *прид.* **добар 1**. **а**. *(за човек) што не чини зло; чесен, мирен, благороден, човечен;* (Сиромаио) беше пратен од едни кесеџиј да калузлаиса еден домаќин со пет дечиња за да го погубат кесеџијте. Да што ќе запустеше еден добар домаќин, тој нека скрши глава по ѓаола (4, 135); Откоа станало детето од спиење, (вурнаџијата) многу го честил со јадење, пиење и со алишта променуање, веќе од син поарно го гледал. Коа виде детето таа чес ...многу се радуало дека најде таков добар мајстор (3, 152); Пошле двајцата лажои у еден домаќин што имал едно добро девојче (6, 193). **б**. *(за дела, мисли);* Борџот ако немаш да го платиш, врзан ќе му бидиш и заробен на тој што си му зел пари. ...И никој пат со добра мисла не ќе бидиш (2, 109); (Момчето) го наспомнало татка си, за оти добр насиет му дал да праит добрење на ливојте (3, 123); ...залудо (егумене) се молиш на Бога да се спасат (тие кауѓери) коа немаат при срце добрите работи, заедно со верата (4, 210).

2. *погоден, што одговара;* ...после ќе купам еден добăр коњ, веќе крилјата да му се куси, да кога ќе го јавнам, мори жено, да лета под мене (6, 114).

~ Во и з р а з о т **добăр ден** – *празник;* Треба да го зачуаме (веленцето), за на добăр ден да ни се најдит за лице да отстрамиме (3, 316).

~ Во п о з д р а в и и ж е л б и: **добро видение**!; **добро видуање**! – *позрав при одење;* Е сега, седете ми со здравје (пријатели) и добро видение! (4, 126); Збогум за сега (пријателе), и добро видуање! (4, 213); **добар пат** – *позрав при одење;* Здравје да имаш, момче, му одговорило момчето што патуало – и вам добар пат нека ви биди! (4, 123); Со здравје, домаќине, со здравје и добар пат Господ да ми ти даит, и пак со здравје да си дојдиш, домаќине (5, 44); **добро утро** – *позрав при среќавање наутро;* О, о, добро утро, Адаме, и ти Ево... што нешто сте се уплашиле и сте се стуткале? (4, 13); Добро утро, кауѓере мачоре – му рекол (глушецот) и се приближил до него (2, 13); Добро утро, Спасе! – му рече ѓаолот. – Е да јас немам некое лошо утро – му одгоори Спасе (4, 251).

~ Во б л а г о с л о в о т: **добра му чес**; Бог да прости еќимо што ме научи овој маривет, добра му чес, ако је жив, мир(о) од коските да му течит, што ми ја даде окнава и ме научи (6, 224).

~ Со и м е н к и т е: **брат** (5, 281); **видение** (3, 124; 4, 126; 5, 188: 6, 193), **видуање** (4, 213); **девојче** (6, 193), **дело** (4, 182; 4, 210), **ден** (3, 316), **домаќин** (3, 118; 4, 243); **кауѓер** (4, 257), **коњ** (3, 287; 6, 114); **луѓе** (5, 41); **мајстор** (3, 152), **мисла** (2, 109); **насиет** (3, 123); **пат** (4, 123; 5, 44), **праење** (2, 128); **работа** (4, 210); **утро** (2, 13; 2, 231; 3, 39; 3, 315; 3, 316; 4, 13; 4, 16; 4, 88; 4, 240; 4, 251; 5, 50; 6, 128); **чес** (6, 224) и др.

ДОБЕРИ *гл. свр.* **добере** – *сврши со берењето;* Не знам колку стотини години што збираа гранки и прачки од тие дрвја селаните и кој втасај, и не можеа да ’и доберат (4, 23).

ДОБЕРИ СЕ *гл. свр.* **добере се** – *најде се, приближи се;* Одил (Пејо) цел ден и втасал до едно село тамам на мрако, се добрал до една куќа и видел една жена со прекрстени раце кај седи на прагот од куќата (6, 202).

ДОБИВ *м.* Вид. **добивка**; Детево при сѐ што го пречекало св. Илија, арно ама мислата го мачи, заради дуќаните, оти да нема добив, толку години да работи (3, 203).

ДОБИВА *гл. несвр.* од д о б и е (т). **1**. *печали, заработува, има добивка;* ...сиромаиот работел со еќимлакот и многу пари добивал (2, 247); Од тој ден веќе му се разработил кăсмето (на сиромаио), кое од кокошката по еден алтăн на ден добивал, које од кăсмето (3, 264); Колку добивал (сиромаио), толку поеќе скржав се чинел и најпосле од скржавштината и тамавќарштината на два дни еднаш леб јадел (6, 88); *со антонимот:* **зијани**: Ај, бре чоече... Ако зијанеше нешто, ако ме колнеше, ами кога добиваше, заошто ме колнеше: ха пукна ѓаолот, добив, велеше (4, 229).

2. *зема, прима нешто;* ...ти да го носиш млекото и, да го добиваш ќаро, а не мајка ти! (2, 222); Ете ти што ти велаат стари: – Не кому је печено, ами кому је речено, тој го добива азното (6, 72).

3. *стекнува;* Тој збор ет за простите луѓе што веруаат сѐ што добиваат Госпо му помагал и кăсметот им работел (2, 295).

4. *прима, прифаќа;* Кажи, кажи, пријателе ...немај страм, чунки јас добивам уште ум од тебе со тоа што ќе ми кажиш за вашите судии (5, 72).

ДОБИВКА *ж. она што се спечалило; профит;* Ете како без мака нема добивка. Кој се мачи, тој ќе течи – рекле стари (5, 187).

ДОБИЕ(Т) *гл. свр.* **добие** – **1**. *прими (на располагање);* Да ај ќе ѝ го спружам стапо (на змијата) и ќе ја изваам, да како ќе ми поможи Госпо, ако добијам нешто – арно, ако не, нема некој зијан да ме вати (2, 90); Ха, ха, ќе ви купам (јагне), синковци, ако сум жив и ако ни наврти Госпо некој кăсмет, да да добијам пари (3, 262); Царо му рекол да пројди тој или некој од другарите кај некој извор од некоја ближна планина, да залеат една стомна вода... и кој ќе дојди побрго, тој ќе добиет (3, 107); Арно је што добивме верман, честита царице; ами кој ќе траи до три дни да го изваиме од сандаков и тогај да го пеиме? (5, 7); И така сиромајот си пројде на дуќан и си доби едно име аџи (6, 26).

2. *стекне* **а**. *со труд;* Петко што пара ќе си добиел, сите си ’и криел во една стела од еден ветов самар (6, 69). **б**. *на нечесен начин;* Ах, јас сиромав... што кандисав на една жена да си го загубам брата ми за да добијам стока (3, 174); Ма навртел Господ (на сиромавио чоек), добил илјада (грошеи). После посакал две илјади; откоа добил две, посакал три и така сакал и добил отколку што неќел (6, 88); Ај, бре чоече, ќе колниш уште еднаш на секоја лакрдија и на сѐ што да добиеш или да зијаниш, да го колниш ѓаолот и да го караш? (4, 229); *гл. прид.* добиен: Да ти кажам – му рече слабио чоек – умрениo беше богат многу; арно ама богастото му беше добиено сѐ со непраина (4, 130).

3. *(со именки) извршува определено дејство според значењето на именката со која се сврзува;* **добие клетва** – *биде (про)колнат;* **добие наказание** – *биде казнет;* **добие слава** – *прослави се;* Вид. кај изразите.

4. *биде опфатен од некоја состојба:* овде: *од болест (во пасивна употреба);* (Еќимбаши) да го видиш (моето дете) од една болес неверна што му се добила од шес месеци навамо (5, 338).

5. *извојува победа;* Господине, бојо се почна, кој доби: Арапите или Турците? ...А бре, Евреји, ние уште од Стамбол не сме излегле, саде ценг сторивме, да што прашате кој доби? (6, 138)

6. *изделствува нешто;* Ете како добивме и ние прао и да бидиме и ние на царцки маслаат (5, 7).

7. *помине;* Сега кога ќе одиш кај Бога, да се молиш многу заради мене и да му речиш оти јас за на тој век неќум, ами за на овој век да ми даит да поминам и то имането што ќе имам, ќе си го добијам и тој век (4, 52).

~ Во и з р а з и т е: **голема клетва ќе добие** – *страшно ќе биде (про)колнат;* Ако ми го сторите ова нешто, синковци, што ви нарачуам, голем блаосов ќе имате од мене, ама ако не ми го сторите, па голема клетва ќе добиете (5, 69); **грев голем ќе добиете** – *многу ќе згрешите;* Аман, мори сестри, кај се чуло и видело синот да си ја земи мајката за жена, не-

мојте сестри, каил не чинете се, оти грев голем ќе добиете! (3, 198); **да добие малце час** – *ѓа биѓе малку исшочишуван;* Молбата моја јет, честити царе, да ми даиш една служба друга за да добијам и јас малце час (5, 123); **клетва ќе добие** – *ќе биѓе (про)колнаш;* Мори жено ...ме страв (мајка ми) да не умри, да после да добијам некоја клетва. – Ами како не (мажу), клетва ќе си добиел! (2, 222); **наказание од Бога добиле** – *биле казнеши;* Верујь, синко, оти секој син и ќерка што не слушале татко и мајка големо наказание од бога добиле (2, 137–138); **слава добие** – *прослави се;* Јавни ме и биди весел (момче), оти јас сум коња самовила, ти со мене голема слава ќе добиеш и дури цар ќе се сториш (2, 253–254); **чес голема добил** – *многу бил исшочишуван;* ...никакво зло не беше го нашло (момчето), ами чес голема беше добил (5, 56).

~ Со п р и л о з и т е: **како**: Ете со ова ливче што го имам – му рекол чоекот на ангело и му кажал како го добил. – Еве види го, ангеле, ако сакаш (4, 130); **сега**: Право имале тие што велеле за некој луѓе оти ни ѓаоло не можи со нив да живеи, ете како со мојава жена што ја добив сега (4, 277).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 90; 2, 138; 2, 139; 2, 222; 2, 235; 2, 236; 2, 246); (3, 38; 3, 115 ; 3, 189; 3, 198; 3, 262); (4, 66; 4, 167); (5, 21; 5, 43; 5, 69; 5, 72; 5, 108; 5, 110; 5, 141; 5, 223; 5, 366); (6, 36; 6, 138; 6, 182; 6, 183; 6, 184; 6, 189) и др.

ДОБИЕ[2] *гл. свр.* **I**. **1**. *сврши со биење.*

2. *само во аорисна форма* **доби** *насшрема* **би**: **би ... доби** – *сшане и сврши;* Ете, вака, домаќине, би лага доби, многу било – малку останало! (6, 36); Би свадба, доби и времето беше приближало да си одат штркојте на својо виљает (2, 154).

II. **добие се** *(обично во мн.) се биеја еѓен со ѓруг ѓокрај;* Се биле, се биле (војските), не знам колку години, и не можеле да се добијат (3, 82).

ДОБИТОК -ици *м. (обично) крушна ѓомашна сшока;* **добици** – *волови, крави, коњи;* ...никој неќел да го крени (паднатиот старец) или на добиток или на рамо (4, 59); *во членувана еѓн. форма:* **добитоко**: Си го тоарил (чоеко) добитоко

со дрва, си клал тагарџико со алтăни... да си отишол дома (3, 239); А, бре чоече, за ошто си толку без душа на добитоко, во тоарање и во тепање? (3, 265); *во мн. членувани форми:* **добицине**: Море, домаќине бре, море дали ќе станиш да оиш со добицине на работа, али уште со умо ќе царуаш? (3, 319); **добиците**: Станал дрварот в зора, 'и зготвил добиците и пошол кај што си лежеле децата за да го скорни едното (3, 148); А море, чоеку, што не си 'и растоариш сам добиците, туку ме тераш мене? – му рекла жената му (6, 70).

ДОБИЧЕ *ср. рем.* и *хип.* од д о б и т о к; ...ти оит надвор (овчаро), наоѓа едно добиче, му го зема самаро, си го клава на грб и си влегуа така в црква (6, 174).

ДОБЛИЖИ СЕ *гл. свр. рој ре близу ро некого или нешто;* ...се доближил до вратата (сиромаиот) за да клукни, чунки била затворена (5, 206); За среќа, еве ти пак еден коњ, и чакало му се доближил пред него за да го ватит за муцка (2, 42); Едно беше се доближиле (аскеро) до брего и што да видат: една змија опколена околу езерото и клаена глаата на опашката (4, 72).

ДОБОЛИ *гл. свр. (само во 3 л.) почне ра боли, заболи;* Кога го доболело детето и се расплакало, куќата ја кревало. (6, 8); Виде-не виде (магарето), застана, чунки го доболело од стапот (3, 283); Нејсе, (берберо) зел симнал капата; симнуајќи капата, го задрна со раката на уото и го доболело (чоеко) (5, 301).

~ Во и з р а з о т: **до срце ме доболе** – *многу ме роболе;* Мајсторе, полека џанăм, уото пак ми го задрна! Оф, оф, до срце ме доболе, пусто да остани и уо кај се најде и бричење! (5, 302); **срце го доболе** – *многу го роболе;* Си дошле дома, и пустио цар кога ја погледа Дуња Ѓузели, срце го доболе (3, 95).

~ Со п р и л о з и т е: **јако**: Откоа беше го доболило јако, син му од царо писнал да плачи и отрчал дома да го наклевети на царот (детето од вдојцата) (2, 200); **малку**: – Трај си, лисо, трај си – је рекол чоеко – татко со рака те милуал

над глаата до опашката, а пак моја милос ќе ми те помилуам со секирава в чело за малку да те доболи и да поплачиме двата (2, 33).

ДОБРЕ *прил. во состав на поздравите:* **добре дојде**, **добре дошол**; Оо, добре дојде, тетко мецо, добре дојде, како стори вака што дојде у мене? (2, 39); Де, де, пи, де повели, свату, добре ми дошол (5, 88).

~ Во изразот: **му дошле на добре дојде** – *му отишле да се видат;* Дојдуајќи си дома, му ошле пријатели на добре дошол и да го прашаат како поминал тамо (6, 74).

~ Во други примери: (2, 156); (3, 117); (4, 153); (5, 200); (6, 116; 6, 120; 6, 121; 6, 169; 6, 212) и др.

ДОБРИНА -ни, -ање **1**. *ж. добро дело, благородна постапка;* Подобро на змија да праиш добро и на секој лив други, од што на лош чоек да му праиш добрина (3, 118); Не само добрина по очите лекуање, ами по давање милостини по сиромасите праеше (сиромаио), од мерата надвор (4, 179); **каква**: Коа чул ашкетијата, на големо чудо станал и коа се помислил тој за каква добрина напраил, од себеси се застрамил (4, 188); **некоја**: Вид. кај изразите; *со показните заменки:* **оваа**: Е, бре воденичарко, за оваа добрина што ти је сторив сакам... коа ќе умрам да ме закопаш во царео азно (2, 58); Е, сполај ти, женичко, да си ми жива и здрава, јас нема да ти забораам никоаш на оваа добрина што си ми ја сторила вечерва! – је рекол Манго (6, 108); Било, ѓоа зет не глеат тес и тешта, ама ако ми речи некоја песја ќерка овој збор, веднаш ќе ѝ ја затнам устата со оваа добрина што ја напраивме ние денеска (6, 230); **таа**: На таа добрина што му ја стори царцкио син (коњите) извадоа по едно влакно од опашката и му го дадоа да си ’и чуа и ако му потреба некоаш... ќе му дојдат (2, 287); *во множина:* **добрини**: Вид. кај придавката **безбројни**; **добриње**: Од тој ден (скржаио чорбаџија) не беше се откажал да праи добриње на сиромасите да дури умрел (4, 202); И од ден на ден сѐ поеќе се остааше (сиромаио) од добрињето што ’и праел (4, 179); *со* **некој**: Седе, што седе тој наш брат

во католиците, и никаков напредок не напредна во некој добрење, а лошотиите му напредуаа уште поеќе отколку што ’и имаше (4, 181); *со* **сите**: На сите добрење што ти ’и направив, ти што ќе ми речиш! Муцката моја прилегала на куче! (2, 61); *со антонимот:* **зло**: Има зло за добрина, има добро за зло (2, 67).

2. *добри работи;* Јале, јале и ноќвите је се наполниле (на вдојцата); амбарите со жито, бочвите со вино и ракија и сите добрини што ’и имале кога бил жив домаќино (4, 157).

~ Во и з р а з и т е: **добрина (ќе) ме најде**; **добрина ќе најдеш** – *добро (ќе) ми се случи (ќе видам среќа); добро ќе ти се случи;* ...да бегаме, оти кучка ти мајка можит да те погубит (момче), да ако загиниш ти, зер мене некоја добрина ќе ме наит? (3, 55); На секој лив што ќе му направиш добрина, да си уверен, синко, оти добрина ќе најш (3, 118); **сака добрина да види** – *сака добро да му се случи;* Треба да знаиш, пријателе, оти тој чоек што фаќа пријател со мене и сака добрина да види од мене, ете до овде го донесуам! (4, 284); При сѐ што се вистинцки насиетите од старите, пак нема да загини тој што праи добрина и на лошите луѓе, чунки правината се танчи и не се кини (3, 128); **со добрина** – *на убав начин;* **со добрење** – *добро;* Со добрење чоек да праит, одвај кај Бога да појдит, а не со лошотии да праит и кај Бога да ојт?! (4, 104)

~ Со п р и д а в к и т е: **безбројни**: И друзи безбројни добрини тој (егуменот) праел и никако не се уморуал (4, 208); **големи**: Честити царе, ти тоа што си видел ноќеска на небеси и си чул – јет за голема добрина на народот (4, 32); Не си толкуа грешен, коџабаши – му рече поснико – као што се мислиш ти, ти треба да праиш многу големи добрење, та затоа си токмо со мене (4, 186); Одејќи си три момчиња по пато, се разгоарале помеѓу себе и си велеле: кој од кој, ќе му праел на народо голема добрина, со стребрени лајци ќе ’и направеле да сркаат (4, 95); **друзи**: Слушај вамо, рисјанко, ...и друзи добрење да праиш ако сакаш совршено да угодиш на Бога (4, 172); **никаква**: Коа умираше татко ми, ме викна при себе и ми даде еден насиет ...на лош чоек никаква добрина да не му

праам за да не ме најди некоја лошотиа (3, 126); **чоечки**: ...видел (царо) оти не можи да ’и донеси сите луѓе на еден ум: да се милуат као браќа ...да се пригледуаат сиромасите од богатите и друзи чоечки добриње, се остаил од царстото и се сторил тебдил (5, 40).

~ Со присвојните придавки: **моја**: Добрињето мои сет, оче: секоја вечер во муграта го завртуам селово и ако видам некој чоек јабанџија го прибирам дом... гол чоек го облечуам (4, 186); **ваша**: Пусто ви останало (чорбаџи) и чорбаџилăко ваш, и добрината ваша што ќе ми ја напраите со метилаиот ви џигер, со смрдено некое чкембе и црева (5, 17); **негоа**: Ич јас за тоа нема да ти се срдам, чунки знам оти секое зло што му иди на чоека – му иди за негоата добрина (5, 219); Патници луѓе што ќе паднеа на ано, јадење, пиење за нив и за коњите, нити пет пари црвени не му земаше (анџијата). Се прочула негоата добрина по цел свет и секој се чудел на негоото богасто (3, 293).

~ Со броевите: **една**: Е, бре воденичарко ...сакам и ти една добрина да ми сториш; коа ќе умрам да ме закопаш во царео азно (2, 58); И се молел (ѓаоло) за некој да пројди и да го куртулиса од таа лоша жена, полоша и од аспида, та ќе му сторел една голема добрина што (ќе) се чудел! (2, 215); **три**: ...можи три добриње да напраам: едно, да куртулисам, четириесет екими од вешало; друго, да ја оздравам цареа ќерка и, трето, можи царо да ми ја даи за невеста (3, 301); **триста**: Богат јет онцица и на сиромав чес му прајт и друзи триста добриње прајт по мнозина сиромаси што сет као мене (4, 270); ...почнал (сиромаио) да праи триста добриње и се смири од гордоста што беше му ја внесол сатаната и се спаси со богастото (4, 180); **илјада**: ...вие мене стар сиромав што ме честивте, Господ Бог во сѐ да ве чести со илјада добриње (4, 152).

~ Со глаголите: **види**: Кога виде момчето добрињето од змијата и од штркот, на големо чудо станало и тогај го наспомнало татка си, за оти добр насиет му дал (3, 123); Треба да знаиш, пријателе, оти тој чоек што фаќа пријател

со мене и сака добрина да види од мене, ете до овде го донесуам! (4, 284); **забораи**: И најпосле сатана го заузда и се возгордеа, ја забораи добрината Господ што го подари (4, 179); **куртулиса** (**од**): Си ја пресекол раката сиромаиот и му ја врлил во скутот на чорбаџијата, да така куртулисал од добрината од чорбаџијата (5, 20); **напраи**: Ексик да биди и добрина што напраив, и сѐ, кога останав на отворено поле – велел патникот (5, 304); Ха, ете сега, момче, си се сетил да напраиш добрина – му рекол еќимо – што кој ќе чуе и кој ќе види, да те заблазни оти на чоек добрина ќе напраиш (3, 123); Што добрина си напраила мори, што туку се смеиш како некоја заликана, ја кажи да видиме? – е рекол мажот је (6, 228); На сите добриње што ти ’и напраив (дрваре) ти што ќе ми речиш! Муцката моја прилегала на куче! Ти мене ме стори токмо со едно куче, при сѐ што сум цар на сите sверои (2, 61); **праи**: Ај, вар ѓеч, не прај добрина на змија, ами столчи ја глаата и исфрли ’а на некој трн за да не настапи некој чоек некоја коска и се отруа (3, 119); Е, мори глао дрвена – си велел мажо – што ти треба да праиш добрина на сакат чоек што го накажал Госпо (5, 95); Се стапкала (жената) и не ’и давала (кокошките), и уште будала го праела (мажа си) дека на лисицата добрина ќе је праел (2, 37); Многу му било жал, оти од негоите кауѓери што му биле во манастиро не му било при срце да праат добриње као него (као егумено) (4, 208); Нема да те клавам во дупка, мори змијо, нити па вземи да те закопуам, ами ќе те носам в град при некој еќим да те излекува, чунки голем насиет имам од татка, да праам добриње на ливојте (3, 119); **стори**: Беа се сетиле оти ангел Божи беше момчето што му стори тие добриње на двете куќи (4, 126); Кога видела рибата оти добрина му сторило момчето, изваила една лушпа и му дала на момчето (2, 193); ...се молел (ѓаоло) за некој да појди и да го куртулиса од таа лоша жена, полоша и од аспида, та ќе му сторел една голема добрина – што ќе се чудел! (2, 215); **чини**: Госпо му рече (на чоекот): – Оние куќи се негои (на богатио), зашто многу добриње чинеше и пред смрт му се напраи што му треба тука (2, 227); ...таа добрина што ќе

ја чиниш на змија, стори ’а на некој чоек сиромав и да ти речи Бог да прости илјада пати (3, 119).

~ Со п р и л о з и т е: **безброј**: Тој требаше да се отепа оти беше предател, одеше при едни арамии да го предаи тој чорбаџија што дојде со пајтоно, тој многу набожен чорбаџија, што праел безброј добриње по сиромаси (4, 177); **колку**: И веруам со благата душа што ја има, ки знај колку добриње по сиромаси ќе праи и Божјето име уште поеќе ќе го слави (4, 212); **многу**: ...се кунуштиса со сиромаио, та почнал да го лости ѓаоло и да му носи убаи мисли, сѐ за да е богат, со богати да кунуштисуат, сиромаси да нѐ прибира, и друзи многу добрини што праел да не ’и праи, оти можи еден ден да осиромаши (4, 179); **со стотници**: Поарно да загини еден предател, ошто да загини еден набожен чоек што праи со стотници добриње на сиромасите! – му рекол ангелот (4, 177); **троа**: Море, ак за мене не требат, туку дај што ќе даиш да му однесам на чорбаџијата. Да требат и троа добрина да праит чоек на веков! (6, 34)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (3, 127); (4, 211; 4, 218; 4, 255; 4, 231); (5, 90) и др.

ДОБРИЧИ *гл. свр. избричи ѕокрај;* Тогај дури беше се налутил серсем Петко берберо од мерата надвор и туку го ватил (чоеко) пак да го добричи (5, 302); Дури му зборуал чоеко на берберо, го гледал напорки и му мислел ...да го истурка за раменици од дуќан надвор, ќе скршел глаа грошо што ќе му го земел да го добричи, ќе пукнел од јад, оти да му вели „уото, уото“. (5, 302)

ДОБРО -а *ср.* **1**. *материјална вреѕност; благо;* Од тој саат веќе беше си имале во нивната куќа две добра: и момче со невеста лични, и пари да живеат царски (2, 133).

2. *среќа; благосостојба;* Да оваа молба што ти ја праиме треба да ни ’а послушаш, ама оти ќе речиш? Оти за тебе ти мислиме доброто (2, 22); ...ништо Госпо нема напраено без да је за доброто негоо сопрво и за доброто на чоештината (5, 59); Честити царе, ...тоа чудо што сте го виделе на небото е големо чудо и за големо добро за твоето царство (4, 32); *со*

антонимот: **зло**: Откоа се научи мажот оти жената му тоа зло за добро беше го сторила, голема мака беше му паднало... (2, 37); Има зло за добрина, има добро за зло (2, 67); ...лошио чоек, зло за добро ќе ти врати (3, 118); ..коа дошле во најпоследната баждарница, кај што беше се барало доброто и злото, беа го запреле и неќеле да му го даат чоеко ѓаолите на ангело (4, 188).

3. *добро дело;* Те молам да ми кажиш ако знаиш кај седи царот на кăсметите; те молам стори ми едно добро (2, 124); Каков праведен чоек ќе бидиш ти што да не си напраил барем за две пари добро? (4, 189); Ангелот му казал оти тој тоа добро му го сторил (4, 126); Еден чоек што не припознаа добро и за добро враќа зло, не треба да биде жив (2, 62); Вистина, пријателе, ништо добро не сме ти сториле (4, 230); Го вати (арсланот дрварот) и го искина на триста парчиња, што не припознаат добро и за доброто враќа зло (2, 61).

~ Во и з р а з и т е: **како го забораи моето добро** – *како не се сеќаваш на мојата добрина;* А бре, никаквецу еден, како го забораи моето добро што ти 'и пренесов магарињата и тебе преку една силна река (2, 61); **твоето добро нема да ти го заборааиме** – *секогаш ќе се сеќаваме на твојата добрина;* Твоето добро нема да ти го заборааиме, само и само да не стоиме во оваа темнота (4, 17).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Секое зло за добро (3, 130; 5, 246); Стори го доброто, та фрли го во морето (5, 304).

~ Во п о з д р а в и т е: **дал (ми) ти Госпо(д) добро**; **дал ти Бог добро** – *отпоздрав за добра желба;* Добровечер, тетко – је рекол Итроман Пејо. – Дал ти Господ добро, синко – му рекла жената (6, 202); Помози Бог, старче! – му рекол царот. – Дал ти Госпо добро, пријателе! – му одгоорил старио (5, 111); Добровечер, свети Петре ...што чиниш, како си? Здраоживо си ми? Како ти е ќеот? – Дал ми ти Господ добро, рисјанине, арно сум, сполај Богу (4, 108); Помози Бог, дедо, ...здраожио. – Дал ти Бог добро, момче ...здраоживо сум, а ами ти како си? (2, 253); **добро утро** – *за добра желба во утринските часови;* Си откачи одземи крлугот, си кладе капата

и му пејде на ќајата. – Добро утро! – му рече (овчарот) (5, 223); Добро утро, сонце... што чиниш, како си? – Дал ти Господ добро, пријателе, сполај Богу сме (3, 115); Добро утро, чоече, аирлија ти орање!... – Дал ти Господ добро пријателе – му одгоорил орачот (2, 123).

~ Со п р и д а в к и т е: **големо**: Со тоа нешто, бабо, големо добро ќе ми сториш и како наместо мајка ќе те имаме (2, 255); Аман, воденичарко, немој да ми го одериш кожинчето, оти јас можам да ти напраам големо добро – му рекла кума лиса (2, 55); Е, е, ако ми сториш тоа добро, старче... големо добро ќе ми сториш и биди уверен оти еден голем манастир ќе напраиш (4, 210); поголемо: Ај пријателе драги, ти мене ми запали кандило, ама јас треба да ти напраам многу поголемо добро, кажуј сега што добро сакаш да ти напраам? (4, 281); (Чоекот) благодарил Бога задека беше му дал поголемо добро од доброто што беш... го сторил тој (5, 304); **мало**: Големо добро ти мене ми стори, Господи, за малото добро јас што му сторив на коларот, да му ја изваам колата од калта (5, 304); **незабораено**: Слушај вамо, сестро лисицо, на твоево незабораено за мене добро што ми го стори, сакам и еден бакшиш да ти даам (2, 37); **некое**: ...да и јас можи (момче) некоаш да ти сторам некое добро, чунки јас сум царот на лисицата (2, 201); **никакво**: Отвори (ангеле) тевтеро твој и види – му рекле ѓаолите – да штом не напраил никакво добро (овој чоек), тој е наш (4, 189); **преголемо**: Сестро лисицо, ...на ова твое големо и преголемо добро, ти мене што ми го стори, тебе не ти требат на аџилак да одиш (2, 37); **пусто**: При сѐ што му било страв на овчарчето да је зини на змијата, па је зинал за пусто добро што сакаше да му стори змијата, и му плукнала и си заминала по работата змијата (3, 69).

~ Со з а м е н с к и п р и д а в к и: **мое**: Вид. кај изразите; **наше**: Вид. кај негоо; **негоо**: Ете како и пајаго је напраен од Бога за доброто негоо и за доброто наше (5, 61); **незино**: Не е дават Господ незе челад за доброто незино, чунки ако роди таа дете, ќе бидит ја без очи, ја без раце, ја без нозе (4, 92); **твое**: Да знаиш, бре Патенталија, оти од денеска вамо ти

ќе ми бидиш прв садријазм и ја цар, на ова твое големо добро што ми го стори (3, 96); ...сакам и еден бакшиш (лисо) да ти даам за да познаиш оти јас нема да ти го забораам доброто твое (2, 37); Ако ми го сториш тоа добро, брате 'рслане – му рекол дрваро – дури сум жив, нема да ти го забораам (2, 59).

~ Со показните заменки: **ова**: Честити царе, те молам јас, да ни го сториш и ова добро, да ќе се молиме на Господа да ти бидат живи магарињата (6, 117); ...пушти ми го лебо (Петре) оти си арен чоек! Ај стори ми го ова добро! (4, 6); Кума лисо, кажи ми што бакшиш сакаш да ти донесам утре од дома на ова добро што ми го стори? (2, 94); **тоа**: Море, не круши да продаам, ами и амал ќе се сторам, само и само тоа добро да го земам! (5, 176); ...ангелот му казал оти тој тоа добро му го сторил, ...за на старос да живеат пораат (4, 126); Вечерта му кажал чоекот на жената си оти лисицата беше го избавила од смокот и за тоа добро ќе је даел десетте кокошки што имал бакшиш (2, 37).

~ Со броевите: **едно**: Ќе ти сторам едно добро, жено, сега, ама и ти ќе ми сториш едно добро не сега, ами по петнаесет години после (4, 285); Е ај, бре Арнаут, ќе ти сторам уште едно добро за да ти 'и изваам парите, ама ич да не се заврти овде (5, 294); Е, вистина, ангеле, не направил овој чоек никакво зло, арно ама пак не направил и ни едно добро дури бил жив. (4, 189); **две**: Две добра на едно место не бидуаат, затоа не јадам и не пијам (5, 77); Дал ти Госпо две добра, стрико ...ако дај Госпо, кај си се упатил вака? (2, 231)

~ Со прилогот: **толку големо**: Којшто виде и разбра оти син му од богатио сторил толку големо добро на еден сиромав ранет со седум рани од арамиите (3, 123).

~ Во други примери: (2, 13; 2, 16; 2, 31; 2, 35; 2, 37; 2, 38; 2, 40; 2, 43; 2, 55; 2, 60;2, 76; 2, 83; 2, 89; 2, 90; 2, 116; 2, 203; 2, 205); (4, 178; 4, 230; 4, 281; 4, 285); (5, 92; 5, 93; 5, 94); (6, 86) и др.

ДОБРО *прил.* **1**. *како што треба, во потребната мера, убаво;* Оружај ме добро и вкачи ми се да да бегаме, оти кучка ти мајка можит да те погубит, да ако загиниш ти, зер

мене некоја добрина ќе ме наит? (3, 55); Добро, добро! Јас што ти велам: стани, земи ја секирана и подрамни ја муцкава што ти грди (2, 60); Е арно, да каснам (симид), бре момче, туку треба прво да пазариме, да после да јадиме. – Е добро, да пазариме (девојко) лели сакаш – му рекло симиџиичето (3, 39); *со гл.* стори: Слушај вамо, куме – му рекол ангело (на чоекот) – нешто што ќе ти кажам и добро ќе ти сторам (4, 87).

2. **со добро** – *на убав начин;* Првин ја терал (чоекот чупата) со добро да си одит; таа ништо живо не се истаала од него (4, 223); Поболиш, моболиш, јас не знам, ја ќе ми кажиш со добро ја со зло, одбери си од двете едно (2, 222); Откоа виде царица Елена оти со добро никако не можи да 'и кандиса Евреите, му сврте дебелио крај и почнала да 'и мачи за да кажат (4, 34); Ако не ми го даи (мајка ти) таксаното со добро, јас ќе ѝ го земам со зло, вака да је речиш (4, 286).

3. **добро ми те најдовме** – *отпозрав при среќавање;* Добро ми те најдовме, брату, не е лошо да ти речеме и свату, што сме намислиле Господ и Богородица да ни го сторит аирлија (6, 139).

ДОБРОВЕЧЕР *изв.* и *им. позрав во вечерно време; добра вечер;* Добровечер, пријателе ...ќе те молам постој нешто да те прашам (4, 187); Вечерта пошол зетот у деда си и рекол: – Добровечер, дедо! (2, 17); ...влегле двата (братучеди) веднаш и со полојна уста му рекле на домаќино добровечер и седнале близу до вратата (5, 77).

~ Со **едно**: Откога му дал едно добровечер, изваил (ѓаолот) од торбата една рака алтани и му 'и дал на домаќинот (4, 243).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 132; 2, 143); (3, 165; 3, 190); (4, 83; 4, 91; 4, 108; 4, 4, 113); (5, 330); (6, 202) и др.

ДОБРОДУШЕН -шна *прил. што има добра душа;* Еден маж и една жена си биле многу набожни и добродушни (4, 285); Најпосле ете го и добродушнио егумен кај поминуа (4, 209–210); И, едно го превртел каменот, и ете му едно азно небројано! Ето ти пари, пријателе – му рекол ангело – што

ти ’и измолив од Бога задека си многу добродушен и сѐ со името Божје си во устата (4, 212).

~ Со и м е н к а т а **егумен**: Вид. кај горните примери.

ДОБРОМИСЛЕН *прид. што е со добра, чесна мисла; добронамерен;* Утрото на враќање пак ти го ватило дож (чоекот) и се слекол за да го обиди марифето што му го казал добромислениo чоек (4, 222).

ДОБРОУТРО *ср. поздрав наутро;* Поодел, поодел (сиромајот) и стрел еден друг кӑсмет кај го копал едно лозје. И нему му дал едно доброутро (2, 124).

ДОВАДИ *гл. свр. сврши со вадењето;* овде: *во пасивна употреба;* ...арно ама, што рекол некој, вади и не клавај – ќе се довади и ќе се изеи (2, 66).

ДОВАМО *прил.* **доваму** – *до тој што кажува;* овде: **дотамо и довамо** – *и одење и идење; таму и назад;* ...да колку за арџо, брате гусаче, јас ќе им го тргам дотамо и довамо, некум тие да поарџат пет пари скршени (2, 7).

ДОВАРДИ *гл. свр.* (грч. од итал.) *дочува;* Си било едно момче што беше исписало сите женцки итроштиње и жената му не могол да ја доварди (6, 23); Ај нека оди, бре брате, – му рекол постреднио брат – да варди вечер ќелешов, да да видиме што ќе доварди (2, 114); Слези, слези, мажу, оти конопта се стори колчишта, коа не доварди, толку било кӑсмет: ни тебе гаќи, ни мене кошула! (6, 36); Ејди домаќине ај, јас коа ќе сакам да курвуам, да ти ќе ме довардиш! (6, 22); Ако ме сакаш, земи ме, чунки и јас те сакам, чунки ти си бил јунак што ’и доварди јаболката (2, 117); Цел ден ја водил чоеко камилата со азно и тамам приквечер во мрак беше тргнал... да си оит кај царо и да му се пофалит оти ја довардил камилата (5, 349).

ДОВДЕ *прил. до ова место; дотука; до оваа ситуација;* Ете за сега што те донесов довде и да ме колниш, не се лутам (4, 229).

ДОВЕДИ *гл. свр.* **доведе** – *направи да дојде некој или нешто (до определено место);* Лелех, јас сиромав, зер невестата ми си довела некој љубовник? (4, 234)

ДОВЕИ *гл. свр.* **довее** – *(за ветар) донесе со веење;* Еве кај се држам за луко – му одгоорил арамијата – чунки овде ме одвеа ветрот, пријателе. – Ами ако те довеал ветрот, заошто се држиш за лукот? – му рекол бавчанџијата (6, 54); Лели те довеал ветро у нашава земја, кај што чоек не дошол досега... ќе ти кажам од кај те познаам (2, 143).

ДОВЕК, **ДОВЕКА** и **ДОВЕКИ** *прил. засекогаш; за сите времиња; до крајот на животот;* Алаверсăн нека даеше Господ и убаа Богороица, довек така да си се милуаме и да си се сакаме, да кој како сака, нека речи за нас (6, 45); ...дедо ми беше многу грабител и на мнозина луѓе насила пари му изграбил; кому двесте алтăни, кому триста. Довека таков беше, Бог да го прости! (6, 226); И по смртта негоа еве и до денеска кај се прикажуа и довека нема да се забораи негоото име (4, 202); ...раздели си го иманието што им го даа Господ на брата ти и на сестра ти, и некоја пара мене за да те споменуам довеки вај век (6, 172).

ДОВЕКА *прил.* Вид. **довек**.

ДОВЕКИ *прил.* Вид. **довек**.

ДОВЕЧЕРА *прил. до оваа вечер; кога ќе се стемни;* Не можам да остаам дикело, пријателке, и да дојдам, чунки сум пазарен за цел ден да работам на бавчанџијата, и довечера да му ја окопам бавчата (3, 212); Ова дете да умри довечера. – Арно велиш ти, сестро, да умри... а пак јас велам да биди живо дури да порасти ореон што му је во бавчана и коа ќе се здебели, да умри (3,204); Мори бабо, ја ој ми си со здравје, оти си имам големо гајле, да со блаосоот што ме блаошаваш да сум жива и домаќино да ми е жив, јас довечера ќе бидам жива, а домаќинот ќе си биди жив (6, 46).

ДОВИКА *гл. свр.* **1**. *викне; повика;* Курдисал царот свадба како на цар што да прилега и си ја венчало симиџија-

та, та си се сторил царев зет. Си ја довикало и мајка си и си живеале царски и господарски (3, 45); На треќио ден уште поеќе аскер донесол другио цар, арно ама уште незаватена кавгата (момчето) го довикал црнио коњ, го јавнал и му се пуштил со сабјата (2, 292).

2. *сврши со викањето;* Откоа довикале тељалите по сите градои и села, баеги време поминало што не се јави чоек при царо да му напраи некој маривет (2, 272).

ДОВЛЕТ[1] *м.* (тур. devlet) **1**. *царска влаѓа, султанов ѓвор.*

2. *во прив. служба: ѓржавен, царски;* Ха, еве, честити царе ...еве на овега да му даиш милостиња, оти беше голем тргоец, а сега јет довлет-душкн и одит в море да се удаит (4, 163).

~ З а б е л е ш к а: **довлет**[2] – турски devlet ‚спокојство‘, а и ‚среќа, блаженство, благосостојба‘.

ДОВЛЕТЛИЈА *м.* (тур.) *богат, среќен човек; при обраќање* **довлетли**; Аман, честити и довлетли царев син, јас сторив, ти не стори, прости ме засега! (5, 126)

ДОВРВИ *гл. свр. изврви; сврши со врвењето;* Откоа беше се здружил со нив и тој, тргнале да одаат по цареа земја да ја доврват (3, 104).

ДОВРЛИ *гл. свр.* **дофрли** – овде: *фрли ѓокрај, сите;* Коа ќе ’и доврлел (попо) зрната од џебо, тогај ќе дојдел Велигден (6, 159).

ДОВРШИ *гл. свр.* **I**. *сврши ѓокрај;* Откоа беа довршиле муабетот (Силјан и Аџи Кљак-кљак), си легнале и си спале (2, 147); ...кога е така, ај дај ми ја ќерка ти и не мачи ме уште да лажам, ама ај да ја довршам лагата за да си видиш и познаиш мајсторот, бре старче (5, 68).

II. **доврши се** *сврши се, ѓојѓе ѓо крај;* Со тоа големо зло, што беше ’и нашло селаните од умрение коџабашија, беше се довршило злото негоо и од умирачката на тој најлош коџабашија (5, 288).

ДОВРШУА(Т) СЕ *гл. несвр.* од **довврши се**; **довршува се**; ...откоа ватило да се довршуат емишо, тргнал (момчето) као повнатре во адата да оди да барат јадење (3, 280); Господ Бог тебе да те декса, да имаш до век да пречекуаш и да испраќаш и никогаш стоката да не ти се довршуат! (4, 156); И завистина, од првио ден на месецо ништо не му се довршуало на сиромасите и на сиромашките во куќите (4, 137).

ДОВТАСА *гл. свр.* (мак.-грч.) *стигне, достигне, пристигне;* Стоејќи ќелешо некој саат, два, туку беше довтасала една змија, со голема сила, да врви крај него и го добаила за врат (2, 265); ...идејќи од дрва ми претоари магарето и стоејќи до дрвата довтаса една змија и ми рече да зинам за да ја скријам в срце (2, 268); **довтаса во**: ...се задал еден стар чоек по пато сѐ со бодињаница со коњо што го вјаал и довтасал во соборо (3, 215); **довтаса до**: Коа се развртал чоек со лопатата околу себе, да низ дворот, а вамо а тамо, дури довтасал до неа (до жената), да кога слегал да маат, врти-удри, врти-удри по очи, по глаа, ја напраи пивтија, веќе пивтија! (6, 17); **довтаса кај**: ...довтасал кај изворо еден богат чоек на пајтон со жената си и со три деца како ангели и слегле од пајтоно да се напијат вода (4, 176); **довтаса на**: Не би час, довтасал на чешмата еден коњаник со оружје обружан, слегол од коњ и се наведил, та се напил вода од чешмата (4, 133); **довтаса при**: Вид. кај прилозите.

~ Во и з р а з о т: **ме довтаса грев** – *лошо ме најде;* Леле, јас сирота ...што таксир ме најде, од кај ме довтаса овој пусти грев? (3, 161).

~ Со п р и л о з и т е: **на часо(т)**: ...ќе висни коњо што да можи и на часо ќе му довтасаат еден силен ’рслан и една ’рсланица (2, 274); Едно утро (момчето) многу рано беше го жегнал влакното од црвенио коњ и на часо довтасал при него (2, 288); **од кај**: Вид. кај изразот; **од ноќ**: Утрото уште од ноќ довтасале сите тројца лажои да му ји земат дрвата (на дрварот) (5, 186); **сега**: Слушај вамо, ќелеш, сега ќе довтасаат илјада змии и ќе те видат овде, та ќе те прашаат за мене али си ме видел (2, 265); **тамо**: Во истото време беше довтасал ѓао-

лот тамо и го надеждил (сиромаио) за да го вати за гуша (предаенио чоек) и да го удаи (4, 272).

ДОГЛЕА *гл. свр.* Вид. **догледа**.

ДОГЛЕДА и **ДОГЛЕА** *гл. свр.* **догледа 1**. *забележи со погледу;* Ја догледал свекорот оти се тресит младата невеста и ја пожалал (6, 38); Откоа го пеал (царот писмото), ватил да се мислит и да се думат како да праит. Го догледала големата му ќерка (5, 209); Како што се пулел дуовникот од пенџере низ порта го доглеал весот под мишката от арамијата кај си го носел (5, 197); Оди и разгледуј (Кăсметлијата) налево-надесно за да го види изворо, и го догледал (3, 300); Едно ја догледал мажот оддалеку оти иди жената му со зелнико, и брго-брго си го слекол кувчето од снагата (4, 275).

2. *изгледа до крај(от) нешто; опфати со погледу;* Коа дошле (аскеро) многу близу до полето, гледаат едно долиште постреде полето што ич не можат да го догледаат (4, 73).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 24); 2, 74; 2, 143; 2, 151); (5, 204); (6, 149).

ДОГЛЕДУВА *гл. несвр.* од д о г л е д а; Го догледува невестата (мажа си) и го праша: – Шо така оиш од дрво на дрво, како проеица од чоек на чоек? (5, 204)

ДОГОРИ(**Т**) *гл. свр.* **догори** – *изгори до крај;* Откоа догоре куќата, си рече берберот со умот: „Е, и куќата си ја изгорев, ама и на жената до ак му дојдов; со мене нека мрда, ако можи!“ (5, 315); На тие викотници мариовски догорела уште една нива и јендекот од таа нива бил висок та не преврлил огнот во друга нива да се запалит (6, 222); Нà овие три свеќи воштени да му ’и запалиш: едната на глаа, другата на папок, треќата на нозете и штом догорит, ќе се сторит чоек (сестра ти) (3, 186); *преоду.;* ...дури имало дрва носени од татко му (на ќелешо) – гореле; откоа ’и догореле, останале без огон (2, 264).

ДОГРАМАЏИЈА и **ДОГРМАЏИЈА** *м.* (тур.) *столар, дрводелец;* Отишол (момчето) на дограмаџија и нарачал две

самарчиња за носење песок (3, 162); Коа видел царо тоа чудо, се зачудил. После го видел коњчето од догрмаџијата (3, 60); ...царо пресуди да му се даи жената на догрмаџијата (3, 60); ’И судил, ’и судил царо и никако не можел да ’и пресуди и да ’и отсуди. Најпосле ’и прашал царо кој што занаат имал. Едниот бил кумеџија, а другиот догрмаџија (3, 59).

ДОГРМАЏИЈА *м.* (тур.) Вид. **дограмаџија**.

ДОГРУАН *гл. при9.* и *при9.* **1**. *гл. при9.* од **догрува**; **догруван**.

2. *при9. престарен (објаснението е о9 Цепенков);* Отишол (ангело) при некој стар чоек, веќе што бил догруан (престарен) и од него му ја зел душата (4, 55).

ДОДАВИ *гл. свр. из9ави 9окрај;* Ќе давиш (синко) глувци, ама не ќе додавиш сите, оти ако не останат глувци, ќе те истераат (2, 47)

ДОДАДИ *гл. свр.* **додаде** *из9а9е сѐ 9окрај;* Дури си влегол в град (свети Трипун), сето кравајче го раздал и сето вино, за задуша, чунки тој не можел да каснува од крвта што му течеше. Едно додал сичко, и крвта беше му престанала (4, 46).

ДОДЕВА *гл. свр. му пречи некому правејќи му непријатности; 9оса9ува;* Ајде, бегај оттука, мори несреќна ќерко, не додевај ми, оти ќе ми донесиш некој страм со тој пусти маж твој! – је рекол (царо) (2, 290); ...ако се забаам многу години на војска, и ако син ми ти додева за да ти ја сака клучејте од маазите, ама овој што е со нумеро сто, демек стотио клуч, да не му го дааш дури си жив (3, 82); Туку те молам да ми простиш што ти додевав, и седи ми со здравје (6, 48); ...гледај побрго да ’и успиеш децата (мори жено) да не ми додеваат, да ми сакаат да им купам капче и друзи работи (3, 267); ...терзијата аир имат колку сенката од иглата, спроти татко што ми велеше, кога му додевав да ме даит на терзии (4, 102).

~ Со п р и л о з и т е: **досега**: Нека дојдат (сите глувци)

и да ми целиват десница за да се испростиме, и алал да ми сторат досега што су му додевал и не сум ’и остаал со раат да си јадат по амбарите пченица (2, 13); **доста**: Е ајде, бре глушец ниеден, доста ми додева, еве сега ќе те пренесам де, ама брго најди еден конец подебел (2, 76); (**за**) **напред**: Пројди (посниче) кај неа (кај вдојцата) и види је светилǎко незин, та стокми го со твојо и биди мирен, за напред веќе да не ми додеваш за таа работа (4, 171); **многу**: На тоа згора си отиде мажо дома и ја помина ноќта со мака, чунки многу му додеваа децата (2, 213); Петре, што толку многу ми додеваш? – му одгоорил Господ, сполај му за да блаосоам времето да се препраит (4, 109); **сеедно**: Еден сиромав терзија дењеноќе работеше и одвај со леб куќата можеше да ја прерани. Сеедно жената му додеваше и му велеше: – Море чоеку, ја носи во куќава сѐ што треба... ја бегај негде на туѓина да спечалиш пари (4, 102); **со плачење**: Коа ќе ни купиш, тате, нам вевче и антеријчиња за Велигден? ...Секој ден така му велеа децата на сиромаиот и дури со плачење му додеваа (3, 266); **текрар**: Мисли арно (свети Петре), оти да не ми дојдиш текрар да ми додеваш да го преправам времето како што ет сега (4, 109); **толку**: Вид. кај многу; **уште**: Дали уште ќе ми додеваш, бре ќерата – му рекол таинџијата и ги бутурисал (питачите) со обете раце од пред него (5, 158)

додевање -а *ср. гл. им.* од д о д е в а; *со прилозите:* **много**: Од много додевање на мајка му од Костадина, му се здодеа и го помоли Бога за да му ја врати душата во мршата за една ноќ (2, 191); **многу(то)**: Еден посник му се молил на Бога да му јави со кој чоек је другар на светилǎко. Од многуто додевање, Госпо му јави по еден ангел (4, 187); Од многуто додевање, честити царе, на сина ти му го дадов и тој клуч, чунки ми се валеше да ме погуби (3, 84); Излегла ќерка му пред царот и му се молила да му даит еден коњ и на ќелешот за и тој да одит на војска и од многуто додевање, заповедал царот да му даат еден коњ (3, 31); *во мн.:* **(многуте) додевања**: При многуте додевања от син му од царо што му ји сака клучеите на измеќаро, најпосле му ји дал деведесетте и деветте,

и еднио го запрел. Земајќи клучеите син му од царо ’и бројал: деведесет и девет му излегле. (3, 82).

ДОДЕИ МУ СЕ *гл. свр. безл.* **додее му се** – *му стане ѕоѕевно, ѕосаѕно, непријатно;* Беше му се додеало на еден измеќар што имал богатио, јадејќи праз и пиперки (3, 223).

ДОДЕКАДА *ж.* (грч.) „*ѕванаесетте*“ *совет оѕ 12 старци (објаснување оѕ Цепенков);* Кога му го дал владиката грнето, имало од додекадата (дванаесетте) кај него максус викнати да видат оти со молитвата негоа чинело и посник да се омрсит, а камоли мирјанин (4, 173).

ДОДРЖИ *гл. свр.* **I. 1**. *ѕржи (нешто или некого) ѕо крај;* Не веруам јас да дотраат нашите жени и кој да се друзи, да не отворат, чунки жените се ќерки од баба Ева, што не додржа Божјата заповед кога ја кладе во рајо (5, 6); ...Арнаутино бил многу јак и могол да ја додржи (жената) и си ја однесол дома, та си ја зел за невеста (2, 189).

2. *(за пари) зачува, не потроши сè;* Море брате бре, море не е лошо да ти даам (троа пари), туку не веруам да ’и додржиш чунки толку ти е кăсметот и дарот (5, 224).

II. **додржи(т) се** *ѕржи ѕокрај; изѕржи;* ...беше завеал еден ветăр студен, што дури свржел, беше му застудело (на Дели Петро) ...Де море ал де, беше се уплашил, да не не се додржит (за ластунката) (6, 180); ...орелот не можел да не се додржит за да не се опулит горе во колибата (2, 204).

ДОДРНУАТ СЕ *гл. несвр.* од д о д р н и с е; **додрнува се** – *ѕопре се;* Дете во мајка ќе расплачам за да ме познаат оти сум богат; и од сенката да ми бегаат кај ќе ме стретат, а не до мене да се додрнуат и здрао-живо да праат (4, 271).

ДОЖ(Д) -ои, -еи *м. капките воѕа што паѓаат оѕ облаците;* Слегол од амбарче Силјан долу и тргнал за дома да си влези, чунки било и малку времето расипано со дож и лапајца, била уште баба марта, та домашните си седеле крај огон и си се греале (2, 156); Ами бидејќи таквие судии сте имале, бре чоече, ви греи сонце? – Грејѝ, ако не греи – му рекол

чоекот. – Ами врни дож? – му рекол судијата (5, 73); Ете заради нив (заради имањето) ви дава Госпо: сонце, дож, бериќет, оти за вас нити камење нема да ви даи од небеси со таа кривина што сте имале вие во вашата земја (5, 74); Одејќи си (патниците), се задал еден силен облак со дож (5, 22); *во чл. форма:* **дождо(т)**: ...му посакал еднио (патник) на другио едно веленце да се наметни за да не го истопи дождо (5, 22); Коа врнело, коа турало – цел ден и са ноќ! Еле, утрото беше престанал дождот (4, 200); *во мн.:* **дождеи**: Сѐ убаина, преблаги Господи, само јас излегов на лага пред еден мој пријател што му кажав да не сеи жито, чунки ти, Боже, рече лани оти со дождеи ќе 'и скапиш житата на таа околија (4, 122); **дождои(те)**: И од ден на ден чекал (праведниo чоек) да фатат дождоите да врнат, арно ама Госпо не дал таквие дождеи (4, 121); Аман, Господи, ти се молам да ми кажиш оти оваа година не врнаа дождои да се скапи бериќето, како што рече лани ти? (4, 119)

~ Со п р и д а в к и т е: **благ**: ...ете не бидоа дождои силни, ами бидоа тивки и толкоа благи, што не биле друга година (4, 119); **голем**: Патуајќи две жени од град за на село, дошле до една река суодолица, што беше многу голема стечена, од некој голем дож (4, 142); Ја видел (некој војник коњаник) дупката и се вратил со коњот да се засолнит од големио дож (4, 24); **лош**: И наместо лоши дождеи да врнат, врнале мајски роси за мила убаина (4, 121); **некој**: Ај белким ќе му начекам некој дож, и тогај копај, грибај: ќе му удрам копањето (на лозјето) – и толку доста му је копање (2, 78); **силен**: Беше заврнало еден ден многу силен дож (4, 24); ...времето било многу заоблачено и се готвело да врнит силен дож (6, 130); Молим ве, пријатели, немојте во двор да спиете, оти ноќеска силен дож ќе врни (5, 42); **таков**: (Сиромајио) го кладе просото да се врши и едно беше го одвеале, коа дал Госпо ...дож да врни, како низ ракав да тура, таков силен дож беше заврнал (3, 246–247); **тивок**: Вид. кај благ; **убав**: ...по малце време даде Госпо еден убав дож, та се навадија сеидбите (4, 118); Дај ми, Господи, еден убав дож во лозјево... (4, 140)

~ Со б р о ј о т: **еден**: Си легнаа гостите да спијат. И за чудо големо, ноќта беше заврнал еден силен дож, та беше ’и скорнал (5, 42); Откоа го напраи сиромаио плото, го кладе просото да се врши и ...коа дал Госпо еден силен дож да врни, како низ ракав да тура (3, 246).

~ Со п р и л о г о т: **многу**: ...видуајќи (патникот) оти ќе врни многу дож, му посакал еднио на другио едно веленце да се наметни (5, 22).

~ Со г л а г о л и т е: **бликни**: Еден ден јасен од сите страни како беше се задале едни силни облаци, та кога беше ти бликнало еден силен дож, како со ракав да тураа (4, 61); **вати**: Си патуал чоекот од градот свој за во едно село и беше го ватил еден многу силен дож настред пат (4, 221); **ваќа**: Најарно и најздраво го праела ластојцата (седелото). Чунки таа беше си одбрала прво арно место, кај што дож, ветр, сонце и друга некоја лошотија да не ѝ го ваќа (2, 97); **врни**(**т**): Јас го праам седелото... залепено под стенава... дож да не ми го врни и да не можи да се прибери некоја гад до него (2, 98); Сакачката на луѓето му била оваа: коа ќе му бидит за мунасип и да му требат некому, да му врнит во нивата дож, али сонце, али ветар, али друго нешто за полската потреба (4, 148); Откоа се здрауале, му се оплакал чоекот оти не излезе на зборо од ангело, што му рекол оти ќе врни са година дож, ами излегло противното (4, 122); Вид. и кај многу; **дади**: Вид. кај убав; **заврни**: Милос на Бога, беше заповедал да заврни еден силен дож, као низ ракав да тура (4, 200); **запази се од**: ...тики богатио беше видел пред него една голема бука, празна во стредето и се пикнал внатре, малце со мака, за да се запази од дождо (4, 200); **засолнит се од**: Вид. кај голем; **истопи**: Вид. кај дождо; **начека**: Вид. кај некој; **престане**: Одејќи до негде престана дождо, и не се истопија патниците (5, 22); **пие**: Свети Илија је нареден на небеси да ја брка ламјата коа го пие дождот и да врла по неа со запалени камење да ја отепа (4, 40); **пороси**: Не сум будала да лапам со устава кал и да лепам на спилите, кај што сонце не ќе ме види и дож не ќе ме пороси? (2, 98); **треба**: Коа треба дож, ни се дава суша, коа сонце

ни треба, студ ни се дава (4, 138); **фати**: Вид. кај значењето.

ДОЖДОВ *прид. што е од дожд(от);* **вода дождо(в)а** – *дождовница;* Барајќи (вода) беше видело детето една од мечка стапалка, полна со вода дождоа, и се наведило да се напиет (2, 180).

ДОЖЕЖИ *гл. свр.* **дожеже** – *фати да жеже;* овде: *во безл. употреба;* Коа дошол огнот околу трнот, ја дожежало на змијата и писнала да плачи (2, 89); Откоа је дожежало жештината од огнот на свеќите, при сѐ што не можела да вјасат (желката), ватила дури да трчат (6, 222).

ДОЖИВЕИ *гл. свр.* **доживее** овде: *живее докрај;* ...сите селани што видоа се зачудија и се радуаа дека се изнашле старите со сина си. По некое време, си ’и зеде и си однесе кај што му била работата и тамо си доживееја со голем раат, дури си умреа (5, 255); Ја ела да си чукниме и аирлија да речиме, венчанијата што ќе се венчаме и во еден гроб двата да доживеиме и да влезиме (3, 217).

ДОЗБОРУА *гл. свр.* **дозборува** – *сврши со зборувањето, со кажувањето; искажа докрај;* Откако дозборуа св. Илија, веднага се изгуби од пред нив (3, 203); Не дочекал сиромајио да му дозборуа чорбаџијата ошто се налутил, тики ошто му дошло да тепа, та му надал: – Пусто ви останало и чорбаџилко ваш, и добрината ваша (5, 17); Море, оти се врати, бре синко, што је овој маскарлăк што го праиш ...коа ќе те видат браќа ти, со кое лице ќе ’и погледаш, бре? – Ее, дозборуа, бре татко? Ја ела вамо да видиш нешто и да поверуаш оти Госпо дава и во штркоо седело (3, 313); Уште не дозборуала таа, царскио син врлил со златен прстен по неа и беше ѝ удрил прао по заби, та забите беше ѝ позлатиле (5, 212).

ДОЗВОЛИ *гл. свр. допушти (на друг да стори нешто);* Јас нема да ви дозволам син му од царо овде да го губите, ами ќе ви го даам сосемати невеста и со царцка тебабија (5, 129).

ДОЗЕМИ *прил.* од **до земи** – *до земја;* **наведи (се)**: На секое дрво гранките му биле доземи наведени, турени со јемиши, сите здрели да дури прездрели, мискоина да мириса, мискоина, таков јемиш што бил убав! (4, 74); Ја вати црешата од врвот и ја наведи доземи. Се ватил Еѓуптинот за една гранка и си јадел череши (2, 126); **наведуа се**: ...едни доземи ќе ти се наведуаат и сељам ќе ти праат (волче) со рака, да ваква чес, кумче волче, нито ќе ти сторат денеска тебе, ни на соно не си ја сонуал (2, 49); **поклони му се**: Откоа му помина молбата на пророк Илија, му се поклони на Бога доземи, и со радос си отишол дома (4, 137); Чорбаџијата си отишол дома, и едно влегол в порта, го пречекала жената му со ќерка му, та му се поклонила доземи ќерка му спроти адето (5, 217); Откоа се изнаобогати гускаро со умот, со усул му пошол кај пашата дома и го пречекал дури кај порта пашата со пашицата и му се поклониле доземи како на цар (5, 127); **пропушти**: ...беа го промениле (батакчиите амало) со едни владически алишта, сè од коприна, со тие шалвари од атлас, доземи пропуштени (6, 152).

~ Со п р и д а в к а т а: **долга**: Девојката била како некое сонце огреано; таа коса што имала позлаќена и долга доземи; во што да ја бараш, кусур немала (3, 39)

~ Во и з р а з о т: **од небо доземи** (**се моли**) – *колку најмногу што може (се моли);* Аман, кади баба, ти биди ми татко и мајка на мене сакатнико, ти се молам од небо доземи, арно вукуф да се сториш на оваа работа и да ме куртулисаш од овој горцки и белоденцки арамија, што сака да ме слечи (5, 94).

ДОЗРЕИ *гл. свр.* **дозрее** – *сврши со зреењето; сосем узрее;* Едно од децата јадело зелена крастајца, а пак другото недозреана лубеница (5, 41).

ДОИ, дојди(т), дој(т) *гл. свр.* Вид. **дојди**(**т**) – **дојде**.

ДОИГРА *гл. свр. сврши со играњето;* Откоа доиграло момчето со коњо, го испушти и си влезе в кокошарник да си спиет (3, 28).

ДОИЗНЕСИ *гл. свр.* **доизнесе** – *изнесе ѕокрај, сите ѕо еѕен;* Тамам ’и доизнесе (кунатката алăтните), и скочил Кăсметлијата од ѕидо, алтăните си ји зел (3, 300).

ДОИ(Т) *гл. несвр.* **дои** – *храни со свое млеко (оѕ ѕојка);* ...стасала срнката, без да се дивит од гемиџијата, се навртела да си го доит детето (3, 138); ...мајка ја знам срната што ме доела и што ме гледала како мајка (3, 139); ...Госпо, сполај му, ете као му даде една мисла на мечката да не го јади (детето) и да го дои. Со денеска, со утре, го доила и го пораснала (3, 192).

ДОЈАДИ *гл. свр.* **дојаде** – **1**. *сврши со јаѕењето;* Стигнал (сиромаио) на врвот од стара планина и тамо веќе седна да си почини, чунки и лебо веќе беше го дојал (4, 82); Ако надјадиш (честити царе) еден драм, ќе умриш, а пак ако не дојадиш, па ќе умриш (5, 86); Коа ќе седниме да ручаме или да вечераме, сите со ред по еден комат леб пред мене ќе ми клаат за дојадуање, за јас да ’и дојадам, за да не останит леб на трпеза (6, 44).

2. *(за пари) потроши сè;* Со денеска, со утре, парите (царев син) ’и дојаде и, откога беше му останале многу малку, станал од тој град и отишол во некој друг град (2, 248).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 66); (4, 77); (5, 29; 5, 322); (6, 44; 6, 92) и др.

дојадуање *ср. гл. им.* од д о ј а д у а; **дојадување** ...маривето што го измислија не му поможе на куќните луѓе, ами за невестата уште за повајде је дојде, чунки на дојадуање секој од домаќините ќе је подаел по еден комат леб пред неа (6, 43); Коа ќе седниме да ручаме или да вечераме, сите со ред по еден комат леб пред мене ќе ми клаат за дојадуање, за јас да ’и дојадам (6, 44).

ДОЈАРКА *ж.* овде: *жена што ѕои и гледа (туѓо) ѕете;* ...да го откопа (чоекот) шишето и дете што ќе го најди во шишето, да го скрши и да го изваи, та да го даит на некоја дојарка да го доит и да го изгледа (3, 64).

ДОЈДИ(Т), **ДОИ** и **ДОЈ(Т)** *гл. свр.* **дојде 1**. *со одење, патување или на кој било начин пристигне.* **а**. *за живи суштества;* ...го видов (Ристос) ...и сега брго ќе дојди да н избави од ова темница! (4, 43); Знаиш, оче свети, што сум се мачил да дојдам до тебе? (5, 38); Утрото чекала пуста Ѓупка да дојдит Манго, го немало (6, 111); Е сеа ќе дои квачката, ќе фатиме да 'а уготвиме (5, 323); За вас е (стоката), господарке, ете сеа ќе си дој и господаро и тој ќе ни плати (5, 328); Пројди си на дуќан (мажу), кој ќе дојт, ќе те поздравит, и ќе ти велит: „добре дошол, аџи" (6, 26); Што не дојш (касапбашијо) кај мене да земеш едно парче мушама (5, 13); ; *гл. прид.* **дојден**: Сами ние сме дојдени, пријателе, во вечнава мака, сами, чунки бевме безверници и безверници (4, 50); Ама вечера да му дајте ...десет толку отколку што сет дојдени со царев зет луѓе, за да 'и застрамите (3, 113); (Граѓанецо) бил дојден в село на гости у некој селанец (6, 166); Коа го видела вурнаџиницата детето, дојдено при неа да му сака промена, веднаш беше се здивела и го измаскарила (3, 152); си дојде дома; Си дошол дома ќелешо и си 'и супраила мајка му дрвата (2, 266). **б**. *(за состојба) појави се, стане и др.;* Дошол попо, је пеал трипати со ред и од трите пати што је пеал, ич поарно не беше је дошло (на жената), ами уште посилно је болело (5, 51); Ние сме сполај Богу, свети Петре, ...туку пуста сиромаштија дошла, н навалила, еве сам гледаш каков сум (4, 108); Давам бре (вечера) – му рекол ќелешо (на трескаиот) – ама и ти ако не се оптегниш кога ќе ти доит треска (5, 160); Со денеска, со утре, беше се испуштило сето имање што имало момчето и дошло страдно за една пара (5, 309).

2. *(за време) настане; настани;* Поминала зимата и дошла пролет, арно ама тие си седеле со момчето во колибата (2, 204); Дошол саатот, го свршиле и ќе го женат момчето (3, 185); Со трпение, честити царе, со трпение, ќе дојде денот коа ќе го видиш сарајо (4, 160); Еден еким седел у една баба со кирија неколку години и дошол денот – ќе си одел екимот на виљает (6, 223); Мори жено, немој, не гали го олку детево, оти ќе дојт некој саат што ќе се вчудовидиш (5, 23); Јас од о-

чите те гледам (море кривче) оти си го бараш за да те отепам, туку уште не ти дошол саатот, да кај сакат нека излезит, тангар-мангар нека бидит! (5, 27); Му дошол дено и умрел постарио (брат) и остаил децата сираци и му се сторил помалио брат васија на децата (5, 50); Помеѓу сите аргати мажи и жени имало и една трудна жена сиромашка и тамо му дојде саато да си роди дете (5, 74); Дошло саатот, умре старио и откоа беа го закопале старио, го откопале (браќата) ќупо и уште неотворен беа се скарале за делбата (5, 73); Си станува кралицава (коа дојде време за раѓање), ...си ои во планина, и си зема пелени (3, 175); *преземен спој од народната поезија;* Дојде време, дојде коа да се женит синот на кралот (5, 318).

3. *безл.* **му дојде жал, мака, на сон и др.** – *се ужали, почувствува мака, сони и др.;* Уште малце што не се отепа (момчето), од жал што му дојде за кучето (5, 11); Влегло момчето и што да види: цела коскарница од млади како него деца. Косата му се кренала од страв што му дошло (2, 285); Од радос што му дошла на свети Јоана, тики беше се разиграл во мајка си (4, 41); За да оздравит мажот је, је дошло на сон (на жената) да седит во теќето една година време (6, 24).

4. **дојде дотаму** – *принуден беше;* **(саатите) да дојдат на една декика** – *(саатите) да кажуваат исто време;* (Царо) не можел да ’и донесе (саатите) да дојдат на една декика (5, 40).

~ Во и з р а з и т е: **ако дојди редо** – *ако се јави можност;* Еден ум имам, лисо, ...и тој ако ти го даам, не ќе ми остани ни еден за мене, за ако дојди редо да се ватам (2, 29); **голема радос му дојде** – *многу се израдува;* Знаејќи сиромашкио цар оти ќерка му је умрена, а сега се најде жива, од голема радос што му дојде, се замаја и одвај се свести, та си ја бакна Ѕвезда во челото (5, 332); **да му дојди(т) од ако** – *да му се одмазди;* Ах, проклета смрту ...како не ме остааш да поживеам и да му дојдам од ако на мојве селани, за да ’и напраам астрет да бидат за една корка леб (5, 283); Секој се крстел и Бога молел за Господ да му дојдит од акот и да ’и куртулиса од негоите лошотии што му ’и праел (5, 287); **да му до(јд)ит умот** – *да стане (по)умен, да се опамети;* Е, можи да му дој-

дит умот (на момчето), ако има кăсмет – је рекол царот на царицата (2, 242); Можи да му доит умот (на момчето), честити царе, што знаиш до утре што бидуат? – му рекла царицата (2, 242); **до ак да му дојдам** – *ѓа го казнам, ѓа му се одмазѓам;* ...сабјата да не ’а имам опашана, јас болен бидуам и на едно дете не можам до ак да му дојдам (3, 50); **добре** (**ми**) **дојде** (**дошол**) – *позѓрав при пречек;* Оо, добре дојде, тетко мецо, добре дојде, како стори вака што дојде у мене? (2, 39); Се исполнила куќата од селани, поеќе стари и секој му велел: – Добре дошол, Аџи Силјане, добре дошол, Аџи Силјане! (2, 156); Де, де, пи, де повели, свату, добре ми дошол; дај да се чукниме, де бујрум, напи се! (5, 88); **дојде на мојио збор** – *се согласи со мене;* Лели дојде ти сега на мојио збор, глеај сеир сега, кога ќе го свестам овчарчето (3, 222); **дојди ден, пројди ден** – *ѓните си врвеле;* Дојди ден, пројди ден, дошла Вељасабота и сите рисјани си купуале кој живо јагне, кој заклано, кој пастрма (3, 262); **дојди си на свеста** – *освести се;* А, мажу, што зборуаш така, како да бладаш нешто? Штотуку ми укаш? Дојди си на свеста! (6, 26); **дојдоа гуша за гуша да се ватат** – *мошне многу се скараа;* ...се мачија и се караа (ѓаолите) и никако не можеа да се погодат. Еден ден дојдоа гуша за гуша да се ватат и да се истепаат меѓу себе (4, 237); **дојдовме** (**дојдоа**) **во еден збор** – *се согласивме (се согласиле);* Сега брго, дедо Илија, имавме вилјацко собрание, и сите дојдовме во еден збор за да те молиме тебе да пројдиш при Бога да му се помолиш од наша страна (4, 139); Најпосле дојдоа во еден збор да му ’и врзат очите на калвата и кого ќе вати, тој да плати (6, 63); **дошла** (**дошол**) **гробу на врата** – *наскоро ќе умре;* ...и без да се страми и од грев да се бои бабата, чунки беше дошла гробу на врата, беше је рекла на од попо ќерка му една вечер тоа што рекло трговчето (3, 129); Старче, ќесето што го најде ет од момчето што врви по патон, немој да грешиш сега на старос, чунки ти остаре и чесно помина, да сега кога си дошол гробу на врата, да згрешиш (5, 254); Си вели со умо (ангело): да не му земи душата на пргаата и здраата жена, али на стариот што дошол гробу на врата (4, 54); **дош-**

ла работата – *се решило;* И дошла работата да се обидуаат кој можи поеќе да трчат, и се стокмиле двата еден до други (2, 67); Му ја кажаа работата на кадијата како стана со рибата и до најпосле дошла работата, што кадијата да не можи крај да му најди (6, 148); **дошле во збор** – *се ѕоговориле;* ...најпосле дошле во збор (Вренго и Арапо) и се кандисале да се вјаваат и песни да пеат (6, 150); **дошле со зборојте за...** – *во текот на разговорот го засегнале прашањето за...;* Се вратил светијата (кај другио светија) и од збор на збор дошле со зборојте за кој ет посветија (4, 89); **дошле чакарќев** – *станале многу расположени;* Откога ќе се поизнапиле повеќе (питачите), дошле чакар-ќев и ватиле да се караат помеѓу себе (5, 27); **дошло збор** – *разговорот се свртил на (определен предмет);* Ова било, она било, дошло збор да се валат кој sверои сет појунаци (2, 60); Се разгоарале еден Бугарин и еден Грк и дошло збор да се заколнит Гркот задека не го веруал Бугарино за нешто што го лажел (5, 61); **дошло редо(т)** – 1. *се јавила можност.* 2. *ред било;* Дошло редо и до тој што му 'и купуал дрвата (на дрваро) за десет грошеи да кажи како му напраил дента (5, 184); Дошло редот, ќе одел тргоецот со стока на панаѓур, та го зел сина си со себе, ѓоа да го учит и него за тргоец (5, 229); Дошло редот, отишол Петко на пат. Во тие дни дошол еден кирџија на дуќанот од Петка за да купуат еден самар (6, 69); Дошол редо цар Костадин и царица Елена да бидат во Стамбол (4, 29); **дошло часот** – *време било;* Би како би, дошло часот за да го пушти коњот цареа ќерка и да трчаат момчињата по неа, сите се натокмија на белего (3, 56); **дошол на свес** – *се освестил;* Во тие неколку години, син му на царо дошол на свес, чунки потпораснал, та посакал од измеќарот клучеите да отвори маазите и да види што има натре (3, 82); **душаа во носов ми дошла** – *маката е неизржлива; смачено ми е;* Ај растоари, жено, и не вреви, оти доста ми е маката: еве душаа во носов ми дошла! И да знаиш, жено, оти од денеска нема да ти одам на дрва (6, 70); **душата ми е дојдена во забиве** – 1. *премногу се изморил.* 2. *премногу се измачил;* ...за верно да знаиш ова што ти го велам, чунки ду-

шата ми е дојдена во забиве од пустата сиромаштија што ме навјавнала до шија (3, 272); **кој дал - дал**, **кој јал - јал** – *никому ништо;* ...речи оти толку ни бил кăсметот, да еве ти го грошо што го пушти ти, еве ми го и мојот, тики коа гледаш – ни ќар, ни зијан, кој дал – дал, кој јал – јал, да овој ќар нам не ни излезе за аирлија (6, 182); **мака ми дојде во кожата** – *ќе пукнев;* Ти се молам, брате коџабаши, кажи ми каков светилăк имаш за да се успокоам, оти од мака што ми дојде во кожата, ќе си пукнев (4, 186); **милос голема им дошло** – *почувствувале голема љубов;* Коа се виделе (братот и сестрата) од голема милос што им дошло, не можеле за долго време да прогоорат (3, 277); **многу мака му дошло** – *веќе не можел да издржи;* Си ја наведил глаата Адам и си ја зел жената, та си излегол од рајот. Многу мака беше му дошло на Адама, ама немаше што да чинит од страот од ангело (4, 11); **му дојде арно** – *се израдува;* Се собрале чорбаџиите и коа чуле зборoите од ќерка му на чорбаџијата, на сите му дојде арно и на часо беа станале, та беа отишле при царо (5, 102); **му дојде мака** – *му се смачи;* Едно беше 'и чул тие зборои (Грко), беше се фрлил в море да се удаи, од што му дојде мака дека го прашаа за чоеко со железната рака (4, 216); **му (ми) дојде на ум(о)**, **му (е) дошло на ум** – *се сети(в), се присети(в), му (ми) текна, помисли(в); се сетил(а), му (ѝ) текнало, намислил(а);* Поминала една година време и е дошло на умот за мажа е да го побарат (3, 210); Не се уморив, сестри самовили, туку ми дојде на ум за вечера дека го поштев татка (3, 24); Седел (братот) под еден голем даб под сенка и му дошло на умо за стоката што ќе ја јади (5, 50); Тамам кога дошол дома во дворот, тогај му дошло на ум да го продаа своето млеко на некого (6, 192); Му дојде на ум (на чоеко) за да ја удаит и да ја умрит (чупата) (4, 223); Седејќи си сиромајио до огниште, му дојде на умо за соно од бакало што му се кажуало азно во едно огниште (3, 243); Коа чул тие зборои клисаро од ѓаоло, му дојде на умо да посака да биди ѓакон во црквата на местото на ѓаконо што ѓаконисуал во истата црква (4, 281); На часо му дојде на ум за брата си што кандиса за

жената си да ја труе (3, 174); Му дошло на ум (на рибарот) оти кăсметот не му работит, та пошол кај царицата, да си давал истивата (3, 211); **му (ми) дојде страм**, **страм му дојде** – *се засрами(в), се посрами(в);* Сите луѓе со самари, попоите по два; му дојде страм оти меѓу толку луѓе тој да е без самар (6, 174); Е да ми проштаате: вас ве видов со самари, сите носите, ми дојде страм, па и јас зедов! (6, 174); Јас направив еден владика да пејди на курви и да го ватат, па апс го кладоа и од страм што му дојде на владиката, посака да се потурчит (4, 256); **му дојдоа на гајдата** – *бил согласен со тие зборови;* Слушајќи тие зборои чорбаџијата, му дојдоа на гајдата и пратил по сите чорбаџии да дојдат при него (5, 102); **му дошло на колај** – *му се укажала можност;* Многу време стојал (арамијата) и никако не му дошло на колај да го отепат чоекот (5, 199); **му (је) дошло на сон(о)** – *сонил(а);* ...за да оздравит мажот је, је дошло на сон да седит во ќето една година време (6, 24); (Царицата) сега ми је пак трудна, арно ама је дошло на соно: ако изеи една зелена слива, ќе го роди; ако не изеи, нема да го роди (2, 280); **му дошол на сон** – *го сонувал;* Една ноќ беше му дошол на сон кăсметот на сиромаиот и му рекол: – А, бре чоече Божји, за ошто толку ме кудиш по светот ти мене (3, 239); **му дошол (ми дојде) пато(т)** – *требало да одат (да одам); патот го водел (ме водел);* Му дошол патот (на арамиите) низ планината да врват кај што спиел лажливио јунак (2, 110); На тој саат беше му дошол патот од жабарот да поминит пред портата од свети Петра и ја видел ќерка му (4, 111); По четири-пет години време му дошол патот на еќимот што седел у бабата да поминит низ тој град (6, 223); ...еден Господ знаи кога ќе ми дојди пато да дојдам овде (6, 84); Некој војник коњаник со муздрак на рамо бил му дошол патот да поминит пред тоа место кај што биле трите дрвја (4, 24); **не ти дојде умот** – *не се опамети;* Али уште, бре пес, не ти дојде умот? (2, 259); **не ќе дојдев на овој ал** – 1. *не ќе ме снајдеше оваа несреќа.* 2. *не ќе ми се случеше ова;* Да бев имал кăсмет, не ќе дојдев на овој ал, што да не сеќаам оти срп носам на рамо? (2, 123); **ни дојде на глава** – *ни се зби;* Ете (мо-

ри жено) уште полошо претреме ни дојде на глава (3, 208); **одвај му дојде душа** – *одвај се соземе, се освести;* Одвај дури тогај беше му дошло душа на момчето (4, 124); **свеста малку им дојде** – *се подосвестија;* По некој саат, одвај свеста малку им дојде, и праша мајка си Невена: – Мајко, мајко, мајко, кај се мојте девет браќа? (2, 192); **ќе ти дојдит умот** – *ќе се опаметиш;* ...арно ама, што рекол некој: ќе ти дојдит умот, ама ќе ти појдит кумот. Толку знам сега, Силјане (2, 138); **што ќе ми дојди од рака** – *сè ќе работам;* ...пари јас сакам да спечалам, да што ќе ми дојди од рака, тоа ќе сторам! (4, 271)

~ Со п р и л о з и т е: (**по**)**арно**: Вид. кај 1. б; Те молам, тате – му рекла – обиди една капка, белки ќе ти доит поарно (3, 31); Ден, два, три, нема да му дојди поарно, и тогај беше се сетил (Зосија) оти забораил за причесна што не ѝ однесол на Марија (4, 195); **бездруго**: ...те молам, кума лисо, бездруго да дојдиш (2, 37); **близу**: Му се поклони Цане на царо и тргна по планиње да ја барат ламјата. Овде-онде по планиње, дошол близу до сараите од ламјата (2, 134); **веќе**: Еве времето веќе ти дојде и ти замина. Другарите твој се оженија и деца изродија, а ти уште ерген кај си ми (3, 40); **вечерта**: Вечерта дошле (терзијата и момчето) во едно село за да преноќеваат (4, 103); **дома**: Најпосле си дојде дома и ја научи ќерка си за да појдит и да му го земит (на ќајата браот) (5, 221); Си ’и зел (татко) пчелите, си ’и тоарил на петла коња и по ластунка си преишол езерото и си дошол дома (5, 68); **доовде**: ...преесапил (богатио) да појди кај сонцето да се жали и ало да си кажи заошто доовде да дојдит, при сè што терал правина (2, 230); **досега**: Лели те довеал ветро у нашава земја, кај што чоек не дошол досега ..ќе ти кажам од кај те познаам (2, 143); **дотамо**: ...дури дошол (Арнаутино) дотамо, та му рекол (на Турчино) као нажалено (6, 123); **еднаш**: Вид. кај у ш т е; **кај**: ...побегнав и еве кај дојдов, во твоја рака паднав. Зер вака било здано, момче, од Бога да скитам по туѓата земја дури да умрам? (5, 334); **многу**: Вид. кај ч у д н о; **нешто**: Не знам, дедо, што ми дојде нешто као страв, влегујте вие напре, влегујте, та јас по тебе ќе влезам – му рекло детето (2, 274); **ноќта**:

...шамиите од ќерки е (на чумата) да му ’и клаиш (момче) на глаите од браќа ти, за кога ќе дојди ноќта чумата да ви сечи глаите ...да се излажит и да си ’и загубит ќерки си (2, 256); **овде**: Ами ај симни ме од планинава долу близу до градо... и откоа ќе оздравиш, пак да си дојдиме овде (3, 92); Ами сега, како ќе го лажам чоекот утре коа ќе дојди овде да носи кокошка? (2, 32); Море ако те дупни едноногио да дојдиш овде да се излажиш и да касниш од дробенката месо што је на канџава... (2, 31); **овдеа**: ...ако ти дојдит (момче) некоаш некоја голема неола за да ти потребам нешто, дојди овдеа и нагори ја лушпата на трад (2, 193–194); **одвај**: Еле, одвај си дојде (глувчето) на себеси и почнал да зборуа сам со себе (2, 66); **пак**: Де, пезевенгу, да ме качиш; ама сио со рани беше. Ќе се оит да се работи, да се остаат јајцава, да не ми доит пак! (6, 20); Клај ’и (парите) од кај што ’и зеде... во камарата да стојат, да другаш коа ќе дојдиш пак да си ’и земиш (5, 83); Вид. и кај о в д е; **после**: Море чоеку, ...ја бегај негде на туѓина да спечалиш пари и после да дојдиш, и како сите домаќини и ти домаќин да бидиш! (4, 102); **рано**: Побратиме, утре рано да дојдиш да ме подвикниш за да ојме на пазар в град (5, 33); Во зората рано, дошла сирота лиса да си земит таксанио бакшиш од мажот (2, 37); **слатко**: Се качил (чоеко) на смоква горе и си набрал од поздрелите смокви, та си каснал една и... слатко му дошло (3, 280); **тамо**: ...арно ама цареа ќерка беше ’и измолила (sвероите) за да ’и простат (луѓето), и уште еднаш да не дојдат тамо (2, 207); **убао**: Гледајќи и слушајќи тоа нешто аскеро, одшто му дошло убао, за неколку саати што не можеле ни да седнат до плото од трендавилите (4, 75); **уште**: Вечерта наставил (чоекот) една стапица пред дупката за коа ќе дојди уште еднаш лиса да се вати (2, 27); Ах, проклето момче, ако ми дојдиш уште еднаш, ќе видиш ти што ќе те најди; **чудно**: Видуајќи јас тоа нешто, многу чудно ми дојде, одев околу и се чудев (2, 121).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Ќе ти дојдит умот, ама ќе ти појдит кумот (2, 138).

~ Во п р и м е р и т е: (2, 6; 2, 7; 2, 13; 2, 15; 2, 16; 2, 17; 2,

19; 2, 20; 2, 21; 2, 22; 2, 24; 2, 25; 2, 26; 2, 27; 2, 28; 2, 29; 2, 30; 2, 31; 2, 32; 2, 37; 2, 39; 2, 46; 2, 47; 2, 50; 2, 51; 2, 52; 2, 54; 2, 58; 2, 60; 2, 62; 2, 64; 2, 66; 2, 67; 2, 72; 2, 78; 2, 79; 2, 81; 2, 88; 2, 97; 2, 100; 2, 101; 2, 103; 2, 104; 2, 107; 2, 110; 2, 112; 2, 120; 2, 121; 2, 123; 2, 125; 2, 134; 2, 138; 2, 140; 2, 143; 2, 144; 2, 147; 2, 154; 2, 155; 2, 156; 2, 166; 2, 182; 2, 186; 2, 192; 2, 193; 2, 194; 2, 195; 2, 203; 2, 204; 2, 207; 2, 213; 2, 218; 2, 223; 2, 226; 2, 230; 2, 237; 2, 242; 2, 250; 2, 254; 2, 256; 2, 259; 2, 260; 2, 262; 2, 266; 2, 274; 2, 275; 2, 278; 2, 280; 2, 281; 2, 284; 2, 285; 2, 289; 2, 292; 2, 295); (3, 24; 3, 31; 3, 35; 3, 40; 3, 41; 3, 50; 3, 52; 3, 56; 3, 59; 3, 60; 3, 64; 3, 82; 3, 92; 3, 113; 3, 121; 3, 128; 3, 129; 3, 141; 3, 170; 3, 174; 3, 185; 3, 204; 3, 208; 3, 210; 3, 211; 3, 222; 3, 239; 3, 243; 3, 262; 3, 269; 3, 272; 3, 277; 3, 280; 3, 282; 3, 306; 3, 317; 3, 318); (4, 11; 4, 15; 4, 24; 4, 29; 4, 41; 4, 42; 4, 43; 4, 47; 4, 50; 4, 54; 4, 55; 4, 60; 4, 64; 4, 73; 4, 75; 4, 84; 4, 89; 4, 102; 4, 103; 4, 105; 4, 106; 4, 108; 4, 109; 4, 111; 4, 124; 4, 127; 4, 131; 4, 139; 4, 154; 4, 160; 4, 182; 4, 183; 4, 186; 4, 188; 4, 193; 4, 194; 4, 195; 4, 216; 4, 223; 4, 231; 4, 232; 4, 234; 4, 237; 4, 247; 4, 251; 4, 256; 4, 257; 4, 271; 4, 281); (5, 11; 5, 13; 5, 23; 5, 27; 5, 28; 5, 30; 5, 33; 5, 38; 5, 40; 5, 50; 5, 51; 5, 60; 5, 61; 5, 68; 5, 73; 5, 74; 5, 80; 5, 81; 5, 83; 5, 85; 5, 87; 5, 88; 5, 102; 5, 135; 5, 160; 5, 184; 5, 199; 5, 211; 5, 221; 5, 229; 5, 251; 5, 254; 5, 266; 5, 283; 5, 287; 5, 309; 5, 315; 5, 318; 5, 323; 5, 332; 5, 334; 5, 366); (6, 20; 6, 24; 6, 26; 6, 63; 6, 69; 6, 70; 6, 71; 6, 77; 6, 84; 6, 86; 6, 90; 6, 92; 6, 99; 6, 103; 6, 120; 6, 121; 6, 123; 6, 132; 6, 148; 6, 150; 6, 159; 6, 169; 6, 174; 6, 192; 6, 201; 6, 212; 6, 213; 6, 223) и др.

ДОЈДУА *гл. несвр.* Вид. **дојдува**.

ДОЈДУВА и **ДОЈДУА** *гл. несвр.* од д о ј д и (т) 1; **дојдува** *9оаѓа;* Уште колку пати ќе ми долетуаш, мори сестрице – рекла ластојцата – лели не ме дочекуаш да ти докажам и лели не дојдуаш да видиш као го праам седелото! (2, 100); Некоја гемија дали дојдуа покрај земјава ваша за да се качам и да си одам? (2, 146–147); ...пиле да се сторам, бело море и црно ќе прелетам, ама уште еднаш при татка не дојдуам (2, 139); *со гл. прилози:* дојду(в)ајќи: Дојдуајќи стопано кај стапицата, кога гледа јазоец ватен во стапицата (2, 30); Дојдуајќи ѓаоло пред Адама и Ева, му рекол: – Е, Адаме и ти,

бабо Ево, видовте оти ви донесов виделина? (4, 18); Дојдуајќи во Стамбол, двајцата Руси се облекле во едни софтински алишта и се сториле едни страшни оџи (4, 38); Дојдуајќи (момчето) до едно друго село, еве ти една невеста кај ја носат сватоите у зето (6, 97); Во тој град имало еден тргоец, што продаал топтан сол и не дојдувајќи му сол од кај што му идела, отишол при вурнаџијата и му посакал десетина тоари, али со пари, али на заем (3, 233); дојдуајќим: ...дојдуајќим до ќупот ќерка му од царот за да ја види бабата внатре, ја добаила (бабата) за рака и ја тргнала в ќуп (2, 210).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 161; 2, 218; 2, 286); (3, 62); (4, 143; 4, 195; 4, 200; 4, 275) и др.

ДОЈ(Т), **дојди(т)**, **дои** *гл. свр.* Вид. **дојди(т)**.

ДОЈУНЏЕ и **ДОУНЏЕ** *прил.* (тур.) *колку што треба, доволно;* Јале, пиле во ано, сѐ што требало анџијата му давал доунџе да јадат и да пијат и сторил ниет за да му плати што му чини (3, 293); Му дал крало (на двете момчиња) тоари дојунџе и откоа ’и научил како да праат и што да праат, ’и пуштил во Стамбол (4, 38); Пари давал царо дојунџе, само да му се гледа коњо (2, 258); ...дупнал јазоецо една дупка под праго и влегла лисицата во дворо; по неа влегол и јазоецот и се изнакркале кокошки дојунџе кадар и си ошле по работата (2, 27).

ДОКАЖИ(Т) *гл. свр.* **докаже** – **1**. **а**. *искаже докрај;* ...му докажал (Итроман Пејо на коџабашијата) сето што беше патил (6, 204); ...заватил Силјан да му кажуат на луѓето сите грешки што му грешаал на татка си и на мајка си... Откоа доказа сето сторение негоо, Силјан им се молил за и тие да му кажат од кај го познаваат (2, 144); Н, пријателе, клучеите од вратите црковни, и откоа ќе докажиш, слези и затвори ја црквата, оти народот си отиде (6, 101). **б**. *во пасивна употреба;* После, момче, па, кажуј, жити мене! – му рекла (Дуња Ѓузели) да се докажит уште до крај (3, 155).

2. *изнесе доказ;* Со тоа нешто таа сакаше да му докажи на двата браќа оти делбата је многу лоша (3, 173); Е, ај да ви-

диме, пријателе – му рекол терзијата – кажи ми и докажи ми кривината да биди правина (4, 104); ...судо беше му посакал мартири за да докажат и после да ’и пресудат на затвор и дури на смрт (5, 278); Му текнало на Волчка да... да му докажи (деда си) оти поарамија ет тоа од деда си (5, 357).

3. *објасни, протолкува;* Слушајте вамо вие, старци ... ако не ми ’и докажите тие зборои што ’и зборуавме со старио што ораше, глаите ќе ви ’и сечам ...мувлет ќе ви даам да се мислите три дни и три ноќи! (5, 64)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 7; 2, 99; 2, 101; 2, 145); (3, 135; 3, 185); (4, 43; 4, 48; 4, 54; 4, 105; 4, 131; 4, 257); (5, 61; 5, 75; 5, 76; 5, 80; 5, 98; 5, 165; 5, 175; 5, 361); (6, 68; 6, 173) и др.

ДОКАЖУА *гл. несвр.* од д о к а ж и (т); **докажува 1**. *искажува докрај;* ...народот си отиде, да јас сам што ќе седам да те дослушам дури да докажуаш – му рекол питропот (на раскажувачот) и, тупур-тупур по скала, си слегол долу (6, 101).

2. *изнесува доказ;* Коа чула таа тие зборои од садријазамот, на чудо станала и со многу докажуачки му докажуала за да трга рака од тој ум, оти је страмота и греота (3, 134).

3. *објаснува; образложува со факти;* Царот му докажуал оти големо зло имат на народот од меаните, а тие му докажуале оти има по едни луѓе и нешто добро најпоеќе по сиромасите (5, 27); ...му се молиле (старците) на свети Илија да пројди при Бога да му се моли за така да му го напраи времето. И со доказателство му докажуаа оти тие поарно знаеле за да му раѓа земјата поеќе отколку Госпо што знаел (4, 139).

докажуање *ср. гл. им.* од д о к а ж у а; **докажување**; Со тоа докажуање од невестата, беше се ослободила од едно момче будала што ја држало затворена (6, 24).

ДОКАЖУАЧКА -и *ж.* **докажувачка** – *доказ;* Коа чула таа тие зборои од садријазамот, на чудо станала и со многу докажуачки му докажуала за да трга рака од тој ум, оти је страмота и греота (3, 134); *со* **какви**: Бре какви докажуачки и молби не му донесол капидано, само и само да прогоори; ар-

но ама момчето си имало кроеж што се препраало немо и слугуало и од тоа не зборуало. (5, 242).

ДОКАЗАТЕЛСТВО *ср.* (книж. црквслов.) *ѳоказ;* Од многу места од книгите му носел (ѓаоло на кауѓерите) доказателство оти треба да се жена(т) и да си имат секој по една жена и нека бидит и таа кауѓерица (4, 257–258); И со доказателство му докажуаа (старците на свети Илија) оти тие поарно знаеле за да му раѓа земјата поеќе отколку Госпо што знаел (4, 139).

ДОКАЈ *прѳол.* **до кај**. **а**. *просторствено;* Те молам, стриколенце, ако не повелиш да станиш и докај мајка да дојдиш (6, 227). **б**. *временски;* ...Силјан си патуал со голема надеж да најди некоја трага и докај пладне изодил угорното (2, 141–142); Докај десет саатот дошол (Силјан) во крајот од полето и видел еден пат кај што оделе луѓе (2, 142).

ДОКАПИ СЕ *гл. свр.* **докапе се** *искапе се ѳокрај; сврши со капењето;* Така мислејќи си син му од царот, го дочека да се докапи и да го однеси дома да му ја кажуат сестра си и да му ја дава (5, 133).

ДОКАЧИ *гл. свр.* **I**. **1**. *закачи;* ...Петре беше го докачил прстено (на девојката) и ѝ го изваил од прсто, та си го зел (3, 102).

2. *навреѳи;* Да ми простиш, пријателе што те докачив на правина, чунки јас знаиш како направив: магаре вјаај, магаре барај, така направив (3, 255).

II. **докачи се** *навреѳи се, почувствува се засегнат;* На тие зборови од алајката што му ’и рекла, ич не се докачило момчето, ами се изнасмеало (3, 42); Така велејќи трекото момче, јас се докачив и заповедав да ми ’и донесат на сарај (3, 294); *со прилог:* многу: Коа виде тоа нешто царцкио син, многу се докачил и бањарот го искарал дека не си отворил очите (5, 133).

ДОКИНИ СЕ *гл. свр.* **докине се** *скине сѐ ѳокрај;* Ја чекај да го слечам капуто да не му се докина[т] лактите, оти па

треба да се даваат пари – Арно ќе сториш и панталоните да ’и слечиш... (5, 326).

ДОКЛАЊА СЕ *гл. свр. сврши со клањањето;* ...го исчекале (владиката) да се доклања, го прашал шерисљамот од кај се научил во една ноќ толку турски да пеит (5, 228).

ДОКОЛКУ *сврзн. во зависна реченица.* **1**. *колку што;* Откоа го ислуша воло овчаро, се позамисли малце и му рече: – Доколку што ми ваќа умо мој, овчарко, ќе ве пресудам, ама атăр да не ти остани (2, 91).

2. *колку и да;* ...само ќе си дупи, ќе си дупи (стопан ми), доколку да бодињам многу, тој само ќе ме дупи (2, 92).

ДОКРАЈ *прил.* и *предл.* **I**. *прил. до крајната граница; сосем; со глаголите:* **докажи**: И ти не ме радуаш, мори гугучко ...лели не ме дочека да ти докажам докрај и лели не сакаш да видиш како го праам седелото (2, 99–100); **закопа**: Го закопал докрај шишето да стоји уште дваесе дни, арно ама не станало ништо и на четириесетте дни – чунки дошло како коа ќе пометни некоја жена (3, 65); **осиромаши**: Денеска, утре, од многуто денгуба што праела (вдојцата), по богомолението, осиромашела докрај и многу вечери легнуала сосе деца без леб и се зготвила да пропитаат (4, 172); **остаи**: Жив је Госпо и за нас, жено, нема да нѐ остаи докрај сиромаси, и нам ќе нѐ зарадуа некој ден (4, 178); **сработи**: И така во копање, во прашење, и докрај сите селани така ’и сработиле лозјата (4, 140); **трпи**: Господ проштаа, пријателе – му рекол старио – тие луѓе што се кајат за грешките што ’и праат. Арно беше тоа да не го стореше и да трпеше докрај, чунки којшто ќе трпи докрај, тој ќе се спаси и душевно и телесно (4, 165); Ете како Господ забаа, ама не забораа. Арно ама кој можи докрај да трпит, тој и ќе добиет дар од Бога и да се обогати и да се спаси (4, 167).

II. *предл.* **докрај земја** – *до крајот на земјата;* Со денеска, со утре, се прочуло дури до син му од царот оти бабата имала една ќерка што ја немало докрај земја (2, 176); ...и толкуа мака што му идеше (на мажот ѝ), што да си земе капата в

раце и да бега докрај земја, та така да куртулиса од неа (2, 211).

~ Во и з р а з о т **открај-докрај** – *од почеток до крај; од едниот крај до другиот, сè;* ...овој тевтер сиот сум ти го исписал, открај-докрај, само неколку ливчиња ми останаа, колку да 'и пишам од вашите жени (ѓаолштињето) и прао дома ќе си одам (6, 30); Го зело момчето тевтерот и је го испеал (на невестата му) сиот открај-докрај (6, 23).

ДОКРЕПИ *гл. свр. доджи, одржи;* Арно мунасип вие најдовте, мезлич-алаари, за жените да бидат на царцки маслаат, како што сте и вие, арно ама мене не ми ваќа умо да можат тие да докрепат царсто (5, 6); Коа го виде кăсметот оти момчето се избудалило, голема мака беше му паднало и тогај поверуал оти кăсметот не можел да го докрепи, без да биди и умот другар со него (2, 242); Дали вака ќе крепите царцките скришни работи што ќе ви идат коа ќе се сторите садријазами и друзи царцки големци? Вие нити еден ден не докрепивте една кришна работа (5, 7); Господои сет, честити царе – му рекло момчето – а не мој, чунки ако неќи Госпо да го крепи чоека, никој не можи да го докрепи (3, 294).

ДОКТОР -и *м. лекар;* Се почудија сите царски доктори од итроштината на билјаро што му ја курдисал на царот (5, 29).

~ Со п р и д а в к а т а: **царски**: Вид. го горниот пример.

ДОКУНДИСА *гл. свр.* (тур.) *наштети;* **му докундисало на честа** – *му згазиле на честа; ја навредиле неговата чест;* (Комшиите) натерале самите жени да викаат пред судот и да си корнат косите од лошотијата на тие бесчесни браќа што му докундисале на честа (5, 278).

ДОКУПИ *гл. свр.* овде: *откупи;* Ја види го ова камче, бре Евреине – му рекол – дали би имал пари да го докупиш? (3, 259); Арно ти вели чорбаџијата, пријателе! Однеси му го јагнево (до дома), а пак чорбаџијата нека ти го плати џигеров, чунки ете ти немаш да си го докупиш (му рекол касапо на сиромајио) (5, 15).

ДОЛ -ишта, -ои *м.* **1**. *вдлабнатина меѓу два рида каде што тече (или течела) вода;* ...зел Еѓуптинот еден ќутук, та го наметнал со јакулето и си преишол отаде дол (2, 128); *во членувана форма:* **долон**: Ама ќе те молам овде пред овците не јади ме да им се чини ќеот, ами однеси ме онде во долон и тамо јади ме (2, 93); **долов**: Не ме бендиса ноќеска лежењето, тики сум ти прескочил долов за на другион крај пораат да ти спијам (2, 128); **долот**: Зела (жената) стомните в раце, и отишла на чешма да залеит. Залеала и, кога се вратила назад, гледат една река голема, беше го исполнила долот што бил пред незината куќа (4, 262); Е, лели така сакаш, ај оди во долот да те јадам. Тргна овчарот и пајде во долот (2, 93); *во множински форми:* **долои**: Се заортачиле тројца итри Тиквешани и си купиле една убаа маска за да ја продаат и да ќаруаат... пасејќи маската, му ја украл некој. Откоа се разденило, многу ја барале по поле, по сите долои. (5, 154); ...ќе чинит (магарето) за борозандија, ја – за да свири со боријата, да ја збира ордијата, кога ќе биди растурена по ридои и по долои (2, 48); **долишта**: ...барем да куртулисам од маките, – да не носам на рамо дрва и да не копам по патиштата и по долиштата (2, 219).

2. **Стари Дол** – *топоним;* Пиши, граматиче: две илјади алтăни на големата црква ...на Свети Спас во Стари Дол 1.000 (5, 138).

~ Со придавките: **глув**: Одејќи (момчето) низ планината, дошол да врви низ еден темен дол и глув, џанџин немало (3, 35); **пусти**: Една смрдеа што излегуала од тој пусти дол, многу лоша била (4, 73); **стари**: Вид. кај дол 2; **страшен**: ...од висока планина да гледаш некое поле, ти се гледат рамно како тепсија, ако дојдиш близу до него, ќе му видиш страшни долишта, ендеци, бари и азмаци (5, 266); **темен**: Пајди во блискио манастир, при егумено, и посакај му го чеснио крс и киската босилкоа, и петравило и слези под манастирот во темнио дол (4, 286); Треќио ден пак дигнало (момчето) таблата со симиди на глаа и прао тргнало пак во планината кај темнио дол да врви и се опулило оддесно и одлево, арно а-

ма не видело ни баба, ни дервиш (3, 37); **темничав**: ...око да не одвратиш од неа од гледање, од убаината незина; молскотеше како коа сонце да грееше од неа во тој темничав дол (3, 37).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Намислил (змеот) некако да се куртулисуат од него (од Еѓуптинот) ...Вечерта дојдоа до еден дол и виде змеот оти тамо било арно за да лежат (2, 128); ...му се пуштил (домаќино) со еден стап арамиите да ја брка за да му го отми улиштето што беа го украле. Коа видоа зорт арамиите, беше ја тратиле врѐката во еден дол и избегале (6, 209).

ДОЛАМА *ж.* (тур.) *ѓорно (обично) шајачно алиште со ракави;* Џанам, анăм ефенди, ...што толку мерак врли на мене што ме зеде? Дали на шајачнава долама, дали на црново јакуле? (5, 291); Коа 'и чул тие зборои пашата од царцкиот син му бакнал етекот од парталаата долама на гускарот и назадгазум се тргнал кај вратата (5, 126).

~ Со п р и д а в к и т е: **парталаа** и **шајачна**; Вид. ги горните примери.

ДОЛАП *м.* (тур.) *орман, обично вѕиѳан;* ...го кладоа (измеќарите јаболкото) в долап да е стоит (на цареа ќерка) (2, 199); *во членувани еѳн. форми:* **долапов**: Е, кога сте биле гаѓачи, ја гаѓајте што живо имат во долапов? (5, 155); **долапо(т)**: Секи ден (чоекот) отворал долапо и ја погледуал (глаата) (5, 263); Аќикат, петел си е – рекол кадијата – извадете го од долапот (5, 155); *со ѓлаѓолите:* **заклучи во**: И си помислила (жената му): од голема севда што имал тој на неа, ја откопал од гроб и ја заклучил во долапо (5, 263); **затвори во**: Зел кадијата еден петел и го затворил во еден долап (5, 155); **извади од**: Кога го извадоа од долапот, вистина петело беше бил што беше го скрил кадијата (5, 155); **излези од**: Завали глушец, без да знаи оти дошло мачорок у бабата, си излегол од долапо (2, 65); **има ... во**: ... (мачорчето) беше го надушило оти има глушец во долапо од бабата, та се острелушило да го бара за да го зграпчи (2, 65); **јет во**: Жапа-жупата,

Ајше, јет во долапо на лапандара! Ѓоа така се викал по турцки долапо – лапандара (6, 133); **напраи**: Вид. кај бројот еден; отвора: (Жената) беше го зела клучот од мажа је и отворила долапо (5, 263).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Дај Боже здравје, сеа ќе си напраам едно рало убаи куќи, ќе напраам и еден долап до скалата, та ќе си го клаам чеканот внатре за секоаш да го гледам (4, 213).

ДОЛГ -зи *прид.* **1**. *што е со голема должина;* (спрот.: **кус**); ...луѓето беа бамбашка; не беа како нас асли; тие беа во нозете долги и во носејте вудве од нашиве носои (2, 157); ...јас имав брада синоќа и долга коса, ами оти сега да немам? (5, 195); *во членувана форма:* **долгио**: Тоа рече штркот и се поткачил на трнот кај петелот, та беше го чукнал со долгио си клун аци петла по глаа и го пцојсал на часот (2, 8); Кога виде ѓаолот оти се стори змија, а тој беше се сторил штрк и му се пушти со долгио клун да го чапни (4, 250); *во суперлатив:* **најдолг**: Кога виде ѓаолот оти бабата поѓаол излегла од него, баеги беше се уплашил и отрчал, та нашол еден драг најдолг, та 'и врзал на крајот чевлите и со драго му 'и подал на бабата чевлите (4, 235); *во множина:* **долзи**: 'И пресекле горе (дрвјата) според местото, куси му дошло, 'и симнале долу, пак 'и мериле според мерата, долзи беа излегле (4, 28); ...изваде (кума лиса) едни кауѓерски броеници, долзи со три крвчиња, вати да 'и тргат и да вели: Господи, помилуј! (2, 18); *во компаратив:* **подолзи**: Кога беа 'и клале (мендизите дрвјата), подолзи беше излегле; 'и симнале долу, и според мерата беше 'и пресекле и 'и вкачиле, пак 'и мериле; пак долзи беа (4, 28); *во членувана мн. форма:* **долзите**: Слушајте, бре браќа, рекло едно од магаринјата – што ми текна за да ви кажам (сите беа наврте ле долзите уши кај тоа магаре за да слушаат што ќе му кажи) (2, 70); *со други придавки:* **подебел**: Ама (бре глушец) брго најди еден конец подебел и подолг за да се врзиш ти за мојата нога и така да те поминам за да не се удаиш (2, 76); **широк**: Утрото коа се разденило, гледаат пред нив едно езерце; околу езерцето гледаат една голема корија и

многу широка и долга планина, до кај очи му гледале (на аскеро) (4, 72).

2. *со определена димензија;* Мислејќи и гледајќи Петре во езерото, и туку што да види: – една змија, долга колку стотина чекори! (3, 98); ...девојката била како некое сонце огреано; таа коса што имала позлаќена и долга доземи (3,39); Кога отклучило момчето деветте клучеи и го кренал капако, туку веднаш беше избрзнал еден чоек голем колку една педа, со една брада долга колку еден лакот (2, 249); ...вратот од камилата је беше долг колку една топола (2, 65); Туку „оп“ ми се јави Господ, препраен на стар, со една бела брада, долга до под појас, и ме викна при него стреде во рајо (2, 121).

3. *што трае многу време;* Н овој полн и печен мисир... здраво и живо од царот да го јадиш и да си седиш отсеа дома раат, да си живеиш и да се молиш Бога, за долгио живот од царот (3, 235); Коа се виделе (братот и сестрата) од милос голема што им дошло, не можеле за долго време да прогоорат (3, 277); Еден Арап со еден Вренг се обложиле кој можи да пеи песна многу долга (6, 150).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Царска рака долга, и далеку достига (2, 207); ...царо има долга рака и можи што да сака да стори (3, 294).

~ Со и м е н к и т е: **брада** (2, 249; 5, 279), **брадиште** (4, 257), **броеници** (2, 18); **врат** (2, 65), **време** (3, 277); **драг** (4, 235); **живот** (3, 235); клун (2, 8; 4, 250), **конец** (2, 76), **коса** (5, 195); **песна** (4, 150; 6, 150), **планина** (4, 72), **поле** (4, 73); **рака** (2, 207; 3, 294), **раса** (2, 12); **стап** (6, 109); уо (2, 70); **чибук** (5, 291).

ДОЛГИКОСА *прид. ж. р.* Вид. **долгокоса**.

ДОЛГМАНЕСТ *прид. што има многу поголема должина одошто ширина;* Муцките ви се као долгманести малце, што ве грди (вас ’рсланите) (2, 60).

ДОЛГО *прил. во изразот* **долго и широко** – *мошне многу и опширно;* Се разгоорила (царицата со невестата) долго и широко (5, 250).

ДОЛГОКОСА *прид.* (само во ж. род) *што има долга коса;* Ти (бре момче) треба да знаиш оти жените сет долгикоси и краткоуми (3, 153); Вистина је за веруање зборо што рекле стари за жените оти се: долгокоси, краткоумни (5, 8); Честити царе, јас многу ти се молам и те проколнуам за синчето ти Најденка, немој сестри ми да 'и губиш дека ми сторија мене оваа грешка, чунки ние жените сме долгокоси и краткоуми, да од тоа те молам да 'и простиш (3, 140).

ДОЛГОТРПЕЛИВ *прид.* (црквслов.) *што е многу стрпелив; што може многу да поднесе;* ...долготрпеливио и многу милостивио Бог благовели да ме улови и ме предаде на спасителот Исуса Риста (4, 184).

ДОЛЕН -лна *прид.* **1**. *што се наоѓа долу, под друго;* (спрот.: **горен**); (Лиса) си поткасуала рилката долна за да не се пулит воденичарот на алиштата (2, 57); *во членувани форми:* Усучила (Марија) долната кора и го клала зелјето; усукала и горната кора и станала просто, за да ја клаит на зелјето (6, 41); Ти се молам (Господи), кажи ми... оти ...секоја вечер ја креваш скалата долниот крај наугоре, а горниот наудолу? (4, 79); (Мажот) ја грабнал со обете раце метлата од долнио крај и је легнал да ја биет од жената си (6, 16); ...паднала полата на страна, дека беше излезена од долното резе и другото резе беше се скршило (5, 325); *во компаратив:* **подолен**: Секое (врапче) што било на поголемо гранче, се туркало од тоа што било на подолното гранче (2, 84); *во суперлатив:* **најдолниот**: Најдолниот басамак сет луѓето како тебе најсиромаси, а друзите басамаци за богатите (4, 80); *во изразот:* **долна земја** – *многу далечна и непозната земја, земја од нереалниот свет;* Кога паѓал (ќелешо во дупката) удолу, кога паѓал, дури на долна земја се нашол. Си одврзал ортомата и тргнал по еден сокак да одит и дошол до една куќа од една стара баба (2, 115); Вистина... за приказна ет мојава работа, што бев дури во долна земја или штркоа земја, кај што чоек досега не пошол и не ќе појдит, и да ме веруате оти не је чаре да ве лажам јас (2, 160).

2. *за алиште: што е износено, искинато и сл.;* ...сиро-

та Ѕвезда била променета во најдолни алишта, неисчешлана, неизмиена (5, 328).

3. **подолен** – *помал, понеразвиен, понеуглеѳен;* Поодиле (Турчино и Арнаутино) и дошле до некој град подолен, а пак Арнаутино не прашал за подолни градои, чунки мислел за ќабето да је некој голем град и многу чуден (6, 123).

4. *што припаѓа кон нижите слоеви;* ...царот је велел за друго момче да ја земит (ќерка му), пак тоа го сакал и тој, ако било од долен сој (2, 240); Коа чу царо оти било едно момче од долна рака (долна фамилија), недраго беше му паднало (5, 116); Јас се гледам за недостоен да ви бидам зет, чунки сум од долен род (2, 243). *во компаратив:* **подолен** – *поневреѳен;* Бре, анасана, што сум ти бил будала... и подолен од една жена, та да ме резили еден був и да се устрамам (2, 83); Ах, јас сиромав ...кандисав на една жена да си го загубам брата ми за да добијам стока. Јас подолен бидов од соколите (3, 174).

5. *во изразот:* **'а праи подолна од една аргатинка** – *ја понижува;* Јас ќе ти го откажам, домаќине – му рекла (жената му) како на лутина малце, оти да 'а праи подолна од една аргатинка – ама ќе потраиш уште некој ден и тогај ќе речиш сам оти не било така како што велиш ти (5, 75).

6. *(за работа) – многу проста што се цени и плаќа слабо;* (Комшиите) му давале понекогаш (на будалестото момче) по нешто работа по дома: коа дрва да нареди, дрва да пресечи, вода да им залеи и друга работа, што била многу долна (2, 236); Ова дете има дарба за да стани цар, ...друго ...дароито е за садријазам; треќо за књаз; четврто за кадија; петто за апостол; шесто за еќим; ...друзи – за подолни работи. Да речиме: на еден му пишуало дарба за орач; на друг дарба за коач; на треќ за воденичар; на четврти дарба за дрводелец; на петти дарба за терзија; на шести дарба за кожуар (4, 191).

7. *(за цена) ниска;* Откоа 'и прегледаа (туџарите бравите) многу 'и бендисаа... и една цена долна беа му дале (на Влаот) (6, 86).

~ Со именките: **алишта** (5, 328); **басамак** (4, 80); **град** (6, 123), **гранче** (2, 84); **земја** (2, 115; 2, 116; 2, 132; 2, 141;

2, 142; 2, 158; 2, 160); **кора** (6,41), **крај** (4, 79; 6,16); **работа** (4, 191), **рака** (5, 118), **резе** (5, 325), **рилка** (2, 57; 6, 5), **род** (2, 243); **сој** (2, 240); **фамилија** (5, 116); **цена** (6, 86); **чин** (4, 8).

ДОЛЕТА *гл. свр. со летање ододе, стигне.* **а**. *за птици;* ...му пратил Госпо (на сиромаио) еден подарок со два гулаба што беа му долетале (4, 178); Како што првио пат што идоа (штркоите) така и тогај беа си долетале на нашава земја (2,155); Дури да тоарит (чорбаџијата коњот) за пакос долетал еден штрк и ја чепнал шамијата со клунот, та си летнал да си ја однесит (3, 209). **б**. *за крилат коњ од приказните;* Секнал еден трад (момчето), го нажежал влакното од коњо и веднаш долетал коњот (3, 28).

~ Со п р и л о з и т е: **брго**: Сега брго ќе ми долеташ за пак да ме прашаш, иља не веруам да дексаш да го макниш клуно во батакон, кај што го макнуам јас (2, 100); **веднаш**: Вид. кај значењето под б; **пак**: Кога го виде сиромаио оти гулабо бил слеп со обете очи, другио гулаб летна и, не би час, долетал пак при слепи гулаб и му ’и затри очите со едно ливче од трева (4, 129).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 145; 2, 156; 2, 203); (3, 124).

ДОЛЕТУА *гл. несвр.* **долетува** од д о л е т а; Уште колку пати ќе ми долетуаш, мори сестрице – рекла ластојцата (на гугучката) – лели не ме дочекуаш да ти докажам и лели не дојдуаш да видиш као го праам седелото! (2, 100)

ДОЛЖЕН -жна *прид.* (книж.) овде: *обврзан спрема некого;* Ти си должен (даскале) на сите еднакво учение да му предааш, да секое дете што ќе се труди, сѐ поеќе ќе се научи да ја поразвие дарбата (4, 191).

ДОЛИНА -ње *ж. вдлабено пространство меѓу ридје;* ...ноќта (царската ќерка) беше побегнала од дома и преку планиње, преку долиње, отишла во едно друго царство (5, 334); ...тргнал (волкот) по планиње, по долиње, да дури по поле (2, 49).

ДОЛИШТЕ *ср. аугм.* од д о л; Коа дошле (аскеро) многу близу до полето, гледаат едно долиште постреде полето (4, 73); ...врвејќи по долиштето (момчето), се пулело насекаде да би да видит пак некој (3, 40); Гледајќи (момчето) оддесно и одлево во долиштето, туку еве ти една баба кај седит пред еден чекрк позлаќен, што сам си предел лен, дури да ти е мило и драго да го гледаш (3, 36).

~ Со п р и д а в к а т а: **пусто**: Вчера... коа се одделивме одовде, отидов дрвоно шаторесто, што е онамо кај пустото долиште и си легнав под дрвото да чекам некој лов (3, 299).

ДОЛУ *прил.* **1**. *на (по)сниско место; во правец кон такво место;* Слегол долу кај кртоите и му рекол: – Добро утро, кртои, што чините, што праите? – Дал ти Бог добро, чоече, повели седни (3, 116); (Царо) ќелешо го кладе до себе, а друзите зетои подолу од нив (3, 32); Тргнала (лисицата) долу за близу до едно село и чула кај пеело едно петле (2, 18); На тие и друзи зборои, што си ’и велело само со себе момчето, рипнало од смоква долу и ако и да се малку убило, ама барем си слезе (3, 280); Слези долу (од таван), бре калва, да те видам и ти да го изваиш црво. Слегол долу калвата и вжештил штипките, та го ватил црво и на часо се пуштил и куртулисал чоеко (5, 174–175); Слегол од амбарче Силјан долу и тргнал за дома да си влези, чунки рано било и малку времето расипано со дож и лапајца, била уште баба марта, та домашните си седеле крај огон и си се греале (2, 156); *со честицата* **дури**: Сиромав Итроман Пејо, како се затркала, да дури долу беше се нашол, арно ама ништо зијан не беше му се сторило, чунки беше во кошарката (6, 209).

2. *од долниот крај;* Најпосле сите (мравки) дошле во еден збор да ископаат една голема дупка длабока, а озгора да остаат колку два прста земја, што да не се познаат оти ет долу шупливо (2, 88).

3. *во суперлативот* **најдолу** – *на последно место;* Ај нека дојди (твоето момче), ама најдолу нека седи, со децата оти тој за таму е достоен (2, 293); Ошла помалата му ќерка кај царот и го молила да појдит и ќелешот на гости; откоа

многу го молила, му дал изим да оди и ќелешот, ама најдолу да седнит (3, 31).

4. **подолу** – *во општествената положба и во друго;* Е, не приоли ме, бре свату, оти јас не бидуам подолу од магарево мое, чунки ти сам виде оти го молив едночудо да се принапие вода, а па тоа не се напи нити еден драм (5, 89); Дури бил татко му жив, одел на дрва, на два-три дни еднаш, чунки и тој не паѓал подолу од сина си во мрзата (2, 264); Коа чул царот тој збор од буот, се сетил оти јет подолу од жена (2, 83); Море, море домаќине, знаиш оти од Еѓуптино сме подолу, али не знаиш? (4, 82)

5. **подолу** – *(во производство и сл.) послабо;* Годинава, оче егумене – му рекле кауѓерите – многу сме подолу со вино од ланцката година (5, 88).

6. **подолу** – *поевтино;* Еве ќе ти ја даам (рибата да ја продаиш), синко – му рекол татко му – ама од десет грошеи подолу не ќе ја дааш (5, 236).

~ Со г л а г о л и т е: **бидуа**: Вид. долу 3; **влези**: Очистило момчето ѓубрето, кренало плочата и влегло долу со кăсмето под ано, тамо имало една чешма што текла со злато (3, 292); **врли**: Глеајте вамо (бре момчиња), ако не ми кажите секој кој како што рекол, да знаите оти од пенџерево ќе ве врлам долу (3, 288); **даа**: Вид. долу 5; **клади**: Вид. долу 1; **најди се**: Вид. долу 1; **падни**: (Жената) пројде и седна за инат на шумаро и се јаландиса во бунаро, паднала долу (2, 215); **паѓа**: Вид. долу 3; **рипни**: Вид. долу 1; **сврти**: Дотрчала кума лиса на дупка за да јади бела кокошка, (овчаро) ѝ ја свртил вреќата долу со устината да ја истури кокошката (2, 94); **седни**(**т**): Вид. долу 4; **сети се**: Вид. долу 3; **симни**: Коа ја виде (Еѓупката девојката) толку убаа, ја завиде и се качила горе на дрво, та ја симнала долу (2, 174); ’И пресекле (мендизите дрвјата) горе според местото, куси му дошло, ’и симнале долу, пак ’и мериле според мерата, долзи беа излегле (4, 28); **слези**: Вид. долу 1; (Пупунчето) застанало на едно дрво... видело под сенката од дрвото кај лежит еден ’рт, слегло долу и го разбудило ’ртот од кај што спиеше (2, 20); **тргни**: Вид. д о л у 1.

~ Во д р у г и п р и м е р и: **до под ... долу**: Со голема чес беа го испратиле кауѓерите (егумено) дури до под манастир долу (4, 258); **долу в**: Откоа виде лиса оти никој не је дошол в планина за да је бидит другар за на аџилак, слегла долу в поле и се прибрала до едно село (2, 5); **долу во**: Пејди, мецо, пејди долу во полено и ќе го најдиш штркот за да ти ја изваит (коската) (2, 39); **долу кај**: По малку време... една мечка... слегла долу кај колибата и се прибрала до вратата, та видела огнот кај што горел како некоја варница (2, 202); **долу под**: Ја зел плочата ѓаолот и ја клал долу под казано во пеколо (4, 13); Повели, братко орле – му рекла ластојцата – долу под пештерава и види го како го праам (седелото) (2, 98); **од ... долу**: Ај натемати, чкрапја! ...и ја пласнал (чоекот) од раката долу и, без да је се уплаши, ишмука местото и – никому ништо – си оздраве (2, 63); Ѝ викна (царцкио син на девојката) да слези од дрвото долу за да ја прашат од каде ет и заошто се качила тамо (2, 181); Бирбаш го грабнал џељатот (момчето) и го врли од пенџере долу (2, 289); **онаде долу**: Море, дете бре ...али ќе кажиш на ошто се чудиш, али да врлам со остенот и да те сметнам онаде долу? (5, 357); **по ... долу**: Постреде таа планина идел Јордан и влегуал во езерцето, та истечуал по планината долу (4, 72) и др.

ДОЛЧЕ *ср. ѕем.* од д о л; Се прибрал (сиромаио) до турцките гробишта и си седнал до едно долче да си го паси магаренцето (5, 142); ...беше му трештило да бегат (магарето), ништо пред себе не беше гледало, ни долче, ни ритче ни ништо (6, 218); Силјан испрошетал сето поле Прилепцко и извидел секое долче и ритче (2, 154).

ДОМ *м.* (книж.) овде: *црковен (божји) храм;* Ако Господ не согради домот, напразно се трудат ѕидарите (5, 30).

~ Со п р и д а в к а т а **свети**: Еден тунус вес со чалма... саде со срма везана и од коприна...; со тој вез дуовникот шетал по селата кога собирал милостина за свети дом (5, 197).

ДОМА *ж. во својот ѕом;* овде: **дома му**; **дома ти** – *во неѓовиот ѕом; во твојот ѕом;* Комшиите, пријателите и ро-

деите отишле на „добре дошол“ дома му (6, 120); Ај стани – му рекол гускарот (на пашата) – сега и оди дома, да јас ќе дојдам по тебе дома ти за да ти ја видам ќерка ти (5, 126).

ДОМА *прил.* **а**. *во својата куќа; во својот крај;* Си дошол дома ќелешо и си ’и супраила мајка му дрвата (2, 266); Си ’и зел пчелите (татко), си ’и тоарил на петла коња и по ластунка си преишол езерото и си дојде дома (5, 68); Пештерата толку мила је била (на Марија), што секи ден ја бакнуала и се благодарила многу поеќе отколку што се благодарила со сараите што ’и имала коа била дома (4, 194); И со тоа кандисал царот, само ќерка му да му јет дома (2, 210); *со честицата:* дури: Пеки – му рекол змеот – така нека бидит. Отиде кај што знаеше змеот, се тоари со пари и тргна да му ’и носи дури дома на Еѓуптинот (2, 129). **б**. *со предлози:* **за**:... си накупил (чоекот) зајре што му требало, за дома (2, 219); **од**: Ние сме живееле во вашата куќа и во вашето поле, да затоа ти знајме сѐ по име од дома (2, 144); ...пците ватиле да праат по луѓето пакос: на кого лебо од дома му го изеле, на кого месото од грне... (2, 51); Е, кога ми е посладок сомунов со тан-алвава... како да јадам од дома ’ржани леб? (2, 137); Си зедоа (децата) чешелот од мајка си, и огледалото и наплитците од плетенките, и едно утро рано беа избегале од дома (2, 178); **по**: ...го поткрепуале комшиите (момчето) со леб и ...му давале понекоаш по нешто работа по дома: коа дрва да нареди, дрва да пресечи, вода да им залеи... (2, 236); *со глаголите:* **влези**: Као налутен троа, влегол (сиромаио) дома и едно се стокмил да ја кара жената си, гледат: борина немало за палење (3, 259); **врати се**: Ете, така и тебе можи Господ да те порази оти многу се возгорде. Ти треба да се вратиш дома и тамо имат многу сиромаси, болни и неолни (4, 180); Беше си забораил чоекот нешто дома, да беше се вратил дома да си го земи (2, 49); **враќа се**: Враќајќи се дома свекрвата, пак таа назорум виде кај го продаде бесценетио камен и си дојде натпревар дома, без да ’а сети свекрвата (2, 221); **дојди**: ...А, а, јас! – рече пампурџијата. И таа си дојде дома (5, 317); На треќио ден отишол Симеон чаршија на рибни

пазар и си купил една риба, та си дошол дома и седнал да ја чисти сам (4, 42); **зема**: ...бидејќи на голема мака ет (дедо ти), тики ме прати мене да му земам од дома пари (6, 226); **иди**(**т**): ...(брате) нема да клам никакво пиење в уста и готов сум да идам со тебе дома и да ти работам дури сум жив, наместо измеќар (3, 251); (Силјан) два-три дни не си идел во најсилната работа дома (2, 137); Ќе си тргнаа (домаќините) да си ида(т) дома, до што чоек ќе стретеа... (4, 46); **иди ... од**: Идејќи си чоеко од лозје дома, седнал под трем и бидејќи уморен, беше офнал (6, 13); **избега**: Петлето ја беше видело лисицата, та беше спискало по кокошките за да избегаат дома да не 'и ватит кума лиса (2, 18); **има**: ...каква работа ќе бидит тоа, луѓе невидени ни чуени, да му прикажуваат за сѐ што имал дома (2, 145); **најди се** (**веднаш**): Едно вјавнало (момчето), и коњчето летнало и веднаш дома се нашло (2, 254); **носи**(**т**): На сите молби згора што му ји даеше невестата, тој уште поеќе се силеше да ја сакат и ватил сосила да ја тргат за рака дома да ја носит (5, 249); ...ај, ај да му појдам порано кај пилето и да си го ватам, да да си го клаам во еден кавез и да ми носи јајца дома (3, 149); **о**(**д**)**и**: Оов, море чедо... вечер кога ќе си оиш дома, ќе ја познаиш оти не те милуат вистински (4, 240); За тебе чудесија ќе ти кажам ...ој си дома и копај под праго од вратата, ќе најдиш пари за да живеиш со пораат (4, 105); Е, ај скини барем еден кочан од царевкине за да си испечиме коа ќе си ојме дома (5, 351); Од тие зборои на старио брат што му ји рекол на помалио, му влегле во срцето и му дал збор оти ќе си оди со него дома (3, 250); **однеси**: ...како (дрваро) го донесол (лекоитото дрво) во нивниот град, како го видел тој првио чоек и го однесол дома да му покажи оти од тоа дрво тие го гореле (5, 183); Одааде, оданаде, одвај беа го скротиле (синоите татка си) и си го однесле дома (2, 254); Го однесе дома (дуовнико момчето) и му кажа сите измети што ќе му 'и чинеше (4, 61); **отиди**: ...арно туку намавнал со топузот и сите избегале сосе царот. Си го зел сиромајот пилето и си отишол дома (2, 125); Откога му поблагодарил сиромајот, си го зел топузот и си отишол дома (2, 123); **отиди ...**

плачејќи: Кога беше ’и видел искинати опинците (сиромаио), се удрил одземи и си ошол дома плачејќи (3, 267); **патуа за**: ...и си тргна (момчето) да си патуаат за дома (2, 257); **отрча**: ...та ја пласна (лиса) на една страна и отрчал дома да се повали на децата дека ја ватил лисицата (2, 28); **повели**: ...да повелиш (лисо) у мене дома да ти даам десет кокошки, сѐ бендерки (2, 37); ...качи ми се (волче) на самарчето мое, да повели ми дома кај стопана ми за да бидиш нунко (2, 49); **пројди**: Ај дома кога ќе си пројдам, сета работа ќе ја научам (5, 217); **седи**: Ако си јунак, влези, момче, без да ти отворам; ако не си, замини си оти јас таквие момчиња ако ’и сакав, ќе си седев дома и не идев овде да се затворам во оваа кула (3, 47); **скрие**: Се обружал убао (ќелешот) и му ја прескочил планината на царот и му ја зел ќерка му, та си ја скрил дома (2, 116); **сум**: Силјан дошол на амбарче и си го отнал црпчето, та си се потурил и ете ти го чоек, како што си бил дома у себе си при татко и мајка (2, 156); **трешти**: Трештило и детето (од вдојцата) дома, та му кажало на мајка си за тоа нешто оти му ја расцепил глаата на сина му од царот (2, 200).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 58; 2, 237; 2, 247; 2, 255); (3, 241; 3, 243); (4, 115; 4, 137; 4, 240); (5, 90)

ДОМАЗЕТ -и, -ои *м. сопруг што живее во куќата и кај родителите од жената;* Кога го пеа (чорбаџијата писмото), се чуди, се чуди, се чуди и се пречуди како да пиши така, чунки тој пишал за момчето да биди гускар, а не домазет (5, 218); *со глаголите:* **биди(т)**: Си му пошол да му седиш (на невестата ти) и да му бидиш домазет! (2, 75); И брго-брго пратија по момчето да дојдит и да му кажат оти ќе му ја даат ќерка си нему за да му биди домазет (2, 240); ...му дал (царот на воденичарот) еден сарај да седи воденичарот, да бидит домазет (2, 58); **внеси**: Јас неа ќе ти ’а свршам за невеста, и ќе те внесам во незината куќа домазет, сосе татка ти и мајка ти (4, 125); **држи за**: ...ако не је чинел кабул, ќе си го држи син му за домазет и не било чаре да го остаи (5, 135); **задржи како за**: Задржи си го (царе, зетот) овде како за домазет, за да си ја гледаш и ќерка ти барем со очи (2, 58); **земи за**: ...кога виде

царот тоа чудо, немаше веќе што да стори, му ја даде ќерка си и го зеде за домазет (црпчето) (2, 169); **има**: О синко, бездруго ќе ти ја даам и домазет ќе те имам, само да ја најдиш ќерка ми (3, 58); **праи**: Го запрашал анџијата (сиромаио) за да го праит домазет при богатио (5, 121); **стани**: Едно земање абер татко му и мајка му оти станал домазет при најпрвио богат и му отишле (5, 219); **стори**: Кога виде царо тоа чудо, не беше му останало друго, од колку да го венча момчето и да го стори домазет (2, 251); Пеки, екимбаши, така нека биди – му рекол царот – и ако ја излекуаш ќерка ми, да знаиш оти ќе ти ја даам за невеста и ќе те сторам домазет (3, 302); **сум**: На тоа згора не остана збор за мене, чунки и домазет сум, да бегам – кај да одам, стоката е незина (5, 266); *во е9нинска членувана форма:* **домазетот**: Пошле во една куќа, питачот питал и сакал, а домазетот беше си посакал леб (5, 179–180); На питачот му се смачило за домазетот дека само си седел дома и тој му носел на готоо да јади (5, 179); *во множински форми:* **домазети**: ...кога ’и женив браќа ти, ’и пратив сите домазети, та си останав јас сама (2, 192); **домазетоите**: Ето ти сега, момче, за домазетоите овој му ет поминот, да суди кој ет поцрн: али јас, али ти (2, 76).

~ Со и м е н к и т е: **маж**: Беше го бендисала цареа ќерка, та беше го зела за маж - домазет (4, 251); **момче**: Еден питач си зел едно момче домазет за ќерка си (5, 179).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Оди (бре, Цане), ама неќум да ја отепаш ламјата, ами жива да ми ја ватиш ...да после ќе те сторам еден домазет (2, 134); Е, кога така (момче), ај да ми бидиш еден домазет, да ти ја даам ќерка ми за невеста (5, 140).

ДОМАЗЕТЛЂК *м. сшашус на 9омазеш;* ...посака сватот да му го прости сина си од домазетлѓкот и да му го пуштит сосе ќерка му да си ’и однесит во своето царство (5, 141).

ДОМАЗЕТЧЕ *ср. хип.* од д о м а з е т; Дејди момче домазетче, сега брго оженето, ти немаш прао да ми речиш: „скрши си глаата“... (2, 75)

ДОМАРОДЕН -дна *прид. домороден;* овде: *што не е купен, ами е од сопствено производство*“*;* Ете вака треба чевлите да се чинат мукает; ако ја носам до аџилăк, треба парчиња да се сторат, ја за појас нема да се скинат, а пак нозете и да се скинат, ми се домародни (6, 90).

ДОМАЌИН -и *м.* **1**. *стопан на куќа(та); маж (за жената);* Мори убаа невесто, дај ми за Бога едно парче леб, да си ми жива и да ми ти је жив домаќин – му рекла бабата (6, 46); *во членувана форма:* **домаќинов**: Како је Господ, домаќинко, не је никој – му рекол врабецо, белки ќе ме пожалат домаќинов на лозјево и не ќе ни го расипит (седелото) (2, 78); **домаќино(т)**: Вака пустата домаќина му кажуала и се смеала, ама одоколу му кажуала за некако сам да се сетит домаќино. Се сетил до некаде сам, ама пак салам не (6, 228); Откога му дал (ѓаолот) едно добровечер, изваил од торбата една рака алтани и му ’и дал на домаќинот (4, 243); Кога видел домаќино утрото пердуите и од кокошките, му текнало оти некоја лисица му изела кокошките (2, 27); *во форма за обраќање:* **домаќине**: Ууу, домаќине, домаќине – и се наведила да го целува во образ и му шепнала в уо: – Еден за мене, еден за тебе, треќио за татка! (5, 300); Трпение, домаќине, спасение – му рекла (жената му) (4, 164); Ах, мили ми домаќине, лели маката била за мостот да застанит, јас да умрам во темелов, ако умрам вие да останите живи (5, 232); На душа да ме имаш, домаќине, ...да ме натераш сосила да прогоорам пред трите години и да преступам заповеста од мајка! (2, 190); Не знам, ами од кај ќе знам, домаќине, коа не си ми кажал (3, 50); *со показните заменки:* **ти**: Ај ти, домаќине, ич те остаам да ’а колиш и да јадиш од таа проклета кокошка (3, 237); **тој**: Утрото на одење (момчето) беше му ја остаил чашата у тој домаќин, без да видат некој (4, 103); *со извик пред себеси:* **бре**: Ја појди во бавчана, бре домаќине, да ’и видиш оти сите дрвца ’и искорнала сестра ти и ’и искршила! (2, 161); **еда**: Дуу, еда домаќине, види што ме направи саде брашно во салтамарката? (5, 179); **ај**: Ај домаќине, ете ни го татко што нѐ затвори во бочвата и нѐ врли во морето да се удаиме, мисли сега што

да му напраиме (2, 270); Ај домаќине, види кравајчето му го дал чоеко на децата идејќи од даскал (3, 227); **море**: Ејди, море домаќине... куќата наша појде, еве го стопанот од лозјето дојде за да го одгрибуат лозјето (2, 78); *со зам. придавки:* **мој**: Боже, Боженце, сполај ти тебе! Да што му го зеде на мојо домаќин умот! (5, 314); **незин**: Змијата му кажала (на старио) оти домаќин је незин голтнал еден елен, да му останале рогоите надвор (3, 78); **сам**: Барал (момчето) куќа овде-онде и нашол, та си седнал сам домаќин (3, 278); *со прилог:* **како**: Така велејќи волкот, си се отурдисал и се сторил како домаќин, а лисицата домаќинка (2, 202); *во мн. форма:* **домаќини**: Приближало времето за да се готват за вамо да идат (штркоите), пратил пратеници Аџи Кљак-кљак по сите домаќини (2, 147); Жената му го мачела и му зборуала оти да не е вреден да ја гледа куќата, као друзи домаќини што ја гледале (4, 81).

2. *чесен, вреден човек;* Дарои и марои, свет и земја фати (мажу) ако сакаш, ама домаќин да бидиш и куќата да ја гледаш (4, 82); Белки и тој сакал да работи и домаќин да биди, да не го бреца жената му (3, 314); *во мн.* **домаќини**: Ај сеа, елате по мене да ве научам (Адаме и ти, баба Ево) да си напраите куќа за да си седите под сенка да не ве гори сонцето и да станите домаќини (4, 18).

3. **домаќини** – *мажот и жената на куќата;* Откоа легнале домаќините, станал сиромаиот и зел едно теле што лежало до вратата од одајата (5, 205).

~ Со п р и д а в к и т е: **арен**: (Момчето) се арнисал од сите тие напрежни лошотии: се сторил чесен и најарен домаќин (4, 218); **верен**: ...ѓаолот печалил да му запустит куќата на еден верен домаќин и домаќинка, чунки ѓаолот многу му завидуаше на љубовта (4, 243); **добар** и **добăр**; Се препраил ѓаолот на една стара баба и зел една торба со алтани, та му пошол една вечер кај тој добар домаќин (4, 243); Да што ќе запустеше (сиромаио) еден добар домаќин, тој нека скрши глава по ѓаола (4, 135); Слушај, мило чедо мое – му рекол татко му на сино – еве јас умирам и на местото мое те остаам, да бидиш добар домаќин и чесен син (3, 118); **жив**: ...ноќвите је

се наполниле (на вдојцата); амбарите со жито, бочвите со вино и ракија и сите добрини што ’и имале кога бил жив домаќино (4, 157); **мили**: Ов, мој мили домаќине, немој не забаај ме, ти се молам, оти да не ми се разбудит малечкиот ми Милоше, за да ми плачит за да ми цицат боска (5, 12); Ами заошто, мили мој домаќине (ќе ме земеше на душа)? Што кабает ти сторив? Кажи ми, жити мене! (6, 49); **набожен**: При сѐ што не можел сатаната да ’и излости набожните домаќини, пак постојанствувал и секи ден и ноќ му одел во куќата на тие набожни домаќини, да ’и лости (4, 285); **пијан**: Што си дошол ти, бре свиња – му свикал пијанио домаќин – во мојава куќа? (6, 202); **приказан**: Тјуф, што домаќин беше приказан, глеат завали како се мераклајса, тики натемаго ѓаол на ошто го натерал (4, 227); **пуст**: Сироти врапчиња туку се ребрат да не стани пустио домаќин да го огрибат лозјето (2, 78); **сиромав**: ...куќата што ја запалив од сиромајот домаќин – ќе си најдит во темелите пари и ќе се обогатит (4, 104); **совршен**: Е, бре браќа, му рекол помалио брат, сега веќе ние се сторивме совршени домаќини и требно е да се жениме (2, 254); **цел**: Ете како се свршило пустото наречуање од наречниците... та си го избакнала и си го оженила (мајката детето), та је се стори цел домаќин на куќата (3, 200); Му дала (чорбаџиката на момчето) клучеите од маазите, од сандаците и го сториле цел домаќин (5, 216); **чесен**: Вид. кај арен.

~ Со б р о ј н а т а и м е н к а **двајца**: Ете, двајца домаќини тука сте, да сте ми живи и да ви се живи домаќинките и што ви дал Господ (6, 47).

ДОМАЌИНКА -и *ж.* **1**. *жената од домаќинот;* Н***а*** држи ја, пријателе, ќерка ми, оти таа ќе ти бидит за домаќинка (4, 223); Имам домаќинка и неколку дробни дечиња, та не можам со леб барем да ’и преранам (4, 78); *со зам. и др. придавки:* **друга**: Со таа змија куртулисал зетот од лошата жена и се обогатил едночудо, та се преженил и си зел една друга домаќинка, како што рекол Господ (2, 215); **некоја**: И на момчето беше му се заарнило, чунки лисицата го муабетисуаше и му супрааше куќата како некоја домаќинка (2, 201); *во форма за*

обраќање: **домаќинко**: Не е чаре, домаќинко, да се женам за друга – је велев – чунки сум те зел тебе јас на севда, асли и така беше, ја (5, 265); Мори, што вака, домаќинко – је рекол – што тебдил нешто гледам куќиве? (3, 195); Како је Господ, домаќинко, не је никој – му рекол врабецо, белки ќе ме пожалат домаќинов на лозјево и не ќе ни го расипит (седелото) (2, 78); ...ама за пустово пијанство што го ватил (син ми) немам надеж да го остаит ...Ете, вака да знаиш, домаќинко (5, 290); *со именката:* **жено**: Жено, домаќинко моја, кај си кинисала со тој чоек? Ја тргај пред магаре да си ојме дома да не ти слезам (5, 93); Мори жено, моја домаќинко... да се крпиме и да преживеиме на овој лажовен век (6, 18); *во членувана форма:* **домаќинката**: Одејќи по маало (старецо), приквечер, влегол во една порта у еден многу богат чоек, и застанал до трем и му се помолил на домаќинката (4, 155); *во множинска форма:* **домаќинки(те)**: За да се рани таа и детето и да крепи куќата, како сите домаќинки, немало друго чаре отколку (вдоицата) да работи, сирота, туѓа работа и да се рани таа сосе детето незино (4, 149); Ете, двајца домаќини тука сте, да сте ми живи и да ви се живи домаќинките и што ви дал Господ (6, 47); ...од голема завис што имале (комшиите), му изваиле една ивтирија (на двајцата браќа), ѓоа пошле дома му и му бесчестиле домаќинките и пошле на суд (5, 278).

2. *чесна, вредна жена;* Дење, ноќе, (мажот) сешто ја учел за да ја остаи мрзата и да биди домаќинка, како што биле сите жени и домаќинки (6, 15); И така си се сторила жената од ќотекот домаќинка (6, 17); Од кај сврши (комши) невеста? Домаќинка ет некоја навидум? Али некоја расплетена? (5, 193); Кога чуја тие зборои жените од царот, си наведоа глаите и си отидоа по дома да си бидат домаќинки (5, 8).

3. **домаќин и домаќинка** – *маж и жена;* За многу време ѓаолот печалил да му запустит куќата на еден верен домаќин и домаќинка, чунки ѓаолот многу му завидуаше на љубовта што ја имаа (4, 243); Со тој надеж ѓаолот ја остајл (жената) во куќата своја, со надеж да живејт како домаќин и домаќинка... (4, 277).

~ Со п р и д а в к и т е: **баш**: Не ет расплетена, оче свети – му рече комшијата – туку баш-домаќинка (5, 193); **векоита**: Вид. кај здрава; **верна**: Речи сега (домаќине), да си ми жив и здрав и век со мене, верна домаќинка, си ќердосал? (6, 49); ...и откоа каснала (девојката) неколку залази, го ватила за рака (сина му од царот) и му се таксала да му биди верна домаќинка за векутуму века (2, 174); **жива**: Бог да прости, брате, Бог да прости, да ми ти је жива домаќинката! (6, 48); **здрава**: Така је, домаќинко, да ми си жива и здрава и векоита! (6, 45); **мила**: Ов, мила моја домаќинко, зер јас неќум, туку ѓаолските самовили не ме пуштаат. Ако не појдам еден ден, ќе ме умртват (2, 131); Ја не вјасај, моја мила домаќинко, да си одиш дома, ја влези во пустион темел да го видиш оти не се праит олкуа години кај го прајме (5, 232); Слушај вамо, моја мила домаќинко, едно ќе го пеиш писмово што ти го праќам со ова момче, умно и разумно, од најбогатата фамилија од овој град (5, 216); ...ах, мое мило синче Велко и ти моја мила сестро! и ти, моја мила домаќинко! (2, 141); **првна**: Море арно, братко... ме каните да се преженам, туку дали ќе погодам како првната домаќинка што ја имав? (5, 340); **пуста**: Ами јас сиромав, со мојата пуста домаќинка ката година неси јајца, квачи, пусти, штури (2, 95); **цела**: ...како што ќе речела таа (лисицата), така ќе било – цела домаќинка на таа планинцка куќа и на тие sверски цареи (2, 204); ...оти да ме неќи никое момче да ме земи за невеста, при сѐ што сум многу работна, во куќа цела домаќинка (2, 231).

ДОМАЌИНСКИ (и **домаќинцки**) *прид. што се однесува на домаќин и домаќинка, на чесна, видна куќа;* Остај се (бре чедо) од тие лоши другари што не сет домаќинцка челад (2, 137); Тие зборои што ми ’и велиш, пријателе – му рекол јабанџијата – не се домаќинцки и еснафски (6, 84); Кога видоа мезличот тој маривет од царо, ...тогај дури беа поверуале оти жените не се што да држат скришни царцки и домаќинцки работи (5, 8); Ја гледат дуовникот (жената) во алиштата испроменета со домаќинцки алишта (5, 47).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Ѓаолот ни орат ни копат, ами

куќи домаќински расипуат (4, 233); ...две очи домаќински поеќе чинат од многу раце измеќарски (4, 244).

~ Со именките: **алишта** (5, 47); **куќа** (4, 233); **око** (4, 244); **постела** (2, 149); **работа** (5, 8); **челад** (2, 137).

ДОМАЌИНСКИ *прил. на начин што му е својствен на (добар) домаќин;* Еден сиромав чоек си имал една разумна жена што му ја крепеше честа... пријатели да пречека... и да 'и испратит пак со чес, домаќински како што треба (6, 29).

ДОМАЌИНЦКИ *прид.* Вид. **домаќински**.

ДОМАЧИ СЕ *гл. свр. потруди се, мачејќи се;* Што се домачивте, бре браќа, и дојдовте при мене? (4, 136); Што си се домачил денеска, бре синко? Што има што нема кај село, ја кажи ми нешто? (5, 25); Мошне арно, честити царев син... си сторил што си се домачил до овдеа и да се видиме двата (5, 134).

ДОМАЧКА *гл. свр. измачка докрај, сврши со мачкање(то);* Го прегледало момчето (кадијата) ѓоа како што прегледуаат еќимите и го нашол да је тепан, ама со збор: дури ќе го мачка со билки, ...никој да не влегуа при него дури не го домачка еќимо (5, 202).

ДОМАШЕН – шна *прид.* **1**. *што се однесува на сопствената куќа, на семејството;* А мене ми се собираат две по две и ќе ми се сторат четири, та ќе си купам едно сомунче помеко за да јадам, оти си немам заби да јадам домашен леб (6, 47); Измеќарката беше забораила да оди да го земи кравајчето од вурна, чунки беше се залисала во домашна работа (3, 74).

2. *(за стока, животни) што се одгледува дома;* Арно ви вели господаров (невести) ...немојте да 'и продавате децата, чунки пари тој еве ви даде и стоката домашна што ќе ја продаите да даите на судот рушвет (5, 280).

3. *во служба на именка:* домашните – *членовите на семејството (што живеат заедно);* Коа виделе и чуле сопрво децата што играле стретсело, се натрчале по дома и му рас-

кажале на домашните (2, 50); Се качил Смиле и ’и нашол (преденото со сета игла везарка) и ’и донесол пред сите селани да ’и видат и да поверуаат. Кога ’и видоа домашните, на големо чудо беше станале (2, 160); Откоа си поплакал Силјан на куќа на деветти марта за домашните, кога ’и гледал и не можел за со нив да зборуа, на жалта згора си летнал од куќа (2, 149); ...рано било и малку времето расипано со дож и лапајца, била уште баба марта, та домашните си седеле крај огон и си се греале (2, 156).

~ Во п о с л о в и ц а т а: ...домашнио есап не излегуал чаршија! (5, 142)

~ Со и м е н к и т е: **есап** (5, 142; 5, 218); **леб** (6, 47); **работа** (3, 74); **стока** (5, 280).

ДОМЕСИ *гл. свр. довврши со месењето;* овде: *со месење потроши;* Брашното ...вчера го домесив (домаќине) ... , да арно ми текна утре да купиш брашно (5, 179).

ДОМОЛИ СЕ *гл. свр. свврши со молењето;* Молејќи се од сѐ срце скржаио чорбаџија на Бога, му се отворило срцето за да не ’и жала парите и откоа се домолил, кренал очите на небеси (4, 201).

ДОМОЛУА СЕ *гл. несвр.* од д о м о л и с е; Му се здодеало веќе на клисаро да ја чека да се домолуа (баба Стојна) и да ја затвара црквата (6, 26).

ДОНА- *преф.*

ДОНАЈАДИ СЕ *гл. свр.* **донајаде се** – *најаде се докрај;* ...си наполнил (будалата...) од дома леб пазуите и џебоите ...за тамо да се донајади, ако остани нешто недонајаден (6, 5).

ДОНАУЧИ *гл. свр. научи докрај;* Ами коа ќе дојде време да се мажат ..како ќе привтасаат пусти мајки и татковци да ’и поучуаат и да донаучат ќерки си, да бидат домаќинки? (5, 268)

ДОНЕГДЕ *прил. до некое место, точка, граница, мера, степен; донекаде;* Плачејќи и одејќи донегде (сирото де-

војче), му се моли на Бога да ’а стори еден гулаб, та да си летни в планина (2, 162); *со глаголите:* **качуа**: (Царцкио син) му се молил (на сиромаио) да го качи на коњ за да го однеси при царо ...качуајќи го донегде беше умрел и премислил да го остаи да не му речат тој го отепал (5, 256); **клаи**: Тоа поучение од невестата си младото и будалата момче беше го клало во умот донегде, оти било страмота кај дедо да јади многу од нивнио леб (6, 5); **носи**: Сопрво му се виде тежок, а после му олеснало едночудо и, носејќи го донегде, го виделе кауѓерите од манастир егумено кај го носи Риста во голема сила огнена (4, 206); **оди**: ...откоа му поблагодарил на Бога (чоеко), си тргнал за дома и донегде оделе со Бога, а од негде Господ си летнал на небеси и невиден бис се стори (3, 181); Мрзлив бидејќи ќелешо, го остаил магарето на свој ќеф да оди, одело донегде, му ’и претоарило (дрвата) (2, 265); **поразоди**; Пеки, убаа девојко ...асли и јас така сакам; ем ако сакаш, н облечи ’и горниве алишта, обружај се арно и јавни го коњов, та поразоди се донегде, да те видам дали ти прилега (3, 171); **стани**: ...дошле во еден збор да одат на туѓина во царцкио град, да ватат некоа работа, та да поседат некое време и можи да спечалат поеќе пари и да станат донегде богати (3, 286).

ДОНЕКАДЕ *прил. до некое место, точка, граница, степен, мера; донеѓде.* **а**. *со придавките:* **весел**: ...си ошол дома (сиромаио), донекаде весел, чунки се надеал оти ќе печалит од јајцата од црното коковче (3, 273); **итăр**: Е, неќум лаф де, сум донекаде итăр, види со лагата ги уплашив селаните што за многу години да не им текни да дојдат во коријата (6, 202); **итричок**: Донекаде домаќино бил итричок и си рекол со умот: “Ја, чекај да кројам еден ќуљав на попот, да видам што ќе речит.“ (6, 157); **радосен**: Си тргна и си дошол дома, донекаде радосен арно ама радоста му трајала до некој саат, чунки имаше четири-пет деца, та едно сакало папо, друго кака, треќото мака, четвртото му се спиело и друзи детинцки сакачки (2, 212); **спокоен**: Откоа ислуша тие зборои чоекот од ашкетијата, му бакна рака и си отишол дома спокоен донекаде (5, 39); **убав**: Ех, убав е донекаде – му рекле селаните (на

свети Илија) – ама ние као што знаиме да го работиме, ако ни врни навреме, сто илјади пати би бил бериќето поарен (4, 138). **б**. *со ѓлаѓолиѿе:* **бидуа**: Шака, шака, ама донекаде бидуа шака, однекаде не бидуа, оти излегуа наопаку (3, 218); **колни**: ...донекаде си колната (змијо) и од Бога за секој што да те види, да се плаши и да вика со повик по тебе (2, 64); **мисли**: Еќимбаша, еќимбаша, донекаде мислам да немате прао, што се потсмеате со мене и ме праите на болен (5, 338); **одбери**: Донекаде сум одбрал и сум бендисал едно девојче од виљан комшија – му рекол синот (2, 220); **оди**: Оделе донекаде в море, и се кренале големи талази (бура голема), та ја затерала гемијата без пат (5, 220); **ослободи се**: Откоа беа се ослободиле донекаде, влегле во пештерата и откоа беа поодиле подземи, туку беше се јавиле едни сараи (3, 101); **отрча**: Таа викај така, тој треси снег дури му втаса, и отрчал мажот донекаде, та ја донесол кошулата (6, 37); **помини**: Првата беља од негоата снага, што роди со смрдеата страшна болес и умирачка, беше поминала донекаде (5, 288); **пооди**: Пооде донекаде сиромаио и не го дотраја срце, дал вик по старио и го повратил назад (4, 166); **поразоди се**: Асли тоа го бараше таа и на часо беше се променила и се вкачила на коњ, се поразодила донекаде и пак се вратила (3, 171); **прошета**: Откоа прошетаа донекаде полето, се вратија дома да си одат (5, 352); **увери се**: Откоа ’и ислушал св. Илија селаните и се уверил донекаде, му се таксал да го моли Бога за да му го праи времето секому као што ќе му е потребно (4, 139); Слушајќи тоа нешто неблагодарнио чоек, се увери донекаде, арно ама му се сакаше да живеит без да му иде некоја беља (5, 264); **угоди**: Еле, донекаде пустата жена ѓоа му угодила (на мажа си) и го клала саано на софра. Скршил од лебо и макнал во манџата (5, 345).

ДОНЕСИ(Т) *ѓл. свр.* **донесе** – **1**. *со носење ѳоставі, ѳаѳе нешѿо*. **а**. *ѿреѳмеѿ;* Му потребало на некого песок да си донеси од река, од нас ќе земи некој и ќе нѐ тоари (2, 70); ’И посакал (чоеко) трите магарења да си донесел троа бела земја (6, 71); Ај, лели бакшиш ќе ни донесите, ај со здравје да ој-

те и со здравје да си дојте! (2, 7); Дал (момчето) вик по бањаџијата да дојди при него да му даит трите грошеи и да му донеси алиштата (5, 133); *со прилозите:* **дома**: ...си го зело (момчето) камчето и му го продало на тргоецо, та си зело лирите и си ја донесло дома, та и ја дало на невестата си (2, 222); **овде**: Оди, мори алајко, кај роданџиичето и речи му нека го донеси (родано) овде и нека ме види за да ми го даит (3, 42); Стани ти (синко) сега да појдиш во виројте и да наполниш еден котел вода и да ми го донесиш овде, да после ќе ти даам изим да се жениш (2, 220); *гл. прид. негирана:* **недонесен**: Уште недонесени стапоите и валаката, легнал тамавќаро и сам си ја кренал нозете наугоре и готов за да го тепаат (5, 159). **б**. *(за некои апстрактни именки) доведе во некаква положба;* Ете пуста злоба до крај 'и донесе, што не можит да ќердосаат сите тројца арам пари (5, 371); Никој не ми рече, пријателе, да кинам (сливи), ами маката ме донесла овде што скинав (2, 280). **в**. *зло, беља и сл., направи, предизвика; причини;* Н, бабо, чевлите, земи си 'и од драгов и те молам не приближуј се до мене, оти си била тристапати поѓаол од мене, да да не нешто зло ми донесиш! (4, 235); Гледај, синко, и праи, само да не ми донесиш некоја беља (3, 56). **г**. *направи да се појави, да настане нешто;* Е, лели живите ќе бидат наши – му рекла Ева (на Адама) – умрените нека се негои, само виделина нека ни донеси, да удри му прсто и ич не бој се! (4, 14); ...сите веруале оти твоето грачење зима ќе донесит (2, 75); Ов, море ѓаоле, ов, море брате – му рекол Адам – ако ни се најдиш на овој саат и да ни донесиш бело видело, нема никојпат да те заборааиме (4, 14); Дојдоа трите години, азното се сврши и нито едно камче не беше се донесло на местото (4, 160). **д**. *во пасивна употреба;* Се ставила софрата, ...се донесле турли-бе-турли манџи (2, 270); ...го кладе царо (малио зет) од десната страна до него, а пак двата баџанаци 'и кладе кај децата за честа да му се донеси наместо на помалио зет (2, 294).

2. *доведе некого од едно место на друго;* На стотина чекори го втасала (цареа ќерка еленот треќак) и го ватила за

рогои, та си го донесла пак на местото (3, 214); Мори бабо, јас ќе ја надбодињам (цареа ќерка) и ќе ја земам, туку дали ќе ми ја дексаш да ја донесам у тебе, оти ако не ми ја даваат, јас ќе ја грабам (3, 56); Ќе појдиме кај царот и ќе му ја грабиме ќерка му, та ќе му ја донесиме на момчево (2, 205); *со прилозите:* **до овде**: Молим те, ангеле, пушти н да си влезиме во рај и така си нѐ донесол до овде! (4, 50); **дома**: Ја најдоа жива, децата живи, раката е дошла, оздравена. Ја донесоа дома и тогај кажа невестата (5, 321); **доовде**: Зашто (мајко) Костадин ме донесе доовде и ми рече: збогум сестро, оти ќе одам кај браќа ми од град надвор (2, 192); **овде**: Ја чекај јас да ја излажам и да ја донесам овде, та неа да ја врлам во бунаров и јас да куртулисам и да не мачи веќе друг маж, како што ме мачи мене (2, 212); Јас како праам – праам, со арно, со лошо, јас ќе ти ја донесам овде (цареа ќерка, момче) (2, 205); Неќум ти пари, брате, лели те донесе Госпо при мене ...да се видиме и да ме видиш пијан, паднат во калта, за да ме донесиш овде и да ме промениш (3, 251); Отишол ѓаолот да го видит апсаана што праит: – О, о, овде, побратиме, те донесле? – му рекол усмевнато (4, 236); **тамо**: По малце време прати по братучедите си и ’и донесе тамо, та ’и клае и нив да бида(т) големци и си царуеле кој знаи до кога (2, 279); *гл. прид.* **донесен**: ...се подбиле шега на момчето дека му родила невестата му дете донесено од татка је и откај мајка је (6, 9); Едно влегол во сарајо Кăсметлијата и коа гледа – четириесе вешала напраени за луѓе бесење и луѓето сите беа донесени во дворо (3, 301); И што сет овие луѓе донесени со опаку рацете врзани? (3, 302)

3. **а**. *доставі како печалба, подарок и сл.;* Со Господ напред, сега брго ќе си дојме и броеници на сите бакшиш ќе ви донесеме! (2, 7); Повели, дедо, напи се ракија и огреј се, да сега ќе си дојди мајка од работа и ќе донесит леб и манџа да си вечераме – му рекло момчето многу радосно (4, 156); Думаа, есапија како да напраат, без пари да напраат еден тежок ручек. Ти беа скроиле еднио една риба да донесит, другио масло, а треќио леб (6, 61); *со прилогот:* уште еднаш: Немој-

те, синчиња, не тепајте се за една лубеница, ами секој земете по една, оти ако се тепате, и ве види татко ви, уште еднаш не ќе ви донеси (3, 133). **б**. *набави;* Оди кај сакаш, да си бараш чарето да ми донесиш во куќава сѐ што треба (4, 82).

4. *соопшти нешто ново (абер, глас);* Му се нажалило на свети Илија и му се таксал да му сака на Бога едно магаренце (за сиромајот). За утрото на тоа време пат тука да се најдат за абер да му донесит, беа се созборуале (4, 147); *со прилогот:* брго: (Зајакот) бил поштарџија, и кај што имале некоја ихтиза, го пуштале за абер брго да однесит и да донесит (2, 205).

5. *(за саат) уреди, навие;* Блаосојниче кауѓере, ти се мачиш да 'и донесиш саатите да дојдат на еден карар, да бијат токмо на дванаесе (5, 41); ...не биеле сите (саати) во една декика... кој по петнаесе декики понапре, кој по десет; аслиќељам ни еден со еден не можел да 'и донесе да дојдат на една декика (5, 40).

~ Во и з р а з и т е: **ве донесе кăсметот** – *дојдовте баш кога треба;* Немајте гајле, лели ве донесе кăсметот под мојата рака, само ако ме слушате мене што ќе ви велам, цареи ќе бидете на земјава (4, 14); **го донесе на вешало** (**весило**) – *го обеси;* Тие опинци сет, пријателе, што ми 'и купуаше ти, и сите 'и искинав, дури да те донесам на вешало и душата да ти ја земам за во вечна, под казано да ти ја клаам за да спотињаш огно да врие казано (4, 273); ...јас затоа стоам над тебе за побрго да ти ја клаам јамката, чунки нашата работа (ѓаолската) јет сѐ за пакос да му праиме на луѓето и на вешало да 'и донесиме, а не добрина да му праиме (4, 218); Дури не 'и искинал ѓаолот опинците, да откоа ќе 'и искинит, ќе те донесит на вешало! (4, 217); Како, како да те куртулисам? Два тоара опинци искинавме со другарите дури да те донесам на вешалово, а пак ти сакаш да те куртулисам! (4, 284); Тие опинци 'и искинав, побратиме, дури те донесов за на весило да висиш (4, 237); **го донесле разгоорот до препирање** – *почнале да се препираат;* ...паднале на разгоор змијата и чкрапјата (скорпијата) и го донесле разгоорот до препирање (2, 62); **го донесло**

редот; **’и донесол редот** – *ред било;* Татко му на момчето, така го донесло редот, та пошол и на туѓина (3, 54); ’И донесол редот двете, Богородица и Елисавета, да се стават и да се видат (4, 40–41); **го донесол патот** – *требало да помине (таму);* Го донесол патот ќесеџијата да помини пред чешмата и се вратил да се напие вода (3, 62); **да ’и донеси сите на еден ум** – *да биат сите сложни;* ...видел (царо) оти не можи да ’и донеси сите луѓе на еден ум: да се милуат као браќа (5, 40); **да му го донесам умо**; **умо да му го донесам** – *да го опаметам;* Ја остај се, стопанине – му рекло коњчето – да не те убие овој улав коњ, дури да му го донесам јас умо (2, 259); Али уште, бре пес, не ти дојде умот? Ја истај се, бре стопанине, оттука за умо да му го донесам (на коњчето) (2, 259); **дали ќе ме донесе Господ** – *дали ќе дојдам;* Ах село златно, ах, град Прилеп златен, дали ќе ме донесит Господ уште еднаш тамо! (2, 141); **ја донесле работата** – *уредиле;* Карајќи се така, Бугарино и Грко ја донесле работата дури до кадија да се судат (6, 148); Дале, зеле зборој св. Илија со царо и ја донесле работата: за три дни цар да биди св. Илија за да му ја умири царштината (4, 145); **ја донесле работата до ќотек** – *почнале да се препаат;* Тој не му веруал на жената си и почнале да се препираат вечерта, што ја донесле работата до ќотек и је удрил неколку тупаници в тил на жената си (6, 24); **кај ми го донесе Господ**; **како те донесе Господ** – *што среќа сум имал!;* Кај ми го донесе Господ ова момче да ме одмени од тешката супраа на куќата! (2, 135); Оф, бре момче, како те донесе Господ во нашава куќа! (2, 172); Уу, нунко, нунко, како те донесе Господ на овој саат? Те молам, нунко, ако не ми остружиш зелјево ...чунки ти се тебе почисти рацете од мојве (6, 42); **му го донесла зборо** – *го навела разговорот на определена тема;* Дојдуајќи орело вечерта, му го донесла зборо со одоколу, та му рекла: – Љубезни мој домаќине, еве биде кăсмето ние да се ќердосаме и да живеиме. Ќе те молам ако сакаш кажи ми до колку години ќе живеиш и кај ти стои душата? (3, 88); **резилак му донесе** – *го посрами;* Иљада алтани да му сакаш, и тој ќе ти даит, да после ти саде сеир да гледаш што резилак ќе

му донесам нему јас (4, 253); **санким ќе ти донесат теле од гоеда** – *зар ќе ѿе наѓраѳаѿ?;* Ти туку ’и честиш (другарите твој и мој), туку им помагаш, санким ќе ти донесат теле од гоеда (4, 241); **нѐ донесе друмо** – *сѿиѓнавме;* ...се разделивме со брата ми кај што нѐ донесе друмо на два друма (3, 155–156); **те донесе Госпо** – *ѳојѳе во ѿраво време;* Бабо, арно шо те донесе Госпо, да ни седиш овде, како наместо мајка да ни бидиш (3, 50); **те донесол патот** – *си ѿаѿувал ѿокму ваму;* Идејќим за вамо, поминав покрај твојата куќа, Спасе. – Те донесол патот, да затоа си поминал (4, 251); **ќе го донесе за ортома** – *ќе ѓо обеси;* ...за брго време ќе го донесам за ортома него (4, 283); **ќе ми донесиш некој страм**; **страм ми донесе** – *ќе ме ѿосрамиш; ме ѿосрами;* Ајде, бегај оттука, мори несреќна ќерко, не додевај ми, оти ќе ми донесиш некој страм со тој пусти маж твој! (2, 290); А, бре бавчанџи, што е овој страм ти што ми донесе на царицата и мене? (5, 49)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 16; 2, 19; 2, 20; 2, 21; 2, 26; 2, 56; 2, 57; 2, 60; 2, 61; 2, 63; 2, 65; 2, 75; 2, 82; 2, 127; 2, 134; 2, 141; 2, 144; 2, 149; 2, 192; 2, 199; 2, 204–205; 2, 211–212; 2, 222; 2, 249; 2, 250; 2, 263; 2, 279; 2, 291; 2, 293; 2, 295); (3, 30; 3, 38; 3, 42; 3, 49; 3, 56; 3, 91; 3, 196; 3, 234; 3, 251; 3, 301; 3, 302); (4, 14; 4, 40; 4, 50; 4, 145; 4, 156; 4, 178; 4, 195; 4, 216; 4, 217; 4, 218; 4, 236; 4, 237; 4, 248; 4, 253; 4, 279; 4, 283; 4, 284); (5, 31; 5, 81; 5, 91; 5, 96; 5, 133; 5, 143; 5, 159; 5, 178; 5, 190; 5, 256; 5, 321; 5, 329); (6, 9; 6, 35; 6, 42; 6, 61; 6, 87; 6, 88; 6, 132; 6, 210; 6, 214) и др.

ДОНЕСУА *ѓл. несвр.* **донесува** од д о н е с и (т). **1**. Вид. д о н е с и (т) 1. а; ...јадење на сестра си ноќта му донесуало, да си јади и да си живеи (2, 181); ...зер не си ’и донесол тие (пари) што ’и зеде од камарата, како понапред што ’и земаше и ’и донесуаше (5, 83); *ѓл. ѿрил.* донесуајќи: Донесуајќи млекото двата зетои на царот, му туриле во очите и наместо да му оздраваат, уште поеќе го болеле (2, 290).

2. Вид. д о н е с и (т) 3. а; И дури ќе бидам жив, ката еден ден по еден бакшиш ќе ти донесуам (3, 121); Што му било гајле (на момчето), кăсметот му работел, ...само со петте стотини што му ’и донесуал ката утро под перница... (3, 278).

ДООВДЕ *прил.* **довде, довдека**; *до ова место, граница, точка; до овој степен, мера; со глаголите:* беше: А, бре судијо – му рече момчето – доовде беше нашата пријателштина, ами барем пресуди ме и после губи ме, без да ми ватиш нешто лошо в рака, ич бидуат да ме обесиш? (5, 57); би: Бре аман, нунко – му вели кумо – доовде би кумстото наше? Мене најде да ме умриш и да ми земаш душата? (4, 88); дојдит: (Богатио) преесапил да пројди кај сонцето да се жали и ало да си кажи заошто доовде да дојдит, при сѐ што терал правина (2, 230); донеси: Зашто (мајко) Костадин ме донесе доовде и ми рече: збогум сестро, оти ќе одам кај браќа ми од град надвор, тамо со татка биле и него чекале (2, 129); кајдисуа: Бре аман, овчарко, дали за вака ми го зеде јатаано, немој, не кајдисуј доовде! (6, 102); мачи се: Што чиниш (пријателе), како си? Што си се мачил доовде нешто, ја кажи ми да те чујам (2, 232); немој: Аман, мори Дуња Ѓузели, немој доовде, не кајдисуј, оти ќе те ватит некој грев од мојте пари што си 'и добила од мене! (3, 279); осиромаши: Вистина, бре домаќине, кăсметот наш не ни работит, што доовде осиромашивме (3, 270).

ДООДИ *гл. свр.* **1**. *престане да оди;* ...гладен бидејќум (сиромаио), нозе доодија остана ни назад, ни напред (4, 77).

2. *изоди докрај;* Арно, синко, да те скорнам – му рекол татко му – туку не ќе можиш да доодиш, тики треба да растоарам некое магаре и да те качам тебе (3, 147).

ДООРА *гл. свр. сврши со орање(то);* Ела сега вамо да те врзам за магарено за да го пасиш дури да доорам да после ќе те носам в село (6, 211); Ќе ти кажам, пријателе, кај одам, туку прво ти кажи ми оти не ми одгоори, дури не ја доора браздата од нивата? (2, 123)

ДОПАДНИ *гл. свр.* **допадне** *попадне; најде се;* Во градо кај што бил бего, допаднал еден Еѓуптин во тој град (6, 117); ...дошла до едно кралсто, многу мало, и за кăсмет од цареа ќерка допаднала во градот кај што седел кралот (5, 336).

ДОПАСИТ *гл. свр.* **допасе** *сврши со пасење(то);* Коа

разбрал царот оти толкуа дни ’и пасло момчето зајаците и токму му биле, се уверил оти ќе ’и допасит до четириесет дни (5, 116).

ДОПЕИ *гл. свр.* **допее** *сврши со пеење(то);* Еле некојпат дури откоа допеале пилците, почнале (аскеро) да зборуаат и да есапат што ќе бидат тие пилци (4, 75).

ДОПЕЧИТ *гл. свр.* **допече** *сврши со печење(то);* овде: *во пасивна употреба;* Тамам беше привтасал јарецо да се допечит, му текнало на Волчка да го стори деда си да не јади од печеницата (5, 357).

ДОПИЕ *гл. свр. испие до крај;* ...тоа што не можеле да го допијат (јунаците), го испил јадачот (3, 107); Таман (богатио) беше го допил кавето, се опулил кај вратата да види кој ќе влези во кавето (3, 226).

ДОПИШИ *гл. свр.* **допише** – *напише до крај;* ...ти дури си жив да шеташ по земјава и да пишуаш женските ѓаолштиње, не е возможно да ’и допишиш (6, 31).

ДОПОЛНИ(Т) *гл. свр.* **дополни** – *наполни до горе;* Ејди чоече, да би знаел ти оти јас ќе ти ’и ќердосам алтăните, никако не ќе си ’и собирал и никако не ќе си јадикуал за да го дополниш ќупот, ами ќе си ’и јадел и ќе си ’и растурил (6, 19); ...тогај му текнало (на мажот) оти во ќупот да го дополнит со алăи другио маж, да после да умрит – си велел (6, 19).

ДОПОЛУ *прил. до половина(та) на нешто;* овде: *во служба на предлог;* ...дополу ручекот, (гостинот) станал белким до десетина пати да го наранит орлето (5, 206).

ДОПОСЛЕ *прил. после, отпосле, по некое време;* Ај, бре овчарче, простено да си и биди си мој зет и допосле цар! (му рекол царо на овчарчето) (3, 223); ...не знаи чоек за кого печали. Засега се наш кăсмет, а допосле не знаиме од кај нас кај ќе одаат овие пари (3, 227).

ДОПРАИ *гл. свр.* **доправи** – *направи до крај (она што останало ненаправено);* Бре, исавсăс кадрин што бил (кра-

лот) ...неќи да почека дури да ја допраам џамијата, да после да прајме кавга (4, 99); Откако беше се изнајал арно (Итроман Пејо), отишол пак на планина, да ји допраи пустите крошни (6, 210); (Царот) го молел кралот да почека дури да ја допраит џамијата, да после ако сака кавга ќе праат (4, 98); Ја кажи (пријателе) да те чуеме што зло си напраил и не си го допраил (5, 186); *со прилогот:* **утре**: Јас напраив едно големо зло, господаре ...ама го остаив за утре да го допраам (5, 185); *гл. прид.* **допраен**: Уу, мори сестричке гугучке, ами како не ќе ти кажам ...ела заповедај да го видиш како го праам (седелото), чунки уште не ми е допраено (2, 99).

ДОПРАША СЕ *гл. свр. праша (за совет);* Бре, и до царо се допрашал садријазамо, да не нешто тој 'и продал (гробиштата) (5, 152); Коа чуле (друзите) тоа нешто од орело, веднаш се допрашале до лисицата како да праат (2,208); Коа чу Петре тие зборои од царо, баеги беше се уплашил и излезе надвор, та се допрашал со јунаците (3, 106); Секоја вечер, коа си идело момчето од чаршија, сѐ ќе се допрашало момчето до старио за некој работи што видел и чул дента (5, 31); ...оттогај досега еве кај не се колат старите луѓе, чунки потребуат за зло час да се допрашаат луѓето од нив за ум да купат (5, 234); (Момчето) се допрашало до некој умен чоек како да праит; чоекот му кажал ...да му даит (на суднико) нешто подпола (рушвет), да така имат куртулиш (5, 369).

ДОПРАШУА СЕ *гл. несвр.* **допрашува се** – од допраша се; Покрај царот имало еден стар чоек што се допрашуал до него за секакви работи (5, 104); ...за секакви царски работи ...се допрашуа (царо) и во неколку време, тукуречи сета царска работа беше ја зел в раце егуменот (5, 276).

ДОПРВА *прил. (от)после; во иднина (некогаш);* Многу маки тргала оваа глаа и уште многу има да трга допрва (5, 262).

ДОПРИ СЕ *гл. свр.* **допре се** – **1**. *дојде во непосреден допир;* Лисицата се допрела до коренот од еден трн, штркот спроти неа (2, 7).

2. *(прен.) потпре се;* Сите ќе дајме по една заповед на својте да се соберат овде, до што можи да носи оружје и да се доприме на војската царска (2, 208).

ДОПРО- *преф.* Вид. кај **до**.

ДОПРОДАДИ *гл. свр.* **допродаде** – *продаде сè (она што останало непродадено);* ...дошло (момчето) дури во царцкио град и тамо веќе беше го допродало сето злато, та беше се сторило прв богат (2, 238).

ДОПУСТИТ *гл. свр.* **допусти** – *испусти докрај;* Проклета кокошка ...откоа сум те купила, остај што не ми снесла петнаесе јајца и сè за назад ми кинисало, а па сега почна да ни пеи и да нè допустит (3, 237).

ДОРЕДА *прил. пак, потпосле; ќе дојде ред;* Еее, чекај, коњу, до зелена трева. Толкуа пари сега ’и запусти, да дореда ќе си ’и спечалиш! – му рекол татко му и го арнисал (5, 213); Ако сум жив (татко), дореда ќе купам (стока) (5, 212).

ДОРЕЧИ *гл. свр.* **дорече** – **а**. *рече докрај (она што останало уште да рече);* Откоа ’и дорекол (сиромаио) зборите и се испишаа на книгата, сите чорбаџии си удрија муурите на книгата (5, 139); Како, како, ќерко? Ја доречи го зборот? (2, 125); Штом беше ’и дорекол тие зборои богатио на сина си, и си починал (3, 118); Кога ’и дорече тие зборои Адам, туку беше излегол ѓаоло пред волојте и беше му ’и ватил (4, 12); *со прилозите:* **арно-арно**: Уште арно-арно не беше ’и дорекол зборојте и беше го грабнал еден чоек што беше се нашол во врбјакот (2, 51); **уште**: Уште не дорекол “да не му је од очи“ царев зет и туку беше се вивнала да гори пченицата од пред нив (3, 305); Уште не беше ’и дорекла тие зборои, и је влегол царев син во одаја (3, 133); Уште не беше дорекол бачот зборојте, втасал змеот (2, 125). **б**. *во пасивна употреба;* Откоа се дорекоа тие зборои, ете го маѓеснико дојде и го поведе по себе детето (2, 274). **в**. *во гл. прид. со негација:* **недоречен**: Уште недоречени тие зборои, туку невиден бис се сторил ѓаоло, натемаго (4, 243); Еќимо сеќаваше

оти уште едното шише требаше за да му се тури, и туку велеше со збор недоречен: Уште е... е... (уште едното шише турете го) (4, 131); Уште недоречени тие лакрдии од пустиот шут Еѓуптин, и беше ја вчелнал со чеканот и начас си се одвалила од столчето сирота Еѓупка (6, 115).

ДОРИЈА *м.* (тур.) *од народната поезија* **коња дорија** – *коњ дорат (со црвенушкава длака);* Мори моја мајко, ја спремај ми коња дорија, оти ќе одам кај татка на село на гости (2, 167).

ДОРТ *бр.* (тур.) *четири (во обид на наш човек да зборува турски);* ...ако не ја дада овија пазар, до другио ќе ја дада за дорт сари меџидии (6, 135); Јаудиите се многу јаланџии. Ако ти поиска за нешто крк пара, ќе ти го даде за јерми пара... ако ти поиска дорт грош, ќе ти го даде за иќи грош (6, 135).

ДОРТЛЕМЕ -иња *ср.* (тур.) **врлат дортлемиња** – *фрла чифтиња;* ...беше се разиграл петел, брате мило, едно оро, коа беше ватил да врлат дортлемиња, како некој најарен коњ што да чинит илјада грошеји (6, 210).

ДОСВРШИ *гл. свр.* **1**. *довврши, доведе до крај;* Уште не беше досвршила таа збороите, со молба и со солзи на очите, и детето ватило да го моли Бога да му седи на гости (4, 152).

2. овде: *изеде сите до еден;* Коа видоа стаорите оти глувците мачорот ќе 'и досвршел од лоење, ошле кај големио стаор сите стаори да се прашаат што да праат за да се избават од мачорот (2, 11).

ДОСЕА *прил.* Вид. **досега**.

ДОСЕГА *гл. несвр. достига; допира; дофаќа;* ...гора(т) едни суи расја и во стреде, на огно имало една змија, качена на едно дрво, та од силните пламени ја досегале и змијата (3, 69).

ДОСЕГА, **ДОСЕА** *прил.* **а**. *до овој миг; до ова време;* Оф, бре синко, ти досеа ваков лош против мене не беше, а

пак сега од кај се надупи? (2, 222); Ај, бре момче, али си видел ваков коњ досега? (5, 67) **б**. *со антонимите:* **(за) напред**: Ај, чедо Ристосоо, еве ќе ти простам сите греои што си ’и сторил досега, ама за напред да не чиниш, оти ако праиш пак греои, ќе се вратиш како песо на блустинката (6, 56); отсега: Ај со здравје, попе – му рекло детето – досега ти јаде од мојата нива, отсега нека јадат рибите од тебе! (6, 163) **в**. *со прилозите:* **двапати**: Челадта моја, пријателе ...му помага на светот, а пак јас, што работам на стари дни, кăсмет сум на друзи, чунки двапати досега арамиите ме пленили (5, 63); **ка(к)о**: ...да застаниш (змијо) оддесно до овчаро како што стојат сите луѓе пред кадијата кога ќе ји суди. Ете така бидуа прав судија, а не као досега што ве судеа воло, магарето и овците (2, 93); Ха, ете сега заприлега на маж, а не како досега што беше проклетата ти мајка маж и жена (2, 222); ...благодарен сум ти (пријателе) на занаатот што ми го даде и очите ми ’и отвори за да не бидам слеп, како досега што сум бил (2, 42); **(од) вчера**: Аман, брате, не пуштај ме во бунаров оти има натре една многу лоша жена, што од вчера досега кај се борам со неа (2, 213); **ич**: Еве што ал имам јас – ѝ рекла жената – јас си имам еден љубовник, а мажот ми ич досега не ме знаеше оти сум таква (6, 46); **одвај**: Аман брате, не пуштај ме во бунаров оти има натре една многу лоша жена, ...одвај досега сум се куртулисал од незините нокти (2, 213); **трипати**: Ами не сум ти кажало, мори мајко – је рекло детето на мајка си – оти еден чоек еве досега три пати кај ме наоѓа на пат и кај ми вели да ти речам да му дајш што си му таксала пред дванаесет години (4, 263). **г**. *со глаголите во потврдна форма:* **бори се**: Ката ден со него (со мачорот) борба праиме под амбарите; арно ама никој досега што се борил со него, не го кутнал (2, 11); **види**: Ај, бре момче, али си видел ваков коњ досега? – Ајди море старче – му рекло момчето – коњов твој ојт поземи, а татко ми што имаше петла коња, по небеси и поземи одеше (5, 67); Од сонцето што ме чвркна (оцрнев), домаќине... чунки мене сонцето не беше ме видело во јаболкото досега, при сѐ што сум сестра на сонцето (2, 174); **(што) додева**: ...ете ва-

ка, јагне, да му кажиш на сите глувци и стаори ...алал да ми сторат досега што су му додевал и не сум ’и остаал со раат да си јадат по амбарите пченица (2, 13); **живеи**: Да ако сакаш да живеиме као што сме живеале досега као браќа, за напред нема да ме насилуаш да веруам тоа што го нема (4, 48); **(што) зборуа**: Така речи, ај чорбаџи, што да разберам што ми велиш, ти досега што ми зборуаше, тоа што не разбирам. така речи ти оти шалварите ми горат, да да си ’и угасам (6, 127); земи: Ер што ќе купит, нека зема бабата од нашето трговче, што земаме досега (3, 129); изеи: Почекај сега да ми ти одерам кожинчето, да си го продам и да ми платиш брашното што си ми го изела до сега (2, 55); има: ...другио самарџиа, што ќе ни ’и праит самарите и ќе ни затегнуа садната, тој не ќе знаит како што знаит овој што го имаме досега (2, 71); **јади**: Вид. кај прилозите; кажи: Ќе ти кажам, честити царе – му рекло момчето – ама ако ми се таксаш оти не ќе се налутиш, дека ќе ти ’и расипуам твојте зборои што ’и кажа досега (2, 295); **крие се**: Бре, што беше ова криење, бре татко, на ова момче, досега еве толкуа момчиња кај се кријат, ама ваквоо криење досега не ми се скрило како ова што влегло стреде во четири риби! (2, 194); ...и на оваа (курветина) со тремпетево ќе е го скројам ќуљаво, ама сакам да ми кажиш ти како си се крил и кај си се крил досега, да да знам што да праам после – му рекла (лисицата) (2, 197); **куртулиса се**: Вид. кај прилозите; **мезалисуа се**: Честити царе ...сега ќе клаиш на трпезава од секакви ракии и од сите мезиња што си пиел и си се мезалисуал досега (5, 28); науми: ...ние никако тој збор од Бога не сме го наумиле досега со тебе оти ќе умриме, та затоа, сполај му на Бога, ми ја прати оваа болес да ме потсети (4, 21); **нема(т)**: Кај си, бре був, досега што те немат? Зар ти не слушаш мојата заповед? (2, 82); Бре, од кај никна оној пусти сарај, преку море? Досега немало, еве јас набрго кај сум гледал по море со дулбијата и не сум видел сарај (2, 269); **плени**: Вид. кај прилозите; преспие: Аман, господаре – му се молел кăсметот и му се плачел – прости ме досега што сум ти преспил и сега ќе те обогатам (3, 257); **стои**: Е, вистина така било,

пријателе, како што велиш ти, чунки видов и треба да поверуам... јас досега сѐ си стоев, оти чоек само едното можел да го обогати, арно ама не се можело со едното, ами со двете (3, 223); **стори**: ...ела со мене за да ти кажам кај да ’и раздаиш милостина да те прости Господ, чунки се сети и се огнаси од сите лоши работи што си ’и сторил досега (4, 162); Ти ова мене што ми го стори, никој досега не беше ми го сторил (2, 262); **суди**: Вид. кај прилозите; трга: Еве време, еве стока, ете вака требаше уште кога создал веков сѐ топло да беше за сиромасите мака да не тргаа, како што тргаа досега. (4, 110); **треба**: ...татко досега треба да пораснал и со лајца може да јадит, да и лајцава ако му ја однесам, лошо не ќе сторам! (6, 211) **д**. *со ѓлаѓоли во неѓирана форма;* **(не) дојди**: Лели те довеал ветро у нашава земја, кај што чоек не дошол досега – му рекол – ќе ти кажам од кај те познаам, чунки си имал кăсмет да се видиш со мене (2, 143); **(не) знаи**: Арно ама, брате гусаче, досега не бев знаела оти и је голем грев крв да турам и души да губам (2, 6); **(не) касни**: Како што гледам и го мирисам, не ќе го каснала досега некоја друга болва (владиката) (2, 103); **(не) омрси се**: Откоа сум се ватила за ум, оче дуовниче, да дури досега не сум се омрсила во постите и во среда и петок, ете да не е подрек, не паметуам ...да сум се омрсила (5, 45–46); **(не) појди**: Вистина, татко, и вие, браќа селани... бев дури во долна земја или штркоа земја, кај што чоек досега не пошол и не ќе појдит (2, 160); **(не) скрие се**: ...досега еве толкуа момчиња кај се кријат, ама ваквоо криење досега не ми се скрило како ова (момче) што влегло среде во четири риби! (2, 194); **(не) чуа**: Не веруам, пријателе, да можеш да му удриш полош нишан од моите нишани, чунки не сум чуала досега од борџот да има толку лош нишан (2, 108); **(ни) зборуа**: ...сум разбрал оти овој век е лажлив и многу мачен за луѓето што живеат; да од тоа ни сум се смеал, ни па сум зборуал досега (5, 268). **ѓ**. *со* **а пак**: Ај ќе ја пуштам (кума лиса), ...уште еднаш ќе ѝ бидит страв да идит за да ми го јадит брашното и паспалот; а пак досега што јала, не оти јала од мое, да од светот што сум крал: така беше

дошло, така беше ошло (2, 55); *со* **дури**: ...бабата ѓаоло не ја натера да се качуат на црешата, нито пак тој ја турна, чунки во истото време беше при нас и дури досега еве го ја, гледајте го (4, 280).

~ Во и з р а з и т е: **било како било досега** – *не е важно како било ѕосеѓа;* Стопанине мој, било како било досега, да ми простиш сега сакам: јас сторив, ти не стори (2, 124); **досеа било као било** – *не е важно како било ѕосеѓа;* Слушај вамо, домаќине, досеа било као било, сум гладуала, сосе деца; голи, боси, кај сме, као никој нигде! (4, 82); (**ни**) **било досега, ни па ќе биди** – *никако не може ѕа се случи, ѕа сѿане ѿоа;* Честити царе – му рекол првио еќим, атр да не ти остани, ти тоа што бараш, ни било досега, ни па ќе биди (5, 84).

ДОСЕЧИ *ѓл. свр.* **досече** – *ѿресече, исече ѕо крај;* ...едно просо, срп не би го досекло, толку многу ќе се роди! (3, 246); ...секле, секле (луѓето) цел ден и го остаиле за утрото уште троа да го досечат (дрвото) (2, 181).

ДОСИГНИ *ѓл. свр.* **досигне** – *ѕосеѓне, ѕосѿиѓне, ѕофаѿи;* Му дошло на умот (на кауѓерот) да појди кај ехлата што била до чешмата манастирска, та на неа да се качи и да преноќева, чунки тамо не можеле да го досигнат некој диви sверои (4, 260); ...дошло (момчето-магаре) до една смоква ниска, што можело со глаата да досигни (3, 281).

ДОСКАКА *ѓл. свр. ѿресѿане ѕа скака; сврши со скакање(ѿо);* овде во пословицата: Скака скакулец, доскака! (4, 217; 4, 81)

ДОСЛУША *ѓл. свр. ислуша ѕокрај;* Уште имаше да му кажуа Манго на бего, арно ама од мака што му падна, тики не го дослуша, ами го грабнал вагано ...и го удрил по сурато (6,118); Нà, пријателе, клучеите од вратите црковни, и откоа ќе докажиш, слези и затвори ја црквата, оти народот си отиде, да јас сам што ќе седам да те дослушам дури да докажуаш – му рекол питропот и, тупур-тупур по скала (6, 101).

ДОСОБЕРИ *ѓл. свр.* **дособере** – *собере ѕокрај, сѐ;* ...за

кăсмет на воцарениот магаричар, беше останале троа алтăни кај што беше ’и нашол (аргатино) и беше се наведил за да ’и дособери (3, 320).

ДОСРКУА *гл. несвр.* од д о с р к а – *исрка ѓокрај;* **досркува** – *срка ѓокрај;* овде: *во пасивна употреба;* ...поверуале (Шопјето) оти била рибина чорба и му се наврте̑ле да ја срка-ат, арно ама ич се досркуаат морето (6, 141).

ДОСТА *прил.* **1**. *толку колку што е потребно; ѓоволно;* **а**. *со* **сум + ... именка**: **ал**: Не плачи, невесто, не плачи... оти од солзите твој езеро ќе му напраат тамо (на татка ти), та доста му јет алот што је обесен, па и во вода да стоит! (6, 227); **злато**: Секнала, не секнала (чешмата), јас ќе ја видам и доста ти е (момче) тоа злато што ти истекло (3, 296); **изварка**: Знаиш (Еѓуптине) троа да е празен (котелот) како (змејот) да го пиет, и голем пакос ми праит. Да за тоа не додевај, доста ти е изварката (2, 125); **копање**: Ај, белким ќе му начекам некој дож, и тогај копај, грибај: ќе му удрам копањето (на лозјето) – и толку доста му је копање (2, 78); **маањето (не му је доста)**: Не му је доста (на стопан ми) маањето со нозе, удри по газ со тоа пусто вастагарче дреноо (2, 92); **мака**: Доста ми ет маката што му ’и збирам класјето од мојот стопан, што су му кăсметот ...па и од сиромаиот што имат појак од мене кăсмет (2, 244); Остај ме, мори домаќинко, не задевај ме, доста ми је маката денешна од едно копиле што ми украде сланутокот и му откорна опашкава на магаренцето (6, 213); Ај растоари, жено, и не вреви, оти доста ми е маката: еве душаа во носов ми дошла! И да знаиш, жено, оти од денеска нема да ти одам на дрва. (6, 70); **нафт + гл. има**: Ех, нека си оди со здравје – си велел со умо вурнаџијата – бериќатверсăн и толку, еве си платив сио борч и доста нафт имам, нека си оди со здравје (момчето) (3, 154); **(двата) рога**: Да јадам од грозјето, би ме наситило, арно ама ме страв да не ми никнат и друзи рогои. Ха, ха, не бидуа да јадам, доста ми се двата рога што се испраија како некој драгои! (3, 159); **самотијата**: За греој, завали штрк – рекла Неда – што сте го тепале, дос-

та му је самотијата што је вдоец како мене, па сте го тепале (2, 152); **чудесии**: Доста се овие мои чудесии што ’и видовте и други по пато што видовте и што ќе видите, да му ’и однесите на царо ваш да ’и типоса на едно букварче за да се прикажуа (4, 77); *со приѓавката:* **гладен**: Ах, кума лисо, јас тебе ми те барам – му рече волко – ќе ми те јадам сега, доста сум три дни гладен, ела ми вамо сега (2, 24); *со бројот:* **еднава**: Аман, домаќине – му рекла (жената му) – немој, не губи ја (невестава) за да не гледам во куќава крвнина и друга; доста ми е еднава (5, 248); *со показната заменка* **ова**: Море ајде, ајде (пријателе), белким ќе бидит доста ова што ет до меов. Еве, јас ќе ја кренам и ќе ја однесам (кожава со вода), да ај тргај да ручаме (2, 127). **б**. *со* **сум**: И со деветстотини јајца, доста се да ’и однесам во Стамбол и да земам деветстотини грошеи, не се малку толку пари (5, 149); Веднаш му нависнал еден облак над лозјето и му се истурил дож као низ ракав. Врна, што врна, и видел чоекот оти доста му е (4, 140); Како тебе цар што си, честити царе, не треба многу наука да те учам, само еден збор што ќе ти речам доста ти ет: прај што праиш, ама и за назад да думаш! (5, 43) **в**. *со* **дури** + *краткa заменска форма* (ми, му, е и сл.) + сум: Ха, еве за мене смокви... уште поубаи од тие што каснав и се помагаросав; ќе јадам сега, дури ми се доста, да ако сакат девет магарења наедно нека се сторам (3, 281); Сопрво го променил чоекот ...му дал сто алатни за да му се најдат, за сермиа да си клаит и Бог да прости да речит. Јал, пил вечерта чоекот, дури му било доста (3, 124); Треската му пројде кај владиката, та си го наклапушила и си го терала дури е било доста (2, 107). **г**. *со глаголи по себеси:* **додева**: Е ајде, бре глушец ниеден, доста ми додева, еве сега ќе те пренесам де, ама брго најди еден конец подебел (2, 76); **излажи**: **(доста ме излага** – *малку ти беше што ме излага*): А, бре чоече, што си ми дошол при жената ми? – му рекол копринарот. – Доста ме излага со коприната, наместо коприна да ми даиш сено, како не ти беше грев и страм, тоа да ми го сториш? (6, 67); **кара се (не је беше доста што се караше** – *малку ѝ беше што се караше*): Не је беше доста (на жената)

што се кара со мажа сѐ за права Бога, ами и откоа се стемни, не папсала да вика што ји идело од уста (2, 211); **стои**: Доста стоја ова ливче, пријателе, у тебе, и доста ти е стоката што доби со него (4, 130).

2. *во голема мера или број, полно, мошне многу, премногу;* ...алăшверешот многу му јет арен и пари вади доста (момчето), само една грешка имат: што си поигруа по троа комар (5, 289); Санким и јас доста змии сум истепал, што ми видело око сѐ сум истепал, арно је и оваа да ја остаам да се испечи на пламенов (2, 89).

3. *во служба на извик за заповед, забрана да престане нешто.* **а**. *пред глаголи;* **вика**: Ej, ej, доста викавте – му рекол Бугаринот на свините – од зборо се познаате оти сте Грци, ај лежете си во калта (5, 62); **врга**: Море доста врга песок, бре чоече, оти е водена, да многу ќе му тежит на магарето (2, 70); **јади**: Е доста јаде леб и сол, де! Па и ти си чоек, треба да јадиш и ти риба (3, 229); Е доста ме јаде, бре коџабаши, со таа рака толкуа години, кај ќе ме најдиш и ќе ми велиш: „Јас ти ја куртулисав раката, јас ти ја куртулисав раката (5, 18); **мачи**: Е, доста ме мачи, бре чоече, со тоа твое палено веленце: „Веленцето ако не ти го даев, дождо ќе те истопеше, веленцето ако не ти го даев, жива вода ќе станеше!“ (5, 22); **џари се**: Дедо, дедо, види го штркот до тебе! – Е доста со тој ѓаолцки штрк, бре внучко, се џари! (2, 152) **б**. *пред именка во вокативна форма;* Е доста, бре бестрамнику – му свикал касапо на лутина – со тој пусти прст ме изеде (5, 14); Е, доста, бре еќимбаши, со тој пусти прс: “Прсто јас ти го оздравев, прсто ако не ти го оздравев, ќе ти паднеше, без прс ќе беше!“ (5, 15) **в**. **дури рече доста** – *дури не престане (да врши некое дејство), дури не се задоволи со нешто;* Јаде сиромаио, пи, дури рече “доста“ и не му текнуаше да го праша старио од кај дојдоа свешниците и трпезата (4, 84); Ха, еве ми пусто село без пци, сега ќе си лупам мендухии, дури да речам доста! (5, 143); ...ако сме живи и да се замилуаат невестите ни, ќе си оиме и ќе си идиме, дури да речиме доста (5, 189); Коа ти рани таквие арамолепци, коа ти рани (акчијата); та коа ти пишуал на

тевтер, со ниет Госпо да дојди и да му плати, коа ти пишуал – дури и рекол доста (6, 83); Слушајќи бостанџијата тие зборои, ами лели беше се налутил и го грабнал за врат момчето, та му удрил еден ќотек, дури рекол доста (6, 96).

ДОСТАГА *ж. тегоба, мака, јад;* Кога беше чул тие зборои куменџијата, достага му паднало од мака што му било (6, 69); Коа го чула мечката тој збор, достага беше је паднало на срце (2, 61).

ДОСТИГА *гл. несвр. досега, дофаќа;* овде во пословицата: Царска рака долга, и далеку достига (2, 207).

ДОСТИГНИ *гл. свр.* **достигне** – овде: *дофати, досигне, досегне;* ...смоквата била висока и не можело (момчето) да достигне од смоквите со глаата (3, 280).

ДОСТОЕН -јна *прид.* **1**. *што има углед; чесен, примерен;* ...да ми ја даиш или продаиш невестата за една капа ореи (господаре мој), чунки толку се достојни жените да се продаат на мажите (5, 243).

2. **а**. *што по својата вредност одговара некому;* Од тој ден веќе не беше ошла црква баба Стојна да се моли Бога за дедо Гоша. Со тој маривет куртулисал клисаро од баба Стојна на Бога достојна (6, 27); Светијава што го имаше детево му велел на другио светија оти тие двата не сет достојни за детето од вдоицата за светос (4, 89). **б**. *што заслужува* 1. *да стане нешто;* Слушај вамо, садријазаме, ти чунки не разбра што ни беше разгоорот со старио, не си достоен да бидиш садријазам (5, 108); достојен: ...калвата му се инател и се праел поучен, чунки видел калвата како му ’и клал истурените црева на некој чоек мајсторо и од тоа нешто се мислел оти је достојен да биди калвата мајстор (5, 175). 2. *да направи, да добие нешто;* Прости ме, Господи, оти не сум достоен опинците да му ји собујам на овој служител твој, коџабашија! (4, 187)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (4, 256); (5, 226); (6, 27) и др.

ДОСТОИ *гл. св. докрај да отстои, да се задржи;* На

тој зорт и на таа мака што видел воденичаро од праење на колцето, не можела треската да достои во воденичаро (2,103).

~ Во и з р а з о т: **си достојал(а) на зборот** – *го исполнил(а) ветувањето;* Сатаната си достојал на зборот и го начекал детето на пато за дома коа си одело (4, 286); Сестра му (на еленчето) беше си достојала на зборот, та беше го закопала в градина (2, 183).

ДОСТРЕДЕ *прил.* **досреде** – *во средината (на нешто);* ...и бабиното момче го пуштило коњчето и летнало како некое пиле и достреде ја втасало (цареа ќерка) та ја грабнало за коса (3, 57).

ДОСТУДИ *гл. свр.* **му достуде** – *му стане студено; фати за земне;* Летајќи по облаци ја достудело на цареа ќерка и го натерала (коњчето) да ја симни негде за да ’а огреи (3, 61).

ДОСТУРЛИ *прил.* (тур.) Вид. **дестур**; Пошто-зашто се кандисал чоекот и си седна в село да си живеит како поп, со голема чес од селаните. Јадење и пиење достурли имал (6, 160).

ДОСУДИ *гл. свр. осуди;* Откоа беше го досудил садријазамот мрзливио, му удрил една клоца в гради и го претркалил во браздата во калта (6, 94).

ДОТАМАН *прил.* **не е дотаман** – овде: *не е токму (со умот), малку е будал(ест);* ...како да го сети (јабанџијата) оти акчијата не е дотаман, или пак ет некој многу мајтапчија (6,84).

ДОТАМО *прил.* Вид. **дотаму**; *со глаголите:* **беше**: ...двата беа го изостаиле (момчето), тики си било така како избудалено, оту ако имаше еден од двата, ја кăсмето ја умо, па не ќе беше дотамо. (2, 236); **дојди**: Коа дојде дотамо приказната, и чул садријазамо, студена пот беше го избило оти ќе му излезит батакчилакот на мегдан (3, 136); Арнаутино турцкото ќабе ...ич не го бендисал, дека не бил градо голем и

со големи сараи, како што видел друзи градои, дури дошол дотамо (6, 123); **донеси**: Коа ја донесол дотамо царо да се видат двата измеќари до какво лошо срце имаат, ...почнал да ја суди (5, 159–160); **лета**: ...а пак догрмаџијата напраил едно коњче со крилја да лета по облаци и до кај да сакаш, дотамо да лета, и до кај сакаш – да го заприш (3, 59–60); **трга**: ...да поканам два-тројца барем со мене, ...да колку за арџо, брате гусаче, јас ќе им го тргам дотамо и довамо, неќум тие да поарџат пет пари скршени (2, 7).

ДОТАМУ *прил. во таа точка (граница), во местото каде што се протега глаголското дејство;* ...мажот бил многу мрзлив, а пак жената била многу работна, дотаму мажот што бил мрзлив, што леб дури кога јадел, сакал жената му да му го клава в уста (3, 314).

~ З а б е л е ш к а: За разлика од **дотамо** (со околу десетина потврди), дотаму е само со приведената потврда.

ДОТЕЖНИ *гл. свр.* **дотежне** – овде: *стане тежок, вотегне, натежне, отежне;* Го зел кадијата тевтерчето в раце, гледат – многу му дотежнало, се сетил оти има нешто пари внатре... (5, 365)

ДОТЕПА *гл. свр. со тепање убие, отепа вокрај;* Ах, анасǎн... ја чекај да му се вратам на кǎсметот мој во капињето и да го дотепам, зашто да ме излажит (3, 257).

ДОТЕРА *гл. свр.* **1**. *со терање пред себе воведе;* Е – ...три дни ќе ми даиш мувлет за да ти дотерам овците, што сме се обложиле и да ти ја даам (5, 222); Еден сиромав дрвар си имал пет магарења, мошне слаби и одвај ќе ’и дотерал од дрва (6, 100); Отишол дрваро по ’рслано и му кажал кај била реката разлеана, и тамо ’и дотерал магарињата (2, 59); *со прилозите:* **дома**: Цел ден го пасил син му (прчка) кај што имало најарна шума; вечерта го дотерал дома најадено во меот како тапанче (2, 15); Утрото го зеле ато (дрварите), та го тоариле јако дрва и го дотерале заедно со магарињата дома (5, 75); **одвај**: ...поодила гемијата и од кај што било мирно морето, се кренале едни талази боже чуај брани; како ја

бувтаа, како ја тласкаа, цела недела што ја тераа по морето, одвај ја дотераа до столнината и излезе царо на суо (3, 209–210).

2. **а**. *доведе во ред, направи, зготи; ...*отсеа ваму гледај отвори си очите, варди да ја попржуаш манџата поеќе, да белки полезетлија ќе ја дотераш – рече нависоко (мажот на жената си) (5, 340). **б**. *уреди, намести; заврши;* Откога се увери чоекот оти вистина ѓаолот беше му ја дотерал таа работа, си запрел веќе устата за да не колнит и да не карат ич за низаошто (4, 229).

3. **а**. *направи да дојде до определена состојба на пропаѓање;* Види го кај стои до колена во калта да му ’и варди гоедата и да трга мака, море еве вака прај му како што праам јас и до бос да го дотераш (3, 310); Со сѐ што не ми е ќеот, море побратимче, оти си овде, ама лели те дотерав за да те обесат, пак ќе ми сторит душата раат (4, 232). **б**. *направи некого ниско да падне;* Што ти велаат, ѓаол усилен да дотера (Марија) да биди прва курва на веко (4, 192).

4. *(за саат) навие на определено време; ...*зел (царо) та ’и дотерал сите саати токму на дванаесе саато (чунки разбирал од саатчилк) (5, 40).

~ Во и з р а з и т е: **го дотера до ова дереџе** – *го направи да биде во тешка ситуација;* Ејди синко, не погоди змија водна, ами змија осојничава, затоа те дотера до ова дереџе – му рекол (татко му) со жалостен глас (2, 224); **зере си ми дотерал теле од гоеда** – *зар си ме наградил;* Леб да ти даам, ќепеолу, зере си ми дотерал теле од гоеда? (му рекол таинџијата на питачот) (5, 157); **ја дотерал(е) работата** – *дотаму (дошол) дошле што и;* Паднале на разгоор некоаш умот и кăсметот и од тој разгоор многу се препирале, дури до степуање ја дотерале работата (3, 220); Му текнало на еден цар да го праша момчето наскришем со каков маривет ја дотерал работата да стани царев зет и царев син (5, 136); **умот да му го дотерат** – *да го опамети;* Од таа мака ќе го носам (детето) во овој град за да му најдам еден арен мајстор, да го научит некој маривет и умот да му го дотерат (4, 247).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (3, 117; 3, 138); (5, 178) и др.

ДОТЕРУА *гл. свр.* од д о т е р а; **дотерува**; Вид. дотера 1; ...ме мачит (пајката) ката вечер да ја дотеруам од сокак, чунки никоја вечер сама не повти дома да си дојди (2, 54).

ДОТЕЧИ *гл. свр.* **дотече** – *(за река) наѳојѳе;* Дуу, море братко, ами од кај дотекла оваа пуста река? (4, 262); *гл. прид.:* **дотечен**: Идејќи (дрваро) со тоарени магарења до една река суодолица, силно дотечена, застанал да се дума и да се мисли као да 'а прегази (2, 59).

ДОТЕЧУА *гл. несвр.* од д о т е ч и; **дотечува**; Леле јас сиромав... што се чини чаре? Рекава сѐ поеќе дотечуа и не се смалуа (2, 59).

ДОТОГАЈ *прил. ѳо тоа време, ѳо тој час; ѳотогаш;* ...двете невести си отидоа дома, сакати како што си беа дотогај (3, 144); Тогај (царо) 'и викнал сите еќими за да го лекуаат, арно ама зер дотогај беше му бил денот и забра душа да умират (5, 29); *со ѳруги глаголи:* **вати**: ...како ти ја праил, братенце златен, како ти ја делкал (пустите крошни) и никако не беше могол (Итроман Пејо) да ја направи, чунки дотогај не беше ти ватил тесла, да да знаит да напраит крошни (6, 210); **види**: Бидејќи Арнаутино запеслив, го закачил да го бие калуѓерот, арно ама калуѓерот не беше видел дотогај Арнаутин, та не беше му се уплашил (6, 82); Рече (ќелешо) да изникнат едни лозници, ...со тоа грозје уздреано, турли-бе-турли, пупулигои, темјанушки и друзи чешити грозје, што не беше видело око чоечко дотогај (2, 269); Не би час, беше си дошла кума лиса од пасење и кога го видела прчка дран-недодран, умрела од страои, чунки не беше видела дотогај таквоо животно (2, 16); Коа го видел Евреино камчето, на чудо беше станал, чунки толкао големо бесценето камче не беше видело око негоо дотогај (3, 259); **знаи**: До петстотини години што живеа дедо Адам, не беше се поболил. Не знаеше тој дотогај каква е болес (4, 20); **меша се**: (Цар Костадин) го отфрлил патот покрај Стамболот за да врви Белото море како

река и да течи во Црното, чунки дотогај не се мешале двете морињa, Црното и Белото, како што се мешаат сега (4, 37); **плаќа**: ...се собрале сите Еѓупци, та појдоа... да му сакаат од царот леснина: маж и арач, а не два мажа и арач, како што плаќале дотогај (6, 110); **појди**: Ти го спотерало еден ветер кајкот и ти го однесло во некоја ада што дотогај чоек не беше пошол во таа ада (3, 279–280); **праи**: (Магаринјата) се наведија да се молат за да му е жив тој самарџија што му 'и праел самарите дотогај (2, 72); Коа дошла до устината ортомата, наѕрел (мажот) да ја види (жената) и да ја заплаши и да ја поучи да не праи као што праела дотогај (2, 213); **прости**: ...кој ден ќе ти се ватат гламните и лис да пуштат, дотогај греот ќе ти се прости (4, 26); **работи**: Имало еден тргоец што работел дотогај многу силно по море, арно ама откоа излегол сиромаио, тој ватил да оит надолу (3, 260); **сака**: ...је кажале (на царска ќерка) оти је свршиле за од тој богат момчето, а па тоа момче било најбудала од сите момчиња дотогај што ја сакале (5, 333–334).

ДОТРАИ *гл. свр.* **дотрае** – *истрпи, изоржи оокрај;* А, бре ќелеш, али моиш еден ден да не ја почешаш глаата? – Можам – му рекол ќелешо (на трескаиот) – ама што даиш ако дотраам? (5, 160); Во истото време стрвната баба не дотраја и почнала да се качуа на едно срешоо дрво (4, 279); Не веруам јас да дотраат нашите жени и кој да се друзи, да не отворат, чунки жените се ќерки од баба Ева што не додржа Божјата заповед (5, 6); Уште од првата вечер видела цареа ќерка една голема светлина во мазгалката од зандано; втората вечер пак видела таквaа светлина и не дотрајала за друга вечер (3, 112); *со оруги глаголи:* **качит се**: ...не дотрајал (помалиот син) за да се качит (девојката), и рипнал за да ја ватит (2, 117); **оптегнит се**: Праи што праи трескаиот да не се оптегнит дури не беше му дошла треската и едно беше му дошле протегајците, виде оти не можи да дотраи а да не се оптегнит (5, 161); **усекни се**: Ами ти, бре братко – му рекол на мрсулаот ќелешо – моиш да дотраиш еден ден да не се усекниш мрсулите од носот? (5, 161); *со гл.* **можи**: ...од камен срце

да имаше чоек и пак не ќе можеше да дотраи (на жената), а не од месо што го имаше сиромаио маж, да можи да дотраи (2, 211).

~ Во и з р а з о т: **не го дотраја срце** – *не можеше ѓа изѓржи;* Пооде донекаде сиромаио и не го дотраја срце, дал вик по старио и го повратил назад (4, 166).

ДОТРЕБИ *гл. свр.* **1**. *истреби ѓокрај.*

2. *исчисти ѓокрај;* Откоа го дотребил ѓеризо ѓеривчијата, си зел паричките, си отишол на бања (5, 81).

ДОТРПИ *гл. свр. истрпи, изѓржи ѓокрај;* Е, старци ...чувте и поверуавте оти мене ме мачија сите тројца на правина; видовте оти правината се танчи и не се кини; блазе и преблазе кој ќе дотрпи докрај (5, 252).

ДОТРЧА *гл. свр. трчајќи стигне;* Чуле самовилите (шупелката) и дотрчале (кај момчето), та се ватиле оро да играат (3, 24); Дотрчало сирото куче и прегазило реката, та му се врлило на коњо без да се напие вода (5, 10); Беа дошле да го испратат чорбаџијата и сите се изнасмеале, дотрчала и аџијцата (6, 90); *со* **да** + **види**: Видуајќи го еден друг Грк, дотрчал да види што го нашло што паднал Грко као од дамла (6, 140); Кога го доболело детето и се расплакало, куќата ја кревало. Чул татко му од бавча, кај што работел, дотрчал да види што плачит детето (6, 8); (Снаа му од чорбаџијата) дала вик што да можит по мажите; дотрчаа мажите да видат заошто викат толку жената (6, 30); Коа дал еден страшен вик сатана по сите ѓаоли, и на часо сите дотрчале да видат шта мака имат (4, 287); ...дотрчале царо, царицата и сите родеи и царски големци да видат чудо нечуено и како што беа се прегрнале брат и сестра, така беа си паднале наземи умрени (3, 218); *со прилозите:* **бодињаница**: Одејќи коњанико се сетил за мушамата и бодињаница дотрчал при изворо и го спојмел сиромјаио да му ја сака мушамата (4, 176); **овде**: И ти, брате орле, стори абер по нашите да дотрчаат овде час побрго (2, 208). ~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 94; 2, 125; 2, 187; 2, 196; 2, 197; 2, 207); (5, 9; 5, 250; 5, 325); (6, 212) и др.

ДОТУА *прил.* Вид. **дотука**.

ДОТУКА *прил.* **1**. *во тоа (определено) место, точка, граница;* ...јас немам мајка, ами имам маштеа, та маштеа ми од завис ме испрати во планинава со еден џељат да ме загуби, арно ама џељато не ме загуби и ме остаи овде. Кога је ислуша дотука царцкио син (девојката), веднаш беше је рекол на име: Ти ли си, Sвездо? (5, 331)

2. *во тој момент, час, време;* Се излага проклетата жена, чунки дотуа је бил аџело и скончанието, та си отишла со мажа је кај бунаро (2, 212); Арно ама дотуа беше му биле дните на дедо Адама, тики не му помогнале три семки за да му оживи снагата, ами да му оживи душата и да му е бесмртна (4, 22); Слушајте вамо, синковци – им рекол (царо) – еве јас ќе умрам, веќе денеска-утре, чунки дотуа ми биле дните определени од Бога (5, 69).

3. *во таа мера;* Да дотука те дотерал твојио кӑсмет, бре пријателе, ...да страдаш за леб? (3, 272); Дотука беше го мачил ѓаолот Спасета и немало друго што да му речит, од мака пукнал, како костен во пуза (4, 252); Те молам, не кӑјдисуј дотука, да се мачит татко ти, ами ако моиш борџо, борџо да му го платиш (6, 227); **дотука бидуат** – *колку најмногу што може;* Ватија големците да се конуштисаат со момчето и чес да му праат – што дотука бидуат! (5, 137)

4. **оттуа дотуа** – *ни чекор;* Коа виде јабанџијата оти не го припушта акчијата оттуа дотуа, верда куртул, беше си рекол со умот, сечи пола и остај му ја в рака, ме вати мене Осман Мура! (6, 85); **оттука дотука да не избега** – *ни еден чекор да не направи;* Анџијата не го припуштил (момчето) оттука дотука да не избега (5, 368).

ДОТУРНИ *гл. свр.* **дотурне** *турне докрај, сосема;* Вистина, мајко, Господ му плати (на попо) – му рекло детето – ама дури и јас не му поможив за да го дотурнам в река, неќеше да му плати – је рекло детето на мајка си (6, 163).

ДОУМОРИ *гл. свр. умори докрај, сосем;* Тамам, коњо уморен ќе биди од моето бодињање и ти сакаш уште да го до-

умориш, со твоето бодињање што ќе го бодињаш и после да пцојса (6, 114).

ДОУМРИ *гл. свр.* **доумре** Вид. кај **недоумрен**.

ДОУНЏЕ *прил.* (тур.) Вид. **дојунце**.

ДОУЧИ *гл. свр. изучи докрај;* И од тој саат па му се главил (калвата), дури го доучил занаато и после излезе мајстор (5, 175).

ДОЦЕЛИВА *гл. свр. избакне сите, докрај;* Падна наземи пуста Невена и одвај 'и доцелива деветте гробој и си умре згора на гробо од малиот Костадина (2, 193).

ДОЦНА *прил. во поодминат час (на ден, година);* Брго, сестро, спремај се оти доцна останавме (2, 191); ...да го донесам во градо (питачо), чунки бил сакат, а пак времето било доцна да не остани на пато (5, 94); *во компаратив:* **подоцна**: (Мажот ми) ќе ме мачи до мачење, оти сме дошле толку брго, требало да поседиме, чунки никој понапре од нас не излегол; а пак ако станавме подоцна, па ќе вика по мене оти не сум му рекла да си станиме побрго (5, 343); *со прилогот:* **наутро**: ...јас (сонцето) сум себепо што 'и надупуам момчињата да не ја земаат (девојката за невеста), чунки стануа наутро доцна, тамам кога ќе огреам јас (2, 234).

ДОЧЕКА *гл. свр. почека за до определено време; исчека;* Со голема радос егумено го дочекал дено што ќе оделе на храмо на некој манастир (4, 205); Отишол на мосто кај што ќе врвеше брат му, та го дочекал кога ќе врвеше на мостот и му ја клал торбата на крајот на мостот (5, 224); (Ѓаолот) не дочекал редо за него (големио) да го прашат, ами сам си кажал оти тој кауѓер дента беше го маткал и коњо му го закачил во батакот (4, 261); **да + друг глагол**: **викни**: ...момчето не дочекало таа да го викни ...ами само тоа је рекло: – Добро утро, убаа девојко (3, 39); (да му) дозборуа: Не дочекал сиромајио да му дозборуа чорбаџијата ошто се налутил, тики ошто му дошло да тепа, та му надал: – Пусто ви останало и чорбаџилко ваш, и добрината ваша (5, 17); **докажи(т)**:

На тие зборои цар Симеон не дочекал да докажи свети Јоан, тој фатил да кажуа (4, 43); Пак не ’а дочека глупаата гугучка да ѝ докажит (ластојцата) сето до крај, летнала како в глаа удрена (2, 100); И ти не ме радуаш, мори гугучко – си рекла со умо ластојцата – лели не ме дочека да ти докажам (2, 99); **докапи се**: Така мислејќи си син му од царот, го дочека да се докапи и да го однеси дома да му ја кажуат сестра си (5, 133); **донесит**: Коа го стори тој пакос Итроман Пејо, веќе не дочекал да му донесит гоедарот леб, ами – Бежаноа бело носит! – трештил да бега за да не дојдит гоедарот и да го ватит, та да му плати (6, 198); **качи се**: ...едно дошол ангело до него (до каменарот), без да го дочека да се качи, туку беше го турлосал со голема сила од одозгора удолу (4, 214); **летни**: Стојал некој ден тамо (Патенталија), дури го дочекал орело да летни откај Дуња Ѓузели (3, 87); обогати се: Од големата мака и лутина што му дошла (на кумењијата), ја клал десната нога на накоалната, та зел големио чекан и мавнал на ногата ...и ја окршил, задека шетал и не дочекал тоа злато и стребро за да се обогатит (6, 69); **стори**: (Господ) му го смети умо на пријатело што го закопа шишето и не го дочека да стори четириесе дни, ами пројде на дваесетте и не би кăсметот да се прероди (3, 65).

ДОЧЕКУА *гл. несвр.* од д о ч е к а; **дочекува**: Уште колку пати ќе ми долетуаш, мори сестрице – ѝ рекла ластојцата (на гугучката) – лели не ме дочекуаш да ти докажам и лели не дојдуаш да видиш као го праам седелото! (2, 100)

ДОЧУА *гл. свр.* Вид. **дочува**.

ДОЧУВА и **ДОЧУА** *гл. свр. зачува ѳокрај;* ...ако мислиш ти (попе) оти со заклучуањето твое што ме заклучуаш да ме дочуаш од некое лошо што да сакам да го праам, тоа крени си го од умот (5, 191); Ајде, осум сестри и осум зетои, завалете стред двор еден силен оган, ќе гориме лута змија од која го дочував братот (3, 176); Видуајќи тоа нешто брато, се остаи од таа севда и му ја дочуа сета стока на внуци си (5, 51); Маштеа ми ме продаде на еден пампурџија и пампурџијата

ми ја пресече раката за да си земи акот од неа. И сега таа ова го направи. Арно ама Госпо па жива ме дочува! (5, 321); ...а пак ако сум бесчесна (домаќине), во сандак да ме заклучиш со дванаесет клучеи и пак не ќе ме дочуаш (6, 23).

~ Во и з р а з о т: **како те дочуал Господ** – *како не си можел;* Море, од кај те донесе, бре брате, Господ овде? – му рекол. – Како те дочуал Господ да не дојдиш пред еден черек саат, оти тука беше жената што ме скамнила мене, да можеше и тебе да те скамни (4, 269).

ДОЧУЕ *гл. свр. чуе;* ...за кăсметот на лиса, ја дочуло едно бумбарче, и тоа ѝ се наватило да ѝ го истерат прчка од куќа (2, 16); Ми дочу зето и е вели на невестата: – Седи ти, невесто, да излезам да видам зетеите и сестрите што џумбус тераат (3, 177).

ДОШЕТА *гл. свр. помине 9окрај шетајќи;* .... напраија еден зијафет (браќата) и си тргнаа да ја дошетаат цареа земја, спроти како што беше ниетот уште од дома (3, 103); Тргнале четириесет и четири браќа да ја дошетаат цареа земја и после да се вратат (3, 105).

ДОШИКА СЕ *гл. свр. 9осети се; (9о)текне;* овде: *во пословицата:* Нагоарам ти, ќерко, дошикај се, снао (6, 16).

ДР. *скратеница за* **друго**; ...десеттио стих од 34. пс. Давидов... вели: „Богатите осиромашуваат и огладнуваат и др.“ (4, 204).

ДР-ДР! *изв. за подражавање на 9р9орењето;* Ајде, ајде (бре каурче), плати баждарот и не зборуј многу, оти не можам да те слушам тука, др-др-др-др! (5, 146)

ДРАГ -ои *м. 9олг стан (може 9а биде и со чепорешка на врвот);* Зел еден драг (чорбаџијата) и му го турнал седелото (на штркот) (6, 88); Каква работа ќе биди оваа, Итромане Пејо, ние го закачивме со пари, а сега лепешка гоецка најдовме на драго? – му рекле (6, 217); *во мн.:* драгои: ...отишле (рогоите) наугоре, како некој драгои и тополи! (3, 159); ...рогоите расти и расти, како некој драгои... (3, 162)

~ Со придавките: **боров**: ...издумале (неколцина Мориовци) еден маривет мориовцки и го закачиле (ќесето) на еден драг боров што носеле да го продаваат (6, 216); **висок**: (Ќесето) го закачивме на еден драг висок, на врвот (6, 217); **долг**: (Ѓаолот) нашол еден драг најдолг, та 'и врзал на крајот чевлите и... му 'и подал на бабата чевлите (4, 235).

ДРАГ *прид. љубезен, сакан; мил; при обраќање* **драги**; 'И тепав и ји истерав (децата), драги ми пријателе, оти не си ја знаат матимата (4, 190); Е, море побратиме драги, еднаш мене ми пцојса магарето (6, 95); Ај пријателе драги, ти мене ми запали кандило, ама јас треба да ти напраам многу поголемо добро (4, 281); Невозможно бакалов драги да му пишел на муштеријата токмо колку што ќе земел (5, 363).

~ Во изразот: **на драго срце** – *мошне радо; со радост, со задоволство; од своја волја;* На драго срце, браќа – им рекол (помалио брат) – приимам секој кој ќе си бендисат да си свршит (3, 102); Кога чул тој збор богатио од сина си, на драго срце беше му дал 20 илјади грошеи (2, 247).

~ Со именките: **бакал** (5, 363); **побратим** (6, 95); **пријател** (4, 190; 4, 281); **срце** (2, 247, 3, 102; 4, 97; 4, 104; 4, 185; 5, 71) и др.

ДРАГИ *прид.* Вид. **драг**.

ДРАГО *прил. за изразување радост и задоволство: мило, пријатно; во синонимен спрег со прил.* **мило**; ...еве ти една баба кај седит пред еден чекрк позлаќен, што сам си предел лен, дури да ти е мило и драго да го гледаш (3, 36); Од овие и друзи маки ќе бидиш сеедно замислен, ништо не ќе ти биди мило и драго, да дури да умриш (2, 109).

~ Во изразот: **кај ми ти је мило и драго** – *каде сакаш, каде ти е пријатно;* Ќе си вечераме (дедо) што дал Господ: леб и сол и ќе си пренокеваме. Да, дај Боже здравје, утре ој си кај ми ти је мило и драго – му рекла (вдојцата) (4, 152).

ДРАМ -ои *м.* (грч.) **1**. *некогашната мера за тежина (1/400 дел од ока 3,2 гр);* Си ја зеде рецетата царо со радосно срце и си почнал да руча и да вечера сè со драмои тргано, као

што му пишуало рецетата. На билјаро му подарил еден тоар пари и еден сарај за да живетит царски. (5, 29).

2. *тег со таква тежина;* Утрото беше си приготвил (момчето) една табла, терезии и драмои и си купил круши, та тргнал по маала (5, 176).

~ Во и з р а з о т: **со драмои** – *мерено;* Кога 'и чу царо тие зборои, беше кандисал и ватил да јади сѐ со драмои, како што беше тргано сето зајре од еќимо (5, 87).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: ...го молив (магарето) едночудо да се принапие вода, а па тоа не се напи нити еден драм (5, 89); **триста**: Од сите зајрења што ќе му тргал со терезијата кусо ќе му даел по стодрам; демек оката триста драма (5, 364).

~ Со п р и л о з и т е: **колку**: Честити царе, еве оваа е мојата рецета што ќе ти ја даам: од сиве јадачки по колку драмои сум ти пишал, по толку ќе пиеш и ќе јадиш (5, 29); **кусо**: Јас така продаам, пријателе – му рекол (касапо) – нетргано месо; ако не веруаш, оди на друго место, тргај го, ако излези еден драм кусо, ќе си платам џезата (5, 170); **поеќе**: Така му направи (еќимо на царо) и вечерта и му пиша на една книга колку ракија да пие на ручек, нито драм поеќе, ни помалце, токмо да биди (5, 29); **помалце**: Вид. поеќе; **толку**: Еве оваа ракија, и ова мезе, и овој леб, и овие манџи, што се пишани на оваа книга од мене, честити царе, ќе 'и гледаш и по толку драмои ќе пиеш и ќе јадиш секи ден (5, 86).

ДРАН *гл. прид.* од д е р е; Дран прчко, недодран, лисица и бумбар [Наслов на приказна бр. 4 (2, 15)]; дран-недодран – *не сосема одран;* Го врзал (стариот прчка) за рогои и беше му ја одрал кожата на животи и... Трештил прчко дран-недодран да бега од пустата болештина (2, 16); Беше си дошла кума лиса од пасење и кога го видела прчка дран-недодран, умрела од страои (2, 16).

ДРАСКАНИЦА -и *ж.* овде: *нешто надраскано (како резултат од нејасно пишување);* овде: *во синонимен спрег со* **чкртаница** и **штракутница**; Ни ѓаолот не можел да пеит

чкртаници и драсканици пишани од сиромаио на една бела книга (5, 151); Сега јас да земам една книга и да ја испишам само штракутници и драсканици од мураќеп (5, 150).

~ Со п р и д а в к а т а **пишана**: Вид. ги горните примери.

ДРАСНИТ *гл. свр.* **драсне** – *гребне;* овде: *(прен.) земе за себе, украде; грабне;* Кога 'и виде кадијата (скапите работи), срце беше го ватило за нив за да 'и драснит (5, 294).

ДРВАР -и *м.* **1**. *тој што сече, носи, дотерува, продава дрва од шума;* Еден дрвар си терал дванаесет магарињa, собрани од маало, да му носи дрва и да му зема по еден грош на тоар (2, 59); *во членувана форма:* **дрваро(т)**: Коа чул тој збор еднoокио, му паднал на аман и го молил со многу пари да не ја јави работата на големио. Зел и од него многу пари дрваро (5, 187); Се уверуал дрварот и му клал на магарињата по едно пиперче (6, 100); *во форми за обраќање:* **дрваре**: Зини, бре дрваре, за да ти плукнам в уста за да разбираш сите јазици (3, 66); Ела сега ти по мене, дрваре, да ти кажам каде је реката поразлеана, да 'и натераш магарињата (2, 59); дрвари: Слушајте вие, дрвари, утре коа ќе ојте на дрва да го земите ато и да го тоарите со дрва (5, 75); *во мн.* **дрвари(те)**: Тука била и жената му кога викал (чорбаџијата) на дрварите. – Не викај по дрварите, домаќине – му рекла – оти тие не го зедоа (ато), ами му го дадов јас (5, 75); Качуајќи се детето да бери јаболка и дренки, го виделе козари и јагленари, дрвари кај што берело, та се чудиле од каде е тоа дете голоо (3, 193) .

2. *дрварлак;* Си бил еден стар чоек многу сиромав и си имал неколку чупи, сите за јадење и за носење од куќа надвор (за мажење), а на стариот занаатот му бил дрвар (4, 51).

~ Со и м е н к а т а **сиромашец**: На амино си поминал еден многу сиромашец дрвар тамо и, видуајќи 'и парите, си 'и зел и си отишол дома (5, 371).

~ Со п р и д а в к и т е: **друг**: Друг еден дрвар видел еден тргоец оти си 'и клава парите под веленцето кај што седел што му носеле светот (6, 72); **кроток**: Си бил еден дрвар,

многу кроток и смирен, а пак имаше една многу нечесна жена (3, 147); **некој**: ...на враќање по патот нашле (дедото и внукот) едно вастагарче, од некој дрвар паднато и го зело детето в раце (5, 352); **сиромав**: Го погледа во лицето кај што спиело (детето) и му се нажалило да го скорива ...Триста умишта го удриле сиромаио дрвар и не го скорнал и си отишол тој сам на дрва (3, 148); Од тој голем страв сиромајио дрвар беше му се таксал (на чоеко) бездруго утрото да си оди на виљает, без да му сака пари за дрвата (5, 183); Кандиса сиромајио дрвар на збороите од проклетио лош и тргна да оди у него дома да види али е вистина од тие дрва да гори (5, 181); **сиромашки**: Алах билер (Господ знаи), уште можи и сега да бега сиромашкио дрвар од силата на малото луто пиперче (6, 100); **смирен**: Вид. кај кроток; **стар**: ...Господ беше му рекол на старио дрвар богатство и раатлак ќе му даел на тој век (4, 51).

~ Со б р о ј о т: **еден**: Спроти оваа (приказна) има една што собирале арамиите пари во еден ќутук и го пресекол еден дрвар, та му го продал на некој коач за да си клаи накоалната (3, 227).

~ Со б р о ј н а т а и м е н к а: **двајца**: Поминало некоја недела и ’и викнала (жената) двајцата дрвари што имале (5, 75); И на двајцата дрвари му дошле пари, како што му дошле и на горнион (6, 72).

ДРВАРИЦА *ж. жена; ѳевојка ѳрвар;* Виде-невиде дрварицата, ’и растоарила сама (магарињата) и крена една врека в раце (6, 72); Дрварицата го кладе во ум тоа пременување од кобилата (3, 67); Во ниедна куќа не нашле машко неизлезено отколку у дрварицата ќелешо (2, 267).

~ Со п р и д а в к и т е: **пуста**: Без да го пожалат пуста дрварица, засукала поли ракаи, заготвила сѐ што треба за умирачката од мажа је (3, 68); Ете ти магарења, ете ти сѐ, што знаиш, прај сега (је рекол мажот је). Виде-невиде, пуста дрварица го арниса. ...Му ’и дала дрварицата магарињата на чоекот, и тој отишол кај што копал земјата бела; беше нашол едно азно... (6, 71); **сирота**: Гледајќи тоа нешто сирота

дрварица, голема мака е идело и сеедно го карала и го учела сина е ...да оди на дрва (2, 264).

ДРВАРЛǍК *м. професија, занает на дрвар;* Лош занает ет, синко, дрварлǎко, гледај да научиш ти и брат ти некој полесен занаат за да печалите пари со полесно (3, 147).

ДРВАРЧЕ -иња *ср. дем.* и *хип.* од д р в а р; ...и дрварчето дошло со крастаиот коњ да надбодинуат цареа ќерка (3, 56); Многу пати го здружуале (момчето) со некои дрварчиња и го праќале в орман да збира дрва (2, 236).

ДРВЕН *прид. што е изработен од дрво;* Двајца каиџии, чорбаџи, ми го донесоа вчера (камено) да го напраам дибек, чунки дибеко ми е дрвен (3, 226).

~ Во и з р а з о т: **глаа дрвена** – *луд човек; будала; тврдоглав;* Е, мори глао дрвена – си велел мажо – што ти треба да праиш добрина на сакат чоек што го накажал Госпо (5, 95).

~ Со и м е н к и т е: глаа и дибек.

ДРВО -а, -ја *ср.* **1**. *долгогодишно растение (со корен, стебло, гранки).* **а**. *во единина:* Оттука си излегол (мажот) во коријата што била над куќи; после, оит од дрво на дрво, си бара гранка појака за да ја обеси (жената си) (5, 204); Не ми запрел (Господ), змијо, од сио емиш, ами само од она дрво што е стреде во рајо... (4, 9); *во членувани форми:* **дрвоно**: Да имам сега една пушка далјанка, да да ја клаам на колено, тики да курдисам едно јајце, еее, онамо на дрвоно; пред јајцето да обесам еден прстен и туку одовде да тргнам со пушката вака ја, дан (5, 161); **дрвото**: Е, е, море ѓаоле – му рекла Ева – немат кабает Господ што нѐ истера, туку ти ми имаш кабает што нѐ излага да касниме од дрвото (4, 13); Кога гледат (царцкио син) сенка... се пресенуало од девојчето што било на дрвото (2, 181); Сам знаиш ти, Господи – му рекол свети Илија – туку пак да ти кажам: откоа се скрив во дрвото, дојде на чешмата еден коњаник (4, 134); За кǎсмето на кǎсмето и на сиромаио, дошол Госпо на дрвото со сите светци и ангели небесни (3, 245); *во множина:* **дрвја**: ’И клал (Господ) Адама и

Ева во рајо да го работат и да јадат од сите дрвја што беа во рајо, колку што му сакало душа (4, 8); Е, домаќине, ти ништо не је велиш на сестра ти, оти ’и искорна сите дрвја од бавча, ете сега ’и испуштила сите бочви со вино и со ракија! – му рекла со голема лутина (жена му) (2, 161); *во членувани мн. форми:* **дрвјата**: Секоја година, тоа така се праело: еден оздравуал и блаосов давал, а со стотници не здравеале и колнале дрвјата што биле во калта и водата (4, 25); **дрвата**: Да ако нема некоја трага од чоека, пак сакал (Силјан) да се врати назад, кај изворот, за да поживеит тамо со јемишот што бил на дрвата (2, 141). **б**. *со ѓлаѓолиѿе:* **види**: Секој што ќе ’и видел тие три дрвја, сѐ ќе речел нешто лошо за нив, чунки не давале плод и сенка (4, 24); **врли**: Ха, бре луѓе, грабнете ’и овие колнати дрвја да ’и врлиме во батако, оти и тие сет на глаата од Адама израснати и проколнати (4, 25); **гледа**: Со денеска, со утре, народот сѐ со криво око гледале на тие три дрвја, дури и на местото кај што биле пораснати (4, 24); **грабни**: ’И грабнале луѓето дрвјата и ’и однесле во еден батак што бил тамо близу, та ’и врлиле (4, 25); **изникни**: По многу годиње беше изникнале три големи дрвја... бесплодни, дури и без сенка да држат (4, 23–24); искорни, јади, касни; Вид. кај 1. а; наведи се: Се наведило дрвото и (невестата) го потурнала, та се откорнало од корен и си го нашла азното (2, 133); **најди**: Нашол (капиданот) едно дрво суо и отишол до дрвото, та си ’и врзал со едни пајвани рацете за дрвото (2, 112); **однеси**: Вид. кај грабни; откорни (се): Откоа беше се врзал (капиданот) за дрвото, му удрил мавмузите на коњо... Арно ама... се откорнало дрвото и му паднало на десното рамо (2, 112); **роди**: Сите го велеле местото оти било лошо или колнато од Бога, да затоа таквие дрвја родило (4, 24); **потурни**: Вид. кај **наведи се**; **турни**: Господ беше заповедал да дувнат едни силни ветрои и беше ’и турнале трите дрвја наземи со корењето превртени наугоре (4, 24).

2. *сѿебло и ѓранки исечени (за ѓорење, обработка и ѳр.).* **а**. *во еѳнина:* ...и едно го видоа селаните (волкот), тики коа грабнаа: кој дрво, кој камен и му излегоа на пречек, та

коа му легнаа: удри гиди, удри – коска здрава не му остана (2, 25); Го однесе ѓаолот (детето) на ан и колку да го врзи за јасли со огламнико за да го биет со дрво и да го убие (4, 250); *во членувана форма:* **дрвото**: Кажи да видам на тоа згора што џуап ќе му даиш (на дрваро), та да куртулисаш и да му го земиш дрвото? (5, 184); *во членувани мн. форми:* **дрвава**: Ако е вистина што ми рече змијата, е ај нека се напраит еден чардак и на чардак да седам јас, магарето со дрвава и веднаш да ме носи дома (2, 266); **дрвата**: Седнал сиромајот старец да се починит. Арно туку после не можел да станит со дрвата, чунки биле тешки (4, 147); Да ни благосоит (Господ) ноќвите да не ни се свршуа лебо и ќупоите со масло, дрвата, јаглењето, виното (4, 136). **б**. со и м е н к и т е: **камење**: Лисица најдов, нунко ќе ме праит. Мене не ми требаше нунко за да бидам и да ми ’и скршат коскиве со дрвја и камење (2, 27); Овде на чело ќе го курдисам (нункото), ем кога ќе го приближиш до село (лисо), ќе излезам со сето село за да го пречекам со голем салтанат, сѐ дрвја и камење в раце ќе држиме, за чес голема да му напраиме! (2, 25); **стапои**: Кога разбрале селаните оти волко в село на магаре, како некој нунко му дошол, награбале пушки, секири, дрвја и стапои и му се пуштиле по волкот да го бијат (2, 50). **в**. *со ѓлаѓолиште*: **грабни**: Налутен берберот, затворил портата на клуч и грабнал едно дрво, та ватил да бара вамотамо низ куќа (5, 312); **збира**: ...и тој кăсмет бил од еден богат што му работил и тој така му рекол. Поодил попотаки и еве му еден чоек кај туку збирал дрва (2, 124); **зема**: Вид. 1. а; набере: Одејќи в планина, му набрал дрва на ќелешо (комшијата), му ’и тоарил и си потерал својте магарења (2, 265); (Дрварицата) го молила (комшијата) да го земи сина е со себе, да му набери дрва, да му ’и тоари за прв пат за да се научи и после сам да си оди на дрва (2, 264); **награби**: Вид. кај 2. б; **нареди**: (Комшиите) му давале понекоаш по нешто работа по дома (на момчето): коа дрва да нареди, дрва да пресечи, вода да им залеи и друга работа (2, 236); **носи**: (Дрварот) си терал дванаесет магарења... да му носи дрва и да му зема по еден грош на тоар, та со тие пари да ја гледа

куќата и да си рани челадта (2, 59); Никако есап не му ваќало (на дрваро) као да ’а прегази (реката), чунки носела дрвја и камење (2, 59); **пресечи**: Вид. кај **нареди**; **приготви**: Момчето беше си приготвило уште од летото дрва и немало гајле од студот, чунки си палило огон и си се греало (2, 201); **прогризи**: ...и дрвја да прогризам, и пак не ќе се најадам, како што ме сакаш ти (2, 15); **продаа**: Си бил еден сиромав чоечец. На рамо си носел дрва од планина, ’и продаал и се ранел (4, 147); **супраи**: Си дошол дома ќелешо и си ’и супраила мајка му дрвата (2, 266); **тоарит**: (Момчето) одило од бука на бука за да најди некоја бука поедра, да ја пресечит и дрва да си тоарит по арни, за поеќе пари да чинат (2, 237); Вид. и кај **набери**; **цепи**: ...та беше му текнало (на попо) оти максус беше натеруал домаќино да цепит некој од гостите дрва, ѓоа попо да речит: јас ќе цепам и дрва (6, 157).

3. *(прен.) глупав човек; таков што не сфаќа, не е во состојба да научи (нешто);* Ај мајсторе – му рекол чоекот – како, оваа година го научи сина ми? Али дрво го зеде, дрво ќе ми го даиш? (4, 248)

~ Во и з р а з и т е: **дрво и камен**; **дрва и камење** – *сè без исклучок;* Дали не работам (мори домаќинко) дење и ноќе; дрво и камен кај толчам (4, 82); Дрва и камење, дрва и камење, тоа ќе си јадам, дури да ме најде некоја дивина (3, 157); **за на дрва** – *за на дрва берење;* (Дуња Ѓузели) му свикала на лутина на момчето: – ...Што си ми дошол во куќава моја, магаре едно? Дали за на дрва ќе те праќам, дали на јаглење? (3, 279); (Детето) му го преврлило петраиљот преку рогој (на ѓаолот) и го повел по себе како магаре за на дрва (4, 265); **како црво што го јади дрвото** – *непоносливо јаде, мачи некого;* Еден маж си имал една жена од змија полоша. Како црво што го јади дрвото, така таа го јадеше домаќино (2, 211); **на дрва** – *на дрва берење (брање);* По време, пак дошол дрваро на дрва и го побарал ’рслано да му оди на гости, чунки напре му се нагости (2, 60); Го кренала (дрварицата) сина е со триста сили, та го качила на магаре и го испратила на дрва (2, 265); Ај растоари, жено, и не вреви, оти доста ми е ма-

ката: еве душаа во носов ми дошла! И да знаиш, жено, оти од денеска нема да ти одам на дрва. (6, 70); На тоа згора, кандисал ќелешо за да оди утрото на дрва со комшијата (2, 265); Една вечер беше му се стегнала јако, шу да го прати на дрва (сина е), макар в планина да остани (2, 264); **од дрва** – *од дрва берење (брање);* Еден ден многу беше му се смачило (на дрваро) идејќим од дрва, чунки беше врнало лапајца, сиот се истопил едночудо (6, 70); Еден сиромав дрвар си имал пет магарења, мошне слаби и одвај ќе 'и дотерал од дрва (6, 100); **пијан како дрво** – *многу пијан;* (Комшијата) му клал еден ќулав на глаа (на попо), му врзал еден алов појас... и го остаиле под трем да спиет, пијан како дрво и напраен на кумита (5, 195); **по дрвја и камење** – *насекаде;* Откоа ја дигна орелот цареа ќерка, царот распратил по целата земја луѓе за да ја бараат по сите планиње, по дрвја и камење (2, 207); **се виткал како црв во дрво** – *не знаел што да прави;* Се виткал сиромаиот како црв во дрво пред жената си и пред децата (5, 257); **стребро и злато ако ватеше, камен и дрво ќе му се стореше** – *никако не напредуваше;* Што работа ќе ватеше сè за назад ќе му беше; стребро и злато ако ватеше, камен и дрво ќе му се стореше (3, 266); **чесно(то) дрво** – *наводно, парче, дел од дрвениот крст на кој бил распнат Исус Христос;* Откоа (цар Костадин и царица Елена) го кладоа чесното дрво во азното, ватило азното да се множи (4, 36).

~ Со придавките: **арно**: Вид. кај танко; **бесплодно**: Вид. кај цероо; По многу годиње беше изникнале три големи дрвја од глаата од Адама бесплодни, дури и без сенка да држат (4, 23–24); **бла(г)ос(л)о(в)ено**: Како, како, триж благословените дрвја. Повторил чоекот: – Не се, честита царице, благослоени, ами триж проклети (4, 29); И така од цар Соломона проколнати биле дрвјата, а од царицата блаосоени (4, 29); **ветерничао**: ...до чешмата имало едно дрво ветерничао и под тоа дрво се збирале ѓоамити ветроштиње (3, 144); **високо**: ...да се качиш (оче егумене) кај високоно дрво (4, 207); Одејќи по патот (ќерко), ќе сретиш едно дрво високо (2, 131); ...видел (момчето) една лоза, вкачена на едно дрво високо,

оопсипана со грозје, тамам тогај беше втасало за зобање (3, 157); **големо**: ...седнале (граматиците) под една сенка од едно големо дрво, што било близу до реката (4, 76); ...една вечер (кăсмето) дошол под едно големо дрво и седнал да се мисли кај да му бара работа на сиромаио (3, 245); ...дошле (мажо и жената) до пол пат, та застанале под едно големо дрво (3, 245); По многу годиње беше изникнале три големи дрвја од глаата од Адама (4, 23–24); **дебело** (*со прилогот* троа): Донесол (домаќинот) троа дрва дебели в куќи и секирата и му рекол на гостите: – Ве молам, гости пријатели, ако не сторите еден завмет да стани некој од вас да отцепит некое дрво, за да подвалиме огно, оти ене кај ни згаснал (6, 157); **друго**: Вид. кај бр. едно; **живо**: Сум слушал од стари оти Јордан течи... од стреде на рајо, од живото дрво што не овенува никогаш (4, 70); **змиино**: Думал сиромашкио богат со што да се обложи, најпосле му текнало да се обложи со змииното дрво што го имал во бавчата (2, 229); **израснато**: Грабнете 'и (бре луѓе) овие колнати дрвја ...оти и тие сет на глаата од Адама израснати и проколнати (4, 25); **јаороо**: Поодија (децата) до некаде и ете ти една чешма и до чешмата едно дрво јаороо (2, 180); Близу до чешмата имат едно дрво јаороо (4, 133); Виде царев син оти не можит да пресечит дрво јаороо (2, 182); Еднаш (старецот) беше 'и скарал неколку деца, што биле собрани онде на крај селоно под едно дрво јаороо (2, 145); **колнато**: Их, колнато дрво, што си било, ни на дрвото кога беше гранка сенка даваше, ни пак в огнот гориш! (4, 24); ...мунасип ет за ваков чоек да се распни на таков крс напраен од колнато дрво (4, 25); Ха, бре луѓе, грабнете 'и овие колнати дрвја да 'и врлиме во батако (4, 25); Тоа место, кај што се клале трите колнати дрвја, си зело име: Мостот од триж колнатите дрвја (4, 28); Колнати дрвја од Бога тамо скапујте до века! (4, 25); **леко(ј)ито**: А, бре луѓе – рекол еден – дали има некој од вас што да сте го познале лекоитото дрво што го има во нашава планина? (5, 180); ...кажал старио за лекоитото дрво, како татко му некоаш донесол од тоа дрво во тој град (5, 183); Дрва лекојити сет, пријателе – му одгоорил (дрваро на чоеко) –

и сум ’и донесол да ’и продаам (5, 181); **миризливо**: И ако го најдов, да што аир ќе видев од дрво миризливо, друго што? (5, 180); (Ричките) биле накитени со секакви убаи миризливи дрвја и секакви цвеќиња (3, 99); **неарно**: Едни велеле оти арно му се сторило што ’и откорнал ветрот таквите неарни дрвја (4, 24); **некастрено**: Си зел (Силјан) в раце едно дрво некастрено, како за стап, в раце да му се најдит, за од лошо да се брани (2, 141); Сопашал појасот чоекот, го врзал јако за дапчето, за гуша, и отишол до некаде, та нашол едно дрво некастрено и му се вратил на ’рслано (2, 86); **некое**: Бре! Да зер за него си го купил (домаќине, џигеро), ха? Е, лели било така, обеси го на дирек џигеро – му рекла (жената му) – ја нека отцепи некое суо дрво за огно да си го подвалам (5, 16); Кога да стоите на некое дрво или наземи, да се вардите од секаде (2, 74–75); **никнато**: Секој чоек што ќе ’и видел тие три дрвја, сѐ ќе речел нешто лошо за нив... а никој не знаел оти сет никнати од семките од Адамоата глаа (4, 24); **опалено**: Вид. кај пресечено; **останато**: И мунасип нашле (Евреите) да напраат три крстои од тие дрвја останати над проклетото место (4, 23); **поцрнато**: Вид. кај пресечено; **пресечено**: ...поодил (Арнаутино) до негде и видел едно дрво пресечено на ќутук и со огон опалено и поцрнато (6, 82); **проклето**: Во таа вода кај што има проклети дрвја, ич бидуа болен да оздравеи (4, 25); **проколнато**: Вид. кај израснато; **пусто**: Де море ал, ами сега кој ќе му ги тоари пустите дрва? (2, 265); **раплао**: Вид. кај цероо; **растоарено**: ...си отиде (змијата) и јас си останав до растоарените дрва (2, 268); **секакво**: Коа ќе помините тие и тие планиње и ќе дојдите при едно езеро, до едно убао поле, зелено како јагурида, при едни сенки од секакви дрва, и тамо ќе ве стемни (3, 97); Плото од трендавилите бил околу наоколу во сето поле ...и внатре ливада со секакви цвеќиња, дрвја секакви јемиши (4, 75); **старо**: Секој се чудел како да се откорнат таквите стари дрвја (4, 24); ...се опули (детето) насекаде околу сараите и виде една бавча многу голема со многу стари дрва (2, 273); **суо**: Одејќи (браќата) дојдоа во една гора и запеало едно пиле на едно суо дрво јаороо (3, 178); Нашол

(Цане) едно дрво суо внатре шупливо и ватил да го сечит (2, 136); ...близу приквечер (Адам и Ева) ’и натерал (ѓаолот) да соберат суи дрвја и да напраат една колиба (4, 15); Откоа си зедоа зборои и си дадоа, ламјата си влегла во дупката и чоеко си набрал троа суи дрва и си отиде дома (2, 219); посуо: Одејќи (сиромаио) низ дрмите и барајќи посуи дрва, дошол до една спила кај што видел посуи дрва и почнал да ’и крши со нога (2, 219); **танко**: (Момчето) одило од бука на бука за да најди некоја бука поедра, да ја пресечит и дрва да си тоарит по арни, за поеќе пари да чинат, а не како напред, што собирал дрва танки, што да се продаваат за грош и педесе пари (2, 237); **убаво**: Сакам да си земиш секирата и да појдиш на големата планина... та да бараш некое убаво дрво и да напраиш едно рало крошни (6, 197); **угодно**: ...нигде (луѓето) не могле да најдат таквие угодни дрвја (многу дебели и многу долзи) (4, 28); **цело**: Коа видоа војската еден јунак да трчат, кај нив, со едно цело дрво сосе гранки и корење, да ’и биет, трештија и избегаа (2, 112); **цероо**: ...да не бидете (братија возљубени) како некое дрво цероо бесплодно и раплао (4, 258); **црешоо**: ...почнала (стрвната баба) да се качуа на едно црешоо дрво (4, 279); **чесно**: (Цар Костадин) ја пречекал царица Елена, и го клале ковчежето позлаќено со чесното дрво во царцкото азно, да стои (4, 36); **шаторесто**: ...отидов (кај) дрвоно шаторесто, што е онамо кај пустото долиште и си легнав под дрвото да чекам некој лов (3, 299); ...си патуал чоеков со вреќата на рамо и поминал покрај едно дрво шаторесто во време на глуа доба. (4, 230); **шупливо**: За кăсметот негов (на Еѓуптино) се погоди до него едно дрво шупливо и се пикна внатре да се скриет да не го изедат мечките (2, 127); ...вечерта (детето) дошло во една гора, та нашло едно шупливо дрво и влегло внатре, та си легнало (3, 111).

~ Со б р о е в и т е: **едно**: Му се скршило едно дрво на џамијата од некое село и ’и собрал оџата сите селани да најдат мунасип за едно друго дрво (6, 131); Летало (петлето) на едно дрво и застанало да гледат кај ќе ојт кума лиса (2, 18); **две**: (Жената) да ’и клаи двете дрва миризливи во огнот да

горат (5, 181); **три**: Видел цар Соломон оти трите дрвја си играле со него и со мајсторите (4, 28); ...дојде Ристос на земјава и откога го пресудија да го клаат на крс беше им текнало на попојте и хахамите еврејски, да ’и изваат трите дрвја што лежеа во батакот (4, 25); Секој чоек што ќе ’и видел тие три дрвја, сѐ ќе речел нешто лошо за нив, чунки не давале плод и сенка (4, 24).

~ Со п р и л о г о т: **троа**: Вид. кај дебело.

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 18; 2, 182; 2, 219); (3, 225; 3, 226); (5, 95); (6, 36; 6, 201) и многу други.

ДРВОДЕЛЕЦ *м. тој што изработува разни предмети од дрво; столар;* Да речиме: на еден му пишуало дарба за орач; на друг дарба за коач; на треќ дарба за воденичар; на четврти дарба за дрводелец; на петти дарба за терзија; на шести дарба за кожуар (4, 191).

ДРВЦЕ -ца *ср. дем.* и *хип.* од д р в о. **1**. Вид. д р в о 1; Отишла (најстарата снаа) во бавчата искорнала едночудо дрвца во една година садени (2, 161).

2. Вид. д р в о 2; (Сиромајот) го помолил свети Илија да појдит кај Бога да му посакат едно магаренце за да си носит дрвца (4, 147).

~ Со п р и д а в к а т а **суо**: Сопрво беше напраил (Силјан) еден крс на едно дрво од некое суо дрвце за да го познаат местото (2, 141).

ДРЕБЕН -бна *прид. ситен, дробен;* Си бил еден сиромав чоек со три-четири дребни дечиња (3, 266).

~ Со и м е н к а т а **дечиња**.

ДРЕМКА *ж. дремеж, сонливост; во составот* **го вати, го навали, го навалуа дремка** – *почне (почнува) да му се спие;* ...да го вати една дремка (детето), да слези од коњ и да го изеит змија (3, 176); Така разговарајќум се (светецот и чоекот), ’и ватила дремка под сенката на едно дрво (4, 47); Како пил тутун (стопанот од лозјето), како пил и до најпосле го навалило дремка, и си се навалил до корено од дрвото (2, 78); ...се напоручал арно (чоекот), та си го излокал картето со

винце и си го запалил чибукот и пак го навалила дремка (2, 79); ...по полноќ после ватило да го навалуа дремка (2, 117).

ДРЕН *м. бот. дрвото* Cornus mascula; ...момчето се опулило до една пештера и видело еден дрен турен со дренки (3, 159).

ДРЕНКА -и *ж. плод од дрен;* Еднио (ѓаол што станал магаре) си го тоарил (момчето) со грозјето и дренките, а другио си го јавнал (3, 161); (Момчето) видело еден дрен турен со дренки, тамам беа узреани дренките (3, 159); После му кажуало (момчето на царо) како изел срцето од пилето ...како побегнал во пустелијата, како јал грозје и дренки (3, 163).

~ Во и з р а з и т е: **едни дренки**, **како некој црни сливи** – *мошне крупни (јадри) дренки;* (Момчето) видело ...едни дренки, како некој црни сливи (3, 159); **ка(к)о неко(ј)а дренка** – *(за пченица, јачмен и сл.) мошне крупно, јадро;* Е, море петле, е, море брате, па да знаја по патот што пусто јадење имат: еден јачмен во зрното како некоја дренка, само за колвање (2, 18); ...коа го одвеа врао (праведнио чоек), излезе една пченица као некоа дренка и сите што видоа на големо чудо станаа и сите Бога го прославија (4, 122).

~ Со п р и д а в к и т е: **блага** и **лезетлија**: ...едни блази дренки и лезетлии беа ти биле, што немало нигде како нив, немало на целио век (3, 159).

~ Со б р о ј о т **две**: Каснуање (момчето) двете дренки, и веднаш беше го заситиле, како што беше го заситило грозјето (3, 159).

ДРЕНКОКОШ *прил. на начин со рацете фатени од двајца, така што да се направи седиште за третиот што ќе се носи;* Дојдоа двајца дервиши и си го кренаа (мажот) дренкокош, та си го турија во една земна одаја (6, 25).

ДРЕНОВ *прид. што е од дрен;* ...исповрти чинело (момчето) со дреноото вастагарче (по Дуња Ѓузели), фркни ’а чини по газо (3, 162); Не му је доста (на стопан ми) маањето со нозе, удри по газ со тоа пусто вастагарче дреноо. (2, 92)

~ Со и м е н к а т а **вастагарче**.

ДРЖАА *ж.* Вид. **држава**.

ДРЖАВА -и и **ДРЖАА** *ж.* **1**. *независна заедница на луѓе од една или повеќе народности на одредена територија и под иста политичка власт;* Откоа се поздравиле сите со него (со момчето), почнале да го прашаат од коа држаа јет и као го викаат (5, 132); Одејќи Арапо во својте сараи што 'и имал во таа држаа кај што бил тој, го внесол детето во една одаја, му покажал јадење и пиење (2, 282); *во мн.:* држави; А пак за да го видиш рајо и вечна, не је нужда чунки ти не си ја видел Америка и друзи држави и пак веруаш. (4, 49)

2. *(во митологијата) земјата од ламјата;* Зел секирата (Цане) и теслата од јагленарот и отишол во планината кај што је била држаата од ламјата (2, 136).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Куцо магаре коњ бива во слепа држава (5, 147).

~ Со п р и д а в к и т е: **голема**: Јас сум, честити цареи, син на царо од големата држаа, еј на онаа страна (5, 132); **друга**: Вид. под 1.; **некоја**: Во некоја држаа си бил еден цар, бесчеладен. Големо желание имал за да има еден син, да го остаи по него на столо (2, 163); **нивна**: (Цареа ќерка) му подала ракија, каве и седнала спроти него и почнала да го распрашуа (момчето): чи син је, од каде је дошол во нивната држаа (5, 132); **сета**: Сторил ниет царот да ја мажит ќерка си и распуштил абери по сета држаа (5, 116); **слепа**: Вид. во пословицата; **цела**: Царот ...си го дал зборот по цела држаа негоа и по целата земја, за кое момче ќе је погоди што нишан има ќерка му, нему ќе му ја даел (3, 44).

држење *ср. гл. им.* од д р ж и (т); Збивал, збивал (штркот Силјан), одвај душата си ја зел, од пусти страв што беше превидел од држењето на Велка (2, 151).

ДРЖИ(Т) *гл. несвр.* **држи** – **I**. **1**. *има нешто в рака, в преграшка (не пушта да паде);* Назад, бре ѓаоли, оти сите ќе изгините и ова куче не ќе можите да го победите, лели држит крсто и босиљоко в раце! (4, 266); И Шопо го тргнал ко-

нецот што го држал со заби и му го тргнал целио колбас од устата на Швабата (6, 150); Го држал (момчето) магарешкио стап в раце и едно дошле ѓаолите до него мавнал со стапо (3, 161); *гл. прил.* **држејќим**: Држејќим ја в раце момчето смоквата, го прашало колку пари му сака на смоквите за оката и ја каснало смоквата, та си се сторило едно магаре (3, 283); *со прилог* **просто**: ...и до четириесетте дни еден чоек да го држи просто на градите си наземи... и ...ќе оживи (4, 131); (Еден чоек) го држа откупениот чоек на гради просто и го разодуаше (4, 131).

2. *задржува, не дава да се движи;* Немој домаќине – му велеше невестата плачејќи – не кајдисуј на мојата младос да ме држиш во гробо со умрените (2, 131); Овој старец треба да јет Господ, јас ќе го држам на вечера и да ноќева у мене (4, 197); Море попе, попе, јас туку седам и се чудам со тебе, со ова што ми праиш, за дека ме држиш заклучена мене во кукава (5, 191).

3. *посредува;* Се зазборуале тројца лажои да ја слечат една богата жена што држела некој ан (5, 96).

4. *чува, пази;* Ако му се роди дете некому, не можи да го откупи со пари од попо да го крсти; мнозина сиромаси си ’и држат децата некрстени (5, 38); ...дури бев здрав и му ваќав ката ден зајаци (на стопана ми), ме држеше и ме честеше; тамам се поболив, ме истера од порта надвор (2, 35–36); Него ќе го клаит Господ на тој век да го вардит рајот; тој ќе ’и држит клучеите од рајот – му рекол старио (4, 93).

5. **а**. *исполнува извесна обврска и сл;* Само ако имаш ти билка да пијам да не умрам, да заповеди што ќе ми даиш, јас можам да држам и да наддржам (5, 85); Лели си можел, честити царе... да држиш перис од тоа што ќе ти нарачам јас, ти бездруго нема да умриш (5, 85–86); Ха, тамам, ете таков барам што атр не држи, а не како Господ (4, 87); Клет и проклет да е тој син што не ќе држи последната заповед од татка си и од мајка си! (5, 57); Е до мене погрешка немат, оче дуовниче – му рекла (жената) – ама и законот си го држам што ни го дал Госпо, сполај му (5, 45); Овој збор, честити царе, не са-

де за тебе да го држиш, ами и на секој чоек да го велиш, ако сакаш големо богасто да добиеш (5, 43); Вака да знаите и дури ќе држите правината, ич да не се бојте; а ако пак ја ватите кривината, уште полошо може Господ да ве накажит (4, 126); *во пасивна употреба;* ...беше се арнисал тој лош адет да се губат старите луѓе, да дури до денеска кај се држит тој адет (5, 33). **б**. *празнува;* Бре, колкуцка малце се молела Богу оваа вдоица, ами ако држи празници, в црква да оди и метании да чини као мене, кизнај колку светена ќе биди! (4, 172); Турчин да бидам, треба беш намаз и Рамазан да држам (6, 178); Среда, петок и сите друзите пости си ’и држала (една набожна жена) од мерата надвор (5, 45); ...при сè што сите жени работеле, таа празник си држеше од ноќ до ноќ (5, 45); Е, море Манго, канонот наш ет лесен, треба со рака да се прекрстуаш в црква кога ќе одиш, од три жени поеќе не ќе земиш, ќе постиш и празници ќе држиш (6, 178).

6. *при повикување да биде некој фатен;* Држте ’а (бре ѓакони, болвата) да ја ватиме, оти ме изгоре до срце кога ме штипна во градиве (2, 104); Држ’, не пуштај, бре јазовче, таа проклета лисица, оти многу кокошки ми изела! (2, 30)

7. *овозможува;* Јас се израдуав дека најдов ваквоо убао и слатко (грозје) и да ми држи ситос (3, 158); По многу годиње беше изникнале три големи дрвја од глаата од Адама бесплодни, дури и без сенка да држат (4, 24).

8. *одржува во определена* **а**. *положба;* ...ако е ербап (овој човек) и коа ќе го вршит (просото) да може да го држи водата, та да не му го однеси, ќе се обогати (3, 246). **б**. *состојба;* ...гладни, жедни ’и држеа (старците), и пак не умираат. Де море ал де, смрт нема и друго ништо! (4, 199); Ов, море синко ...дојдов кај момчето да је живо навидум и невестата му со момчето ме држаа на пиљав, пак каснав што каснав и си станав да си одам сега (4, 234).

II. **се држи 1**. *фатен е за нешто; се придржува (да не паде);* ...беше се држал (Еѓуптинот) за една гранка кога зобал среши (2, 126); Еве кај се држам за луко – му одговорил арамијата – чунки овде ме одвеа ветрот, пријателе (6, 54).

2. *изѳржува, не попушта;* Држ' се, момче, и ич не бој се лели до овде стасавме! (2, 286); ...ако сакате да не изгините, вратете се назад, а па ако сакате да изгините, држ'те се да се обидиме (3, 49); Држ' се, не бој се, побратиме, еве сум до тебе (4, 124).

~ Во и з р а з и т е: **држи слово Божје** – *проповеѳа;* Во еден неделен ден, по литургијата после, држел слово Божје еден свештеник во некоја црква (4, 183); **ич му држеше** – *не смееше;* ...тој гласо го слушаше на наречниците, ами нив не моеше да 'и види, а пак да речиме оти ќе 'и видеше со очи, ич му држеше да 'и мавни, чунки го страв да не го вуложат (3, 182); **не му држи** – *се плаши; не смее;* Слушајќи тоа нешто од старио пес волците, не му држеше да појдат кај овците, при сѐ што 'и викаа штенците да јадат заедно (3, 70); Та од тие пусти страои, никому не му држало да влезит и да го истерат (прчка) (2, 16); Прао што е прао, сестро лисо, не ми држи да влезам, ако сакаш да јадиш кокошки, влегуј и ич не бери гајле кога си стоумница (2, 28); Ватиле да се вртат (орлите) околу кожата; арно ама сеќаале оти имало нешто живо под кожата, да никому не му држало да се прибери до кожата (5, 205).

~ Со п р и л о з и т е: **другаш**: Жено, домаќинко моја... да те затворам во одаја, та да те држам гладна и жедна три дни, ноќи, како што сум те држал и другаш (5, 93); **јако**: Се ватил Пејо за врвот, се ватиле сите селани за него и им свикал да се држат јако, оти ќе си плукни в раце (6, 221); Пусти Пејо смртта со очи си ја видел, коа се најде во тој страв на черек пат. Се ватил за ластунката и се држел јако, дури престанал ветеро (6, 197); **како**: ...му кажал дограмаџијата како да се држи (коњо) и као да го управуа ...напрао, накриво, наугоре и наудолу (3, 60); **малку**: Тјув, тјув, како грешија луѓено и ме наврлија со ѓубре – му рекла невестата на мажа је – ја држ' малку бовчата ...да се очистам и да се измијам на чешмана (6, 22); **многу**: ...уздата многу го држеше (коњот), тики веднаш го запрел, оти ако беше послаба уздата, нигде не ќе моеше да го заприт (6, 210); **овде**: ...нема да те пуштам (кăс-

мете) од врата надвор, овде ќе те држам една недела, да трпиш со мене заедно (2, 245); **откако**: ...змеот се најал и ја отпуштил црешата, откако што ја држал (2, 126); **сега**: Што ’и гледате овие две кучиња што ватија крс в раце ...сега де дрште ’и, а да ве видам заошто ве ранам! (4, 266); **така**: Во тоа време Итроман Пејо беше се ватил за кошарката со обете раце за повитот (праќе од кои се плетат кошарките) и така се држел (6, 208); **тамо**: Го држа (волко момчето) тамо цели три дни и три ноќи (2, 196).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 25; 2, 30; 2, 48; 2, 107; 2, 111; 2, 167; 2, 168; 2, 186; 2, 215); (3, 46; 3, 160; 3, 192); (4, 12; 4, 39; 4, 40; 4, 53; 4, 68; 4, 110; 4, 132; 4, 144; 4, 150; 4, 151; 4, 223; 4, 239); (5, 6; 5, 8; 5, 31; 5, 46; 5, 56; 5, 113; 5, 134; 5, 135; 5, 182; 5, 228; 5, 235; 5, 244; 5, 316; 5, 320); (6, 24; 6, 180; 6, 190; 6, 196; 6, 199; 6, 229) и др.

ДРМА -и *ж. ѓрмушка;* Одејќи (сиромаио) низ дрмите и барајќи посуи дрва, дошол до една спила кај што видел посуи дрва и почнал да ’и крши со нога (2, 219).

ДРМОЛИ *ѓл. несвр.* (грч.) *ѿресе;* Море чоече, заошто ја дрмолиш жената така – му велел капиданот – што кабает ти сторила? (5, 250)

ДРОБЕН -бна *ѿриѡ. сиѿен;* Еднио чоек ...наоѓал маана на Бога дека напраил пајази и друзи дробни мушички (5, 61); Тоа му кажуаше (татко му) и дробни солзи ронеше. – Не плачи, старче – му рече син му – не плачи, оти силен е Господ, правината се танчи, ама не се кинит (5, 279); **дробни дечиња** – *мали, уште неизѓлеѡани ѡечиња;* Еден сиромашец си имал пет дробни дечиња. Дење, ноќе работел и пак гладен многу вечери беше си легнуал (2, 241); Го пратил Господ ангелот за да му земат душата на еден чоек. Едно влегол в куќи, ’и видел пет дечиња дробни околу татка си наредени сите и в очи му се пулиле и плакале (4, 55); ...имам домаќинка и неколку дробни дечиња, та не можам со леб барем да ’и преранам (4, 78).

~ Со и м е н к и т е: **дечиња** (2, 241; 4, 54; 4, 55; 4, 78);

мушичка (5, 61); **работа** (4, 136); **солза** (5, 279).

ДРОБЕНКА -и *ж. парче месо, сланина (во манца);* ...и ја грабнала лиса дробенката од месо наместо рака од закопано девојче (2, 32); Море ако те дупни едноногио да дојдиш овде да се излажиш и да касниш од дробенката месо што је на канџава, ќе ми ти одерам кожинчето (2, 31)*; во мн.* **дробенки**: ...дробенките од сланината беа истекле во пепелта, а чорбата беше останала (6, 210); ...(тристамина дружина) беа го клале орелот да варит за ручек; тики кога варил, варил, дробенките беа истекле и чорба беше останала (6, 105).

~ Со з а м е н с к а п р и д а в к а: **некоја**: Бре ѓаоли, што се лидрите покрај грнето? Да не ве мачи ѓаоло да изваите некоја дробенка, да после да ве истерам од куќава? (3, 150)

ДРОБЕНЧЕ *ср. ѕем.* од д р о б е н к а; Лани јас овде вечерав, по девет ќофтиња за пара ми паднаа, а пак вечерва по едно дробенче месо ни даде (анџијата), по еден грош ни зеде (6, 95); Кога разбра саравот оти децата изеле глаата и срцето, беше го изело срце и не беше каснал нити едно дробенче од коковчето (3, 275).

ДРОПКА[1] *ж. парче месо (во јаѕењето).*

ДРОПКА[2] *ж. зоол. виѕ птица; ѕива гуска (патка).*

~ Во и з р а з о т: **ја удри дропката** – *му паѕна некому секирата во меѕ; оѕѕеѕнаш сè му тргна на убаво;* Ај ќе ја пуштам, да ако ме напраит царев зет, ќе ’а удрам дропката (2, 55); Вур патласн – беше си рекол сам со себе пашата – сега дури јас ја удрив дропката оти, не одит една година, и ќе се сторам садријазам (5, 128); Ха, сега ја удрив дропката си рекол (тргоецо) – ќе се скапам пари земајќим; еве ми бубаќ мов наместо бубаќ (6, 183); Со голем ќеф растоарил тоарот (мажот) и му се повалил на жената си оти ја удрил дропката: спечалил еден тоар чивит (6, 67).

ДРОПЧЕ *ср. ѕем.* од д р о п к а; Је се расцимолкале (двете деца) за да им даит по едно дропче од коковчето (3,

274).

ДРОЧИТ *гл. несвр.* дрочи: овде: *се излежува, лежи;* Ќе си ја држам на јасли врзана (маската), нека си јадит, нека си дрочит, ама скапо ми јет за триста грошеј; ако ми ја даите за двесте грошеј, да ако ви јет мило, ај дајте ми ја, нека пукни ѓаолот! (4, 225).

ДРУГ и **ДРУГИ**, друга, друго, други *прид.* и *бр.* **I**. **1**. *не овој, не ова; кој и да било, што и да било освен оној за кого или она за што се зборува.* **а**. **друг(и)**: **друг пат**: Од лутина што се налутила чумата, по друг пат тргнала да трчат да ’и втаса момчето и момата. (2, 261); *град*: Ја послушал (жената) мажот је и уште на часот беше тргнале да бегаат во друг град. (3, 198); Стани жената утрото рано, вџасена му кажала на мажа је и го молила да бегаат од таа куќа и од тој град во друг. (3, 198); Ќе одам во еден друг град за да му земам 250 алтăни од еден друг чоек што је во џевнемот (6, 226); *сокак:* По друг сокак стретија (крало и светијата) една жена со парталаи алишта и со неколку деца (4, 57); *еќим:* За некоа болес, ако сакаш билка, да ти даам, за кувет маџун ако сакаш да ти напраам, ама за ич да не умриш, само тоа да не сакаш, ни од мене, ни па од друг еќим... (5, 85); *маж:* Лош, арен, маж сум ти (жено), истеристемес ќе ме водиш. Треба да знаиш оти не е лесна работа ти да бегаш по друг маж (5, 93); *маривет:* Измислил царцкио арамија еден друг маривет за да го ватит тоа момче и да ја изнајдит која је куќата од закланио арамија (5, 349); *бакал:* Видиневиди сиромаси муштерии, плати му и побегни си у друг бакал да си праат алашвереш (5, 363); *пакос:* Ји врзав (гуските) нога за нога и ’и остаив да пасат, се поистаив настрана, и ѓаолцките орли ’и кренаа на облаци. Коа видов и друг пакос, бегај да бегаме (6, 214); *ден:* Денеска тепај, утре тепај, други ден карај (5, 244); Е, арно сега ќе јадам и ќе се најадам, ами за вечер, за утре, за други ден што ќе јадам јас сиромав? (3, 157); *човек:* ...од тоа царче поитро немало на веков други чоек, според како што ни кажуаше татко (4, 237); *сфетилăк:*...и коа врламе вергијата на никого не му натфрлам. Ете, тоа нешто го праам, дуовниче. А други сфетилăк

немам (4, 188); *во падежна форма:* **другега**: ...да појдеме во друга врата и ти да клукниш другега чоека за да видиме али ќе умрит (му рече чкрапјата на змијата) (2, 63); *во членувана форма:* **другио(н)**: *крај:* Еве сум – му рекол Еѓуптинот (на змеот) – не ме бендиса ноќеска лежењето, тики сум ти прескочил долов за на другион крај пораат да ти спијам (2, 128); *ден:* Другио ден (момчето) пак отишло со симиди в планина да продаа, чунки му се засладило од бакшишите што 'и доби. (3, 38); И веднаш запрел дождот. Другио ден го одграбал лозјето и се молил да го огреит силно сонце за да изгори тревата. (4, 140); *вратар:* На вратата внатре дај му ја киската босилкоа на другио вратар и влези во големата одаја (4, 264); *век:* Ајд' да си ми жива, ако ме куртулисаш, сестра ќе те имам и на овој век и на другио век (6, 108). **б**. **друга(та)**: *одаја:* Коа виде царо оти на тој час не можело да ја кандиса (девојката), го остаи момчето само да ја кандисуа и тој ошол во другата одаја. (2, 262); Откоа го ислушала цареа ќерка (момчето), станала и влегла во една друга одаја и се променила со женцките алишта (3, 63); *страна:* Поминал 'рслано ѕидо и отишол кај мечката и тој седнал на другата страна на колк, како некој бег (3, 298); Му го продадов (мисирот) на слепио што седеше на другата страна на мостот, за три бешлăци (3, 236); *вечер, село::* Другата вечер (терзијата и момчето) беа кондисале во едно друго село во една куќа посиромашка од првата (4, 103); *нога:* Опнал (Дели Петро) да излезит, веднаш не можел, бре де опнал уште еднаш шлибнал, што да можи и не можит, и другата нога беше ја остаил внатре (6, 180). **в**. **друго**: *ништо:* Речете на десет едно и друго ништо (2, 12); При сѐ што царот је велел (на ќерка му) за друго момче да ја земит, пак тоа (момче) го сакал и тој, ако било од долен сој (2, 240); *нешто:* И друго нешто ќе нарачуам на аџицава (6, 91).

2. *што се разликува од поранешниот, што не е таков, ами поинаков од тој за кого или за што се зборува; година:* Не бидоа дождои силни, ами бидоа тивки и толкоа благи, што не биле друга година (4, 119); *чаре:* Леле, јас

сиромав, ме запусти, сосила ќе ме умриш, еве ќе умрам, друго чаре не бидуат! (5, 299); *годиње:* Бре, аман, каква работа да немат ниеден аргатин оваа пролет као што имаше друзите годиње? – си велеле еден со други (4, 138); *со заменската придавка:* **некој** (-а, -и): Го украдов весот со чалмата и си мислев оти до четириесе дни алахќерим, па можи да одев кај некој друг дуовник и ќе се исповедав да ми се прости (5, 198); Овој ќар нам не ни излезе за аирлија, туку ај да бараме некоја друга работа што да ет поаирлија (6, 182); Можи тамо (синковци) да најдите некој други девојчиња што да ве бендисаат (3, 103); **од една... во друга**: Од една голема беља куртулиса (мажот), во друга поголема беља падна (2, 212).

3. *во мн. останати: останатите (од бројот на истовидните);* **други(те)**: *коњи:* Го испушти (момчето) првио коњ... и жегна другите влакна, дојдоа другите коњи и со нив му поигра во дворо (на царо) (2, 294); *молитви:* Си имало еден чоек што секоја вечер, кога затворал дуќанот, велел при другите молитви уште и таа: – Пази, Боже, од женска беља! (6, 24); **друзи**: *отровни зборои:* ...од тие и друзи отровни зборои... се опоја момчето (2, 223); Друзите (зелки) една со една не се здружија и не се скупија (4, 208); *слатки работи:* Неда, невестата му (на Силјан), и сестра му, тие да ја работат куќната работа, а пак Силјан ќев имаше пазарџибашија да бидит; да беше кабил катаден да ојт на Прилеп на пазар, да купуат вино и ракија и друзи слатки работи. (2, 137); *работи:* Се прочула цареа ќерка за родано позлаќен и за друзите работи по сите царштиње (3, 43); *деца:* ...и веднаш беше болснало светлината од ѕвездата во очите на друзите деца што го видоа (Најденко) (3, 139); *пости:* Среда, петок и сите друзите пости си ’и држала (жената) од мерата надвор (5, 45); *мезиња:* Пред да зајади царо, еќимо посакал еден дивит и книга, та заповедал да ’и тргаат сите јемеци, пијачки и друзи мезиња што ќе јадел и пиел царо. (5, 86); *муабето:* При друзите муабети што се биттисуале, се отворило муабет и за тоа дрво (5, 180).

II. **1**. *(во служба на именка) некој кој било освен оној*

за кого се зборува; **друг**: Пред вешалото стоит од пашата син му за да гледат кога ќе го бесат момчето. Арно ама Арнаутче знај друго патче“ – да и Педа чоек знаеше друг да обеси (2, 251); **друга**: Ако умре, Бог да ја прости, векот не ќе се сотри, можи да си земам друга. (4, 251); *во падежни форми:* **другега**: Е, бре овчарко, кандиса сега да те јадам, али и кај другега сакаш да одиш да се пресудуаме? – му рече змијата (2, 91); Господ гајрет да ми ти даит, бре чоече – му рекла кума лиса на чоекот, и ладнина на изгореното ти срце туку ако ми кажиш, лошо не ќе сториш, елбете чоек ќе си кажит маката на другега, сѐ туку ќе има троа вајде (2, 31); **другему**: Од моето пеење (грачење), ако тебе или некому другему не му ет угодно, затнете си ушите и не слушајте ме (2, 75–76); Кој копа гроб другему, мајко, сам паѓа во него (3, 53; 3, 146; 3, 197); Не копај гроб другему, оти сам паѓаш во него! (2, 77); Зеиро ми се размрда и се уплашив да ти даам, арно ама уште еднаш нема да запрам другему, ер што билка да ми се размрда, од таа ќе му даам (на некој болен) (5, 271); **другиму**: Во тоа царство толку биле лоши луѓето, што очите еден другиму ќе си ’и извадуале (4, 95).

2. *(само во среден род)* **друго** – *што било; нешто поинакво од тоа за што се зборува;* На тоа згора, немаше друго овчаро што да речи... (2, 44); Не сум лош, дедо – му рекол – туку и не сум арен, чунки сум многу сиромав: имам домаќинка и неколку дробни дечиња, та не можам со леб барем да ’и преранам (плачит и му кажуат на Бога), да кој гледат со друго да ’и гледам. (4, 78); Треба да знаиш (даскале) оти Божјата дарба не е еднаква да е на луѓето, та да мислат и знаат сите едно – ами еден знаи едно, други друго (4, 190); Отишол еден Еѓуптин еднаш на тоа бачило да пита изварка и друго од бачилото и во истото време ја врзувал овцата бачо за мечката да ја јади (6,73); *со придавката:* **нешто**: (Царо) натерал измеќарите да го слечат (касапот) и да го побараат што носи на себе, дали некоја амајлија, дали нешто друго (5, 171).

3. *во мн. останати(те);* Чудна работа, пријателе – друзи велеле – ќе биди ова место за приказна на оваа убаина

и на овој бериќет што го има овде; како не го нашле луѓе ова широко поле со овие убаиње и не се населиле. (4, 74); Заповедал на сејмените да му врзат еден камен на гуша на Евреино и да го фрлат в море, а на друзите му дала големи бакшиши и ’и испратила (3, 172); Дури стои веков, Силјане внучко, сѐ така ќе си прајме – му рекол домаќинот и друзите (2, 146).

4. *тој што не е таков, ами поинаков од тој за кого или за што се зборува;* Почесен и поголем чоек од Беќир-ага немат друг (6,121).

III. *бр. реден: втор (при реденье, набројување)* **1**. *што следува по* е д е н; Еден (ѓаол) кажал браќа скарал, друг украл нешто најскапо, треќ тепал некого, четврти бесчестие напраил, со еден збор да си кажиме, сите што биле тамо собрани беа напраиле дента од секое беззаконие (5, 184); Ќе ’и главиш (децата синко) едното на казанции, другото на терзии и треќото на бакали (4, 92).

2. *во членувана форма со предлозите:* **кај**: Плачејќи детето, се учудиле мечињата и ватиле да си играат со него, едното кошни го кај другото, другото кај другото и на истио час втасала мечката од пасење, та го нашла детето кај плачи (3, 192); **на**: Море како си ти, бре брате – едното му вели на другото – како поминуаш, како живееш кај што те продаде стопан ни? (2, 73); Бегај, брате, да бегаме – рекло едното на другото – оти кучка мајка ќе н биттиса, за атарот од проклетио Евреин! (3, 151)

IV. **еден ... друг** *(со или без предлог) искажува заемност во вршење на дејството и др.;* Вид. ги изразите; Едно каснале од новиот леб (луѓето) и се напиле од новото вино, и кога виделе: горчит и лебот и виното. – Бре да не ет мојата уста нешто горчива – велел един на другиот. (4, 149) и др.

~ Во и з р а з и т е: **други(о) ден** – *заутре;* Другио ден (момчето) беше напраил една урка со дванаесет вретена (5, 169); Ако је кабил, Трипуне, не оди денеска и утре, да други ден оди, чунки јас денеска кај се пригодуам за утре да одам црква (4, 45); **еден во друг** – *меѓусебно;* (Момчињата) се погледале едно во друго за кое побрго да кажи што рекло (3,

288); **еден друг** – *меѓусебно;* Да си живеат (sвероите) брацки на земјата, а не да се јадат, еден друг да се пизмат и да се гонат (2, 67); Идејќи на угорното, ми рече да се носиме еден други, за полесно да ни биди (5, 106); **еден други** – *меѓусебно;* А пак сега неќат (зајакот и песот) еден други да се видат; ем баре да било за нешто, ајде де (2, 67); Да одлетаат (пилињата) в поле, та да се бараат еден други и да не се најдат (2, 146); **еден за други** – *поврзани;* Сите селани да се ватат еден за други за него за да ја наведат тополата од врвот до вода и да ’а напијат вода (6, 221); **еден по друг** – *по (временски) ред;* Некоја вдојца имала тројца синои, сите тројца еден по друг родени (3, 218); Та, море бале та, што ќе да биди овоа шарено животинче? Му рекол еден по друг. (6, 221); **еден со други** – *заедно;* Кога се уверија пците оти тој не беше го изел (арзоалот), тргнаа еден со други да се подушуат и да се колнат со мочање (2, 53); **еден у други** – *наизменично;* Си биле тројца трговци, тие си имале дуќаните еднододруго и набргу си оделе еден у други на разгоор (5, 173); (Момчето) дошло комшија со царстото од деда си и си оделе на гости еден у други дури биле живи (2, 295); **една во друга** – *меѓусебно;* Коа чуја (маските) пукотниците и буботниците, та беа се исплашиле и беа се збуцале една во друга (6, 200); **едно**, **друго** – *(при набројување) разни работи;* **едно и друго** – *повеќе работи;* Ама и едно и друго да ти кажам (господаре мој): коа ќе оиш кај некој болен да го лекуаш, ако го видиш ангелот кај нозете, наваќај се да го лекуаш (2, 246); **едно по друго** – *повеќепати исто;* Така му велеше кума лиса на петлето и си тргаше броениците и викај едно по друго: “Господи, помилуј!“ (2, 19); **и друго** – *уште нешто;* Од тој саат секому како што ќе му било требно, тоа си посакуал; али дож, али сонце и друго, на часот така му давал Господ (4, 148); **и со друго** – *и со уште нешто;* Еве сега како бидуат бериќет – беа рекле (селаните) – кога сами си го вадиме со дож и со сонце и со друго (4, 148); **ништо друго не ве чекат** – *безоруго сторете го тоа што ви е речено;* Ве молам, ова што ви го велам еден саат понапре сторете го и ништо друго не ве чекат (5, 259); **немаше како да**

стори друго – *безодруго мораше така да постани;* Царцкио син немаше како да стори друго, од колку да пројди во едно ближно село и да пазарит една баба, маѓесница, та да ја маѓепсат и да ја симнит (девојката од дрвото) (3, 131); **ништо друго не знаев што да правам** – *сосем не знаев како да постам;* ...ништо друго не знаев што да правам, отколку во гости, да да праам со свирки и тапани да се... (5, 266); **од една страна** ...**од друга страна** – *за посебно истакнување (на спротивноста);* Одејќи си дома, чорбаџијата од една страна радосен, а од друга многу пооскорбен (5, 103); **сврте другио лис** – *постани поинаку;* Едно цело лето што се мачи волко со јунасто да удаит некоја овца и откоа виде оти со јунасто не можит, сврте другио лис... та го викнал овчарот да пројди кај него да се разгоараат (2, 43); **што друго**? – *нема друго;* Е, безбели пари, ага, ќе давам, ами што друго? – му рекол селанецот (6, 54).

~ Со именките: **аџија** (4, 180); **бакал** (5, 363), **басамак** (4, 80); **беља** (2, 212; 5, 103), **бериќет** (4, 141); **век** (4, 5; 4, 125; 4, 160; 6, 108), **вечер** (2, 113; 4, 103; 5, 347), **виљает** (3, 59), **влакно** (2, 291; 2, 294), **вратар** (4, 264); **главатар** (5, 8), **година** (4, 119; 4, 138; 6, 162), **господар** (3, 93), **град** (2, 166; 2, 252; 3, 297; 3, 198; 4, 164; 5, 89; 6, 123; 6, 226), **гулаб** (4, 129); **даванина** (2, 122), **девојче** (3, 103), **ден** (2, 176; 3, 38; 3, 157; 3, 207; 4, 45; 4, 140; 4, 263; 5, 153; 5, 169; 5, 352; 6, 36), **дете** (3, 139); **добрина** (4, 172), **другар** (5, 110), **дуовник** (5, 198); **ѓаол** (5, 184); **еќим** (5, 85); **животинка** (2, 148), **животно** (2, 33); **зајак** (5, 117), **зајре** (6, 12; 6, 129), **збор** (2, 146; 2, 223; 4, 217; 5, 69), **зелка** (4, 208), **зет** (3, 32); **зло** (2, 161); **извор** (2, 146–147); **јазик** (5, 227); **кѫсмет** (2, 124), **книга** (5, 194), **коњ** (2, 294; 6, 205; 6, 210), **крај** (2, 2, 127–128), **кусур** (6, 113–114); **лив** (3, 118), **лошотија** (2, 97); **љубовник** (4, 240); **магаре** (2, 70), **маж** (2, 212; 2, 223; 5, 93; 5, 266), **мака** (2, 109), **маривет** (5, 349), **марифет** (5, 349), **мезе** (5, 86), **место** (2, 222; 2, 263; 3, 98–99; 5, 339), **мисла** (2, 211), **молитва** (6, 24), **момче** (2, 240; 3, 288), **муабет** (5, 180); **нешто** (6, 91), **ништо** (2, 12; 2, 222), **нога** (6, 180); **одаја** (2, 241; 2, 262; 3, 63; 5, 90; 5, 96); **пакос** (6, 214), **пат** (2, 251; 2, 261; 3, 151; 6, 82),

планина (3, 90), **пост** (5, 45), **приказна** (6, 220), **прикаска** (3, 252); **работа** (2, 137; 2, 236; 3, 43; 6, 152; 6, 182), **резе** (5, 325); **сарај** (2, 218), **светец** (4, 31), **светија** (4, 89); **село** (4, 103; 6, 198; 6, 207), **служба** (5, 123), **сокак** (4, 57–58), **стока** (3, 206; 3, 260), **страна** (2, 247; 3, 36; 3, 236; 3, 298; 5, 103; 5, 359; 6, 73; 6, 220); **таинџија** (2, 239), **топола** (2, 74); **ум** (2, 29); **цар** (2, 217–218; 2, 291–292; 3, 82; 3, 133; 4, 98; 5, 54), **царство** (5, 71; 5, 334); **чакал** (6, 182), **чаре** (2, 12; 3, 275; 4, 149; 5, 41; 5, 282; 5, 299), **чоек** (2, 63; 4, 130; 4, 206; 5, 50; 5, 91; 5, 182; 5, 272; 6, 121; 6, 226); **шише** (3, 30) и многу други.

~ Во д р уг и п р и м е р и: (2, 6; 2, 12; 2, 19; 2, 21; 2, 22; 2, 26; 2, 29; 2, 31; 2, 33; 2, 35; 2, 43; 2, 44; 2, 45; 2, 49; 2, 51; 2, 52; 2, 53; 2, 57; 2, 58; 2, 61; 2, 63; 2, 65; 2, 67; 2, 71; 2, 72; 2, 73; 2, 74; 2, 76; 2, 82; 2, 84; 2, 91; 2, 92; 2, 103; 2, 110; 2, 113; 2, 115; 2, 116; 2, 117; 2, 119; 2, 122; 2, 128; 2, 137; 2, 140; 2, 141; 2, 146; 2, 148; 2, 149; 2, 154; 2, 173; 2, 187; 2, 190; 2, 194; 2, 195; 2, 197; 2, 202; 2, 207; 2, 211; 2, 212; 2, 214; 2, 215; 2, 217; 2, 218; 2, 219; 2, 221; 2, 222; 2, 225; 2, 236; 2, 238; 2, 239; 2, 241; 2, 246; 2, 248; 2, 249; 2, 250; 2, 251; 2, 253; 2, 254; 2, 261; 2, 262; 2, 266; 2, 269; 2, 280; 2, 281; 2, 286; 2, 291; 2, 294); (3, 41; 3, 53; 3, 79; 3, 85; 3, 88; 3, 146; 3, 161; 3, 197; 3, 198; 3, 218; 3, 219; 3, 223; 3, 234; 3, 250; 3, 252; 3, 267; 3, 285; 3, 288; 3, 296; 3, 301; 3, 307); (4, 6; 4, 8; 4, 25; 4, 27; 4, 35; 4, 42; 4, 45; 4, 50; 4, 57; 4, 58; 4, 59; 4, 60; 4, 63; 4, 68; 4, 82; 4, 86; 4, 87; 4, 88; 4, 89; 4, 91; 4, 92; 4, 95; 4, 102; 4, 105; 4, 106; 4, 110; 4, 114; 4, 116; 4, 121; 4, 130; 4, 138; 4, 139; 4, 141; 4, 144; 4, 146; 4, 149; 4, 158; 4, 165; 4, 189; 4, 190; 4, 191; 4, 203; 4, 207; 4, 225; 4, 240; 4, 246; 4, 255); (5, 9; 5, 11; 5, 18; 5, 20; 5, 26; 5, 39; 5, 40; 5, 45; 5, 48; 5, 51; 5, 59; 5, 71; 5, 74; 5, 84; 5, 85; 5, 87; 5, 89; 5, 101; 5, 103; 5, 106; 5, 117; 5, 118; 5, 120; 5, 123; 5, 124; 5, 126; 5, 144; 5, 158; 5, 169; 5, 172; 5, 173; 5, 176; 5, 183; 5, 202; 5, 227; 5, 233; 5, 286; 5, 296; 5, 305; 5, 321; 5, 350; 5, 361); (6, 11; 6, 50; 6, 63; 6, 72; 6, 86; 6, 91; 6, 123; 6, 130; 6, 131; 6, 137; 6, 140; 6, 148; 6, 152; 6, 153; 6, 165; 6, 183; 6, 185; 6, 200; 6, 204; 6, 205; 6, 208; 6, 211; 6, 214; 6, 221; 6, 222; 6, 231) и др.

ДРУГАР -и *м. тој што е во средни односи со некого, близок пријател, тој што соработува со други извршувајќи*

некоја задача; Го фрли прстено во реката, пред очите на другарите (4, 42); ...арно ама јазоецо ништо не ѝ поверуал, чунки ја познал (лиса) оти е многу лажлива и неверна за другар (2, 30); Еден посник му се молил на Бога да му јави со кој чоек је другар во светилǎко (4, 187); *со глаголите:* **биде**: Ако имаше кǎсмет (другар ми), тој ќе седеше со мене сношти и немаше да се налути и да се оддели од мене, а да не ми биде другар сега на ова богасто што ми го даде Господ (3, 301); **биди(т)**: Откоа виде лиса оти никој не је дошол в планина за да је бидит другар за на аџилак, слегла долу в поле и се прибрала до едно село (2, 5); Откога се видов олку лесна за одење, сторив ниет да одам на аџилк, да ако сакаш, брате петле, ај слези и ти да ми бидиш другар (2, 18); **бидуа**: Вид. кај **се чини**; има: ...и тој си имал еден другар што го прекаруале Некǎсметлијата (3, 29); **нема**: А па на твоето карање и мртви и живи другар немаш (бре овчарко). Ете затоа треба да те изеи змијата и друго ништо – му рекоа сите овци (2, 92); **се праи**: Да би го нашол (јунако што ја отепа ламјата), се праиш другар со него – му рекол јунако што јадел многу – али не се праиш? (3, 104); **се чини**: Сега да би го нашол, се чинам другар – му рекол Чекор Планина (на јунако). – Со таков јунак кој не бидуа другар? (3, 104); (се) стори: Дала збор (лиса) ...ако најдела дватројца да стори другари со неа, ќе одела на аџилак (2, 5); Коа дојдоа до некое лошо место, кондисале да попасат (коњите) и што ќе го дупни ѓаоло, тој што му се сторил другар, намисли да го отепа и да му 'и земи сите пари (5, 361); *во падежна форма:* **другара**; При сѐ што беше Кǎсметлијата царев зет, пак го наумуаше другара Некǎсметлијата и го жалеше оти да се насрди и да се одделат (3, 303); *со присвојните кратки заменски форми:* **ми**: Многу арно измислив, честити царе – му рекол (тамавќаро) – арно ама коа се сетив оти вудве ќе му даиш на другара ми, јас намислив мене да ми удриш сто стапои, а пак на другара ми двесте (5, 159); А пак другар ми што го прекаруаа Некǎсметлија, вистина некǎсметлија бил, чунки ако имаше кǎсмет, тој ќе седеше со мене сношти и немаше да се налути и да се оддели од мене (3, 301); Аманте, браќа

...подарете по некој грош, за да му напраам на другара ми кивур, да му купам асе, бубаќ, да му платам на гробаро (6, 185); **си**: Кога видоа двете момчиња таа несреќа, многу беа се уплашиле и многу беа го ужалале другара си, арно ама тоа беше станало и не се враќало (3, 290); Така рекло (момчето) и се бапнало в река да ја прегазуа и да го престрашуа другара си (3, 291); Седнуајќи покрај луѓето патниците, на часо се повалил вторио на луѓето оти на другара си му го дал веленцето, да не го наврни дождо (5, 22); Коа чуја лажоите тој збор од судијата и видоа оти ќе се вата(т) во лага, трештија при другари си и не се вратија веќе назад (5, 99); **ти**: И зашто другара ти го закопаа со умренио, а ти не влезе в гроб и сега застана да скорбиш така со прекрстени раце? (4, 130); ...ај легни ти бре да ти удрам сто стапои, да после ќе му удрам двесте на другара ти (5, 159); *во членувани форми:* **другаро(т)**: Дедо дуовниче, ти му се моли на Бога за да ти кажи кој ти е другаро. Другаро твој е коџабашијата од фиљан село (4, 185); Ете тие скришни зборои беа што 'и зборуавме вчера со другарот ваш, пријатели (5, 65); *во мн. (не)членувани форми:* **другари**: Е, лели ќе сте одиле во фиљан град, и у фиљан чоек, заедно другари ќе бидиме, чунки и јас у него ќе одам по една моја работа (4, 124); **другарине**: Колку за мене, надупуј ме колку да сакаш, ич не берам гајле, ама за другарине ми е мака оти сет троа серсеми (4, 241); **другарите**: Јас му реков на другарите со работата што ја работиме не ќе можиме анли пари да спечалиме (3, 288); Е, кажи кај ти се другарите, бре копиле, и кај ти се скриени, да да те пуштиме и да не те тепаме (5, 358); Тоа му рече (Симеон) и го фрли прстено во реката, пред очите на другарите, и си отидоа во градо по дома обесрчени (4, 42); Лицето му светеше како сонце и милно (на старецо), милно ме гледаше и ми рече: Ај, момче, уште ли ќе одиш со другарите (4, 76); *со* **сите**: Од страв сите другари избегале и царцкио син беа го остаиле умрен и недоумрен (5, 255); *во мн. форма за обраќање:* **другари**: Слушајте ме мене, бре другари, јас што ќе ви кажам, само да заповеда Госпо златен и Богородица мајка да ме избери мене гулабо (4, 95);

Знајте, другари, што ќе н најди сега брго од царската страна? – им рекла (лисицата, на sвероите) (2, 207); *со присвојните придавки:* **мој**: Ама ене ’и ја другарите мој и прашај ’и – му ’и покажал со рака (на анџиката), чунки тие стоеја и чекаа до едно место од кај што можеше да се видуа и да се слуша викањето им (5, 97); Да ми даиш (царе) една служба друга за да добијам и јас малце чес, како што добија и мојте другари при твојата живот (5, 123–124); **твој**: Се чудам, бре чоече, со тебе како си толку прос да не се сеќааш оти другарите твој и мој се бијат шега поеќе со тебе, те имаат наместо пачавра црепнарска (4, 241); Ај, бре синче, ...другарите твој се оженија и деца изродија, а ти уште ерген кај си ми (3, 40); **негов**: Еден од другарите негои го задрел оти идел толку рано на каве (6, 13); (Сиромајио) му плукна во дворо (на богатио), си излезе од портата надвор и си отиде при еден другар негов, си зајмел некој грош и си купил месо (5, 18); **ваш**: Да му го даам чекмеџето – му викнала со висок глас (анџиката) – на вашио другар? (5, 97); *со бројната придавка:* **трет**: ...да се носиме еден други, а не да оиме еднио во патот, а другио во трњето – му рекол третио другар (4, 242); *со именката:* **пустикуќа**: ..и откоа се задружил со другари лоши и пустикуќовци, тргнал да арџит пари, по пијанство и по чапканлак (5, 246).

~ Со п р и д а в к и т е: **бездушен**: Вид. кај сиромашки; **верен**: ...со нозете не можам да одам арно и си ватив еден друг другар поверен; тој другар ет стапчето што се крепам (5, 110); **лош**: Остај се (бре чедо) од тие лоши другари што не сет домаќинцка челад (2, 137); Дека многу те милуам, синко Силјане, та затоа ти ја прикажуам оваа приказничка да се свестиш и да се остаиш од овие лоши другари што те учат на лошо (2, 138); Откога го виделе момчето арно, со многу пари, тамо му се зашиле другари лоши (5, 289); **сиромашки**: ...само тој збор рекол сиромашкио другар на бездушнио другар: – Оние жабурки што се креваат во изворон испат да ти сторат за отепуањето мое (5, 361).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: Си бил еден сиромав чоек што го прекаруале Кăсметлија. И тој си имал еден другар

што го прекаруале Некăсметлијата (3, 296); **два**: Чоекот ми рече: „Ами со двата другара како си?“ – Тој ме праша со двете нози како сум, дали можам да одам; а пак јас му реков: со двата другара непара арен сум (5, 110); **четири**: Ќе ти ја даам (ќерка ми), јуначе – му рекол царо – ама ако можиш да устрелиш пет соколи летајќи по облаци, ако не можиш да устрелиш, овде ќе загиниш со четирите твој другари (3, 108); Момче, ти вечер ќе ми бидиш на гости со сите четири другари што ’и имаш (3, 106).

~ Со б р о ј н и т е и м е н к и: **двајца**: Сиромаси бидејќи биле, двајца другари се согласиле да печалат пари (6, 185); ...си отишол (еднио другар) од пред неа, чунки го повикале двајцата другари како со аџеле (5, 97); ...за некој саат-два од град надвор беше ’и втасал (момчето) двајцата другари (3, 289); **два-тројца**: Туку што имам уште еден кусур: што немам уште два-тројца другари, да појдам со нив на аџилак, и таа задужбина сакам да ја сторам (2, 6–7); **тројца**: Си биле тројца другари што сѐ со лага живееле. Се созборуале еднаш да ручаат еден тежок ручек, како на некој гости, арно туку сите тројца си немаа нито по скршена пара (6, 61); Сѐ сме сториле кабул, оче егумене, да после сме дошле за да се посветиме – му рекле тројцата другари (6, 155); ...оди сега ти на судо и кажи му оти чекмеџето си го нашла и да дојдат тројцата другари да му го даиш, како што му е зборо (5, 99).

ДРУГАРСКИ *прил. како кај другари;* И си тргнале другарски да си патуаат. Се чуди св. Илија и сам себе си вели: – Каква работа? Овие жени стари и тие како мене да ми речат, кај што ќе одам јас, и тие ќе оделе (3, 201).

ДРУГАЧКА -и *ж. другарка, друшка;* Ете (ќерко), сите твои другачки си кладоа разбои и си ис(т)каа платно ...ти не сакаш да клаиш разбој (6, 37); *во мн.* другачки; Лели и јас сум душа, сакам да излезам понадвор, да појдам до црква, како што одат сите жени; да се поразгоарам со другачките мој (5, 191); Една невеста немат челад и плачи (Господи), ми рече да прашам оти челад не си е дал, како на сите другачки и незе (2, 227).

~ Во и з р а з о т: **да је бидат другачки** – *ѓа се ѓружат;* Многу девојчиња царот и царицата му навртуале да је бидат другачки (на девојчето) и за на даскал.. тоа неќело... (2, 165)

~ Со б р о ј о т: **една**: Е бре синко, блазе си му на тој што ќе си ја земи (цареа ќерка) такваа лична, умна и јунак, што уште една другачка немат како неа во нашава царштина! (3, 55)

ДРУГАШ *прил. уште еѓнаш, повторно, ѓругпат; вторпат;* Како било и што било што се праат тамошните луѓе штркои, другаш ќе ви кажам, браќа! (2, 157); Еве (мори жено), и несолена си ја напраила манџава, ја! Ај сега нека ти помини, да другаш со саано по глаа ќе те удрам, вака да знајиш! (5, 346); *со ѓлаѓолите:* **дојди**: Клај 'и од кај што 'и зеде (стоте гроша) – му рекол богатиот (на сиромаиот) – во камарата да стојат, да другаш коа ќе дојдиш пак да си 'и земиш (5, 83); **држи**: ...та да те држам гладна и жедна три дни, ноќи (домаќинко моја), како што сум те држал и другаш (5, 93); **кажи**: Вид. кај значењето; **најди**: Е, толку бил кăсметот, мори бабо, да не можиме да се разбериме ние засега, да ако се најдиме другаш, белки ќе се разбериме – је рекол чоекот (6, 128); **оди**: ...ајде (мори невесто) другаш па коа ќе одам, пак ќе ватам неколку волци живи, ама да се не плашиш (6, 106); **отвори**: Другаш си отворил ѓаоло тевтерите да си 'и види кој каде е и, коа виде во тевтеро од католиците, гледат ресен (4, 182); **праи**: Ај за сега ќе ве простам, ама другаш ова нешто да не го праите (5, 160); **праша**: Е, море мажу ...поарно ет да му речеш на Арапот да тргаш мака на младос, одошто на старост. Ете така речи му ако те праша другаш (3, 207); **стори**: Марифето ет лесен – му рече ѓаоло (на пријателo) – ето како да сториш другаш. Едно те вати некој силен дож, слечи 'и алиштата и седни на нив, дури да преврни дождо и после облечи се (4, 222); **удри**: (Жено, домаќинко моја) да ти удрам еден ќотек со стапов, као што сум ти удрил и другаш и да те затворам во одаја (5, 93); Вид. и кај значењето; **умре**: ...да оздравам засега, да му се молиш да не умрам и вземи да влезам, као што нѐ блаосоил тој, да другаш ако умрам (4, 21); Ти се молам, Гос-

поди, да ми најдиш чарето за да ми оздравеи домаќино, засега да не умри, да другаш ако умри (4, 21).

~ Со п р и л о г о т: **тогај**: Нога за нога се исчепил (сиромаио) од пред богатиот за тогај да другаш алахќерим кога ќе го вател за борџот што го имал (6, 195).

ДРУГЕГА *падежна форма од* д р у г; Вид. д р у г II. 1.

ДРУГЕМУ *падежна форма од* д р у г; Вид. д р у г II. 1.

ДРУГИ *прид.* Вид. д р у г .

ДРУГИДЕН *прил. задутре;* Чекал мачорот некој глушец или стаор да излези денеска, немало; чекај утре немало; чекај другиден, немало (2, 12); **подругиден** – *денот по задутре;* ...дај Боже здравје, утре ќе го сноам платното во двор и други ден готоо ќе бидит, а подругиден еве ти кошула, домаќине (6, 36).

ДРУГИМУ *падежна форма од* други; Вид. д р у г II. 1.

ДРУГИПАТ *прил.* д р у г п а т – *уште еднаш, по втор пат, повторно;* Арно ама, дуовнико другипат не бил по тој виљает за да знајт да шетат сам (2, 139).

ДРУГО *ср.* Вид. **друг**.

ДРУГО *прил. (при редење) едно, па друго;* Е, друго, еден старец најдов во една пештера се крстеше (4, 93); И трпеза дошла стребрена со малку манџи и друго (4, 84); (е д н о тоа ... и) д р у г о – *на второ место;* Е, шега, нешега, јас сега не ќе го кројам (лозјето); едно ме вати мрзата, и друго, сè поеќе ќе роди ако не го кројам (2, 79); Бидејќум (син му од богатио) до тогај не беше ватил некоја работа, не знаел што работа да ватит, едно тоа, и друго – во тој град немал познат чоек за да можи да клаи ортак (2, 248).

ДРУГОШ *прил. уште еднаш, повторно, другпат; вторпат;* Затоа уште еднаш да не се буричкаш (ангеле) во мојата работа за да не бидеш страмен. Ај сега нека ти помини, да за другош да не праиш вака (4, 120); Ајде, и сега ќе ти

опростам, дедо Илија, ама за дугош нема да ми се тоараш за да ми препрааш времето, чунки јас со голема мудрос сум ја создал вселената и сичко што е во неа. (4, 142); ...вие кога ќе ме гледате другош да земам од другега, ви се молам само наумете ми за бајрако, да ишала, ако ми продолжи Господ живот, можи да се арнисам (6, 50); *со глаголите:* **гледа**, **нема**, **праи**: Вид. ги горните примери.

ДРУЖИНА *ж.* **1**. *другари, пријатели, едномисленици;* **а**. *во членувана форма:* **дружината**: ...и тој од пусти страв, не му се дало да викни по дружината за да врлаат со стрелите и да ја отепаат (ламјата), ами од пустио страв му се стресле и раце и нозе (2, 111); Коа го зеле капидано тој абер и коа се научи дружината оти царот 'и канит за голем леб да им даит, сите со голем ќеф сакале да одаат да ја отепаат ламјата (2, 110); *со прилогот:* **неколцина**: Еден ден се созборуал ѓаолот со неколцина дружина ѓаоли и се напраил една маска многу лична, а двајца се напраиле џамбази (4, 225). **б**. *(при обраќање) со извиците:* е: Е, дружино, видовте оти и ние можиме да напраиме рај, како што можи и Господ; ај сега влегујте внатре (4, 219); бре: Ја чекај, бре дружина, да појдам кај желкана да ја дупнам во плеќите со рачкава од косава, чунки ми било наречено од желка да умрам (3, 183).

2. *луѓе што се заедно на некоја работа; чета;* На часот беше рипнал како уплашен и му рекол на дружината: – Слушајте, браќа, да ви кажам еден сон што видов јас сега (4, 76); Тоа нешто царот му кажал на капидано и го прашал како да праат, дали ќе можит сам тој со дружината да појди и да го победит царот (2, 112); *со зам. придавка:* **сета**: Коа се научил царот за лажливио капидан, пратил рицаџии за да го молат да појди при царот со сета дружина да му ја избавит од ламјата ќерка му (2, 110); *со бројната именка:* **тристамина**: Бре, тристамина дружина, еве вака да ме познаите – му рекол (Габергаго) – со едно врлање и наместо го остаам орелот, ем така ми таткоа душа, тристамина отепуам, ај! (6, 105); *со прилогот:* **сосемати**: Коа виде царот и сите граѓани тоа јунасто од лажливио капидан, на раце беа го кренале сосемати дружина

(2, 112).

ДРУМ *м.* (грч.) *пат (обично поважен), широк колски пат;* Имало на еден друм еден ан. Во анот анџијата бил еден Влав (Цинцарин) (6, 95); Едно чул џељато тој збор од царо, јавнал коњо и трештил по друм (3, 290); ...се погодиле да врват по друм (кирациите) со тоарени маски со вино, ракии, масло и друзи срчени работи (6, 200); *со именката:* **пат**: Така си преесапил праведнио и си тоарил една најголема кола со сомуни и си тргнал во рај да си оди. ...по друм и по пато го стреќаале сиромаси и му сакале за Бога едно парче леб... (4, 5); *во членувана форма:* **друмо(т)**: ...на друмо врвеа кирации со маски, тоарени со масло и друзи скапи стоки (6, 214); Ја, ај слези, бре старче, долу – му рече Господ – на друмот, кај чешмата (4, 133); Ето си еден кирација со коњите тоарени масло, во меои, кај си тера коњите по друмот. (2, 20)

~ Во и з р а з о т: **нѐ донесе друмо** – *стигнавме;* По три дни патување се разделивме со брата ми кај што нѐ донесе друмо на два друма (3, 155–156).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: Немајќи куќа еден сиромав чоек кај да живеит, си отишол во една планина, покрај еден друм и си напраи убаа колиба (3, 190); Одија, одија, одија, одија три дни и три ноќи само по еден пат (двете деца) и дојдоа на едно место кај што имало уште еден друм, и се запреа (3, 151); Еден бостанџија видел двајца питачи на еден друм кај што си питаа; еднио слеп, а другио улогав (6, 58); **два**: ...си побегнале (децата) и дошле до двата друма и се разделиле (3, 163).

ДРУШКА *ж.* **1**. *другарка, другачка;* После рече Госпо: – Мајка и татко толку да не се гледаат(т) колку друшката (4, 128).

2. *таа што прави пар, рало, чифт;* Ха, еве му ја друшката на испостранио чаол, кај го врлил некој богат чоек (5, 354).

ДРЧЕН -чна *прид. стрвен;* ...имало и една баба, што била много дрчна за јадење цреши, та на сите деца што беа

качени (на црешата) му посакала цреши да ѝ пуштат во унечката (4, 278).

ДУ!, **ДУУ**! и **ДУ-У-У**! *изв. обично за изненадување;* Ду! Ќерко, ќерко, дали и ти тоа чудо ми стори! (2, 193); Ду! мајко, Силјан по трем прогоори! – свикала Неда на мајка му од Силјана (2, 156); Дуу, домаќине, домаќине, да завистина ми се пресенуало! Зер од пустио грав што јадовме сношти, така ми се гледат еднио двајца! – рекла (жената) (6, 48); Дуу, Боже, Боже, за греои, сирото момче, кога исврли очи, море домаќине како од некој варен зајак (6, 31); Ду-у-у, мажу, мажу, да што те ослепела Богородица, што ќе сториш чудо, да си обесиш чедото! (5, 24)

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 24); (4, 246; 4, 262); (5, 179) и др.

ДУА(**Т**) *гл. несвр.* **дува 1**. *(за ветар) предизвикува струење на воздухот;* Заповедал Госпо на северо да дуа со најсилен снег, и тоа сѐ лапајца и кај падни – замрзни (4, 116); ...за некој ден (момчето) беше препливало морето многу раат, чунки беше му дуало еден ветер прав (3, 282); *со прилогот* **силно**: Е вала, ветро силно дуаше, шумата шумеше и не видов мечка (6, 188).

2. *испушта воздушна струја од устата или од предмет, насочена кон (во) нешто.* **а**. *од уста;* До огниште беше седнал еден гргулав дедо. Беше клал две пењушки и неколку јагленчиња. Туку дуаше со слабио си здив за да го запалит и да се огреит (4, 53); Од греење, ватиле да му се потат рацете на чоекот и ватил да ’и дуат за да му се оладат (4, 224). **б**. *од предмет;* Еден Еѓуптин си праел клинци и Еѓупката му дуала со меот да му се вжештуа железото (6, 114).

ДУВ *м.* Вид. **дух**; Сите што чуле тоа нешто беа се учудиле како... кауѓер да се женит! Арно ама ѓаолот беше ’и исполнил со еден негов дув, што секој... да речи оти не ет греота (4, 259).

~ Со п р и д а в к и т е: **Бож(ј)и**: ...сега брго сум го крстил во реката Јордан и се отвори небото, та Госпо прогоори

и дув Божји падна на глаата од Риста (4, 44); Кога чуле тие зборои од ашкетијата цар Костадин и царица Елена, дув Божи беше им влегол во срцето (4, 33); **лош**: Слушај вамо, чорбаџи – му рекол ангелот – не само момчево да го јадит лошио дув, ами и мене нека ме јадит (4, 125); **нечестив**: ...и беше се вратила (змијата) над нечестивиот дув, та беше го голтнала цел, како некој болен што голтнуа ап (4, 125); Се научил (богатио) оти момчето беше турил во огнот еден прав и праот беше се сторил змија, а змијата го изела нечестивио дув и куртулисал зет му жив (4, 126); **нечист**: Едно си легнале в постела зетот и невестата да спијат и веднаш беше излегол дув нечист од невестата и му се испраил над зетот за да го удаит (4, 125); ...јас му ја давам ќерка ми на момчето, што ми велиш, ама треба да знаите оти многу момчиња изумреле од себепот на ќерка ми, чунки во неа имат дув нечис и излегуа од неа првата вечер, та ќе је го удаит момчето (4, 125); Богатио имал една ќерка, многу лична и умна, една била у татка и у мајка, арно ама беше многу таксиратлија, чунки имала дув нечис во неа (4, 124); **свјат**: (Марија) се помисли заошто да не можи да влези црква и тогај ...како да беше влегол дув свјат во срцето и се познала за најгрешна на свето таа била (4, 194).

~ Со б р о ј о т **еден**: ...ѓаолот беше ’и исполнил со еден негов дув, што секој што ќе чуел и ќе се учудел, веднаш да речи оти не ет греота (4, 259).

ДУВНИ *гл. свр.* **дувне** од д у в а. **1**. **а**. *предизвика струење на воздухот;* Му удрија борина на сламата и се вивна да гори и од кај што беше тивко времето, коа дувнал еден силен север, та целио пламен беше го дигнал наугоре (5, 286); Голем ќеф имал син му од царот на таа јаболкница, чунки гранките од јаболкницата му влегуале во пенџерето коа ќе дувнеше ветерот (2, 175); По повела Божја дувнал еден многу силен ветер и се откорнале сите три дрвја (4, 23); ...за пакос дувнал еден ветер силен, та беше се запалиле трњето што биле во полето сите (6, 198); ...Господ беше заповедал да дувнат едни силни ветрои и беше ’и турнале трите дрвја наземи со

корењето превртени наугоре сосе земја (4, 24); ...ето го ветров, кога да дувни, не ќе се видиме кој кај ќе ватиме! Да од тоа тамо да појдиш (3, 116). **б**. *(со објект) предизвикувајќи струење на воздухот подејствува врз некого или нешто;* Тревјето коа ќе 'и дувнал ветро, си кажуале сами која за каква болес лекуа (3, 73); И веднаш ќерка му од ѓаоло исчезна од раката му. И кога гледат в рака му останало полна раката од прав. Ја отвори и ја дувна ветрот (4, 222); Коа ја видела глаата, ја удрило умо за да је таа глаа од првната му жена на мажа је ...Од тој себеп ја изгорела под котело и пепелта ја дувнала по ветрот (5, 263).

2. *испушти воздушна струја од устата насочена кон (во) нешто;* И на часо дувнала сестра е, та сите 39 браќа оживеле (3, 102); И тогај јас ќе му дувнам на браќа ти и ќе 'и оживам (3, 102); ...дојде Муавмед при мене; прво му се сунеттиса и ми дувна во уста, та сѐ се научив и курано да го пеам (5, 228); Ја откачила иглата од зад вратата (сончеата мајка), ја дувнала и се сторило момчето пак чоек, како што си беше напред (2, 172).

3. **си дувнало шупелката** – *почнало да свири (со шупелката);* 'И натерало овците во најубајте ливаѓе да пасат и си седнало под една сенка момчето, та си дувнало шупелката да си свирит (3, 24).

дувнуање -а *ср. гл. им.* Вид. **дувнување**.

дувнување и **дувнуање** -а *ср. гл. им.* од д у в н у (ва) а; Слушај вамо, мило мое свршениче, сестра ми ти 'и умрела браќа ти со едно дувнуање (3, 101).

~ Со б р о ј о т: **две**: Јас ќе ти 'и воскреснам (браќа ти) со две дувнувања (3, 101).

~ З а б е л е ш к а: Редок случај на мн. од глаголска именка на -ње.

ДУЕ СЕ *гл. несвр.* **а**. *го шири својот обем.* **б**. *(прен.) се пети, се перчи; се прави важен;* ...ѓаолот се дуел како некоа биолцка лепешка, чунки му се чинело оти идит детето да му се поклонит (4, 265).

ДУЈДА *изв.* **1**. *за бркање;* ...волкот... беше пошол во највисоката планина. Кога беше го виделе волците без опашка беа му се развикале: – Дујда куша без опашка, дујда куша без опашка! (2, 51)

2. *за карање, куѓење и сл.;* Дујда, не му је страм, и дрварчето дошло со крастаиот коњ да надбодинуат цареа ќерка за неа да ја земит! (3, 56)

ДУЈЗДИСА *гл. свр.* (тур.) **дуздиса** – *ѓотера, украси, накити;* На глаата (пашицата) је клала венец од најскапите џеваири. Ја дујздисала (ќерка си) веќе ќи окадар олур (5, 126).

ДУЈУНИ *ѓел оѓ* (тур.) *израз*: **сјунет дујуни** – *прослава на сунетисување во куќата;* Курдисал (пашата) свадба да праит, со сите редишта како што требало. Санким сјунет дујуни праел (5, 128).

ДУКАТ -и *м.* (грч. од лат. ducatum; итал. ducato) *стара златна монета;* Се чудело момчето оти да сака чоекот сто дукати за еден ковчег што чинел дваесе и пет грошеи (2, 248).

~ Со б р о ј о т: **сто**: Вид. го примерот.

ДУЛБИЈА и **ДУЉБИЈА** *ж.* (тур.) *ѓурбин, ѓвоглеѓ;* На часо беше свртел (царо) дулбијата прао во сараите и кога видел, на големо чудо беше станал (2, 269); Идејќум царот по море, се пулел со дуљбија од гемија и ја видел жената му од чорбаџијата (3, 208); По некој ден стануајќи царо порано, се качил на највисоката одаја и зел дуљбијата в рака, та погледал по море (2, 269).

ДУЉБИЈА *ж.* (тур.) Вид. **дулбија**.

ДУМА *ж. збор;* ...тргнал (синот на арамијата) да барат баш-арамија за да му даит трите илјади грошеи, за думата од татка му (5, 366); Ете како се исполнуаат думите Христови: – Тражите да најдете, чукајте да ви се отвори и барајте да ви се даде! (4, 86)

~ Со п р и д а в к а т а: **Христова**: Вид. кај горните при-

мери.

ДУМА *гл. несвр.* **I**. **1**. **а**. *мисли;* Думал сиромашкио богат со што да се обложи, најпосле му текнало да се обложи со змииното дрво што го имал во бавчата (2, 229); Како тебе цар што си, честити царе, не треба многу наука да те учам, само еден збор што ќе ти речам доста ти ет: прај што праиш, ама и за назад да думаш! (5, 43); Вака да знаиш, думај арно оти после пишман ќе бидиш (бре волку)! (2, 44); *повторено:* **дума, дума** – *многу ѕума, мисли;* Дума (кадијата), дума и издума како да ја најди правината (5, 94). **б**. *во пасивна употреба;* ...тој го натерал калвата да му пишит три, чунки чифт не се думало, ами тек требало да си пиши во тевтеро (5, 363). **в**. *во синонимен спрег со глаголите:* **есапи**: *Думаа, есапија* (тројцата другари) како да напрааат, без пари да напраат еден тежок ручек (6, 61); **крои**: *Думал, кројал* (ѓаолот) и скројал еден марифет ѓаолски: да 'и омрази и да 'и запустит од корен (домаќино и домаќинката) (4, 243); *Думала, кројала* (лисицата) како да стори, и беше скројала еден маривет (2, 8); **мисли и дума**; **дума и мисли**: Целата ноќ што *мислил и ѕумал* (Силјан) за кај бил и сега каде е во таа пустелија, кај што петел не пеал (2, 140); Мувлет имаш до вечера (садријазаме) *ѕа ѕумаш и мислиш* сио муабет што го сторивме со старио (5, 108); Пак свети Петар му рекол да сака и друго нешто (сиромајот). Тој *ѕумал, мислил* што да сакат и му дошло на ум да посакат книгите да му 'и блаосоит (4, 64); *гл. прил.* **думајќим**, **мислејќи**: *Думајќим, мислејќи* детето за како да го куртулисат татка си (да не го колит), измислил еден маривет (5, 233); **се праша**: *Дума, се праша* мажот по пријатели што да је праит (на жената си) за да ја изваит мрзата (6, 15); **смета**: *Думала, сметала* и царицата и царо како да сторат, најпосле се согласиле да ја примаат цареа ќерка и сина алаџак ако је вистина таа цареа ќерка (5, 135); **шеста**: *Думал* (ѓаоло), *шестал* какво зло да напраит. Му дошло на умот да пејди во манастирот (4, 257); *Думал* (Зерзевул), *шестал* како да праи да 'и скроти и издумал, та 'и натерал ѓаолите да напраат и тие еден рај (4, 219); *Думаа, шестаа* (тројцата другари), најпосле беа се созборуале

за да одат во Света Гора во некој манастир (6, 154); ...на реката мос немало, думале (пците), шестале какво чаре да бараат за да пропливаат (2, 52); *Думале, шесшале* со жената си и се склониле, та му дал Адам (на ѓаолот) еден сенет од раката, пишан на една плоча со крв од снагата од Адама (4, 13). **г**. *со ѳруг̄ г̄лаг̄ол:* **праи**: Мори бабо – је рекло (момчето) – ако да можев да ја надбодињам со моето коњче (цареа ќерка), дали би ми ја дал царот? – Не знам, синко, колку за тоа, *ѳумај и ӣраи* – му рекла бабата (3, 55). **д**. *со ӣреѳмеш;* Колку масло зеде чоекот, мајсторе? Лели две ока и пол? Да му го пишам? – Море, две и пол зеде, бре калва, туку *кој ќе му г̄о ѳума* со пол, би си зел три ока; пиши му, пиши му, три, ај нека му е на рамното! (5, 363); Ха, ока и пол де, море пиши му две, кој можи *ѳа му ја ѳума* сега со полока, би си зел две ока! (5, 363); **ѓ**. *со ӣрилог̄ош:* **арно**: ...думај арно (момче), оти и еден ќевил ти сакам да си даиш за до десетте дни да не бегаш (му рекол кадијата) (5, 368).

2. *ӣамеши;* Море, три ока и пол зеде, бре калва – ќе му рекол – туку кој ќе стои да му дума нему со полока, би си зел четири (5, 363).

II. **се дума** – **а**. *се мисли;* Дошле до портата од богатио и застанаа да се думаат дали да влезат (5, 76); Стои ангело и се дума како да праи (4, 54)*;* Три дни мувлет ќе ви даам за да се думате и ако не ми кажите до три дни (вие тројца трговци), глаите ќе ви ’и сечам од рамена (3, 166). **б**. *во синонимен сӣрег̄ со г̄л.* **се мисли**; Спукотел ѓаолот, добро ќе му напраел, туку да го пуштит. Се думал (рибарот), се мислел како да му праит: да го пуштит – го било страв да не го загубит (4, 268); Застанал (дрварот) да се дума и да се мисли као да ’а прегази реката (2, 59); ...на големо чудо станал (царо) и застанал да се мисли и да се дума на тие зборои од егумено (5, 41); Застанал (сиромаиот) да се дума и да се мисли кај да оди – Стамбол, али назад да се вратит (5, 146). **в**. *со ѳруг̄и г̄лаг̄оли:* (си) вели: Станаа (синот од крало и Марија), јанаа коњите и отидоа при татка е. Царот тогај се дума и си вели: – Како, ѫанам, јас три години ја барав (ќерка ми) ...ја сега би кӑсмет, се најде! (5,

321–322); Се пулит чоекот и туку се думат и си вели со умо: „Какви луѓе овие ќе бидат?“ (4, 47); **влези**: Дојдоа гостите у богатио, сите богати и најпосле сиромасите дошле до портата од богатио и застанаа да се думаат дали да влезат, дали да не влезат (5, 76); **(си) држи)**: Како што се думаше и си држеше раката в џеб (Итроман Пејо), нашол една семка од тиква и веднаш беше се сетил, та беше ја насадил (6, 197); **(си) зборуат**: Кинисал овчарот за да идит, и се думат по патот и си зборуат сам со себе: – Ќајата што ме вика мене, не ет за арно (5, 222); **ка(к)о да праи(т)**: Застанал сиромајио да се дума као да праи, дали да го носи умрен кај царо (царцкио син), дали да го остаи тамо (5, 255); Застанал (Пејо) да се дума, како да праит и како да чинит. Никако калемо не му ваќаше за качуање (6, 196); Стои ангело и се дума како да праи. Си вели со умо: да не му земи душата на пргаата и здраата жена, али на стариот (4, 54); **(си) се прерани**: Еден сиромав чоек беше прекрстил обете раце и беше застанал да се дума, за како да си прерани куќата и челадта (4, 128). **г**. *со прилог от:* **туку**: Сакаше (татко) да појдит да си ’и земит (пчелите), арно ама немало мос да поминит, нито пак некој каик да влези. Стојал и туку се думал, мислел како да појдит за да си ’и земит (5, 67).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 5; 2, 27; 2, 59; 2, 128; 2, 135; 2, 142; 2, 176); (4, 25; 4, 47; 4, 86; 4, 257; 4, 268); (5, 56; 5, 171; 5, 222) и др.

ДУНАВ *м. име на големата европска река што тече и низ бившата СФР Југославија а се влива во Црното Море;* ...да му се дава мома (на детето) од сите градеи и кралеј, а од нигде да не биди, да биди од преку Дунав (3, 176); Се оддалечил Шопо баеги од опинците и, за пакос, еве ти ’и двајца Грци кај оделе покрај Дунав да бараат автопод. Арно ама тие биле будали што барале автопод покрај Дунав, чунки во Дунав автопод нема (6, 148); *во членувана форма:* Дунао: Си ји собул еден Шоп опинците на брегот до Дунао за да си ваќа риби (6, 148).

ДУЊА *ж.* (тур.) *свет;* Ами како не сум шетан, море

братко, иии, целото дуња сум го шетал, колку големи градои сум видел и сум го јало. – Е кога си шетал по многу градои, Измир си бил, да видиш што убаи куќи има? (6, 147).

~ Со придавката: **цела**: Вид. го примерот.

ДУЊА ЃУЗЕЛИ *ж. име на женска личност од народна приказна;* Името и презимето било на јузо од влечката навезено од Дуња Ѓузели (3, 48); Мерак бидејќи царо на Дуња Ѓузели, је направи венер на бабата и ја пушти по облаци кај Дуња Ѓузели (3, 49).

~ Со придавките: **грабната**: Коа се најде грабната Дуња Ѓузели од бабата, се вчудовидела и многу се уплашила (3, 51); **итра**: Слушајќи царо тие муабети од итрата Дуња Ѓузели, беше се кандисал и курдисал свадба да праи (3, 52); **љубезна**: Љубезна моја Дуња Ѓузели, ти моја беше и пак моја си! (је рече царцкио син) (3, 94); **невесела**: Дојдуајќи орело вечерта, го видел камено превркаван и ја видел невесела Дуња Ѓузели (3, 88); **сирота**: ...се виткала сирота Дуња Ѓузели, како ремен, кога одела со песокта (3, 162).

~ Со именките: **годеница**: Дуња Ѓузели, љубезна моја годеница, ела поблизу да те видам и ако има некој колајлăк да те земам (3, 87); **девојка**: Една убаа девојка Дуња Ѓузели била; одшто била убаа, се затворила тамо во таа кула со ниет да чекат некој јунак (3, 47); **магарица**: ...тргна (момчето) да бара кај што се праи некоја бина голема за да носи песок и камење, со Дуња Ѓузели магарицата (3, 162); **невеста**: Многу време затворена живеела сирота невеста Дуња Ѓузели и ич не била благодарна од пустото момче (5, 187).

~ Во други примери: (3, 45; 3, 47; 3, 48; 3, 49; 3, 50; 3, 51; 3, 52; 3, 53; 3, 82; 3, 85; 3, 86; 3, 87; 3, 88; 3, 91; 3, 92; 3, 93; 3, 94; 3, 95; 3, 96; 3, 154; 3, 155; 3, 156; 3, 159; 3, 161; 3, 162; 3, 163; 3, 164; 3, 278; 3, 279; 3, 281; 3, 283; 3, 284; 3, 285; 3, 286); (5, 113; 5, 114; 5, 187; 5, 188; 5, 189; 5, 190).

ДУОВНИК -ци *м. свештено лице (свештеник, калуѓер, исповедник);* Отишол еден арамија да се исповеда на дуовник за греоите што беше сторил (6, 56); Не знам како ме

научи Господ да појдам на дуовник да се исповедам, и дуовнико канон ми даде, дури сум жив, ич мевце да не каснам (2, 6); *во членувана форма:* дуовнико(т): ...дуовнико другипат не бил по тој виљает за да знајт да шетат сам (2, 139); Сега, домаќинко, што ќе прајме? Оди викај дуовнико лек да кажуа! (5, 322); Му дал Лот (на ѓаоло), при сѐ што му беше мака да му дава; арно ама така беше му нарачал дуовникот: кој да му посакат вода, да му дава за да му велаат: Бог да прости (4, 27); Му дал изим дуовнико, и секоја вечер изметот му го чинеше и во сабота вечер си одеше момчето (4, 61); *во мн.* **дуовници**: Ама де – му рекол ѓаоло (на бабата) – ако можиш да го сториш тоа зло, на тој век ќе те клаам на дно под казанот да седиш до патрици, до владици, до дуовници и до цареи (4, 239); И друго да ти речам: вие дуовници, попои, владици, сите прикажуате на народот оти ако ти ја посака некој кошулата, дај му ја (5, 198); *во форма за обраќање:* **дуовниче**: Никаков светилăк немам, дуовниче, јас од колку: гладен чоек најадуам, жеден го напоуам, јабанџија приберуам, на апсаана одам, на болен одам да го видам и нешто го понадуам и коа врламе вергијата на никого не му натфрлам. Ете, тоа нешто го праам, дуовниче. А други сфетилăк немам (4, 188).

~ Со и м е н к и т е: **дедо**: Дедо дуовниче, ти му се моли на Бога за да ти кажи кој ти е другаро ...Другаро твој е коџабашијата од фиљан село (4, 185); **оче**: Аман, оче дуовниче, те молам, земи ме и мене со тебе на аџилак за да се сторам и јас еден аџија, да и да умрам, да не жалам! (2, 139); Дуовниче оче – му рекол арамијата – денеска ако сторам некој грев, Господ да не даи, туку велам, до кога ќе ме ватит греот за да ме порази? (5, 196); Кажи што канон да исполнам, оче дуовниче – му рекол Лот – и готов сум да го исполнам, само да ми се прости грео и да имам раат (4, 26).

~ Со п р и д а в к а т а: **сиромашки**: Ами како се удаи сиромашкио дуовник в море, бре чедо? (2, 157)

~ Со г л а г о л и т е: **дојди**: Вид. кај бр. еден; **излези** (откај): Од тие зборои сиромашката жена беше клала во умо за напред да не праит како што праела. Му бакнала рака и си

излегла сиромашката жена откај дуовникот (5, 46); **ислуша**: Откоа беше ја ислушал дуовникот сиромашката жена, беше си рекол прво сам со себе: Затоа си останала сиромашка, ти мори сирота, оти и делниците си ’и праела празници ...туку ај Господ нека те прости, каков ти е умот, такваа ќе ти биди и глаата.“ (5, 46); **исповеда се** (на): Откога згрешил Лото со ќерка си ...Прво се исповедал на дуовник за после да го приимаат да бидит кауѓер (4, 26); Ете вака беше ’и исповедал дуовникот и обете жени, за обете да бидат праведни и причестени (5, 47); **нарача**: Вид. кај значењата; **прикажуа**: Вид. кај значењата.

~ Со б р о ј о т **еден**: Вечерта, за кăсметот од Силјана, дошол еден дуовник на анот, од Божигроб, да проси милостина по виљаето Прилепцки и по друзи (2, 139).

ДУПАЧКА *ж. подбуцнување (со лоши намери); интрига;* Сите зборои што ми рече (море пријателе), сите ми се гледаат како за дупачка и расипуачка за со верни пријатели (4, 242).

ДУПАЧЛАК *м. правење интриги, подбуцнување;* Абре побратиме, ...за другарине ми е мака оти сет троа серсеми, тики од дупачлакот твој еве кај туку се поткаруаат и ме страм да не се скараат некој ден чисто, што да неќат да се видат (4, 241); Те молам (побратиме), ако си рисјанин, остај се од тој дупачлак оти е греота (4, 241).

ДУПИ *гл. несвр.* **1**. *прави дупка;* Дупил, дупил, ништо (сиромаио) не можил да изваи однатре, како песок или ѓубре нешто (2, 120); ...тие биле кртоите што ја дупат стара планина (3, 116); *гл. прид.:* дупен; ...пилето си влегло во една дупка од една дупена бука (3, 148); Спроти ова има една друга со двајца ортаци меанџии што закопале еден ќуп и го поклопиле ќупо со една голема и тешка плоча, што одвај да се крева со лостои. Плочата била дупена за пуштање парите во ќупо (6, 55); Го внесе (волко момчето) во едни длабоки пештери, во едни дупки дупени преку девет планиње (2, 196).

2. *бодре, прободува; пробива;* ...исаф не чинел (син му

од царот) од тоарење песок и што да можи да ’а дупи со боцките и да ’а тепа со вастагарчето (магарицата) (3, 265); И со вастагарчето не се сити (стопан ми), а после со таа пуста боцка ќе ме дупи во газо; само ќе си дупи, ќе си дупи... (2, 92); Не веруам да ме сетит (владиката) кога ќе го штипнам, чунки е дебел и саде лој, како некоја многу згојана свиња, што не секаа кога ја дупат глувците на животта (2, 104); Арно туку ич те остаат владика да го дупиш и крвта да му ја пиеш (ѝ рекла болвата на треската) (2, 106); Су му влечкал (на стопан ми) со сета сила што сум имал, и тој ме дупеше со остено во газо (2, 91).

3. *(прен.) подбуцнува;* Фатил ѓаолот да ’и дупи црковните епитропи, владиката, општината, за клисарот да го поѓачат (4, 281); ...ѓаол, натема го, сеедно го дупел (клисаро) да не је благодарен од ако што го земал (4, 280); Со ваквие и уште полоши зборои ’и дупеше ѓаолот и двата пријатели, та беше ’и донесол чапрашик да одаат (4, 243).

~ Во и з р а з о т: **ни куршум ја дупел** – *таа не можела да загине;* (Ламјата) ништо не ја умирало, ни куршум ја дупел, ни сабја ја сечела (2, 225).

ДУПКА -и *ж.* **1**. *вдлабнатина (во земја); јама;* Другаш беа нашле една дупка Мориовците кај што палеле огон за да печат коноп (6, 175); (Пајаго) напраил мрежа на дупката од пештерата (5, 61).

2. *отвор, нешто издлабено во даден предмет;* Ќе дупни (калвата) една дупка на тавано и се качил на таван да гледа од дупката (5, 174); Ја чекај да ’и остаам опинците во дупката од ѕидот да ми постојат да јас ќе одам пак в чаршија (3, 267); (Богатио чоек) ’и однесол парите в планина и ји скрил во некоја дупка од некој ќутук (3, 227); *во мн.* **дупки(те)**: Откога си се најало соклето и си отишло, ватиле да излегуаат врапците од кај што беа се искриле, низ дупките (2, 85); Сторија така и се пикнаа (чкрапјата и змијата) во едни дупки до мандалото (2, 63).

~ Во п о с л о в и ц а т а: **на ѓаолот и дупката му ја знам** – *сè му знам;* Море трај, трај, бре татко бре... јас на

ѓаоло дупката му ја знам... (4, 249).

~ Со п р и д а в к и т е: **глуждоа**: Наврел од една глуждоа дупка (сиромаиот) внатре в куќи и видел еден маж со попадијата кај се милуале и се разгоарале (5, 206); **голема**: ...најпосле сите (мравки) дошле во еден збор за да ископаат една голема дупка длабока (2, 88); **длабока**: Вид. кај голема; **дупена**: Го внесе (волко момчето) во едни длабоки пештери, во едни дупки дупени преку девет планиње (2, 196); **лисичина**: Му влегло бумбарчето во лисичина дупка и беше збучило еднашка што да можит (2, 16); **мечкина**: Името му е Мечо, брате, на детево, чунки ова дете го најдоа кај мечкината дупка со мечките да живеит (3, 193); Ова момче го најдоа в планина со мечките фиљан селани кај што е мечкината дупка до друмо (3, 194); **некоја**: ...и се приближила (лисицата) до куќата од кај што беше чула гласо, та побарала некоја дупка да влези во куќата (2, 27); Ти се молам, бре момче ...земи ме одовде и однеси ме во некоја дупка, да ме клаиш, али в земи закопај ме за да ме куртулиш од овие проклети мрави и муи (3, 119).

~ Со б р о е в и т е: **една**: Ламјата бегај, ќелешо трчај по неа и дошле до една дупка (2, 114); Вечерта беше дупнала една дупка во вратата, вечерта пошла (мајката) да гледа (2, 169); ...да се скриеме во една дупка од некоја врата и, сопрво, кога ќе дојдит некој чоек за да отворит мандалото со рака, јас ќе го клукнам за рака (2, 63); Даде Господ, сестро треско, и изврев низ една дупка и еве сум пред тебе жива и здрава (2, 107); (Клисаро) напрајл една дупка на тавано и врзал еден кош со една ортома, та по црква после се качил на таван (6, 26); **две**: Појала бабата пилав со обете лајци и откако напраила две дупки во пилавот ...станала да си ојт (4, 234); **три**: Кога влегол дома, гледат (момчето) три лајци на софра и три дупки јадено во пиљаот (4, 234); **деведесет и девет**: Треба да знаиш оти жената има деведесет и девет дупки и сто и една поклопки (5, 178); Зер ти (домаќине) не знаеш оти куќата има деведесет и девет дупки и сто ј две затки? (4, 82); **триста**: ...беше го турлосал (ангелото каменарот) со голема сила од одозгора удолу и дамбара со глаата од скала, по скала, дури

наземи, со глаата на триста дупки му се направи (4, 214).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 12; 2, 13; 2, 14; 2, 16; 2, 20; 2, 26; 2, 27; 2, 28; 2, 30; 2, 33; 2, 46; 2, 114; 2, 177; 2, 212; 2, 222; 2, 263); (3, 149; 3, 150); (4, 24; 4, 254); (5, 60; 5, 168; 5, 190; 5, 193; 5, 347); (6, 157) и др.

ДУПНИ(Т) *гл. свр.* од д у п и. **дупне** – **1**. **а**. *боцне, прободе;* Кога ќе ужилуаат некого чоека (чкрапите), со врвот од опашката не само еднаш ќе го дупнат, ами колку пати ќе очекорат, толку и ќе го дупнат во месото чоека (2, 62); На судо рака сечат – не боли, а без суд со трнче да го дупни, најмногу боли (2, 90); ...та му појдов на градите (од владиката) и се приготвив да го дупнам и да му се изнапијам од тучната негова крв (2, 106). **б**. *со дупење удри силно;* Пак сиромаиот го дупнал орлето, и орлето од болештината, пак свикало: к'рууу (5, 208); Дупна (детето) коњо со острите мамузи и летна коњо како некој сив сокол (3, 46); Ја чекај, бре дружина, да појдам кај желкана да ја дупнам во плеќите со рачкава од косава, чунки ми било наречено од желка да умрам (3, 183); И клањајќи се сите: клекни и легни на лицето, не знам како греши тој што беше зад Алија и – го дупна со глаата во газо! (6, 134); Знаејќи аго Алија што му велеше мајка му да праи и тој као што ќе праат сите, тој стори оти така треба да го дупни тој што је пред него, како што го дупнаа него (6, 134); *со прилогот* **силно**: Така му рекол на орлето сиромајиот и го дупнал орлето во газот силно (5, 207). **в**. *направи дупка со остар предмет и др.;* Вечерта (мајката) беше дупнала една дупка во вратата (2, 169); *sидо:* (Момчето) беше го дупнал sидот и едно утро беше му влегол во одајата од Дуња Ѓузели (5, 188); *една дупка на тавано:* Ќе дупни (калвата) една дупка на тавано и се качил на таван да гледа од дупката (5, 174); *дупка во плочата:* ...ај да закопаме еден ќуп вземи и да го поклопиме со еден камен плочес, тежок, да му дупниме една дупка во плочата, и, што пари ќе земам јас од продаањето на вино, да 'и пуштам внатре, така и ти ќе праиш (6, 181); *мајзата:* Напраил (башарамијата) како напраил и му нашол колајот на азното, та се качил над азното и ја дупнал мајзата кај што

стојале парите (5, 347); *сан9ако:* ...треќата вечер дошло змиулчето, та да го дупнало сандко, откај глаата (на цареа ќерка) и му ’и испила двете очи, како што беа ѝ нарекле наречниците (3, 183); *гл. прид.:* **дупнат**: ...на царот беше му кажале оти мајзата била дупната кај што стоело азното (5, 347).

2. *потера, подгони во галоп (коњ и сл.) со дупење;* Аман, бре баџанаци, елате да ми поможите за да го изваам коњот од калта – им рекол ќелешот. Се изнасмеале баџанаците и си дупнале коњите по пат (3, 30); Си дупна коњо момчето, си отиде кај сарајо, та го изваде чадăро и си отиде пак кај батако (2, 292); Кога виде татко ластунката пуштена преку езеро, дупнал петла коња и од лис на лис, скакара-скукара, беше прешол кај чоекот што беше ни ’и зел пчелите (5, 68).

3. *подбуцне (обично ѓаволот, гревот и сл.);* ...јас го коткам и го галам детето до немајкаде, а пак таа ја дупнал ѓаоло, да му зборуа зборои, што ни пците не ’и јадат! (3, 153); Што ќе го дупнит бавчаџијата греот тогај? Ти се скрил во некој тревје спроти шадрванот за да ја види царицата кога ќе се капит (5, 48).

~ Во и з р а з и т е: **ако те дупни едноногио** – *ако наумиш (да направиш нешто што не треба);* Море ако те дупни едноногио да дојдиш овде да се излажиш и да касниш од дробенката месо што је на канџава... (2, 31); **ја дупнал ѓаолот** – *ѝ текнало, смислила (да направи нешто што не треба);* Жената на тргоецот ја дупнал ѓаолот и го научила детето за да му барат некоја леснина и на татка си по патот, да го отепат и да останит таа со детето (5, 229); **ќе го (ја) дупнит греот** – *ќе направи нешто што не треба;* Тамам на прва полноќ станала мајка му на овчарот и ја скорнала снаа си. И што ќе ја дупни греот – да го тепа сина је! (5, 308); Најпосле, што ќе го дупнит греот Арнаутинот да је праит, да ја разборуат (невестата), ти запалил еден огон арен и је го зел детето од раце, та фатил да ја плашит (2, 190); **ќе ’а дупни ѓаоло** – *ќе направи нешто што не треба;* ...откоа се видела невестата со многу пари, што ќе ’а дупни ѓаоло: да го научи мажа си да ’а

отепа ламјата и да му ’и земи сите камење... (2, 223).

~ Во д р у г и п р и м е р и: (2, 27; 2, 62; 2, 169); (4, 134; 4, 241) и др.

ДУПНУА *гл. несвр.* од д у п н и (т); Вид. д уп н и (т) 1. а; **дупнува**; ...многу пати го дупнуам чоека со опашката, чунки таков ми е и адетот (2, 63).

ДУПЧИШТЕ *ср. аугм.* од д у п к а; Одејќи и мислејќи си така (лошио богат), видел едно дупчиште над пато и отишол тамо, та го пуштил детето во дупчиштето, да си умри само (3, 192).

ДУР[1] *во тур. фраза* **дур бакалăм** – *ај ѕа виѕам; почекај ѕа виѕам;* Ја дур бакалăм што иш башдарен ќе бидит тој кафпеоглија! (5, 130); Ха, а, а така кажи, а ќерата, оти си бил од Зрзе – му рекол агата на лутина. Пеки и дур бакалăм [почекај да видам] сега, да да го барам. Од кое село рече, бре каурче? (6, 53)

ДУР[2] *во тур. фраза* **вур, дур** – *ваму, таму; ова, она;* Вур, дур ујдиса киријата и го тоари кадијата ариилеп, ва иилек (5, 203).

ДУРИ *сврзн.* и *чест.* **I**. *сврзн.* **1**. *во зависни временски реченици; (сè) ѕоѕека, кога;* Не бој се ти, убаа моја невесто, – је рекол – дури сум ти жив јас, не толку аскер што иди, ами уште три толку да дојди и ич не бој се (3, 49); *со ѕруги глаголи:* **вика**: Дури викале народот така ...момчето беше засукало ракајте од обете раце, та како да црпеше жито (5, 118); **врати се**: ...ја грабнал плочата ѓаолот и летнал со неа, та ја однесол во реката Јордан, ...и, дури се вратил од Јордана, се раздени. (4, 14); **готви се**: Аман, заман немат, туку готви се, дури јет брго! – му рекол ангелот (на сиромајот) (4, 64); **дојди**: Дури пошол (сиромаиот) и си дошол од чаршија, баеги беше се стемнило (3, 258); **донеси**: Тие опинци ’и искинав, побратиме, дури те донесов за на весило да висиш – му рекол ѓаолот и се истаил од под него (4, 237); **пројди**: Вид. кај дојди; **стои**: Дури стоја лиса ватена за уо, многу молби напраила на јазоецо да

ја пушти... (2, 30); **дури не** – *со ѓлаѓолите:* **даи**: Нема јас сам да си земам, дедо – му рекло момчето – дури не ми даиш ти со твојата рака (2, 253); **изеи**: Коа ќе седнала (младата невеста) да руча или да вечера, ...ниет немала да станит дури не го изеела сио леб што имало на трпеза (6, 43); **дури да** – *со ѓлаѓолите:* **врати се**: Дури да се вратат дома (царо и царицата), момчето побрго беше го однесол Педа чоек во одајата кај цареа ќерка (2, 251); **дојди**: Сторил ниет попо да одит со сина си на аџилак и да ја остаит ќерка си сама дома да седи, дури да си дојди попо од аџилак (3, 128); **послуша**: Петре, ќе ти поминит атарот, ама глеај да не се каиш после и да одиш да ми се молиш пак да го препраам времето. Да тогај седум дни ќе ми се молиш дури да те послушам (4, 115); **продаи**: Е, море братко, лели не си знаел друго јазик од бугарски, многу завмет ќе видиш дури да ’и продаиш бравите (6, 85); **стемни**: Така си мислеше со умо царо и седе дури да се стемни, та си отиде до портата од сарајо и едно да влези, карауло го запре (4, 203); **дури да + не** – *ѕоѕека не;* ...го видов (Ристоса) и проштење зедов, оти бев се зарекол да не умрам дури да не го видам, и ве уверуам, браќа, оти го видов и сега брго ќе дојди да н избави од ова темница! (4, 43)

2. *во зависна намерно-временска реченица во состав на сложениот сврзник:* **за дури**: Се капало момчето, се капало отколку што не било законо, за дури исчека сите цареи да си одат од бањата, чекајќи и царцкијо син да излези (5, 133); **за дури да**: Да ти даам (малце леб), бре момче – му рекол (гоедарот на Итроман Пејо) – туку не носам со мене, ако сакаш поварди ји говедава за дури да појдам јас в село, да ти донесам. (6, 198); Затворил (тргоецо) маазата и си отишол од тој град во друг за дури да му се попраит кăсметот (4, 60).

3. *(во начински реченици) со* без *образувајќи сложен сврзник, искажува извршување на еѕноѿо ѕејсѿво при оѿсусѿво на ѕруѓоѿо;* **без да**; овде: *со неѓација;* **без дури не**: Во старо време имало еден чоек што го колнеше и го караше ѓаолот, еве како. Што-год да сработеше, без дури не го проколнеше, не беше чаре (4, 225)

II. *чест. за истакнување или потсилување.* **1**. *дека нешто е поголемо од она што би се очекувало – по простор, време, количество, далечина и др.;* Кај ќерка ми оам, бре синко – му рекла бабата повторно. – Е, се разбравме дури сега! – је рекол чоекот. – Бре, да и вие сте разбрале оти ми родила ќерка ми машко дете? – му рекла бабата. – Ете, дури сега, бабо, се разбравме! – је рекол чоекот. (6, 128); ...помалиот им брат, што работил толку време на туѓина, спечалил голема стока – дури три ореи! (3, 34); Откоа виде тоа нешто (капидано), се вратил назад и е кажал на невестата му од момчето оти момчето е не зборуало. На тоа згора се спремала таа и отишла дури тамо (5, 242).

2. *за искажување дека нешто се врши во висок степен, мера;* Од касапница да дури до вурната сѐ беше текло крв по патот како река (5, 230); Гледарката ми кажа оти кăсметлија сум многу и дури цар можи да станам (3, 297); Ји наредил (арсланот сите животинки) на табури со ред: чешит-чешит, дури да ти е страв да му се опулиш (2, 48); Заватил (чоекот) да му кажуат со ред (на кртоите), откај сонцето да до нив дури дошол (3, 116); В трећата вечер Госпо, сполај му, беше му покажал еден нишан на цар Костадина и на царица Елена, еден крс голем од ѕвезди напраен, од кај што огрева сонцето – до кај што заоѓа, и од југа да дури до севера (4, 32); Коа се вивнале пламењето дури до врв колиба и, за пакос, беше ја запалил колибата, та беше ја изгорел (6, 209); ...тамам ќе го привтасаше (песот) да го чапни, зајако ќе му кршни и така го мачи цел ден да не можи да го вати, да дури се стемни (2, 68–69).

~ Во и з р а з и т е: **голем дури до небото** – *мошне голем;* Чуден сон видов, браќа, ...како да бев пројден онамо јааа во стреде полено кај еден сарај без рака да беше праен, голем дури до небото, светеше како џам, очите му се земаат на чоека ако гледа поеќе (4, 76); **дури до облаци** – *мошне високо;* ...го кренал (змеот) котелот со млеко, та го испил и го врлил над себе дури до облаци и враќајќум со котелот го начекал на малио прс од раката. (2, 126).

~ Во п р и м е р и т е: (2, 6; 2, 30; 2, 31; 2, 32; 2, 35; 2, 36;

2, 40; 2, 41; 2, 42; 2, 43; 2, 45; 2, 46; 2, 47; 2, 48; 2, 49; 2, 51; 2, 54; 2, 59; 2, 60; 2, 69; 2, 70; 2, 86; 2, 103; 2, 104; 2, 107; 2, 112; 2, 115; 2, 117; 2, 119; 2, 120; 2, 124; 2, 126; 2, 129; 2, 130; 2, 137; 2, 140; 2, 145; 2, 148; 2, 150; 2, 154; 2, 170; 2, 172; 2, 179; 2, 185; 2, 195; 2, 209; 2, 210; 2, 218; 2, 221; 2, 230; 2, 234; 2, 237; 2, 242; 2, 251; 2, 253; 2, 260; 2, 261; 2, 270; 2, 278; 2, 285; 2, 294; 2, 295); (3, 24; 3, 34; 3, 38; 3, 46; 3, 49; 3, 61; 3, 93; 3, 100; 3, 107; 3, 112; 3, 116; 3, 128; 3, 133; 3, 154; 3, 156; 3, 161; 3, 191; 3, 216; 3, 258; 3, 266; 3, 267; 3, 270; 3, 275; 3, 284; 3, 287; 3, 296; 3, 297); (4, 14; 4, 18; 4, 19; 4, 32; 4, 42; 4, 43; 4, 60; 4, 64; 4, 76; 4, 89; 4, 102; 4, 104; 4, 115; 4, 124; 4, 156; 4, 169; 4, 192; 4, 202; 4, 203; 4, 225; 4, 237; 4, 253; 4, 259; 4, 261; 4, 273); (5, 15; 5, 19; 5, 30; 5, 31; 5, 46; 5, 50; 5, 56; 5, 75; 5, 80; 5, 95; 5, 109; 5, 118; 5, 133; 5, 141; 5, 147; 5, 150; 5, 164; 5, 167; 5, 180; 5, 230; 5, 233; 5, 242; 5, 268; 5, 287; 5, 294; 5, 334; 5, 357); (6, 42; 6, 43; 6, 53; 6, 85; 6, 92; 6, 98; 6, 123; 6, 128; 6, 196; 6, 197; 6, 198; 6, 201; 6, 205; 6, 209; 6, 212; 6, 213) и др.

ДУЌАН -и *м.* (тур.) **а**. *место или просторија каде што се продава или изработува нешто; занаетчиска работилница и продавница;* Си пазарил еден дуќан да седи момчето и да работи од секакви занаати (3, 40–41); (Сиромајио) се наведил, та ја зел (шупливата цреша). Видуајќи го бакало, го викна в дуќан да го праша што најде (3, 242); Момче, еве овој дуќан ет мој, со оваа стока ти остаам на твојата рака (4, 61); *во членувана едн. форма:* **дуќанов**: Господ да чуа, туку некоја ноќ дуќанов да пропадни вземи, што би ми рекол? (4, 61); **дуќано(т)**: Врвејќи пред дуќанот од момчето алајките од цареа ќерка... чуја коа велеше момчето оти ќе праи родан сам да преди (3, 41); ...идат мајсторо и момчево да отвораат дуќано, се чудат оти го снемало дуќано (4, 61); *во множина:* **дуќани(те)**: Гледајќи (момчето) низ чаршија по дуќаните свет што купуаа кому што му требало, се преесапило и тоа да ватит неколку дуќани и да наклаит таквие стоки за да бидит трговец (2, 238).

~ Со п р е д л о з и те: **(влези) во**: Едно утро, му влегол во дуќан момчето на џеваирџијата и... (5, 188); **(опули се) во**: (Глушецот) застанал пак на венецот и се опулил удолу во

дуќанот (2, 66); **(работи) во**: Вид. кај **свој**; **(седни) во**: Седнал во дуќанот момчето ѓоа ќе работи нешто и со прво ватило да праи чекркот (3, 41); **(дојди) до стред**: ...и тамам беше дошол до стред дуќан (глушецот) на средната греда, и го привтаса (мачорокот) (2, 65); **(однеси) до**: Калвичето да му ја однеси (рибата) до дуќанот од екимо за да му даит парите (6, 61); **(дојди) на**: По некој саат си дошол кумењијата на дуќан и си седнал да чука (6, 68); **(донеси) на**: ...зел еден грс пари (момчето), та му 'и донесол на берберот, на дуќан, та си 'и делеле наполу (5, 311); **(испраќа) на**: Секое утро (жената) го скоривала (мажа си) порано и го испраќала на дуќан (6, 45); **(јави се) на**: Ами сега, мори жено, како ќе се јавам на дуќан од светот... ќе ми се смеат кога ќе разберат (6, 26); **(оди) на**: ...штом мажот је ќе си одел на дуќан и незе ќе дојдеа мажи за да курвуат со неа (5, 162); **(однеси) на**: Еден ден беше посакала бабата од невестата ручек да ѝ даит за да му однесит на мажа је на дуќан (4, 244); **(отиди) на**: Си го опашал ќемеро касапо и си отишол на дуќан и почнал пак да сечи потавмин месо (5, 171); Едно идење на дуќан и прао кај комшијата џеваирџијата беше му отишол на дуќан (5, 189); **(пројди) на**: ...поседел неколку саати (мајстор му) и му текнало на умот за да пројди на дуќан да види како 'и вапсуат Ристос предената (4, 107); **(седи) на**: Му нарачал (братот) да седи на дуќан умно и разумно ...со еден збор да бидит цел домаќин (5, 246); (разоди се) низ: ...станал (глушецот) та се разодил низ дуќан. (2, 67); **(идит) од**: ...ама слушај (невевче) вамо што ќе сториш кога ќе го видиш оти мажот ти идит од дуќан; – ќе истрчаш и ќе го пречекаш уште кај портата (6, 47); **(излезе) од**: „Ја ај да се прошетам малку по пријатели за да се разгоарам... јас“. Така велејќум (кумењијата), и си излегол од дуќан (6, 68); **(истера) од**: Ватило детето што имало в дуќан да сечи и... (комшијте) веднаш беа му ги зеле ножиците од раце, та беа го истерале од дуќан надвор (4, 246); **(истурка) од дуќан надвор**: ...чоеко си останал со едно уо и берберо без грошо, чунки го истурка за раменици од дуќан надвор (5, 303); **(украдн) од**: Секој се надеал (од ортаците) да украдн од дуќанот едночудо пари од баш-

ка ќарот што ќе се делеа (6, 59); **(врви) пред**: А, бре терзијо, оти ти не стануаш коа врвам јас пред дуќано твои? (3, 228); **(најди) пред**: Ја ваму, бре пријателе – му рекол бакало (на сиромаио) – што најде пред дуќанот? (3, 242) **б. отвори дуќан** – *почне да се занимава со трговија;* Мунасип нашло (момчето) акчија да бидит и отворил дуќан (6, 83).

~ Во и з р а з и т е: (**да**) **вати дуќани** – *дуќани (да) отвора;* Момчето... се преесапило и тоа да ватит неколку дуќани и да наклаит таквие стоки (2, 238); Ватило (момчето) неколку дуќани и накупило турли-бе-турли стоки и ...наглавило измеќари и се курдисало како баш тргоец (2, 238); **да фаќа дуќани** – *дуќани да отвора;* Вид. кај бр. **десет**; **од дуќан на дуќан** – *покрај секој дуќан;* Едно момче селанче отишло на туѓина во еден град и тргнало по чаршија да барат работа. Од дуќан на дуќан позастануало и дошло до една берберница (5, 310); Шетајќи (момчето) од дуќан на дуќан, прашал тебемене и погодил еден царцки чоек, та тој му наоѓал една работа при царо да биде сеиз (2, 258).

~ Со п р и д а в к и т е: **друг**: (Детето) ватил друг ортак со друг дуќан и со него работеле една година (3, 203); **зарзаватчиски**: Двајца Турци Помаци, врвејќи покрај еден дуќан зарзаватчиски, видоа, покрај другото зајре што се продааше, и праз да се продаат (6, 129); **отворен**: ’И остаија (инсано) дуќаните отворени (4, 145).

~ Со п р и с в о ј н и т е п р и д а в к и: **свој**: Утрото пајде момчето и се делило со ортаците. Од тој саат си работело во својот дуќан (3, 204); **твој**: ...да затоа ти кажуам да работиш во твојот дуќан и ќе си вадиш што ти е нареченото од наречниците (3, 203); **негојио**: (Терзијата) цел ден глаа не креал од работата, ни гледал кој врви пред негојио дуќан и кој оди од пустото шиење (3, 228).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: Една ноќ беа го ватиле (арамијата) во еден дуќан кај што беше го разбивал за да го пленит (4, 217); Јас со еден дуќан вадам по десет грошеи на ден, ами ако ватам уште еден, или два, колку поеќе ќе вадам? (3, 202); **два**: Вид. кај еден; **десет**: Десет дуќани да фаќаш, бре

синко, и пак десет грошеи ќе вадиш... (3, 203).

~ Со п р и л о з и т е: **колку**: Н, земи го ова ѓуле (чоече) и врли го низ пенџерево, до колку што можиш и до колку куќи и дуќани ќе преврлиш, од сите тие иратот и вергијата ...ти да ги земаш и да живеиш пашаиши (2, 121–122); **неколку**: Вид. кај изразите.

~ Во д р у г и п р и м е р и: (3, 42; 3, 43); (5, 173; 5, 314); (6, 24; 6, 48; 6, 81; 6, 189) и др.

ДУЌАНСКИ *прид. што се однесува на дуќан;* Си зело кумењијчето сите дуќански алати, си зело стребро и злато, и си влегло ...во една гемија (5, 168).

ДУЌАНЧЕ *ср. дем.* и *хип.* од д у ќ а н; Што имаш некоја пара (море синче), ќе ти треба да си ја клаиш во дуќанчето сермиичка (5, 178).

ДУЌАНЏИЈА -ии *м.* (тур.) *тој што има дуќан;* ...кај што врвел (царо) покрај дуќаните, сите дуќанџии му станувале, саде терзијата не му станал (3, 228); Ја кажуале (трговците) мострата по дуќанџиите, и секој што му ја видуал му ја познал оти мов и шикли борои било (6, 184); ...останало да се велит на тие дуќанџии што не седат на дуќан, да имаат скршена нога, ако сакаат да бидат дуќанџии (6, 69).

~ Со п р и д а в к а т а: **нов**: Како кај секој нов дуќанџија, сопрво ќе му појдат луѓе, што не плаќаат (6, 83); Бидејќи нов дуќанџија беше момчето, секој кој поминал и ќе се врател и ќе го прашал што ќе работи (3, 41).

ДУУ! *изв.* Вид. **ду**!

ДУ-У-У! *изв.* Вид. **ду**!

ДУХ -ои *м.* **1**. *во народното празноверје: натприродно бестелесно суштество;* Ете тоа сме ние, пријателе, туку јас седам и се чудам со тебе какви очи си имал ти што нѐ гледаш нам, чунки ние сме духои, а не снаги. Молим, ако не ни кажиш како нѐ гледаш... (4, 130)

2. *во религиозните учења – тоа што е спротивно од телото;* **даде Богу дух** – *умре;* Тие зборои му ’и кажа на сина

си царо и даде Богу дух (5, 30); **духом** – (црквслов.) *со ѕухот;* Молим те, ангеле, пушти н да си влезиме во рај и така си нѐ донесол до овде! – Тука духом се влегуа – му рече ангелот – а не телом (4, 50).

3. *(во христијанската религија)* **Дух Божји, Дух Христов (Свети Дух)** – *третото лице на света Троица;* Откоа ја виде пријатело наш протестанската вера и тамо пак си беше лош, благоволи Бог да му отвори духот Христов, душевните очи, да си види лошотиите што ’и праел (4, 182); И падна на колена (сиромаио цар), та плака и се моли на Бога да го прости. Духот Божји го натера да пројди при новио цар и да му кажи историјата (4, 204).

4. *моќ, способност;* Му заповедал Госпо на Деница да го опколит рајо со сите негои ангели, за да го вардат Адама и Ева и да му праат чес, чунки Господ го напраил Адама со раката негоа и му дал од духот негов. (4, 8)

5. *ѓаволот;* Вид. кај **лош**.

~ Со п р и д а в к а т а: **лош**: Коа му се престави тој стих на царо да се пиши кај што треба, тој надушен од лошио дух и се возгордеа, та не остааше да се пиши (тој стих) (4, 202).

ДУША -и *ж.* **1**. **а**. *внатрешниот ѕуховен живот на човека со сите негови психички појави, свест;* Како што не можи телото без душа да живеи, така и душата без телото не можи! (4, 210); Ов, да би Господ ти платил, бре чоече – му рекол со полоина душа на чоеко ’рслано, јачејќи и плачејќи од болештината на ќотекот што беше го јал (2, 86). **б**. *етичко чувство; совест;* Е, е, како он, така ѓон сме биле, туку дај ми го еднио грош мене и земи го еднио ти, да на душа му сега кој работи со правина! (6, 56); ...отидов сопрво при еден баш-арамија, арно ама тој чунки не беше бил прв арамија, та кабул не ’и стори парите, чунки неќеше да земат на душа, ами ме прати кај еден друг побаш-арамија (5, 367). Вид. *чест, честност, искреност;* Вид. кај и з р а з и т е: **да не ја изгуби душата**; **да си изгубиме душата**; **со сѐ срце и душа**.

2. **а**. *(обично со приѕавка) основна типична црта на*

некој човек; со придавката **грешна**: Вид. кај п р и д а в к и т е. **б**. **со благата душа** – *со благородност, добродушност, милост;* И веруам (сиромавиот) со благата душа што ја има, ки знај колку добриње по сиромаси ќе праи (4, 212). Вид. *во формата* **душо** *(само во еднина) при обраќање кон драго лице;* ...кога се преесапи (терзијчето) оти нема пари, веднаш беше си наумил зборот од невестата си, кога му велеше: „Оф моме, оф душо!“ а таа му одгоарала: „Оф моме, оф душо, ама оф брашно, оф страшно!“ (5, 179)

3. *човек, жител, член на семејство.* **а**. *самостојно;* Тој си нашол сега друга невеста. Ами како да станиме каил, души да изгубиме! (5, 320) **б**. *со број, бројна именка, броен прилог, неопределена количествена заменка;* Ов, јас сирота – рекла лисицата – што се чинит ал, куќата си ја запустив! Како не се најде една душа да ми истера злото од куќа! (2, 16); Обружал (царо) триста души аскер, со сите потреби што ќе му требаат за по пато (4, 71); Да пратиш дветри стотини души аскер и неколку граматици, да одат покрај реката Јордан (4, 70).

4. *прен. (само во дн.)* **а**. *живот, животна сила;* Ах, анасана, што би овој таксират мој – си рекол – и без пари останав и без душа (4, 134); Љубезни мој домаќине, еве биде кăсмето ние да се ќердосаме и да живеиме. Ќе те молам ако сакаш кажи ми до колку години ќе живеиш и кај ти стои душата? (3, 88) **б**. *спокојство;* Честити царе, ти тоа што си видел ноќеска на небеси и си чул – јет за голема добрина за народот твој и за душата ваша (4, 32). **в**. *срце;* Туп, туп, туп, душата му тупала (на глушецот) во градите (2, 66); Вистина, честити царе, ти беше во столо – му рекол светецот – ама мислата и душата ти шеташе во љубовниците и нечесните жени (4, 162).

5. *дишење, здив;* Коа беа чуле гостите, беа брбнале сите да се смеат и у кого душа беше останала од смеа за будалштилăкот од нункото (6, 99).

6. (*според религиозните претстави: настрема* телото) *бесмртно нематеријално божествено во човекот што го*

напушта телото и продолжува да постои по неговата физичка смрт (одделено од телото), дух; со глаголите: **врати**: Од много додевање на мајка му од Костадина, му се здодеа и го помоли Бога за да му ја врати душата во мршата за една ноќ (2, 191); **излези**: Пред да му излези душата, (чорбаџијата) обете раце стокмени палец до палец 'и спружуал пред лицето си (6, 89); **носи**: Пратен сум од Бога да те земам и да те носам на тој век за во рај. Сега као сакаш да те носам, сосе снага, али само душата да ти ја носам? (4, 5); **предава**: Јас умирам и на Господа душата си ја предавам за во рај Божи да ми ја клаит! (5, 59); **прибра**: Штом зедов таин Божи, и Бог ме прости од грео и ми прибра душата при него (4, 196); **за душа спасение** – *за спас на душата;* Кажујте сега, чорбаџии, каде ет мунасип да 'и остаам париве за душа спасение? (5, 138); *во мн. членувана форма:* **душите**: Му ја однесе (ангелот) душите во снагите и коа се разбудија, си го прикажаа тоа нешто (4, 51); ...му дошол ангелот (на пријателите) и му ја зел душите и ја повел по себе, та 'и однесол да го види безбожнико рајо и вечната (4, 49); Умирајќи Адам и Ева, душите му појдоа во вечна мака при ѓаоло, и сите луѓе: внуци и превнуци Адамои што умираа (4, 18).

7. **за душа** – *задуша, задушница;* Таман како што ти нарачал татко ти, вечна му памет и нека му се за душа и пред Бога (парите) (5, 370); Да велиш: јадовме, пивме, Бог да ја прости, нека му је за душа. Ете, така да велиш, ќерата еден, а не: денеска една да умрит, утре две (6, 76); Дарај ме за Бога, за душа, едно парче леб, да ти се најди пред Бога на тој век! (4, 6)

~ Во и з р а з и т е: **без душа си** – *немаш милост, бездушен си;* А бре чоече, за ошто си толку без душа на добитоко, во тоарање и во тепање? Ќе те прашам и ќе ми кажиш? (3, 265); **бери душа** – *умира;* Слегла лиса и кога ти го нашла кај бери душа (бумбарчето), го жалала, го пустела сирота; арно ама беше си умрело, како да не било од никоаш (2, 16–17); Кога дошол саатот (маштеата) да умират, четириесет дни бера душа, да после умре (2, 185); **Бог му прибра душата**

– *умре;* Штом зедов таин Божи, и Бог ме прости од грео и ми прибра душата при него (4, 196); **вади душа некому** – *умира некого;* Јас сум св. Аранѓел, што вадам душите од луѓето (4, 87); **во голем грев си ја клаваш душата** – *многу грешиш;* Е, бре чоече, виде оти не можиш да ме сотриш кога Господ ме крепит, вар ќеш бре (мавни се) од оваа севда, оти во голем грев си ја клаваш душата (5, 277); **го зеде на душа** – *го зеде на совест; го унесреќи;* ...многу сум ти го ужалил (момчето), оти беше многу лично, како мене: го зедоа на душа, Бог да 'и убие, самовилите (2, 132); Бре, што го зедов на душа кучето што ми покажуаше со ишарет задека ми загинала торбата со пари, ќешќе да се вратев, коа се враќаше сирото куче (5, 10); **го зема на душа**; **'и зема на душа** – *го (ги) обвинува на правина;* Ислуша кадијата сопрво богатио и после сиромаиот и сетил оти богатио го зема на душа сиромаиот (5, 91); Море, ами ете ти ја теслата, бре душко, за појас ...што 'и земаш светот на душа? (3, 255); **да го земи на душа** – *да биде виновен за неговата состојба;* Е, бре пријателе ...ич се јади такваа риба со мамалига, да да го земиш на душа мојо пријател, та да бајалдиса! (6, 140); **да заголни душа** – *да касне малку, да се поткрепи;* Ќе ти кажам, дедо – рекол (сиромајо) – ти се молам, ако е возможно, да ми даиш едно парче леб да заголнам душа, оти цел ден кај патуам гладен и жеден (4, 83); Оф, бре чедо, ќе ти кажам, туку те молам ако не ми даиш еден залак леб да заголнам душа (4, 62); **да ме земеш на душа** – *да ме обвинуваш на правина;* Море домаќине, море душко, не чини се како дете и не влегуј во грев, да ме земеш на душа, бре! (5, 314); **да му земат душата** – *да го умре;* Поминале многу годиње и дошол ангел Божи за да му земат душата (од сиромајот) (4, 64); По годиње посакал Ристос да му ја земит душата од комарџијата и пратил еден апостол од небеси (4, 66); Се чуди ангело на тој стар како да биди толку жив, и Христос го прати за да му ја земи душата на мајка му на пет дробни деца без татко (4, 53); **да му оживи душата** – *да воскресне;* Арно ама дотуа беше му биле дните на дедо Адама, тики не му помогнале три семки за да му оживи снагата, ами да му оживи

душата и да му е бесмртна (4, 22); **да нарани душа** – *ѓа се прехрани;* Пустата гладос Пејоа, не само еден тапан ќе носел, а-ми два, само да нарани душа (6, 199); **да не ја изгуби душата** – *ѓа не ја загуби честа;* Почнал да ја учи (егумено Марија) да ја кандиса да се остаи од тие работи да не ја изгуби душата, и си отишол на манастир. Од малку – малку, као да се кандиса-ла Марија да се остаи од тој грешен пат (4, 193); **да си изгуби-ме душата** – *ѓа ја загубиме честа;* Тој (ѓаолот) ќе гледат како од како да н клаи во некој голем грев, да после да си изгуби-ме душата (4, 178); **даа за душа** – *разѓава за покоен;* Со туѓа пченица сакате да даате за душа, леб немате вие за вечер, гостин си прибрал да ви лежи дома... – му рекла богатата (на детето) (4, 156); **душа земи некому** – *усмрти некого;* Ах, Бо-женце, и ти златна Богородјце! Ви се молам, душата да не ми ’а земите, дури не се сторам пак чоек и тогај ќе познаит тат-ко ми и мајка ми, како ќе работам во куќава и како ќе ’и слу-шам (2, 150); **душа (ј)е мила** – *човек сака ѓа живее;* ...голема жал му идела (на Силјана); што дури сакал да се сам убие или во бунаро да се удаи; арно ама душа је мила, пак се попишма-нил (2, 154); Коа го видел глушецо мачорокот, умрел од страв..., арно ама душа е мила, веднаш беше се изјазил на греди и по греди трештил да бега као в глаа удрен (2, 65); **ду-ша наврве за да излегуат** – *фати ѓа умира, му ѓојѓе крајот;* Еве уште еднашка да ви кажам по просто, да ме разберите о-ти еве веќе душа наврве за да излегуат (5, 59); **душа нејќи** – *нема волја, не може;* Коа чу тие зборои царо од еќимо, се оп-на да ’и изеи сите манџи што му беа нарачани од еќимо. Јади, јади, пи вино, пи вино, арно ама кога душа нејќи, сосила не се јади (5, 87); **душа пуштил** – *умрел;* Е, лели велиш пак така, жено, еве ќе умрам и да не гледам кога ќе јадиш. Тоа изустил (мажот) и душа пуштил (5, 301); **душа сака** – *животот е таков; така требало ѓа биѓе;* Е е, вистина така си је, пријателе, ама душа сака на трипати да ти ја најамчат јамката – му одго-араше тој на пријателите – да после правината излегуа на мегдан (5, 257); **душаа во носов ми дошла**! – *силно се измачив;* Ај растоари, жено, и не вреви, оти доста ми е маката: еве ду-

шаа во носов ми дошла! И да знаиш, жено, оти од денеска вамо нема да ти одам на дрва (6, 70); **душава ми пука** – *силно се ја9осувам, се нервирам;* ...јас вистина сега се здружив со вас, ама кога гледам толку неправиње помеѓу вас, душава ми пука, тики за тоа ќе ве напаѓам (4, 241); **душата да не му ја земи**; **душата да ти ја земам** – *9а не го умре; 9а те умрам;* ...таа што напраила да лежи девет години и дури да не земи проштење од мене, Госпо душата да не му ја земи! (2, 162); Тие опинци сет, пријателе, што ми 'и купуаше ти, и сите 'и искинав, дури да те донесам на вешало и душата да ти ја земам за во вечна (4, 273); **душата ми е дојдена во забиве** – *на умирање сум;* ...за верно да знаиш ова што ти го велам, чунки душата ми е дојдена во забиве од пустата сиромаштија што ме навјавнала до шија (3, 272); **душата му наврве** – *му 9ој9е крајот, пре9 смрт е;* **душата си ја спаси** – *остане во живот;* ...тебе не ти требат на аџилак да одиш (сестро лисицо) за душата да си ја спасиш, рај Божи за тебе веќе је отворен (2, 37); **душата со палци и со колци ќе ти ја изваам** – 1. *свирепо ќе те убијам.* 2. *многу ќе те изнамачам;* ...да ако ти станам (слепче), небото прешлен ќе ти се видит, душата со палци и со колци ќе ти ја изваам, знаиш или не знаиш? (5, 27); **душата ќе ми ја изваит**; **душата ќе ти ја изваам** – *ќе ме умре; ќе те умрам;* ...јавнат настрана (стопан ми), коа ќе вати да ме удира со обете нозе во слабината, бапа, бупа, бапа, бупа, душата ќе ми ја изваит (2, 92); ...како нема некој од мајка роден да ми донеси една пресна погача, три парчиња сирење и една карта вино, та ќе видиш оти устата ќе ти ја раскинам и душата ќе ти ја изваам! (3, 92); **души губи** – *убива;* ...арно ама, брате гусаче, досега не бев знаела оти и је голем грев крв да турам и души да губам (2, 6); **една душа** – *сам;* Вид. со бројот **единаесет**; **забра душа да умират** – *почна 9а умира;* Тогај (царот) 'и викнал сите еќими за да го лекуаат, арно ама зер дотогај беше му бил денот и забра душа да умират (5, 29); **за своја душа** – *за себеси;* Го пожалил тргоецот (момчето) дека бил нем. Работел при тргоецот и печалел како за своја душа (5, 240); **заголни(т) душа** – *касне малку, се поткрепи;* Ха ...онде можит да имат некој ов-

чари, чекај да појдам, белким ќе ми даат троа леб за да заголнам душа (4, 78); Ха, ене онде треба да има некој чоек; чекај да појдам до тамо, да белки ќе испитам едно парче леб за да заголнам душа, да не умрам од глад (4, 83); Ти се молам, бре момче, ако не ми даиш троа од пајкана да каснам... за да заголнам душа (2, 201); ...бидејќи лисицата гладна, му се посакало да си каснит троа пајка за да заголнит душа (2, 201); **зер јас немам душа** – *зарем јас не сум човек;* Зер јас немам душа, како што имат гуската, за да си ја наранам (бре стопане)? (2, 53); **зер не ти е душата раат** – *зарем не си спокоен, зарем не се задоволи, зарем малку ти беше;* Ах проклета змијо – беше је рекла (невестата) – дали ти беше што го клукна моето момче? Зер не ти е душата раат што дојде за уште еднаш да го клукниш? Ја постој и јас тебе да ти ја столчам глаата, да видиш како боли (3, 178); **'и зедов на душа**; **'и земаш на душа** – *ги носам на совест; ги носиш на совест;* Леле јас сирота – си велела (лиса) со полојна глас – 'и зедов луѓево на душа со овај пален петел. Ќешки него да не бев го зела, да не изгиневме ние тројца (2, 8); Да вака тебе не ти прилега да лажиш светот, да 'и земаш на душа за да јадам ќотек (5, 198); **и јас сум душа**; **и ти си душа** – *и јас сум (жив) човек, и јас сакам; и ти си (жив) човек, и ти сакаш;* Е, и јас сум душа де, да и јас сакам да седнам како што седат сите каури во куќи (6, 178); А, бре брате, оти не ми врлаш некој лешник за да си окршам и да си каснам... ами и јас сум душа, брате? (2, 87); Лели и јас сум душа, сакам да излезам понадвор, да појдам до црква, како што одат сите жени (5, 191); Ела, ела повели внатре (бре зајаку), седни, огреј се, оти и ти си душа, да ако ни потребаш за да те пуштиме за поштарџија, па и ти ќе н поризаш тогај (2, 204); **и тоа душа носи** – *и тоа е живо суштество;* Еда и шаренио вол ти пцоиса, Спасе. – Пцоисуа ја, живото имање е пчошка рана, и тоа душа носи (4, 251); **илјадници души** – *безброј народ;* Ете како тебе сет... тие мажи што сет жени, честити царе, атăр да не ти останит што ќе ти речам, чунки си кинисал по умот на една жена да је праиш од коски сарај, за да погубиш илјадници души (2, 83); **ја зедоа на душа** – *ја обви-*

нија; На голема мака биле сите четворица и непрестајно се карале мажите со жените, чунки сеќаваа оти на правина сестра си ја зедоа на душа и ја загубија (3, 143); (**како**) **за своја душа** – *(како) за себеси;* Го пожалил тргоецот (момчето) дека бил нем. Работел при тргоецот и печалел како за своја душа (5, 240); **како не се најде една душа** – *како нема некој;* Како не се најде една душа да ми истера злото од куќа! (2, 16); **како немат некоја жива душа** – *како нема некој;* Ах, јас сиромав... до кога ќе јадам 'ржан леб и пипер, ах, да е проклет тој саат што сум се родил јас! Како немат некоја жива душа да ми се најдит да се обогатам, та и јас да поживеам како што рекол Господ (4, 235); **кога ќе му излезит душата** – *кога ќе умре;* Молим, ако не ми кажиш како нѐ гледаш, чунки никој друг чоек до денеска не нѐ видел (нас ангелите), освем кога ќе му излезит душата на чоека (4, 130); **колку је душа сакала**; **колку ти душа сака** – *колку што сакала; колку што ќе посакаш;* По време царскио син беше се преженил за една друга девојка... а првата ја беше клал во еден сарај, беше је дал јадење и пиење колку је душа сакала (2, 187); ...бездруго (синко) ќе те благодарит (Бог), со јадење и пиење колку ти душа сака (4, 83); **колку што му душа сака**(**ше**) – *колку што може(ше);* ...пи, јаде царо колку што му душа сакаше и се тргна од трпезата (5, 29); ...јадењето не је ништо, лели чоек да се најади колку што му сака душа, сеедно а си јал леб и сол, а си јал леб и месо (5, 77); 'И (Господ) клал Адам и Ева во рајо да го работат и да јадат од сите дрвја што беа во рајо, колку што му сакало душа (4, 8); **кротки души** – *мирни луѓе;* Вид. кај **кротка**; **куртулиса душа** – *спаси живот, остане во живот;* Коа виде глушецо оти ќе го зграпчи мачороко, се врли од греди удолу за да падни во бакалницата, да белким ќе куртулиса душа завали и вистина ја куртулиса (2, 66); **ме зеде на душа** – *ме обвини, ме унесреќи;* Ах, море ташто, ах, море мајко, заошто ме зеде на душа, лели ме виде сега, јас ќе побегнам и ќерка ти дури не искинит едно рало опинци – да не можит да ме најди! (2, 169); ...ами сега што ал се праит, аман (жено) барај ми крајот, оти ти ме зеде на душа (2, 131); **ми зе-**

маш душата – *ме мачиш;* Бре аман, нунко... доовде би кумството наше? Мене најде да ме умриш и да ми земаш душата? (4, 88); **му дојде душа** – *зѡивне;* Одвај дури тогај беше му дошло душа на момчето (4, 124); **му зеде душата** – *му ја земе ѡушаѿа. го умре;* Тргна (ангело) ножот од ножница и му зеде душата на старио (4, 54); Стои ангело и се дума како да праи. Си вели со умо: да не му земи душата на пргаата и здраата жена, али на стариот што дошол гробу на врата (4, 54); Поминале многу годиње и дошол ангел Божи за да му земат душата (на сиромајот) (4, 64); **му излезе душата** – *умре;* ...го обесиле на часот. Штом му излезе душата на сиромаио, му ја зел ѓаолот да му ја однеси во вечна (4, 273); ...на смртнио час кога умирал (чорбаџијата), сѐ викал за тој пусти сенет и со сенето в уста беше умрел. Пред да му излези душата, обете раце стокмени палец до палец 'и спружуал пред лицето си спроти сонце (6, 89); **му ја зел душата**; **му ја земе душата** – *го умрел; го умре;* Спиејќи ноќта царо, дошол ангел Божји и му ја зел душата на царо, та му ја однесол на тој век (4, 161); Поминале дни и години, и му дошол (на чоеко) саато да умри. И му дошол ангел Божи, та му ја зел душата и ја понесе за в небеси (4, 188); И го поризал ангело (праведнио чоек), та му ја зел душата, и коа се расчуло оти умрел онцица, голема радос беа сториле старците и со радос и тие си умреле (4, 199); Лели јас те пратив на сиромашката жена да му ја земиш душата, оти на старецов му ја зеде? (4, 54); На дванаесет години му дошол ангел Божи пак за да му 'а земат душата. Едно го виде сиромајот и го натера пак за да му кинит јаболко (4, 65); **му (ја) поврати душата** – *го враѿи во живоѿ;* ...мајка му (на момчето) го крена та си го однесе во гробницата и беа му повратиле (самовилите) душата, та беа си го зеле в планина (2, 130); **му ји однесе душите во снагите** – *ги оживи;* На тоа згора (Господ) му ји однесе душите во снагите и коа се разбудија, си го прикажаа тоа нешто што го видоа (4, 51); **му кладе душата** – *го враѿи во живоѿ;* Пејде ангело и му кладе душата на старио, а од жената му ја зеде (4, 54); **му отишла душата во вечна** – *умрел;* Умирајќи си цар Симеон, му отишла душата

во вечна, кај што оделе сите праведни (4, 43); **му се накренала душата** – *му се загнасило;* ...колку пофатил (богатио) да скини една круша, некако му се загнасило и му се накренала душата, та не скинал (2, 230); **на Бог(а) на душа** – *на совест, на ѕоверба;* ...и се предал (глушецот) на Бог на душа на жабата за да го препливат отаде река (2, 77); Пред умирачката го викнал сина си и му дал неколку илјади грошеи и толку илјади грошеи му ји дал на Бога на душа да му 'и даи на брата си (3, 249); Ете тој збор ти го остаам, жено, на Бога, на душа, да ми ги чуаш и проштаај ми оти јас си умирам (3, 46); **на Бога си 'а предаде душата** – *умре;* Тој насиет му го даде и беше си умрел, да дали на Бога си 'а предаде душата, дали на ѓаолот, вие судете браќа (5, 59); **на Господа душата си ја предавам** – *умирам;* Јас умирам и на Господа душата си ја предавам за во рај Божи да ми ја клаит! (5, 59); **на душа ви остаам** – *на совеста ви оставам;* Ве молам, вие чорбаџии, и на душа ви остаам, од ова што ви нарачуам, ништо назад да не остаите (5, 139); Сопрво јас сакам да ви кажам оти имам за земање и за давање од луѓето, на душа ви остаам, синковци, ако му 'и остаите парите на тие луѓе кај што имам за земање (5, 58); **на душа го нападна** – *на правина го напаѕна, неправеѕно го обвини;* Кога се уверуа чорбаџијата оти аргатино на душа беше го нападнал, изваил многу пари, та му дал и проштење му зел (6, 230); **на душа да ве земам** – *ѕа ве носам на совест;* Мутлак ја виде (месечината), бре старче! – му рекле Турците. – Мутлак, ами зер ќе ве лажам за на душа да ве земам? – му рекол Дерменко. (6, 80); **на душа да ме имате** – 1. *на совест ѕа ме носите.* 2. *вие ѕа оѕговарате (преѕ Бога и преѕ луѓето) за мене;* Ем жими младос, мајко, еве ќе ти се заколнам, до утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам, и вие на душа да ме имате и на тој век џуап да ми давате! (2, 240); **на душа да ме имаш** – *на совест ѕа ме носиш;* На душа да ме имаш, домаќине – му рекла (невестата) – што ми го стори ова: да ме натераш сосила да прогоорам пред трите години (2, 190); **на душа да ми земиш (дечината)** – *на совест ѕа ги носиш (моите ѕеца);* Јас тоа не го веруам

дури не видам, само ивтирија ми вадиш за да ме губиш и на душа да ми земиш дечината, аман, побратиме, ти се молам, каил не чини се! (4, 267); **на душа да те има** – *на совест ѕа те носи;* Ов, златна ќерко, моја ладнино, на душа брат ти Костадин да те има и тебе и мене, што се стори себеп и те омажи на туѓина (2, 192); **на душа нѐ земаш** – *ти оѕговараш за нас;* Е, лели си ја видел месечината, чорбаџи, и на душа нѐ земаш – му рекле Турците – бујрун кај кадијата да појдиме и ако ти е завмет, да кажиш за да го заватиме Рамазанот (6, 80); **на душа се зедов** – *сам се упропастив, се уништив;* Ов леле, јас сиромав – свикал чоек жалоито – што ал ме најде овде во пустелијава, ќе си загинам и Бога не го најдов! Леле, јас сиромав, што сам себе на душа се зедов! (4, 78); **на душа ти** – *на твоја совест;* На душа ти, момче, ако не доиш на гости – му рекол козарот – коа ќе бидам кај царот зет (6, 207); **на душа ти остаам** – *оставам на твоја совест, имам ѕоверба во тебе;* Куќата моја (лисо) јет без оџак и без авлија, те молам и на душа ти остаам, ако не дојдиш (2, 37); Слушај вамо, моја мила сестро, еве јас сум болно и можи да умрам; ама ако умрам, на душа ти остаам, ако ме закопуаш на гробишта, јас сакам да ме закопаш во стреде во градината (2, 183); **на душа ќе ме земеше** – *на совест ќе ме носеше, ќе ми згрешеше;* Што грев голем ќе стореше (домаќине) и на душа ќе ме земеше; туку што ти велаат: ако ти јет јак ангелот, Господ ќе те чуат; правината се танчит, ама не се кинит (6, 49); **на триста души угоди** – *угоѕи на голем број луѓе, на многумина, на сите;* Ама кај можи чоек на триста души да му угоди и од тој себеп јас мислам да сум од сиве селани најгрешен (4, 186); **нарани душа** – *се нахрани;* Една лисица беше огладнела и тргнала да бара ловчок за да нарани душа. Овде, онде, по планина, ти прошетала и ништо ловчок не нашла (2, 18); **не му чинела душата раат** – *не бил спокоен, мирен;* Со таква лоша ѓаолска пизма што ’и имаа двајца ’и донесол ѓаоло до отепуање и така да му се стори ќеот, а инаку не му чинела душата раат (5, 359); **нели сме со душа** – *нели сме живи суштества;* Еве те причестив, рисјанине, сега и ишала Господ можи да ти даит здравје,

ами можи и умирачка; нели сме со душа, секојпат треба да сме готој и да сме наведени на животта, со иманието што го имаме (6, 172); **нема жива душа** – *нема никој;* Застанал да је се пули на адата и да је се чуди, чунки немало жива душа на неа, а пак била многу плодородна од секакви јемиши (3, 280); **нема раат на душата** – *нема спокојство, не е спокоен;* Мачејќим го мислата и немајќи раат на душата, отишол на еден манастир да се стори кауѓер за да му се простит греот (4, 26); **ни ноќе имам раат на душата, ни дење** – *никогаш не сум спокоен;* Кажи што канон да исполнам, оче дуовниче – му рекол Лот – и готов сум да го исполнам, само да ми се прости грео и да имам раат, оти ни ноќе имам раат на душата, ни дење (4, 26); **од срце и душа** – *(нај)искрено;* Оваа приказна е... Од тие луѓе што веруаат од срце и душа во Риста (4, 11); ...да појдиш (Ево) близу до рајо и да падниш на коленици пред Господа Бога и да му се помолиш од срце и душа, да му кажиш ало што ме најде и ...да му се молиш да не умрам (4, 21); **од што ти душа сака** – *од што сакаш;* Земи си, бре чоече, од овие пари до колку да сакаш и ти да јадиш, од што ти душа сака, чунки јас не можам да јадам ошто да сакам (3, 232); **одвај душата си ја зел** – *одвај си дошол на себеси;* Збивал, збивал (штркот Силјан), одвај душата си ја зел, од пусти страв што беше превидел од држењето на Велка (2, 151); **одвај си собрал душа** – *одвај си дошол на себеси;* Од пустио страв на мачоро, (глушецо) одвај си беше собрал душа завали (2, 66); **пуста душа колај не излегуат** – *тешко се умира;* Ја зедоа праведната невеста и ја изваија надвор од град, та ја закопаа жива вземи до гуша. Пуста душа колај не излегуат. Плакала, викала жената до два-три саатот ноќта (5, 247); **ранит душа** – *се прехранува;* Едно пиле си колвало на едно трнче семе за да ранит душа (2, 74); **си дал Богу душа** – *умрел;* Тоа рекол силнио кесеџија и си дал Богу душа, та си умрел (3, 46); **си ’а предаде душата** – *умре;* Тој насиет му го даде и беше си умрел, да дали на Бога си ’а предаде душата, дали на ѓаолот, вие судете, браќа (5, 59); **си собра душата** – *се созеде, си дојде на себеси;* Откоа си поприкажа тагата сиромашкио глушец и си собра душата од

страв на мачоро, погледа во кошницата да види што има (2, 66); **со душа** – *нетрпеливо, нестрпливо;* Седни си, седни си, вечерај и земи си троа вечерица, однеси му на дечињата, оти ми те чекаат со душа (3, 271); Коа чуја тој збор светиите, голема радос сториле и со душа чекале да пројди Ристос во вечната мака да 'и избави (4, 43); Татко је, мајка је на девојката и ангелот са ноќ стојале пред врата и со душа чекале да се обзори и да видат дали ќе остани зетот жив (4, 125); (Орело) ја ватил под мишки (Дуња Ѓузели) и ја слегол долу до градо. Со душа чекаше Патенталија околу градо да ја види Дуња Ѓузели со орело и ја виде (3, 92); **со душа сме** – *живи луѓе сме;* Слушај вамо, оче дуовниче, и вие чесни чорбаџии, што сакам да ви кажам нешто: бидејќи сме со душа, можиме да умриме, и којшто не се родил, нема да умрит, да и јас... можи и да умрам (5, 138); **со полојна** (**полоина**) **душа** – *одвај дишејќи; како без душа, одвај; полужив, полуумрен, полумртов;* Отидоа бравите: едниот од едната, а другиот од другата и веднаш, кога се усилиле, та коа ти се стрчале, колку да можат и не можат, та коа го бувнале двата (волкот) со рогоите в слабиње, на место го остаиле со полојна душа (2, 23); **со сè срце и душа** – *најчесно, (нај)искрено;* Дванаесе години (на стопан ми) кај сум му работил, су му орал, су му влечкал најтешките работи, со сè срце и душа (2, 91); **трај, душо**! – *трпи!;* Брее, да поп сакаш да бидиш, хаа? Трај, душо, сега брго поп ќе те сторам! (4, 281); Трај, душо, знам јас сега како да работам за дури да сум жив овде да живеам царцки и господарцки (2, 46); Само нека е мој подајник, да ако сака нека 'и изменит сите вери што се на светот ...пак си е мој! Трај, душо! (4, 182); Со еден збор, честити царе, измеќарлăк – маскарлăк, што рекле Турците. Ете затоа велам така, честити царе: трај, душо, оти од лајно во полајно ќе те клаам (5, 81); **ќе 'и земи на душа** – *ќе ги носи на совест; ќе ги осуди на правина;* ...ако пројдат (врапчињата) кај царо што ме пресуди мене да ме беси без да ме испита да види за која работа 'и отепав пците, тогај и нив ќе 'и земи на душа, чунки може да 'и обеси и двете (3, 71); **ќе изгуби душата** – *ќе ја изгуби добродушноста; ќе стане бездуш-*

шен, ќе стане безбожник; Гледајќи Господ Бог во големата лошотија на богатио каменар и гледајќи оти ќе си изгуби душата, си намислил да го избави од ноктите на сатана и го викнал истиот ангел што го обогати (4, 214); **ќе ми сторит душата раат** – 1. *ќе се ослободам (од грижи, и др.).* 2. *ќе се успокојам, ќе се смирам;* Со сѐ што не ми е ќеот, море побратимче, оти си овде, ама лели те дотерав за да те обесат, пак ќе ми сторит душата раат; така де, ох-ох-ох! (4, 232); **ќе те земев на душа** – *ќе те имав на совест;* Оф, мори жено! Оф, мори душко! Што ќе те земев на душа, ќе те отепав! (6, 49); **ќе ти ја вадам душата** – *ќе те умирам;* Одненадано се отворила вратата и му влегол свети Аранѓел со гол нож в раце. – Добро утро, пријателе, ај готви се, оти ќе ти ја вадам душата (4, 88); **ќе ти ја земам душата** – *ќе те умрам;* Ајде, пријателе, готви се – му рекол ангелот (на сиромајот) – оти ќе ти ја земам душата (4, 64); **што је душа сакало** – *што сакала;* За јадење и за пиење, што је душа сакало, тоа је се носело (на цареа ќерка) од цареите на sвероите (2, 207); **што ме зеде на душа** – *што ми направи;* Со прво мавнување со мотиката вземи, и му бликнало (на Адама) пот од сета снага. – Ов, мори жено, да би од Господ си го нашла што ме зеде на душа за вака да се потам! (4, 12); **што ми душа сака** – *што сакам;* ...не знаев оти ќе најдам овде што ми душа сака и од што ми неќе (2, 67); **што му душа сакала** – *што сакал, што милувал;* Си тепало пајки и си ваќало (детето), колку што му душа сакала, и си се ранело (2, 201); **што ти душа сака** – *што ќе посакаш;* **што ти срце и душа сака** – *сѐ што ќе посакаш;* (Момчето) напраило едни чудни сараи и тукуречи цело гратче беше напраило. Пусти пари што орате? Што ти срце и душа сака, тоа ти праат! (3, 293)

~ Во п о с л о в и ц а т а: **кај што збор излегуат**, **и душа излегуат** – *ветеното мора да се исполни;* Море, потпис не сум дала, бре синко, туку збор сум дала. А пак кај што збор излегуат, и душа излегуат; да јас не можам зборот назад да си го земам (4, 264).

~ Во к л е т в а т а: **проклета му душа** – *да се сневиди;*

(Царот) ...го видел зета си закачен во калта, умре од страмота од големците што го гледаа. – Види го кај се закачил, проклета му душа, во батакон! – си зборуал сам со себе си и ја вртел глаата да не го глеа. (2, 291).

~ Во з а к о л н у в а њ е: **бога душа ви се колнам** – *вистина е; верувајте ми;* Ах, здравје, здравје, сета стока да ја даам сум каил, ами само здравје да имам, бога душа ви се колнам, само жив да сум, да ако сум сиромав и ’ржан леб да јадам (5, 78); **жити мајкина ти душа** – *вистина е; имај ѕоверба; верувај ми;* Мори, ќе седнам, лисо – му рекла мечката – туку те молам, лисо, жити мајкина ти душа, стори еден завмет, ако ти делил Господ некој маривет (2, 39); **жити таткоа душа** – *вистина е; имај ѕоверба; верувај ми;* Ја постој малку да те прашам, бре братко, али го знаиш мојо домаќин што умре лани и али го виде во џевнемо? ...Ако не ми кажиш, брате ле, жити таткоа душа! (6, 34); **така ми таткоа душа** – *верувај ми, вистина е, имај милост;* Бре, тристамина дружина, еве вака да ме познаите ...со едно врлање и наместо го остаам орелот, ем така ми таткоа душа, тристамина отепуам, ај! (6, 105); Така ми таткоа душа, оти ќе ’и опашам со врвца и ќе ’и напраам да носат капи смолосани и со перчињата да му бидат пјусќул (4, 96); **така ми таткоа душа и мајкина** – *верувај ми, вистина е, имај милост;* Треба да знаиш оти не е лесна работа ти да бегаш по друг маж, па да ми го земиш и магарето, што со него се ранам, да те Бог убие, гиди курво семендорцка, гиди! Пред мене, оти – така ми таткоа душа и мајкина! – сега глаата ќе ти ја столчам (5, 93); **тако ми Бога и душа** – *вистина е; верувај ми;* Блазе мене, пријателе ...со мојата што ја имам. Ама оти ќе речиш? Цела светица ми ет, тако ми Бога и душа, а, ти велам (5, 163); **тако ми таткоа душа** – *жими таткo ми, верувај ми;* Тако ми таткоа душа, попе, да сторам ниет, те праам што пустина да ватиш, вака да знаиш! (5, 191); Еве ти еден волк сум ти отепал (невесто), ем – тако ми таткоа душа! – да сакав набрзина ќе го ватев жив, ама ајде другаш па коа ќе одам, пак ќе ватам неколку волци живи (6, 106); Тако ми таткоа душа и жими три пилиња што сум ’и остаил вечерва

гладни дома, ако не ми го кажиш мојио кӑсмет, на две парчиња ќе ти ја пресечам глаата (3, 271); Слушај вамо, метло моја, мила сестро, тако ми таткоа душа, ти се колнам, ако готоо не го сториш ова што ти го велам, да знаиш оти страшен ќотек ќе ти удрам (6, 15); **тако ми таткоа и мајкина душа** *жими тӑтко и мајка, верувај ми!;* Вид. кај **мајкина**.

~ Со п р и д а в к и т е: **бесмртна**: ...едната семка од трите беше од плодот на дрвјата на бесмртната душа (4, 22); **блага**: Вид. кај душа 2; **гладна**: Вид. жедна; **грешна**: Тамам, брате петле, лели ти коптиса од срце да идиш со мене и да се сториш аџија, блазе тебе и преблазе на твојата грешна душа! (2, 6); **жедна**: Ти (чедо) само да се радуаш, оти ти је гладна и жедна душата заради правината и за тоа нешто ќе добиеш венец на тој век (5, 39); **жива**: Како немат некоја жива душа да ми се најдит да се обогатам, та и јас да поживеам (4, 235); **кротка**: Селаните биле многу кротки души, дури како в црква и си палеле свеќа (6, 160); **мајкина**: Врати си пушката на рамо, оти тако ми таткоа и мајкина душа, ако сторам кабул, тебе од корен те запустуам (2, 74); **пуста**: Не знаела пуста душа оти воденичар зеде со еден прс вошки околу вратот (2, 57); **таткоа**: Пред мене, оти – така ми таткоа душа и мајкина! – сега глаата ќе ти ја столчам (5, 93); ...да ми посакат некоја жена нешто на заем, не је чаре да сум ја вратила, на секоја сум ѝ дала и назад не сум је посакала, ај за таткоа душа нека ојт, сум велела (5, 46); **чоечка**: Е, кога јас го ранам црво во каменот, ами не ќе можам шес души чоечки да ранам? (4, 56)

~ Со б р о е в и т е: **една**: Парите што си ’и деливме, старче, непрао ’и деливме, чунки јас сум единаесет души дома, а ти си една душа (4, 166); **две**: Арапо има две души, скриени во една дива свиња, во онаа планина (3, 108); **три**: И пак татко му збира владици, патрици и му вели: – Збирајте се да тепаме три души! (5, 320); Греота е ...да тепаме три души; кај што ја најдовте девојката, таму пак однесете ја, како ќе поможит Господ (5, 320); Ја симнал (дрварот) жената си од кобилата и ја вкачил на коњчето, чунки му се нажалило за кобилата дека била ждребна, а жената трудна, и така биле че-

тири души, а после се разделила со по три души (3, 67); **четири**: Море арно, бре синко, да повјасам, туку јас сум со четири души, а ти си со две (3, 67); Вид. и кај **три**; **печес**: Коа ти се закачиле да се бијат со пушки, тој на нив, тие на него, дури не паднале печес души од фисот, не папсале (6, 120); **шес**(**т**): Вид. кај **чоечка**; **осумдевет**: Вие знаите мошне арно оти татко ми со овој занаат нѐ рани осумдевет души (5, 236); **единаесет**: Ние сме единаесет души, како да е во единаесетте души треба да има еден од нас кăсмет (4, 166); **40** и **четириесет**: ...јас толкуа години кај печалам и олку алтăни да добијам и да бидат кăсмет на некој вурнаџија, преку црно море, што ранел 40 души арамии со леб (3, 232); Туф бре, што сум бил јунак, четириесет души отепав со едно мавнуање! (2, 109); **педесет**: Одија, што одија (царците синои) и стретоа една воденица со дванаесет камење, кај мели брашно; педесет души го мелат брашното, а друзи го печат леб (3, 103); **две-три стотини**: Да пратиш две-три стотини души аскер и неколку граматици, да одат покрај реката Јордан (4, 70); **триста**: ...со стапчево (честит царе) да намавнеш, триста души наеднаш моиш да отепаш (4, 238); ...да му се дава мома од сите градеи и кралеј (на детето), а од нигде да не биди, да биди од преку Дунав, да биди со триста души сватои коа ќе се женит (3, 176); **петстотини**: ...намислил (царот) и се спремил и му дошол кај момчето, со петстотини души (3, 293); Зеле (царците луѓе) петстотини души аскер и отишле пак кај неа да ја земат (3, 48); *бројна именка;* **илјада**: ...да има да се пеи по црквите за да се напомнуат за петте лебои од Христа што нарани многу илјади души (4, 202).

~ Со п р и л о з и т е: **многу**: Вид. кај **илјада**; Цел ден што се биле (војските), многу души испаднале од двете страни, крв до колена се сторило (4, 31); **толку**: Едно ’и видела од пенџере таа оти идат толку души, го викнала момчето је и му кажала да ’и види и да затворат јако портите од сарајо (3, 48); Ете колку јет вреден стар чоек, да куртулиса толку души од смрт со еден збор (5, 33).

ДУШЕВЕН -вна *прид.* (книж.) *духовен;* Откоа ја виде

пријателo наш протестанската вера и тамо пак си беше лош, благоволи Бог да му отвори духот Христов, душевните очи, да си види лошотиите што ’и праел, позна оти името на верата не го спасуа чоека... (4, 182).

ДУШЕВНО *прил.* **душевно и телесно** – *и со душата и со телото;* Господ проштаа, пријателе – му рекол старио (на сиромаио) – тие луѓе што се кајат за грешките што ’и праат. Арно беше тоа да не го стореше и да трпеше докрај, чунки којшто ќе трпи докрај, тој ќе се спаси и душевно и телесно (4, 165).

ДУШЕК -ци *м.* (тур.) *дебела постела полнета со памук, волна и сл.;* ...од што ќе ми текни, ќе си купам да се понадам; на меки душеци ќе седам и ќе спијам; сите големци ќе дојдат да ме видат (6, 94).

~ Со п р и д а в к а т а: **мек**: Вид. го горниот пример.

ДУШИ *гл. несвр.* **I**. *(за пес и др.) помирисува со носот повеќепати;* Кога чуја тој збор пците од стареата, се натрчаа сите да го душат кај носот и кај опашката (да не нешто мириса на книгата од арзоало) (2, 53); ...кај што беше газил зајако по росната трева, сѐ остануало од миризбата на сапуно и го душел песо, та па го нашол (2, 69).

II. **се души** *се помирисува (со носот) еден со друг, заемно;* И магарињата праат како пците, што се душат кај носо и кај газо за да го бараат верманот што ќе го носеа кај царо и му се удаи в река (2, 72).

ДУШИЦА *ж. хип.* од д у ш а. Вид. д у ш а 1; Не знам како ме научи Господ да појдам на дуовник да се исповедам, и дуовнико канон ми даде, дури сум жив, ич мевце да не каснам и на аџилак да одам, да душицава да си ја спасам (2, 6); Јас тргам за на аџилак да одам за да си спасам душицава од тешките греои што сум ’и праела со пустио касаплак мој по кокошки колење, по зајци и друзи животинки... (2, 6).

ДУШИЧКА *ж. хип.* од д у ш а. **1**. Вид. д у ш а 2; Сиромаио богат, бидејќи права душичка си бил, ја поверуал жена-

та си и го имал (љубовнико незин) најверен пријател (2, 229).

2. Вид. д у ш а 3; (Господ) је многу милостив и дăлготрпелив, тој нѐ рани нас, за некој прости душички чоеци што не знаат да лажат и друзи лоши работи да праат (5, 39).

3. Вид. д у ш а 6; Ох, ох, ох, се изгреав ...Така велеќи (Манго), си дал Богу душичка (6, 111).

~ Во и з р а з о т: **си дал Богу душичка** – *умрел;* Вид. душичка 3.

-ДУШКĂН *ѕел оѕ тур. полусложенка* **довлет-душкăн**; ...еве на овега (честити царе) да му даиш милостиња, оти беше голем тргоец, а сега јет довлет-душкăн и одит в море да се удаит (4, 163).

ДУШКО *м. при обраќање кон помлаѓо (и понекогаш кон мило) лице (машко и женско);* Живот и здравје нека ни даит Господ, душко, што ќе даит на старос, нека даит на младос! (3, 207); Чоекот му кажал (на момчето) за да му пројди дома кај суднико и да му даит нешто под пола (рушвет), да така имат куртулиш од него. – Сечи пола, душко, и бегај! – му рекол чоекот (5, 369); Е, си имал кăсмет, душко – му рекол царот – да бидиш жив со ова што си го напраил (5, 306); *со извиште:* **бре**: Арно, бре пријателе, ...мојио кăсмет каде е? – Е, не ти го знам, бре душко – му рекол кăсметот (3, 271); Море домаќине, море, да што ти требат стол, бре душко, оди прво нарани си магаринъата в плевна! (3, 318); Море, ами ете ти ја теслата, бре душко, за појас – му рекол чоекот – што 'и земаш светот на душа? (3, 255); Што туку плачиш, бре душко, и жалиш? Ја кажи ми ти мене, да белким ќе ти поможам (4, 235); Јас никого не прашав, бре душко, оти и јас сум постопан од брата ти (2, 122); **ејди**: Ејди ангеле, ејди душко, ами зер и ти сакаш да знаиш што праам јас? (4, 119); **море**: Ов, море синко (пак неќи веднаш да му кажит, ѓоа му ет жал и грев), ов, море душко, што ми е страв да се сторам себеп јас за да сториш некое чудно чудо (4, 245); Море домаќине, море душко, море не те праи веленцето чорбаџија, бре душко, бре! (3, 317); **мори**: Оф, мори жено! Оф, мори душко! Што ќе те зе-

мев на душа, ќе те отепав! (6, 49)

ДУШМАН -и *м.* (тур.) *непријател; тој што мисли (и прави) некому зло;* Има еден толку лош цар и душман на народо, што до што пари имаа, сите му ји зеде (3, 77); *во членувана форма:* **душмано(т)**: Страв ми ет, сестро моја – му рекол Цане – туку пуста сиромаштија моја и гладос ме донесла да одам и на од душманот на портата (2, 135); Тргајте, бре браќа, не бојте се, оти јас го изедов душманот што сакаше да нѐ истепат и да нѐ пленит! (6, 116); Царе Костадине, и ти царице Елено, земете крсто мој на рамо и со него ќе победите душмано (4, 32); *со предлогот:* **спроти**: Ами пак зајачево кај можи да стојт со гради спроти душманот коа ќе се биеме? Да ето тоа се смеам, честити царе (2, 48); *во множина:* **душмани(те)**: ...јас ќе застанам на овој крај, за да вардиме да не влези некој од тие душмани што ни ја изедоа (нивата) (6, 124); ...и откоа (јунако) 'и победи душманите, си пресече прсто и му го врзав со мојата шамија (2, 278).

~ Во и з р а з и т е: **како душман да си гледа** – *(во некого) гледа опасност;* А не знаеш (црни гарване) оти секој што те слуша и те гледа, како душман да си гледат, чунки сите веруаме оти твоето грачење зима ќе донесит (2, 75); **као да си виде душмано пред неа** – *ѝ се виде многу опасен;* ...коа го виде (Дуња Ѓузели царо) као да си виде душмано пред неа, а не како да видела цар (3, 51); **оди и на од душманот на портата** – *се наоѓа во мошне тешка ситуација;* Сиромаштијата моја и гладос ме донесла да одам и на од душманот на портата, како што рекле стари: кој паѓа в море и за змија се ваќа (2, 135).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Што ти велаат: водата спие, а душмано не спие, и клетата баба му начека саатот (3, 50).

~ Во к л е т в а т а: Е, нека пукнат, богме, душманите зашто велаат: Зетоо погледиште, врбоо огреиште (6, 230).

~ Со п р и д а в к а т а: **прв**: Не ќе ти 'и веруам, пријателе, овие зборои – му рекол – дури не видам и ако је за вистина, прв пријател ќе те имам, а ако е лага, па прв душман ќе те имам (5, 163).

~ Со б р о ј. и м е н к а: **стомина**: Поарно чоек да има

стомина душмани одошто да има еден пријател будала (6, 44).

~ Со п р и л о г о т: **многу**: Слушај вамо, ќерко, ...ако сака Господ, и тебе сама дома ќе те остаам; арно ама бидејќи имаме многу душмани, ме страв да не ти сторат некоја превара (3, 129); Ама прај, што ќе праиш, никому да не ја кажиш, оти ако имам многу пријатели, имам и многу душмани, што можи да ми го расипи маривето што го направив со мудроста моја (3, 64).

ДУШМАНИН -ни *м.* Вид. **душман**.

~ Во п о с л о в и ц а т а: Најпосле беше измислил еден арамиоски марифет, што ти велаат: водата спие, душманинот не спиет (5, 349).

ДУШМАНКА *ж. непријателка;* Нà, честити султане, оваа глаа од твојата душманка! (6, 136)

ДУШОСПАСЕНИЕ *ср.* (црксл.) *спас на душата;* На здравје да ти е причесната – му рекол попо на Еѓуптинот – и на приет за душоспасение дабогда! (6, 171)

Ѓ

ЃАК -ци *м.* (грч.) овде: *млад калуѓер што им помаѓа на другите во манастирот;* Еден ден поминал еден ѓак низ село да збира милостиња за некој манастир (6, 38); Ќерко, ќерко, чкрипни со пустио разбој, барем еднаш сега, оти ете кај иди ѓак (6, 38).

ЃАКОН -и *м.* (грч.) *помошник на свештеникот;* Дење и ноќе му шушкаше ѓаоло на тие луѓе и до најпосле го сторија клисаро ѓакон (4, 281); Кога беа 'и чуле народот на света врата владиката и ѓаконот дама играат, едни шега се биеле, а други се смеале (6, 167); Штом не ја ватил владиката со раката болвата, дал вик по ѓаконите да дојдат при него (2, 104).

~ Со п р и д а в к и т е: **владиков**: Што ти велаат, кога не му било за да загини болвата мрцина ...куртулисала од двајцата ѓакони владикои (2, 105); **проклет**: Уште за малце (сестро треско), ќе си појдов мрцина од тие проклети ѓакони (2, 106).

~ Со б р о ј н а т а и м е н к а: **двајца**: Што ти велаат, кога не му било за да загини болвата мрцина ...куртулисала од двајцата ѓакони владикои (2, 105); Ич можи у него (у владиката) болва да спацира, кога имат двајца ѓакони да го поштат (2, 106).

ЃАКОНИСУА *гл. несвр.* (грч.) **ѓаконисува** *служи како ѓакон;* Коа чул тие зборои клисаро од ѓаоло, му дојде на умо да посака да биди ѓакон во црквата на местото на ѓаконо што ѓаконисуал во истата црква (4, 281).

ЃАОЛ -и *м.* (грч.) **ѓавол 1**. *(според религијата) зол дух што ги тера луѓето да грешат;* Бидејќи така му давал голе-

мио големи бакшиши, уште поеќе се силеле ѓаолите за кој поголемо зло да стори (4, 257); Се натрчале ѓаолите и го грабнале (сиромајот) за да го внесат во вечната мука (4, 65); *падежна форма на* -а: **ѓаола**: Стана Адам и Ева и тргнаа да одат по ѓаола да ’и учи да си напраат куќа (4, 15); *членска форма на* **-таго**: **ѓаолатаго**: Го гледат чоекот ѓаолатаго и се чудит (4, 221); Едно го чул Лот ѓаолатаго, и веднаш го симнал меот со вода и му дал да се напиет (4, 27).

2. *(прен.)* **а**. *тој што е лош, зол;* Станаа маж и жена и му бакнаа рака на баба ѓаола, и така си ја сторија баба ѓаол за мајка, а не знаат сиромаси оти си кладоа црна змија тројоглава в пазуа (4, 244). **б**. *тој што е итар;* Кој ќе беше тој ѓаол што го сети закопаното девојче и го откопал и му ’и изел прстите од раката! (2, 32)

3. *(во придавска служба) обично во значење* **итар**; Чудна била таа ѓаол гледачка што ми гледа пред некое време и ми кажа оти кăсметлија сум (3, 300); Велигден поминал и на попо граоите не се баттисале, чунки ѓаол попадија му притурала по печес зрна во џебо, да се позабаи Велигден (6, 159); *во компаратив:* **поѓаол**: Арно туку тој (Еѓуптинот) поѓаол беше од него (од змеот), тики му текна оти ќе го туркат во долот (2, 128); *во суперлатив:* **најѓаол**: Си тоарил еден тоар алтăни дрваро од најлошите и најѓаолите луѓе та си дошол на својио виљает (5, 187).

~ Во и з р а з и т е: **жив ѓаол** – *тој што е мошне вешт, способен да го реши секој проблем, што е остроумен;* Зортот беше голем, мајсторе; туку жена диљми, жив ѓаол јет (5, 313); **ја дупнал ѓаолот** – *сторила нешто што не треба;* Жената на тргоецот ја дупнал ѓаолот и го научила детето за да му барат некоја леснина и на татка си по патот, да го отепат (5, 229); А пак таа (жената) ја дупнал ѓаоло, да му зборуа зборои што ни пците не ’и јадат! (3, 153); Откоа се видела невестата со многу пари, што ќе ’а дупни ѓаоло: да го научи мажа си да ’а отепа ламјата и да му ’и земи сите камење (2, 223); **је влегол ѓаоло во срцето** – *станала многу злобна;* Уште поеќе је влегол ѓаоло во срцето (на снаата) и промислила друго зло

да му напраи на золва је. Влегла во гоедарнико една ноќ и ’и заклала двата севгара волои (2, 161); **кај те намери ѓаоло** – *(се вели за ѓа се искаже негодување од нечија лоша постапка) што ти стана?;* А пак тој викал и го карал коњо: – Дее, бре пустињо, излези, да не излезиш, кај те намери ѓаоло и таксирато? Дии, пустињо! (2, 291); **натемаго ѓаол** – *(при кажување лоши, непријатни случки); ѓа се сневиди;* Еднаш, натемаго ѓаол, со прсто ватив изварка и кладов на јазик, тики коа се сетив оти ќе се омрсам, веднаш исплукав (5, 46); В село шуќур досега, ага, нема ништо, туку едно лошо ме најде, натемаго ѓаол, натема, не знам како се задена, тики мојата крава твојата ја отепа (5, 25); **нека** (**ќе**) **пукни ѓаолот** – *нека ја (ќе ја) снема пречката; ќе поминат тешкотиште;* Ако ми ја даите (браќа) за двесте грошеј (маската) ...ај дајте ми ја, *нека пукни ѓаолот*! (4, 225); Јас ќе бегам, жено, од овој град во друг за да работам, да белким *ќе пукни ѓаоло*, и ќе ми се разработи кăсмето (4, 164); Ај шуќур, шуќур, се покаила, сега *ќе пукнит ѓаолот* – си рекол питачот сам со себе (5, 316); **по ѓаола** – *бестраѓа;* Изваил ѓаолот една книга и му зел потписот (на сиромаиот), му удрил на бутот одзади еден арен муур, та го испуштил по ѓаола (4, 236); **толку ѓаолот да има очи** – *никогаш (тоа нема ѓа се случи);* Да кога ќе ме довардиш ти (домаќине), толку ѓаолот да има очи (6, 22); **црниот ѓаол ќе те земит** – *(закана, застрашување) тешко тебе; лошо ќе биде за тебе;* Мори лисо, немој да ме излажиш, како два брава што ме излагаа и ме буцнаа со рогоите, оти после црниот ѓаол ќе те земит: знаиш али не знаиш? – му рече волчко (2, 25).

~ Во к л е т в и: **ѓаол да би те зел**; А, бре прчко, да би ѓаолот те зел, да би! – му рекол дедо (2, 15).

~ Во п о с л о в и ц а т а: **дури не ’и искинал ѓаолот опинците**: Дури не ’и искинал ѓаолот опинците, да откоа ќе ’и искинит, ќе те донесит на вешало! (4, 217); **ѓаолот ни орат ни копат**: Што ти велаат, ѓаолот ни орат ни копат, ами куќи домаќински расипуат (4, 233); Ми е страв (жено) да не ја заборaиме сиромаштијата, оти ѓаолот ни орат ни копат (4, 178).

~ Со п р и д а в к и т е: **голем**: Е, ти бре, што зло на-

праи денеска? – му рекол на еден големио ѓаол (4, 256); Кога разбра големио ѓаол, венец му даде на тој ѓаол два рога остри (4, 246); **грацки**: Море, како да ви пеам и Бога да молам, бре рисјани – му рекол попо – кога грацкио ѓаол, ни дошол встред црква (6, 166); **забелен**: Ако не пукнеше тој ѓаол од инаетчијата жена, сега ќе си имавме и еден забелен ѓаол (4, 277); **итар**: Коа ’и чул тие зборои дедо Адам од итрио ѓаол, се сврте откај жената си Ева (4, 17); **препраен**: Гледајќи така со мудроста и кротоста од препраениот ѓаол на кауѓер, сите беа дошле еден ден во едно согласие (4, 257); **проклет**: Момче, и ти ли идеш по тој проклет ѓаол како јагне на касапница (2, 273); **силен**: Ете ти колку е силен ѓаол, натемаго, да му преврти умиштата на четириесет кауѓери, сите приготвени за светци и да ’и донесит за да ’и омаскари пред целио свет (4, 258); **сиромав**: Не знаел сиромаио ѓаол оти со инаетчијата жена нема да живеи век со неа (4, 277); **усилен**: Ѓаол усилен што се присени помеѓу браќа и сестра – изврши тоа што сакаше (3, 143); Што ти велаат: ѓаол усилен да дотера (Марија) да биди прва курва на веко (4, 192); **црн**: Кај го намери црнио ѓаол, да да дојди (мачорот) кај бабата, ама зер има нешто да јади у неа? (2, 66); Се напраил еден облак пред рибаро, та веднаш, од облак што беше, се препраи на црн ѓаол со рогој, крилја и опашка (4, 267); Тие не беа луѓе, ами црните ѓаоли (3, 299).

~ Со б р о е в и т е: **два**: ’И фатиле двата ѓаола што вардеа, та ’и напраија парче по парче (4, 287); Одило некој ден (момчето) и видело два ѓаоли на чоечко лице препраени (3, 160); **единаесет**: Дајте ми (бре ѓаоли) единаесетмина од вечна да си земам откај вас и земете си ’и единаесетте ѓаоли (4, 68).

ЃАОЛЕСТ *прил.* **ѓаволест** *што е како ѓавол; итар;* Како се мачи итрата ѓаолеста баба со сеењето брашно – со саати! (2, 182); Ако налепиш на некоја ѓаолеста (невеста, синко) тешко ти тебе, ќе си тргаш ѓемија по суо (6, 31).

ЃАОЛИЈА *ж.* **ѓаволија** *ѓаволска работа; итрина;* Тогај (другарите) беа се сетиле оти има некоја ѓаолија во тој

владика и негоите, та беа го прашале на турцки што се сториле протосунѓелите и чибукчијата. (6, 153).

ЃАОЛСКИ и **ЃАОЛЦКИ** *прид.* **ѓаволски 1**. *што се однесува на* ѓа(в)ол 1; Го врза на ум чоекот ѓаолцкото поучение (4, 222); Оваа маска твоја треба да ет некоја ѓаолцка работа (4, 254); На тие ѓаолцки зборои кандиса сиромајо и на часот ѓаолот беше се сторил една чудесна маска (4, 253).

2. *што е како кај* ѓавол; *итар; лукав;* Уште другио ден, синко, јас се сетив оти тоа беше ѓаолска превара (4, 263); Со секакви неизброени мисли му носел сатаната за како од како да ’и согреши тие набожни чоеци, арно ами никако не кандисуале по лошите мисли ѓаолски (4, 285); Е, лели така, чекај да видиш што ѓаолцки маривет ќе ти кажам (4, 253).

3. *проклет;* Ов, бре пријателе ...остај, не прашај ме, оти сум налепил со ова ѓаолцко дете (4, 247); Шестат чоек како да је праит на ѓаолцкава чупа за да не ја носит дома (4, 223); Е доста со тој ѓаолцки штрк, бре внучко, се џари! (2, 152)

~ Со именките: **дете** (4, 247); **збор** (4, 253); **маривет** и **марифет** (4, 253; 4, 243), **мачор** (2, 11), **мисла** (4, 285); **око** (6, 176), **орел** (6, 214), **оса** (5, 288); **пизма** (5, 359), **поучение** (4, 222), **превара** (4, 263; 4, 285); **работа** (4, 218; 4, 254; 4, 232); **самовила** (2, 131), **сом** (3, 241); **чупа** (4, 223); **штрк** (2, 152).

ЃАОЛУА *гл. несвр.* **ѓаволува** *прави ѓаолштини, врагува;* (Мечката, орелот, волкот...) само муабети и смеи си праеле, чунки лисицата им ѓаолуала и се смеела (2, 204).

ЃАОЛЦКИ *прид.* Вид. **ѓаолски** – ѓаволски.

ЃАОЛЧЕ -иња *ср.* **ѓаволче** *дем.* од ѓ а о л; Ти, бре ѓаолче, што зло стори, ја кажи ми да те чујам? (3, 299); Го зел ѓаолот детето и си го однесол дома при ѓаолчињата (4, 247–248).

~ Со придавката: **мало**: Уште не беше научило детето некоја ѓаолштина, беше играло малото ѓаолче со детето (4, 248).

ЃАОЛШТИНА -ње *ж.* **ѓаволштина а**. *ѓаволска работа; лукавство; итрина, итроштина;* Вати по троа да го учит ѓаолот детето ѓаолштиње (4, 248); Еве што ал имам јас – рекла жената (на бабата) – јас си имам еден љубовник, а мажот ми ич досега не ме знаеше оти сум таква, оти го маткав, го лажев со ѓаолштина (6, 46). **б**. *во синонимен спрег со* **итроштина**; Во тевтерот имам написано сите женцки итроштиње и ѓаолштиње, домаќинко – е рекол. – Кога бев ерген, сите 'и исписав за да знам, коа ќе се женам (6, 21).

~ Со п р и д а в к и т е: **пуста**: Пусти ѓаолштиње од лиса – ќе земи (цареа ќерка) воденичар (2, 57); **женска**: (Момченце) ти дури си жив да шеташ по земјава и да пишуаш женските ѓаолштиње (6, 31).

ЃАУР ОГЛИ *м.* (тур.) треба: **ѓаурогли** – *(со презир) кучкин сине;* Не зборуј многу, ѓаур огли дај ми 'и јајцата и оди чини давија (5, 142); Ај сиктер оттуа, пазваногли, за тоа лајно ќе ме прашаш, види ѓаур-оглу! – го искарал агата задека го прашал така селанецо (6, 144).

ЃЕБРЕ *ср.* (тур. gebre) *врекуле од козина за тимарење коњи;* (Момчето) на црнио коњ саде јачмен што му давал наместо сено и од најубаата и чиста вода, цел ден што го чешал со чешалото и го бришал со ѓебрето (2, 284); Го врли ѓебрето момчето и пораснаа едни страшни трње (2, 286).

ЃЕЛМЕШИШ* Кога не му било за да загини болвата мрцина (или што велат Турците: еџели ѓелмешиш), куртулисала од двајцата ѓакони владикои (2, 105).

ЃЕМИЏИЈА *м.* (тур.) Вид. **гемиџија**; Ја земи (домаќине) писмото што ми го прати по ѓемиџијата заедно со момчето – му рекла (жената). – Ја пеј го да видиш што си ми пишал во писмото, домаќине! (5, 218)

ЃЕНЕ *изв.* (тур.) Вид. **гене**; Правина бабам, ѓене правина! – ми рече најпосле приказуачот Јоан кондураџијата (3, 136).

ЃЕРДАН *м.* (тур.) *женски накит за на грло;* Бидејќи

има иктиза за пари, мажо го мавнал ѓердано и си видел работа (6, 11).

~ Со п р и д а в к а т а: **бисерен**: Оттука после отишла анката кај комшиите и посакала: нанизи алѫтни, бисерни ѓердани со најубаи бесценети камења... за да ја промени ќерка је за на свадба (5, 294).

ЃЕРДАНЧЕ *ср. ѕем.* и *хип.* од ѓ е р д а н; Та одбрал еден, постареа, егуменот, и го определил него да одит по четириесетте села и да му однесит дароите: на секоја девојка и дар: кому шамија, кому обетки, кому ѓерданче, кому павти, кому коланче (4, 259).

ЃЕРЃЕВ *м.* (тур.) *ѕрвена рамка со четириаѓолна форма на која се оттегнува платното за везење;* Во треќата (одаја) коа влегле (браќата), нашле една убаа девојка, кај си везела на ѓерѓев (3, 101).

ЃЕРИВЧИЈА *м.* (тур.) *чистач на ѓеризи; ѓеризар;* Во еден царцки град си требел еден ѓериз некој ѓеривчија (5, 81); Откоа го ислуша царо ѓеривчијата и го виде променет како некој тргоец, браос му рекол (5, 82); *при обраќање* **ѓеривчи**: Ашколсун, бре ѓеривчи, оти вистина таков јет измеќарлко, полош од лајната што сет во ѓеризо (5, 82).

ЃЕРИЗ *м.* (тур.) *одводен канал од нужник, бања и др.;* Ашколсун, бре ѓеривчи, оти вистина таков јет измеќарлѫко, полош од лајната што сет во ѓеризо (5, 82); Бидејќи царските порти биле затворени, влегол зајакот низ ѓериз (2, 206); *со* некој: Гледал оѕади (чоекот) да не нешто има некој ѓериз да го поистребит и да му течит поеќе вода (2, 120).

~ Со б р о ј о т **еден**: За кѫсметот од сиромаиот кај што одел по патот, видел еден прос чоек кај си требел еден ѓериз (6, 229).

ЃЕРИСЧИЛѪК *м.* (тур.) *работа на ѓерисчија; чистење ѓеризи;* Е како ќе ми докажиш оти измеќарлѫко е полош од ѓерисчилѫко? (5, 82)

ЃЕЧМИШОЛА *изр.* (тур.) **ѓечмиш ола** (овде: ѓешми-

шока) – *со помин да е, да оздравиш (се упатува овој израз кон болен);* Море, што така, бре пријателе – му рекол – ѓечмишока? – Паднав од куќи (6, 10)*;* Ооо, посестримо треско – ѝ рекла болвата усмевната – ѓечмиш ола, што си ми се свила како некое куче на мутавче? (2, 105)

ЃО *прил.* (тур.) Вид. **ѓоа**.

ЃОА, ЃОАМ, ЃО, ЃОЕ и **ЃОМ** *прил.* (тур.) *божем;* Ја купив (измеќарката) да ми се најди, за да ме одмени, ѓо да поспијам (3, 308); Тој се чини ѓоа не слуша (6, 50); Тој со колата му го земал ждребето ѓоа колата му го родила (5, 107); Од една проклета жена, бре браќа – им рекол – што ми падна во бунаро и ја начекав в раце, та ја зедов ѓоа за домаќинка (4, 277); Залепи, чини (гугучката), една сламка на местото кај што сакала да го праи (седелото), и падни је, чинало, стори ѓое да ја залепи и падни је (2, 102); Арамијата сѐ се праел ѓом не слушал и си поттрчуал (5, 197); Истрчала (невестата) надвор, ја зела кожата в раце и му рекла ѓоам на волците: – Ојте си, ојте си! (6, 107); Праи што праи трескаиот да не се оптегнит дури не беше му дошла треската и едно беше му дошле протегајците, виде оти не можи да дотраи а да не се оптегнит, измислил една лага ѓоам не ќе го сетат другарите (5, 161).

ЃОАМ *прил.* (тур.) Вид. **ѓоа**.

ЃОАМИТИ *прил.* (тур. + ми ти) Вид. **ѓоа**; Сите се собрале на едно место и заватиле да праат ѓоамити синџир од песок (5, 32); Сосе тоа бабата беше зела уште поголема чес во градо дека оздравела ѓоамити еќим (6, 225).

ЃОВЕЗЕН -зна *прид.* (тур.) **ѓувезен** – *темноцрвен;* Беше го натерал (бојаџијата) Риста да столчи бои според преденатa што се сакало: кое алео, кое ѓовезно, кое црвено, кое модро (4, 107).

ЃОВЕЗНО *ср.* Вид. **ѓовезен**.

ЃОЕ *прил.* (тур.) Вид. **ѓоа**.

ЃОЗ ЃОРЕ *прил.* (тур. göz ‚око‘) треба: **ѓоз-ѓоре** – *јасно, очевидно;* Ах, – си рекол (мажот), али до овде жената ми да ме слепеит ѓоз ѓоре мене? Јас куќава ќе ја горам, ама сега не ќе остаам за назад! (5, 314)

ЃОК *м.* (алб.) *дете;* Го натерала анката детето што го водела по неа да му сака на Арнаутино еден алѫтн. – Дај, баба, еден алтѫн и мене. – Ајде бегај оттуа, оре ѓок (ти, дете), јас не сум ти баба што ми велиш баба (5, 290).

ЃОК *м.* (тур.) овде: **Ѓок** – *име на коњ со бело влакно (длака);* Видуајќи момчето оти паѓа дедо му, жегна другото влакно од коњо и го јавнал Ѓоко, та му се пуштил на аскеро (2, 291).

ЃОМ *прил.* (тур.) Вид. **ѓоа**.

ЃОН *м.* (тур.) *дебела штавена кожа за подметка; пенче на чевли.*

~ Во и з р а з о т: **како он**, **така ѓон** (**сме биле**) – *исти сме (биле); обата сме исти;* Е, е, како он, така ѓон сме биле, туку дај ми го еднио грош мене и земи го еднио ти, да на душа му сега кој работи со правина! (6, 56); Извај капата, удри ме, креп шутара прекара (како он, така ѓон), пријателе, зер ти си пуштал, да јас не сум пуштал (6, 182).

ЃОРЃИ *м. машко христијанско лично име;* На пато го нашол овчаро од Ѓорѓи касапо (3, 227).

ЃОРЃИЈА *м. машко христијанско лично име;* На Ѓорѓија му усвојав ограда без пет пари да му даам (5, 284).

ЃУБРЕ *ср.* (тур.) **1**. *смет; нечистотија;* Кај што бил крсто Ристов врлен, нафрлано имало ѓубре од целио град (4, 35); Беше врлила бабата од пенџере еден вараш со ѓубре прао на невестата, та беше ја напраила бербатан-бербати (6, 22).

2. *ѓној за нива;* На горнио крај од патерицата напраено едно грибло за луѓето да ’и трга (ѓаоло) во вечна, како бавчанџијата што тргат ѓубрето (4, 265).

Ѓувендисуа се *гл. несвр.* (тур.) *се надева; верува;* ...си тргнале (селанецот сосе жената) да одат на гости, без да заклучат куќата на клуч. Жената му сакала да заклучуа, тој неќел, чунки се ѓувендисуал на иконите да му ја вардат куќата (4, 167).

Ѓувеч *м.* (тур.) *земјен мангал;* Да не го прета набрго огно во ѓувечот за да тлеит огнот, оти од тоа иди сиромаштија (6, 91).

Ѓузели Вид. **Дуња Ѓузели**.

Ѓулбавче -иња и **Ѓул-бавче** *ср.* (тур.) *градина со ружи;* Плото од трендавилите бил околу наоколу во сето поле, до кај што око чоечко гледало. Како некое аз-бавче и ѓулбавче што је заградено и внатре ливада со секакви цвеќиња, дрвја секакви јемиши... Во таа убаа градина имало булуци, на булуци пилци со бели пердуи (4, 75); Рекол (ќелешо) да се напраат едни чудни азбавчиња и ѓулбавчиња, насадени со најлични цвеќиња, сѐ со лисје позлаќени (2, 269); Беше се упатила Дуња Ѓузели да излегуа од сарај и да оди во ѓул-бавчето (3, 161).

Ѓуле *ср.* (тур.) *метална топка; кугла;* Нà земи го ова ѓуле (му рекол царо на сиромаијо) и врли го низ пенџере (2, 121).

Ѓум *м.* (тур.) *бакарен сад за вода и др.;* Мори жено, ами ја клај го ѓумо да заврие вода (3,237).

Ѓумрук *м.* (тур.) *царина; такса за поминување;* Настред патот (чоекот) беа го начекале едни колџи (вардачи) од ѓумрукот и беа му виделе в торба што има и што нема (5, 225).

Ѓумче *ср. дем.* од ѓ у м; Ете затоа ќе те јадам, бре чоече – му рекол смокот – задека си ме затворил во ѓумчето и си ме врлил в река (2, 34); Зела (сирота вдојца) ѓумчето од крај огон, зела леенот и крпата, та му ’и дала на детето да му потури вода на Бога (4, 153).

~ Со п р и д а в к и т е: **мало**: Брату смоку – му рекла лисицата – јас ова нешто не је чаре да го веруам, ти олкав голем што си, да бидиш во тоа мало ѓумче! (2, 36); **пусто**: Јас од чоек сум бил затворен толку години во ова пусто ѓумче (2, 34)

ЃУНДЕЛАК и **ЃУНДЕЛӐК** *м.* (тур.) *на9ница;* Откоа го родила (детето) и го повила во скутината, по некој саат пак си станала леунката да си жние, да не си изгуби ѓунделӑко (5, 74); Секоја вечер аргатино влегуал в куќи при старио чорбаџија да му дават ѓунделакот (3,316).

~ Со п р и д а в к а т а: **цел**: Јас си го изгубив целио ѓунделӑк (5, 17).

ЃУНЛУК *м.* (тур.) Вид. **ѓунделак**; Ај чорбаџи, еве оџакот го направив, ела дај ми ѓунлукот, оти ќе го турнам, вака да знаиш! (6, 179); Ќе поткренел чорбаџијата веленцето и ќе изваел пари, та ќе му плател на аргатино ѓунлукот (3, 316).

ЃУПКА *ж. Циганка, Ромка;* Утрото чекала пуста Ѓупка да дојдит Манго, го немало, и отишла со неколцина Еѓупци да го барат (6, 111).

~ Со п р и д а в к а т а: **пуста**: Вид. го примерот.

ЃУПТИН -пци *м.* (грч.) исто што и *Еѓуптин, Циганин, о9носно Ромка (така е почесто во јазикот на Цепенков);* Ај, Бог да го прости (Манго) – рекле Ѓупците – види под носот му горат две свеќи, чунки се посвети... ете му и зад него кравај восок. (6, 111)

ЃУРЃЕЕН *м.* Вид. **Ѓурѓовден**.

ЃУРЃОВДЕН и **ЃУРЃЕЕН** *м.* **Ѓурѓовден** *христијански празник (паѓа на 6 мај);* Дај Боже здравје (му рекол сиромаио на богатио), Ѓурѓовден чекаме, ќе ватат буљуци овци да претеруаат Мијаците од Серешко и Овчеполцко, ...ќе оставаат волна по трњето, чунки ќе се митарат овците, и јас ќе си ја соберам волната, та ќе ја продаам и тебе ќе ти платам (6, 195); ...утре, жив је Господ, ќе ’и лажиме децата за на Ѓурѓеен да му купиме (капче и друзи работи) (3, 267).

ЃУРУЛТИЈА -ии *ж.* (тур.) *врева; неред; расправија;* (Неколцина сејмени) застанаа тука да видат што било таа ѓурултија (4, 227); Што ви је кавгата, бре луѓе – ’и прашал кадијата – што се карате и праите ѓурултија? (5, 94); Откоа се претераа ѓурултиите, дојде змеот на другиот крај и свикал по побратима си (2, 127).

~ Со п р и д а в к а т а: **голема**: Откоа беше излегол (Пејо) низ врата во малата градинка, уште поголема ѓурултија се накренала в куќи од сватоите, дури со ќотек се збиле (6, 207–208).

ЃУЧ *прил.* (тур.) **ѓуч му падна** – *тешко му падна;* Многу ѓуч и неарно му паднало (на царцкио син) (3, 95).

Е

Е *зам.* **ѝ** – *кратката форма на личната заменка за 3 л. еден.* таа (таја); Мила моја снао, од кај го познааш твоето мило дете – ѝ рекол свекор е – што го прегрна веднаш и за чедо го стори? (3, 140); Коа чула девојката тие зборои од чоекот, е текнало да му речит да го праша сонцето за неа оти не можи да се омажи (2, 231); Прати (Дуња Ѓузели) по сите еќими да дојдат и да е бараат крајо ...видоа еќимите оти не можат крајо да е го најдат, је остаиле и не иделе да ја лекуаат (3, 162).

Е *гл.* **1**. *3 л. един. сегашно време од гл.* с у м; Ако ми се противит некој да неќи да ми плаќа баждар за умренио, ќе му ја изваам пишаната книга и ќе му ја кажам за оти е царцки ферман (5, 150–151); Аќикат, петел си е – рекол кадијата – извадете го од долапот (5, 155); Ти ли си момчето је на Дуња Ѓузели? – Јас сум – му рекол (на аскеро) – што ви е прашањето? – Прашањето ни е, му рекле, да ни ја даиш невестата ти да му ја однесиме на царо (3, 49).

2. *во идно време:* **ќе е**; Ишала, белким ќе е за аирлија и дај Боже да ви е кăсметлија! (3, 191)

Е и **ЕЕ**(**Е**) *чест. за потсилување.* **1**. **а**. *при прашање;* Е, виде – му рече чкрапјата на змијата – оти не умре чоекот? (2, 63); Е, сега чоече, да да те удаам, али да те јадам? (је рекол смокот) (2, 36); Беќир-ага, да не нешто јет пасвант, ноќе да ја варди чаршијата? – му рекле гостите. – Не море, не... туку јет голем, голем! – Е, да не јет нешто јузбашија? ...Е, е, да не јет паша, бре, ја садријазам? ...Е, колку је море па поголем, ја буљукбаша не јет?! (6, 121); Е, за ошто си ја барал таа девојка, бре чоече, по целата земја? (3, 62); Да го најдиш тој јунак,

дали би се здружил со него? – му рекол стрелачот. – Ее, каму го де, каму го, да на часот би се здружил (3, 105). **б**. *при некоја констатација;* Е, е, ќе ватам ич – си рекол со умот рибарот – јас цел ден кај ваќам, да сега со едно врлање в река мрежата, ќе се вати риба (2, 33); Е лели е така, ела со нас (јуначе), оти еве го тој што јадел многу (3, 104); Е доста јаде (мајсторе) леб и сол, де! (3, 229); Ее, слушајте вамо, луѓе, од царот има изим, секое момче што имат коњ, да излезит од град надвор (3, 55); Ее, лозјево касмет немало да го одгрибуам – си велел сам со себе (чоекот) (2, 78). **в**. *при одговор;* Е, пред тебе, Господи, лага не бидуат – му рекол ангелот (4, 55); Е, е, не ти го знам, бре душко (твојот кăсмет) – му рекол кăсметот (3, 271). **г**. *пред извици;* Е, бре побратиме, уште не си му научил ти на жената ти ѓаолштињето, да затоа така је веруаш за светица (5, 163); Е-е-е, бре Манговци ка, каму тој Господ да го напраит Василица зимото лето – му рекол черибашијата (6, 112); Е, море будала, ами тревата нека ја пасат коњите, магарињата и овците, а ти и јас треба да јадиме месо, ем сѐ пресно-пресно (2, 40).

2. *(обично)* **е-е** – *нели;* Е-е велев, бре синковци, ама не ми наврти Госпо некој кăсмет да добијам троа пари, та да ви купам (пастрма) (3, 262).

3. *за покажување на далечни предмети и појави;* **ене**; Да курдисам едно јајце, еее, онаму на дрвоно (5, 161); Ете така како што ти кажав понапред... ќе појдиш кај блатоно еее онаму долу, ќе лапниш со клуно троа кал и ќе ја залепиш калта кај што сакаш да го праиш седелото (2, 101); Туку ај појди (мецо) ее онамо кај кума лиса, белки таа ќе можи да ти ја изваит (коската) (2, 39); Еее, ја гледаш онаа планина (девојко) што је оспротија, тамо има една дива свиња многу силна, што никој не можи да ја застани (3, 89).

ЕВА *ж. име на првата жена (според Библијата);* (Господ) ’и клал Адама и Ева во рајо да го работат и да јадат од сите дрвја што беа во рајо, колку што му сакало душа (4, 8); Пеки, Адаме – му рекол ѓаолот – потрајте малце, Адаме и ти, Ево, дури да појдам да ви донесам бело видело (4, 17); Коа

почнал (Адам) да блада и да зборуа, тогај веќе баба Ева многу беше се уплашила (4, 20).

ЕВАЛА *изв.* (тур.) *фала (ти), (ти) благодарам;* Оо, колку за тоа, евала, бујурум, одбери си единаесетмина – му рекоа ѓаолите (на комарџијата) (4, 68); Гледај дури ти велам јас евала, да откога ќе речам иљљала, бељата ќе си ја најдиш! – му рече попадијата (на попо) и го остаи (5, 191).

~ Во и з р а з о т: **евала ти праам** – *ти честитам; те уважувам;* Те молам, бре калуѓере, отвори ми пат да поминам, оти евала ти праам на јунастото што го имаш! (6, 82)

ЕВАНГЕЛИЕ *ср.* (грч.) *дел од Новиот завет на Библијата во кој (дел) четворица апостоли (Матеја, Марко, Лука и Јован) го опишуваат животот на Исус Христос;* Пред да собери Ристос апостолите и тргни да проповедуа по народо, многу чудеса праеше по луѓето. Тие чудесии не сет пишани во евангелието, ами се прикажуат од уста в уста, као приказни (4, 189); Е, е, и во католиците немало спасение, као што и во праославните. Мене ме пери да станам протестанец, у нив се пеи саде евангелието и у нив можи да се спасам, чунки у нив нема крстење, нема свеќи (4, 181).

ЕВАНГЕЛИСТ *м.* (грч.) овде: *припадник на струја во христијанството којашто (струја) во учењето првенствено се опира врз евангелието;* Отиде (ѓаолот) при евангелистите и стана протестанец, арно ама и тамо не се прероди (4, 182).

ЕВЕ *чест. за покажување.* **а**. *место, предмет близу до оној што зборува;* Побегал-побегал малку и, за кăсметот од волкот, еве ти ја кума лиса (2, 24); Еве овде, жено, ќе носиш по едно кобле млеко и една ламја ќе излегуа да го пие и ќе ти дава по едно камче (2, 220); Еве го детето, пријателе, повели, земи си го! (2, 282) **б**. *како нешто ќе се изведе;* Еве како ќе правиме, браќа – им рекла лисицата – ние сме сите цареи; сите ќе дајме по една заповед на својте да се соберат овде (2, 208); Еве што сакам да ми го сториш (момче) – му рекол царот – три вреќи лаги да ми наполниш (5, 117); Еве (пријате-

ле) како ќе напраиш за да ти работи кѫсмето (3, 224). **в**. *време – ѕека станува нешто во моментот кога се зборува;* Мене ми требаше јадење... еве сега кај ќе умрам од глад (2, 27); И по смртта негоа еве и до денеска кај се прикажуа и довека нема да се забораи негоото име (4, 202); Ха, еве сега – рече крало – еве сиромашка, на оваа колку пари да ја даам? (4, 58)

~ Во и з р а з о т: **еве сум** – *ѕојѕов; (при)стигнав;* На секоја баждарница ми зедоа по сто јајца за баждар и еве сум во Стамбол без ниедно јајце (5, 145).

ЕВЕНДЈѪМ *м.* (тур.) Вид. **ефендам**.

ЕВЕНДИЈА -ии, -ij *м.* (тур.) Вид. **ефендија**.

ЕВЕНДУМ *м.* (тур.) Вид. **ефендам**.

ЕВО *чест.* Вид. **еве**: На пладне втасав во едно поле и ево ти двајца луѓе маж и жена кај си косеа една ливада (2, 157); Имало Госпо и за мене, да не умрам од глади... ево ми полна кошница ореи, ќе си јадам и ќе си живеам (си рекол глушецо) (2, 66); Сите (луѓе) исав немаат за имањето да го пожалаат... ево јас тоа од мене го познав, чунки сум истеран од стопана ми, без да се смили на мојава лоша краста што ми ја дал Господ (рекол ѫртот) (2, 35).

ЕВРЕИН -еи, -еји *м.* (грч.) *припаѓник на еврејскиот народ и вера;* Давам бре – му рекол мрсулаиот – ела дај сега рака, речи: пес Евреин да бидит, кој не ќе даит (5, 161); Коа вика, коа се притресе над јабанџијата, како некој Евреин (6, 84); Кокошката ја заклала (жената) да го гоштеа Евреино (3, 265); Слава Богу, не сме борчлии на Евреите! (4, 138); *во форми за обраќање:* **Евреине**: Ах, проклети Евреине – рекла – јас ќе се удаам в море и нема тебе да те земам (3, 170); **Евреји**: А бре, Евреји, ние уште од Стамбол не сме излегле, саде џенг сторивме, да што прашате кој доби? (6, 138)

~ Со и м е н к а т а: **бесрамник**: Дури си праела разгоор бесчесната жена и бесрамнико Евреин помалио брат слушал од една дупка (3, 150).

~ Со п р и д а в к и т е: **богат**: Одејќи по патот, го ви-

дел еден богат Евреин и му ’и купил (на детето) трите јајца за три грошеи (3, 148); (Сиромаио) го однесол (камчето) у еден Евреин најбогат (3, 259); **клет**: Клет Евреино бидејќи, што ќе му текни, да је речи на жената да му ја заколи кокошката (3, 264); **проклети**: Проклетио Евреин тамо бил скриен со каико (3, 170); **пуст**: Коа виде оти умре пустио Евреин, писна да плачи и брадата да си кини, ама без вајде (6, 137); **стар**: Коа чула царица Елена оти Евреите го знаеле крсто Ристов, заповедала на постарите Евреи да дојдат при неа за да ’и праша (4, 34); **умрен**: Тамам да влезат в градо, и еве ти кај носат Евреите еден умрен Евреин за да го закопаат (4, 35); **учен**: Не само сега седат крај вода Евреите, ами уште пред да се роди Ристос седеле... беше седнал и Симеон покрај некоја река со двајца учени Евреи као него да го чекаат Риста (4, 41).

ЕВРЕЈСКИ и **ЕВРЕЈЦКИ** *прид.* **еврејски** *што се однесува на Евреите;* Од тие тупурдии еврејцки му се здодеа на Турчино и ји натера да слезат да поодат пеши (6, 137); Беше им текнало на попојте и хахамите еврејски да ’и изваат трите дрвја што лежеа во батакот (4, 25).

~ Со и м е н к и т е: **еќим** (4, 29); **мезлич** (4, 29); **тупурдија** (6, 137); **хахам** (4, 25).

ЕВРЕЈСКИ *прил. на еврејски јазик;* Му прогоорил (капидано) на еврејски, пак не му одгоорил (4, 216).

ЕВРЕЈЦКИ *прид.* Вид. **еврејски** *прид.*

ЕВТИН *прид.* (грч.) е ф т и н – *што има мала цена; што се купува со малку пари;* (спрот.: с к а п); Ама касапбаши, да ми даиш еден черек месо, ем најдебело и поевтино, оти јас ако не ти го излекуав прсто, ќе си беше без прс (5, 14); Отишол некој Шоп во Софија и нашол евтина боза два чамчака за една пара (6, 141).

~ Во и з р а з о т: **евтин му је лекот** – *лесно може да се натера;* Евтин му је лекот – му рекол новио пријател на Пеја – да ти оди магарето... земи едно српцко пиперче и откоа ќе го тоариш дрва, клај му го под опашката... (6, 218).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Евтиното месо е поскапо од скапото (5, 174).

~ Со и м е н к и т е: **боза** (6, 141); **маска** (4, 226); **месо** (5, 13; 5, 174); **риба** (3, 230); **смоква** (3, 283); **цена** (4, 231; 6, 191).

ЕВТИНИЈА *ж.* (грч.) е ф т и н и ј а – *мала цена;* (спрот.: с к а п и ј а, с к а п о т и ј а); Го прашале селаните (Шопо) што има, што нема во Софија. – У Софију евтинију, бајновци – му рекол – два чамчака бозу за пару (6, 141).

ЕВТИНО *прил.* (грч.) е ф т и н о – *со мала цена;* (спрот. с к а п о); Бугарино скапо беше 'и продал (бравите) и Влао многу евтино (6, 86); Тој што работи за поевтино, повеќе пари собра, а тој што работел поскапо многу години седе на туѓина (5, 45); Секој имал ќеф од него да купуаат стока, едно што многу стока имало, друго и поевтино што давало и друго ошто било момчето умно (2, 238).

ЕГЕ *ср.* (тур.) *мала турпија;* За кăсметот незин, нашла едно еге ингилиско кај што била затворена и зела, та претрила од сите врати резињата и избегала откај Евреино (3, 170).

ЕГЛЕНДИСУА СЕ *гл. несвр.* (тур.) **еглендисува** *(се) разговара;* Јас вака без работа не можам да стојам, ај да се еглендисуаме (2, 128).

ЕГУМЕН -и *м.* (грч.) *старешина на христијански (православен) машки манастир;* Од тој ден фатиле да праат добрење и така се спасија и кауѓерите, заедно со егуменот (4, 211); (Ќатипот) би некое време егумен и посакал да си оит на аџилак (5, 226); Нигде не можеле да му 'и погодат егумените збороите (на царот) (5, 99); Трај, оче егумене – му рекол царо – јас ја ќе 'и донесам сите саати на една декика да бијат, ја чаре друго не бидуа (5, 41).

~ Со п р и д а в к и т е: **набожен**: Со таквие и друзи многу полоши нападуачки сите четиња кауѓери што поминаа од тој манастир од набожнио егумен и од друзи манастири, така го напаѓаа Бога и се шегуаа со него (4, 209); **праведен**:

Чул еден праведен егумен од некој манастир за Марија и му се нажалило (4, 192); Еден праведен егумен сеедно се молел Богу за Господ да ’и блаосои сите калуѓери што биле во негојио манастир (4, 205); **умен**: Откоа ’и ислушал умнио егумен (кауѓерите), му рекол: – Ако го пиеме (виното) као имање, ќе ни втаса, а пак ако го пиеме као луѓе, нема да ни втаса (5, 88).

ЕГУМЕНОВ *прил. што му припаѓа на егуменот;* Егумено гледа и се чуди оти толкаа чес му праат нему и тогај си летнал Ристос од рамениците егуменои (4, 207).

~ Со и м е н к а та **раменици**; Вид. го горниот пример.

ЕДА *чест. за потсилување (во почетокот на реченицата);* [*во иста служба се употребува и* **ами**]; Еда сено не ни остана, ага, чунки вечера ни дојдоа мнозина суварии, и тие ни го изедоа сеното (6, 145); Еда арно, жено, тебе те ваќа кадăнлăко (неработење), туку пак мене што ме ваќат меракот, да тука како ќе ја праиме работава ние двата со тебе? (6, 17); Еда, Господи, ти за правење ме пушти да гледам, туку јас правење не видов, ами ти видов најлоши кривење (4, 134); е да: Море влегуј ти, бре братко, да не терај ме мене што не сум влегол никогаш во богата куќа, при сѐ што ми е род чорбаџијава. – Е да, и јас така сум – му рекол вторио (5, 76).

ЕДАР -дра *прил.* Вид. **јадар**; *крупен;* Сопрво зело (момчето) едно магаре и отишло в планина, та одило од бука на бука за да најди некоја бука поедра, да ја пресечит и дрва да си тоарит поарни (2, 237).

ЕДЕН -дна *бр. прил. зам.* **I**. *бр. бројот 1;* Јас имам девет деца и жената ми дессет, јас еден единаесет (4, 166); Изваил старио клучејте и му ’и дал, а момчето му го дал уште едното јаболко (3, 25); Беше чул еден сиромав чоек оти во Стамбол било еден грош едно јајце (5, 141); Пусти еден заб имав и тој да го немам (6, 52); Море арно, бре браќа, ќе ми го сакате девојчето за тоа момче – му рекол домаќинот – туку светот велаат оти било слепо со едното око (6, 193).

~ Со б р о е в и т е: **еден и пол**: На скеле дошле десет гемии: едната со каве јеменско, по дванаесет гроша ока, втората гемија со шеќер од подолниот по еден и три черека, трекáта со железо од Ингилиско, по еден и пол оката (5, 173); **еден-два**: Гледај (пријателе) да не ме устрамиш пред Бога, оти коа го молив за да те обогати, ми рече еден-два збора чудни, коа те фалев тебе оти имаш блага уста и дека го имаш бога сѐ во устата (4, 213); Колку пречекори (лиса) еден-два чекори и стапила во стапица, та чкрап! – се ватила за предните нозе (2, 28); **една-две**: Биди си (пријателе) мирен сеа и биди уверен оти и патрик ќе те сторам. Сеа терај ќев, земи си една-две парамани, ѓоа ти се за измет, за сам да не си (4, 283); Во еднадве години ќе се обогатиш и кăсметот твој веќе ќе се разработи и ете си богат (3, 263); Ете ти го чорбаџијата во еднадве недели како сите сиромаси и тој сиромав до немајкаде (3, 208); **четириесе**: ’И забрал четириесе и една магарици и момчето сторено магаре, та ’и однесло на самарџија (3, 284); **сто**: Треба да знаиш (синко) оти жената имат деведесет и девет дупки и сто и една поклопки, да од тоа, синко, ти уште не си ми втасан (5, 178).

II. **1**. *прид. ист;* Се мачи новио кауѓер со саатите да ’и донеси сите на еден карар (5, 40); Беше излегло од блаосоениот орев една цела сурија волој, сите една длака, сите еден бој, сите млади да ти је грев да му се опулиш (3, 34); Беа се изнашле со еден ум двата (терзијата и момчето) да го бараат Бога (4, 103); Трај си, оче егумене – му рекол царо – јас ја ќе ’и донесам сите саати на една декика да бијат, ја чаре друго не бидуа (5, 41).

2. *сам;* Аман, мајче, те молам, скри ме да ме куртулисаш, оти сум царски син и сум еден у мајка и еден у татка! (2, 172)

3. **а**. *за потсилување на својство, квантитет, квалитет, ѓолемина, интензитет и сл. на нешто;* Таа пуста змија била голема колку еден тапан; едни очи колку една месечина биле големи (4, 72); Како што си спиел ненабожнио чоек, беше го свило едно срце, дал вик: ...во два-три саати беше си

умрел (5, 34); Беше го жегнал (момчето) влакното од црвенио коњ и на часо довтасал при него, та отворил еден орев и коа изваил едни алишта, што немало на никоја земја (2, 288); Кога чуја арамиите од сиромаио што му рекол Господ, сите се разрадуаа и рипнаа, та се ватија едно оро да играат и да се радуаат, на повелата Божја (4, 93); За овците што ти реков, пријателе ...не се у нас колку биоли, ами сет колку едни крави (6, 187). **б**. *без особена потреба, туку повеќе како манир;* И дури ќе бидам жив (бре момче), ката еден ден (место ката ден) по еден бакшиш ќе ти донесуам (3, 121).

III. *зам. неопределена.* **1**. *некој, некојси; некаков;* Откоа се скрив во дрвото, дојде на чешмата еден коњаник и слезе да се напиет вода (4, 134); Се засолнил (Силјан) зад едни шипје и отаде 'и видел луѓето (2, 142); Отишол (ќатипот) в чаршија, кај кари-пазари (женскио пазар) и си купил едни кауѓерски алишта (5, 226); Кондисал еден кираџија една вечер во еден ан на некој друм (6, 60); Еден прос чоек нашол на пато една самарна игла (6, 75).

2. *никаков; ниеден, низаеден;* А, проклета жена! Ах, Јуда Искариотска една! Да вакваа беше милоста твоја што ме прегрнуаше и ме целиваше (6, 45); Ете така да велиш, ќерата еден! – му рекле сватојте (на простио) (6, 77); Мори (жено), оти си толку инаетчија... застрами се малку, никаквице една! (4, 276); Али тамбура ќе ми свириш, бре песу еден, или на колк ќе седиш? (2, 245)

IV. *во служба на именка;* (Магарињата) зедоа, дадоа зборои. Еден едно рекол, друг друго, никако не можеле да дојдат во еден збор за да најдат некој крај за раат да живеат (2, 72); Ќе 'и главиш (децата синко) едното на казанџии, другото на терзии и треќото на бакали (4, 92); Море како си ти, бре брате – едното му вели на другото – како поминуаш, како живееш кај што те продаде стопан ни? (2, 73); *во падежна форма* е д н е г а; Да ти го даам (чекмеџето), пријателе – му рекла (невестата) – ама треба сите тројца да сте овде, да после. Лели така ви е зборот, да не ви го даам на еднега (5, 97); Е, бре, ти ѓаоле – му рече (сатаната) на еднега – што зло сто-

ри на некој чоек, ја кажи ми да чујам? (3, 299); Предавајќи еднега на пашата сиромаио за некоја работа, арно ама пашата не му нашол кабает и го испуштил (4, 272).

~ Во и з р а з и т е: **во еден час** – *ве9наш;* За чудо големо за да се прикажуа (семката) беше никнала, та беше порасла во еден час, дури до небеси (6, 197); **две на едно да не клаам** – 1. *никаков успех 9а немам.* 2. *сонот 9а ми се земе;* Од милос што имам на тебе, и на соно те сонуам; да ослепеам, и да оќореам, и две на едно да не клаам, ако те лажам! (6, 44); **до еден** (**-дна**) – *сите;* овде: *во синонимен спрег со* **сите**; Ете ваквие сет нашите судии, честити праведен судија, ем не само еден, али два, ами до еден сите сет рушветчии и грабители (му рекол чоекот) (5, 73); Беа се збуцале (тоарените маски) едни во други, та беа претоариле сите до една и сето вино и друго беше се истурило и фиран беше се сторило (6, 200); **дојди во еден збор** – *се согласи, се 9оговори;* Најпосле, беа дошле (пците) во еден збор за да напраат еден арзоал до царот (2, 51); Најпосле дојдоа во еден збор да му ’и врзат очите на калвата и кого ќе вати, тој да плати (6, 63); **еден во друг** – *меѓусебно;* (Момчињата) се погледале едно во друго за кое побрго да кажи што рекло (3, 288); **еден Господ нека судит** – *ќе се ви9и 9али се прави (праве9ни);* Откако ќе видат (таткој ви и мајки ви) челад тамо, еден Господ нека судит и еве јас си умирам (рекол стариот) (2, 146); **еден друг** – *меѓусебно;* Да си живеат (звероите) брацки на земјата, а не да се јадат, еден друг да се пизмат и да се гонат (2, 67); Во тоа царство толку биле лоши луѓето, што очите еден другиму ќе си ’и извадуале (4, 95); Идејќи на угорното, ми рече да се носиме еден други, за полесно да ни биди (5, 106); **еден за други** – *зае9но;* Сите селани да се ватат еден за други за него (за Итроман Пејо) за да ја наведат тополата од врвот до вода и да ’а напијат вода (6, 221); **еден по друг** – *по (временски) ре9;* Некоја вдојца имала тројца синои, сите тројца еден по друг родени (3, 218); **еден со други** – *зае9но;* Кога се уверија пците оти тој (стареата) не беше го изел (арзоалот), тргнаа еден со други да се подушуат и да се колнат со мочање (2, 53); Бре, аман, каква ра-

бота да немат ниеден аргатин оваа пролет као што имаше друзите годиње? – си велеле еден со други (4, 138); **еден со еден** – *заедно;* Пак не биеле сите (саати) во една декика... кој по петнаесе декики понапре, кој по десет; асљиќелам ни еден со еден не можел да ’и донесе да дојдат на една декика (5, 40); **еден у други** – *наизменично;* Си биле тројца трговци, тие си имале дуќаните еднододруго и набргу си оделе еден у други на разгоор (5, 173); Си оделе на гости (дедото и зетот) еден у други дури биле живи (2, 295); **еден час** – *веднаш (по можност); часкум;* Море синче бре, ами попо отиде кај Господ, на небеси, за да служи литургија; ако можеш, пројди еден час и нека ти стори молитва – му рекла попадијата (6, 196); Да дојдиш (песу) еден час до него (до св. Илија), нешто те сакат за да ти речит (4, 146); **еден час побрго** – *колку што е можно поскоро;* Здраоживо имате од царот – им рекле на мечките – како да знаите еден час побрго да пројдите кај него (2, 208); **една душа** – *сам;* Парите што си ’и деливме, старче, непрао ’и деливме, чунки јас сум единаесет души дома, а ти си една душа (4, 166); **една со една** – *заедно;* Друзите (зелки) една со една не се здружија и не се скупија (4, 208); **едни пати** – *еднаш; понекогаш;* Имало (момчето) под мишките крилја за да летат: едни пати ’и пуштало, а едни пати ’и збирало (3, 53); Едни пати пред мене, јас колку силно греам и не можам да ’и пробијам, да пројди кај нив и од нив земи – му рекло сонцето (3, 116); **едно време** – *во еден момент;* Се отворил џенгот удри тие, удри тие и туку едно време даде плеќи царо во војската (2, 291); **едно и друго** – *повеќе работи;* Ама и едно и друго да ти кажам; коа ќе оиш кај некој болен да го лекуаш, ако го видиш ангелот кај нозете, наваќај се да го лекуаш (2, 246); **едно по друго** – *повеќепати исто;* Така му велеше кума лиса на петлето и си тргаше броениците и викај едно по друго: „Господи, помилуј!“ (2, 19); **на едно** – 1. *исто;* Бре се мачил (царот), бре се трудил и никако не могол да ’и донеси (саатите) на едно да бијат саатите (5, 40); 2. *заедно;* Собрал пределата Ристос, ’и клал во големата каца, кај што вапсуаа саде црно, му турил боите на едно и му запалил огно под казанот да

вриет (4, 107); **од една страна ... од друга страна** – *за посебно истакнување;* Одејќи си дома, чорбаџијата од една страна радосен, а од друга многу пооскорбен (5, 103); **речете на десет едно** – *согласете се;* Речете на десет едно и друго ништо (2, 12); **за едното две** – *двојно;* Цареа ќерка пак му платила на бавчанџијата зијанот за едното две отколку што посакал тој (3, 28); **се рекол еден збор** – *се рекло;* Што се рекол еден збор: сѐ што се праит скришно, на мегдан ќе излезит; и навистина мене ми излезе ова утро (6, 46); **со еден глас** – *едногласно;* Ха – беа свикале сите со еден глас – еве ни убао место за лежење вечерва (3, 98); **со еден збор** – 1. *веднаш;* Уверен сум, синко, да ти даит (богатио троа пари) со еден збор, чунки ми ет и светијоан (4, 123); 2. *кратко;* Еден (ѓаол) кажал браќа скарал, друг украл нешто најскапо, треќ тепал некого, четврти бесчестие напраил, со еден збор да си кажиме, сите што биле тамо собрани беа напраиле дента од секое беззаконие (5, 184); **со една реч** – *кратко;* Стопан ми је еден бездушник чоек. Тој коа ќе ме тера да одам, не знаи со што да маа на мене... коа ќе вати да ме удира со обете нозе... Со една реч (стопан ми) мучител на животните и ништо друго (2, 92); Ако сака некој да се венча, али ако умрел некој, не можи со пари да се откупи од попо. Со една реч, оче свети, сега је времето што се вика: излезете мртви, да влезиме живи (5, 38); **сториле еден збор** – *се договориле;* Откоа видоа луѓето и ’рслано оти се сотреле глувците, сториле еден збор да го истераат мачорчето (2, 47); **тако ми бога единега** – *(при заколнување) те уверувам; верувај ми;* Слушај вамо, жено – је рекол (мажо) – еве јас ќе си одам на кăшла со овците и кога ќе дојдам ако те најдам пак со девојче да си родила, тако ми Бога единега, оти ќе ти сечам глаата (3, 187).

ЕДЕПСĂЗ *м.* (тур.) *никаквец, непрокопсан човек;* Ми го освоуаш (проклетнику) магарето, а пак и жената ја праиш твоја, пту (го плукна), едепсăзу еден! (5, 93)

ЕДИН *бр.* (овде: од буг.) место **еден** – *(во служба на неопределена заменка) некој;* Се напраил крало тебдил и, вр-

вејќум по един сокак, стретиле един питач кај си седи на едно буниште (4, 57); Бре, да не ет мојата уста нешто горчива – велел един на другиот (4, 149); Од тој саат веќе не ја остаала нити един саат да се истаит откај неа (5, 251).

ЕДИНАЕСЕТ -те *бр. бројот 11 (за еден поголем од десет);* Јас имам девет деца и жената ми десет, јас еден единаесет (4, 166); Ние сме единаесет души, како да е во единаесетте души треба да има еден од нас кăсмет (4, 166); Свети Вртоломеја со единаесетте апостоли се наредени да молат сонцето да го заврта од лето на зима (4, 40).

~ Со именките: **апостол** (4, 40); **душа** (4, 166); **месец** (3, 145).

ЕДИНАЕСЕ(Т)МИНА -еттемина *бр. им.* овде: **а**. *(самостојно) 11 мажи;* Се расрдија ѓаолите и уште единаесемина паднаа робје (4, 65); Е, ај повели, де, повели, во рај (рекол Ристос), со сите единаесеттемина што 'и отме од вечна: (4, 69). **б**. *(пред именка) бројот 11;* Пошло сирото девојче ноќта на чешма за да залеит вода и, кога дошло до дрвото, видело единаесетмина мажи и една стара жена (3, 144).

~ Со именките: **ѓаол** (4, 68); **маж** (3, 144).

ЕДИНАЕСЕТТИ *бр. ред – тој што следува по десеттиот;* Од првата баждарница поминале (свети Петар и комарџијата), отишле кај втората, третата, четвртата, дури до единаесетта (4, 68).

ЕДИНАК *м.* **1**. *единствено чедо у родителите.*

2. *самец;* Погледај, кучкана една, ќе го испердушеше сиромашкио штрк, што си е единак! – овчарот рекол (2, 151).

ЕДИНИЈ *прид.* (црквслов.) *во падежна форма* единога, единега во составот: Бога единога (единега); Кога поминав низ коријата, триста мечки видов. Аман, колку страшни беа (мечките), умира чоек од страв, тако ми Бога единога! (6, 109); Влакната од брадата и од косата (на еден старец) му светеа... као некој џам буљур што свети спроти сонце... верујте Бога единега оти не ве лажам! (4, 76)

ЕДНАКОВ -ква *прид. по некое својство рамен со друг;* (Даскале) ти си должен на сите (ученици) еднакво учение да им предааш (му рекол Ристос) (4, 191); Ако сичките луѓе (даскале), машко и женско, да имаа еднаква дарба, не веруам да можеше да се живеит (4, 191).

~ Со и м е н к и т е: **дарба** и **учение**: Вид. ги горните примери.

ЕДНАШ *прил.* **а**. *еден пат;* Да нека ти биди (сестро болво) уште еднаш за ум да не влегуаш во таквие луѓе, ами да гледаш кај некој луѓе кај што имаат куќите полни со праои (2, 107); Еднаш нема да стапи нога моја, проклета чумо, ами уште три пати ќе стапи, вака да знаиш! – вака му рече коњчето на момчето да ѝ рече на чумата (2, 257). **б**. *некојпат;* Играјќи еднаш двете деца со некоја играчка, и не знам како беше згрешило детео од вдојцата и беше го удрило по глаа (2, 200); Оф, мори домаќинко – је рекол сиромаио на жената си еднаш – што беше тој пусти грев тежок наш, да се молиме толкуа години на свети Никола за да го моли Бога (4, 64); Еднаш му загинала една овца (на еден овчар) (6, 174).

ЕДНАШКА *прил.* Вид. **еднаш**. **а**. Вид. е д н а ш а.; Ја заврте (Пејо) еднашка глаата и фуф сторил со носот, како некоја дива свиња (6, 203); Уште еднашка да ви кажам (синковци) по просто, да ме разберите оти еве веќе душа наврве за да излегуат (5, 59). **б**. Вид. е д н а ш б.; Сторила ниет еднашка жената да ’и истера и двата (мажа) од дома (6, 65); Ами и малите деца знаат кој месеци сет поарни. Еднашка Коложег и Сечко сет најлоши (3, 146); Го натерал еднашка кѫсмето детето да му посакат на кавеџијата да му купит еден саат (3, 277). **в**. *најпосле;* Што си се мачил, бре момче, што ал нешто имаш, ја кажи ми да чуам еднашка? – му рекол кадијата (5, 367). **г**. **еднашкамити** (и **еднашка ми ти**) – исто што и **еднаш** и **еднашка**, *само позасилено;* Беше му се испраила змијата со глаата еднашкамити на фиљо, како некој силен ’рслан и зинала со устата, та си го лапнала фиљо целечичок (4, 73); Се поиспраи свињата, та кога ти викнала еднашка ми

ти, колку да можи, како кога да ја колат: квиче, квиче (2, 24).

ЕДНАШКА МИ ТИ Вид. кај **еднашка г**.

ЕДНАШКАМИТИ Вид. кај **еднашка г**.

ЕДНИПАТИ *прил. (по)некогаш;* Еднипати, кога да ме тоарат (каменарот), од сто ока згора ми клават (2, 73); Ете што рекле стари... итрио и будалата еднипати сет токмо (2, 83); Еднипати и лагата покрива страмотата (6, 179).

ЕДНО *прил.* и *сврзн.* **I**. *прил.* **а**. *(при набројување) во реченицата:* **има и друго**; Бидејќум (син му од богатио) до тогај не беше ватил некоја работа, не знаел што работа да ватит, едно тоа, и друго – во тој град немал некој познат чоек за да можи да клаи ортак (2, 248); Е, шега, нешега, јас сега не ќе го кројам (лозјето); едно, ме вати мрзата, и друго, сѐ поеќе ќе роди ако не го кројам (2, 79). **б**. **исто**; Треба да знаиш (даскале) оти Божјата дарба не е еднаква да е на луѓето, та да мислат и знаат сите едно – ами еден знаи едно, други друго (му рекол Ристос) (4, 190).

II. *сврзн. штом, кога;* Едно се наведил да земи (сиромајио) од алтăните и му се испраил пред него еден Арап, со еден топуз (3, 232); Сироти врапци, едно го чуја стопанот од лозјето, и излетаа од седело, та застанаа на дрво (2, 79); Едно ’и видело момчето (тројцата трговци) и ’и прашало заошто сет толку ужалени (3, 166).

ЕДНОДОДРУГО *прил. (за живи суштества и предмети што се наоѓаат) сосема блиску, еден до друг;* Гледал (еден сиромав чоек) напред, гледал надесно и налево и видел наоколу на тоа поле еднододруго наредени чешми (2, 119); Бидејќи биле еднододруго браќата со куќите, набргу се гледале на двајцата кăсметите и си се разгоарале (3, 309).

ЕДНОЛИКА -и *ж. бот. вид планинско цвеќе;* Море – рече син му на кралот – ај да појме, има нешто што лаат кăсмет. Отидоа таму по еднолики и под една спила наоѓаат девојката ни жива ни мртва (5, 318).

ЕДНОНАДРУГО *прил.* овде: *(за предмети што се наоѓаат) еден на друг; еден врз друг;* Веднаш беше изваил тепачот едно тевтерче од пазуа, завиткано во три мушами еднонадруго (5, 365).

ЕДНОНОГ *прид.* **а**. *што е со една нога.* **б**. *(во именска служба)* е д н о н о г и о т – *прекар на ѓаволот;* На сите (ѓаоли) му паднало жал, и ватиле, та сите си скршиле по една нога и оттогај останало да се вели у луѓето: едноногио (4, 220); Море ако те дупни едноногио да дојдиш овде да се излажиш и да касниш од дробенката месо што је на канџава (2, 31).

ЕДНООК *прид.* **а**. *што е со едно око.* **б**. *(во именска служба)* е д н о о к и о – *прекар на ѓаволот;* Јас направив едно големо зло, господаре – му рекол (ѓаоло) – ама го остаив за утре да го допраам – му рекол еднооки0 (5, 185); Јас ќе ти го даам окото, пријателе – му рекол – ама извај го твоето и јас моето и ако дојдат токму на терзија земи си го (5, 187); Коа чул тој збор еднооки0, му паднал на аман и го молил со многу пари да не ја јави работата на големио (5, 187).

ЕДНОПОДРУГО *прил.* овде: *(за предмети, појави што идат) еден по друг;* Едноподруго ѓоа му иделе од некаде (писмата на чоекот) (5, 137); Кога му легна (воденичарот) да мава (на колцето) едноподруго и силно, што дури пот течеше од него како река (2, 106).

ЕДНОСТАЈ *прил. м.* е д н о с т о ј н о – *постојано;* Мрсулите (на мрзливио син) му течеле од носот, едностај и в уста му влегуале (2, 264).

~ З а б е л е ш к а: Стои: *едно стај.*

ЕДНОЧУДО (и **ЕДНО ЧУДО**) *прил. мошне многу;* Виделе (Шопјето) едночудо риби во морето (6, 141); Врли го ѓебрето, момче, да станат едночудо трње (2, 286); Му се израдуало срцето (на царо) едночудо (4, 42); Отишол сиромајио и копал стреде во нивата, нашол едно чудо пари и си ’и зел (3, 79).

ЕЃУПКА *ж.* исто што и *Ѓупка, Циганка, односно Ромка;* Ја чекај јунаков мој да го обидам што срце имат – си рекла со умот Еѓупката (6, 107); Една Еѓупка се сторила некоаш царица (6, 109).

~ Со придавките: **млада**: Таа проклета млада Еѓупка беше се променила со тие алишта и беше се качила горе на дрвото да го чека син му од царот (2, 174); **неверна**: Се прикажуа и ден-денеска за неверната Еѓупка (2, 177); **проклета**: Откоа отиде дома (син му на царот), помина една проклета Еѓупка и ме виде, та ме врли во еден бунар (2, 177); **сирота**: Беше ја вчелнал (Еѓуптино) со чеканот и начас си се одвалила од столчето сирота Еѓупка, си умрела како да не била (6, 115).

ЕЃУПСКИ и **ЕЃУПЦКИ** *прил. што се однесува на Еѓупците (Ѓупците, Циганите, Ромите); ѓупски, цигански, ромски;* Откоа се одделивме двете, видов еден дебел воденичар, во меот како некој еѓупски тапан (2, 105); Му ’и отпуштил (змеот) наземи (парите на Еѓуптинот) и бегај да бегаме назад од еѓупцките страои, за да не му ја одерат и нему кожата (2, 129).

~ Во пословицата: Еѓупска сила трње вршила (4, 120).

~ Со именките: **сила**, **страв** и **тапан**: Вид. ги горните примери; цар (6, 117).

ЕЃУПСКИ и **ЕЃУПЦКИ** *прил.* **1**. *на еѓупски (цигански, ромски) јазик;* Чув, света владико, ама дека еѓупски прикажуаше, тики ниеден збор не разбрав (6, 173); Јас знам од сите јазици: турски знам, грчки, арнауцки... и еѓупски знам (6, 86).

2. *на еѓупски (цигански, ромски) начин;* Луѓето си живееја чоечки, а пак каскатиите нито еѓупски не живееја (5, 324).

ЕЃУПТИН -пци *м.* (грч.) исто што и *Ѓуптин, Циганин, Ром;* Се навати еден кназ да се научи занаат и отишол дома, та се научил да плети кошници, видуајќи еден Еѓуптин

коа плетил и тој Еѓуптин го научил (5, 54); Отаде трештив да бегам прекутрупа од страот на кирациите и на Еѓупците (6, 214).

~ Со придавките: **пусти**: Пусти Еѓупци, од страв беа се здрвиле сите на патот (6, 115); **шут**: Уште недоречени тие лакрдии од пустиот шут Еѓуптин, и беше ја вчелнал со чеканот и начас си се одвалила од столчето сирота Еѓупка (6, 115).

~ Со бројната именка: **двајца**: Ја чекај да викнам двајца Еѓупци да ’и натерам да го пресечат ореон (3, 205).

ЕЃУПЦКИ *прид.* Вид. **еѓупски**.

ЕЃУПЦКИ *прил.* Вид. **еѓупски**.

ЕЃУПШТИЛАК *м.* (грч.-тур.) *презр.* **1**. *тоа што им е својствено на Еѓупците.*

2. овде: *мрза, неработење;* А, бре попе, ...сум сторил ниет да се каурам, чунки ми се здодеало од еѓупштилаков што го имам: цел ден да се истегам под черга на зелена трева (6, 178).

ЕЕ(**Е**) *чест.* Вид. **е** (чест.).

ЕЖ *м. зоол. животното со боцки на кожата* – Erinaceus europacus; Откоа го изгледала (бабата) арно, убао (јунакот) му рекла (на Габергаговци) да му клаат на колениците по една кожа од ежо со боцките во месото и веднаш, ќе му оздравит или ќе му паднит (6, 106).

ЕЗБЕРЛЕДИСУА *гл. несвр.* (тур.) *учи нешто (говор, текст) напамет, од збор до збор;* Овој збор што ми го рече (царе), да ми го пишиш на една книга за да го езберледисуам (му рекол гускарот) (5, 124).

ЕЗЕРО *ср. голема водлабнатина меѓу ридје исполнета со слатка вода;* Го врлила огледалото сирото девојче и веднаш беше се сторило едно езеро (2, 179); Еднаш си преесапил (Силјан), како да ет во Орицко поле и Струшко, чунки тамо

имало езеро, да можи морето да ја донесла гемијата во езерото... (2, 144).

~ Со п р и д а в к и т е: **големо**: Сите риби што беа во големото езеро беа дошле во помалото (3, 212); **мало**: Го стори (царицата) ортак со рибарот со помалото езеро (3, 212); **огнено**: Се отвори огненото езеро (4, 11); Пламените јазици и огнени талази излегуаа од едно огнено езеро (4, 49); **царичино**: (Царицата) го стори (мажа си) ортак со рибарот што му го држеше царичиното езеро со ќесеџа (3, 211); **цела**: Беше пуштила (тиквата) една ластунка преку целото езеро (5, 68).

~ Со б р о ј о т: **две**: По смртта моја неа (невестава) ви ја остаам како сестра моја... царството да го крепит и двете езера што имам мој, му аризуам незе, и да ѝ бидат заират незин (3, 210).

ЕЗЕРЦЕ *ср. род.* од е з е р о; Утрото коа се раздени-ло, гледаат пред нив едно езерце; околу езерцето гледаат ед-на голема корија и многу широка (4, 72).

~ Со п р и д а в к а т а: **пусто**: Градот кај што седел ца-рот немал никаква вода за пиење, освен едно езерце, арно ама во тоа пусто езерце имало една ламја што не 'и остаала граѓаните да леат вода (2, 110); ...почнала (змијата) да рипа и да скака како некоја заклана дива кокошка. И скакајќи, скакајќи си влегла во езерцето... (3, 99)

ЕЈ *чест.* **1. а**. *за потсилување на кажаното (при обра-ќање);* Ej, сега, пријателе, еве јас те донесов до овде, спроти заповеста од татка ми, што ми ја остаи кога умираше (3, 124); Ej, кажуј, бре овчарче, што има да кажеш? – му рекол царот (3, 222); Ej, со деца не треба да сркам маштеница! (6, 174) **б**. *непосредно пред формата за обраќање;* Ej, ej синковци, јас залудо се мачив за да ве учам – му рекла мајка му – да бидите итри (2, 75); Ej ти, море старче, тебе во село не те пуштаат, ти од попо куќата ја бараш! (4, 155); Ej, момче, се умори што непара можиш да свириш? – му рекле (самовилите) (3, 24). **в**. *пред други партикули:* **бре, гиди, море**; Ej, бре клисаре, виде ти и владика те направив, ако сакаш и патрик ќе те напраам,

само кандилото од иконата да не ми го гасиш (4, 282); Ај, море кривче ај, ме праиш сега да ти станам та да те ватам, тики да ти го скинам вратот како на врапче (5, 27); Ај гиди царцки син, ти сега се радуаш оти си ја зел Дуња Ѓузели (3, 94).

2. *за покажување на далечни предмети;* Ај прости ми животот (господаре), и утре рано да станиш, та да појдиш на онаа планина, е-ај, на зајсонце (2, 245); Јас сум, честити цареи, син на царо од големата држаа, еај на онаа страна – му показало со прс – и сум дошол овде едно да се капам, а друго и да барам лика спроти мене за да се женам (5, 132); Нà ти го овој топуз и стегни си опинците, та да појдиш на онаа планина, е-ај висока, и тамо имат еден сарај голем, кај што седит кăсметот (2, 123).

ЕЈГИДИ *чест.* (тур.) *за потсилување (при обраќање кон некого);* Ејгиди момче, зер затоа си забрало гајле, ој ми дедо ти ќе ти даит месо што парите да му ’и вратит назад на татка ти. Знаиш што е тоа месо да земиш и парите назад да ѝ донесиш? (му рекол еден стар касап) (5, 84).

ЕЈДИ *чест.* (тур.) *за потсилување (при обраќање кон некого);* Ејди, мори мајко, ејди будала, ти колку зборои ми нарече санким си пророк (5, 178); Ејди синко – му рекол св. Илија – тебе кăсметот ти беше наречен од наречниците (3, 203); Ејди домаќине, уште имаш да тегнеш сиромаштија – си рекла со умот (жената) (3, 209).

ЕЈУЗЕНИЈА -ии *ж.* (тур.) *вид ткаенина; облека од таквата ткаенина;* Ја променила (пашицата ќерка си) во најарните ејузении и атлази (5, 126).

ЕКИМ и **ЕЌИМ** -и *м.* (тур.) *(старовремски) лекар;* Не сум чула досега од борџот да има (чоекот) толку лош нишан, а колку за моите нишани секој еќим и посвесен чоек ’и знаи (2, 108); Нарачал (царо) по сите градои да викаат тељали за кој еким али кој вражач и кој бајач и маѓесник знаи да направи некој маривет да му родат трите царски снаи (2, 272); Откоа се виде како некоја коза со рогои Дуња Ѓузели, прати по сите еќими да дојдат и да е бараат крајо (3, 162).

~ Со п р и д а в к и т е: **бестрамен**: Му го врли (касапо прсто) во сурато (на еќимбашијата) и така куртулиса касапо од бестрамнио еќим (5, 15); **главен**: Еден друг болен чоек од сиљо отишол при некој голем и главен еќим да се лекуа и откоа го видел еќимо, го познал оти во цревата има сиљ (5, 272); **голем**: Отсега вамо да се сториш (куме) еден голем еќим (4, 87); **еврејски**: Еврејските еќими му рекле на царот да заколит не знам колку илјади рисјански деца и со крвта на децата да се мачка за да оздрави (4, 29); **лажлив**: За кăсмето од лажливио еким, беше ја изблул жабата што ја имал во срцето (6, 190); **пален**: Слушајќи тоа нешто паленио еќим од луѓето, отишол кај царо да го лекуа, посакал да влегуа кај царо, и не го пуштале караолите (6, 189); **пусти**: Со грсти пари му давал (царо) на пустите еќими за како од како да се сторат мукает и да го оздрават (5, 69); Си налепил беља касапо со тој пусти еќим (5, 13); **сиромав**: Најпосле му се кажало на царо оти сака еден сиромав еќим да го види и да го лекуа (6, 189); **стар**: Чул еден стар еќим, билјар, оти царо сакал билка (5, 28); Најпосле некој стар еќим му кажал на царо да бара од пиле млеко (2, 289); **фиљан**: Јас сум на фиљан еким, ако си го чула – му рекла (господарката) (5, 337); **царски** и **царцки**: Сите царски екими ја ватиле (царската ќерка) да ја лекуаат и никој лек не беше ѝ нашол (5, 166); (Царо) го викнал чоеко и го накитил со најубаа руба, како царцки еќим (2, 217); **чуден**: Чул некој цар од некое царство оти имало таков чуден еким што лекуал секакви болести (3, 75).

~ Со б р о е в и т е: **четириесет**: Можи три добриње да напраам: едно, да куртулисам четириесет екими од вешало (3, 301); **триста**: Кога ќе се поболам, триста екими ќе земам за да ме лекуаат (6, 94); И ти, мори жено, жена се броиш и деца ми раѓаш, со триста баби и триста екими (5, 74).

ЕКИМБАШИЈА и **ЕЌИМБАШИЈА** *м.* (тур.) *ӣрв лекар, ӣлавен лекар;* Од тој ден веќе царо го напраил еќимо прв еќимбашија, сѐ до него да седи и со него да руча и да вечера (6, 191); Еќимбашијата кога беше разбрал оти прсто на касапо беше му оздравел, му ватил јаката да му сака бакшиш (5,

13); е к и м б а ш и, е ќ и м б а ш и – *форма (турска) што се користи при обраќање;* Пеки, екимбаши, така нека биди – му рекол царот – и ако ја излекуаш ќерка ми, да знаиш оти ќе ти ја даам за невеста и ќе те сторам домазет (3, 302); Аман, екимбаши, ти се молам, ако не ми кажиш некој лек да лекуам луѓе што ќе идат да се лекуат у тебе (6, 223).

ЕКИМИЦА и **ЕЌИМИЦА** *ж. жената од еќимот;* Коа чу еќимот тие зборои од калвата, го сети оти детето си било здраво, а не болно и брго-брго ја викнал екимицата, та му ја кажало на момчето: – Еве ја еќимицата моја, бре дете – му рекол – оваа беше што ти 'и зела ѓеваирите? (5, 339); Вашата еќимица (еќимбаша) зеде од маазата од мајстори ми: прстење, обетки, белезици, крстои, цвеќиња (5, 338).

ЕКЛЕИСА СЕ *гл. свр.* (тур.) *присоедини се; придружи се;* овде: *намести се;* Ошол син му од богатио на панаир и наместо стока да бара да купуат, избарал едни чалгации што свиреа со ќемањиња. И се еклеисал при нив да се учи ќемане (5, 213).

ЕКМЕК *м.* (тур.) *леб;* Секое одење на пазар, Силјан, уште неслезен од коњ, прао ќе појдеше кај лебарниците и ќе земеше еден топол сомун ас екмек и ќе си купеше тан-алва, та ќе јадеше (2, 137).

ЕКСИК *прид. неизм.* (тур.) *што недостанува, што не е (на мерата) токмо;* овде: *не токмо, кусо;* Дури постојал царо при касапо, дури да му даи месо на друзи муштерии, мнозина беа дошле да му се плачат, оти ексик месото му го дал (5, 171); Ама по драм и черек да бидат ексик (6, 66).

~ Во и з р а з и т е: **ден ексик немало** – *немало ден да помине, т.е. секој ден;* Немало ден ексик што да не дојде љубовнико при богатио (2, 229); Ден ексик не било дури не се ставеле со шеисљамо и дури не 'и прашаше за нешто за верата (4, 39); **ден ексик не оставал** – *немало ден да помине, т.е. секој ден;* Еден ангел многу беше го замилуал еден праведен чоек, та ден ексик не остаал дури не му се јавел пред чоекот и да се поразгоори со него (4, 117); **ексик да** (**му**) **е** –

нека (му) остане (нему); што ќе му е (ѓа има); кусо ѓа (му) е; Ексик да му је и богасто и сѐ кога је онолку болен и неолен и да не можи да си касни, ами со пресно кравајче и јаболко да живеи (5, 78); Ами како не, питач ќе бидам за една чупа, ексик да је и царцка ќерка, ексик да е и личотијата незина (5, 52); Ексик да е и ваков живот што живеам јас, кога немам нито еден ден да не се оскорбам и да не се јадосам (5, 263); Ексик да биди и добрина што направив, и сѐ, кога останав на отворено поле – велел патникот (5, 304).

ЕКТИЛЂК -ци *м.* (тур.) *ѓоѓаток;* (Билјаро) му пиша на една книга колку ракија да пие (царо) на ручек, нито драм поеќе, ни помалце, токмо да биди. Така и лебо, манџите и друзите ектилѓци што се осолуал, сите му ’и пишал (5, 29).

ЕЛА, **ЕЛАТЕ** *изв.* (грч.) *за повикување во значење:* дојди, дојдете (ваму); Ела сега ти по мене, дрваре, да ти кажам каде је реката поразлеана, да ’и натераш магарињата (2, 59); Ела, мори ќерко – ја викнала царицата ќерка си од одајата, кај што била затворена и плакала (2, 240); Елате, бре браќа, мирисајте ме – му рекол стареата (на пците) – не саде кај устата ами и кај опашката (2, 52); Море, остајте, деца, пушките и елате да се учите да орате, оти на старос ќе потрпите и за леб ќе умрите (6, 124).

ЕЛАТЕ *изв.* (грч.) Вид. **ела**.

ЕЛБЕТЕ *прил.* (тур.) *(моѓален збор со значење) се разбира, секако, несомнено, сигурно;* Ако знаиш (бабо) негде да имаат десет сестри, – елбете како стар чоек што си, може да знаиш – кажи ни да ојме да си земиме (2, 255); Дали нема некое избавиште за нас? Како стар чоек ти што си, елбате можи да си научил нешто? (4, 43); Елбете, мерак врлив и те зедов, бре Арнаут – ...туку стани да ти кажам сандѓко со пари и да се радуаш оти си паднал на ќелепир (5, 291).

ЕЛВИДИЈА -ии *ж.* (тур.) *во изразот:* **елвидиите беше ватил** – *виѓ виѓелија фатил; пустиње фатил;* Беше ватил (петело) да врлат дортлемиња, како некој најарен коњ што

да чинит илјада грошеји, ами коа (Итроман Пејо) беше го пуштил пак на од само по себе да одит, – пиле, пиле не можело да го втаса, а не друг коњ... ама на дизгин коа го пуштил елвидиите беше ватил, бериќатверсǎн уздата многу го држеше, тики веднаш го запрел (6, 210).

ЕЛЕ *чест.* (тур.) **а**. *така;* Еле, еле, што голем пакос ти сторила, ја кажи да чујам – му рекол царот (на чоекот) (3, 62); Ете кај било за мене! – си рекла сама со себе болвата. – Еле, еле, ја кажи ми, мори сестро треско – му рекла болвата – што ал си патила од воденичарка? (2, 105); Еле, еле, кажи да видиме, ти философе, да видиме што ќе ми кажиш (4, 70). **б**. *(во служба на прилог) на крајот, најодзадои;* Слушајќи сиромајио тие зборои од двајцата чорбаџии водули, несмислени, само собрал рамениците и ништо не му одгоорил. Еле, се одделија двајцата чорбаџии (5, 16); Еле, застанал (капиданот) и се одврзал, та пресекол со сабјата умрените и ранетите и се утопил во крв, та отишол кај царот (2, 113).

ЕЛЕК *м.* (тур.) *тесно алиште до појас (се носи под друго алиште);* Сум ти нашол во една дупка по планинана со илјадници гулаби, ем бели као елек (2, 212).

ЕЛЕН *м.* **а**. *животното со разгранети рогови* Cervus elaphus; Змијата му кажала (на старио) оти домаќин је незин голтнал еден елен, да му останале рогоите надвор (3, 78); Поодија (сестрата и братот) уште троа и нашле една стапалка од елен, полна со вода (2, 180). **б**. **елен треќак** – *тригодишен елен;* Је донесле (на цареа ќерка) еден елен треќак и го клале пред неа, та го удрила таа со еден камшик по газ (3, 214); (Старио) трештил да бега прекутрупа, камење, дрва прескакал, како некој елен треќак, од пусти страои, да не го ватат и да не го тепаат (5, 358).

ЕЛЕНА *ж. христијанско женско лично име;* овде: *царицата Елена, светец на православната црква;* По умирачката на цара Костадина и на царица Елена се воцариле многу цареи во Стамбол и никој од тие цареи не го честиле крсто Ристов (4, 37); Чуле еден глас силен, што дури се уплашиле

двата – царица Елена и цар Костадин, и рипнале од соно (4, 32).

ЕЛЕНОВ *прил. што му припаѓа на (определен) елен;* Оф, бре брате – му рече сестра му – коа ти велев јас да не пиеш вода од еленовата стапалка, ете сега се стори елен (2, 180).

~ Со и м е н к а т а: **стапалка**: Вид. го горниот пример.

ЕЛЕНЧЕ *ср. рем.* од е л е н; Не бој се, сестро – му рекло еленчето – јас кај ќе умрам, тамо и ти ќе умриш (2, 180); Видел (царцкио син) на глаата од еленчето ангел божи со крстата бајрака в раце... се уплашил и од тој саат веќе беше се арнисал да лоит лов и го остаил еленчето живо (2, 180–181).

~ Со п р и д а в к а т а: **сирото**: Утрото рано ете ти ’рти и загари, беа го надушиле сирото еленче (2, 180).

ЕЛИСАВЕТА *ж. христијанско женско лично име;* Кога беше трудна Богородица, мајка на Христа, на неколку месеци, во истото време била трудна и Елисавета на свети Јоана (4, 40).

ЕЛИФБЕ (**елифбе**) *ср.* (тур.) *азбука;* Го клал муфтијата во една одаја и го заватил да го учит елиф бе... како го учил, учил три месеци време што го учил, одвај елиф бе беше го научил (5, 227).

ЕЛЛИ *бр.* (тур.) *педесет (50);* Ако ти поиска за нешто јус пара, ќе ти го даде за елли пара (6, 135); Ем слушајте вамо и вие, мезлич-аалари – му рекол на мезличот – еве елли јашана сторив и он јаша кадија кај сум, нелер фермани сум видел, иља ваков ферман до рака не ми дошло (5, 366).

ЕЛЧИЈА *м.* (тур.) *пратеник на странска држава во некоја земја;* Му текнало на еден крал за да праит кавга со царот и му пуштил еден елчија со едно писмо... Царот му пратил друго писмо по елчијата (4, 98); Бре, исавсăс кадрин што бил – му рекол (царот) на елчијата – неќи да почека (кралот) дури да ја допраам џамијата, да после да прајме кавга (4, 99).

ЕМ *сврзн.* (тур.) **а**. *и, а, покрај тоа;* Пет грошеи сакам, пријателе, за ова јајце – му рекол на чоекот што го прашал – оти ет од црно коковче, ем е јариче, нà, види го што убао ет! (3, 273); Ем прао ти кажала старава планина за нас, оти од нас поголеми немат (3, 117); Море пријателе, не да ти се потпишам, туку да ти се натпишам ако сакаш, ем не еден муур да ми удриш, туку два удри ми, сеѓере да ме куртулисаш од макање букоска пипер (4, 236). **б**. **ем ... ем** – *и ... и;* Е, на едни лоши луѓе, си му надал пари со купои, а на едни ем арни луѓе, ем си ’и остаил сиромаси да трпат за една корка леб (4, 87). **в**. *со* **ем** *Цепенков го објаснува и словенскиот збор* **паче** *(= дури и);* Јас те барав да ми те канам да бидиш нунко на свадба, паче (ем) и јаболко носам за да те канам, туку ми се наби и се наскапа, та после го врлив (2, 24–25).

ЕМĂР *м.* (тур.) *заповед, наредба, налог;* Ете што гајле имам; ме викнаа некни на конак и ми рекоа да си земам уште една жена, да две да ми се стора(т), чунки таков емăр имало од царо (6, 11).

ЕМИН-САНДĂК *м.* (тур.) (кај Цепенков емниот сандăк) – *трезор, сеф;* Отишла анката кај комшиите и посакала: нанизи алтăни бисерни ѓердани со најубаи бесценети камења, прстење, за да ја промени ќерка је за на свадба дека ќе одела; и отиде прао кај емниот сандăк и му рекла на кадијата: – Јас се научив, кади баба, оти у вас имало итам-сандăк, та ’и донесов овие скапоцени работи да ’и остаам во сандăкот за дури да си дојдит мажот ми пашата од аџилăк (5, 294).

ЕМИШ -и *м.* (тур.) *плод од овошка; овошје;* Неисе, си набрал од емишите и си јал. Многу време што живеал со тој емиш на таа страна и откоа ватило да се довршуат емишо, тргнал како повнатре во адата да оди да барат јадење (3, 280); Врвејќи (царо) покрај една убаа планина, коа гледа – што да види? – Од што емиш има на белега века, имало во таа планина (2, 279); Ево, вистина ви запрел Господ да не јадите од емишов што е во рајо? (4, 9)

ЕМРЕНДИСА СЕ *гл. свр.* (тур.) *засака некого или не-*

што; му се ѕопаѕне нешто, се заљуби во некого или нешто; Вид. **имрендиса се**.

ЕМЏАМИТИ и **ЕНЏЕМИТИ** *чест. божем;* Емџамити, вие троица гаѓачи – му рекол кадијата, петело го изгаѓавте и испат го сторивте, ја ајде гаѓајте сега што има у чекмеџето? (5, 155); У чекмеџето, кади евенди, емџамити, они треба да се вачавести – гаѓал првио (5, 155); Ако је он кус и рус, он ќе да је брез и во забите како пес, емџамити – им рекол првио (5, 154); Енџемити, оџа тизе прогоори по каурцки, тизе шинди ќе јадиш од свиња месо (6, 132).

'ЕН *м.* наместо д е н *со испуштено ѕ во составот* к а т а 'е н (*ката ѕен*); Вид. **ден**; Јас велам од кај што си огрева ката 'ен (сонцето), отаде ќе огреи и утре – му рекол чоекот (2, 235); Еве ката 'ен, мори жено, ќе ти носам по една кијаница, де да видам што ќе ја квачиш – је рекол мажот (6, 35).

ЕНДЕЗЕ *ср.* (тур.) *виѕ мера за ѕолжина помала оѕ аршин (60-65 см);* И после кантар да не ваќам и со терзија и со ендезе ич да не мерам (2, 13); Дошло денот за да кроит нешто од скап кумаш и ватил да си остава некое ендезе за себе (6, 50).

ЕНДЕК -ци *м.* (тур.) *ископан ров;* Се зацкрил (сиромаиот) зад еден ендек да види што ќе праит чоеко во нивата (3, 271); Ја чекај да слезам од коњов да го засолнам во ендекон и да му се кошнам по ендек, та да го ватам и да му удрам еден тестир (3, 251); Ете, пријателе, џумбушо мој што је, разбра сега оти од висока планина да гледаш некое поле, ти се гледат рамно како тепсија, ако дојдиш близу до него, ќе му видиш страшни долишта, ендеци, бари и азмаци (5, 266).

ЕНДИ *моѕ.* (тур.) *божем, како ѕа.*

ЕНДИСА *гл. свр.* (тур.) **I**. *побеѕи (во игра);* Кога му се курдисал (момчето) ти, играл, ти играл, вистина сите пари 'и запустил, арно ама па се научил да биди страшен комарџија, што да не можи некој да го ендисат (5, 213); Море ѓаоли, бре,

арно вие ме сакате, туку ја елате некој од вас да играме со едни книги, да ако ме ендисате, земете ме; ама ако ве ендисам, еден од вас да ве земам (4, 65).

II. ендиса се *во мн.* (д а) с е е н д и с а а т – *ѕа побеѕаш (во игра) еѕен ѕругего;* Една вечер беа се заватиле (владиката и ѓаконот) да играат (дама), са ноќ што играле и пак не можеле да се ендисаат, бидејќи обата биле мајстори, ни тој паѓал, ни тој. Играчката му излегуала на каим (од двете страни точно камење (6, 167).

ЕНЕ *чест. за покажување ѕека некој се наоѓа или нешто се наоѓа или се случува поѕалеку оѕ зборувачот;* Ха – рекол едниот ѓаол – ене едно момче кај врви по патот, ај да го викниме да ни ’и дели стапојве (3, 160); Ене во она село што се гледа до планината, тамо седам – му рекол попо (на Патенталија) (3, 90); Ха, ене еким, чекај да го викниме – му рекла Дуња Ѓузели (на орело) и го викнала (3, 92).

ЕНЕНИЈА *ж.* (тур.) *чевел*; Самите тие беа во алиштата раскапани, купени од тељалите, со полоина ененија одеа, без да клаат чорап на нога зиме, лете (5, 324).

ЕНЏЕМИТИ *чест.* Вид. **емџамити**.

ЕПАРХИЈА *ж.* (грч.) *област поѕ црковна власт на епископ (владика);* Му текнало на владиката од таа епархија да прошета по селата да види што има и што нема (6, 160).

ЕПИТРОП *м.* (грч.) *црковен настојник (се грижи за паричните средства на црквата);* Му фатил (ѓаоло) јака на попо што пееше во таа црква и го внесе во еден голем грев, та го разбраа сите граѓани, епитропи, општина и владиката (4, 281).

~ Со п р и д а в к а т а: **црковен**: Фатил ѓаолот, да ’и дупи црковните епитропи, владиката, општината, за клисарот да го поѓачат (4, 281).

ЕР *чест. во составите:* **е р к а ј** – *кај и ѕа било;* Кога ќе дојдиш в година – му рече ѓаолот (на чоекот) – овдеа ќе седниш на црниов камен и ќе речиш: ов, што се измачив со

ова одење, и јас ќе те чујам, ер кај да сум и ќе ти го донесам сина ти (4, 247); Умот и кăсметот, ер кај да одеа, од него мислата не ја оставаа и сѐ му работеа за да напредуат (момчето) (2, 239); **е р ш т о** – *што и ѓа е;* ...да се клаат и жените на царцки маслаат, и тие да повелаат народо, да бидат садријазами, паши, кајмаками, кадии и ер-што има друго што имаат мажите прао (5, 5); Што ќе стори (бре старче) денеска и вечер, дојди за да ми кажиш, ама ер што да видиш, да траиш и за арно и за лошо (4, 133); Слушајќи царицата тие зборои од царот, недраго је паднало и му се запнала да му кажи, ер што сака нека биди, треба да је кажи (2, 281).

ЕРБАП *прид. неизм.* (тур.) *вешт; способен;* Ашколсун, зету – му рекол богатио – оти ербап си бил, да се сториш ага со лага (5, 122); Викала бабата еден ербап терзија и во два дни му ’и сошил алиштата (3, 53); Пишман не сум оти сторив еден таков ербап зет што да седи до царо (5, 218).

~ Со и м е н к и т е: **зет** и **терзија**: Вид. кај горните примери.

ЕРБАПЛАК и **ЕРБАПЛĂК** *м.* (тур.) *способност; вештина;* Ашколсун беше му рекол (царо) на момчето и на негоио ербаплак (5, 240); Коа тргнал да работи во маазата со трговијата, кој виде – сѐ му завиде на ербаплăко негов (3, 166); Виде царот ербаплăкот од гускарот (5, 131); Туф, мори ќерко – је рекол татко е – браос на негоиот ербаплăк, неќум лакрдии, греота е таков јунак да го загубиме (2, 195).

ЕРГЕЛЕ -ања *ср.* (тур.) овде: *множество коњи, кобили;* Одејќи низ една планина, еве ти еден старец кај паси едно ергеле коњи и кобили (2, 252); Еден богат чоек имал многу чивлизи и по сите чивлизи имал жива стока; овци, кози, крави, волои, коњи, ергелиња едночудо и друга стока (3, 206).

ЕРГЕН -и *м. млад човек, уште неженет;* Ај, бре синче, ...другарите твој се оженија и деца изродија, а ти уште ерген кај си ми (3, 40); Ај шоана, што чоек ќе биде оној – си велел сам со себе (помалио брат) што шета низ нивана ...дали ќе биде некој ерген, да ја зема чупата од вдоицата што ја

стретов сега? (3, 251); По сите ергени се расчуло тоа што заповедал царот (5, 116).

~ Со п р и д а в к и т е: **втасан**: Заповедал царо во негоата царштина до што ерген има втасан за женење, секој да дојде на фиљан ден и фиљан место (2, 275); **богат**: Еден богат ерген бил многу скржав и од големата скржавштина негоа, не можеше да се ожени (5, 298); **стар**: Еден стар ерген сторил ниет за да се женит, арно ама чунки бил сиромав јунак, не можеше лесно да најдит девојка (6, 16).

ЕРЕМИЈА *м. машко лично име (од еврејско потекло);* овде: **свети Еремија**; Свети Еремија – да ’и сотира змиите и смокојте (4, 40).

ЕРМЕНЕЦ -нци *м. припадник на ерменскиот народ;* Свети Петре! Ќе те прашам нешто, ако не ми кажиш: има Евреи на рајов? Оти јас не можам да ѫи видам. – Нема Евреи, чоече – му рече свети Петар. – Ами има Ерменци? – Нема Ерменци (4, 47).

ЕРУСАЛИМ *м. град во сегашен Израел; свето место на повеќе религии;* Отишла царицата во Ерусалим и ’и стегнала Евреите да кажат каде е (крсто Ристов); чекајќи богатио во Ерусалим да му ја донесат солта баеги време и видел оти не му ја носат, чунки близу шес месеци поминале (3, 234); Од тој себеп поверуале сите Евреи во Ерусалим што биле, а најпоеќе хахамбашијата (4, 35).

ЕСАП *м.* (тур. hesap) **а**. *сметка;* Од кај ќе се обогатиш (ти мори сирота) и напредниш, коа си си асли без есап, туку ај Господ нека те прости, каков ти е умот, такваа ќе ти биди и глаата (5, 46); Арен ти е есапот, мажу – му рекла Еѓупката – туку откоа ќе си дојдиш ти од шетање со коњо, после па јас ќе го јавнам (6, 114). **б**. *без посебно значење (со бројот* **еден**); Преесапил еден есап за да биди јунак ѓоамити и отишол на еден мајстор (2, 109); Бабата преесапила еден есап за да ја предаит (девојката) на попо со лага (3, 130). **в**. *со глаголите:* **дади**: Откоа ја клал в рака стоката, му удри една мисла лоша за да му ја јади сермијата на децата, чунки тој не бил као

брата си богат и стоката од децата не му се дала со есап (5, 50); **земи**: Си зело есапо (момчето) и си излегло (од мајстора си), та си отишло дома (3, 40); Си зел есапо (Шопо) од бего и си тргнал да си иди за дома (6, 142); **плати**: Тоа само не бидуа, иља кажи есапо да си платам и друго ништо (3, 293); **посака**: Му посакал есапот од ругата, што бил главен, од мајстора му и мајстор му на часот му го дал есапо – токму што му чинело (3, 32); **предаи**: Предал есапите на мајсторите и се опростил со нив и си дошол дома (3, 170); Ај да те пратам (девојко) кај мајка на село... дури... да му предаам есапите од трговијата што ја имаме (3, 169); **скрои**: Чунки така беше скроен есапот, го скри (жената) и ѓаконот во свињарницата (6, 164).

~ Во и з р а з и т е: **есап направив** – *преесапив, пресметав;* Мојата мислам да јет поголема, честити царе, чунки есап направив колку мажи има на веков и колку жени (2, 82); **есап не му ваќало** – *не му текнувало;* Никако есап не му ваќало као да ’а прегази (реката), чунки носела дрвја и камење (2, 59); **не му вати есапот** – *не му одговарало;* За да влези в град пеш со неа, некако не му вати есапо (на царевио син), ами ја качи неа (девојката) горе на дрвото да поседи, дури да пројди тој дома (2, 174); **ни вати на есап** – *ни пресмета;* Плати му сега (паша) на терзибашијата од азното наше, да ќе ни ватиш на есап коа ќе праќаш пари во Стамбол (5, 128); **праит есап** – *есапи, пресметува;* Дошол еден ден чорбаџијата што го купи детето и го врли во мечкината дупка, да купуа некоја стока од тој тргоец, та седнал да праит есап за стоката што ја купил (3, 193); **си видоа есапо** – *се пресметаа;* На годината си видоа есапо и почнаа да си делат сѐ што имале во меаната (6, 55); **стори есап** – *пресмета;* На годината викнале луѓе да сторат есап и да видат колку ќар ќе имаат (6, 56); На тоа згора го викнал царот момчето на годината за да сторат есап и да му плати (2, 239); (**човек**) **асли без есап** – *(човек) што толку не вади сметка (при трошењето);* Откоа беше ја ислушал дуовникот сиромашката жена, беше си рекол прво сам со себе ...од кај ќе се обогатиш и напредниш, коа си си асли без есап, туку ај Господ нека те прости, каков ти е умо... (5, 46)

~ Со п р и д а в к и т е: **арен**: А, што велиш, жено? Лели арен есап имам, вака како што есапам? (6, 114); **домашен**: Домашнио есап чаршија не излегуа! (пословица) (5, 142)

есапење *ср. гл. им.* од е с а п и; *сметање, правење сметки;* Целана ноќ не беше заспал од мислење и есапење (орачот) (3, 256).

ЕСАПИ *гл. несвр.* (тур.) **а**. *смета, прави сметки; мисли;* Туку вика (бабата) по децата и туку му се вали со ѓаолот и туку се токми да му се качи, а ако падни, ич не есапи (4, 278); Дотаму мажот што бил мрзлив, што дури леб кога јадел, сакал жената му да му го клава в уста. На таков чоек – есапи сеа за друго што можел да работи (3, 314). **б**. *во синонимен спрег со глаголите:* **дума**: Думаа, есапија (тројцата другари) како да напраат, без пари да напраат еден тежок ручек (6, 61); **мисли**: Мислеле, есапиле од што да ја напраат црквата, му текнало на некој поитар што бил да ја напраат црквата од сирење (6, 139); Се собрале попои, владици и секакви учени луѓе, мислиле, есапиле од каков чоек ќе биди таа глаа (4, 24); Царот сеедно мислел и есапил каков марифет да напраит (5, 31).

ЕСАПЧИЈА *м.* (тур.) **а**. *тој што умее да прави сметки.* Парите се сила и ум, парите го учат чоека да је тавминџија и есапчија (5, 172). **б**. *тој што живее водејќи премногу сметка за сè и сешто.*

ЕСЕН *ж. едно од четирите годишни времиња, меѓу лето̄то и зимата (од 24 септември до 22 декември);* Си грачел еден гарван на една суа врба во есен (2, 75); Целото лето и есента што шета Силјан со дуовнико, и на ден Митроен си дошле во Прилеп (2, 139); И од тој ден си зафатило времето да си има: зима, пролет, лето и есен (4, 117).

ЕСЕНЕН -ена *прид. што се однесува на* есен; Било време есено, коа врнеле дождои со студени ветрои и лапајци (4, 113).

~ Во и з р а з о т: **во есено време** – *во есен(та);* Си се-

дел еден чоек на еден камен едно утро по бели гаќи во есено време (2, 88).

~ Со и м е н к а т а: **време**: Вид. ги горните примери.

ЕСНАВ -и *м.* (тур.) Вид. **еснаф**.

ЕСНАФ и **ЕСНАВ** -и *м.* (тур.) **1**. *економска организација на занаетчии од една струка (чевлари, терзии и др.) во турско време (а и подоцна) кај нас;* Бре, аман, каква работа да немат ниеден аргатин оваа пролет као што имаше друзите годиње? ...Дали си врзаа некој еснав за да сакаат поеќе ѓунделӑк, дали царот му врзал таин да ’и рани, што не излегуаат на пјаца (4, 138); Утрото било празник, па требало владиката да служит црква, чунки имало неколку еснафи што си имале храм тој празник (6, 167).

2. *(само едн.) луѓе од ист занает или од иста општествена положба;* Ај стори ме чирак ако сакаш со мирисот, нà ти три бешлӑци и дај ми го мене да речам Бог да прости, чунки сме еснаф (3, 235); Утрото станал мажот је од жената уште од темни зори и пошол та поканил еснафо касапски, за да му продаит црни и големи свињи јабански (6, 164).

~ Со п р и д а в к а т а: **касапски**: Вид. кај горните примери.

ЕСНАФСКИ *прид.* **1**. *што се однесува на* е с н а ф 1; Се чуделе еснафските луѓе зошто толку пари секој да дава за едно ’рѓосано бочве (6, 59).

2. Вид. е с н а ф 2; *што им припаѓа на луѓе што се еснаф;* Тие зборои што му ’и велиш, пријателе – му рекол јабанџијата – не се домаќинцки и еснафски (6, 84).

~ Со и м е н к а т а: **луѓе**: Вид. ги горните примери.

ЕСНАФСКИ *прил. на начин како живеат еснаф луѓе;* Тие што имаат занаат ни умираат, ни пак оживуаат, ами си живеат еснафски (5, 37).

ЕТ *гл.* **е** – *3 л. едн. сегашно време од гл.* с у м; Момчето си рекло со умот да земи едно парченце од златото и да пројди кај некој кумеџија за да го прашат што ет тоа нешто и

колку пари чинит (2, 237); Мори, домаќинко, мори, оваа работа за чудење ќе бидит, од комшијава невестата што ја донесов, цела како тебе ет, тики за тоа дојдов да те видам (5, 190).

ЕТЕ *чест. за укажување* **а**. *на нешто што се наоѓа или се случува близу до оној кому му се зборува;* Море смоку, ами оти ме лажиш оти си бил во ѓумчето, ете кај стоиш со глаата надвор (2, 36); Море, ами ете ти ја теслата, бре душко, за појас – му рекол чоекот – што ’и земаш светот на душа? (3, 255); Ете ти магарења, ете ти сѐ, што знаиш, прај сега (6, 71). **б**. *на крајот од кажувањето – како заклучок;* Ете од тоа, пријателе, на старос орам и работам (5, 63); Ете, дури сега, бабо, се разбравме! – је рекол чоекот (6, 128); Многу арно – му рекло момчето на ангелот – ете било кăсмет со другар да одам до тамо (4, 124); Ете лиса што беше ти напраила на гропчето од бумбарчето (2, 17).

ЕТЕК *м.* (тур.) *предниот долен дел од долга облека* – **скут**; На тие зборои пашата пак беше му бакнал етекот на гускарот и, усулетлен, се тргнал назад до вратата (5, 126); Коа ’и чул тие зборои пашата од царцкио син, му бакнал етекот од парталаата долама на гускарот (5, 126).

ЕТО *чест.* Вид. **ете**; Вид. е т е а; Ето ти еден овчар кај оди да си залеи букаро вода откај црквиштето од чешмата (4, 62); На прва стреќа (на мечката), ето го волко (2, 38); Влегол ангелот и изваил еден камен. Господ го натерал да го окршит и откоа го окршил, ето ти еден црв во каменот, туку се преаќал (4, 55).

ЕТРА ПЛАНИНА *ж. име на планина;* Што има, што нема (бре Манго) во вашио виљает? Како помина низ Етра Планина? (6, 187)

ЕЌИКАТ *модал.* (тур.) *навистина, така е;* Еќикат, чорбаџи, си имал ферман од царот – му рекол на тепачот – ем тамам се четириесет бентои (5, 366).

ЕЌИМ *м.* Вид. **еким**.

ЕЌИМБАША *м.* (тур.) Вид. **екимбашија** и **еќимбашија**; Еќимбаша, еќимбаша, донекаде мислам да немате прао, што се потсмеате со мене и ме праите на болен (5, 338).

ЕЌИМБАШИЈА *м.* Вид. **екимбашија**.

ЕЌИМИЦА *ж.* Вид. **екимица**.

ЕЌИМЛАК *м.* (тур.) **а**. *лекување (како професија);* Од тој саат веќе сиромаиот работел со еќимлакот и многу пари добивал, а од друга страна работел и кăсметот дење и ноќе (2, 247). **б**. **еќимлак ќе праи** – *ќе лекува;* Ја видел чоеко ќерка му на царо и отиде дома да види од која билка да му даи, чунки за првпат чоеко еќимлăк ќе праи (5, 269).

ЕЌИМСКИ и **ЕЌИМЦКИ** *прид.* **еќимски** *што се однесува на* еќим; *лекарски;* Разбра момчето оти беше ја остаило еќимите (Дуња Ѓузели) и се променило со едни еќимски алишта, та је пошло да ја лекуат (3, 162); Е, еќимбаши, еве ти твоето знаење еќимско, што му велеше вчера на домаќинот (5, 42); Го однесоа (еќимо) во бања, го променија и му го преставија пред царо, со еќимцката книга под мишка (6, 189).

~ Со именките: **алишта**; **знаење**; **книга**; Вид. ги горните примери; руба (5, 202).

ЕЌИМЦКИ *прид.* Вид. **еќимски**.

ЕФЕНДАМ, **ЕФЕНДĂМ**, **ЕФЕНДУМ**, **ЕВЕНДĂМ** и **ЕВЕНДУМ** *м.* (тур.) *(само при обраќање во значење)* ‚**мој господине**‘ т.е. ‚**драги господине**‘; Ни другар му бев, евендăм, ни пак некој ми кажа, ами жената ми беше светица како овој светец и жената ми излезе најороспија (5, 165); Аман, бре ефендăм, – му рекол сиромаиот – не стори се каил да ми земиш еден бешлăк на правина (5, 145); Ефендам, ефендам – (арамијата) му рекол (на сејмените) – ако не беше тој јазик за да ме учит на арамилак, јас не ќе дојдев на бесење (4, 218); Ха, ете тој збор ми загина, ефендум, аламач-буламач! (6, 78); Бре, аман, евендум, како бидуало тоа да ти даам сто јајца? – му рекол сиромаио со молба голема (5, 148).

ЕФЕНДИЈА и **ЕВЕНДИЈА** -ии, -ij *м.* (тур.) *ѓоспоѕин, ѓоспоѕар;* Та се препраил од ефендија на кауѓер (5, 226); Се конуштисале со сите ефендии, оџи, муфтии, софти и други со самио шеисљам (4, 39); Поби владика некое време и ватил да оит при учени Турци и ефендиј да праит муабет за верата турска, ’и распрашуал (5, 226); Не знам турцки, евендиј (6, 86); е ф е н д и, е в е н д и – *турска форма: се користи секогаш при обраќање и оѕи обично по титулата, професијата (на пр.,* п а ш а е ф е н д и); Никого не сум прашал и од никого не сум зел, евенди, чунки во едно село кај што нема пци, и без стап се оди (5, 147); Џанам ефенди – му рекол (бањарот) – те молам, ако сакаш кажи ми што чоек си ти? (5, 124); Али до овде, џанам паша ефенди – му рекол сиромаио – јас ти бев верен твој? (4, 273); И триесе стапои да ми удриш, кади евенди, пак не је чаре да излажам, таков каурин сум јас (6, 81); Ете тоа сакаше да кажи старецо, садријазам ефенди (5, 113); Пеки, муфти ефенди, голема севда и ја имам за да се научам книга турска – му рекол нареченио владика (5, 227).

ЕФЕНДИСКИ *прилѕ. што се оѕнесува на* е ф е н д и ј а; овде: *ѓоспоѕски;* Распрашуал (владиката) по учените Турци за турската вера и најпосле се облекол во едни ефендиски алишта (5, 226).

ЕФЕНДУМ *м.* (тур.) Вид. **ефендам**.

ЕФТИНЏИЈА *м.* (грч.-тур.) *тој што (по нечие мислење) проѕава евтино;* И што чоек бил анџијата, спроти парите што ми зеде за ќофтињата, сосем да бадијала, девет ќофтиња за една пара дојдоа; ашколсун, ефтинџија бил, неќум лакрдија! – си велел сам со себе чоекот (6, 95).

ЕФЌАР *м.* (тур.) *намера;* Е, па и ти, малце ти се сто лири и еден коњ, па ја сакаш од царо ќерка му, тебе в село не те прибираат, ти ја бараш од попо куќата! – Ако да биди, да биди, ако не, ич нека не биди, ефќаро мој ваков јет – одгоорил вторио (3, 287); Триста години да седам на туѓина, па нема да спечалам сто лири. Разбравте? Ете, тој е ефќаро мој, пријатели (рекло првото момче) (3, 287).

~ Со п р и д а в к а т а: **арен**: Многу арен есап си сторил, пријателе – му рекол вторио – и арен ефќар имаш (3, 287).

ЕХ *изв. за искажување жал(ење), прекор, мака, зрадеаност, загриженост, рамнодушност;* Ех, нека си оди со здравје – си велел со умо вурнаџијата – бериќатверсǎн и толку, еве си платив сио борч (3, 154); Ех, да даеше Госпо, домаќине, да станеше – му рекла жената му – и да го земеме за домазет (чоеко) (5, 121); Ех, што арен татко ти имаше, неколку пати вака беше ме ватил мене в стапица и сестра ми (2, 33).

ЕХЛА *ж. бот. растението* е в л а, Alnus glutinosa; На ехлата што била до чешмата се збирале сите ѓаоли секоја ноќ (4, 256); Му дошло на ум (на сиромајо кауѓер) да појди кај ехлата што била до чешмата манастирска (4, 260).

~ Со п р и д а в к и т е: **висока**: Си пособрал и штркот троа суи прачки, та си напраил седело на некоја висока ехла (2, 98); **стара**: До чешмата имало една стара ехла, од незапамтено време (4, 255); **суа**: Али чу, бре брате, како пејт црното пиле што стоит на суана ехла? (2, 192)

ЕШЕК *м.* (тур.) *магаре;* Ашколсун, бре чорбаџи, на тоа што си го сторил, чунки си нашол ќор мемлекет, а на ќор мемлекот топал ешек атǎр (5, 147).

~ З а б е л е ш к а: Овде е употребен зборот во турска пословица со значење: к у ц о м а г а р е к о њ б и в а в о с л е п а д р ж а в а (преводот е од Цепенков).

ЕШКО *м. хип.* од е ж; *општо име на ежот во ѓаловна форма;* Море што се карате, бре ешко, и ти, кртуле? Што имате да делите, да што толку се карате? – му рекла кума лиса (2, 10); Е, ти, ешко мешко, и ти, кртуле мртуле, вие имате девет кила и кутле и сламата за делење (2, 11).

Ж

ЖАБА -и *ж. зоол. водоземно животно* Rana; Тамо... имало жаби и други водни животинки, тамам за штркојте гозба (2, 148); На часот курдисал жабарот свадба... поканиле: змии, смокои, гуштери, гуштерици, жаби и жабари (4, 112) Кога беа расле, расле жабите, беа се сторилр колку едни гуски големи... (4, 110)

~ Со п р и д а в к и т е: **врзана**: Се снижил (штркот) над водата, та го чапнал со клунот глушецот и си отишол на седелото со врзаната жаба за нога (2, 77); **тепана**: Од викањето на тепаните жаби, сите жаби се збирале и викале до небеси со гласој за триста страои (4, 110).

~ Со б р о е в и т е **една**: Еден глушец се молил на една жаба за да го пренесит преку река (2, 76); **илјада**: ...жабаро собрал сватои, со илјади жаби, и се качил тој на кола (4, 116).

Со п р и л о г о т: **многу**: многу жаби беше се намножиле (4, 110).

Во д р у г и п р и м е р и: (4, 112; 6, 191).

ЖАБАР -и *м. зоол. машка жаба, жабор, жаборок;* Сета земја беше се исполнила со жаби и жабари, место празно не останало... царот од жабите (жабарот) беше порастил голем колку една куќа. Едни очи што имал колку една црепна големи, за триста страои беше бил секој што ќе го видеше жабарот, сѐ ќе речеше: Леле, брате, што беше она страои?! (4, 110); Жабите си имале еден жабар што одел испраен као чоек на две нозе (4, 116).

Во д р у г и п р и м е р и: (4, 110; 4, 111; 4112).

ЖАБАРСКИ *прид. што се однесува на* жабарот; Сите се собрале кај жабарот сватојте. Рупнаа тапаните во жабар-

ските дворои, се разиграа сватоите туку-така ’рскот и пукот одело во куќата од жабарот. (4, 112).

ЖАБУРКА -и *ж. меур полн возоух што се крева од вода при дожд и сл.; склобурец;* Чекајќи ред (чоеко кај берберо), гледал надвор кај што капеле капајците, чунки врнело дож и се кревале жабурките (5, 361); Беше заврнало дож и од силните капки што паѓале во изворо што бил тамо, се кревале жабурки (5, 361); Се изнасмеал јако (чоеко), гледајќи во еден чоек што се бричел и рекол: – Ха, ха, жабурките ќе ми го стора(т) испат, жабурките, ама коа ќе ми го сторат? (5, 362)

ЖАБУРКА *гл. несвр. буричка со клун во тиња, кал;* Што је даваш (бре стопане) саде незе (на гуската) овес да јади, а мене ме тераш да одам по браздите, да жабуркам во калта и тињата, да барам црвје и да се ранам? (рекла пајката) (2, 53)

ЖАЛ -ои *м.* и *ж. душевна болка; таѓа;* Таа плачи и крши си прстите од жал за татка је (6, 227); На жалта згора (Силјан) си летнал од куќа и си ошол в поле да си ’и видит нивјето (2, 149); Умре сирота вдојца... спискаа деца околу неа, којшто виде срцето од жал му премре (4, 54).

~ Со г л а г о л и т е *(што образуваат често и изрази):* **гледа**: **жалои не се гледаат** – *ќе почувствуваш силна душевна болка ако го видиш;* Што сторивте, Господи! Како бидуа така да земиме душата на зето... а невестата му седи во ќош со венец на глаа и плачи. Што сторивме, жалои не се гледаа(т)! (4, 127); **дојди**: **му дојде (дошла) жал** – *се сожали(л);* Уште малце што не се отепа (момчето), од жал што му дојде за кучето (5, 11); Само Силјан штркот стоел на таткоа си куќа омаудрен со глаата вземи, од голема жал што му дошла, дека гледал од сестра си свадбата (2, 154); **иди**: **жал му иди**; **жал је идело** – *се нажалува(л), се ујадува(л);* Од тие зборои што ’и слушал Силјан штрко, голема жал му идела (2, 154); Коа слушала вдојцата офкањето од старио, срцето је се кинело од жал што је идело дека офкал старио (4, 151); **падни**: **му паднало жал** – *се сожалил(е);* Татко му (на Силјан) бе-

ше излегол во дворо, сопрво него го видел и од жал што му паднало, се расплакал (2, 149); Зел (Зерзевул) стрелата да врли на Бога. Едно ја врлил и се вратила, та го удрила по глаа и му ја откинала. Спискал, сврескал. На сите (ѓаоли) му паднало жал, и ватиле, та сите си скршиле по една нога (4, 220); **сум**: **жал ми е**; **жал ви е**; **жал ти е**; **му било жал** – *жалам; жалиш; жалите; жалел;* Ех, кој не слуша татко и мајка – си рекол сам со себе (Силјан) – клетвата го ваќа, лели ме донесе Господ на мојо виљает не ми е толку жал (2, 149); У, бре брате чоече, ами зер не ти е жал за мене оти ми се ватија обете нозе? (2, 32); Е, што се лутите, бре ѓаоли? – му рекол комарџијата. – Со суд рака сечат, и не боли! Лели ви је жал за вашите браќа да не одат во рај, елате да напраиме трампатрумпа (4, 68); Клетата невеста уште неумрено момчето је, си нашла друг маж и за него ич не му било жал оти се мачит (2, 223); **жал је** – *жално е;* Името ми е, Силјане – му рекол домаќинот – Аџи Кљак-кљак, внучко. – Колку је жал за кај што се родил чоек. – Колку за гемија Силјане, околу нашава земја не је чаре да можи да дојди (2, 147); **жал му е и грев** – *жали, сожалува;* Ов, море синко (пак неќи веднаш да му кажит, ѓоа му ет жал и грев), ов море душко, што ми е страв да се сторам себеп јас за да сториш некое чудно чудо (4, 245).

~ Со п р и д а в к и т е: **вечен**: Царо и царицата останаа во плач и во вечен жал со сио народ, чунки по смртта на царо не ќе имаше кого да клаат за цар (2, 222); **голема**: Од голема жал се поболија и еден по еден (деветте браќа) сите умреа (2, 190); Коа ’и виде (брато) волоите заклани, голема жал му паднало (2, 162); **преголема**: Радоста од Силјана се свртела на преголема жал (2, 148); **пуста**: Како не се најде една душа да ми истера злото од куќа! Така сирота лиса велеше и прсти си кршеше од пусти жалои (2, 16).

ЖАЛА *гл. несвр.* Вид. **жали**. **1**. **а**. Вид. ж а л и 1. а.; И ај (чедо) да си излезиме на крај градов да глеаме и да жалиме ќерка му од царот кога ќе ја јадит ламјата (2, 115); Не ќе жалав толку, Боженце – си велела со жалосен глас – за Силјана мој, ако беше умрел овде, барем гробнината ќе му ја знаев и

свеќа ќе му палев (2, 153). **б**. Вид. ж а л и 1. б.; Колку за тоа, братко, така си е како што кажа – му рекло друго едно магаре – ич не жалаат стопаните коа да нѐ тоарат (2, 70). **в**. Вид. ж а л и 1. в; Едно го виделе врапчињата (човекот), и излетале од седелото, та застанале на врвот од дрвото и почнале да си жалаат и меѓу себе да си велаат... (2, 77); Вие, браќа, не жалајте оти сте сиромаси со стока, ами печалите да се обогатите со вера во Бога (4, 114); Море, не жалај толку, бре домаќине, за тоа оти син ни Пејо ни дојде – му рекла – ја ела да се видите (6, 123). **г**. *во синонимен спрег со гл.* **скорби**; Откако многу скорби и жала, и виде оти никој род и пријател не се најде да го праша и да му поможи, крена очите на небеси и издивна од срце (4, 128).

2. Вид. ж а л и 2; Слегла лиса (од круша) и кога ти го нашла (бумбарчето) кај бери душа, го жалала, го пустела сирота... арно ама беше си умрело (2, 16–17).

ЖАЛБА *ж.* **1**. *жалење за некого; изразување незадоволство поради нешто непријатно;* Кога му слушал Зерзевул жалбите на ѓаолите, голема мака му падна и веднаш ’и собра пред него сите (4, 220).

2. *писмена претставка со молба за се поништи донесената пресуда (решение);* Откоа видела царицата од тие двајца жалбата, посакала таа да му даи пресудба (5, 107).

ЖАЛЕН -лна *прид. што предизвикува или изразува жал; тажен, јаден, клет, кутар, пуст;* Кога чул бавчанџијата тие жални зборои од момчето, му се нажалило и го прибрал да му чини измет во бавчата (3, 27); Слушајќи граѓаните тие жални зборои од чоеко, секој го подаруал со по некој грош (6, 185); На тие жални зборои од верната и милостива сестра, не можеа сироти деца да прогоорат од големо плачење (3, 276) .

ЖАЛЕНО *прил.* место: **нажалено**, **жално**; (Стриколенце) можи да ти дајт (мајка) пари да му однесиш (на татка) во џевнемот, да си плати и да куртулисат од чингелите што јет обесен – му рекла девојката жалено на сиромаио (6, 227).

жалење *ср. гл. им.* од ж а л и; Ами што ја најде мајка ми и анчето што умреа, бре Манго? – Ами што ќе ји најди, бег, од многу плачење и жалење за децата кога умреа (6, 118); Пусти очи (ќерко) не ми гледаат, од пусто плачење и жалење по моите девојчиња што ми умреле и сум останала сама кукајца! (2, 182)

ЖАЛИ(Т) *гл. несвр.* **жали** – **I**. **1**. *изразува жал за загубеното; тагува.* **а**. *за живо суштество;* Сите што го гледаа, го жалеа оти таквоо момче да загини (5, 57); Не викајте, гуски, не жалете, гуски, за аџи гусака дека ќе ојт на аџилак (2, 7); Честити царе (му рекло момчето), сакам да си оам, чунки овде непара ме бендисуат авата. И за татка ми е жал, да не жалит нешто за мене (5, 140). **б**. *за предмет;* Ах, еве кај било за живеење – си рекло (глувчето) – јас берев гајле и жалев за ореите од кошница, а не знаев оти ќе најдам овде што ми душа сака (2, 67); Азното мое ми го пропустиле, тоа јас си жалам, за овој пезевенк треба џељат и друго ништо (5, 129). **в**. *воопшто;* Плакала, жалила малата ламја, од инат што било ватила да кажуат сама со себе (2, 135)

2. *пројавува жал кон некого; го сожалува;* Оф, бре момче, што те жалам дека ќе загиниш младо и зелено и треба да знаиш оти во волов рог да влезиш и да се скриеш, пак јас ќе те најдам (2, 195); Гледајќи сеир лисицата, и се смеала и го жалела (чакалот), та се прибрала до него (2, 43); При сè што беше К'сметлијата царев зет, пак го наумуаше другара Нек'сметлијата и го жалеше оти да се насрди и да се одделат. (3, 303).

3. **(не) жали пари** – *(не) штеди, троши многу за да постигне тоа што наумил;* Можам (честити царе) да напраам триста илјади пати поубаи од твојве сараи... само и само ако не жалиш пари и ако ми даиш азното во мојве раце (4, 159); Колку пари што посакало момчето, толку му дала, чунки у неа пари Туна и Сава... ич ќе жали за такво грозје (3, 161).

II. **се жали** – *поднесува жалба;* Отишол (сиромаио) да се жали и да си кажи алот кај садријазамо (5, 150); Владиката ...отишол пред царот за да се жали на сиромајо (4, 254).

Со п р и л о г о т: **многу**: Арно ама што рекол некој: „Не треба чоек да се радуат многу, ни да жалит многу, оти зијан ќе го најдит“ (2, 148).

ЖАЛНО *прил. на начин што предизвикува тага; жал;* **тажно**; Идејќи си од градо некој чесен и набожен чоек на пазар ...поминал покрај сакатио питач, и питачо почнал да му се моли мошне жално и да му реди зборои (5, 92).

ЖАЛОИТ *прид.* **жаловит** – *што чувствува многу жал; чувствителен;* Туку намаал (чоекот) да го биет, иља жената му беше била жалоита, тики таа не го остаала да го удира со пиралката (сиромаио кăсмет) (2, 245).

ЖАЛОИТО *прил.* **жаловито** – *жално, жалосно;* Клукна еднаш (братот на портата), дваж и сестра му чу. – Кој е тој што клукна – рече таа жалоито – сега ноќна доба? (2, 191); Ов леле, јас сиромав – свикал чоек жалоито – што ал ме најде овде во пустелијава, ќе си загинам и Бога не најдов! (4, 78); **на жалоито** – *жално;* Милуам, ќерко, туку поарно сега дај ми отруачка одошто каве! – ѝ рекол на жалоито (татко ѝ) (5, 210).

ЖАЛОСЕН -сна *прид. жален, тажен;* **1**. *што изразува жалост;* Оти сите куќни ѕидој (брате) поцрниле? Ами што се оние жалосни мајкини гласој онолку жални? (2, 192); Не ќе жалав толку, Боженце – си велела со жалосен глас – за Силјана мој, ако беше умрел овде, барем гробнината ќе му ја знаев и свеќа ќе му палев (2, 153); Кога му чул свети Спиридон од сиромаиот жалосните зборои, многу му се нажалило, та изваил од десната нога чеолот и му го дал (4, 105).

2. *(за алиште) што се носи во време на жалост;* Виденевиде Невенка, се пригоди и си зеде алишта жалосни и радосни и си тргна со брата ја (2, 191).

~ Со и м е н к и т е: **алиште**; **глас**; **збор**; Вид. ги горните примери; **молба** (3, 134).

ЖАЛОСЛИВ *прид.* Вид. **жалоит**; (Чоекот) бил многу жалослив и не можел да слуша плач од сина си (6, 62); Жа-

лослив бидејќи Ристос, ’и зел по себе (децата) и ји внесол при даскало (4, 190); Жалосливо бидејќи момчето и атрџија, ја дало пајката за да ја јади лисицата (2, 201).

~ Со и м е н к и т е: **момче** и **Ристос**. Вид. ги горните примери.

ЖАЛОС(**Т**) *ж. жал;* (спрот.: **радос[т]**); Така и Силјан коњарецот големата радос му се сврте на голема жалос, чунки од големата радос слегуајќи наземи, не стори мукает да не го окрши шишето (2, 148).

~ Во и з р а з о т: **за жалос**(**т**) – *за жал;* (Цареа ќерка) го зела за рака (старио), та го однесла дома, за жалост на мајка је и татка је (3, 216); Откако напраија една смеа, се наврлаа три-четири деца во виро и, за жалос, двете се набодија на острите закачени трски право на срцата си (4, 101).

ЖАЛОСТЕН *прид.* Вид. **жалосен**; Ејди синко, не погоди змија водна, ами змија осојничава, затоа те дотера до ова дереџе – му рекол (таткото) со жалостен глас (2, 224).

ЖАПА- *ж. оказ. гласовен комплекс без значење;* Баба, баба, дека је жапа-жупата? (Ѓоа така го викала сатаро по турцки) (6, 133).

ЖАПКА *ж. направа со која се затвора вратата;* Жените го точат (ножот) од кај да му се вдаит: од стапчето, од грнето, од пирустијата, од кацијата, од машата, од плочата, од вратата, од жапката, од прагот и од наланот (4, 221).

ЖАР *м. разгорен јаглен;* Беше му паднал (на дервишот) жарот од љулето и беа му се запалиле шалварите (6, 127).

~ Во и з р а з о т: **и на жар да седниш** – *што да сториш, не можеш да ме увериш;* Да си пресечиш (домаќине) малку од наредата и тогај веќе ќе те веруам, а инаку и на жар да седниш, пак не ти веруам (5, 265).

ЖАРЧЕ *ср. помало парче жар;* Му дале (орлите) на ќелешо по едно перо за кога да има некоја нужда да го жегни перото на едно жарче... и ќе му дојд(ат) на помош (2, 116).

ЖӐТ *прид.* овде: *тиквешка форма на* **жолт**; Ако је оно вăчавесто ем жăто емџамити оно је красато и оно је лимон – рекол трећио (5, 156).

ЖДРЕБЕ *ср. малото од коњот и кобилата;* Тој со колата му го земал ждребето (на тој со кобилата) ѓоа колата му го родила (5, 107); Ами ич раѓа кола ждребе? – му рекла царицата (на тој со колата) и му го зела ждребето, та му го дала на тој со кобилата (5, 107).

ЖДРЕБНА *прид. ж. р. (за кобила, магарица) – трудна;* Ја симнал (чоеко) жената си од кобилата и ја вкачил на коњчето чунки му се нажалило за кобилата дека била ждребна (3, 67).

ЖДРЕПКА *ж. белег, знак (обично некој предмет) што се фрла за да се утврди кој ќе стори нешто;* Дале, зеле зборои и дошле во еден збор да си фрлат ждрепка за кој да го кандисат Адама да му греши на Бога, али Ева (4, 9).

ЖЕГНИ *гл. свр.* **жегне** – *пипне, гибне, допре;* Чул ќелешот и жегнал перото од белиот орел, та му дошол и му посакал еден јунак коњ бел и една руба бела (2, 116); Едно утро (момчето) многу рано беше го жегнал влакното од црвенио коњ и на часо довтасал при него (2, 288).

ЖЕДЕН -дна *прид.* **а**. *што чувствува потреба да пие;* Од приходо на негоио манастир, тој раздавал: на гладните леб; на жедните вода (4, 208); Никаков светилăк немам, дуовниче, јас од колку: гладен чоек најадуам, жеден го напоуам, јабанџија приберуам (4, 188). **б**. *обично во состав со прид.* **гладен** – *останат без секаква храна;* Гладни, жедни ’и држеа (старците), и пак не умираат. Де море ал де, смрт нема и друго ништо! (4, 199); Да ми даиш (дедо) едно парче леб ...оти цел ден кај патуам гладен и жеден (4, 83); Си бил еден сиромав чоек: гол, бос, гладен, жеден, веќе до немајкаде (4, 108); Да те затворам (жено) во одаја, та да те држам гладна и жедна три дни, ноќи, како што сум те држал и другаш (5, 93).

Во и з р а з и т е: **гладни, жедни, голи, боси** – *сите до е-*

ѳен, сите со ред без исклучок; Благосоени рисјани, при сите заповеди Божји што ви кажав да ’и држите и да ји исполнуате: гладни, жедни, голи, боси да пригледуате... (4, 183); **оти ти је гладна и жедна душата** – *оти ѳушевно си незаѳоволен*; Ти само да се радуаш (синко), оти ти је гладна и жедна душата заради правината и за тоа нешто ќе добиеш венец на тој век (5, 39).

ЖЕЖОК -шка *прид. многу топол, врел, горешт;* И за млекото, дедо, мене ќе ми благодариш, чунки јас му го дадов млекото на баџанаците, удирајќи му по еден муур жежок по бутоите (2, 278); Владиката коа дојде еднаш в село и ми даде црна ракија жешка, та ме попари (6, 217); Клал (арамијата) прао под дупката еден казан со катран, над огон да стои жежок (5, 347).

~ Со именките: **муур**; **ракија**; Вид. ги горните примери; **пот** (5, 273); **солза** (5, 332); **штипка** (5, 174).

ЖЕЛАНИЕ *ср.* (црксл., рус., буг.) *желба;* (Сиромаси) поарно сами одете при Бога и молете му се, чунки тој е милостив и ќе ви го исполни желанието (4, 136); Чоече Божи, Господ ти послуша молитвата и ќе ти исполни желанието (4, 49); Си била една жена што многу имала желание за да има едно машко дете (4, 89).

~ Со придавката: **големо**: Во некоја држаа си бил еден цар, бесчеладен. Големо желание имал за да има еден син, да го остаи по него на столо (2, 163).

ЖЕЛЕЗЕН -зна *прид. што е од железо;* Коа видов – ето ти една железна врата (3, 299); Брго, мајко, сега напрај ми – му рекла цареа ќерка на мајка си – едно рало опинци железни и едно стапче и тоа железно, да одам да го барам до крај земја моето момче (2, 170); Се сетил капидано од пампоро за една ада што имало тамо близу кај што бил жив Грко што го удрил Риста со железната рака коа го судиле (4, 215).

~ Со именките: **боцка** (3, 265); **нараквица** (3, 189); **опинок** (2, 170); **порта** (2, 273); **рака** (3, 189; 4, 215); **стапче** (2, 170); **торба** (3, 186); **сандак** (3, 182).

ЖЕЛЕЗО *ср.* **1**. **а**. *металот* Fe; Глаата од ламјата била као железо је се сторило и исповртела со опашката, та коа го удрила (момчето) преку двете нозе ...та писнало да плачи (2, 223). **б**. *парче од тој метал;* Еден Еѓуптин си праел клинци и Еѓупката му дуала со меот да му се вжештуа железото (6, 114).

2. *оков, пранга;* Му претриле (коачите на Пејо) железото и му ја отклучале (букагијата) (6, 205); Дошле од суд сејмените и го забрале (мераклијата чоек) со турканица ...му удриле сто стапои печени по нозе, та беа му клале пранга (железо) на нозе и го чукнале в апс (4, 229).

~ Со придавката а: **јудино**: Пусто злато – јудино железо, ја остаил милоста од детето и си 'и грабнал алтаните (чорбаџијата) (5, 237).

ЖЕЛКА[1] -и *ж. зоол. животното* Testude; За прв пат кога ја виделе Мариовците желката да оди покрај едно село, беа се зачудиле (6, 221); Киниса да оди (дедото) полека-лека, како некоја желка преку угар (4, 53); Ја чекај, бре дружина, да појдам кај желкана да ја дупнам во плеќите со рачкава од косава, чунки ми било наречено од желка да умрам – му рекол (чоеко) на дружината (3, 183).

~ Во изразот: **киниса да оди како некоја желка преку угар** – *тргна да оди мошне бавно*; Киниса да оди лека-полека, како некоја желка преку угар. (4, 53)

ЖЕЛКА[2] -и *ж.* **а**. *(обично во мн.)* **желки** – *скрофули (туберкулоза на лимфните жлезди, најчесто на вратот);* Чекај, чекај – си рекол со себе си ѓаолот – ќе видиш (инаетчија жено) кому ќе никнат желки околу вратот: али мене, али тебе! (4, 276) **б**. во клетвата: **желки да те опојат** – *во одговор при споменување на зборот жена;* Ха – си рекол ѓаолот сам со себе – еве ми жена, асли сум сам. – Еве ти жена – му рекла – желки да те опојат кога ти ќе ме имаш мене жена! (4, 276)

ЖЕНА -и *ж.* **1**. *возрасно лице од женски пол;* Го зел (царот) арзоалот и едно го пеал, се насмеал на глупавштина-

та од жените ...еден (мезлич) му рекол (на царот) да му се даи праото на жените, чунки самата царица тоа нешто го сакала (5, 5); Аџилакот не ет само за мажи, ами и за жени ет, зер малце аџијци имат на веков? (2, 19)

2. **а**. *мажена, женска особа;* Једна жена си имаше девет синои и една ќерка (2, 190); Бог да ми ја прости, првната жена коа ќе напраеше манџа, мискоина мирисаше (5, 340). **б**. *сопруга (наспрема мажот);* Тие си биле маж и жена и си коселе една ливада (2, 142); Види, лебати, жено, одбери една поујгун (лубеница) да бидит (6, 29); Ако, жено, 'и заклала сестра ми волоите, друзи волоји ќе купам, уште поубаи и поарни (2, 162).

3. *(прен. презр.) плашлив човек;* Ашколсун, бре був, тас твојо ум што ми го даде за јас да се свестам, за да не бидам жена, ами маж да бидам, и за доброто што му го стори на сите животинки, треба нешто да те подарам (2, 83).

~ Во и з р а з и т е: **ја (ме) земе за жена** – *ја (ме) ожени;* Жената му на тргоецот била бесчесна и го сторила каил детето за да ја земит за жена (5, 229); Дошол некој кесеџија при неа (цареа ќерка) и сакал да 'а зема за жена. – Можи да ме земиш за жена, момче – му рекла – арно ама дај ми ја твојата руба да 'а облечам (3, 61); **си ја стори за жена** – *се ожени со неа;* Си ја сторило (момчето) измеќарката за жена и таа што го вардила толкуа ноќи ја сторило за измеќарка (3, 307); **ќе те имам за жена** – *ќе се оженам со тебе;* И јас тебе те сакам; ела ми по мене дома, ќе те имам за жена (5, 249).

~ Со и м е н к и т е: **вдоица**: Една вдоица жена си имала еден син многу мрзлив (2, 264); **инаетчија**: Кога 'и чу тие зборој ѓаоло од инаетчијата жена, се зачуди малку на тие зборој што 'и рече жената без страв (4, 276); Уште недоречени тие зборој од инаетчијата жена, отрчала кај бунаро (4, 276).

~ Со п р и д а в к и т е: **бесчесна**: Си била една жена бесчесна и многу итра (6, 44); Кај која жена бесчесна ќе појдел (момчето развратено), сѐ ќе ја прашал да му кажит со какви итроштиње и лаги го лажит мажот (6, 20); **богата**: Се

зазборуале тројца лажои да ја слечат една богата жена што држела некој ан (5, 96); Врвејќи крај една порта, го видела една богата жена (чоекот) оти бил испотен и уморен, а жената била недотамна го запрела чоеко пред неа (6, 34); **богомолна**: Богомолната жена прва ороспија (приказна бр. 310, 5, 162); **богубојазлива**: Си имало една жена сиромашка и многу богубојазлива (4, 262); **будалеста**: Од едно застрамуање – и научување итра-будалестата жена (6, 37); **грацка**: Ете, така сме и ние грацкине жени, а најпоеќе богатите, на тавла, како што лежи ато твој на тавла и не је вреден колку за едно магаре (5, 76); Та казал (царот) на грацките жени и моми секоја да одит кај аузот и да си леит шербет (2, 170); **завислив**: Се прочуло тоа нешто по целио свет и ден-денеска кај се прикажуа и на зависливи жени и мажи ум му дава (2, 163); **здраа**: Стои ангело и се дума како да праи. Си вели со умо: да не му земи душата на пргаата и здраата жена, али на старио што дошол гробу на врата (4, 54); **итра**: Го измамила итрата жена мажа си и си праела пак што си знаела (6, 49); Близу до куќата од бабата, наредил царот една итра жена да праит гозба и да ’и канит сите девојчиња што биле тамо (2, 176); **клета**: Коа ’и чул богатио од љубовнико (тие зборои), не сакал да се фаќат со облог, арно туку клетата жена ич го остаат да не се ваќат (2, 229); **лоша**: Со таа змија куртулисал мажот од лошата жена и се обогатил едночудо (2, 215); Поарно со мечките чоек да живејт в планина, од што со лоша жена дома (4, 274); **мрзлива**: Вистина бил ќотеко од рај – рекол мажот – и помагал за мрзливите жени да се сторат работни (6, 16); Ја чекај да види таа што ќе му напраам на шутава и мрзливава жена моја (6, 36); **набожна**: Си бил еден маж и една жена многу набожни и праведни (4, 197); **неблагодарна**: Еден сиромав чоек си имал една жена неблагодарна на сиромаштијата што ја имала (4, 81); **неверна**: Неверната жена кандисала да ’и умри децата, само да је иди Евреино (3, 264); **нечесна**: Си бил еден дрвар, многу кроток и смирен, а пак имаше една многу нечесна жена (3, 147); **пердесӑз**: Се пуштила (жената) да маат на децата и да ’и колни со секакви клетви, и да

’и заплашуа со убивање, со отруање ...од една таквaа пердесз жена (3, 151); **пргаа**: Вид. здраа; **проклета**: Проклета жена ...се ујдиса со него и сака да бега по него, дека сум сакат, ме неќи мене (5, 94); Ај гиди, проклета жена... како сака да ми расипи работа... (3, 153); А заошто сум будала да се вратам јас во бунаро да ја остаам проклетата жена да живеит и да мачит друг маж како што ме мачи мене (2, 212); **пуста**: До колку кијаници беше ја донесол мажот је на пуста жена, сите беше ’и врлила зад бочва (6, 35); Видела-невидела пуста жена, со триста сили растоари азното и, влечејќи вреќите, му ’и донесла пред мажа је (3, 320); **разумна**: Ја зела (лубеницата) разумната жена и пак ја однесла в килер, ја побришала малку и му скинала шишката за да не се познаит лубеницата оти ет таа и му ја донесла треќи пат на мажа је (6, 29); Еден сиромав чоек си имал една разумна жена што му ја крепеше честа (6, 29); **селцка**: Се увери (кадијата) оти од граѓанецо била жената, а не од селанецо, чунки ако беше селцка жена, не е чаре да знаела сите работи (5, 96); Селцките жени сет работни и затоа раѓаат со лесно (5, 76); **сиромашка**: Откоа беше ја ислушал дуовнико сиромашката жена, беше си рекол прво сам со себе: Затоа си останала сиромашка, ти мори сирота, оти и делниците си ’и праела празници... (4, 262); Христос го пратил ангело некоаш за да му земи душата на една жена сиромашка (4, 53); **сирота**: Без да се сети сирота жена оти била тогај брго трудна, му го таксала на сатаната тоа што го носила во утробата (4, 285); Виде-невиде сирота жена, му го послала новото веленце да седни (3, 317); **стара**: Врвејќи на едно место, нашле една стара жена кај ора со два коња (2, 255); Тамам дошол до портата од куќата и еве ти една стара жена кај излегуала од дворот за на порта (2, 232); **табиетлија**: Од табиетлијата жена му падна на брблаијо и почнала да му угодуа (5, 344); **тешка**: Се уплашиле и усрамиле од плачењето на тешката жена (трите наречници) и не го допишале за да си ’а земи мајка си за жена и си ошле трите наречници по работата (3, 198); **трампена**: Речено – и свршено. Утрото беа се трампиле и се нашле комшиите со трампени жени (5, 344);

трудна: Една трудна жена, пред некој ден да родит, је дошле наречниците на права полноќ за да је наречуаат (3, 197); Помеѓу сите аргати мажи и жени имало и една трудна жена сиромашка и тамо му дојде саато да си роди дете (5, 74); **умрена**: Ете му на стреќа (на простио) една жена умрена кај ја носеле за на гробишта да ’а закопаат (6, 76); **чесна**: Си била една чесна жена, куќата била близу до куќата од владиката (6, 163); Се зазборуале тројца лажои да ја слечат една богата жена што држела некој ан. Таа ...била од најчесните жени во тој град (5, 96); **штира**: Оди од град на град, од село на село и прашај чини луѓе дали знаат некој чоек што да знаит за да напраи да роди дете жена штира (2, 164); **шута**: А шутата жена останала абер да чека од татка је што бил во џевнемо (6, 231); **шутена**: Кога чу тие зборои чоекот од шутената жена, бидејќи чоекот беше курназ, веднаш му текнало да ја излажи за да је скубни троа пари (6, 34).

~ Со б р о е в и т е: **две**: Ете, Господи, една неправина што се праи со две жени (4, 143); Ете колку била верна жената: две жени неќела да има (мажо), а два мажа сакала (6, 12); **обете**: ’И исповедал дуовникот и обете жени, за обете да бидат праведни и причестени (5, 47); **три**: Ах, пусти кăсмет што сум имал јас – си рекол царскио син сам со себе – три жени да земам и од ниедна аир да не видам, како глеам (2, 188); (Свети Илија) втасал три жени стари со опинци на нозете и со по едно стапче в раце (3, 200).

ЖЕНАЧКА *ж. женење, женидба;* Ете ова, попе, женачкава јет голема мака, оту на крс умирање не јет полошо од женачката (5, 258).

женење *ср. гл. им.* од ж е н и с е; Едно момче тамам на време било за женење, арно ама си било сиромавче (5, 114); По некој месец прати абер царо по целата земја да дојдат сите момчиња што се за женење (2, 288).

ЖЕНЕТ *прид. (за машко лице) што е во брак;* По брго време свадба сторија и се најде терзијчето женето со Марушето (5, 178).

ЖЕНИ *гл. свр.* и *несвр.* **I**. *(на)прави да стани машко лице во брак;* Чини, домаќинко, ама кој знаи али сака детето да го жениме; викни го да го прашаме ако сака да го жениме (2, 220); ...се куртулисале од таа лута змија и си оздравело момчето и мајка му од момчето и повторо го жениле, ама откоа испрашале род и пород... (2, 225).

II. **се жени** *(за маж) стапува во брак;* Туку ја пејди ти, мајко, кај царот да му посакаш ќерка му за невеста оти сакам да се женам јас (2, 168); Е бре браќа, му рекол помалио брат, сега веќе ние се сторивме совршени домаќини и требно е да се жениме (2, 254); Ти заошто си се женил, бре чоече, коа не си бил маж! – Е, као сите момчиња што се женија, така и јас треба да се женам (2, 220).

ЖЕНИЧКА -и *ж. хип.* од ж е н а; Ама ако ја изваам оваа работа на глаа (си зборуал сакатио), ашколсум мнозина од нашите ќе ми речат. Да удрам лов без пушка, магаре и женичка, не је лошо (5, 95); Сѐ со пари играт, ама една грешка имат само; што ојт по женички, оти друго од арно поарно (5, 289); *форма за обраќање на* -о; Е, сполај ти, женичко, да си ми жива и здрава, јас нема да ти забораам никоаш на оваа добрина што си ми ја сторила вечерва! – је рекол Манго (6, 108).

ЖЕНСКИ и **ЖЕНЦКИ** *прид.* **женски** – **1**. *што се однесува на жена; што е сврзан со жена;* Ее, мезлич-алаари, што велите на овој женцки арзоал, каков карар да му даиме? (5, 5); Ах, вакваа женцка лага не бев видел (5, 295); Чекај да видам во тевтерот – је рекол (мажот на домаќинката) и го отворил тевтерот, та ватил да барат женцките итроштиње (6, 21); Пази, Боже, од женска беља! (6, 24)

2. *наменет за жени;* Уште на часот ќатипот отишол в чаршија, кај кари пазари (женскио пазар) и си купил едни кауґерски алишта (5, 226).

3. *што се состои од жени;* Собирајќи царицата од сите големци жените, отворија еден женцки мезлич да сакаат тоа прао што го имаат (5, 5).

4. *што има пол спротивен на машкиот;* Тие зборои ’и

чуле врапците, и му рекол машкио на женцкио (2, 79).

5. *во служба на именката од ср. р.* **женско** – **а**. *лице од женски пол;* Оваа ноќ сите што сте в село (вапирот) ќе ве удаит: мало, големо, машко, женцко и дури сосе имање ќе ве удаит (6, 201); Имала и еден инат (лошата жена) што во целио век го немало во ниедна вера, ни во машко, ни во женско (4, 274). **б**. *женско чедо;* При сѐ што царо сакаше и се надееше да му роди царицата машко, му се родило женцко, чунки царицата не го изеде цело јаболкото (2, 165); Си бил еден многу сиромав чоек и си имал четири дечиња: три машки и едно женцко (4, 90); Рано се оженив и челад добив и ја раздадов по светот, чунки беа сите женски (5, 109).

~ Со именките: **алиште** (3, 172; 3, 63), **арзоал** (5, 5); **беља** (6, 24); **дете** (3, 175); **ѓаолштина** (6, 31); **збор** (3, 270); **итроштина** (6, 21; 6, 23); **лага** (5, 295); **мезлич** (5, 5); **пазар** (5, 226; 5, 279); **пола** (3, 209); **работа** (5, 341).

ЖЕНСКО *ср.* Вид. кај **женски**, женцки 5.

ЖЕНЦКИ *прид.* Вид. **женски**.

ЖЕСТОКО *прил* (книж.) *мошне остро, сурово, строго;* Жестоко ме наказа Господ, но на смрт не ме предаде (4, 205).

ЖЕТВА *ж.* **а**. *жниење на житата.* **б**. *време на жетвените работи;* Во жетва време, му втасале нивјето на еден поп за жниење и го повикал селото да му ’и ожниет нивјето на ангарија (6, 165).

ЖЕШТИНА *ж. силна топлина; врелина;* Откоа ја дожежало жештината од огнот на свеќите, (желката) при сѐ што не можела да вјасат, ватила дури да трчат (6, 222); Тамам да влезит момчето (да се искапи), дошло коњчето до млекото и му шмркнало сета жештина од млекото (2, 263).

ЖИВ *прид.* **1**. **а**. *што живее* (спрот.: мртов и умрен); Ај момчиња, видовте оти од еден стар чоек куртулисавте живи? (5, 33); Јас не сум стар, коа имам уште татко жив (5, 111); (Момчето) беше... ватил еден друг зајак жив (5, 117). **б**. *во*

состав со придавката **здрав**; Слава Богу, здрав и жив сум (5, 111); Честита царице, ај да си го даиме девојчето кај му је незе на срце за да ни биди здраво и живо и весело, да ако не је момчето од царско колено (2, 240); Така е, кума лисо, да си ми жива и здрава! (2, 58) **в**. *во состав со антонимите* **мртов**, **умрен** – *во служба на именка;* Со една реч, оче свети, сега је времето што се вика: излезете мртви, да влезиме живи, и друго ништо (5, 38); Колај за живеењето твое – му рекол ѓаолот – јас чарето ти го најдуам откоа ќе ми дајш еден сенет за челадта твоја што ќе ти се родат: живите твој да бидат, а умрените мој (4, 12); Момчето, дури си отиде дома, отекло како некој бутин; легнало постела и ни живо, ни мртво, ватило да се преаќа како некоја риба отруена (2, 223). **г**. *како втора компонента на сложенката* **здра(в)о-живо** (**здра(в)о и живо**, **здраво-живо**); Слушајте вамо, вие стројници... иља сега ќе си ојте и здраоживо од мене ќе му носите (на кназот) да стори еден завмет сам тој да дојди и сами да чиниме лакрдии, и ако е кăсмет, можи да се сториме зет и дедо! (5, 36); Ајте ми со здравје, браќа, така здраво и живо носете му на жабарот од нас! (4, 111); Здраво-живо сториле и го канил 'рслано да ноќева (дрварот) во негоата пештера (2, 60); Отишол (чоекот) кај облаците: – Добро утро, облаци, што чините, како сте, здраожио? (3, 116)

2. *вистински, прав;* Еден стар арамија имал тројца синои, и тие арамии живи, научени од самио него да крадат и да го гледаат (5, 351).

3. *во служба на именка од ср. р.* **живо**; **сѐ живо** – *сите;* Сѐ здраво, сѐ живо, ага, при животта твоја нема ништо, туку мојата крава твојата ја отепа (5, 26); Силен ветăр веело по планината, а пак од свирењето на змиите, што е живо во планината беше се исплашило и на дно земи беше се искрило (2, 266); Страшна фуртуна била и сѐ што било живо беше замрзнало (4, 113); **ништо живо** – *никого;* Беше се запатила една ламја во некое поле, та ништо живо не припуштала за да поминит тамо (2, 225).

~ Во и з р а з и т е: **Бога живаго** – (црквслов.) *христи-*

јанскиот Бог; И така, дедо ни Адам и баба Ева, од кај што беа чеда на Бога живаго, се сторија чеда на ѓаоло (4, 18); Овој свет така е нареден од Господа Бога живаго, да има и сиромаси и богати (4, 114); Те молам, старче, во името на Бога живаго, ела да ми се качиш на рамо и да те однесам на манастир (4, 206); **жив гладен сум** – *многу сум гладен;* Сакам, море пупунче – му рекол ’ртот – туку сум болен од пустата краста, тики од тоа не ќе можам да ја повасам кума лиса, а пак сум жив гладен (2, 20); **жив ѓаол** – *мошне вешт; способен да го реши секој проблем; остроумен;* Зортот беше голем, мајсторе; туку жена диљми, жив ѓаол јет (5, 313); **жив (ј)е Господ** – *ќе дојдат и (за нас) срекни дни;* Жив је Госпо и за нас, жено, нема да н остаи докрај сиромаси, и нас ќе нѐ зарадуа некој ден (4, 178); (Побратиме) ако ме слушаш ти да не се мачиш да сеиш и семето да си го загубиш, ами јади си го со децата, да до година жив (е) Господ! (4, 121); **жив ќе те одерам** – *ќе те убијам;* Е, ајде, ќе те послушам, бре волку – му рекол овчарот – ама ако ме излажиш, жив ќе те одерам (2, 44); **жива вера** – *вистинска вера;* Ете, браќа рисјани – му рече царо – како ви послуша Ристос вашите молитви, искажани од брацка љубов и жива вера (4, 98); **жива вода** – **1**. *(во приказните) вода од која мртов оживува;* **2**. *сиот наводенет; накиснат;* Ама оти песокта била жива вода водена, ич не му пишуат на тој што те тоарат, тој туку ќе си фрла со лопатата дури берат сандачињата (2, 70); *со глаголите:* **испоти**: Беше го испотил (коњо) жива вода, и беше го уморил (2, 168); **направи (с е)**: Гледај нѐ (свети Петре) као сме се напраиле жива вода, замрзната на нас (4, 113); **стори (с е)**: Ама ако не ти го дадоа веленцето, пријателе – му рекол – жива вода ќе се стореше (5, 22); **чини (с е)**: (Сиромаио) жива вода се чинел, кое од работење, кое од страм од другарите (2, 244); и сл.; **жива стока** – *крупен и ситен добиток што се чува;* Еден богат чоек имал многу чивлизи и по сите чивлизи имал жива стока: овци, кози, крави, волои, коњи, ергелиња едночудо и друга стока (3, 206); **живи камење (и камења)** – *големи камења вадени од каменолом;* Барам мадеми за живи камење, за да

приготвам за сарајо да го праам (4, 160); Со трпение, честити царе, со трпение, ќе дојде денот коа ќе го видиш сарајо, као со рака нефатен и од живи камења напраен (4, 160); **живи незакопани** – *ни живи ни мрт̄ви;* Смрт, смрт, кај си да нѐ собериш? – викале старците – заошто сме живи коа сме живи незакопани? (4, 199); **живо влакно** – *(во фант̄аст̄ичнит̄е прикази) влакно шт̄о носи смрт̄;* Ако не умриш од ’ртката, ќе ти клаи (царо) околу гуша едно живо влакно и од него бездруго ќе умриш (3, 94); **живо дрво** – *вечно ѳрво;* Сум слушал од стари оти Јордан течи од стредето на рајо, отаде је бил крајо и изворо, од стреде на рајо, од живото дрво што не овенува никогаш (4, 70); **живо месо** – овде: *г̄ол;* Ако е (чоекот) живо месо (гол) без заби и нокти големи, пак јет појунак од сите живи ѕверои на веков (2, 86); **кара и мртви и живи** – *ужасно п̄цуе;* А па на твоето карање и мртви и живи другар немаш (бре овчарко) (2, 92); **нејќе да ја познаит за жива** – *за нег̄о т̄аа е (како) умрена;* Откоа виде цареа ќерка оти неќи (овчарчето) да ја познаит за жива, чунки лафот не је го чинел, отишла при татка си и при мајка си (3, 221); **нека се живи пријателите** – *не сум сам;* Не је за мене овде... ќе си одам во мир и тамо, нека се живи пријатели, пак ќе јадам и ќе пијам, а не да трпам од глад (6, 93); **нема жива душа** – *нема никог̄о;* Ако немат некоја жива душа да ми се најдит да се обогатам, та и јас да поживеам како што рекол Господ (4, 235); (**за**) **ништо живо** – *никако;* Бре го моли стопанот, бре го коли, арно ама мајсторо не му слегуал... и виде оти ќе паѓат оџако (6, 179); Една мачка беше му се настрвила на мравите да ’и јадит и ништо живо не ’и остаала да излезат на бело видело за да си збираат јадало (2, 88).

~ Во б л а г о с л о в и т е: **да си** (**ми**) **жив**, **да е жив** – *ѳа живееш, ѳа живее;* и др.; Лели ми го стори ќеот (царе), да си ми жив и векоит (6, 97); Да си жив, синко! – му одгоорил агата (5, 25); Ов, море синко... дојдов кај момчето, да је живо (4, 234); **да сум ти жив** – *ѳа т̄и живеам;* Не бери гајле, стопанине мој, за пари и за стока... да сум ти жив, ти даде за мене сто минцои за да ме купиш... а јас ќе ти донесам сто торби со па-

ри (2, 249); Јас да сум ти жива, ако се ватиш, јас ќе те пуштам, ти ич тоа гајле да го немаш (2, 29); **нека се живи** – *ѓа живеат;* Ме држаа (синко) на пиљав, пак каснав што каснав и си станав да си одам сега. Нека се живи (момчето и невестата), сами нека си доручаат (4, 234); **нека је жива Василица** – *(се мисли на празникот Нова Година) ѓа е вечна Василица;* Илја, ајде нека је жива Василица, ако сака сѐ нам ќе ни дава таа, ка! (6, 113)

~ Со именките: **арамија** (5, 351); **бог** (4, 18; 4, 206); **вера** (4, 98), **влакно** (3, 94), **вода** (2, 70; 2, 168; 2, 244; 4, 113; 5, 22), **волк** (6, 106); **Господ Бог** (4, 114); **дете** (2, 178), **дрво** (4, 70), **душа** (4, 235); **ѓаол** (5, 313); **зајак** (5, 117), **свер** (2, 86); **имање** (4, 251); **јагне** (3, 262); **камен** (4, 160); **месо** (2, 86); **петле** (2, 19); **стока** (3, 206); **татко** (5, 111); **чоек** (2, 280; 5, 196).

живеење *ср. гл. им.* од живеи; Откога си уредил старио местото за живеење, го натерал сина си да заколит едно јагне (5, 233); Колај за живеењето твое – му рекол ѓаолот (на Адам) – јас чарето ти го најдуам откоа ќе ми дајш еден сенет за челадта твоја што ќе ти се родат (4, 12); Уште двесте (години) му останаа на богатио за живеење (2, 227).

ЖИВЕИ(Т) *гл. несвр.* **живее** – **1**. **а**. *жив е; суштествува; егзистира;* Ами сега (жено) што ќе јадиме за да живејме? (4, 11); Аман, бре чоече – му рекол Адам – заошто не ми остааш да си изорам едно парче место за и јас да живеам? (4, 12); Овде има да живеам триста години, чунки имат пајки да си јадам (2, 200). **б**. *во пасивна употреба;* Со затворена чаршија не се живеит, да со отворена како ќе нѐ раздени од арамиите: сѐ ќе ни пленат (4, 145); Таквие дарби Госпо ’и подарил на сичките луѓе што се на земјава за да се можи да се живеи (4, 191); Таков је создаден овој век да се живеит сѐ со маки и неоли (5, 265).

2. *го врви животот на некаков начин;* Коа се создал чакалот на земјава, сѐ трева си пасел и си живеел и месо не ти знаел да ти јади (2, 40); На билјаро (царот) му подарил еден тоар пари и еден сарај, за да живеит царски (5, 29); Дете-

то си дошло дома кај мајка си и радосно и весело си живеале (4, 266).

3. *има определени односи со друг; се согласува, во слога е;* Во тоа време песо и зајако многу си живеале, веќе како некој браќа (2, 67); И со првио маж сум живеала арно, домаќине, и со тебе си живеам арно – му рекла (жената) (6, 18).

4. **а**. *престојува некаде;* Ја свршило (момчето момата), та си ја однесло во гробот кај што живеело ноќе (2, 130); Бидејќи еден мачор многу бил ловџија, беше 'и сотрел сите глувци во таа околија кај што живееја (2, 11); Со голема страв била неколку дни цареа ќерка живеејќи покрај sверои (2, 207). **б**. *во синонимен спрег со гл.* **седит**; Пред пештерата (детето) си напраило една убаа колиба, та си се курдисало да си седит и да си живеит (2, 200).

~ Во б л а г о с л о в о т: **да живеиш**; **да живеиме**; Браос бре старче, да живеиш! (5, 111); Да бидеме здрави и многу да живеиме (5, 113).

ЖИВЕЈАЧКА *ж. живеење, живот; помин;* На живејачката што ја имале тројцата пријатели, сите луѓе што 'и знаеле му завидуале (4, 241); Еден маж и една жена си живееле многу арно, како што сакал Господ... на живејачката згора секој му заблазнуал и му повалуал дека толку се милуаа мажот и жената (4, 239); Кај што је била живејачката на една лисица многу била запашкана од луѓето, што не можела да си најди ништо да касни (2, 5).

ЖИВИ *гл. свр.* место **оживи** – *врати (умрен) во живот;* Ти што го држиш на гради полуумрениo чоек триесе дни и ќе го носиш до четириесет, уште четиристотини да го носиш, – и не ќе го живиш (4, 132).

ЖИВОТ *м.* и *ж.* **1**. *суштествување, егзистирање, постоење на жив организам;* Благодарам ти, сестро ламјо, оти ми го прости живото и уште поеќе ти благодарам за камчето што ми го даваш (2, 219); Кога видоа сиромасите оти времето беше се свртило на лето, голема радос праеле и гологлаи се молеле на Господ за животот на свети Петре (4, 109); Прости

ме, честити царе – му рекол берберот – прво животта и после ќе ти кажам (5, 44).

2. *време од раѓањето до определен момент или до смртта;* Да ми даиш (царе) една служба друга за да добијам и јас малце чес, како што добија и мојте другари при твојата живот (5, 123–124); Ете да не е подрек, не паметуам во животта моја да сум се омрсила (5, 46); Раката јас можам да ти ја отпуштам (бре ангеле), ама ако ми поклониш уште дваесет години живот (4, 65); Му го скуси животот (Госпо на умрениo) за да не втаса да оди на аџилак (4, 130).

3. *начин на живеење;* Сѐ го мачела (мислата православниo) и никако не го остаала да се понарадуа на весел живот (4, 180); На стариот му беше животот здодеан (4, 54).

4. *среќа; наслада животна;* Тие ете ти живот поминуаат (‚уживаат‘) ја, а не како ние селаните ќе испукаме од горештина, пот да ни течи од челото како река (2, 139).

~ Со г л а г о л и т е *(што често образуваат изрази):* **даит живот** – *загине;* Секој му се таксуаше животот да си го даит за него ако го најдит некое лошо (5, 55); **живот избави** – *спаси;* Је целивал (чоекот) сите четири нозе (на лисицата), со голем плач ej Богда-проштаал за животот што му го избаила од страшниот смок (2, 37); И укруп беше му паднало на срце (на мажот), оти зло за добро да вратит на лисицата што му избави животта негоа (2, 38); **животот си го куртулисал** – *се спасил;* До утрото големо богасто беше добил (царот), животот си го куртулисал од берберот (5, 44); **животта си ја неќум** – *не ми се живее;* Ако сум го изел (арзоалот) животта си ја нејќум (2, 52); **нема(т) живот** и **живот немаш** – *нема(ш) мир и спокојство;* Молете се (брате) да ни го направи Госпо времето пак со зима, као што ни беше напред, оти нема живот од овие гадови! (4, 116); Аслиќељам, немат живот за мене, при сѐ што сум олку итра, треба да сум уште поитра, да така да можам да си го изваам лебот (2, 5); Прај што праиш, жено, шу машко да родиш, оти живот после немаш од мене (3, 187); **прости ми животот** – *не убивај ме;* Аман, господаре мој – беше му се расплакал кăсметот и му рекол... ај прости ми живо-

тот, и утре рано да станиш, та да појдиш на онаа планина! (2, 245); **си ја реши животта** – *се прежали;* И најпосле си ја решил животта еден од глувците и пошол до него да види дали ќе го јади (2, 13); Тој (лажливио капидан) беше си решил животта, туку пак со надеж на дрвото, белким ќе куртулисат. Му нарачал на дружината, дури не му викнит тој ним да не врлаат на ламјата. (2, 111)

~ Во и з р а з и т е: **на животи**, **на животта**, **при животта** – *уште доека е жив;* Го врзал (старио јарецот) за рогои и беше му ја одрал кожата на животи и го одврзал, та го пуштил (2, 16); (Згојаната свиња) не сеќаа кога ја дупат глувците на животта ѝ кога да си лежит; така и мојот кир владика (2, 104); Знам, дервиш – баба, оти има ламја и ако ме сети, можи да ме изеит, арно ама при животта твоја, јас не се бојам од ламјата (2, 164).

~ Во б л а г о с л о в о т: **здравје нека ни дајт Господ и живот**: Е, ај здравје нека ми дајт Господ и живот, да раздениме ноќеска живи (5, 34).

~ Со п р и д а в к и т е: **весел**: И никако не го остаала (мислата рисјанино) да се понарадуа на весел живот (4, 180); **долг**: Да си седиш (чоече) отсеа дома раат, да си живеиш и да се молиш Бога, за долгио живот од царот (3, 235); **нов**: И така заживееја тој народ нов живот, во братољубие и согласие (4, 98); **пуста**: (Глушецот) се опна со сета сила за да се задржит над водата, чунки сети оти ќе умират, а пуста живот ет мила (2, 77); **темен**: Дури ќе живееше – црн и темен живот ќе живееше коа ќе ’и гледаше твојте синои таквие (3, 291); **царски**: Да си ојме на друг виљает, да си поминиме царски живот (3, 59); **црн**: Вид. кај **темен**; **чоечка и чоечки**: Се приготви (чоекот) да се врлат во бунаро и на часо му дошла друга една мисла за да не се врла, чунки пуста чоечка живот је мила (2, 211); При сѐ што велел премудри Соломон оти нафиле је чоечкио живот, па коа остарел, неќел да умира (3, 64).

ЖИВОТИНКА -и *ж.* исто што и **животно** *(но понекогаш се мисли на ситно, мало);* Нога за нога, кума лиса се исчепила надвор; се расплакала, се ужалила, тргнала да барат

крај за да најди некоја животинка да ѝ го истерат прчка од тланик (2, 16); Излегуала една животинка одземи и ’и кинела јаболката (2, 117); Некоаш собрал арсланот аскер од сите животинки што имало на земјава... (2, 48).

~ Со п р и д а в к и т е: **безбројни**: И така, свети Петар си ја избави ќерка си од жабаро и целио народ се избави од безбројните животинки и гадинки (4, 117); **водна**: Тамо имало едно големо блато и во блатото илје и милје имало жаби и други водни животинки (2, 148).

~ Со б р о ј о т: **десетина**: Врлање со стрелата отепуам десетина животинки (3, 104).

ЖИВОТИНЦКИ *прид.* **животински** – *што се однесува на* **животина**, **животинка**, **животно**; Слегле и се починале (штркојте), си попасле тамо троа тревичка, чунки таквоо било местото што немало никаква животинцка рана за штркои (2, 148).

~ Со и м е н к а т а: **рана**; Вид. го примерот.

ЖИВОТИНЧЕ *ср. дем.* **а**. *мала животинка.* **б**. *животинка воопшто;* И, једно го видел српо (Итроман Пејо), дал вик: – Удрете, бре селани, со стапоите на тоа животинче оти ќе ве изеде! Не го гледате оти тоа је животинче (6, 219).

~ Со п р и д а в к и т е: **лошо** и **проклето**: Море брго, бре љубовниче, куртулисај ме од ова лошо, проклето животинче, оти ќе ме јади жива! (5, 208); **шарено**: За прв пат кога ја виделе Мариовците желката да оди покрај едно село, беа се зачудиле: – Та, море бале та, што ќе да биди овоа шарено животинче? (6, 221)

ЖИВОТНО -и *ср. живо суштество (освен човек);* Кога го видела (кума лиса) прчка дран-недодран, умрела од страои, чунки не беше видела дотогај таквоо животно (2, 16); Бре, да ништо не премина пред тебе животно? – му рече змеот (на Еѓуптинот) (2, 127); (Стопан ми) само ќе ме дупи. Со еден реч: мучител на животните (2, 92).

~ Со п р и д а в к и т е: **големо**: Јас не сум иктиза од една лисица, ами од волк или од друго некое големо животно

(2, 33); **проклето**: Отрчаа селаните да видат што је тоа проклето животно што го изеде Итромана Пеја (6, 220).

ЖИВУАЧКА *ж*. Вид. **живејачка**; Сите се искажале и дошол редо на бабината Злата да кажи својата живуачка (2, 176); Ете ми, тетко, мојата живуачка до сега што сум живеала (2, 177).

ЖИГ *м. јаѓ; мака;* Е јади ме, бре волчко, туку барем да ти напраам еден ќеф, да ти посвирам со гајдава, да не ми ет жиг (мака) и ако ме изеиш (2, 24).

ЖИЛА *ж. (обично поголем) крвоносен саѓ;* Дај да видам жилата од раката како ти бие – му рекол (еќимо) на садријазамо (6, 190).

ЖИМИ *чест. при сопствено заколнување.* **а**. *со закана;* **жими вера (каурцка и турска)** – *верувај ми!; те уверувам!;* Наведи се, бре ага, да го изеиш лајново, оти, жими каурцка вера, ќе ти ’а сечам глаата како некоја крастаица! (6, 120); Жими една турска вера, назад ќе те вратам! (5, 142); **жими душа (мајкина и таткоа)** – *верувај ми!; те уверувам!;* Слушај вамо ти, старче, ...да му ’и земиш пљачките (на тие) што ни ’и зеле, да да ни ’и донесиш на местото кај што биле, оти жими таткоа душа и мајкина, ако не ’и донесиш, триста вастагарки ќе ти удрам! (4, 168) **б**. *без закана;* **жими младос** – *те уверувам!; верувај ми!;* Жими младос, мајко, еве ќе ти се заколнам, до утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам, и вие на душа да ме имате и на тој век џуап да ми давате! (2, 240); **жими тебе** – *те уверувам!; верувај ми!;* Тики кога го каснав (бубрегот), е жими тебе, кумче волче, крцкаше, џанам, како шеќер беше (2, 25); Да еве јас имам ...ем жими тебе, брате петле, многу ми ет послатко посново и полеко ми ет за одење и за трчање (2, 18).

ЖИТИ *чест. при молба, заколнување на тој кому човек се обраќа и сл.;* **жити глаа (каурцка)** – *те молам!;* Аман, џанам ага, жити царцката глаа, не кандисуј да ми земиш толкуа јајца оти царо не е каил на тоа (5, 148); **жити душа (мај-**

кина) – *те молам;* Мори, ќе седнам, лисо – му рекла мечката – туку те молам, лисо, жити мајкина ти душа, стори еден завмет, ако ти делил Господ некој маривет (2, 39); **жити мајка** – *те молам!;* Жити мајка ти што е во морето – је рекол (царскио син) – те преколнуам, царице моја, прогоори! (2, 188); **жити мене** – *за мене, за моја љубов;* Оф, мори жено! Оф, мори душко! Што ќе те земев на душа, ќе те отепав! – Ами заошто, мили мој домаќине? Што кабает ти сторив? Кажи ми, жити мене! (6, 49); Ама жити мене, мајко – рекло (детето) – да го држиш да си лежит у нас вечерва старио (4, 150); **жити очите** – *верувај ми; те молам;* Стори ми едно добро (брате), жити очите, да што ти е ако за изметот што ќе ми го сториш, ќе ти платам и натплатам (6, 34); **жити старос** – *те молам;* Ми текна, бабо, ми текна, туку те молам, жити старос, кажи ми јавно (4, 246); Брате воле, суди прао, жити старос, дали има прао да ме јади змијата? (2, 91)

ЖИТО *ср. растение чијшто плод служи за леб (пченица, 'рж, јачмен, просо, пченка и др.); зрно од такво растение;* Трчајќи желката влегла во една нива и се запалило житото (6, 222); Одејќи по селата свети Илија, во времето кога вршеле селаните, му блаошаал житото за да му спори (4, 138); Ее, некоаш и ние сме имале, дедо, полни амбари со жито, со брашно (4, 156); Видела (вдојцата) сичко полно и рамно: во ноќвите леб, во амбарите жито и брашно (4, 157); Сакам да орам, пријателе, и да сеам жито за да јадам (4, 19).

~ Со п р и д а в к а т а: **старо**: Којшто имал старо жито, си јадел; којшто немал, зорот беше го видел (4, 141).

ЖИТОЈАДЕЦ *м. зоол. животинка (инсект) по житата;* Дал вик (Пејо) што го грло течи по селаните да го куртулисаат од житојадецот: – Аман, бре браќа, куртулисајте ме од овој житојадец оти ме изеде за врато! (6, 219); Тргајте силно бре, да го куртулисаме Итроман Пеја оти го изеде житојадецо (6, 220).

ЖИЦА *ж.* овде: *испредено влакно од памук и др.;* Сите жици што биле во брдилата (мајката) 'и искинала и само ед-

на жица била здрава (6, 38).

жниење *ср. гл. им.* од ж н и е; Копањето лозјата, жниењето нивјето... остаени беа на Божина (2, 137); Во жетва време, му втасале нивјето на еден поп за жниење (6, 165).

ЖНИЕ(Т) *гл. несвр.* **жние** – *коси жито со срп;* Дедо, гледаш во онаа нива кајшто жние една аргатинка, и стопанката на нивата стои како свешник пред неа? (4, 143); Отишол еднаш (сиромашецот) на жниење, се наредил со аргатите да жниет (2, 241); Врвејќи покрај една нива што ја жниеја, гледат царо во нивата еден старец (5, 111).

ЖОЛТ *прид.* **1**. *што има боја на дуња, лимон;* Врлил мрежата рибарот во езерото и ватил три чудесни риби: едната црвена, другата зелена и трећата жолта (4, 268); На враќање, квечерината за назад, (детето) видело едно убао жолто пиле, во пердуите како златото што е жолто (3, 148).

2. *(за пара) златен;* Кај оди (домаќино), сѐ туку овкаше: – Ах, сенетот! Ах, сенетот! Сенетот со две златни и жолти, писани лири! (6, 89); По некој ден му посакал по еден бешлăк; после по една бела меџидија, после по една жолта меџидија (4, 97).

3. *блед;* Во лицата (луѓето) жолти и зелени, као да му фатиле (5, 324).

~ Со и м е н к и т е: **алтăн** (3, 157); **лира** (6, 89); **меџидија** (4, 97).

ЖОЛТАК *м. ситна пара;* Стамбол парите 'и врлале по сокаци, ми велеа (пријателите) коа бев овде, а па коа појдов тамо, нити жолтак не сум ти нашол (6, 74).

ЖОЛТАЧЕ *ср. хип.* од ж о л т а к; Сиромав чоек ако му дојдеше да му посака една пара за Бога, ќе го испцуеше и понекогаш ќе го биеше и ќе го истераше, без да му даеше барем едно жолтаче (6, 88).

ЖОЛТИЦА[1] *ж. болест на црниот дроб (медицински* icterus); Ха, ха дамка на лицето, дамка! Арно ти текна да ре-

чиш – му рекла (треската на борџот). Ќе му удрам една жолтица и кој ќе го види, ќе го познаи оти лежал од треска (2, 108); Оти ако ја остаиш (треската) да вати корен, ќе те сврти на жолтица, или на кашлица и оток (2, 108).

ЖОЛТИЦА[2] -и *ж. златна пара, дукат; златник;* Ујдисало момчето дома едно сандаче со жолтици, ѓоа се алтани... ѓоа сите сет вистински. (5, 137).

ЖОЛТОМЕДЕН -дна *прид. што е од (жолта) мед (бакар);* Застанал зетот пред врата и сите сватој на коњи, наметнати со белите јапанџаци, на глајте весој тунузи преврзани со белите чалми, опкачени сите со пиштоли жолтомедни, а на нозете сите со скорни црвени (2, 154).

ЖОЛЧ *ж.* **1**. *горчлив, жолтозеленикав сок испуштан од жолчката.*

2. овде: исто што и **жолчка**[1]; Бидејќи лоши многу биле децата, го удриле одземи старецот и беше му пукнала жолчта на часот (2, 145).

ЖОЛЧКА[1] *ж. кај човек и животно внатрешен орган – меур сраснат во црниот дроб;* Откоа ја ислушал мажот змијата, пак му се крена жолчката за жената си, што била полоша од змијата и ја изваил од бунарот (2, 213); (Еѓуптинот) рипнал просто и кога виде мечката што не беше видела, свикала што да можи и од страв беше јѝ пукнала жолчката и си падна пцојсана наземи (6, 73).

ЖОЛЧКА[2] *ж. жолтиот дел од јајцето којшто му служи на ембрионот како храна;* И ние имаме кокошки, домаќине, ама пак бабана што има една кокошка, ама јајце као гускино, со две жолчки (5, 296).

~ Со б р о ј о т: **две**: Вид. го горниот пример.

ЖУДАВ *прид. слаб, мршав, нејак;* Фрлило момчето треќи пат огламнико, малку настрана од жудаото коњче, арно ама огламнико како да го ватил некој со рака и му го наврел на жудаото коњче (2, 253).

~ Со и м е н к а т а: **коњче**: Вид. го горниот пример.

-ЖУПА *ж. оказ.* овде: *гласовен комплекс без значење;* Баба, баба, дека је жапа-жупата? (Ѓоа така го викала сатаро по турцки) (6, 133).

З

З- (**С-**) *преф.* Вид. **с-**, **со-**.

ЗА *предл.* **1**. **а**. *за укажување на тоа кон кој или што е управено дејството на глаголи што значат* **водење, фаќање, закачување, сврзување** и сл.; Излегол (сиромаио) за да оди в чаршија, стрете на пато еден чоек слеп кај го водат за рака (4, 129); Спискало дете, што да можи и не можи, се ватило за пола за мајка си (5, 280); Едно го видела девојката таков јунак над јунака и лично и прилично, нели како што барала таа го грабнала за гуша и го бакнала в чело, та го фатила за рака и си го однесла горе на дивана (3, 47); Му се залепила раката (на ангелот) за јаболкото (4, 64); Едно момче развратено си сошило еден тевтер од пенџереќаати, си го клало в пазуа и си закачило дивитот за појас (6, 20). **б**. *тоа можат да биат исти предмети;* (Момчето) 'и врзало сите три коси за коси и 'и обесило за една гранка (3, 25); Се ватиле рака за рака и се здравуале за најпосле, та се одделиле (3, 125); Не можеле да се погодат (кртот и ешко); ќе се истепале; перче за перче беа се ватиле (2, 10). **в**. **се вати за работа** - *почне да работи;* Откоа станаа (децата) момчиња и се ватија за работа, пак си живееја и се милуаа (3, 286); Пораснало детето и се ватило за работа (3, 202).

2. *со глаголи како* **клукни, штипни, обеси** *укажува на предметот опфатен од дејството;* Вечерта беа си дошле браќата и коа го виделе помалиот брат дојден, змија беше ги клукнало за срце (3, 313); (Глушецот паднал) во една кошница полна со ореи што била обесена за гредата (2, 66); Коа го чула богатата жена старецо дека сакал да му лежи ноќта у неа, за срце ја беше штипнало (4, 155); ...зела цареа ќерка

еден гроз грозје и со прво зобнување излегло едно змиулче од гроздо и ја клукнало за јазик. (3, 182)

3. *намена;* Немајќи билка, екимо си умрел и од тој саат престанаа и тревјето да зборуваат и да се кажуваат која за која болест јет (3, 76); (Умнио чоек) од едни тревје сварил и изваил вода за лекуање (5, 269); На Петрета две кила жито му зедов за семе и не му го платив (5, 284); Од нив (од трите дрвја) да напраат три крстои: еднио за Риста, другио за еднио арамија, а треќиот за треќио арамија (4, 25); Е, море петле, е, море брате, па да знајш по патот што пусто јадење имат: еден јачмен во зрното како некоја дренка, само за колвање(2, 18).

4. *сообветност на некого или нешто;* Си биле девет сестри и еден брат. Братот бил втасан за женење (3, 177); Коа дошло време за копање, прашење, отишол мрзло и од пуста мрза пак така беше се вратил дома (2, 79).

5. **а**. *предметот на дејството на глаголи и др. зборови што значат* з б о р у в а, м и с л и, п р а ш а и др.; Преќе вие сте зборувале нешто за мене (3, 288); При друзите разгоори Божји, рекол нешто и за просото (3, 246); Да видам што ќе ми кажи попот за каурштилакот (6, 117); Во едно собрание еднашка (магарињата) беа отвориле збор за самарџијата што му ’и праел самарите (2, 69); За тоа до денденеска се прикажуат за штркојте оти сет луѓе (2, 160); За многу работи (чоеко и ангело) се разгоарале и се насладуале (4, 117); А пак за нивје и ливаѓе (свату) ич не прашај, не по печес парчиња имаат, ами по педесет парчиња имаат (6, 194); Седејќи крај изворо и муабети праејќи, ете ти едно пиле кај пеит за царцкио син и за Дуња Ѓузели какво зло има да ји најди (3, 94); (Арнаутино) мислел за ќабето да је некој голем град и многу чуден (6, 123). **б**. *предметот може да се искаже со цела реченица;* Се нагрвалија – едни отаде, друзи одааде ѓаоли да кажуат за како од како да го кутнат комарџијата (4, 68); Се вратил светијата и од збор на збор дошле со зборојте за кој ет посветија (4, 89); И тоа го видел бавчанџијата и коа дојде царот да го канит јаболкото, му кажал за сето што беше се сторило (5, 48).

6. *намера.* **а**. *со глаголска именка;* Оф, бре синко – му рекол (старио) – дали је за бендисуање, бре чедо, гробо од татка? (5, 31); Бре, деца, немојте, не трчајте и не излегуајте од дупки надвор, оти не е за веруање мачорокот (2, 13); Мошне арно – му рекол старецо (на чоеко) – туку не ет за веруање од нункото да ти умираат децата (4, 86); **б**. *со општа именка;* Јас ќе му 'и пуштам чпионите на патрико, и за брго време ќе го донесам за ортома него, а пак тебе ќе те курдисам на столо (4, 283).

7. *размена, цена, противредност;* Дај боже здравје, утре да напраиме една трампатрумпа, коњ за кобила (5, 344); Ќе дојдиш на конак кај што судат и тамо пред мезличот ќе ти продаам ѓоа нешто, ене за снегон што ет на планина ќе ми го купиш за три илјади гроша, јас ќе ти сакам поеќе (5, 368); Туку седело и се чудело момчето оти да сака толку скапо чоекот за празен ковчег (2, 248); За секој умрен чоек ќе земам по една мендухија (5, 143).

8. *правецот и конечното место на движење*. **а**. *направо до именката или до друг збор;* Дошло времето да си одат за виљает (4, 166); Си 'и тоарил (сиромаио јајцата) на магаренцето и си го потера за Стамбол (5, 141); Тргнал (сиромаио) по сокак за дома (5, 15); Идејќи за вамо, најдов еден чоек распаран (5, 306). **б**. *со друг предлог пред себе;* Што лежиш тука (старче)? Белќим си ниетлија *за на* манастир? (4, 206); Се одделиле едните за на пат, друзите *за в* град (3, 97); Едно се чул зборот од момчаците, и тргнале да идат двајца и тројца другари, *за во* столнината од царот (4, 95); Си патуал еден чоек од град *за на* село (5, 303); Откоа виде лиса оти никој не је дошол в планина за да је бидит другар *за на* аџилак, слегла долу (2, 5); Одејќи по патот Патенталија за кај другата планина, еве ти на пато еден поп кај си оди некаде (3, 90).

9. **а**. *времето во текот на кое трае нешто или е со него сврзано;* За Велигден ќе ви купам, синковци, јагне и пастрмица (3, 262); За многу време мачорот што живеа во таа куќа и секоја ноќ давеше по некој глушец и не остаал од месото да каснат (други) (2, 46); Јас сè ќе си го држам (празни-

кот), дури и друзи дни сум ’и држала, нека се на помош и за многу години да ни сет (5, 46); Најпосле го арнисала од ортакламите и го ранела за права Бога во една одаја за баеги време (мажа си) (3, 211); А, бре зете, за ошто си питал? Лели зборо ни беше само за една година? (5, 53); Чекај сега да одам в чаршија за да ти пригодам од сите убаиње за Велигден (3, 318). **б**. *на тоа дека некој или нешто следува едноподруго по време;* Си тргна нога за нога да си оди сиромаио и ѓаоло по него (4, 273); Си зело (момчето) очите в раце и нога за нога си отишло на одаја (3, 156).

10. *причина (предизвикана од различни чувства:* **болка, жал, јад, мака**, *потоа* **плачење, трпење** и др.); Уште по некој ден еве је го и момчето што ја фрли в море и тоа офнало за неа и се расплакало (3, 172); Нападнат пустио маж од жената за неносењето коноп, отрчал в чаршија и купил една кијаница коноп (6, 35); Не викајте, гуски, не жалете, гуски, за аџи гусака дека ќе ојт на аџилак (2, 7); При сè што беше многу лут (царо) и насрден за ќерка си, пак му се нажалило и си поплака за ќерка си (2, 269); Е, на едни арни луѓе (Господи) си му надал пари со купои, а на едни ем арни луѓе, ем си ’и остаил сиромаси да трпат за една корка леб (4, 87); Многу му благодарил (царо на еќимо) за доброто што беше му го сторил (2, 217); Море, стани, чоече бре, оди на дрва, да изваиш некоја пара, оти ќе умриме за леб (6, 71).

11. *заинтересираност;* Сакаш ти сега да бидиш *за мене*, али сакаш назад да се вратиш? (3, 291); Ај девојко, али сум јунак *за тебе*, али не? (3, 57); Аслиќељам, немат живот *за мене*, при сè што сум олку итра: треба да сум уште поитра (2, 5); Што има, што нема на тој век? Дали ќе има некое избавиште *за нас*? (4, 43)

12. *со глаголи:* **мажи, жени, венча, земи** *и др.;* Кога ја виде царо таа убаа девојка, срце го вати и веднаш курдиса свадба да праит, та да ја земит за невеста (2, 262); Убаата девојка... се венчала за сина му од Петка лајчаро (2, 264); Еве времето ти дојде и ти прејде за тебе да те мажиме (3, 141); Изваил (царев син) позлаќенио прстен и је го дал на бабата

за да му сврши ќерка је за невеста (2, 186); До утре ако не ме свршите за тоа момче, да знаите оти сама себе јуда ќе се сторам (2, 240).

13. **а**. *со ѓлаѓоли:* **клади(т), земи(т), прима(т), прилега(т), се мисли(т)** и др. *укажува на служба, својство;* Го кладоа за цар детето (3, 277); Си било едно дете главено при еден тргоец за слуга (5, 219); Се испратиле фермани по целото царство за да знаат оти фиљанќешија е избран за цар (4, 96); Е, е, бре господине, еве го чоекот што го бараш – му рекол сиромаиот – јас сум, туку кој знај дали ќе ме приимаш за ортак? (4, 271); Еден цар сакаше да се жени, ама барал умна и разумна девојка што да заприлега за царица (5, 104); Тој се мислел за прав и се боел да не нешто Господ го послуша тој што викал (5, 79); Ете и така немавме ние Еѓупците светец, барем овега Габергага ќе го имаме за светец (6, 111). **б**. со исто значење *со ѓлаѓоли:* **биди(т), стори(т), праи(т), влези(т), прикажи(т) се**; Нема да му го даам моето дете, честити царе, чунки моето дете ќе биди за цар по смртта на татка си (2, 273); (Жената) му го дала (детето) на чорбаџијата, да му биди за син (3, 192); Си ја сторило (момчето) измеќарката за жена (3, 307); Мила моја снао, од кај го познааш твоето мило дете – рекол свекор е – што го прегрна веднаш и за чедо го стори? (3, 140); Друзите трговци кога чуја оти се фалит тргоецот, ватија да му се смеат и да го праат за будала што давал толку пари (5, 173); Му дошло на умот (на еден ѓаол) да пејди во манастирот, што бил туа блиску со четириесетте добри кауѓери, и да му влези сопрво за егумен (4, 257); Прикажи се за еќим, да лекуаш секакви болести (2, 246).

14. *како ѕел оѕ сложениот сврзник* **за да** *во намерните реченици*. **а**. *неразѕелно;* Така работеле двајцата верни ортаци на сатаната баеги време, дури му најде колајо ѓаоло за да го обеси (4, 272); За да го увери татка си, детето го зело и го однесло кај чорбаџијата (5, 237); Ами лели ти си мојот кăсмет, бре, што не станиш да работиш, бре, за да ме обогатиш (2, 124); Земја сум работил, златна сестро, затоа мирисам мувлоина, туку ајде приготви се брго за да одиме (2, 191). **б**. **за ...**

да; Си слегол (момчето) од гирамиди и полекалека си тргнал за на виљает да си оди, со ниет белки ќе 'и втаса другарите (3, 289); Беше му дал (црнио коњ на царцкио син) и едно шаторче за од сонцето да се чуа (2, 287); Ете немам челад да остаам на столнината за по мене цар да биди (2, 165); Се капало момчето, се капало отколку што не било законо, за дури исчека сите цареи да си одат од бањата (5, 133).

15. *пре9 разни ви9ови зависни временски, причински и 9р. реченици;* **за дека (задека)**; Татко му од момчето ќе беше излетал од радос, за дека му го валеле момчето (5, 289); Велејќи сеедно така, на кăсметот негов многу мака беше му било за дека го бесчестуал пред секого (3, 239); **за како**; За како да напраиш со крсто што си го видел, честити царе, дај ми изим да викнам еден ашкетија рисјанин, и тој ќе ти кажи како да напраиш (4, 32); Та му отворила (лисицата) тој муабет и му кажала (на мечката, лисицата, орелот и зајакот) еден тертип за како да ја земат цареа ќерка (2, 205); **за кога**; Сакај му (од Господ) една ругузина место во рајот, за кога ќе умриш (чоече), барем тамо да седиш (4, 64); На одење орлите на долна земја му дале на ќелешо по едно перо за кога да има некоја нужда да го жегни (2, 116); Ја добаила (бабата цареа ќерка) за рака и ја тргнала в ќуп и неа, и, бидејќи ќупот бил маѓепсан за коа да има две жени внатре, туку веднаш беше летнал на ветар (2, 210); **за колку**; Не оти за да се јадат, за колку да ми сториш мене пакос, за да си скршам забот (6, 52); **за оти**; Растоа, порастоа трите деца, и никако на ум не му идело никому за оти ќе сака бајачо едно дете (2, 272); Слушај вамо, егумене – му рекол царот – ти си чул оти јас сите манастири сум 'и расипал за оти не можеа егумените да ми даат цуап на три зборои (5, 99); Му удри колјето и се осигури царо за оти ќе му го напраи сарајо Тома, како што му се нафатил (4, 160).

16. **ако е за** – *ако е во прашање, ако се работи за (некого или нешто);* Честити царе, не е салтанат тоа што го напраи за татка ти, ами е од татка ти поука. Тој сака да ти кажи: оти ако е за пари да не умира чоек, еве ти со тоари пари;

ако е за еќими, еве ’и сите еќими (5, 30); **колку за** – *што се однесува на... ;* За оти си купил илјада алтани маска, света владико, и ти загинала те веруам, чунки со арам ти биле парите земени; а колку за јас да сум ти продал, тоа да не го веруаш (4, 254); Оди, мори алајке, кај она момче, што го има родано и да му речиш: колку за да ја видиш цареа ќерка, да си измиеш рацете со расолница, да после да ја видиш (3, 42); Право имале тие што велеле за некој луѓе оти ни ѓаоло не можи со нив да живеи, ете како со мојава жена што ја добив сега. – Колку за тоа, право си је, пријателе, Госпо да ти је на помош! – му рекол (4, 277); Колку за тоа, вистина, мори мечко, требало таа вечер да имало некој чоек што н слушал овде (3, 304).

17. **за ошто (заошто)** – *зошто (прашално);* Влегол (син му на царот) у бабата да је праша за ошто мирисат толку убао куќата и по сокакот од куќата (2, 185); Ах, татко, татко, за ошто толку лошо ме колна за да дојдам во оваа пустелија! (2, 141)

18. *(за потсилување);* **денеска за денеска**; Ако не ми кажиш, пријателе – го прашале – кој ет од нашинците побогат и почесен во Стамбол денеска за денеска? – Денеска за денеска побогат јет, пријатели, Асан пачаџија (6, 121).

19. (*во скаменети споеви) место сегашниот предлог* **зад**; Мислејќи во себе така попо, се опули во ќулавот, се виде во сето облекло; кога се виде со пиштоли за појас, на чудо беше станал (5, 195).

20. *во ситуации кога во современиот јазик обично се испушта*; Кога дошле до село, се побарал сиромаиот на рамо – за српот дали му стоит (2, 244); Ако сакаш и тебе да те вали (твојио стопан) – работи, чунки за така сме наречени од наречниците на треката вечер (3, 309).

21. **а**. *(за определување на крајното значење на спојот од предлог + именка)* **за близу до**; Тргнала (лисицата) долу за близу до едно село и чула кај пеело едно петле (2, 18); **за в(во)**; Му дошол ангел Божи (на праведнио чоек), та му ја зел душата и ја понесе за в небеси (4, 188); Та се отпуштил

(капиданот) од дрвото, та паднал удолу за в уста на ламјата (2, 111); Тргај (бре магаре) да те видам за в село – му рекол волкот (2, 50); За во Тиквешко сум слушал: за во старо време оделе и Турците, како што оделе рисјаните, на еден свети Трипун со леб и вино (4, 46); Си патуал чоекот од градот свој за во едно село и беше го ватил еден многу силен дож настред пат (4, 221); **за кај**; Ќе пречекориш (пријателе) десетина чекори за кај магарето и веднаш ќе се вратиш назад (3, 244); И штркоите наттепале, та си отвориле пат и си се упатиле за кај нас (2, 156); **за кон кај**; Откоа се извишиле (орлите) до облаци, беа му се пуштиле за кон кај нас да си идат (2, 148); **за на**; Госпо заповедал (жената) да 'а тргаат на терезија и да видат за на кое место јет: дали за во вечна, дали за во рај (6, 169); Никој не сакал да му даит ќерка си или сестра си за на гускар, при сѐ што бил при царот гускар (5, 123); Арни ќе бидат овие камчиња за на прстење (3, 258); Утрото се зготвил (дрварот) за на гости у татка ѝ на жената во некое село (3, 67); **за од**; Е, колку за тоа, ај ќе ве веруам, бре браќа – рекол домаќинот – туку за од имање нешто: овци, кози... дали имаат? (6, 194); Кога му чул момокот тие зборои од агата, сетил оти агата разбрал за од момокот да је кравата отепана а не за негоата (5, 25); **за по**; Јас сум само пратен од Бога за по куќите од тие луѓе што сет обесени за пари (6, 227); И кума лиса го повела воденичарка по себе за по невеста кај царо (2, 56); **за под**; Испитал еден Еѓуптин еден грнец маштеница од село и, идеќум за под черга, си рекол со умот сам со себе (6, 108); **за со**; Облого ќе ти биди за со мене од која страна ќе излезам (2, 233).

~ Во и з р а з и т е: **за атăр** – *за љубов;* Ела да видиш, пријателе, колку пари имам јас, уште толку ти да ми даиш, да ти го даам камчето, и пак за атăр а не оти имам нужда или некоја ихтиза, да ти го продаам и пари да земам (3, 261); **за Бог да прости** – *за ѓобар спомен;* Таа му сакала леб за Бог да прости на друзи алајки (6, 109); **за век(о)** – *засекогаш;* Девојката ќе ти посака леб и сол и после ќе биди твоја за век невеста, и мене јавна сестра (2, 173); Аирлија да ви е радоста, да

се ќердосаат (невестата и зето) и еднаш страмо за веко! (6, 98); **за верно** – *навистина;* За верно ти кажуам, господаре мој, да не идиш овде уште еднаш (3, 257); **за вистина** – *навистина;* И за вистина, Силјане, клетвата од старецот, што 'и колна предедој ни, се исполни (2, 146); **за греои** – *жално;* Дуу, Боже, Боже, за греои, сирото момче, кога исврли очи, море домаќине, како од некој варен зајак (6, 31); **за добро**; Ете, како што велаат стари, секое зло за добро (5, 246); **за душа**; Да велиш: јадовме, пивме, Бог да ја прости, нека му је за душа (6, 76); **за задуша**; Дури си влегол в град, сето кравајче го раздал и сето вино, за задуша, чунки тој не можел да каснува (4, 46); **за името (божје) Господоо** – *при (голема) молба;* Ти се молам, господарке, за името Господоо, приберете ме оваа вечер да преноќевам, оти сум јабанџија и малце болен (Цепенков М., 4, 155); Прибери ме, мајко, ..за името Божје, оти сум сиромавче (Цепенков М., 6, 200); **за инат** – *противејќи се;* Таа (жената) пејде и седна за инат на шумаро и се јаландиса во бунаро (2, 215); **за кăмет** – *за среќа;* Се расплакала, и за кăсмет, ето ти неколцина сејмени од суд кај си врвеле (4, 227); **за лага** – *за неверување;* Бре, и завистина може да не сме за лага – рекол првиот (6, 194); **за маскара** – *за резил, за срамота;* Јас ќе му барам чарето и на патрико да го клаам во некој уште поголем грев од владикоио. За да стани за маскара и после да го истераат од патриклăко (4, 283); **за мила убаина** – *да ти е мило;* И наместо лоши дождеи да врнат, врнале мајски роси за мила убаина и станал еден страшен бериќет (4, 121); **за многу години** – *(вообичаен поздрав при среќавање) да си живееш долго! да си живеете долго!;* Ристос воскресе, браќа – му рекол – денешен за многу години! (3, 263); **за мунасип** – *за згодно, за погодно;* Сакачката на луѓето му била оваа: коа ќе му бидит за мунасип и да му требат некому, да му врнит во нивата дож, али сонце (4, 148); **за пакос** – *за несреќа;* За пакос, една од алајките беше видела чоечки очи во тревјето (5, 49); **за првпат**; Еве за првпат ќе ви простам, ама уште еднаш ако ми даите (месо испогането), лошо ќе ве расипам (2, 45); **за резил** – *за презир, за срам;* За резил си ја на-

праила ќерка ти невеста (5, 218); **за страмота** – *за презир;* Чоек што се лажит, за срамота јет од тие што го лажат (2, 238); **за страои** – *човек да се уплаши;* Гледат нешто како луѓе црни со очите подбелени, забите оклештени, рогои за страои, трештил и побегнал (4, 231); **за стреќа** – *при изразување на задоволство по повод на нешто;* За стреќа, еве ти пак еден коњ, и чакало му се доближил пред него за да го ватит за муцка (2, 42); **за таксират** – *за несреќа;* За таксират мој и за кăсметот од смоков, појдов кај еден рибар кај што ваќаше покрај рекана риби (2, 35); **за ќев** – *многу убаво (за гледање);* Се запрегнал крто и изорал едно место, саде за ќев беше го изорал (2, 10); **за ум** – *за поука;* Ајде нека ми е и ова за ум! (2, 23); **за чудо големо** – *секој да се чуди;* Го молил (волкот момчето) да го прибери внатре за да се огреи, оти ќе умрит од студ, за чудо големо (2, 201).

ЗА- *преф. за образување глаголи со:* **1**. **а**. *транскурзивно значење (дејството е управено зад нешто);* **зајди, заоѓа**: Комшиине уште незајдено сонце ќе си тргна(т) за дома (4, 144). **б**. *со такво, но поизбледено значење – „нешто се оддалечува во една средина, се оддалечува од друго нешто“ или дејството укажува на „преминување или пробивање на еден предмет од една средина во друга, а притоа совладување на некаква препрека или преминување зад некаква граница“*: **завие**: Кандисаа (сиромаио и жената му) и (жената) го завила (детето) во некое парталче... и му го дала на чорбаџијата, да му биди за син. (3, 192); **заврти**: Заврте магаренцето од пато настрана (5, 146); **заклучи**: Ќе заклучам портата (4, 155); **закоа**: (Ристос) бил... со бруќе закоан (4, 34); **закопа**: Богдан ...го закопал азното (3, 72); **закриват се**: Се закриват сонцето зад планина (3, 98); **закрие се**: (Арнаутино) се закрил тамо да ја чека девојката (2, 189); **запрета**: (Овчаро) го запретал (детето) (3, 196); **засолни се**: Се засолнил (чоекот) до еден дирек (3, 124); **засука**: (Дуовникот) слекол расата, засукал полите од антеријата и му се пуштил да трчат по арамијата (5, 197); и мн. др.

2. *аткурзивно значење (дејството на глаголите на*

движење се протега до оддалечено место): **забери**: Дошле од суд сејмените и го забрале (мераклијата чоек) со турканица, та го однесоа пред судникот (4, 229); **завлези**: Завлегле (детето со деда си) во едни расја (5, 354); **завлечи**: Тамо го завлекла реката (момчето) (3, 291); **замини**: Преку ричката... заминал татко је (5, 245); **занеси(т)**: Далгата го занесла пампоро (4, 215); **заскита**: Заскитал (Пејо) по тие непознати места и села (6, 204); и др.

3. *просторствено значење (кај глаголи што бараат дополнение со предлог):* **задени се**: Нигде град не падна... се задени градта саде во ремчето од аргатино! (4, 60); **задржи**: (Ќерките) беа задржани од ламјата (3, 110); **залепи**: Ја залепила книгата со црвен восок (3, 194); и др.

4. *ефективно значење (преминување во состојбата означена од глаголот):* **заболи**: Царот го заболеа очите (3, 29); **задреми**: Од гајле беше задремал (домаќино) (6, 14); **зацрви се**: На тепанио му... се зацрвил вратот (5, 366); и др.

5. *(посебно кај глаголите со* с е) *резултативно значење (доведување на дејството до крајност или негово полно обземање):* **забора(в)и се**: (Гускарот) се заборaил оти јет навистина тоа што гледал (5, 127); **загледа се**: (Синот од царо) се загледал во кадрото (3, 63); **задума се**: Стојало овчарчето сѐ задумано (3, 221); **заседели се**: Во коските од глаата да се заседелат еден рој оси (5, 288); **застои се**: До портата се застојало (момчето) (3, 153); и др.

6. *почетна свршеност – ингресив* и *завршна свршеност – дефинитив.* **а**. *почетна свршеност – ингресив:* **забери**: Зер затоа си забрало гајле? (5, 84); **заблеи**: Пак заблеало детето како брав (5, 355); **завеи**: Беше завеал еден силен ветар (4, 112); **заврни**: Беше заврнало многу силен дож (4, 24); **загази**: Ја загазила (жената) реката (4, 143); **заниша**: (Ќелешо) ја занишал ортомата (2, 115); **заоблачи се**: Времето било многу заоблачено (6, 130); **запеи**: Му запеало пилето (на девојчето) (2, 129); **засака**: (Девојката) брата му го засакала (5, 234); **засвири**: Ќе земел... некоја свирка да засвири (5, 212) и мн. др. **б**. *завршна свршеност – дефинитив:* **забележи**: Царот

го забележал (светијата) и по црква после беше го викнал (4, 162); **загини(т)**: Сите што го гледаа, го жалеа оти таквоо момче да загини (5, 57); **запали**: Запалило (момчето) трад (2, 194); **запусти**: Јас толкуа чивлизи запустив (3, 209); и мн. др[3].

~ З а б е л е ш к а 1. Во современиот јазик предлогот *за* во значење на ‚зад‘ (сп. загорје) не се зачувал. Меѓутоа, префиксот *за* со такво значење (транскурзив – дејството е управувано зад нешто) се зачувал во з*ајѳи*, *заоѓа*.

~ З а б е л е ш к а 2. Блаже Конески, Граматика, дел II, стр. 142.

~ З а б е л е ш к а[2] 3. Рада УгриноваСкаловска, Значењата на глаголските префикси, стр. 55.

~ З а б е л еш к а 4. Сепак, особено е продуктивен овој префикс кај глаголите што означуваат почеток на дејството, поточно, за образување на почетна свршеност – *ингресив* и завршна свршеност – *ѳефинитив.* Вид. го значењето 6.

~ З а б е л е ш к а 5. Се разбира, еден и ист глагол со префиксот *за* може да развие повеќе значења. Тоа можеше да се види и досега кај одделни глаголи. За пример го посочуваме глаголот *забери:* **а**. *со ингресивно значење:* Бре, да затоа си забрал гајле? (5, 32) **б**. *со ѳефинитивно значење:* Го забрал еден џандар (Бугарино) и го однесол на полиција (6, 79).

~ З а б е л е ш к а 6. Полипрефиксацијата со *за-* не е изразена во приказните на Цепенков. Ги одбележуваме само глаголите *запотера* во *ингресивно значење*: Се дигнало морето со едни талази, та како ја запотерало преку море (гемијата) да ја носит (5, 250); и *застемни* (за + с + темни) ‚фати некого мрак‘: Ја застемнило ноќта (цареа ќерка) во една корија (5, 334) – *во ѳефинитив*.

~ З а б е л е ш к а 7. Големиот нивни број (над 170) сведочи за честотата на употребата на глаголите со овој префикс во приказните на Цепенков. Им придава на глаголите повеќе значења.

~ З а б е л е ш к а 8. Хибридни образувања се: *заарни му се, заборџи се, заборџуа, заинаети се, закауѓери се, заортачи се, заортачуа се, запазари, запизми (се);* и др.

ЗААР овде: **ѓел-зар** – *никакавец;* Околу врато вошки кај ти лазат (бре ќелеш), жив ќе те јадат, а јас испран, најаден, напиен, наспан, руба наносен и од сите убаиње од веков насладен. Уште многу имам, мрзло, да ти велам, илја тука не му је местото. Чу, ќел-заар, што ти кажав, али не чу? (рекол садријазамо) (6, 94)

ЗААРНИ МУ СЕ *гл. свр. почне да му биде арно, добро; почне да се чувствува добро, пријатно;* На момчето беше му се заарнило, чунки лисицата го муабетисуаше и му супрааше куќата како некоја домаќинка (2, 201); Откоа му се заарнило на орелот и тој беше си останал гостин кај момчето (2, 204). И со волкот момчето се понаучи и му се заарни, чунки се разгоараше и се шеташе. (2. 202). Во друг пример: (2, 203).

ЗАБ -и *м. секој од коскените израстоци во вилиците на човек и животно – за добење на храната*. **а**. *на човек;* Ми се јави еден Арап многу страшен... со едни заби како од најголема дива свиња (2, 281); **б**. *на животно;* Кое тој сечи, кое коњо гази и со заби кини, па 'и избрка и наттепа (двете војски) (2, 291); При овците си имаше еден стар пес, само со еден заб (3, 70); ако е (чоекот) живо месо (гол) без заби и нокти, пак ет појунак од сите живи sверои на веков... (2, 86); Коа чкрипна (чоеко) со забите, огон пуштиле! (2, 280)

~ Во и з р а з и т е: **ватиле да тресат клинци со забите** – *почнале (од студ) да им тракаат забите;* Бидејќи малку студело и бидејќи тие беа биле голи со парталаи алишта, ватиле да тресат клинци со забите (6, 115); **во забите како пес** – *забите му се криви*; – Аќикат, кардашлар, ако је он кус и рус, он ќе да је брез и во забите како пес, емџамити – им рекол првио. (5, 154); **да би лебо ти влезе во забите**! (клетва) – *лошо да ти се случи, аир да не видиш;* (А, бр бестрамнику) да би лебо ти влезе во забите! (5, 49); **душата ми е дојдена во забиве** – *на умирање сум;* За верно да знаиш ова што ти го велам, чунки душата ми е дојдена во забиве од пустата сиромаштија што ме навјавнала до шија (3, 272); **(од студ) забите**

ќе си ’и искршел од тресењето што го тресело – *многу го тресело; многу му било студено;* И коа ја исполнил петте стотини години, беше му наумил (Господ) со една лоша треска, беше го стресло (Адам): одземи го кревала, од студ што му било, забите ќе си ги искршел од тресењето што го тресло (4, 20); **едни заби како од некоја дива свиња** – *големи заби криви како на дива свиња*; ...еден страшен Арап му се јавил пред царот. Коа го виде царо и негоите другари, камен се сторија на местото од страо негов, чунки бил со една страшна / уста што да можи жив чоек да голтни, едни заби – како од некоја дива свиња!(2, 279–280); **’и немал забите од волкот** – *немал јаки (силни) заби;* (Чакалот) 'и немал забите од волкот за да можи да го вати (коњот) за брњи (2, 42); **огон и пламен му излегуаше и од забите и од очите** – *толку многу беше страшен (Арапот);* ...туку ми се јави еден Арап, многу стршен и силен, со една уста колку една ламја, со едни заби како од најголема дива свиња, едни очи како од некое биолоште; огон и племен му излегуаше и од забите и од очите. (2, 281); **си 'и острит забите за да јадит** – *се подготвува за да јаде*; Седна волкот на реченото место и вати да си 'и острит забите за да јадит од брав месо (2, 22); **со заби** – *гризејќи, прегризувајќи (ја);* Го наврте уото лиса и – кап! за уо ја грабнал јазоецо со заби... (2, 30); Од големата жал таа го исплазила (јазикот), и тој наместо да ја го целиват и го ватил со заби – кап со забите сторил – и едно тргнуање, ***и*** го изваил сосе грклан. (4, 218); **тресат клинци со забите** – *студено им е;* Бидејќи малку студело и бидејќи тие беа биле голи со парталаи алишта, ватиле да тресат клинци со забите: так, так, так, так, так! (6, 115) **чкрта со забите** – *се заканува;* ...втасала чумата на синоро и ватила да се срди, и да колни, и да чкрта со заби (2, 262)

~ Во к л е т в а т а: Да би лебо ти влезе во забите (5, 49).

~ Со п р и д а в к а т а **позлаќен**: За кăсмето негов, таа излегла со лицето насмеано и му ’и виде забите позлаќени (5, 212).

~ Со б р о е в и т е: **еден**: ...пусти еден заб имав и тој да го немам... (6, 52); ...си имаше еден стар пес, само со еден заб, и имал две млади кучиња. (3, 70); **четири**: Јас му кажав (на другарот) оти само четири заби имам (5, 64).

Во д р у г и п р и м е р и: (2, 103; 2, 24; 6, 150).

ЗАБАА *гл. несвр.* **забава** од з а б а в и. **I**. **1**. *заѕоцнува (ѕа сврши нешто);* Вистина, жено, што сум се молил толкуа години на Бога еве сега ми праит: Госпо забаа, ама не заборaа (3, 236).

2. *заѕржува некого (ѕа не сврши нешто навреме);* Ов, мој мили домаќине, немој не забаај ме, ти се молам, оти да не ми се разбудит малечкиот ми Милоше... (5, 12).

II. **се забава** *се заѕржува, ѕоцни;* Итроман Пејо си имал едно магаре што си одел на дрва; магарето му било слабо и многу се забаал дури да си дојди со дрвата дома (6, 218); Ете затоа така јас брго ја вршам таа работа, а пак ти се забааш (6, 103).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Господ забаа, ама не заборaа (4, 167; 5, 230).

ЗАБАИ *гл. свр.* **забави I**. *заѕржи некого (така што ѕа заѕоцни);* Вие сами знајте како ве тоараат, што да ви редам јас едно по едно и да ве забаам (2, 70).

II. **забави се 1**. *заѕржи се (ѕа не ѕојѕе навреме); заѕржи се некаѕе повеќе оѕошто требало; заѕоцни се;* Слушам твојата заповед, честит царе, туку бев се заватил во една голема работа, та од тоа се забаив (2, 82); ...јас имам една голема работа дома, можи да се забаам до вечера дома (4, 107); Ние се забаивме четириесет и три дни (3, 93); Дури се променил, дури вечерал (овчарот) баеѓи се забаил, тукуречи до полноќ (5, 8); Слушај вамо, момче, еве јас ќе одам на свадба и ќе се забаам неколку дни (2, 283); ...ние се забаивме четириесет и три дни. (3, 93); со прилозите: **баеги**: ...дури вечерал, баеги се забаил (5, 8); **малку**: Знам јас оти с***е*** што е скришно, најаве ќе излези, само ако се малку забаи. (5, 122); Во други примери: (4, 107; 5, 303; 5, 338; 6, 228)

2. *(за појава) стане, оствари се, но со помало или по-*

големо задоцнување; Знам јас оти сѐ што е скришно, најаве ќе излези, само ако се малку забаи (5, 122); ...со билки ќе ја лекуат (момчето Дуња Ѓузели), да затоа ќе се забаело (3, 162).

ЗАБАИ(Т)[2] *гл. свр.* **забае** – *некому „помогне“ со баење;* ...да одат двете кај селцкиот прематар да купат билки за да ’и забаит и да го одвратит од другата жена и мажо је пак да си ја милуат неа (4, 240); Ја кажи је на баба за да ми ти забаит и да ме видиш што мајстор сум! (6, 46); Изваил од една торба (маѓеснико) билки чемерики и му забаил на сите три снаи (2, 272).

ЗАБЕЛЕЖИ *гл. свр.* **1**. **а**. *запише, втисне знак.* **б**. *(со очи) видои некого (меѓу многумина);* Царот го забележал (светијата) и по црква после беше го викнал на сараи (4, 162). **в**. *утврди, установи (со гледање);* Идејќум Евреинот у неа... вати да му се пули момчето со криво око, чунки забележало нешто лошо да праит мајка му со Евреинот (3, 54).

2. *направи забелешка, укор;* Многу пати царот беше го видел момчето оти ’и тепало немилостиво магаринјата и еднаш беше го викнал при себе та му забелезал јако за уште еднаш да не маат така (3, 285).

ЗАБЕЛЕН *гл. прид.* од **забели се** – *почне да белее, да станува бел;* Ако не пукнеше тој ѓаол од инаетчијата жена, сега ќе си имавме и еден забелен ѓаол (4, 277).

ЗАБЕРИ *гл. свр.* **забере 1**. *почне да бере;* **забрало гајле** – *се загрижило;* –Ејгиди момче, зер затоа си забрало гајле, ој ми дедо ти ќе ти даит месо... (5, 84); Бре, да затоа си забрал гајле, ами јас да сум ти жив – му рекол стариот... (5, 32); – Ха, море кирие, за мене ти си забрал гајле оти не сум знаел јазици за бравите да г’ продаам... (6, 86); (5, 210); **забра душа да умират** – *почне да умира; на умирачка е;* Тогај ’и викнал сите еќими (царо) за да го лекуаат, арно ама зер дотогај беше му бил денот и забра душа да умират (5, 29).

2. *земе (сосила) некого и потера пред себе*. **а**. *човек;* ...го забрал (Бугарино) еден џандар и го однесол на полиција

(6, 79); Дошле од суд сејмените и го забрале (мераклијата чоек) со турканица, та го однесоа пред судникот (4, 299). **б**. *како субјект* ветар; Коа нѐ забра еден силен ветар, та коа ја спотераа талазите гемијата ...кога ја удри во едни спили... (2, 157). **в**. *домашни животни;* Од татка му на овчарот беше му забрал триста овци (4, 135); Му го зел крлугот и чантата со леб (козарот), та со усул му ји забрал козите (на момчето) (6, 207); ...беше ти бликнало едни силни реки како некои ѕидои и беше забрале овци овчари (4, 61); Во истото време дошле стопаните и г' забрале магарињата, та си г' отерале дома и на работа. (2, 72); (Ужаленото момче) г' забрал пред себе волоите, кротко, кротко да си оди дома. (3, 34).

Во д р у г и п р и м е р и: (3, 24; 3, 34; 4, 120; 4, 122; 4, 229; 4, 135)

ЗАБИРА *гл. свр.* од з а б е р е; овде во пословица, во значење: *останува сам;* Море свату, што туку 'и одбираш момите? Ами лели знаиш, оти кој пребира, тој забира (3, 117).

ЗАБИТ *м.* (тур.) *офицер;* Момчето му кажало на пашата за трите насиети што му 'и дал татко му... со голем чоек (со забит) да не биди голем пријател, на жената ем најскришно ништо да не – кажит и со грацките чапкани да не биди верен пријател (5, 58); Такваа чес му праеја (чапканите на момчето), што ни на забит не му се праеше (5, 55).

ЗАБЛАЗНИ *гл. свр. рече, блазе си му*; Ха, ете сега, момче, си се сетил да напраиш добрина – му рекол еќимо – што кој ќе чуе и кој ќе види, да те заблазни оти на чоек добрина ќе напраиш (3, 123).

ЗАБЛАЗНУА *гл. несвр.* од з а б л а з н и; **заблазнува**: Еден маж и една жена си живееле многу арно, како што сакал Господ; на живејачката згора секој му заблазнуал и му повалуал дека толку се милуаа мажот и жената (4, 239); Секое пиле што ѝ го виде седелото коа го праеше ластојцата, ја заблазнуаше (2, 97); Бидејќи таа набожна, кротка и смирна, детето се сторило уште поарно од неа. Секој је заблазнуал задека је било арно. (4, 263).

ЗАБЛЕИ *гл. свр.* **заблее а**. *(за овца) почне да блее*. **б**. *(за човек) при имитирање на блеењето на овцата;* Пак заблеало детето како брав и чоекот на часо беше го врзал јарецот за еден трн до пато (5, 355).

ЗАБЛУДЕН *гл. прид.* **заблуден** од з а б л у д и (се) – *тргне по погрешен крив пат;* – Ајте ми со здравје, милите и слатки мој братчиња, ајте си кај ќе ве изнесит патот и Господ, оти нашата заблудена мајка, је го зел Господ умот и разумот, та сака вам да ве колнит (3, 276).

ЗАБОЛИ *гл. свр. (само во 3 л.) почне да боли;* Поминало некое време, и царот го заболеа очите; го лекуале; немало вајде од ништо (3, 29).

ЗАБОРАА *гл. несвр.* **заборава** од з а б о р а в и; *не памети, губи од памтење;* ...ватила (жената) манџата да му ја готви (на мажа си) сè подварена, чунки сè заборааала вода да турат, да не подварит (5, 339).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Господ забаа, ама не заборааа (3, 236; 4, 167; 5, 362).

заборааање *ср. гл. им.* **заборавање** од з а б о р а- в а; ...си дошол дома (момчето) без да му го даит камчето, не од сакање, ами од заборааање (3, 261).

ЗАБОРАВИ и **ЗАБОРАИ(Т)** *гл. свр.* **заборави I**. **1**. **а**. *избрише од сеќавањето*; Си летнала (гугучката) да оди седело да праи, арно ама заборааила како је казала ластојцата (2, 100); Ја бележи портата со тебешир за да не ја заборааит која јет (5, 350); Една вечер беше заборааила жената да си залеи вода (4, 285); ...па коа ќе сакаш да дојдиш, да не ме заборајиш – му рекол ’рслано и го испратил (2, 6). **б**. *во пасивна употреба;* И по смртта негоа еве и до денеска кај се прикажуа и довека нема да се заборааи негоото име (4, 202); Ти се молам, синко, еве ќе ти кажам... ако ти се побиет шега свето со трпење сè ќе се заборааит (4, 245). **в**. **заборааен од светот** – *не се сеќава никој за него;* Чул еден стар еќим што бил заборааен од светот: поради староста што ја имал...(5, 166).

2. *не сшори нешшо (од невнимание);* Туф бре, види као заборавив нешто да је нарачам на жената ми – си рекол сам со себе – ја чекај ќе се вратам, нема чаре, за на аџилк и утре се оди (6, 90); Си отишло дома (детето) и заборајло да му речит тогај на мајка си (4, 263); Старио ја забораил торбата (2, 274); Беше забораил (Итроман Пејо) леб да си земит в планина (6, 198); Седнале да вечераат (аргатите) и сиромајот му текнало оти ѓоа српот си го забораил на нива (2, 122).

II. **заборави се** Вид. **заборави** и **забораи**; Ништо друго не знаев што да праам, отколку во гости, да да праам со свирки и тапани да се заборавам оти има друг маж жената ми (5, 266); Коа ја видел гускарот, се вчудовидел и сам себе се залисал и се забораил оти јет навистина тоа што гледал (5, 127); Кога тргна прачката, брате мило, да свири, секој што чул, застанал да слуша и се забораил да си оди по работата (5, 216); ...овчарчето се забораило оти је царев зет, тики ич не ја слушал цареа ќерка што му зборуала. (3, 221).

~ Во и з р а з и т е: **да не ја забораиш сиромаштијата** – *да помниш кога си имал тежок живот (како сиромав);* Земи си и биди богат, ама да не ја забораиш сиромаштијата и Бога за да не ме устрамиш (4, 212); Ми е страв да не ја забораиме сиромаштијата, оти ѓаолот ни орат ни копат (4, 178); **твоето добро нема да ти го забораиме** – *секогаш ќе се сеќаваме на твојата добрина;* Твоето добро нема да ти го забораиме, само и само да не стоиме во оваа темнота (4, 17); **како го забораи моето добро** – *како не се сеќаваш на мојата добрина;* А бре, никаквецу еден, како го забораи моето добро што ти ’и пренесов магарињата и тебе преку една силна река (2, 61).

Во п р и м е р и т е: (2, 37;2, 49; 2, 59; 2, 61; 2, 100; 2, 122; 2, 150; 2, 179; 2,234; 2, 274); (3, 68; 3, 74; 3, 85; 3, 139; 3, 253; 3, 276; 3, 252); (4, 17; 4, 20; 4, 22; 4, 117; 4, 178; 4, 179; 4, 184; 4, 195; 4, 202; 4, 203; 4, 212; 4, 213; 4, 245; 4, 363; 4, 372; 4, 285); (5, 127; 5, 166; 5, 184; 5, 216; 5, 226; 5, 289; 5, 350; 5, 352); (6, 45; 6, 78; 6, 89; 6, 133; 6, 189 о др.)

ЗАБОРЏИ *гл. свр.* (тур.) *ставил во долгови; задолжил;* Целиот град (мемелџијата) беше го заборџил давајќи

му пари со мемеле на луѓе (4, 213).

ЗАБОРЏУАТ СЕ *гл. несвр.* (тур.) (Вид. борџ, борч) **заборџува се** од з а б о р џ и (т) с е – *задолжи се;* овде: *земе пари и др. на заем;* ...му идеше мака (на праведнио чоек) оти не посеа тој да си има жито, ами да биди скуден и да се заборџуат за годината да ја помини (4, 118).

ЗАБРАНУА *гл. несвр.* **забранува** од забрани(т) – *заповеди нешто да не се прави;* – Е, дружино, видовте оти и ние можиме да напраиме рај, како што можи и Господ; ај сега влењгујте внатре, јадете... ; од ништо не ви забрануам, како Господ што му забрануаше на чоекот, што го кладе внатре да живеит со жената си (4, 219).

ЗАВАЛ *м.* (тур.) *вина, одговорност;* **завал праи** – *прави нешто жално, држи некого одговорен за нешто;* ...ако ми кажите праото, секому бакшиш ќе му даам, и ништо завал нема да ви праам (3, 288).

ЗАВАЛИ *прид. неизм.* (тур.) *кутри, клет, јаден, пуст;* – Пушти го, Велко чедо, штркот, пушти го – му рекла Неда – оти је греота, зер и тој, завали, ет некој вдоец (2, 151); Коа ’и чу тие зборои сирота невеста, умре од страмота, завали! (6, 6); Тјуф, бре гиди, што превара му стори ѓаоло – натемаго! – на сирота баба, ја отепа, завали баба (4, 279); – За греој, завали штрк – рекла Неда – што сте го тепале, доста му је самотијата што је вдоец како мене, па сте го тепале (2, 152).

Во д р у г и п р и м е р и: (2, 65; 2, 66; 2, 178; 3, 151; 4, 227).

ЗАВАЛИ *гл. свр. (печка, соба) загрее, затопли; запали оган;* Оди онде при овчарине да земиш оган, да си завалиме и да повиеме детето (3, 175); Ајде, осум сестри и осум зетои, завалете стред двор еден силен оган, ќе гориме лута змија од која го дочував братот (3, 176).

ЗАВАЛИЈА -ии *прид. неизм.* (тур.) Вид. **завали**; *(овде*

употребена како поименчена придавка) несреќник, несреќница; Сио раскапан бил сиромаио штрк, Боже чуај брани, за греои бил завалијата. (3, 120); Да жниет (крштеницата) без да ји даи поручек да касни еден залак леб, ами гладна завалијата да жние, и је застанала пред неа за да је свети и да не ја остаи да здивни (4, 144); сите измеќарки беа каснале по една смоква и сите завалии беа се сториле магарици (3, 284).

заварен *гл. прид.* Вид. завари[1].

ЗАВАРИ[1] *гл. свр.* **1**. *почне да вари.*

2. *приготви јадење со варење;* овде: гл. прид. з а в а р е н: Умрела жената и останал мажот вдоец и страден за заварена манџа (5, 340).

ЗАВАРИ[2] *гл. свр.* **I**. **а**. *со кованье и сл. спои, сврзе два вжарени предмети;* Је се скршила кацијата на една жена и му је дало на сина је да ’а однеси в град при некој коач да му ја завари (6, 96); Не била заварена кацијата арно (6, 96). **б**. **заварен** – *цврсто споен (така што претставува пак едно цело);* (Силјан) си собул објалото од десната нога, та му ја покажал ногата кај што му била заварена (2, 159)

I. **завари се** *(во фантастичните приказни) спои се сам (така што претставува пак едно цело);* Ја види, ’а, бре татко, ногата кај што ми ја окрши и ми се завари (2, 159); Пред десет саатот пошол во одајата кај што беше скриен умрениот, и кога го открил, вистина бил со глаата пресечена, и беше се заварила, – за брго време ќе станел (4, 270).

ЗАВАРИ[3] *гл. свр. затече, затекне;* Ај оттука, мори никаквице, крши си глаа, ти мене ќе ме учиш! За две-три капки дека ќе сум заварел, ќе сум паднел?! (6, 10)

ЗАВАТИ (**СЕ**) *гл. свр.* Вид. **зафати** (**се**): (2, 82; 3, 59;3, 98; 3, 127; 4, 60; 4, 146; 4, 185; 5, 168; 5, 214; 6, 42; 6, 138; 6, 167; 6, 222).

ЗАВАЌА *гл. несвр.* з а ф а ќ а; Ај ој си и ти, чорбаџи, – лекуј се... и чини доа оти те остаил жив овој чорбаџија. И уш-

те еднаш со него со инат да не се заваќаш (5, 366).

ЗАВЕИ *гл. свр.* **завее** *(за ветар) почне да вее;* Од кај што беше топло, туку веднаш беше завеал еден силен ветар од северна страна (4, 112); ...не би час, беше завеал еден ветăр студен, што дури свржел, беше му застудело јако (6, 180).

ЗАВЕРУВА и **ЗАВЕРУА** *гл. свр.* **заверува** – *прими нешто за вистина; поверува;* Откоа го ислушала царцката ќерка ќелешо, заверуала за сѐ што е кажал, чунки го гледала оти било многу прост (2, 268); Извајте, бре браќа, глаите од ламјата за да заверуа и овој јунак, да ни се здружи и тој со нас (3, 105); Слушајќи Дуња Ѓузели тие зборои од орело, го заверуала и откоа си отишол орело, почнала да бара околу камено душата (3, 88).

ЗАВЕЧЕРА *гл. свр. почне да вечера;* Едно беше рекле: „Бисмиљам“ (Боже, поможи), за да завечераат, и едниот рекол: – Бу ет, ќупек кокар (месово на куче мириса) (4, 169).

ЗАВЗЕМИ СЕ *гл. свр. (место* **заземе се** *под влијание на бугарскиот јазик) зафати се, ангажира се;* Со здравје, сестри – му рекол свети Илија – ако даит Господ, каде вака сте се завзеле за да патуате? (3, 200)

ЗАВИВА *гл. несвр.* од з а в и е[2] - *почне да вие, да пишти, писка, вишти (од болка и др.);* Што да најди (човекот) во расоло? Една змија лутица умрена уште кога завивала зелката влезена внатре. (5, 270).

ЗАВИДИ *гл. свр. почувствува завист кон некого;* Ај гиди царцки син, ...татко ти ќе ти завиди оти ти да ја земиш Дуња Ѓузели и да ја имаш за невеста (3, 94); Во старо време во некоја царштина завиделе жените од големците, поддупнати од самата царица, да даат еден арзоал на царо да се клаат и жените на царцки маслаат (5, 5); Лели му завидел зајако на песо оти тој да носи чорапи, а тој да оди бос, преесапил еден есап да го излажи и да му ’и земи (2, 67).

~ Во и з р а з и т е: **кој да види да завиди** – *при истакнување на нешто убаво сторено;* А пак ако одам подалеко

од него, па ќе вика по мене, ќе се кара, ќе се лути оти не сум одела до него, рамо до рамо, чунки така прилегало (5, 342); Кога – што беше излегло од блаосоениот орев! Една цела сурија волој, сите една длака... кој да види, да завиди (3, 34); **што свиде**, **што завиде** – *нема место за завидување;* Што свиде у мене, што завиде, саде нив ’и имам! (5, 322)

Д р у г и п р и м е р и: (2, 74; 2, 85; 2, 118; 2, 174; 2, 155; 3, 166; 3, 260; 4, 179; 4, 239; 4, 252; 5, 5; 5, 322; 5, 324)

ЗАВИДУА *гл. несвр.* **завидува** од з а в и д и; Море домаќине, не биди будала да ’и слушаш светот кој како ќе ти речит; светот ни завидуаат, а домаќине, и сакаат да н расипат (6, 9); Мнозина му завидуале (на двајцата верни пријатели) и му барале крајо за некако да ’и скараат и да ’и расипат (5, 281); Аргатино му завидуал на царо за честа што му ја праеле луѓето што одеа по царо (3, 318).

Во д р у г и п р и м е р и: (4, 241; 4, 243; 5, 78; 5, 327; 6, 9; 6, 45;

ЗАВИЕ *гл. несвр.* **I**. *завитка, замота;* ...го завила (жената детето) во некое парталче, му кладе една смоква в рака, да си ја држи в уста (3, 192).

II. **завие се** *завитка се, замота се;* ...наместо добро да ми стори (смокот) и некој бакшиш да ми даит, ми се зави за гуша и сакат да ме јадит, али да ме давит (2, 35); ...на часо беше се завила една виулица околу девојката и је кренало на облаци (3, 39); Молим, остај (ј)а расата да се завијам, да после да се ставиме и да се разгоориме. (4, 196)

ЗАВИС *ж.* и *м.* **завист** – *чувство на незадоволство што сам нема нешто што има друг и желба и сам тоа да го има;* Кога ји чу тие зборојн Некăсметлијата, уште поеќе беше му влегла зависта в срце и да беше кабил со раце да го вати за грчмак ји да го удаји (3, 304); Пустата гордост од Деница и завис уште поеќе му се намножила против Бога (4, 8); Маштеа ми од завис ме испрати во планинава со еден џељат да ме загуби (5, 331); Како што бил прв во богаството (чоекот), така бил и прв во зависта (5, 273).

~ Со п р и д а в к и т е: **голема**: Кога чул богатиот оти сиромаиот се сторил егумен и поголема чес имал, тага беше му паднала на срце од големата завис што имал (5, 274); Комшиите многу му завидуале (на двајцата браќа); од голема завис што имале, му изваиле една ивтирија (5, 278); **лоша**: Туф, бре гиди – рекол сам со себе, види до колку је лоша зависта и тамавќарлѫко (5, 159); Егуменот посакал да го обиди богатиот и да го устрами пред целиот град за негоата лоша завис (5, 276); **пуста** и **пусти**: Сите лошотии јас сама 'и чинев и тебе те клеветев од пустио завис што сум имала на твојата кротос и твојата личитија што ја имаш (2, 163); Јас сум цареа ќерка, богата со татко, а сирота со мајка и имам лоша маштеа, од пуста завис ме прати во планинава да ме загуби со еден ѿељат (5, 330).

Д р у г и п р и м е р и: (2, 22; 3, 140; 3, 266; 4, 8; 4, 100; 5, 159; 5, 244; 5, 273; 5, 274; 5, 276; 5, 278; 5, 331

ЗАВИСЛИВ *прид. што чувствува завист; завидлив;* До куќата од бабата седел еден богат чоек. Тој бил многу тамавќар и многу завислив (5, 296); Пустиве зависливи невести ќе пукнеа од мака оти не можеа да 'и скараат браќата и сестрата (3, 142); Кога видоа обете невести зависливи оти золвата била во манастиро како егумен и од проштењето незино му оздравеле очите на браќа је, веднаш беше му влегло во срцето ѓаолот (3, 143)

Со и м е н к и т е: **кучки, сестри** (3, 137), **маштеа** (3, 146), **сестра** (3, 140); **невести** (3, 142); со супст. п р и д а в к а: **богат**; Откоа (царот) го зел кравајчето, беше го задржал до себе зависливиот богат. Го раскршил царот кравајчето... (5, 277); со п р и л о г о т: **многу** (5, 296)

Во д р у г и п р и м е р и: (2, 163; 3, 157; 3, 140; 3, 142; 3, 146;5, 158; 5, 159; 160; 5, 277; 5, 296)

ЗАВИСТИНА *прил.* **навистина** – *точно;* Завистина, од првио ден на месецо ништо не му се довршуало на сиромасите и на сиромашките во куќите (4, 137); Го откопале (аргатите) азното и завистина се јавиле две сабји (6, 73); Зависти-

на, честити царе, отсега вамо не је чаре да јадам толку многу (5, 306); ...нема да се вратам од овие тешки лакрдии што ми (г)и рече стариот, да знам оти завистина клетвата негоа ќе ме ватит (2, 139); И завистина од првио ден на месецо ништо не му се довршуало на сиромасите и на сиромашките во куќите(4, 137); Откоа ’и чу жената тие зборои од мажа си, едно веруаше оти завистина му вели, а деведесет и девет не веруаше да му вели завистина, сѐ си велеше со умот оти ја задеват, за шака му велит (5, 340)

ЗАВИТКА *гл. свр.* **I**. *завие, замота;* Кога чула жената му оти приклукала портата, го завиткала момчето во една ругузина и го испраила во еден ќош... (5, 312); Го завитка (тевтерчето) во трите мушами, та си го кладе в пазуа (5, 365).

II. **завитка се** *завие се, замота се;* Ја остаил (Зосија) расата и се истаил понастрана, та се завиткала Марија со расата и го викнала Зосија при неа да се видат (4, 195); Му излегол (на човекот) еден страшен смок и веднаш беше му се завиткал околу гуша на чоекот (2, 34).

ЗАВИТКУА *гл. несвр.* **завиткува** од з а в и т к а; *завива, замотува;* Сирота, завиткуј раката, пишти, плачи; стоја еден ден, два дни, ваму рака боли, и се јади (5, 318).

ЗАВЛАДА *гл. свр. почне ѓа влаѓее (некого);* (в) рајо... завладаа верните Божи ангели да го вардат за праведните војници Ристои. Да го завладаат во место неверните ангели (праведните) (4, 10).

ЗАВЛЕЗИ *гл. свр.* **завлезе а**. *почне ѓа влегува.* **б**. *навлезе;* Заминаа полето и дошле до крајот од планината, та завлегле во едни расја (5, 354).

ЗАВЛЕЧИ *гл. свр.* **завлече а**. *повлече повнатре;* (тргнала змијата) за да ’и опколиса околу-наоколу (39-те браќа) и да ’и завлечи во езерото (3, 99). **б**. *занесе, оѓнесе;* Чекаа да го исфрли водата на некоја страна, чекаа да дури претече матната вода, арно ама не би кăсмет да го исфрли, чунки близу било морето и тамо го завлекла реката (момчето) (3, 291).

ЗАВМЕТ *м.* (тур.) *труд, напор;* Еве ти и тебе десет (алтăни) за завметот што ’и носиш (6, 227); с т о р и з а в м е т – *потруди се;* Море, ај бре селани, денеска ожнијте ми ’и нивјето, сторете еден завмет – му рекол – да и јас ќе ви даам еден ручек (6, 165); Стори уште еден завмет, бре човече, да ми залеиш од чешмана вода (5,17); А, бре ага – му рекла – ја стори еден завмет и пројди на бања да се измиеш арно, арно, да после да се промениш (5, 291).

~ Во и з р а з и т е: **ако** (**не**) **ти е завмет** – *ако не ти е тешко;* Е, лели си ја видел месечината, чорбаџи, и на душа н земаш му рекле Турците – бујрун кај кадијата да пројдиме и ако ти е завмет, да кажиш за да го заватиме Рамазанот (6, 80); **еден завмет** – *(молам) за мала услуга;* Молим, господине, еден завмет, пој ова што велит (6, 231); **завмет ти е** – *ако не ти е тешко;* Завмет ти е, мори жено, иљаким за честа од пријателиве, види една друга да одбериш (6, 29).

Во п р и м е р и т е: (2, 39; 4, 123; 4, 136; 4, 142; 5, 36; 5, 17; 5, 91; 5, 104; 5, 291; 6, 29; 6, 80; 6, 85; 6, 165; 6, 227; 6, 231).

Етимологија ‚потекло‘: **завмет** *м.* (тур. zahmet од арап. ‚труд, напор‘).

ЗАВРЗИ *гл. свр.* **заврзе 1**. *врзе за нешто;* Ах, проклето венчание, што ме врзале за оваа магарица а не жена, чунки само магариците и магарињата праат инат коа да врват на мостеи, како што праит мојава жена! (4, 274)

2. *(за растение) фати корен (и почне да расте);* До дваесет и четири саата туку порасна еден орев голем, до немајкаде и за чудење големо, заврза орев и уздејал, та сами од себе почнаа да капат поземи... (5, 68).

ЗАВРИЕ *гл. свр.* **1**. *почне да врие;* Кулата... пропаднала на дно вземи и се сторила вечна мука, како голем казан полн со катран и писа, да вриет Зерзевул со негоите сите. Заврреле внатре и оттогај и ден денеска вриеле (4, 220).

2. *зоврие;* Заошто да му ’а носам на кауѓерите да ’а јадат, мори жено, ами ја клај го ѓумо да заврие вода и ќе ’а колам (кокошката) (3, 237)

Во и з р а з о т: **заврие од лутина** *мошне многу се налутил;* Многу серсем бил пустио бербер, тики уште не беше го заватил да го бричит, беше заврел од лутина и ватил да фучи со носот (5, 301).

ЗАВРНИ *гл. свр.* **заврне а**. *почне да врне (дожд);* Беше заврнало еден ден многу силен дожд (4, 24); По некој годиње коа ваќа суша, излегуаат народо по крсти и се молат за дож да му заврни (4, 142). **б**. *безлично;* Фатило да му капи на некој чоек куќата коа заврнало и зел скалата да се качуа за да 'и фати капките (6, 9).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 247; 4, 24; 4, 200; 5, 42; 5, 343.

ЗАВРНУА *гл. несвр.* **заврнува** од з а в р н е; По некој годиње коа ваќа суша, излегуаат народо по крсти и се молат за дож да му заврни. Многупати му заврнуат, а понекогаш и не му заврнуат (4, 142).

ЗАВРТИ *гл. свр.* **I. 1**. *сврти (некого или нешто) на една или друга страна;* Завртел (сиромаио) магаренцето од пато настрана за да му попаси малку (5, 146); ...како што стоеше скалата просто, туку ја заврте Господ со горниот крај удолу (4, 79).

2. *управи кон некого;* ...го кренал (кочиџијата) чаркот и му го завртел на еден од Евреите в гради, го чкрапна... (6, 136); Едно ја чул лисицата овчаро, и на часо завртил со стапо, та ја прекршил змијата (2, 93).

3. *почне да врти (глава),ednaш или повеќепати;* Коа чу јабанџијата тие зборои од акчијата, фукна со носот и ја заврте глаата (6, 84); Го зел чорбаџијата тагарџикот и ништо не му прогоорил, само беше си ја завртел глаата и влегол во една друга одаја (5, 90).

4. *почне да оди скршнувајќи од правецот;* Удрил старио маската, удрил да помини преку планина, не могол и пак завртел одоколу и пак го привтасал момчето (3, 26); Одејќи од друга страна, коа ошле во планината, завртеле као кај таа острана и го нашле тамо (5, 359).

II. **заврти се 1**. *сврти се (на друга страна);* Дедо, дедо, ете го штркот зад тебе, заврти се да го видиш (2, 151); Клала (мечката) на врато на Еѓуптино и го подушила; се завртила од другата страна, па од другата страна, и никако есапо не ’и го ваќала да го јади (6, 73); ...дури се завртел попо, беа го изеле селаните лебот (6, 165).

2. *(прен.) смести се, остане;* ...при сѐ што немаа кај да се завртат тие, ами и мене ме приимаа и ме гостија со што им дал Господ (3, 202); Е ај, бре Арнаут, ќе ти сторам уште едно добро за да ти ’и изваам парите, ама ич да не се завртиш овде (5, 294).

Во примерите: 2, 93; 2, 280; 2, 292; 3, 62; 4, 40; 5, 114; 5, 304; 6, 203.

ЗАВРТУА *гл. несвр.* **завртува** од заврти. **1**. Вид. заврти 1; Завртуајќи овчаро овците, кога гледа дванаесет волци, удаени и распарталени. (5, 9)

2. Вид. заврти 3; Коњо него не го познал, чунки ич глаа не завртуал откај него (5, 96).

3. *обиколува;* Добрињето мои сет, оче: секоја вечер во муграта го завртуам селово и ако видам некој чоек јабанџија го прибирам дома (4, 186).

ЗАВРШИ *гл. свр. сврши (некоја работа), доврши;* ... кога ни требаше суша, ќе ни врнеше дож; тамам ќе завршевме, ќе заврнеше дож и така (4, 148).

ЗАГАЗИ *гл. свр.* овде: *почне да преминува (река) газејќи ја;* ...се крстила (жената), се крстила и ја загазила реката, тамам дошла до стред река и се удаила (4, 143).

ЗАГАР -и *м.* (тур.) *ловечко куче;* Три дни живеала при старецо Ѕвезда и на треќио ден чула едни гласои од загари, та беа ти го бркнале да го лајат (5, 330); *во синонимен спрег, преземен од народната поезија, во множина* со **’рт**: **’рти и загари**; Утрото рано ете ти ’рти и загари, беа го надушиле сирото еленче (2, 180); Ај сега, домаќине, земи си ’рти и загари и сиви соколи, да оди на лов, дури ја да отрујам брата ти... (3, 173); Си зел ’ртите и загарите, си зел сивите соколи и отишол

планина на лов.

ЗАГАРЧЕ -ања *ср. ѕем.* и *хит.* од з а г а р; ...и тој (синот) излезе на лоење. Загарчињата е најдоа трагата (на девојката); зедоа да полавнуваа(т)... (5, 318).

ЗАГИНИ(Т) *гл. свр.* **загине 1**. *изгуби живот;* Ов леле, јас сиромав – свикал чоек жалоито – што ал ме најде овде во пустелијава, ќе си загинам и Бога не го најдов! (4, 78); Сите што го гледаа, го жалеа оти таквоо момче да загини (5, 57).

2. *погуби, убие некого;* Ете тоа ми е маката, кума лисо, и мене сега ќе ме загини, чунки кај се скрив, сѐ ме најде (2, 197).

3. *изгуби се, исчезне;* Море, брате, српот ми загина в нива, дојдов да си го најдам – му рекол кăсметот (2, 244); На царот беше му загинал муурот (4, 80); Се скршило нешто, загинало нешто, кој је кабаетлија – измеќаро! (5, 82)

4. *изгуби некого или нешто;* Море, јас девет редои камили ги загинав во тиквава и не можам да ’и најдам, ти сакаш да најдиш секира! (6, 181)

Во п р и м е р и т е: 2, 52; 2, 60; 2, 66; 2, 112; 2, 124; 2, 134; 2, 153; 2, 160; 2, 177; 2, 179; 2, 197; 2, 244; 2, 265; 2, 271; 2, 197; 3, 55; 3, 97; 3, 105; 3, 108; 3, 145; 3, 251; 3, 270; 3, 286; 4, 29; 4, 78; 4, 80; 4, 85; 4, 104; 4, 133; 4, 135; 4, 146; 4, 177; 4, 183; 4, 254; 5, 57; 5, 82; 5, 90; 5, 116; 5, 245; 5, 249; 5 254; 5, 355; 6, 78; 6, 89; 6, 130; 6, 144; 6, 164; 6, 174; 6, 181.

ЗАГИНУА *гл. несвр.* **загинува** од з а г и н е. Вид. з а г и н и (т) 1; Ами сега, бре јазовче, како да се куртулисам, давај ми ум оти загинуам? (2, 29)

ЗАГЛЕДА СЕ *гл. свр. почне внимателно ѕа гледа;* ...откоа се напил вода (синот од царот од таа чешма), се загледал во кадрото и ја познал (девојката) (3, 63).

ЗАГНАСИ СЕ *гл. свр.* **а**. *почувствува гнас(ење);* Секое ручање од мажот је на Мара, вечерање, сѐ ќе се загнасел од лебот, али од манџата (6, 41). **б**. **му се загнасило** – *му стане гнас;* арно ама колку пофатил (богатио) да скини една

круша, некако му се загнасило и му се накренала душата, та не скинал (2, 230).

ЗАГНИ СЕ *гл. свр.* **загне се** – *силно потрча (ѕа појѕе кај некого), јурне (по некого);* Едно влегол Господ во врата, и рипнало детето просто, та се загнало кај Бога и му зело раката десна, та му ја бакнало... (4, 150); ...ќе се загниме силно да трчаме кај тебе (2, 22); Се загна светијо и го вати за појас (детето), та го поткрена на парите згора. (4, 90); ...коа ќе ви речам јас да се загните, веднаш да се загните прао кај мене... (3, 160); Се загнала жената кај мажа је и му го грабнала чибукот, та му го врлила во огнот... (3, 320)

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 169; 3, 133; 3, 176; 3, 244; 3, 245; 5, 23; 5, 27; 6, 176;

ЗАГОЛНИ(Т) *гл. свр.* **заголне**; *ѕеѕовно во составот* **заголни(т) душа** – *касне малку за ѕа се поткрепи;* ...ако е возможно (дедо), да ми даиш едно парче леб да заголнам душа, да не умрам од глад (4, 83); Чекај да појдам до тамо, да белки ќе испитам едно парче леб за да заголнам душа, да не умрам од глад (4, 83); ...бидејќи лисицата гладна, му се посакало да си каснит троа пајка за да заголнит душа (2, 201); и др. (4, 62).

ЗАГРАДИ *гл. свр.* **1**. *направи оградa околу нешто;* (Сиромајио) го загради гумното со еден јак плот, стегнати да му се праќето... (3, 246); Езерото му се видело како со еден брег стребрен заградено (4, 72).

2. *околи, опкружи;* Кога се опулија (четириесет и четирите браќа) околу себе, вистина беше ги заградиле Арапи безброј (3, 105).

загубен *гл. прид.* од з а г у б и (с е); ...тоа што ќе си остаиш кај мене не ти е загубено, вака да знаиш. (6, 172); Ај, на име божје, ќе му се јавам (на луѓето, са као сакат, нека бидит; и така јас сум загубен и такс! (2, 142)

ЗАГУБИ(Т) *гл. свр.* **загуби I**. **1**. *(обично без ѕа сака) лиши се од нешто; изгуби;* Еве му еден Турчин и го прашал (простио чоек) што загубил во батако што бара. (6, 78); Ако

загуби некој нешто, али ќесе со пари – му рекол ашкетијата – има луѓе што да го најдат и па да го вратат? (5, 38); „Туф, бре гиди – беше си рекол сам со себе (сиромаио) – теслата сум ја загубил, ќе ме карат брат ми. (3, 254)

2. *(прен.) упропасти;* Ви кажуам оти не ќе можит да се ќердосат и ќе си загубит младоста (4, 125).

3. *погуби, убие;* ...царо бил многу налутен на него, тики беше заповедал да го загубат, и го загубиле (3, 66); ...кога ќе дојди ноќта чумата да ви сечи глаите, да 'и види фесоите и по нив да се излажит и да си 'и загубит ќерки си (2, 256).

II. **загуби се** *изгуби се, исчезне;* По малце време, туку веднаш беше се загубил Арапот од пред него (3, 206).

~ Во и з р а з и т е: **умо си го загубил** – *полудел;* Коа беше го фрлило (Адам) во огон, умо си го загубил од глаата (4, 20); **сите сто умои 'и загубив** – *полудев;* –Ами, брате јазовче, сите сто умои 'и загубив во оваа болештина што имам (2, 28).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Кој бара рогои, ќе загубит и уши (4, 110); ...чунки јас барајќи рогои, си загубив и уши (5, 92).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 128; 2, 133; 2, 166; 2, 168; 2, 184; 2, 193; 2, 194; 2, 197; 3, 89; 3, 117; 3, 155; 5, 12; 5, 38; 5, 85; 5, 89; 5, 117; 5, 131; 5, 231; 5, 267; 5, 306; 5, 329; 5, 330; 6, 78; 6, 172; 6, 201; 6, 215.

ЗАГУБУА *гл. несвр.* **загубува** од з а г у б и. Вид. з а г у б и 3; ...и никое (момче) не можело да се скрие за да го не најдит (царската ќерка), ами секое го наоѓала и после го загубуала (2, 193).

ЗАГУШЕН *гл. прид.* од з а г у ш и с е – *прие се, прилепи се;* Дуња Ѓузели беше се испроврела низ дупка и беше застанала во еден ќош, со загушена шамија, со рацете на појасот (5, 190).

ЗАД *предл.* **1**. *за означување место што се наоѓа на спротивната, задната страна на нешто;* Гусако – и тој беше се згутаил зад трнот и тој си заспал (2, 7); Се засолнил

(Силјан) зад едни шипје и отаде ’и видел луѓето (2, 142); Станала цареа ќерка та се затскрила зад изворот да видит кој ќе бидит (2, 170); Ај, Бог да го прости – рекле Ѓупците – види под носот му горат две свеќи, чунки се посвети (Манго); ете му и зад него кравај восок. (6, 111)

2. *со глаголи на движење (оди и др.) за означување на определено растојание од некого или нешто; по;* А пак тој (мажот) одел зад неа (зад жената) и едно приближале до дупката од бунарот, ја грабнал за нозе и ја бувнал внатре (2, 212).

3. *образува со предлогот* о д *сложен предлог:* о д з а д; Излегол од зад шипјето и тргнал кај луѓето да одит со прекрстени раце и со солзи на очите (2, 142); Го видел (чоекот) бавџанџијата и од зад него полека-полека му се приближал (6, 54); (момчето) чуло еден глас од зад него (3, 37).

ЗАД- и **ЗАТ-** *преф. транскурзивно значење: затскрие се:* Цареа ќерка... се затскрила зад изворот (2, 170); *зацкрие се:* Се зацкрил зад еден камен дуовникот (4, 62).

~ З а б е л е ш к а: Префиксот *зад* (за постарото *за*) со истото (транскурзивно) значење го среќаваме кај Цепенков само како втор префикс во глаголот *затскрие се* (и *зацкрие се*) ‚скрие се зад некого или нешто‘.

ЗӐД *м.* (тур.) *начин, средство, спас;* Честити царе, ние ќе ти кажиме – му рекле двајцата Руси што беа сторени оци – што бакшиш на кралот да му пратиш, многу голем за крало, а без ниедна пара па ти да си дал. Ние му ’звајме зӑдо на каурите, на ошто многу таптисуаат (4, 39); (Царот) многу беше се израдуал оти му нашол зӑдот на младите да не ѝ губат старите (5, 33).

ЗАДАИ СЕ *гл. свр.* **зададе се** *појави се од далеку.* **а**. *за човек;* Се задал еден стар чоек по пато сѐ со бодињаница со коњо што го вјаал (3, 215); Се задале сватојте од под село да идат (2, 154). **б**. *(обично) за облак;* Одејќи си, се задал еден силен облак со дож и видуајќи оти ќе врни многу дож, му посакал еднио на другио едно веленце (5, 22); Еден ден јасен од

сите страни како беше се задале едни силни облаци, та кога беше ти бликнало еден силен дож (4, 61).

ЗАДЕВА *гл. несвр.* **I**. *некого боцка (обично) со зборови, гиба;* Многу пати ангелот го задевал ѓаолот и му велел: – Е де, кога знаиш сѐ, бре ѓаоле, кажи од што го точат жените ножот? (4, 221); Му зборуала ќерка му од царот, го смеала, го задевала, за ѓоа да го рашени (развесели) (3, 221); Откоа ’и чу жената тие зборои од мажа си, едно веруаше оти завистина му вели, а деведесет и девет не веруаше да му вели завистина, сѐ си велеше со умот оти ја задеват, за шака му велит (5, 340)

II. **се задева** овде: *заемно се боцкаат со зборови;* Ватил да ја задеват младата невеста и, како се задевале, ја дотера до килерот покрај ѕидот (5, 178).

ЗАДЕКА *сврзн.* (дијал.) *(обично причински) затоа што; зашто (литературно)*; Многу пати татко му го скаруаше задека се забаал в град и не му идел да му помага во работа (2, 137); Јас надупив еден пијаница да си ја отепа жената и сега остана без жена, да нема кој да го кара задека се опива, за да ја испие сета стока (4, 256).

ЗАДЕН -дна *прил. што е позади во однос на друг;* (спрот.: **преден**); Коа рипнала маска со задните нозе та коа му удрила со двете нозе едни преку вилици, три чекори го истурна назад (2, 23); ...му испрекршил (момчето) на секи зајак по една задна нога, за да не можат да избегаат (5, 116); ...и влегуајќи си в дупка, волко се сети оти лиса се бие шега со него, посигна в дупка и ја вати лиса за задна нога. (2, 26)

ЗАДЕНИ СЕ *гл. свр.* **задене се 1**. *закачи се, забуца се;* Сите се чудеа каква работа: да се задени градта саде во ремчето од аргатино! (4, 60)

2. *(прен.) стане, случи се;* ...туку едно лошо (ага) мене ме најде, натемаго ѓаол, натема, не знам како се задена, тики мојата крава твојата ја отепа (5, 25).

задишан и **задишен** *гл. прил.* од з а д и ш е с е; *за-*

збиван; Кога ’и видела дрварицата тоарени со пари, бргобрго затворила порта и отрчала при мажа је задишана (6, 71); Едно влегуање в дуќан (комшијата), со голема радос, дури задишен, беше го грабнал за рака и се избакнал уста со уста (со џеваирџијата) (5, 189); Море аман, бре брате – му рекол орачот задишен – ако ја најде теслата, дај ми ја, те молам, оти ја забораив на нивава (3, 255).

ЗАДРЕМИ *гл. свр.* **задреме** *најде се во состојба на дремење, дремеж;* Седејќи еднаш (момчето) на сонце беше се замислил и од гајле беше задремал, та беше се разлигаил, се мрсулаил како некое мало дете. (6, 14).

задржан *гл. прид.* од з а д р ж и (се); ...сите што беа во гемијата, се удајле, само Силјанче беше се нашол на една штица задржан и беше го исврлило далгата на суо (2, 140)

ЗАДРЖИ *гл. свр.* **I**. **1**. *остави кај себе;* Една недела сите сиромаси ’и изгостила царицата и ’и испратила дома да си одат (3, 211); Задржи си го (царе) овде (зетот), како за домазет, за да си ја гледаш и ќерка ти барем со очи (2, 58); Се пуштила цареа ќерка по него (по трећакот) и на стотина чекори го втасала и го ватила за рогои, та си го донесла пак на местото и го задржала (3, 214).

2. *запре;* Коа го виде пустио терзија царо, стори да стани, и царо го задржал да не стануа (3, 228); ...откоа видело детето оти не ќе можит да ’и задржит, беше ’и даруал со стока, за дури да се живи да јадат и пак да му останит. (5, 261); **задржан** *гл. прид.*; (Четирите јунаците) ...си дошле кај четириесетте царцки ќерки што беа задржани од ламјата (3, 110).

3. *зачува (пари);* ...не можиме да се погодиме, дојдовме пред тебе и еве јас ќе ти клавам в рака пари и до колку што ќе чини стоката, до толку да задржиш и пари (4, 94).

II. **задржи се** *одржи се (да не паде, да не пропаде);* Се опна (глушецот) со сета сила за да се задржит над вода, чунки сети оти ќе умират (2, 77); Сите што беа во гемијата, се удајле, само Силјанче беше се нашол на една штица задржан и беше го исврлило далгата на суо (2, 140); Паднал (ка-

пидано) над вратот очекорен и за да не падни од неа (од ламјата) наземи, се ватил за од ламјата ушите за да се задржит (2, 111).

Во д р у г и п р и м ери: 2, 30; 3, 60; 3, 211; 3, 214; 3, 228; 5, 277.

ЗАДРИ *гл. свр.* **задре** наспрема *несвр.* **задира**; *гибне (со зборови, со рака) со цел да постигне нешто;* Не оти не те милуам, мори убаа, ами со тоа што не ти кажуав, сакав да те задрам одшто те милуам (3, 89); Откоа се починал некој ден, се ставил со тој што му зел сета стока и го задрел да се ватат уште со еден облог (2, 235); Дојдуајќиорело вечерта, го видел камено преврќаван и ја видел невестата Дуња Ѓузели, та ја задрел. (3, 88); Еден од другарите негои го задрел оти идел толку рано на каве. (6, 13)

ЗАДРНИ *гл.свр.* **задрне I**. *закачи, гибне; допре;* Ќе те молам, мајсторе, со голем мукает да ме бричиш, да не ми го задрниш десното уо (5, 301); Со прва тргнуање бричо и го задрнал малце со раката за уото, без да сакал. (5, 302); – Мајсторе, полека, уото ми го задрна со раката. (5, 301)

II. **задрне се** *допре се*; ...ќе ти го прати (татко ти) ’рто со отруачка мачкан, да се задрни до тебе и да се отруеш (3, 95).

ЗАДРНУА *гл. несвр.* **задрнува** од з а д р н е; *закачува, гиба; допира*; Џанам, вистина не треба да ти велам – му рекол чоеко – туку ете кај туку ми го задрнуаш уото со рака (5, 302); Десетпати кај ти реков да не ми го задрнуаш уото и пак ми го задрна, што срцето ми го изгоре од болештина. (5, 302); – Друго нема Што да кажам, мајсторе. Ете тоа – уво да не ми го задрнуаш, оти од верата надвор ме боли. (5, 301)

ЗАДРУЖИ СЕ *гл. свр. почне да се дружи, да другарува; здружи се;* Кога се нашол брат му сам на мааза и откога му паднаа пари едночудо в раце, и откоа се задружил со другари лоши и пустикуќовци, тргнал да арџит пари, по пијанство и по чапканлак (5, 246).

ЗАДУЖБИНА *ж.* **1**. *добро дело сторено за (спас на) своја(та) душа;* ...сакам и една задужбина да сторам за да земам тројца со мене, на мој арч да ’и сторам аџии (2, 6); ...и таа задужбина сакам да сторам, да покарам два-тројца барем со мене, да дојдат на аџилак... (2, 7); – Блазе тебе и преблазе што ќе се сториш аџијца и голема задужбина ќе ти се ватит дека ќе земиш и неколцина со тебе на свој арч... (2, 7).

2. *исто што и* **задуша**, **задушница**; Во нашите гробишта да бев закопан за ти, мајко, да ми идеше на гробот, да ми палиш свеќа и да ми раздаиш задужбина! (2, 141)

ЗАДУМА СЕ *гл. свр.* **замисли се**; **задуман** – *замислен;* Откоа го ислуша домазетот гарванотаго, останал зачуден и задуман од пострамуањето на гарвано, чунки му текнало, оти полош ет домазетот од гарванот и плакал оти да бидит домазет (2, 76); Ден-два стојало овчарчето сѐ задумано како фес-феселија (3, 221).

задуман *гл. прид.* од з а д у м а (с е); Вид. кај **задума се**.

ЗАДУША *ж. задушница;* обично з а з а д у ш а; Дури се влегол в град, сето кравајче го раздал и сето вино, за задуша, чунки тој не можел да каснува од крвта што му течеше (4, 46); Питачот го прашале од кај го нашол кравајчето, тој му кажал оти една жена вдојца му го дала, од тоа маало и од таа куќа – за задуша (5, 317); за задушата; Нà, пријателе, овие три илјади грошеи остаени од татка ми на умирачката негоа за да ’и даам на некој баш-арамија за задуша да му се најдат (5, 367).

Во други примери: 2, 21; 3, 46; 5, 47;

ЗАЕДНО *прил. со учество на друг или други;* Крало го молил светијата парите да ’и раздаит заедно со него, чунки не знаел крало на кои сиромаси да дава (4, 57); Не било од Бога здано јас да бидам жив и здрав за да царуам со неа заедно (3, 210); Ката ден (момче) ќе тоараш млекото, сирењето, маста, та заедно со овчарите ќе ми го носиш дома (4, 60).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 32; 2, 61; 2, 147; 2, 245; 3, 70; 3, 85; 3, 101; 3, 210; 3, 296; 3, 303; 4, 30; 4, 43; 4, 44; 4, 57; 4, 60; 4, 81; 4, 124; 4, 150; 4, 210; 4, 211; 4, 222; 4, 234; 5, 92; 5, 102; 6, 22).

ЗАЕМ *м. ѕавање или земање пари или стока со обврска ѕа се вратат во иста (или поголема) вреѕност;* Отишол (тргоецо) при вурнаџијата и му посакал десетина тоари... на заем (3, 233); ...му држеше сто лири судијата на момчето у заем (5, 56); Кога ќе му потребаа пари на судијата, ќе си земеше на заем од момчето... (5, 56); ...ти мори сирота, оти и делниците си 'и праела празници; и на заем кај си давала, не си посакала... (5, 46).

~ Со п р и д а в к а т а **божи** – *божји*: ...отишол еден сиромав чоек при еден богат да му сака на божи заем сто грошеи пари (5, 83).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 233; 5, 47; 5, 47; 5, 66.

ЗАЖИВЕИ *гл. свр.* **заживее а**. *почне ѕа живее (по опреѕелен реѕ);* ...тројцата пријатели на чудо станале, рипнале и се избакнале и се испростиле за пизмата што си имале помеѓу ним пикната од ѓаолот. Од тој саат пак си заживеале како што живеаја од понапред (4, 243); Од тој ден веќе заживеа каскатијата синот на Бричибрада како милионер и му го менија прекото од Каскатија на Милионеро. (5, 328); Ја облекол (чоекот) жената си, децата и така заживееја со пораат, откоа што живееја напред (4, 86). **б**. **заживеи живот** – Вид. з а ж и в е и а; И така заживееја тој народ нов живот, во братољубие и согласие (4, 98).

ЗАЗБОРУА СЕ *гл. свр.* **зазборува 1**. *занесе се во зборувањето; заприкаже се.* **2**. (овде) *созборува се, ѕоговори се;* Се зазборуале тројца лажои да ја слечат една богата жена што држела некој ан (5, 96).

ЗАЗДРАВИ *гл. свр. (за рана на ѕел оѕ телото) речиси озѕрави;* Се изнајаде (девојката) леб, се куветиса, стана од лична полична, а и раката ѝ заздраве (5, 318).

ЗАSИДА *гл. свр. затвори со suѕ;* Едно ќе те молам, мој домаќине, десната боска да не ми ја зasидате, ами да ми ја

остаите од ѕидот надвор, за да ми го носите малото мое Милоше да го дојам... (5, 12); ...је напраил (царо на ќерка си) еден сандăк железен и ја затворил во сандăко, та ја заѕидал во ѕидот од кулата (3, 182).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 175; 5, 232.

ЗАИГРА *гл. свр.* **I**. *почне ѓа игра;* Кандисале ѓаолите и заиграле (4, 65); Која билка ќе заиграше, таа ќе му ја дадеше и ќе оздравеше чоеко (5, 271).

II. **заигра се 1**. *занесе се во играта;* Беља сет тие проклети папази, дури да се заигра чоек, да после колај не можи да се остаи! (5, 215)

2. *(за море, течност и сл.) разигра се, разбранува се;* ...уште кога беше се заиграло морето, царо беше се поболил многу лошо и болен си отиде дома со новата царица (3, 210); еќимо откоа си дошол дома, се опулил во билките и коа гледал во шишињата, се заиграла отруачката (5, 271).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 74; 3, 75; 4, 65; 5, 271

заигрување *ср. гл. им.* од з а и г р у в а (с е). Вид. кај з а и г р а I; Едно заигрување, и паднал апостолот од комарџијата, та отишол на небеси без душа кај Риста (4, 67).

ЗАИНАТИ СЕ *гл. свр.* (тур.) **заинаети се** – *почне ѓа се ина(е)ти;* Слушајќи зборот од син му на богатио, кој ќе го купел, пишман ќе бидел, се гибнал богатио јабанџија и се заинатил, та го купил и да види оти не се плаши од едно ќоле (5, 214)

ЗАИРАТ *м.* (тур. zahire од арап.) *резерва;* Вид. и **зајре**; По смртта моја неа ви ја остаам како сестра моја за царица да ви биди, оти јас ја познаам да можит царството да го крепит и двете езера што имам мој, му аризуам незе, и да ѝ бидат заират незин (му рекол царот на сиот мезлич) (3, 210).

ЗАИСТО *прил.* **навистина** (сп. српхрв. за̀иста и за̀исто – со истото значење); Кога ’и чу старио тие зборои од детето, веќе заисто се увери оти самарџија ќе си биди детето, а не арамија (5, 352); За сето ова што ти кажуам, честити царе, са-

кам да го испиташ од аз до ижица и ако излези заисто, светец ќе го наречам татко ми што ми даде таков насиет да правам добриње на ливојте (3, 127); И ако не ми веруаш (мори чедо) што ти велам оти ет заисто земи ’и бечвите твој и наполни ’и со слама (4, 232); (Се среќава и во 5, 282 и 6, 46).

ЗАЈАДИ *гл. свр.* **зајаде 1**. *почне да јаде;* Едно зајале (попот со гостинот), и сиромаиот рипнал, зел едно залче леб и пошол, та го наранил орлето (5, 206); Пред да зајади царо, еќимо посакал еден дивит и книга, та заповедал да ’и тргаат сите јемеци, пијачки и друзи мезиња што ќе јадел и пиел царо. (5, 86).

2. *(прен.) почне да гризе, јаде (некого); почне некого да го подбуцнува;* Запокладиле за велици пости и од чисти понеделник уште го зајале децата да му сакаат: кој капче, кој антеријче, кој чевлиња да му купит за Велигден (3, 266); Сопрво го зајала мажа је да се делит од брата си (3, 173).

3. *(прен.) почне нешто некого да го тера да прави, да стори некаква работа;* Ха, уште не сум влегол во Стамбол, ме зајадоа алтăните, ами коа ќе влезам, кој знаи колку алтăни ќе најдам (6, 73–74).

ЗАЈАК -ци *зоол. дивото животно* Lepus; Утре, кога ќе си жниеш то, тој (ксметот) ќе се престорит на еден зајак и ќе ти поминит помеѓу нозе... (2, 244); ...прснале да бегаат до некое место кај што си определиле, и песо побрго отишол на нишано, а зајако многу поназад беше останал. (2, 67); Не би час, еве ти го царот на зајаците, и тој дошол на вратата од колибата (2, 204); *во форма на* -у: Е, ај ќе ’и собуам чорапите, бре зајаку, и без чорапи да трчаме – му рече (2, 68);

~ Во и з р а з о т: **преноќевале као зајако во трно** – *лошо спиеле;* Се скриле (пријателите) во некој расје, та преноќевале као зајако во трно (5, 60);

~ Во п о с л о в и ц и т е: Од кај што се не надеал сиромаиот отаде му излегол зајакот (5, 209); Од кај што се не надеит чоек, тамо излегуат зајак (2, 83); ...со врзан ’рт зајак не се ваќа, сакал-неќел, се делил. (3, 173).

~ Со п р и д а в к и т е: **варен**: Дуу, Боже, Боже, за греои, сирото момче, кога исврли очи, море домаќинке, како некој варен зајак (6, 31); **див**: Сопрво (царо) ми даде четириесет диви зајаци да ’и пасам и пак сите дома да му ’и донесам (5, 118); **некој**: Вид. кај **варен**; **уловен**: ...сестро треско, ...срцето ми тупа како некој уловен зајак (2, 107).

~ Со б р о ј о т **четириесет**: Вид. кај **див**.

ЗАЈАКНИ СЕ *гл. свр.* **зајакне се** – *стане појак, позрав одошто порано; зазрави, зацврсти се;* Коа гледа, лисје од расоло беа му се налепиле на цревата и му се зајакнале (5, 272).

ЗАЈАЧЕ *ср. рем.* и *хип.* од з а ј а к; Кога дошла до магарето и до зајачето, се изнасмеала еднашка (2, 48); Имаше од сите чешити животинки; имало и едно магаре и едно зајаче (2, 48).

ЗАЈДИ *гл. свр.* **зајде** – *(за сонце) изгуби се, исчезне зад хоризонтот;* (спрот.: **изгрее**); Комшиине уште незајдено сонце ќе си тргна(т) за дома, а пак нунката со темница си оит дома со крштеницата (4, 144); ...наутро така, навечер па така (девојката) метит, тамам уште не сум зајдел, ќе почне да метит и да ме праши (2, 234).

ЗАЈМИ *гл. свр.* **I. а**. *рада на заем*. **б**. *земе на заем;* ...си излезе (сиромајио) од портата надвор и си отиде при еден другар негов, си зајмел некој грош и си купил месо и друго... (5, 18).

II. **зајми се** Вид. з а ј м и б; ...јабанџија сум (браќа) и никого не познаам овде, та да се зајмам и да не питам (6, 185).

ЗАЈРЕ -иња *ср.* (тур.) *храна воопшто, животни продукти;* Поминале неколку дни, и пак пошол свети Тома кај богатиот, пак му зел пари за ѓоа ќе купуат зајре што требат (4, 158); Во истото време ете го еден оџа кај врви со еден зимбил в рака полн со зајре за дома, како леб, сирње, ќебоиџи, лук, алва и друзи јастија. (6, 186); И така беше му кажал за сите гемии, која што носела и коа зајре колку пари (5, 173);

во множина **зајрења**: Ќе му речел (муштеријата) на бакало да му даит од пет-шес турли зајрења на детето негоо и ќе си заминел. (5, 363-364); Во 5, 28 има зајрење, *најверојатно неправилно образувана форма*: Жената му да му сакат деведесет и девет турлиј зајрење за в куќи ... (5, 258)

Со п р и л о г о т: **едночудо**: Си зел парите (чоекот) и си накупил сѐ што му требало за дома. Коа си отиде дома со едночудо зајре, голема радос напраила жената му, син му и тој (2, 219)

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 85; 3, 86; 3, 129; 4, 141; 4, 158; 4, 160; 5, 87; 5, 343; 6, 68; 6, 129;

ЗАЈСОНЦЕ *ср.* **зајдисонце** – *заоѓање на сонцето;* **на зајсонце** – *кога заоѓа сонцето;* Оф, бре момче, како те донесе Господ во нашава куќа, сега на зајсонце, коа ќе си дојди син ми гладен и жеден (2, 172); ...да појдиш на онаа планина еej, на зајсонце, и тамо имат еден многу голем орев (2, 245).

ЗАКАНЕ СЕ *гл. свр.* **заколне се** (во формата се заканеш *при предавање на дијалог од тиквешкиот говор)* Вид. **закални се**; Бре, аго Алија бе, два бир ќера ако се заканеш валлаилла да не се канеш со билла, зере од билла камено пука (6,135).

ЗАКАЛНИ СЕ *гл. свр.* **заколне се** *даде (за)клетва;* ...многу се уплашиле (сиромасите мајстори) за да не ’и загубит царот, чунки му се закалнал оти ако не го напраат (мостот) до три години, ќе ’и загубел. (5, 231)

ЗАКАРА СЕ *гл. свр. почне да се кара.* **а**. *со друг;* ...од тој ден како беше се закарал со жената си, дење-ноќе ич раат не беа живеале (2, 38). **б**. *заемно меѓу себе;* ...арно, туку што сопрво беше се закарале, чунки ешко сѐ сакал кутлето да ет понагнетено, дека тоа се поеќе мачело кога го влечело (2, 10); Слегло петлето долу да видит што ѝ се сторило на јаричката, и се закарале, тики ошле до кадија за да се судат. (2, 87); Се закараа лисицата и волкот, не можат да се спогодат. (2, 64)

ЗАКАСУА СЕ *гл. несвр.* **закасува се** од з а к а с а с е; овде: *(прен.) почне ѕа се каса, ѕа се јаѕе, ѕа се кара со ѕруг;* Дојдуајќи до Дебăр Арнаутино, почна да кабардисуа многу и со секи бабаит се закасуал, како некое бесно куче (6, 119).

ЗАКАУЃЕРИ СЕ *гл. свр.* исто што и **закалуѓери се**; *стане калуѓер, монах;* Кога се видел сиромаиот од сите граѓани неќен, друго немаше што да чинит, отколку да се покауѓери. Во истио ден беше отишол на еден манастир и тамо беше се закауѓерил (5, 274).

закачен *гл. прил.* од з а к а ч и; ...и видела (лиса) парчето месо закачено на куката од станицата (2, 32); Коа дошол до тоа место царот и го видел зета си закачен во калта, умре од страмота од големците што го гледаа. (2, 291)

ЗАКАЧИ *гл. свр.* **I. 1**. *заѕене така што обесен (преѕмет) ѕа виси;* Закачил (човекот) сорот за појас, кренал торбата на рамо и му дошол на лозјето (2, 79); Зело момчето стапот на рамо, закачило шупелката за појас и забрало овците и прао ’и отерало на самовилцката планина (3, 24); *гл. прил.* **закачен**: ...теслата за појас да ми ет закачена и пустио кăсмет мој да ме заслепуа, за да не глеам... (3, 255)

2. *нападне;* Е да ние не го остаивме на пато (ќесето), Итромане Пејо, да го најди чоек – му рекле – ами го закачивме на еден драг висок, на врвот, та кај можи чоек да го најди (6, 217).

3. **закачи со ноктите** – *(за орел и ѕр.) грабне со канџите;* Бидејќи орлето гладно, беше ја закачило (попадијата) со ноктите за бутот (5, 208).

4. *(прен.) напаѕне; заѕре;* Ја закачиле мравите од секаде (мечката) и ја умртвиле, та ја изеле како леб и сол (2, 88); Втаса коњаникот со бодињаница и го закачи сироматаго да го мачи (4, 134); Бидејќи Арнаутино запеслив, го закачил да го бие калуѓерот (6, 82).

II. **закачи се 1**. *забуца се;* Зел (Дели Петро) една секира и отишол да сечит ластунката, и во сечењето беше му се откинала, та беше му се закачила во една тиква (6, 181); Па-

сејќи магарето, дошло до една бара и се закачило до мев во барата (6, 212); Види го кај се закачил (зетот ми), проклета му душа, во батакон! (2, 291)

2. *фати се (во мрежа) и остане ѓа виси;* На часо беа се закачиле неколку мушички во пајажината (5, 60).

~ Во и з р а з о т: **на овој век кол не ќе закачиме** – *по умирачката сѐ се губи; та нема ѓа сме вечни;* Гледај (бре чоече) да го купиш денот и да го поминиш, чунки имаме умирачка, на овој век кол не ќе закачиме, да; ама не ет вака, речи? (5, 224); Ја ај да се прошетам малку по пријатели за да се разгоарам малку, сум ти се запнал на дуќанов, санким веков мене ќе ми го даат, зер кол ќе закачам на овој век јас (6, 68).

Во п р и м е р и т е: 2, 17; 2, 43; 2, 63; 2, 79; 2, 88; 2, 102; 2, 103; 2, 104; 2, 172; 2, 273; 2, 275; 2, 289; 2, 291; 2, 293; 3, 24; 3, 39; 4, 107; 4, 134; 4, 159; 4, 261; 5, 60; 5, 178; 5, 222; 5, 224; 4, 260; 5, 208; 6, 30; 6, 82; 6, 68; 6, 217; 6, 181; 6, 212; 6, 220;

ЗАКАШЛА СЕ *гл. свр. почне ѓа кашла;* ...секој што е троа посвесен чоек, ќе го познаа, и коа ќе се закашла, секој што ќе го види ќе му рече: ...ти останала оваа треска (2, 108).

ЗАКЛАЦКА *гл. свр. почне ѓа клацка, ѓа клати;* (Момчето) ...откоа ја виде оти не била заварена кацијата арно, ја заклацка глаата и му рекол: –Ха, а, ништо нема да ти се стори, од оваа работа што си ја сработил... (6, 96).

заклучен *гл. прил.* од заклучи; Попо тргнал да оди на аџилак и ќерка си си ја остаи дома заклучена до девет клучеи... (3, 135); Море, оваа невеста попадијата ќе бидит моја, ја чекај да појдам дома да ја видам дали ет заклучена? (5, 193); Овде ќе седиш ти, проклето арамииче, со коњов заклучен, да го пасиш... (6, 205); Одвај Итроман Пејо беше куртулисал жив, со едната нога од коњо, што му била букагијата заклучена. (6, 205)

ЗАКЛУЧИ *гл. свр. затвори со клуч.* **а**. *некого;* Ако сум бесчесна, во сандак да ме заклучиш со дванаесет клучеи и пак не ќе ме дочуаш (6, 23); Се согласиле тројца бездушници и зеле едно празно чекмеџе, та го заклучиле со три клучеи

(5, 97). **б**. *нешто;* Ајде, ајде, излегуј, оти ќе ја заклучам порта, да да не те истуркам! (4, 155); Јас сум, мори невесто, отвори портата! Што си ја заклучила? – му рекло момчето (5, 309); **заклучен**: Море, оваа невеста попадијата ќе бидит моја, ја чекај да појдам дома да ја видам дали ет заклучена? (5, 193); ...да даам сто минцои, за еден празен ковчег заклучен со девет клучеи, бре што сум бил будала! (2, 248)

Во д р у г и п р и м ер и: 2, 112; 2, 136; 2, 186; 4, 114; 4, 167; 4, 168;5, 95; 5, 97; 5, 99; 5, 188; 5, 191; 5, 193; 5, 263; 5, 292; 5, 309; 6, 23; 6, 205; 6, 215.

ЗАКЛУЧУА *гл. несвр*. **заклучува** од з а к л у ч и; Жената му сакала да заклучуа, тој неќел чунки се ѓувендисуал на... (4, 167); *во пасивна употреба;* Беше нарачал на тавчиите да му напраат еден сандăк што да се заклучуа со клет (3, 225).

заклучуање *ср. гл. им.* **заклучување** од з а к л уч у в а; ...ако мислиш (мажу) ти оти со заклучуањето твое што ме заклучуаш да ме дочуаш од некое лошо што да сакам да го праам, тоа крени си го од умот (5, 191)

ЗАКОА *гл. свр.* **закове** – *зацврсти со железни клинци;* ...си купил (селанецот) две икони едната Света Богородица, другата Свети Никола и си отишол дома, та си ’и закоал во еден ќош (4, 167); **закоан** *гл. прид. закован*; (Елена) знаеше и за крстот Ристов, оти бил на крс распнат и со бруќе закоан (4, 34); Му дал (чоекот) книгата на царо да си ја има пред себе на sидо закоана како икона кај ќе руча (5, 86).

ЗАКОЛИ(Т) *гл. свр*. **заколе I**. *убие некого пресекувајќи му го гркланот;* Го грабнал (стариот) сина си за врат и го заклал (2, 15); Еврејските еќими му рекле на царот да заколит не знам колку илјади рисјански деца (4, 29); Син му од богатио не заклал брав, ами му го скрил син му од пашата што живееше со него (5, 58); *гл. прид.* **заклан**; Коа си го виде детето заклано поголемио брат, многу беше се налутил и тогај беше поверуал оти таа му го заклала детето (2, 162); Измислил царцкио арамија ...да го ватит тоа момче и да ја изнајдит

која је куќата од закланио арамија (5, 349); во д р у г и п р и м е р и: 5, 72; 3, 99; 4, 101 и др.

II. **заколе се** *сам убие се со колење;* Јас сега сакам да се заколам со ова ноже, вие како велите да се заколам, али да не се колам, ако го најдуате за мунасип... (3, 308); Тој чоек јет стар од осумдесет години близу, што требало да се заколит на седумдесет и пет години и не се заклал (5, 234).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 25; 2, 91; 2, 127; 2, 161; 2, 178; 2, 179; 2, 257; 3, 58; 3, 80; 3, 151; 3, 264; 3, 265; 3, 175; 3, 268; 3, 276; 3, 301; 4, 29; 4, 43; 4, 63; 4, 197; 4, 240; 5, 56; 5, 57; 5, 58; 5, 232; 5, 233; 3, 234; 5, 349; 5, 357.

ЗАКОЛНИ(Т) *гл. свр.* **заколне I**. *натера некого да да(е) (за)клетва;* И така царо со клетва го заколна измеќарот и го остаи дома како стопан, а не како имеќар (3, 82).

II. **заколни(т) се** *да да(е) (за)клетва;* ...ако се пресуди од кадијата за да му се даит клетва на тој што чинел инќар, клетвата не му ја давал, ни да клајт рака на китапо, ни му велит да речи „валаи и биљаи“, ами ќе натерал да се заколнит (5, 34); Ако е некој пострашлив, ќе се уплашел и не ќе се заколнел, а пак ако бил некој нестрашлив или прав, ќе се заколнел (5, 35).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 53; 2, 240; 5, 61; 5, 79; 6, 58.

ЗАКОЛНУА СЕ *гл. несвр.* **заколнува се** од з а к о л н е с е; – Ти таксуам, бабо, и со клетва дури ти се заколнуам оти ќе ти ’и даам, само да ’и скараш и мене од татка да ме куртулисаш (4, 233); Откоа се позамислил чоекот и откога преесапил оти самиот тој бил што се заколнуал деветпати на лага... се уверил оти вистина имал право тој што викал „Господ да отепат правите а не кривите“ (5, 80).

заколнуање *ср. гл. им.* **заколнување** од з а к о л н у в а; Со голема радос сирото девојче тргна по татка си да одит како некое јагне на заколуање (5, 244).

ЗАКОН -и *м.* **1**. *пропис на државна власт со кој се регулираат односите во некоја област од животот;* Секи ден (царо) закони издаал: да не лажат народо, да не крада(т), да

не праат музевирлăк ...секој чоек што ќе се вати во некоја лошотија, страшно ќе се накажи од законо и уште пострашно ќе се накажи од Бога (5, 39); Слушај вамо, момче – му рекол царот на царскио син – ако је го погодиш нишанот на ќерка ми ќе ти ја даам за невеста, ама ако не ѝ го погодиш, ќе ти ја сечам глаата. Ете тој ми јет законот. (3, 44).

2. *основни правила за поведение, морал и др.;* Се капало момчето, се капало отколку што не било законо, за дури исчека сите цареи да си одат од бањата (5, 133); Џанам, шерисљам ефенди – му рекол царот – ќе те прашам нешто, ама атар да не ти останит, како се научи во една ноќ да зборуаш турски и законот да го знаиш? (5, 228)

3. *вероисповед (закон божји);* Откоа се врза законо со од свиња месо да јадат, тргнаа да одат планина да сечат дрво. (6, 132); Е од мене погрешка немат, оче дуовниче – му рекла (жената) – ама и законот си го држам што ни го дал Госпо, сполај му (5, 45); Сите што чуле тоа нешто беа се учудиле како да даало законот кауѓер да се женит! (4, 259)

~ Со п р и д а в к и т е: **Божи**: Те дексуам, момче – беше рекла (царската ќерка) – туку со закон Божи да се земиме, да си одам дома и отаде да ме земиш со сватои (2, 250); Го растила (жената детето) и го учила во законо Божи (4, 285); **грацки**: ...на чудо станал (таткото) на кроткото срце од сина си и на часот изваил капата, та го блаосоил од мерата надвор и го скројале тертипо за како да не го заколит, и народот да знаат оти го заклал, според грацкиот закон што бил (5, 233); **кауѓерски**: Тој итар бидејќи како ѓаол, ватил да му разврзуа по нешто од кауѓерските закони (4, 257); **турцки**: Коа ’и чул тие зборои шеисљамо од двајцата софти, и тој му ’и потврдил на царо, велејќи оти законо турцки не му давал да држат крс и од умрен чоек глава (4, 39); **царцки**: ...судбата била според законот царцки и се дало карар од мезличот, со сите потписи, за да си ја земи ќерка си царо (3, 167); – Ќе кажам, честити царе, ама по законот царцки како што е да пресудиш. (3, 167)

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 77; 2, 171; 3, 44; 4, 51; 4, 52; 4,

126; 4, 202; 4, 259; 5, 40; 5, 184; 5, 189;

ЗАКОНИК -ци *м.* **1**. *тој што го знае законот божји (народната поезија:* попови законици).

2. *кумот, старосватот и девер земени заедно се* **законици**; На часот богатиот беше викнал попот и го венчал момчето за ќерка си. При друзите законици: нункото (кумот), старосватот, помал девер, момчето (ангелот) се сторил постар девер, и вечерта, ...(г)и затворија зетот со невестата во одаја (4, 125).

ЗАКОПА *гл. свр.* **I**. **1**. **а**. *со копање затрупа;* ’И клаваше (мажот парите) во еден ќуп, што беше го закопал во еден килер, без да знаит жената му (6, 17); Ватиле (орлите) разгоор да си праат за крал Богдан коа го закопал азното (3, 72). **б**. *во пасивна употреба;* Испат му го сторил со десетмина комшиј и судот је пресудил да се закопат жива вземи (5, 251); Немој, домаќине, што ќе сториш, еве што ќе речам само ти да не се закопаш жив вземи: еден за мене, друг за тебе и треќ за татка! (5, 300); **закопан**; Коа го виде жената судијата, закопан до гуша во катрано и смолата кај што вареа, се зачудила (6, 169); Коа ја ислушал жената си мажот, како да му признала оти има некој сад закопан со пари (6, 18).

2. *погребе;* Наместо да биде свадба, биде страшна умирачка од царцки јунак ќерка и син и од самио цар и царица и сите во еден гроб ’и закопале (3, 218); Си направил една баждарница (сиромаио) и токмо три години што земал по еден бешлăк на секој умрен чоек што ќе го закопаа во тие гробишта (5, 146); **з а к о п а н** – *погребен;* Ела, Боже, Боже! Кој ќе беше тој ѓаол што го сети закопаното девојче и го откопал... (2, 32).

II. **закопа се** (*сам*) *затрупа се;* Сите ја прегазиле (барата), чоекот со тоарот, вино бидејќи, коњо му бил слабичок, паднал во барата, се закопал во калта (6, 177); Кај што паднало (ковчето), се закопало во земјата, та никнало во многу брго време една позлаќена јаболкница (2, 175).

Во п р и м е р и т е: 2,17; 2, 31, 2, 32, 2, 33; 2, 58; 2, 136; 2, 141; 2, 146; 2, 175; 2, 183; 3, 31; 3, 46; 3, 66; 3, 72; 3, 206; 3, 218; 3,

290; 4, 23; 4, 35; 4, 24; 4, 36; 4, 129; 4, 130; 4, 196; 4, 199; 4, 240; 5, 11, 5, 12; 5, 57, 5, 73; 5, 146; 5, 251; 5, 252; 5, 308; 5, 300; 6, 17; 6, 112; 6, 169; 6, 177; 6, 185; 6, 186;

закопан *гл. прид.* од з а к о п а; 3, 63; 3, 72.

ЗАКОПУА *гл. несвр.* **закопува** од з а к о п а. **I**. **1**. **а**. Вид. з а к о п а 1; Е, е, бре братко, дали паметуаш кога го закопуаше крал Богдан азното, што пусто јадење сме јале, месо од крави јалоици? (3, 72); Кој знаи сеа дали ќе закопуат азно и овој цар... (3, 72). **б**. *во пасивна употреба;* Не верој сега азно да се закопуа, а братко, чунки не јет тој век (3, 72).

2. Вид. з а к о п а 2; Неколку дни што му носија мртовци да закопуаат, му се противеле на сиромаио и не му давале баждар за умрените (5, 151); Сѐ му давале по еден грош и си го закопуале умрениo во гробиштата (5, 151); *во пасивна употреба со* **се***;* И самите вие и се чудите за ошто вакваа уредба нарачал, а не како друзи цареи што се закопуале (5, 70).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 119; 5, 21; 5, 142; 6, 220;

закопуање *ср. гл. им.* **закопување** од з а к о п у а; Еве каков маривет сум измислил: да шетаме од град на град и еднио од нас да се праиме умрен од навала, та другио да питаме пари за закопуање и така можи да се обогатиме (6, 185).

ЗАКРАЛУА СЕ *гл. свр.* **закралува се** – *стане крал;* ...така оделе и руските кралеи при царо турски кога се царуале и се закралуале и големи бакшиши му носеле... (4, 38).

ЗАКРЕПИ СЕ *гл. свр.* **1**. *(прен.) материјално, финансиски подигне се;* Откоа беше ’и зел парите свети Тома, думал, думал и издумал еден марифет: и за чорбаџијата да се избавит од греот, и сиромасите да се закрепат во градо и да речат Бог да прости (4, 158).

2. *(прен.) зацврсти се;* – Демек, вие сте против мене што неќите да ми даите таа сума што ми е многу нужда за да се закрепи царштината (4, 97).

ЗАКРИВАТ СЕ *гл. несвр.* **закрива се** – од з а к р и е

с е; *(за сонце) заоѓа;* Ха – беа свикале сите со еден глас – еве ни убао место за лежење вечерва, аслим еве и кај се закриват сонцето зад планина; овде ќе си лежиме и друго ништо! (3, 98)

ЗАКРИЕ *гл. свр.* и **затскрие**. **I**. *скрие ѕонекаѕе; прикрие;* Зеде (домаќино) едно веленце и го обеси перде во одајата, за да ја закрие жената си (3, 202); Во малце дни му загина ато на лошио кесеџија; барај вамо, нигде не можел да го најди, чунки беше го закрил Господ коњо (4, 85–86).

II. **закрие се** *скрие се ѕонекаѕе, прикрие се;* Се закрил царев син зад чешма да слушат што ќе речат (измеќарките) (2, 188); ...и се закрил (Арнаутино) тамо да ја чека девојката (2, 189); **закриен** *гл. приѕ.;* ...едно беше дошла царцката војска, кај што биле орлите закриени, веднаш беа летнале сите над нив и – јалла кафпен! (2, 209)

зкриен *гл. приѕ.* од з а к р и е с е; Вид. кај з а к р и е II.

ЗАКРПИ *гл. свр.* **1**. **а**. *скинато, распарано сошие.* **б**. з а к р п и н е к о г о – *некому скинато сошие;* (Старава ја земам) да ме пере, да ме закрпи, да ми зготви (6, 12).

2. *ѕупнато (казан, тенџере) залепи;* не ми се закрпени – *не сум ги закрпил;* – Има место, казаните во рајо не ми се закрпени, ќе си 'и закрпам (2, 227).

ЗАЛАГ -зи *м.* Вид. **залак**; Што сиромав дошол без дури не му даам, не је чаре, залаго од трпезата сум му го давала, децата гладни сум 'и остаала и на сиромав су му даала (5, 46)

ЗАЛАЖИ *гл. свр.* овде: **залаже** – **а**. *ѕаѕе на расплакано (ѕете) разни преѕмети со цел ѕа го одвлече неговото внимание и така ѕа престане ѕа плаче и сл.;* Еда, мајко, мајко – је рекла – глаата не ја исврлив ами му ја дадов на постариот ми брат, а срцето и џигерчето на помалио за да 'и залажам чунки ми цимолкаа, тики да 'и оплатам (децата) (3, 275). **б**. *(прен.) со исто значење кога се работи и за ѕобиток;* Море братко бре – му рекол на смеа – не моиш маска да изваиш од шопурката, ако не земиш една зобница со јачмен да ја за-

лажиш (4, 226); Тоа је сега здивено од пиперката и лесно не ќе се предаа в раце; ја чекај да земам зобница и да го залажам за да го ватам (6, 218).

ЗАЛАК и **ЗАЛАГ** -зи *м.* **залак** – *количество храна колку што се става в уста при хранење;* Макна мажот еден залак, уште еден и вати да вели: – А, еве сега си го погодила караванчево! (5, 341); Макнуајќи си од тој саан мажо еден залак, ја мавнал глаата и фукнал со носот (5, 346); **залаг** -зи: ...и откоа каснала (девојката) неколку залази, го ватила за рака и му се таксуала да му биди верна домаќинка (2, 174).

~ Во и з р а з и т е: **еден залак леб (да) касни** – *малку (ѓа) се најаѓе;* ...ами си одбрал (бре синко) некое поарно девојче... за да можиме да касниме еден залак леб, тој што ни го даруал Госпо – му рекол таткото (2, 220); Ај остај не (бре синко) да касниме еден залак леб на раат... (3, 311); **залаго од трпезата сум му давала** – *сѐ (оѓ храна) сум му ѓавала оѓѓелувајќи оѓ уста;* Што сиромав дошол без дури не му даам, не је чаре, залаго од трпезата сум му го давала, децата гладни сум ’и остаала и на сиромав су му даала (5, 46); **првнио залак да ти го изеи** – *т.е. кога ти е најслатко во јаѓењето;* ...на местото твое ќе удриш (пријателе) со стапо што да можиш, чунки тамо ќе ти биди седнат кăсметот, да ти го изеи првнио залак (3, 244); **скудна за еден залак леб** – *нема што ѓа јаѓе;* Коа отишол поснико кај неа, вистина беше ја нашол скудна за еден залак леб и пак ја помолил за да си праи како напред (4, 173); **со залаго в уста** – *уште неѓојаѓен;* Комшиине по ручеко ќе си полежат некој саат да си починат, а пак нунката со залаго в уста ќе ја скорни да жние (4, 144).

~ Во п о с л о в и ц а т а: **Поголем** залак голтни и поголема реч не речи (2, 61).

~ Со п р и д а в к а т а **голем**: Вид. го горниот пример.

~ Со п р и б л и ж н и о т б р о ј **два-три**; Му ставила (жената на мажа си) да вечера и макнал два-три залага и ич не ја бендисал, при сѐ што била најубаа (5, 340).

Во д р у г и п р и м е р и: 4, 62; 4, 78; 4, 204; 5, 46; 5, 340; 5, 341; 5, 346; 6, 201.

ЗАЛАЧЕ *ср. ѕем.* и *хип.* од з а л а к; ...трешти пупунчето да бегат и на лисицата да му се моли и да му таксуат квачка со дванаесет пилци да му донеси на лиса за да се изнајади, арно, а не него да го јади, колку едно залаче месо (2, 20); ...му сакале за Бога по едно парче леб, арно ама тој лели е скржав, никому не му даал нити едно залаче, а не парче да му дава (4, 5-6).

ЗАЛАЧКУА *гл. несвр.* **залачкува** од з а л а ч к а – *заѕре; заѕира;* ...туку идам (овчарко) за проклетите пци да ти 'и удаам, да да си останам раат, да не ме залачкуаат кога си врвам по патот (2, 44).

ЗАЛЕИ *гл. свр.* **залее** – **а**. *наполни стомна (барѕе, букар, ѓум и ѕр.) со воѕа за пиење;* (Господаре) залеј од тој извор вода и пројди кај царот (2, 245); Му рекол (царо на Петре) да пројди тој или некој од другарите кај некој извор од некоја ближна планина, да залеат една стомна вода (3, 107); Една вечер беше заборајла жената да си залеи вода и на права полноќ станала да пие вода (4, 262) **б**. *во фантастичните приказни:* **залее шербет**; Секоја (жена) зела стомните што си леала вода и отишла да си залеи шербет (2, 171).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 115; 2, 130; 2, 236; 2, 245; 2, 171; 2, 246; 3, 107; 3, 114; 3, 145; 3, 146; 3, 253; 4, 62; 4, 227; 4, 229; 4, 262; 4, 263; 5, 17; 5, 348; 6, 225.

ЗАЛЕКУА *гл. свр.* **залекува** – *почне ѕа лекува;* Си ошло момчето и екимо го залекуал, та го излекуал, тамам на месецо (3, 124).

залепен *гл. приѕ.* од з а л е п и; распаднати му биле оџаците (на милондарите), растурени гирамидите; на многу места варта распадната; пенџерињата залепени со книги најдени на буниште... (5, 323); Го зел кадијата тевтерчето... и отворил првио лис, кога гледат – една мека мамудија залепена, тогај се сетил оти рушвет му дал чирбаџијата со маривет... (5, 365)

ЗАЛЕПИ *гл. свр.* **I. 1**. *со лепило и ѕр. ѕовеѕе некој ски-*

нат предмет во преѓешна (здрава) состојба; Ја залепила книгата со црвен восок и, не би час, дошла чорбаџицата, та ѝ ја дало момчето (3, 194).

2. *прицврсти;* ...врабецо нито еднаш не беше го пикнал клунот во калта, да лапни троа кал и да залепи на гредата, како што лепела ластојцата (2, 96); Залепи, чини (гугучката), една сламка на местото кај што сакала да го праи, и падни је, чинало...ѓоа да ја залепи... (2, 102); Отишол ангелот и ватил едно јаболко за да скинит, и веднаш му се залепила раката за јаболкото. (4, 64)

3. **залепен до нешто** – *без какво и да било растојание;* Трчал, одил, отишол (Итроман Пејо) на некоја висока планина, чунки му се гледала како залепена до небето, арно ама коа се качил на врвот од планината, небото му се видело уште повисоко (6, 196); Многу пати на сон кај ми се кажуа едно азно во твојо град, во една куќа залепена до една чешма со три шепурки (3, 240–241).

II. **залепи се 1**. *соедини се (како со лепило);* Отишол ангелот и ватил едно јаболко за да скинит, и веднаш му се залепила раката за јаболкото (4, 64); О, чудо големо! Сите деца се залепија за гранките со рацете и со нозете као со туткал (4, 198).

2. *(прен.)* **му се залепило срцето за грео (од чорбаџијата)** – *од сè срце го поддржувал грешниот чорбаџија*; Беше му се залепило срцето за грео (на чорбаџијата) и непара го слушаше ангело што го учеше (4, 179).

Со д р у г и п р и м е р и: 2, 96; 2, 98; 4, 65; 5, 365; 6, 39

ЗАЛИКАН *прид. гл.* од з а л и к а с е; Што добрина си напраила мори, што туку се смеиш како некоја заликана, ја кажи да видиме? – е рекол мажот је (6, 228).

ЗАЛИСА СЕ *гл. свр.* (од грч. залис) *(прен.) занесе се, зајде, зашемети се;* Откоа се изнаобогати гускаро со умот... го однесле во првата одаја кај што беше ќерка му (на царо). Коа ја видел гускарот, се вчудовидел и сам себе се залисал и се забораил оти јет навистина тоа што гледал (5, 127); Измеќарката беше забораила да оди да го земи кравајчето од вур-

на, чунки беше се залисала во домашна работа (3, 74); **залисан** – *занесен;* Залисан бидејќи беше, баеги беше стојал опулен во ќерка му од пашата (5, 127); Бидејќи и двата залисани во дамата, кога чул од ѓаконот тој збор владиката веднаш беше му се вдал (6, 167).

ЗАЛУДО *прил. попусто, напразно;* Ej, ej синковци, јас залудо се мачив за да ве учам – му рекла мајка му – да бидите итри (2, 75); Залудо што чекал Силјан, чунки дуовникот и сите друзите што беа во гемијата – беа се удајле (2, 140); Арно, бре ’рслане, да одам да си го земам јунастото... туку кога ќе се вратам, ме страв да не не те најдам овде, да да ми оит залудо одењето (2, 85).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Залудо работи, залудо не седи, оти така се печалат пари (5, 45).

Со г л а г о л и т е: **мачи се** (2, 75); **моли се** (4, 210); **работи ... седи**; Вид. кај горните примери; **чека** (2, 140); и др.

ЗАЛЧЕ *ср. род.* и *хип.* од з а л а к; Вид. и **залаче**; Едно зајале, и сиромаиот рипнал, зел едно залче леб и пошол, та го наранил орлето (5, 206).

ЗАЉУБИ *гл. свр.* **I**. *засака;* Едно момче беше заљубил едно момче (5, 234); Со денеска, со утре, разбра мајка му на терзијата, оти ја заљубил таа девојка (5, 177); (Саравот) беше ја заљубил тој неа (вдојцата) и таа него (3, 274).

II. **заљуби се 1**. *вљуби се во некого;* Царо и царицата туку седеа и се чудеа на ќерка си оти толку да се заљуби во тоа сиромашко момче (2, 166); (невестата на богатиот) била нечесна и неверна и беше се заљубила во еден бесчесен маж како неа (2, 228).

2. *засака се со некого;* Се заљубила (жената) со еден богат кумецција и се омажила за него (3, 59); Се погоди многу нечесна (мојата царица), та се заљуби со еден од мојте измеќари (4, 269); з а љ у б е н – *вљубен;* Проклет да је тој што влегуа меѓу две заљубени срца! (2, 167)

Во п р и м е р и т е: 2, 81; 2, 166; 2, 167; 2, 228; 3, 59; 3, 248; 3, 274; 4, 240; 4, 269; 5, 177; 5, 234 и др.

ЗАМАА *гл. свр.* **замава** – *замавта, заниша (глава);* Секој чоек што го слушал (момчето), ја померено го чинел, ја некој суртук и, откоа ќе го изгледал од глаа до прсти, ќе ја замаал глаата и ќе си речел: – Пак ти се припило, и немајќи пари, така ќе велиш, бре момче... (5, 131)

ЗАМАВНИ *гл. свр.* **замавне 1**. *направи замав при удар и сл.;* Тргна (Петре) острата сабја од ножница, та коа замавна на змијата под гушата, како коа да сечи некоја зелка (3, 99); Е доста со тој ѓаолцки штрк, бре внучко, се џари! Тоа рече Божин и замавна со остено на штркот (2, 152).

2. **(ја) замавнал глаата** – *направи замав со главата;* Му се почудил ’рсланот на чоекот на валбите што се валеше, и откога ја замавнал глаата, му рекол (2, 85); Ја замавнал глаата (овчарко) назад, ѓоа да не му го даит кобелот со млеко на чоекот, да го ватит и му паднал од глаа (6, 192); Кога виде св. Илија толкуа бериќет, беше се почудил и замавнал глаата (4, 140); Замавнал глаата береберо и фукнал со носо и му клал ласно оцпреди да му ја топи барадата, да после да го бричи. (5, 301)

Во д р у г и п р и м е р и: 6, 123; 6, 178 и др.

ЗАМАВНУА *гл. несвр.* **замавнува** од з а м а в н е. Вид. з а м а в н и 2; Многу серсем бил пустио бербер, тики уште не беше го заватил да го бричит, беше заврел од лутина и ватил да фучи со носот и да ’а замавнуа глаата (5, 301).

ЗАМАВТА *гл. свр.* **1**. *почне да мавта;* (Момчето) ја замавтал (сламата) дури се запалила и му ја потпалил куќата на сиромаиот (4, 103).

2. *почне да мавта со главата;* Кога чуја тој збор царцките синои, сите се омрцлаиле и замавтале со глаите (3, 44); Сега ќе ти простам, момче – му рекол царо на треќото момче и ја замавта глаата налево и надесно (3, 289).

ЗАМАИ СЕ *гл. свр.* **замае се** – *занесе се; вчудовиди се; зашемети се;* Коа виде тоа чудо сиромајо, туку се замајал и као да му се фатил јазико, та не можел да прогоори (4, 84); Паднуајќи (глушецот) в дуќан беше се замајал малце (2, 67);

(сиромаио) као да се замајал, тики само се чудеше (4, 84); **замајан** – *занесен, зашемотен, вчуловиден;* Тоа си мислев и ми дојде многу жал, тики од тоа бев како замајан, а не оти ќерка ти ја неќум (3, 222); Треба да си многу шетан ти, бре пријателе, што многу знаиш да зборуаш и да прикажуаш? – му рекол еден Бугарин на еден замајан Грк (6, 146); Откоа си отиде змијата, остана замајан ќелешо од пустиот страв... (2, 266).

ЗАМАН *м.* (тур.) *време;* овде во и з р а з о т **аман-заман** – *при големо молење;* Коа видело детето од арамијата оти кадијата шака не праит, се усукало дете, ватило да се молит: „Бре аман, бре заман!“ – се молит дури со плачење (5, 369); Бре аман, ангеле! – Аман, заман немат, туку готви се, дури јет брго! – му рекол ангелот (4, 64).

ЗАМАТИ *гл. свр.* **1**. *направи течност да биде матна.*

2. *(прен.) заматка;* Утре мене ме пери плачење, што да можам, коа ќе дојди чоекот, да белким ќе го заматам некако за да ме пушти од оваа пуста лоша стапица (2, 32).

ЗАМЕНА *ж.* **1**. *вршење служба место друг;* Е, неќум лаф, козаре – му рекол Итроман Пејо – си бил многу кăсметлија, зер на ден Велигден си се родил, ај чини таа замена, дека ќе бидиш царев зет (6, 207).

2. *размена;* Знаиш, пријателе, што сакам да ти речам? – му рекол едниот; – ај да напраиме една трампа-трумпа (замена): јас да ти дадам бубаќот, а пак ти да ми даиш шиклите (6, 183).

ЗАМЕСИ *гл. свр. (од брашно и др.) направи тесто;* Можам да замесам една погача (3, 137); ...да замесам една погача, што сиот аскер да јадит... (3, 74); замеси мозок, 3, 73.

ЗАМЕТИ *гл. свр.* **замете** *измете малку; згора-згора;* Бог да прости на тоа малку ѓубре што било во ќошо заметено, оти ако не се најдеше тоа ѓубре, бездруго ќе ја ватеа (болвата) ѓаконите (2, 104–105); (2, 104).

ЗАМЕША *гл. свр.* овде: *(прен.) вклучи некого во разговор;* Лалата сѐ во неа се пулел и сакал и таа да ја замеша во

разгоорот, та да ја види што знаи да кажит (5, 105).

ЗАМИЖИ *гл. свр.* **замиже** – овде: *затвори очи (пред да стори нешто од што се страшел);* „Ај шоана, ја почекај да замижам и мижеечќи да го поминам мостов...“ (5, 224); Тамам ќе си ја најдеше (парите), ти ми замижа со обете очи (5, 225); до најпосле (момчето) беше замижало и беше ’и клало в уста и ’и соџвакало, та си ’и голтнало (дренките) (3, 159).

замижување *ср. гл. им.* од з а м и ж у в а; Нема постење, нема метании, ами само едно замижување коа ќе се молат и толку. Ете, тука веруам да се спасам и да се развеселам, чунки немаат тарантурии као овде. (4, 182).

ЗАМИЛУА *гл. свр.* **замилува** – **I**. *засака.* **а**. *му стане мил, драг некому;* Еден ангел многу беше го замилуал еден праведен чоек, та ден ексик не остаал дури не му се јавел (4, 117); (Бавчанџијата) многу го замилуал (момчето) и сѐ во бавчата го оставал да седи (2, 275); До толку што го замилуа судијата момчето, што многупати беше го држал дури и на ручек и на вечера (5, 56). **б**. *заљуби некого; вљуби се во некого;* (Ќерка му од богатио) многу го замилуала Меча, та помислила да си го земи и да се исполни пишаното од наречниците. (3, 194); *со прилог:* **многу**: Од гласот незин (царев син) ја познаил оти била девојка, и многу ја замилуал (5, 211).

II. **замилуа се 1**. с е з а м и л у а л е – *станале еден со друг мили, добри пријатели, другари, блиски;* ...сега само ти дојди, да по време, ако сме живи и да се замилуаат невестите ни, ќе си оиме и ќе си идиме, дури да речиме доста (5, 189); Откоа ја зеде (царскио син царевата ќерка), веќе се замилуаа цареите и ич џенг не праеле (5, 212).

2. *засака се со некого, вљуби се во некого;* Татко му на момчето, така го донесло редот, та пошол и на туѓина, а мајка му на момчето се замилуала со еден Евреин (3, 54).

Во други оримери: 2, 276; 3, 54; 4, 117; 5, 178; 5, 216; и др.

ЗАМИНИ *гл. свр.* **замине** – **1**. **а**. *отиде, оттатува;* Откоа замина војската, (момчето) го извади коњо од калта и го

пушти да паси. (2, 291); На смрачуање (сирото девојче), станала да одит преку ричката, кај што беше заминал татко је (5, 245); Замини, замини сега, стара – му рекол мажот је на жената – Господ нека ти дајт! (6, 47). **б**. *често со зам.* **си** *во истото значење;* Си заминал св. Јоан и дошол кај луѓето што ручаа под сенките (4, 101); Ах, ќерко, ќерко, да би аир не видела, што ме устрами со ова момче твое! – си велел сам со себе царо и си заминал (2, 292).

2. *помине.* **а**. *пројде;* Кај да заминам, сѐ стапици наставени за да ме ватат, сегде пусии наклаени да ме отепаат (2, 5); Еве ручекот дојде и замина (5, 167). **б**. *во синонимен спрег со гл.* **помине**; Поминаа, заминаа многу годиње, и чоекот остаре и му се свршиле дните за да умри (4, 198); Поминало време, заминало, дошло време да ја праит премудри Соломон Света Софија (4, 28).

3. *помине покрај некого, нешто без да намине и сл.;* ’И заминал нив и по некој час место дошол до едно големо вириште (4, 100); Штом го заминало коњчето синорот, и застанало да се почини малце (2, 257).

Во д р у г и п р и м е р и: 5, 2; 2, 132; 2, 289; 2, 292; 3, 30; 3, 40; 4, 100; 5, 142; 5, 254; 5, 364

ЗАМИНУА *гл. несвр.* **заминува** од з а м и н е. **1**. Вид. з а м и н и 1. б; На Господоата молба луѓето едни се насмевале и си заминуале; друзи: – Умри си, умри си, дедо – му велеле – отсега тебе зашто ти је здравје? (4, 59)

2. Вид. з а м и н и 3; *поминува покрај некого;* Настреќа (сиромавио) еве ти еден старец го втасал на пато и ватил да го заминуат (4, 86).

замислен *прид. (гл. прид.* од з а м и с л и с е). **1**. *потонат во мисли; заудман;* Од овие и друзи маки ќе бидиш сеедно замислен, ништо не ќе ти биди мило и драго, да дури да умриш (2, 109); Старче, стоејќи татко замислен со раката в џеб, си нашол една семка од тиква и веднаш беше ја насадил (5, 68); Си седел и еден чорбаџија, навален на перница и многу замислен (5, 101).

2. *загрижен; во синонимен спрег со* **гајлелија**; По некој месец-два, па стоел (мажо) гајлелија и замислен како напре (6, 11).

Со п р и л о з и т е: **вака**: Со здравје, пријателе, му рекол – ако дај Господ, каде си се упатил вака замислен? (4, 87); **многу**: ...си идел дома... гајлелија и многу замислен. (6, 11); Си седел и еден чорбаџија, навален на перница и многу замислен. (5, 101); **сеедно**: Од овие и други маки ќе бидиш сеедно замислен, ништо не ќе ти биди мило и драго, да дури да умриш. (2, 109); **стоејќи**: После, старче, стоејќи татко замислен со раката в џеб, си нашол една семка од тиква и веднаш беше ја насадил... (5, 68); **толку**: Тате, тате, ако не ми кажиш што си толку замислен? (5, 101)

ЗАМИСЛИ *гл. свр.* **I. 1**. *претстави си во мислите;* Некои и замислија да им напраат една плоча од куршум, од илјада ока тешка (на страците) (4, 199).

2. *изложи некому некој план и со тоа предизвика тој да мисли на него;* Мажот је замисли да го напраи резил владиката, ја научил како да праит жената си (6, 163).

II. **замисли се** – *претстави си во мислите;* Кога чул комарџијата тој збор од Риста, се замислил малку и му текнало нешто да му посака (4, 66); Коа ќе се замислел Силјан Штркот понекоаш вака, тики ќе се забораел кај што стоел (2, 150).

ЗАМОЛИ *гл. свр. учтиво упати молба некому;* ...го замолиле (трговците) големио од маазата да му даи (на владиката) не знам колку топои атлаз од најскапио (6, 152).

ЗАМОЛКНИ *гл. свр.* **замолкне** – *молкне, закути;* Сите замолкнаа и глаите наведоа, никој не стануал да отцепи дрва (6, 157); Се замолкна Мојсеја и му се поклони на Бога, та си отиде (4, 53); Море гости, ами што замолкнавте, сите што не му се одгоорите на домаќино (6, 157); Си замолкна Мојсеја и му се поклони на Бога, та си отиде. (4, 53); ...треба да се погуби, честита царице, нашио син. Коа чула тие зборои царицата од царо, замолкнала. (5, 267); ...је удрил

неколку тупаници в тил на жената си, та така замолкнала жената му.

ЗАМОЛЧИ *гл. свр.* **1**. *заќути, замолкне, молкне;* Замолче сирота Невена, и изврвеа старата планина (2, 192); Си замолче слугата и си работал неколку месеци. (4, 61).

2. *направи некој ѕа молкне;* Нà еве се истопив поеќе ошто дождо ќе ме истопеше, само и само да те замолчам (5, 22); Пак ќе го замолчала жената мажо со тие зборои и детето од ден на ден се чинело полошо и полошо (5, 23).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 217; 2, 243; 4, 253; 5, 42; 5, 119; 5, 351; 6, 10; 6, 157; 6, 172; 6, 229.

ЗАМОЛЧУА СЕ *гл. несвр.* од з а м о л ч и с е; **замолчува** – *молкнува;* Така велејќи му татко му на тројцата синои, се замолчуале (3, 311).

замолчуање *ср. гл. им.* од з а м о л ч у а (с е); **замолчување**: На тоа замолчуање туку беше се испраило врапчето пред царот... (2, 82).

замрзнат *гл. прил.* од з а м р з н е; Вид. кај **замрзни**.

ЗАМРЗНИ *гл. свр.* **замрзне а**. *за вода, снег – претвора се во мраз, лед;* Сполај Богу сме, свети Петре, ама со студов ич не чиниме. Еве, гледај не као сме се напраиле жива вода, замрзната на нас, во кал до колена! (4, 113); И кај падни (снегот) – замрзни (4, 116). **б**. *за река, море – фати мраз на површината;* – Слушај вамо, господаре – му рекла (жената) – ако не ми земиш што ти нарачав, да знаиш оти морето ќе ти замрзни и не ќе моиш да си дојдиш (3, 308). **в**. *за земја – стане толку тврда што не може да се копа;* Од кај што беше топло, туку веднаш беше завеал еден силен ветар од северна страна, што од сила беше замрзнала земјата (4, 112). **г**. *умре од студ:* страшна фуртуна била и сè што било живо беше замрзнало кое кај беше одело, тамо останало! (4, 112–113)

ЗАМРЗНУА *гл. несвр.* **замрзнува** од з а м р з н е; Било време есено, коа врнеле дождои со студени ветрои и лапајци: кај што капнуало и замрзнуало (4, 113).

ЗАНААТ и *м.* (тур.) *(најчеста форма кај Цепенков)* Вид. **занает**.

ЗАНАЕТ и **ЗАНААТ** *м.* **занает** (тур.) *научена вештина да се изработува нешто и, најчесто, користена како професија;* Разбрав, сестрице треско, и поверуав за твојо занает, арно ама мојио занаат е многу полош од твојо... (2, 108); Лош занает ет, синко, дрварлѫко, гледај да научиш ти и брат ти некој полесен занаат за да печалите пари (3, 147); Откоа го научил и тој занаат (момчето), си отишол дома при татка си пак без стока и без пари. (5, 214); Си пазарил еден дуќан да седи момчето и да работи од секакви занаати (3, 40–41).

~ Во и з р а з и т е: **вати, ваќа**, **земе занаат** – *научи некој занает;* ...децата уште не беа ватиле занаатот од таткои си, ни пак некој друг селцки или грацки занаат (5, 351); Ете што занаат ќе ваќа внук ми – си рекол сам со себе старио (5, 352); На годината ела ми овде (пријателе), и научен занаат да си го земиш (син ти) (4, 247); **го купи занаато** – *го научи;* Е, пријателе, го купи занаато мој како да давиш коњи? – му рекол волко (2, 42); **занаат му даде** – *го научи;* Бездруго го купив (занаатот), пријателе, му рекол чакало – и благодарен сум ти на занаатот што ми го даде (2, 42); **не ми е занаат**, **не ти (ј)е од занаато(т)** – *не знае (тоа) да го прави;* ...асли и не ми е занаат, чунки не сум бил на мајстор за да го знам тој занаат (2, 40); ...ами ете коа не ти е од занаато, што да ти праам? Ти не требало веднаш да го јадиш магарето (2, 38); Е, заошто, од што не ти је од занаатот, бре чоече (4, 67); ...от што не ми е занаат, тики наместо крошни да напраам, направив една лајца... (6, 215); – Немој, не качуј се, чоеку, – му рекла жената – оти не ти е од занаато, можи да падниш... (6, 9)

~ Со п р и д а в к и т е: **грацки**: ...децата уште не беа ватиле занаатот од таткои си, ни пак некој друг селцки или грацки занаат. (5, 351); **лесен**: Лош занает ет, синко, дрварлѫко, гледај да научиш ти и брат ти некој полесен занаат за да печалите пари со полесно (3, 147); **лош**: Вид. кај лесен; **питачки**: Е, каков занаат да имам, честити царе? – Питачки занаат, питачки да имаш, ете тој занаат (5, 53); **сел-**

цки: Вид. кај **грацки**; **сигурен**: Е посигурен занаат што имам од цар, честити царе, што треба поарен?! (5, 53); **царски**: Море (момче), поарен, поарен од цар сакам да имаш занаат, оти за царски занаат лесна работа. Секој можи да царуа (5, 53).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 38; 2, 42; 2, 108; 2, 107; 3, 41; 3, 59; 4, 51; 4, 67; 5, 175; 5, 36; 5, 37; 5, 53; 5, 54; 5. 168; 5, 352; 5 353; 5, 358 и др.

ЗАНАЕТЧИЈА -ии *м. тој што се занимава професионално со определен занает;* „Ејди внучко, ејди синко – си рекол сам со себе старио – ти лели велиш оти ти е страв, и ти и е страм и грев, не бидуаш арамија, ами ќе бидиш некој занаетчија.“ (5, 352); Отвориле трећата одаја, тамо нашле од секакви занаетчии и нив ’и испуштија (2, 287); – Те видов, внучко, и многу сум се израдуал дела ќе остаам еден внук по мене, занаетчии како мене и како синои ми – му рекол старио (5, 357)

ЗАНДАН и **ЗӐНДАН** *м.* (тур.) Вид. **зандана**; Му ’и изваде синџирџијата железата од постарио брат и му ’и кладе на помалиот, та си излезе од зандан (5, 278); Спроти занданот бил сарајот од ќерка му на царот, кај што си седела (3, 112); ...заповеда царо и ’и кладоа в зӑндан за по три дни да ’и исколит (4, 97). Други примери: 4, 98; 4, 255.

ЗАНДАНА и **ЗӐНДАНА** -и *ж.* **зандана** (тур.) *затвор, темница; најчесто во составот* **темна зандана** *(и во народ. поезија);* – Мило чедо мое, кај си да ја видиш твојата мајчица кај лежит во темна зандана толку години. (3, 140); Беше се налутил (царо) и го бутурисал (Тома) од пред него, та заповедал да го клаат во темна зӑндана, во тешки тумруци и синџири. (4, 161); Ја земете ’а таја кучка и врлете ’а во темни зандани! (3, 137)

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 112; 3, 139; 3, 140; 4, 79; 5, 113; 5, 280; 5, 281.

~ Со б р о ј о т **шес**: Втората вечер шес зандани со шес ѕвезди и шес турлии манџи донесле ангелите (4, 79).

ЗАНДАНЏИЈА *м.* (тур.) *чувар на затворот; темничар;* ...дошле во еден збор (браќата) и за да го молат зданџијата да го пушти еднио од нив надвор (5, 278).

ЗАНЕСИ(Т) *гл. свр.* **занесе 1**. *(за вода, река) однесе во друг правец;* ...силна бидејќи била далгата, го занесла пампоро во некоја многу далечна страна (4, 215); Дошла една силна река и го занесла ќутуко некаде... (3, 227); (Дуња Ѓузели) ...пречекорила над ѓеризо да помини, ја панала едната влечка во ѓеризо и ја го занесла водата. (3, 47)

2. *(при преодавање тиквешки говор) однесе (на пазар и др.);* Јазека бев ат-пазар, занесох белата кобила да ја продада, чунки имах аџеле за малку арчлăк (6, 134).

ЗАНИОШТО *прил. за ништо;* – Во името на Бога ве преколнуам, немојте да се расипиме од нашето браство што сме си го имале, ич заниошто, оти сме си рекле некој збор помеѓу нас. (4, 243).

ЗАНИША *гл. свр. почне да ниша; залула;* ...ќелешот не беше нашол друго да врзит, ами сам беше се врзал и ја занишал ортомата да го истргаат (2, 115).

ЗАОБЛАЧИ СЕ *гл. свр. (за време) почне да се облачи;* ...времето било многу заоблачено и се готвело да врнит силен дож (6, 130).

ЗАОЃА(Т) *гл. несвр.* **заоѓа** од з а ј д е; Ти ќе велиш оти јас ќе огреам од кај што заоѓам и тој ќе велит од кај што огреват сеедно (2, 233); Сполај ти, Господи, сполај ти оти сонцево грејт од кај што заоѓат овде! (2, 141); Море, ја истај ми се дете од глаава, оти мене не ме огреало сонце од кај што огрева, да ќе ме огреи од кај што заоѓа (5, 98); В треќата вечер Госпо, сполај му, беше му покажал еден нишан на цар Костадина и на царица Елена, еден крс голем од ѕвезди напраен, од кај што огрева сонцето – до кај што заоѓа, и од југа да дури до севера. (4, 32)

ЗАОРТАЧИ СЕ *гл. свр.* (тур.) *стане ортак;* Бидејќи тој бил многу тамавќар, посакал да се заортачит со сирома-

иот и му отишол една вечер дома (3, 260); Се заортачиле тројца итри Тиквешани и си купиле една убаа маска (5, 154); Ежо и крто беа се заортачиле некоаш за да работат селцка работа (2, 10); Двајца лажои се заортачиле за да продаваат вино. (6, 181); Се заортачиле двајца луѓе за да бидат меанџии. (6, 59); ...за уверение (ѓаволе) дај малио прс да се заортачиме и да се побратимиме – му рече Арам. (4, 17)

Со п р и л о з и т е: **арно**: – Море ние арно се заортачивме – му рекол еднио на другио – туку ќесето у кого ќе стоит, али у мене, дали у тебе? (6, 181); **вака**: – Море каква работа ќе бидит ова – му рекол еднио на другио... Зер за вака се заортачивме ние за да 'и крадиш парите! (6,182); **откоа**: Се чудел рибаро оти, откоа се заортачија со чорбаџијата, не можат риба да ватат (3, 211); **просто**: Дај просто да се заортачиме и оди по мене да ватиме некоја работа и да видиш као се печалат пари. (4, 271)

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 10; 3, 14; 4, 14; 4, 271.

ЗАОРТАЧУА СЕ *гл. несвр.* **заортачува се** (тур.) од з а о р т а ч и с е; Заортачуајќим се старио и сиромаио по патот, си ошле во некој град и почнале некоја работа (4, 166).

ЗАОШТО *прил.* и *сврзн.* Вид. **зошто**. **I**. *прил. прашален;* Заошто мило мое коњче – му рекло момчето – не си ми ти весело као што сум јас? (2, 256); Заошто се вративте, мори лисо? – ја праша царот (2, 58); Е, заошто, бре стопане – рекла пајката – ме тепаш и не ме остааш да каснам и јас троа овес? (2, 53)

II. *сврзн.* **1**. *во зависни прашални реченици;* (Царцкио син) викна да слези од дрвото долу (девојката) за да ја прашат од каде ет и заошто се качила тамо (2, 181); ...ја испрашале заошто пишал така за да је сурдисат татко је (5, 336).

2. *во зависни изјавни реченици;* Врвејќи сиромаиот крај нив, застанал до нив да види заошто се караат (3, 258); Коа 'и чул тие зборои сиромајио, многу беше се устрамил и, за да се отстрами, му кажал заошто дошол во тој град (3,

242); И застанала (Марија) во еден ќош, да се помисли заошто да не можи да влези црква и тогај ѝ текна за збороите од дуовнико (4, 193).

3. *во зависна причинска реченица; зашто;* Јас ќе те куртулисам, брате јазовче, заошто сум стоумница; ти ич да не бериш гајле (2, 28).

~ Во и з р а з о т **пошто-заошто (го продаде)** – *без пазарење (го продаде);* Изгореното (кравајче вурнаџијата) му го дал на калвата да го продаи поштозаошто (3, 74).

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 15; 2, 44; 2, 67; 2, 119; 2, 121; 2, 126; 2, 131; 163; 2, 169; 2, 171; 2, 181; 2, 212; 2, 221; 2, 230; 2, 237; 3, 74; 3, 85; 3, 95; 3, 126; 3, 152; 3, 163; 3 166; 3, 242; 3, 258; 3, 311; 4, 11; 4, 54; 4, 139; 4, 193; 4, 218; 4, 231; 5, 280; 6, 21; 6, 138; 6, 140; 6, 144 о др.

ЗАПАД *м. страната на светот каде што заоѓа сонцето;* Никој не веруал да огреи сонцето од запад, само по некој чоек што бил набожен веруал да напраи Госпо чудо (2, 235).

ЗАПАЗАРИ *гл. свр.* (тур.) *почне нешто да пазари;* Во тоа време дошол еден сиромав чоек кај рибаро и ја запазарил рибата што ја купуал (3, 230); Дури да пројди измеѓарот докај маазата од момчето, мнозина го запазариле (3, 168).

ЗАПАЗИ СЕ *гл. свр. зачува се;* Милос на Бога, беше заповедал да заврни еден силен дож, као низ ракав да тура, тики богатио беше видел пред него една голема бука, празна во стредето и се пикнал внатре, малце со мака, за да се запази од дождо (4, 200).

запален *гл. прид.* од з а п а л и (с е); ...дал вик (владиката) по ѓаконите да дојдат при него, со свеќи запалени, да ја бараат болвата (2, 104); Макар и на полноќ (владиката) да ги опоиш, тој ќе списка по нив и ќе му дојдат со запалени ламбади, како кај некој светија (2. 106)

ЗАПАЛИ *гл. свр.* **I**. **1**. **а**. *направи да гори нешто;* ...отишло момчето кај рибата, запалило трад и ја нагорило

лушпата (2, 194); Викајте сите: шарена Богородице, ти го запали житото, ти да го угасиш (6, 222). **б**. *направи оган;* Запалило (детето) огон, стоплило ракија и му дало на старецо (4, 156); ...ти запалил (Арнаутино) еден огон арен и је го зел детето (на царицата) (2, 190). **в**. *предизвика пожар;* Куќата... ја запалив од сиромајот домаќин (4, 104); Седејќи (еќимо) некој месец, му дошло на умо да го запали сарајо (2, 218).

2. *направи (во темното) нешто да свети;* Стани, домаќине, да би ослепел, да запалиш борината, оти ни слезе еден арамија! (6, 64); Кога чул гласот од телето, беше се зачудил: – Што бара во одајава телето? И кога запалил видело, гледат оти го немало сиромаиот (5, 205).

3. *(прен.)* **а**. *предизвика температура, оган во организмот;* Коа го запалила (лутата чорба) на срце, (чоекот) деветпати беше го избила жешка пот (5, 273); Тргнаа магаринѓата на бегање, та кога го запалило и него, тики кога трештил по нив да трчат (6, 100); **б**. **ја запалија работата** – *внесоа уште повеќе жар во расправањето;* На кавгата згора се примешаа големците... да поеќе ја запалија работата (2, 155).

II. **запали се** *почне да гори;* Се запалило едно трниште од некоја нива (2, 89); Трчајќи желката влегла во една нива и се запалило житото (6, 222); О, чудо големо! По повела Божја, од сите страни беше се запалиле сараите и часо прав и пепел беше се сториле (4, 215); Некни савтојте му се издавија (на Тумбурли-бег) сега конаците му се запалија! (2, 58)

Во д р у г и п р и м е р и: 2, 78; 2, 80; 2, 182; 3, 66; 3, 117; 3, 152; 3, 207; 3, 292; 4, 29; 4, 53; 4, 40; 4, 53; 4, 78; 4, 103; 4, 104; 4, 107; 4, 156; 4, 168; 4, 215; 4, 229; 4, 280; 4, 284; 5, 205; 5, 284; 5, 288; 5, 315; 5, 6; 6, 64; 6, 100; 6, 132; 6, 139; 6, 209; 6, 218; 6, 222.

ЗАПАМТИ *гл. свр. запамети, запомни;* До чешмата имало една стара ехла, од незапамтено време (4, 255).

ЗАПАТИ *гл. свр.* **I**. *(обично за живина и др.) размножи;* Ај (жено), ако сакаш, да појдиме да си наваќаме некоја вреќа (гулаби) и да си ја донесиме дома, едни да колиме и да јадиме, друзи да си запатиме и да си имаме за сеедно да си колиме (2, 212).

II. **запати се 1**. *размножи се;* Во глаата (од коџабашијата) беа се запатиле едно кртило оси и којшто ќе поминел тамо, сè ќе го укасеше (5, 286).

2. *(за ламја) почне да се движи, да обитава во некаков простор;* Беше се запатила една ламја во некое поле, та ништо живо не припуштала за да поминит тамо (2, 225).

ЗАПАШКА *гл. свр. почне некого да гони, да мачи (со лоша цел);* Кај што кондисале (царицата и садријазамо) уште во првата вечер, ја запашкал за бесчестие да ѝ праит. (3, 134); По неколку дни го запашкала малата невеста момчето је да се пределуа: – Да се пределиш, домаќине,јас не кандисуам на таа делба... (3, 173); Беа го запашкале (жените) да го мачат (пријателот) и да му велат: – Ко не си бил вреден за жена да раниш и да је купиш сè што ни треба, не требало туѓата челад да ’а земаш на душа. (6, 14)

запашкан *гл. прид.* од з а п а ш к а; *(про)гонет;* Кај што је била живејачката на една лисица, многу била запашкана од луѓето, што не можела да си најди ништо да касни (2, 5)

ЗАПЕ *гл.* овде: **се запе** – *се запна (стара аористна форма од современиот глагол* запни се); Застана да се мисли (Зосија) и да есапи као да ’а закопа: мотика нема, лопата нема, само едно стапче има; грабна, гребна, остаи, се запе со раце, пак не можел (4, 196).

ЗАПЕИ *гл. свр.* **запее** *почне да пее;* Тргнал Вренго да оди, а Арапо да пеи и коа ти ја запеал арапската песна “Ја лели, ја селим... (6, 151); Имала (царската ќерка) и многу убав глас: кога ќе запеала – кој ќе ја чуел, на чудо стануал! (5, 333); Ќе појдеше (девојчето) на чешма да се миет образ, ќе му запеало пилето (2, 129).

ЗАПЕСЛИВ *прид. зол како бесен пес; песосан; задорлив;* Бидејќи Арнаутино запеслив, го закачил да го бие калуѓерот (6, 82).

ЗАПЕЧАТУА *гл. несвр.* **запечатува** од з а п е ч а т и – *стави печат (за да не смее да се отвора);* Во тоа време ва-

тил калпоите алтăни да ’и врзуа во торби и да ’и запечатуат (момчето) (5, 139).

ЗАПИЕ СЕ *гл. несвр. уѕри во пиење (и нема ѕа престане);* Еѓупците беа се запиле со вино, тики немале ниет и до вечера да станат (6, 199).

ЗАПИЗМИ *гл. свр.* Вид. **пизма** - (грч. *омраза*). **I**. *замрази;* Наместо тој да ’и милуат, тој ’и запизмил поеќе од жената со што ’и пизмела (2, 178); Ќерка му од богатио, многу го запизмила татка е (3, 194); Гледајќи невестите брацката милост помеѓу сестрата, бидејќи беа се погодиле тие многу зависливи, многу ја запизмиле золвата (3, 142).

II. **запизми се** *замрази се еѳен со ѕруг;* За тоа се скарале (зајакот и песот) и се запизмиле, и до век се пизмат (2, 67).

ЗАПИРА *гл. несвр.* од з а п р е. **I**. *заѕржува.* **а**. *за ѕа не оѕи;* Еѓупката беше го запирала (Габергага) и беше му велела да не оит на планина оти ет студено многу (6, 111); Немате прао вие, црни ѓаоли, да ми го запирате праведнио чоек (4, 189). **б**. *ѕа не стори нешто;* Греоите што си ’и напраила, рисјанко – је рекол дуовникот – не те запираат да не се причестиш (5, 47).

II. **се запира 1**. *застанува;* Одејќи ангело по небеснио пат, се запирале по баждарниците кај што се барале сите греои (4, 188); Елбете, секое имање имат по нешто ај, али претка, али коа ќе го јавниш, ќе мрда; али не се запира во бодинањето али друг некој кусур ваков (6, 113).

2. *запина, запнува, се закачува;* Ами мене (мецо) секој ден ми се запираат коски од кокошки во грлото (2, 39).

ЗАПИС *м.* **1**. *направена писмена белешка со некаква обврска за ѕвете страни;* Го натерал сиромаио анџијата да му даит еден запис оти остаа толкуа торби со алтăни (5, 120); Ни маска сум му дал, честити царе, ни па маска влегуа во sидо: лажит владиката и друго ништо. – Али лажам бре, јас имам запис од тебе! (4, 255); Си дадоа запис и пројде вториот ќаја за да му го земит браот (5, 221).

2. *амајлија (ѕаѕена оѕ оца и ѕр.) за на ѓуша;* Тој ич не му одгоарал (на Турчинот), чунки книга не било, да да има сељам, ами тоа било сенет (запис) (6, 231).

запишан *гл. прил.* од з а п и ш е; И така на сите ученици имало запишани секакви даруани дарби: на кого поголеми, на кого помали. (4, 191); Коа Шпазаревте троа лисја, и еве му го зашишан во тој тевтер. (4, 181)

ЗАПИШИ *гл. свр.* **запише I**. *писмено забележи;* ...те молам кажи си името како те викаат, да да те запишам во тевтеров и ој ми си со здравје. (6, 84); ...беше се зачудил (царо) на тој збор што го рече ѓеривчијата и беше го запишал како го викаат и кај седи на конак (5, 81); Запиши (сестро) во твојиот тевтер така као што велиш. (3 204); *гл. прил.* **запишан** и **записан**; Откоа превртел (ѓаоло) троа лисја, туку еве му го, го нашол пак запишан (слугата) во неговио тевтер (4, 182); Вртејќи си тевтерите ѓаоло од сите вери, нигде не го најде записан (негои слуга) (4, 182).

II. **запиши се 1**. *зачлени се (во некоја организација и ѕр.);* Јас ќе одам при католиците и тамо ќе се запишам (4, 181).

2. *влезе во список (правен со некаква цел);* Коа видоа и чуја богаташите оти ќе оди сиромаио на аџилăк, мнозина се запишаа и тргнаа со него (4, 179).

Во д р у г и п р и м е р и: 4, 179; 5, 28.

ЗАПЛАТИ *гл. свр.* (преку буг.) *исто што* и **плати**; ...господаро треба да ви го заплати трудо како што е прао (4, 114).

ЗАПЛАШИ *гл. свр. застраши, уплаши;* Тоа нешто било скројано од мајка му на Арнаутино и сино за да ја заплаши со тоа и да ја прозборуаат (2, 190); Коа дошла до устината ортомата, наврел (мажот) да ја види (жената) и да ја заплаши и да ја поучи да не праи као што праела дотогај (2, 213); ...со тилјето да маваш, колку да го заплашиш и тој ќе излезит да те молит... (3, 272)

Со п р и л о з и т е: **велејќи**: ...ѓаолот беше му се

повалил на детето и беше го заплашил велејќи: – Слушај вамо, дете! ...парче по парче ќе те напраам! (4, 263); **троа**: Му вели жената: – Дај ми еден јатаан и рубата твоја, да јавнам на еден коњ, да појдам дома да го заплашам троа. (6, 19)

Во д р у г и п р и м е р и: 5, 182; 5, 225.

ЗАПЛАШУА *гл. несв.* **заплашува** – од з а п л а ш и; (Жената) му се пуштила да маат на децата и да 'и колни со секакви клетви, и да'и заплашуа со убивање (3, 151).

ЗАПЛАШУАЧКА *ж.* **заплашувачка** – *исто што и заплашување;* Таа (анката) беше го испадила (Арнаутинот) со заплашуачка за да го предаит на караколот ако не се истаит од пред порта... (5, 292).

ЗАПЛИВА *гл. свр. почне да плива;* Сирота срна од жал по сина е, се врлила в море, запливала по детето и таа сакала да оди (3, 138).

ЗАПЛОДИ СЕ *гл. свр. почне да се плоди, да се множи;* Ако беа изумреле сите ѓаоли, од таа баба би се заплодиле пак ѓаолите (4, 233).

ЗАПНИ *гл. свр.* **I**. **1**. *закачи;* **запне**; Видел (калвата) на мозоко запнат еден цев (5, 174).

2. **а**. *со предмет; напрегне се со некакво оруѓие да изврши некакво дејство;* Запнал (домаќинот) клучеите да отворат (5, 190); Запна (Адам) тамо оралото и ете го ѓаолот и тамо беше му се препречил (4, 12). **б**. *со животно;* Запнал (Адам) волојте и тргнал една бразда, уште една тргнал (4, 12).

3. *со лице; окупира некого за да узнае нешто од него по секоја цена; присили;* Сам царо тоа нешто беше го видел и тој беше го запнал сина си да кажи кој беше и што спечали во трите години (5, 240); Коа чул царев син тој збор од Патенталија, го запнал да му кажи кој ќе је тој што сакал да го дави (3, 95).

II. **запне се 1**. *закачи се (без да сака);* Беше му се запнала ногата десна (на арамијата) од узенгијата и се пробесил

со глаата надолу (6, 57); И не знам како беше му се запнал ракаот (на момчето), та беше дошле самовилите и не могле да го ватат од ленената кошула (2, 131).

2. Вид. з а п н и 3; „Ја ај да се прошетам малку по пријатели за да се разгоарам малку, сум ти се запнал на дуќанов, санким веков мене ќе ми го даат, зер кол ќе закачам на овој век јас.“ (6, 68); Слушајќи царицата тие зборои од царот, недраго је паднало и му се запнала да му кажи (2, 281).

3. Вид. з а п н и 2. а; Во тоа време капиданот ја остаи невестата и се запнал за гемијата да ја управуат (5, 250).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 74, 4, 12; 5, 186; 5, 189; 6, 59;

ЗАПО- *преф.*

ЗАПОВЕД и *ж. тоа што е заповедано; наредба;* Царот дал заповед по сета земја да дојдит кој е јунак да ја отепат ламјата, голем бакшиш ќе му даит (2, 110); Оти, бре синко, си ми преступил мојата заповед и си му го зел клучо од измеќарот? (3, 84); Само рисјани нема, пријателе, којшто го веруваат Риста и одат по заповедите негои (4, 50); *во ченувана форма:* **заповедта**: – Арано – му рекол песо и клал ногата предна на чело за да покажи оти му се поклонуа на заповедта од св. Илија (4, 146); *во множина:* **заповедите**: –Ами што има (во рајов?) – Има само и само рисјани што исполнуале заповедите Божи (4, 50)

~ Во п о с л о в и ц а т а: Заповед царцка не се враќа (6, 137).

~ Во и з р а з и т е: **да даиш заповед** – *да заповедаш;* – Еќим сум, честити царе – му рекол Кăсметлијата – и сопрво те молам да даиш заповед да не ји бесат четириесетте еќими... (3, 302); **дал една заповед** – *заповедал*; ...бидејќи бил многу оскорбен царо, дал една заповед да се зберат што е машко во еден мегдан и да врват пред цареа ќерка... (2, 267); **дал по една заповед** – *заповедал*; ние сме сите цареи; сите ќе **заповед имате** – *наредено ви е;* Заповед имате од мене Зерзевул, ваш главатар... сега да напраите една кула висока... (4, 220); ...дајме по една заповед на својте да се соберат овде

(2, 208); **Заповед царска не се враќа, што рекол некој**. (6, 137); **издал заповед** – *нареѳил;* Најпосле (царот) издал заповед по сета царска земја: кој ќе се најдит и наватит да ја убиет ламјата, ќе ја даел ќерка си за невеста (2, 134); **на часо дал заповед** – *веѳнаш заповеѳал;* На часо дал заповед да му се даи друг сарај, уште поарен, на еќимо да живеји. (2, 218); **оди по заповедите негои (на Риста)** – *верува во него, ги слуша, го почитува*; Вид. кај горните примери; **се дало заповед од судот** – *суѳот нареѳил;* По малце дни се дало заповед од судот до што е живо, мало и големо, сите да излезат на скеле оти ќе идел царот по море. (3, 208); **се испрати заповед** – *се ѳало нареѳба, се нареѳило*; Се испратила од старешините заповед по целото царство да дојдат на определенио ден сите младичи... (4, 95)

~ Со п р и д а в к и т е: **Божа** и **Божја**: Се раздени утрото и по заповед Божа, кулата се свиткала како обрач (4, 220); ...жените се ќерки од баба Ева, што не додржа Божјата заповед кога ја кладе во рајо (5, 6); До годината по Божја заповед осиромаше нунката, а крштеницаста се обогати двапати повеќе од нунката... (4, 144); **втора**: Ја чекај сега да видам за втората заповед, што лошо ќе ме најдит од првестијата што јет на судот, и со него да се конуштисам (5, 55); **голема**: (му пратил пашата еден каршилăк на царот): зборот не ќе ми го скршиш, ќе остаиме да чекаме твојата голема заповед (5, 129); **последна**: Клет и проклет да е тој син што не ќе држи последната заповед од татка си и од мајка си. (5, 57); **прва**: Откоа умре богатиот, остана син му на стоката и уште од треќио ден вати напротив да оит во првата запобед... (5, 55); **царска**: Тоа (момчето) беше чуло царската заповед за кој ќе ја убиет ламјата... (2, 134); *во множина:* **сите**: Благосоени рисјани, при сите заповеди Божји што ви кажав да ’и држите и да ји исполнуате: гладни, жедни, голи, боси да пригледуате... (4, 183); **сички**: Крајно ти благодарам, верни ми пријателе, за доброто што ми го чиниш и јас ќе ти бидам во сичките ти заповеди. (4, 283)

~ Со б р о е в и т е **еден**: Вид кај изразите; **три**: Еден

богат чоек кога умирал, му остаил три заповеди на сина си (5, 55).

Во д р у г и п р и м е р и: 3, 247; 4, 95; 5, 56;

ЗАПОВЕДА *гл. свр.* **1**. **а**. *даде заповед, наредi;* Милос на Бога, беше заповедал да заврни еден силен дож, као низ ракав да тура (4, 200); Слушајте вамо вие, чорбаџии, јас што ќе ви заповедам! (4, 97); Коа чул царот, оти тамо била ќерка му, заповедал да појдит многу војска, да 'и истепаат sвероите и да ја избават ќека му (2, 207); *замоли ме; кажи ми*; *наредi ми!* **да те заповедам**: – Е, арно, бре старче, да те заповедам нешто да ми послужиш, туку јас сум без паричка, да што можам да заповедуам друзи, кога јас сум за да служам и да ме заповедуаат (2, 249); **заповеди ми**: Само ако имаш ти билка (еќиме) да пијам да не умрам, да заповеди што ќе ми даиш, јас можам да држам и да наддржам. (5, 85); **заповедај** – (под влијание од буг.) *повели;* Како ќе те дексам, чедо – му рекол старецот – ела заповедај седни (4, 91); – УУ, мори сестричке гугучке, ами како не ќе ти кажам... ела заповедај да го видиш како го праам (седелото)... (2, 99); – Заповедај, стопанине, што измет сакаш да ти сторам, чунки јас сум ти отсега ваша слуга (2, 249); *во мн. форма:* **заповедајте**: Заповедајте, синко, заповедајте, што сте се мачеле олкуа далечен пат да одите? – му рекла старата (2, 231); ...заповедајте, синковци, у мене дома вечерва на гости и утре, дај, Боже, здравје, сте со најубави невести (2, 255); *со друг глагол по себе, во заповедна форма;* – Слушајте вамо, вие луѓе, заповедајте, напијте се уште по една ракија... (3, 48) **б**. *во пасивна употреба со* **се**; Трите крстои беа 'и врлиле Еврејте во една пештера и беше се заповедало од хахамите, сите Евреи да врлаат ѓубре (4, 29); Се заповедало од царот да врват, сите пред ќерки му (3, 29)

2. **заповес(т) заповеда** – *даде заповед;* Чини, сестрици – му рекла царицата – да го видиме, ама да не го пеиме, оти не чини да не послушаме од царо заповеста што ни заповедал (5, 7).

Со п р и л о з и т е: **пак** (повторно): – Со здравје,

пријатели – му рекол меанџијата – со здравје бериќетверсен! Пак заповедајте (6, 63); **сега**: – Пеки, екимбаши, така нека биди... Ај, сега заповедај кај ќерка ми да ја излекуаш. (3, 302); **така (ми е заповедано)**: – Не земам пари, честити царе – му рекол анџијата – на овој ан, така ми е заповедано од стопана ми и така треба да праиме. (3, 293)

Во примерите: 2, 57; 2, 117; 2, 175; 2, 298; 2, 291; 3, 29; 3, 48; 3, 63; 3, 75; 3, 90; 3, 107; 3, 112; 3, 126; 3, 229; 3, 293; 3, 294; 4, 11; 4, 24; 4, 28; 4, 29; 4, 91; 4, 87; 4, 106; 4, 119; 4, 117; 4, 131; 4, 161; 4, 200; 5, 6; 5, 7; 5, 32; 5, 89; 5, 107; 6, 63; 6, 125; 6, 126; 6, 168; 6, 169; 6, 200.

ЗАПОВЕДУА(Т) *гл. несвр.* од заповеда. **заповедува 1**. **а**. *некому;* Најпосле му заповедуат светијата на детето да го земит еден камен што имало во дворот од самонаречениo светија, голем колку еден стог сено и да го врли наугоре (4, 89); ...и кума лиса бидејќи је многу стрвна за јадење кокошки и пајки, тики ми заповедуат, јас да не се опулам горе и да видам оти има пајка (2, 203). **б**. *во пасивна употреба со* се; Каква работа ќе бидит оваа, си велеле, што се заповедуа да не се затвора чаршијата (4, 145).

2. **а**. *некого;* Врзан ќе му бидиш и заробен на тој што си му зел пари... кај ќе те заповедуа, сакашнеќиш треба да го поризаш (2, 109). **б**. *повела, управува;* Е, арно, бре старче, да те заповедам нешто да ми послужиш, туку јас сум без паричка, да што можам да заповедуам друзи, кога јас сум за да служам и да ме заповедуаат (2, 249); Леле, јас грешен чоек, да заповедуам светец да ми слугуа! (4, 62)

Со прилозите: **арно**: Право зборуаш, пријателе, како јаже в торба – му рекол третио пријател. – Според Господ како што ни заповедуат, ни еден збор не кажуаш... (4, 242) – Арно ни заповедуаш, честити царе, да бараме крај за коски да ти донесиме, сми камо го буот да дојдит за и тој да бара крај? (2, 82)

ЗАПОВЕС *ж. заповед;* Кога чуја заповеста од попо селаните, на часо беа се собрале... (6, 165); Арно се жалиш да

не те губиме – му рекле џелатите – ами заповеста од татка ти кај да ја остаиме? (5, 268); *во членувана форма;* ...да ме натераш сосила да прогоорам пред трите години и да преступам заповеста од мајка! (2, 190)

~ Со п р и д а в к и т е: **божја**: Арно ама заповеста Божја такваа му беше за да траит до крај (4, 134); **царцка**: Откоа зеле заповеста царцка, сите беа се собрале кај царот (5, 32); Бидејќим царцка заповест била да одаат сите девојчиња, ошла и бабината Злата (2, 176).

Со г л а г о л о т **земе**: Откоа зеле заповеста царцка, сите беа се собрале кај царот. (5, 32)

ЗАПОЗНАИ СЕ *гл. свр.* **запознае се а**. *направи познанство со друг;* ...Госпо му прати еден ангел престорен на чоек, и тој се запозна со сиромаио, и фати да го учи да не трга рака од добрињето (4, 179). **б**. *еден со друг;* Се запознале (со апостоло) и го прашал царо: – Вистина си бил ти прв мендиз што си можел да напраиш поубаи од моиве сараи? (4, 159)

ЗАПОИ *гл. свр.* **запое** – овде: *за птица – почне да „пое“, да пее;* ...кокошката едно го сетила (мажо) и му запојала на пилињата со уплашен глас – кăтрр, демек да бегаат, оти иди чоек на нив. (3, 238).

ЗАПОКЛАДИ *гл. свр.* **I**. *почне да држи* **поклади** – *денот сроти постот, кога последен пат се јаде мрсно;* На касап бев, пријателе – му одговорил чорбаџијата – и си купив едно јагне за вечер, да запокладиме (5, 15); Запокладиле за велици пости и од чисти понеделник уште го зајале децата да му сакаат (на татка си): кој капче, кој антеријче (3, 266); – На касап бев, пријателе – му одговорил чорбаџијата – и си купив едно јагне..., да запокладиме, а пак на сиромајиов му купив еден џигер, за и тој да запоклади со децата (5, 15–16)

II. **запоклади се** *исто што* и **запоклади**; (Сиромајио) си отиде при еден другар негов, си зајмел некој грош и си купил месо и друго што му требаше и се запокладил како што рекол Госпо. (5, 18).

ЗАПОРНИЧАВ *прид.* **запурничав** – *за плод од овошка – што е со остар вкус; опор;* да јадиш магаре (мори мецо), кога ’и имаш јаболка киселачки и круши запорничаи да си јадиш и да не се крваиш како касап селанцки? (2, 38)

ЗАПОТЕРА *гл. свр. потера;* ...се дигнало морето со едни силни талази, та како ја запотерало преку море да ја носит, бре овде, бре онде, ќе се удаат (5, 250).

ЗАПОЧНИ *гл. свр.* **почне**, *фати* (да + гл. дејство); Некој лош цар беше започнал да го слечуат народо свој и од пари, и од стока... (3, 76); Така мислејќи си братов, веќе готов беше да си започни да си јади од стоката од внуци си. (5, 50); (Мајсторите) пошле дома и си зеле жените, та се курдисале и го започнале мостот да го праат. (5, 11).

ЗАПОЧНУА *гл. несвр.* **започнува** од з а п о ч н е; Поодиле внатре као кај нас и дошле до едно место од кај што започнуале да се делат штркојте по вилаетите. (2, 155).

ЗАПРАИ *гл. свр.* **заправи** – *почне да прави;* Стамболо цар Костадин го запраи и го прослави. (4, 37); Ние, сестрице, ништо не сме сториле – ѝ рекла гугутката – чунки не сме запраиле уште седело, тики сум дошла при тебе за да те прашам како да си напраам седело. (2, 99).

ЗАПРАША *гл. свр. постави прашање;* ...само ја запрашал (царскио син девојката) колку браќа и сестри има... (5, 211); – Дал ти Господ добро, пријателе, сполај Богу сме; ами вие како сте? и го отурдиса и го запраша (сонцето богатио) (3, 115); Го запрашал анџијата (сиромаио) за да го праит домазет при богатио (5, 121): Го запрашал анџијата за да го праит домазет при богатио. (5, 121).

ЗАПРАШУА *гл. несвр.* **запрашува** од з а п р а ш а; Итрата жена по вечера после ’и запрашуала девојчињата секое да си прикажи како израснале и дошле до тие годиње (2, 176).

ЗАПРДАЛНИЦА *ж. (при пренесување на тиквешки*

ѓовор) несериозно, нејасно зборување, ѕрѕорење; Е, а, ваа турцката је запрдалница, бре кардашлар, не јапалăм шинде! (6, 132)

ЗАПРЕГНИ СЕ *ѓл. свр.* **запрегне се 1**. *впрегне се.*

2. *(прен.) напрегне се, вложи (ѓолем) напор;* И запрегнете се да праиме свадба, за секој што да чуе да прикажуа и за зето и за свадбата! (5, 218); Со една реч, свети оче, сега је времето што се вика: излезете, мртви, да влезиме живи, и друго ништо, чунки сите сме се запрегнале да се изеиме живи. (5, 38).

ЗАПРЕТА *ѓл. свр.* **I**. *(со ситење) покрие со земја, пепел и ѕр.;* Го одвлечкал (овчаро детето) кај гробо и го запретал внатре (3, 196); **запретан**; Од пустио страв болвата само здивала и срцето – туп, туп, туп је чинело, да не нешто да ја најдат кај што била запретана (2, 105).

II. **запрета се** – *покрие се со земја и ѕр.;* Се запретала (болвата) во ѓубрето што било вечерта заматено (2, 104).

запретан *ѓл. прил.* Вид. кај **запрета**.

ЗАПРИ(Т) *ѓл. свр.* **запре** – **I**. **1**. *застане.* **а**. *некого;* Врвејќи си тројца трговци крај некое село, запреле коњите до едни ливаѓе да кашандисаат (3, 164); За пакос, се погодил кадијата да седи на порта и, видуајќи го момчето кај го води јуничето, го запрел да го праша (5, 201); Запрел сиромаиот магарето и одврзал кошевите, та му ’и покажал јајцата на баждарџијата (5, 144). **б**. Вид. **запре се**; Врвејќи си тројца трговци крај некое село, запреле коњите до едни ливаѓе да кашандисаат (3, 164).

2. *прекине нешто;* Едно го видел попот граѓанецот, запрел пеењето (6, 166); Јас сум, убаа Ѕвездо, и ете како било кăсмет пак да се земиме и џенго со татко ти да го заприме (5, 331); Сирота невеста сѐ в очи му се пулеше (на момчето) за некако и тој да му се опули, за со ишарет да заприт јадењето, оти лицето је беше капнало од срам (6, 5).

3. *престане;* Во тоа време тапаните запреле и удриле од другата кула друзите тапани (2, 225); За кăсметот од воде-

ничарка, му се кршило нешто колцето и запрела воденицата (2, 103); Веднаш запрел дождот (4, 140).

4. *задржи* **а**. *да остане;* Го запрела (цареа ќерка детето) во незинио сарај да слугуат наместо измеќар (3, 112); Е, вистина сет сто клучеи, ами еднио јас сум го запрел, чунки имам клетва од татка ти да не ти го даам (3, 83). **б**. *да не оди понатаму;* Го запрел светијата момчето и го преколнал право да му кажи (4, 58); Едно да влези (царо), карауло го запре (4, 203).

5. *направи да престане (да тече крв и др.);* Ај, сполај ти, Богородјце – беше рекол – па си била милостивна што ми запре крвта за да не умрам без дена! (4, 46)

6. *забрани;* Е, е море ѓаоле – му рекла Ева – немат кабаат Госпо што нѐ истера, ти, ти ни имаш кабаат што нѐ излага да касниме од дрвото што ни запре Госпо (4, 16); Еден многу богат чорбаџија имал лоши рани на градите и од што биле лоши раните, беа му запреле еќимите да не јади ништо (5, 76).

II. **запри(т) се** – *застане* **а**. *да остане;* Кај ќе нѐ однеси (патот), во село али град, тамо да се заприме (3, 151); Се запреле (мажо и жената) во некое село кај што имало една убаа црква (6, 160); (старио) се запрел пред една железна порта (2, 273). **б**. *зашто не може да се движи натаму;* Јадејќи еден копан од кокошка еќимот, му се запрела една танка коска во грлото (6, 223); Да ми изваиш (лисо) една коска магарешка што ми се запре во грлово (2, 39).

~ Во и з р а з и т е: **на светот устите не можиш да му 'и заприш** – *луѓето не можеш да ги замолчиш;* Свату, свату – му рекол првио – ти во нас пули се, ич затоа не гледај го, на светот устите не можиш да му 'и заприш (6, 193); **си запрел веќе устата** (**за да не колнит**) – *престанал (да колне);* Откога се увери чоекот оти вистина ѓаолот беше му ја дотерал таа работа, си запрел веќе устата за да не колнит и да не карат ич за низаошто (4, 229).

ЗАПРИКВЕЧЕРУА СЕ *гл. несвр.* **заприквечерува** – *почнува приквечерно време; се смрачува, се стемнува;* Ха,

еве овде ќе се заприме за да си лежиме, и така и така кај се заприквечеруа (3, 99).

ЗАПРИЛЕГА *гл. свр.* **а**. *почне да прилега, да личи;* Слушај вамо ти, Лала – му рекол – одамна време кај барам девојче, умно и разумно, што да заприлега за царица (5, 104); Повика сурли и тапани, курдиса казани манџи, цела свадба заприлега (3, 217). **б**. *почне да биде достоен;* Ха, ете сега заприлега на маж, а не како досега што беше проклетата ти мајка маж и ти жена (2, 222).

ЗАПТИСА *гл. свр.* (тур.) **1**. *заплени;* Да се пределиш, домаќине, јас не кандисуам на таа делба што ти даде брат ти два сокола и два загара, а пак другата стока поеќе тој ја заптиса (3, 173).

2. *престане (да прави нешто);* А пак царот балдисал од сладина на мането што свирел (5, 216); ...стапчето се скршило внатре и се затнала шопурката и капката, што капела, заптисала (2, 120).

запустен *прид.* Вид. **запусти (се)** – *испустен, уништен;* Оделе (пријателите) до вечерта и ја стемнило вечерта до едно запустено село со арамии, та кондисале во една куќа (3, 297); Шетајќи по поле дошле до едно село запустено и, ...седнал царо со старио под сенките да се починат (3, 77).

ЗАПУСТИ(**Т**) *гл. свр.* **запусти** – **I**. **а**. *направи пуст; опустоши, испушти;* За многу време ѓаолот печалил да му запустит куќата на еден верен домаќин (4, 243); Скројала (невестата) еден маривет со љубовнико и му легнаа по траго на богатио да го запустат (2, 228); Јас толкуа чивлизи запустив, да петстотини алтани оти загубив (3, 209). **б**. *уништи, сотре;* Леле, јас сиромав, ме запусти, сосила ќе ме умриш еве ќе умрам друго чаре не бидуат! (5, 299); Ах, јас сиромав – беше си рекло момчето само со себе – ме запусти татко ми што ме даде сосе огламник (4, 249). **в**. *попусто потроши (пари);* Го суди, го пусти (таткото сина си), оти да му ’и запусти сите пари и да го остаи сиромав да биди (5, 214); Еее, чекај, коњу, до зелена трева. Толкуа пари сега ’и

запусти, да дореда ќе си ’и спечалиш (5, 213).

II. **запусти се** *стане пуст; испусти се;* Сама да гледаш кај се запустило цело село (3, 77); Море домаќине – му велела (жената) – штотуку овкаш и јадикуаш, дали гемијте ти баттисаа, дали чивлизите ти се запустија? Дали што? (6, 18)

~ Во к л е т в а т а: ај да би ти се запустиле и овие пости; Ај да би се запустиле и овие пости, кај се најдоа – беше си рекол сам со себе (6, 93).

ЗАПУСТУА *гл. несвр.* Вид. **запустува**.

ЗАПУСТУВА и **ЗАПУСТУА** *гл. несвр.* **запустува** од з а п у с т и; Ете, кога да је лош еден цар, како го запустуа својио народ (3, 79); Ако сторам кабул, тебе од корен те запустуам (2, 74).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Пустата лага две куќи запустува (6, 194).

ЗАПЧЕ *ср. рем.* и *хип.* од з а б; Кога се превртила од раката (змијата) за да си откачи запчето ...паднала наземи (2, 63).

~ Со п р и д а в к а т а: **криво**: Вие змијте едно криво запче ќе му закачите на чоека и ќе го умрите (2, 63).

ЗАР *чест. при прашање (кога обично се очекува потврден одговор);* Али саде ние зар се најдовме да умираме? (2, 82); Зар магарето ќе можи пушка да држит и сабја да врти? (2, 48); Зар Госпо те прати, чорбаџи, оваа вечер да дојдиш при нас со дар (3, 191).

ЗАРАБОТИ *гл. свр. почне да работи;* к ă с м е т о м у з а р а б о т е л – *почнал да има среќа и успех (во работата);* Му заработел кăсметот (на чоекот), тики не го остаал да се врати, ами го терал да ја изврвит чаршијата и да го продаит (3, 273); Видиш (жено) еднашка оти седнав да не работам и веднаш кăсметот заработи (6, 72).

ЗАРАДИ *прил. за изразување:* **1**. *намера, цел;* Слушај вамо, домаќинко, ова момче што ти го праќам, ет најарно

момче и најумно, заради тоа ќе напраиш една убаа куќа над порта (3, 194); Заради тоа јас изим не даам да се пиши тој стих, и друго ништо (4, 203).

2. *причина.* **а**. *поради;* Детево при сѐ што го пречекало св. Илија, арно ама мислата го мачи, заради дуќаните, оти да нема добив (3, 203); Откоа разбрала бесчесната жена што била работата што се скарал Евреино со сина е, заради јајцето од пилето, многу го молела да не го слуша (3, 149); Заради тој збор што му го рекла, му се молило момчето на тргоецот да не му кажуат на невестата му оти знаел да зборуат (5, 242). **б**. *пред лични заменки и пред именки што означуваат лица;* Отсега за напред веќе јас нема тамбура да свирам, ќе ја окршам на триста парчиња, оти заради неа овој ќотек го јадов јас (2, 246); Заради тебе и нив ’и простив (4, 69).

ЗАРАДУА *гл. свр.* **зарадува I**. *направи некого радосен;* Ти се молам, тате, нека дојди и моето момче, да ако те устрами вчера, ќе те зарадуа денеска (2, 293); Жив је Госпо и за нас, жено, нема да нѐ остаи докрај сиромаси, и нам ќе нѐ зарадуа некој ден (4, 178).

II. **зарадува се** – *стане радосен;* Се зарадуал (царо), чунки син му излегол поербап од момчето на богатио (5, 239); Жити Господ, дедо, не ој си, седи ни вечерва на гости за да ни се зарадуа и нашата куќа (4, 153).

ЗАРАМНИ *гл. свр. (нешто нерамно) направи да биде рамно;* Зеде Адам еден остар камен, како што го учеше ѓаолот, зарамни местото кај што ќе праеше колибата (4, 15).

ЗАРАНА *прил. рано наутро;* Вечерта уште од позарана ја однесол на црковната чешма маската (4, 226).

ЗАРЕК *м. зарекување;* Кога виде терзијата тоа чудо, многу беше се оскорбил и зарекот беше го расипал, што беше се зарекол да не прогоори (4, 104).

ЗАРЕКУА СЕ *гл. несвр.* **зарекува** од з а р е ч и (т) с е; Немој, ќерче, немој, душко, не зарекуј се сама себе, оти од тоа полошо немат (6, 46).

ЗАРЕЧИ(Т) СЕ[1] *гл. свр.* **зарече**[1] **се** – *почне да кажува; во пасивна употрба со* **се**; Едно се зарекло "Благословено царство", и спојмел егуменот да излегуат надвор (4, 261).

ЗАРЕЧИ(Т) СЕ[2] *гл. свр.* **зарече**[1] **се** – *даде пред себеси збор (да не прави нешто); реши цврсто;* Ами лели ви кажав јас, бре браќа, оти Ристос се роди и на раце јас го пречекав и го видов и проштење зедов, оти бев се зарекол да не умрам дури да не го видам (4, 43); Зарекот (терзијата) го расипал, што беше се зарекол да не прогоори (4, 104).

ЗАРЗАВАТ *м.* (тур.) *зеленчук;* Еден бавчанџија главил едно момче за да му продаа зарзават, на сергија (6, 98).

ЗАРЗАВАТЧИСКИ *прид. што се однесува на* **зарзават** и на **зарзаватчија** – *градинар; градинарски;* Двајца Турци Помаци, врвејќи покрај еден дуќан зарзаватчиски, видоа, покрај другото зајре што се продааше (6, 129).

ЗАРИПА *гл. свр. почне да рипа, да скока;* Му удрив јатааните... као дете зарипа, го сторив малко тербјет – ми помина тагата (6, 20).

ЗАРОБИ(Т) *гл. свр.* **зароби** – **1**. **а**. *направи некого (како) роб;* Утрото му зела стоката (на момчето) и него го заробила и го врлила во темна зандана (5, 113); Тргоецо имал веќе прао да го зароби (капидано) (5, 241). **б**. *во пасивна употреба;* Секој велел оти се померил богатио од умот, дека изгубил сета стока, та сака и тој да се зароби кај што е стоката и жената (2, 235); Кој ќе падни, тој да се заробит (5, 114).

2. **а**. *на војна;* Се кабардисуа самио цар оти победил и народот од другио цар го заробил, и, друго, заробените ќе 'и продаале на големците (4, 31). **б**. *во пасивна употреба;* И од што ќе се исечело, каланкусуро ќе се заробело и ќе се однесло во нивното царство (4, 31).

3. **заробен** – *пленик, заробеник;* Врзан ќе му бидиш и заробен на тој што си му зел пари (2, 109).

ЗАРОБУА *гл. несвр.* **заробува** од з а р о б и (т); На свети Петра арно му идело дека заробуал ѓаоли комарџијата (4, 68).

ЗАРОНИ *гл. свр.* **зарони солзи** – *почне да плаче;* Кога чу младио цар тие зборои од момчето, зарони солзи како некој петлици (3, 163).

ЗАС- *преф.*

ЗАСАКА *гл. свр. заљуби, замилува (некого);* Девојката него го неќела, ами брата му го засакала (5, 234).

ЗАСВИРИ *гл. свр. почне да свири;* Со шупелкава (честити царе) да засвириш, сите ѓаоли можеш да ’и собериш (4, 238); Тамам ќе земел книга в раце да пеит, или некоја свирка да засвири, веднаш татко му ќе го спашкал (5, 212).

ЗАСЕГА *прил. за овој миг, за овој момент;* Е, толку бил кăсметот, мори бабо, да не можиме да се разбериме ние засега, да ако се најдиме другаш, белки ќе се разбериме – је рекол чоекот (6, 128); Аман, честити и довлетли царев син, јас сторив, ти не стори, прости ме засега! (5, 126); Не бој се, нема да умрит син ми Адам засега (4, 22).

ЗАСЕДЕЛИ СЕ *гл. свр. (за птици, инсекти) направи си седело и заживее во него;* Во коските од глаата (на коџабашијата) да се заседелат еден рој оси (5, 288).

ЗАСЕЛИ СЕ *гл. свр. настани се, насели се;* Си потерало (момчето) коњо да оди, до кај ќе најди некој град голем и тамо да се засели (3, 47); Си пошле кај царот и си ја зеле бабата на место мајка и тамо се заселија (3, 59).

ЗАСИЛИ СЕ *гл. свр. добие сила, стане посилен од порано.* **а**. *за оган;* Летајќи се засили гламната (3, 61); Тамам (коската) беше се засилила да гори, ете го мажот је кај дошол од чаршија (5, 262). **б**. *за човек;* Лели толкуа си се засилил да работиш, мајсторе, ќе спечалиш и наместо еден нишан да ти даам јас тебе, ќе ти пратам една убаа риба (3, 229). **в**. **засилен** – *што се засилил;* Во тоа време бил засилен влади-

ката во викањето (6, 173); Ете му еден измеќар (на чорбаџијата), засилен, запален, уплашен (3, 207).

ЗАСИТИ *гл. свр. направи (некого) да биде сит;* Каснуање двете дренки, и веднаш беше го заситиле, како што беше го заситило грозјето (3, 169).

ЗАСКИТА *гл. свр. залута, заталка, залунѕа;* Заскитало (детето) низ планина (3, 148); Тој (Итроман Пејо) кажал од кај бил и како заскитал по тие непознати места и села (6, 204); з а с к и т а н – *залутан;* (Дуња Ѓузели) је јабанџија, заскитана по таа пустелија (3, 49).

ЗАСЛАДИ СЕ *гл. свр.* **му се засладило** – *свикнал и мило му било;* Другио ден (момчето) пак отишло со симиди в планина да продаа, чунки му се засладило од бакшишите што ’и доби (3, 38).

ЗАСЛЕПИ *гл. свр. (прен.) со разни измами направи некого да не ја види вистината; заблуди;* Слепио кăсмет негов беше го заслепил, тики ич не му текнуало оти не беше го зел (3, 261); Пустата гладос ’и заслепило и го однесле детето в чаршија, та го продале на еден богат селанец (5, 259); Го заслепила зависта и се забораил оти стои пред мене (овој прв богаташ), што можам да му сторам што да сакам – му рекол царот на народот (5, 277); **заслепен**; Заслепен од пустата севда на неа што имав, си улишив наредата и ја уверив оти нема да се женам (5, 265).

ЗАСЛЕПУА *гл. несвр.* од з а с л е п и; Пустио кăсмет мој да ме заслепуа, за да не глеам оти теслата ми е за појас закачена (3, 255).

ЗАСОЛНИ *гл. свр.* **I**. *прикрие, постави на друго место (да не може да се види);* Ја чекај да слезам од коњов да го засолнам во ендекон и да му се кошнам (3, 251).

II. **засолни се** – *прикрие се;* Ноќта дошле двајца арамии, со една торба пари в црква, за да се засолнат од потерата (5, 21); Се засолнил (чоекот) до еден дирек да види што е и што не е (3, 124); Силјан беше нашол една пештера и тамо

беше се засолнал дури се свршил џенгот (2, 255).

ЗАСПИВА *гл. несвр.* од з а с п и е; Кога беше разбрал зависливио богат оти егуменот не се удаил во бунарот и луѓе лекуал, ич веќе не заспивал од мака што му идело (5, 275); Редеше и плачеше (мајката), а на најмалиот је син многу пати и тука заспиваше (2, 191).

заспивање *ср. гл. им.* од з а с п и в а; Секое заспивање, преку целата година, вака да му праите (на мажот ми) (6, 25).

ЗАСПИЕ *гл. свр. почне да спие;* Го вардила (чупата умреното момче) триесе и осум дни без да заспие (3, 307); Си легнал овчарот и си заспал како во своја куќа (5, 308); Ејди дуовниче... да седиш до друга сабота, оти тогај ќе дојдит пак света Троица... да не заспиеш (4, 63).

ЗАСТАНИ(Т) *гл. свр.* **застане** – **1**. *запре (во движењето);* Му свикала цареа ќерка одозгора на калајџијата да застанит (2, 166); Поминала (наречницата) покрај бавчата кај што копаше аргатино, та застанала со кочијата и го викна (3, 212).

2. *постави се на некаков начин;* Застанало (детето) просто, изваило капата, се прекрстило (4, 264); Застанал (син му) да се мисли пред еден стар касап (5, 84); Го молила да застани на нозе за да го види цел, а не само глаата (6, 170); Ти, чорбаџи, треба да застаниш од левата страна – му рекол на тепачот (5, 365).

3. *подржи се (да не падне);* Постариот брат едно утро рано се молел на Бога за да му поможит да му застанит мостот (5, 231); Еве овдека ќе го провриш и ќе го чукниш со еден камен и ќе го свиткаш и ќе си застани портата (5, 325).

4. *(се доближува до значењето на) почне, фати;* Кога чу момчето тие зборови од мајстора си, застана да се мисли како праи (3, 33); За чудење големо, застанало да врни пари и светијата му ’и даде сите на мајка му од детето да живеет раат (4, 90); Застанале две убаи пилиња да се натпеваат со својте убаи песни (3, 111).

5. *натера некого да стои, да запре;* Без да ји даи пору-

чек да касни (нунката на крштеницата) еден залак леб, ...гладна завалијата да жние, и је застанала пред неа за да је свети и да не ја остаи (4, 144).

6. **застанат** – *што застанал, се запрел;* Кумче волче застанат пред дупката од лисицата, и је се пули на лиса (2, 26).

ЗАСТАНУА *гл. несвр*. **застанува** од з а с т а н и (т). **1**. Вид. застани(т) 1; Застануала да се почини (Дуња Ѓузели), арно ама момчето не ја остаало ниту да здивни (3, 162).

2. Вид. з а с т а н и (т) 2; Застануајќи стреде... је донесле еден елен трећак (3, 214); Застанувајќи фило до глаата од змијата и гледајќи оти не можи да се напие вода, му го спружи носот под гуша од змијата (4, 72).

ЗАСТАРИ *гл. свр. подостари;* Откоа поминало многу време, мачорот беше застарел и му коптисало да се покаи (2, 46); з а с т а р е н – *веќе навлезен во постари години;* Имало една девојка, и таа застарена, и никој ја неќел да ја земи, чунки била едно застарена и друго сиромашка (5, 298); Таа него не го бендисала, чунки бил застарен и неличен (3, 51).

ЗАСТЕМНИ *гл. свр. безл. некого фати мрак, темница (на пат и сл.); замркне;* Побегнала (царската ќерка) од дома и преку планиње, преку долиње, отишла во едно друго царсто и ја застемнило ноќта во една корија (5, 334).

ЗАСТОИ СЕ *гл. свр. запре (се), застане;* Отрчало момчето по вурнаџијата и едно дошло до портата, се застојало (3, 153); При сичко што беа толку јунаци, беше му се уплашиле и беше се застојале и ватиле да го молат коњо да му пушти пато (3, 105); (момчето) одел од село на село, од град на град и се застоал во едно гратче, та се главил за полјак (3, 199).

ЗАСТРАМИ *гл. свр.* **I**. **засрами** – *посрами;* Да ’и застрамите (луѓето) (3, 113); Аман, тате, жити мене, дај му еден коњ, да белким нема да те застрами – му се молила со плачење (2, 291).

II. **застрами се** – **засрами се**, *посрами се;* Од тоа зборуање од мажа је, Марија беше се застрамила малце (6, 41); Беа се застрамиле новите кауѓери и беа се арнисале од пиење тутун (6, 155); з а с т р а м е н – *посрамен;* Застрами се малку, никаквице една! (4, 276); Си наведил глаата (царскио син) и молчејќи си излегол надвор застрамен (3, 44).

ЗАСТРАМУА СЕ *гл. несвр.* од з а с т р а м и с е; **засрамува се**; За инат си се родила, натемате, натема? Како не се застрамуаш, да се застрамиш! (4, 276)

засрамуање *ср. гл. им.* од з а с т р а м у а (с е); **засрамување**; Од едно застрамуање – и научуање итра-будалестата жена (6, 37).

ЗАСТРАШИ(**Т**) *гл. свр.* **застраши** – *заплаши, уплаши;* Вај, бај, дури да се престрашит страшливко, да после никој не можи да го застрашит! (2, 112)

ЗАСТУДИ *гл. свр.* **му застудело** – *почнал ѕа чувствува студ;* Не би час, беше завеал еден ветăр студен, што дури сврзел, беше му застудело јако (6, 180).

ЗАСУКА и **ЗАСУЧИ** *гл. свр.* **засука**, **засуче** – **I**. овде: *повлече, заврати ракави (уѓоре);* Рипнал на нозе, слекол расата, засукал полите од антеријата и му се пуштил да трчат по арамијата (5, 197); Уште од првио ден царцкио син си засукал поли и ракаи и ватил да ’и чешла коњите (2, 283); Засучи ’и тие пусти ракаи и поли до лакти и така меси леб (6, 41).

II. **засука се 1**. *заврати (себеси) ракави, фустан;* Во тоа време една од жените се засукала и се приготвила да ја прегазуа реката (4, 143); Се засукала попадијата (5, 206).

2. *конкретно или преносно значење;* Се засукале двата за да ја изваат колата (5, 303); Ја покрил (чоекот) дупката со јакулето, та му се засукал да ’и вади пилињата (3, 238); Коа се засукало (момчето) да работи, колку за петина работа сработуало (2, 275).

3. з а с у к а н – *што ги завртил ракавите и ѕр.;* Еден чоек, засукан, стоит до реката (4, 262).

ЗАСУШИ СЕ *гл. свр. исуши се (донекаде или сосем);* з а с у ш е н – *исушен, подисушен;* Лозјето било многу изгазено од зимата и беше засушено од неврнење (2, 78); (помалио брат) кога ќе појдеше читав на нива за да ја изорат, тогај било засушено, не се орало (3, 269).

ЗАТ- *преф.* Вид. **зад**.

ЗАТВАРА *гл. несвр.* Вид. **затвора**.

ЗАТВОР *м. место каде што се држат тие што се затворени по казна; темница;* Да ме куртулисаш (стопанине) од затворо со деветте клучеи (2, 24); п о д з а т в о р – *затворен;* Коа чул царот оти момчето сакало да излези пред него, со радос беше го примал и се сторило дауџија на царот оти да го клаит во друга одаја, како под затвор (2, 241).

ЗАТВОРА и **ЗАТВАРА** *гл. несвр.* **затвора** од з а т в о р и. **I**. **1**. Вид. з а т в о р и 1; Отишла при еден мајстор... за да му напраит еден сандăк за да можи таа да живеит внатре за многу време и сама однатре да го затвора сандăкот (3, 167).

2. Вид. з а т в о р и 2; Заповедал (царо) да му ја даат одајата на (момчето) кај што ’и затворале гуските (2, 289).

3. Вид. з а т в о р и 3. а; Оттогај и тој, кога затворал дуќанот при друзите молитви се молел: – Пази, Боже, од женска беља! (6, 26); Дал абер (св. Илија) по сета чаршија: никој дуќанот да не го затвора, оти со голема глоба ќе го накажи новио цар (4, 145); *за црква;* Му се здодеало веќе на клисаро да ја чека (баба Стојна) да се домолуа и да ја затвара црквата (6, 26).

4. *во пасивна употреба* со **се**; Не чинит да се затворат сите меани (5, 27); Каква работа ќе бидит оваа, си велеле, што се заповедуа да не се затвора чаршијата (4, 145).

II. **затвара се** Вид. **затвори се**; Никако не се затвараа (обете поли излезени од резиња) (5, 324).

затворање *ср. гл. им.* од з а т в о р а; На твоја рака ќе биди отворуање, затворање сараите ти се готои (2, 227).

ЗАТВОРИ *гл. свр.* **I**. **1**. *покрие со капак, затка и сл;*

Еве јас сум ќелешо, честити царе, и еве ’а ќерка ти со машкото ’и дете, што нѐ затвори во бочвата и нѐ врли в море! (2, 271); Се сетил чоекот и му го удрил муурот на устината од ѓумчето и го затворил пак смокот (2, 3637).

2. *стави во ограден простор;* Денеска, утре, поминало многу време што ја затворал попо попадијата (5, 191); Да ти удрам (жено) еден ќотек со стапов, као што сум ти удрил и другаш и да те затворам во одаја, та да те држам гладна и жедна (5, 93).

3. **а**. *стави клуч (ќепенк) на дуќанот прекинувајќи ја работата;* Вечерта чоекот затвори дуќанот и си отишол дома налутен (6, 48); Затворил маазата и си отишол од тој град во друг (4, 60). **б**. *заклучи (куќа);* Утрото рано си ошла бабата на работа, а син је на даскал, и затворила куќата (2, 176); Го викнала момчето је и му кажала да ’и види и да затворат јако портите од сарајо (3, 48). **в**. *забрани работа (на дуќан, меана);* Еден цар многу пати отворал мезлич за да затворит сите меани и да соприт вино и ракија да не пијат... (5, 26).

4. *загради;* Од тој себеп напраил еден синџир од еднио крај на морето до другио крај и го затворил морето да не можит гемија од Црно во Бело Море да влези (4, 37).

5. *стави во затвор;* Го носеле да го затворат апсаана и после да го бесат (момчето) (3, 84); Не знаиќум да кажит, бидејќи си беше прав, немаше што да кажи и го затворија апсаана (5, 164).

6. *заклоти (книга);* Затвори (домаќине) тевтерот и пушти ме да си одам понадвор (6, 22); Нека си е католик, лели си е мој – не берам гајле! – си рекол ѓаоло и си го затворил тевтеро (4, 181).

II. **затвори се 1**. *стави се сам во затворен простор без да имаат пристап други; заклучи се;* Му дал мувлет царо и се затворил во една одаја чоеко, та паднал на молитва пред Бога да му покажи некое чудо за да му најди пари на царо (3, 80); Таквие момчиња ако ’и сакав, ќе си седев дома и не идев овде да се затворам во оваа кула (3, 47).

2. *заклоти се.* **а**. *за порта;* Едно влегла (момата) и се

затворила портата (3, 306); На часот заповедал царот да се затворат вратите (3, 135). **б**. *за планина;* Исчекал (чоеко) пак кога се затворила планината и пак се отворила и си излегол (2, 165). **в**. *за очи;* Го зел ангело в рака, и веднаш му се затвориле очите за да не може да види ангело и други скришни работи (4, 130). **г**. *за рака;* Едно беше клал еден минц во раката, и се затворила раката (4, 94).

ЗАТЕГНУА *гл. несвр.* од з а т е г н е – овде: *јажиња, попрази повлече за краиштата што повеќе;* А па другио самарџиа, што ќе ни 'и праит самарите и ќе ни затегнуа садната, тој не ќе знаит како што знаит овој што го имаме досега (2, 71); Наместо да се молите на Бога да ни умри самарџијата што ни затегнуа садната, молете се да ни е жив (2, 71).

ЗАТЕРА *гл. свр. почне да тера;* Оделе донекаде в море, и се кренале големи талази (бура голема), та ја затерала гемијата без пат и ја отерала до некоја ада (остров) (5, 220).

ЗАТИ *модален збор: всушност;* Заошто, бре Арнаутине, си ја инќариш жената – му рекол кадијата – асли вие Арнаутите такви сте. Зати од кој град сте? (5, 291)

ЗАТИСНИ *гл. свр.* **затисне** *потисне (затворајќи);* Ја дигнал црната плоча, та ја затиснал вратата да не ја видит некој друг и си тргнал да одит кај царцките овци (3, 300).

ЗАТКА и *ж. предмет што служи за затнување; чеп;* Едно ја изваил затката, и туку беше излегло од шишето еден силен чад однатре (4, 267).

~ Со б р о ј о т: **сто ј две**: Зер ти не знаеш оти куќата има деведесет и девет дупки и сто ј две затки? (4, 82)

ЗАТНИ(Т) *гл. свр.* **затне I**. *затисне;* Царот отиде в поле, бре чоече, за да затни ѓеризите, оти излегоа рибите (5, 107).

II. **затни се** *затисне се (сам);* Затнете си ушите и не слушајте ме (2, 76); Зело овчарчето една рака кал и му 'и затнало очите и на часо натежнало златото (7, 73); Стапчето се скршило внатре и се затнала шопурката и капката, што капе-

ла, заптисала (2, 120).

~ Во и з р а з о т: **ќе и ја затнам устата** – *ќе ја замолчам;* Ќе наполнам две вреќи (јаглен) и ќе го продавам наместо чивит... и ето ти пари и богасто да ја однесам на жена ми, и да ѝ ја затнам устата (6, 65).

ЗАТО *прил.* Вид. **затоа**; Од брата ти сум, пријателе, и му работам дење и ноќе гологлаечки. Зато бев сега во нивата кај што ја посеа ти (3, 256); Море брате, српот сум го заборaил овде, тики зато дојдов за да си го земам (2, 123).

ЗАТОА *прил. пора9и таа причина;* Затоа оделе кај него да им опашуат сабја (4, 38); Тие сет еќими, пријателе – му рекле сејмените – и сите сега ќе 'и бесиме, на четириесетве вешала, чунки не могле да ја излекуаат ќерка му. Ете, затоа сет, пријателе, тие вешала (3, 302); – Моја стока је земјата, затоа не те остаам, Адаме. (4, 19); У, бре брате, што вака ми мирисаш земјоина и мувлоина? – Земја сум работил, златна сестро, затоа мирисам мувлоина, туку ајде приготви се (2, 191).

ЗАТОПЛИ СЕ *гл. свр. (за вода) загрее се, згрее се;* Едно се затоплила водата, и Шмркни Море ја шмркнал топлата вода (3, 106).

ЗАТРАИ *гл. свр.* **затрае** *почне да трае;* Да ако го менам нункото, белким ќе ми затраи ова што ми се роди сега (4, 86).

ЗАТРАИ СЕ *гл. свр.* **затрае се** *молкне, замолчи (се), закути (се);* И се воврел (Пејо) под кошарката, та бидејќи била голема и ненамачкана внатре, се затрајал под неа (6, 208); Така ја врзаа работата и со ќелешо и од тој саат беа се затрајале трескаиот да не се оптегнуат (5, 161).

ЗАТРЕСИ *гл. свр.* **затресе I**. *почне да тресе;* Кога ќе ви ја затресам ортомата однатре – му рекол (ќелешот на браќа си) – веднаш тргајте ме вие горе (2, 144).

II. **затреси се** *затресе се, почне да се тресе;* Ако је греота да се затресиш и лисјето да паднат, а пак ако не је греота,

да не паднат лисјето (5, 50).

ЗАТРЕСЕН *прил. потресен; трепетен;* Аман, бре стрико – му се молил Итроман Пејо со затресен глас – ти се молам, немој да ме истераш оти сум јабанџија (6, 202); Се разбудила бавчанџицата и му свикала на мажа је со затресен глас: – Стани, домаќине, да би ослепел (6, 64).

ЗАТРЕСУА *гл. свр.* з**атресува** од з а т р е с и (т); Пејо викај и затресуј му ја торбата, до најпосле нога за нога дошол до кадијата и му ја наврел торбата на глаа (6, 219).

ЗАТРИ(Т) *гл. свр.* **затре I**. *сотре, уништи локрај;* Како да праиме, честити стаоре, од еден ѓаолцки мачор што ни затре сојот од глувци и сега веќе се настрвил нас стаорите да нѐ јади? (2, 11)

II. **затри** (**т**) **се** *затре се, уништи се;* Е, што колни чоек, сѐ да бидуа, веков би се затрел! (5, 323); Олди битти, се затре арамилѫко од сојо мој (5, 353).

ЗАТРИЕ *гл. свр.* **I**. *потрие површно, малку; забрише;* Пак дошол (гулабо) при другара си, носејќи во устата едно ливче позлаќено, та со тоа ливче му ’и затрило очите на другио гулаб (4, 178); Едно му затрил (очите на слепио) со тревата, и веднаш се опулил (4, 129).

II. **затрие се** *потрие се површно, малку; забрише се;* Беше му го пратил (царо) ’рто од сина му што си одел со него на лов, измачкан со отруачка, за да се затрие со царев син и да се отруе (3, 94).

ЗАТРКАЛА СЕ *гл. свр. почне да се тркала;* Сиромав Итроман Пејо, како се затркала, да дури долу беше се нашол (6, 209).

ЗАТРКАЛИ СЕ *гл. свр.* Вид. **затркала се**; Се направила цела крушата и се затркалила, та свикала по зето плачејќим (2, 17).

ЗАТРЧА СЕ *гл. потрча силно;* Коа чу сиромаијо тоа добро од царот, го зеде ѓулето в рака и коа се затрча од

посраа низ пенџерето (2, 122); Појдете сите тројца на онаа планина и сите веднаш затрчајте се (4, 238).

ЗАТЦКРИЕ СЕ и **затскрие се** *гл. свр. скрие се зад нешто или некого; прикрие се;* Станала цареа ќерка та се затскрила зад изворот (2, 170); Помалио брат... се истаи неколку чекори настрана, и беше се затскрил зад некое дрво (3, 98); Се зацкрил зад еден камен дуовникот и гледат што ќе праит момчето (4, 62); *со глаг.* **солни се**; Ја затворила вратата на клуч и беше се солнала (затскрила) зад портата (5, 309); затцкриен: Врвејќи си змијата без никаков страв од некого, дошла до дрвото кај што беше затцкриен Петре (3, 99).

ЗАТУРА *гл. свр. почне да тура, да сипе;* И веднаш, сполај му на Бога, затура пари од небеси на глаата од детето (4, 90).

ЗАТЦКРИЕ СЕ *гл. свр.* Вид. **затскрие се**.

ЗАЌУТИ *гл. свр.* **I**. *замолчи, молкне;* Заќутила жената и чекала саато да умри судијата (6, 169); Си заќуте момчево и поработи некој месец (4, 61); Заќутел бавчанџијата (3, 28).

II. **заќути се** Вид. заќути I; Бидејќи неучени на јадење манџи, сиротите деца се заќутија и прокаснаа по малце ’ржан лебец (3, 262).

ЗАУЗДА *гл. свр.* **1**. *стави узда (на коњ, магаре и др.);* Отишло девојчето, та донесло еден голем јарец зауздан со коњцка узда, со седло и узенгии (5, 67); Зауздал (жабаро) волоите со змии и смокои и тргнал дома да си одит (4, 112).

2. *(прен.) скроти;* (на ѓаоло) му се чинело оти идит детето да му се поклонит, арно ама не знаел оти ќе го зауздаат како некое магаре (4, 265); И најпосле сатана го заузда и се возгордее, ја забораи добрината Господ што го подари (4, 179).

ЗАУМРЕН *прид. одамна умрен, мртов;* Падна на плеќи (старио) умрен, како од веко да беше заумрен (4, 54).

ЗАУЧИ *гл. свр.* **I**. овде: *малку подучи;* Кога ’и чу

момчето тие зборои од ѓаолот, си намислило за мајка му, кога го заучила за да крадит и што го надеждуала и го повалуала за крадачката што крадело (4, 218).

II. **заучи се** *поднаучи се малку;* Отпрвин кога го делкал со секирата баеги му дошло мака, дури беше се заучил еднашка, тики кога се размаал чоек, удрил, маал, дури се испотил јако (2, 103).

ЗАФАТИ(**Т**) и **ЗАВАТИ**(**Т**) *гл. свр.* **I**. **1**. *почне;* Отишол еден чоек да се бричит на бербер и, пред да го зафати берберот да го бричи, му рекол – Ќе те молам, мајсторе, со голем мукает да ме бричиш (5, 301); Од тој ден зафатило времето да си има: зима, пролет, лето и есен (4, 117); Како што мака имам, аџи штркло, кога петело сега уште малко ќе си заватит да си пеит како што му је адетот, и ќе чујат селаните, та ќе дојдат и сите ќе нѐ истепаат како врапци (2, 8); Зело перото момчето и заватило да пишуат што ќе му кажуат невестата му (6, 23).

2. *фати;* Од погледа чоек да ја види (змијата), ќе заватат триста страои, а не да дојди до него и да ја тепат (3, 98); зафати муабети; Откоа вечерале убаолепо, зафатиле муабет и го прашал коџобашијата од каде е и кај оди (4, 185); срце беше е заватило за нив; Кога ’и видела (цареа ќерка налăните), срце беше е заватило за нив и беше ’и пратила измеќарките да му ’и купит (на момчето) (5, 168).

II. **зафати се 1**. Вид. зафати I; Од крај в крај пламнала нивата и се зафатила друга (6, 222); Почнале (Евреите) да ји тресат вилиците и да ји прашаат Турците дали се завати бојо со Арапите (6, 138); Една вечер беа се заватиле да играат (обата)... и не можеле да се ендисаат (6, 167); се заватил муабети; Си било едно дете главено (ценето) при еден терзија. Терзијата беше се заватил муабети со некого и времето дошло за ручек (5, 167).

2. *ангажира се;* Слушам твојата заповед, честити царе, туку бев се заватил во една голема работа, та од тоа се забаив (2, 82); Му дадов (на сиромаио) сто алтăни да се завати во некоја работа (3, 127); Св. Илија се заватил на работа (4, 146);

Го изнесоа слугата на пазар, и се заватил еден богат селанец и го купил (4, 60); заватен; И јас сама би си го остругала, ако не ми се рацеве заватени со сукалото (6, 42).

ЗАФАЛУА *гл. несвр. почнува да фали;* Сега ме пери мене да си одам назад и да си седнам на престоло, та да судам по прао и лошите луѓе да ’и накажуам според законо, а пак добрите да ’и зафалуам за оти се прави и чесни (5, 41).

ЗАЦРВИ СЕ *гл. свр. вцрви се, зацрвени се;* На тепанио му отекол газо и му се зацрвил вратот (5, 366).

ЗАЧНИ *гл. свр.* **1**. *остане трудна;* На часо зачнала цареа ќерка (2, 266); Во истата вечер зачнала царицата и во исто време зачнала комшивката (2, 165).

2. *(за жена)* т е б е т е з а ч н а в – *останав трудна со тебе;* Татко ти сеедно ми се биеше шега оти не раѓав и јас, на страмот згора, многу мажи обидов дури тебе те зачнав (4, 170).

3. *(за жена)* з а ч н а т а – *(останата) трудна;* Ѓаолот беше знаел една баба што била зачната три дни пред ѓаолот и је пошол, та ја молил за да влези помеѓу мажот и жената за да ’и скара (4, 239).

ЗАЧУА *гл. свр. зачува, запази;* Треба (мажу) да го зачуваме (новото веленце), за на добăр ден да ни се најдит за лице да отстрамиме (3, 316); Многу се благодарело момчето задека си го зачуало татка си (5, 31).

ЗАЧУДИ(Т) СЕ *гл. свр.***1**. *остане во чудо;* Трај си ти, домаќинко, јас што ќе му напраам, и тој ќе се зачуди! (2, 270); И после кога се вати на танец, коа ти вати да ти игра, да рипа, Боже, Боже, сио свет се зачуди! (5, 319); з а ч у д е н – *останат во чудо, изненаден;* Откоа го ислуша домазетот гарванотаго, останал зачуден и задуман од пострамуањето на гарвано (2, 76).

2. *восхити се;* Кога ја донесоа пливците при царскио син, се зачуди на убајната незина (2, 187); Кој беше го видел (момчето), беше се зачудил на негоото јунасто (2, 168).

ЗАЧУРИ *гл. свр. (во врска со тутун) запали (за ѓа ѓими, ѓа чури);* Седнал (домаќинот) и зачурил чибуко (3, 317); Пак наполнил љулето со тутун, му клал ќебапот згора и го зачурил (2, 78); Зачурила (бабата) огон надвенатри (3, 132).

ЗАШИЕ *гл. свр.* **I**. *(таму каде што е отворено, скинато) сврзе со шиење;* Беше ја зашил (момчето) вреќата (5, 119).

II. **зашие се** *(прен.) присламчи се, прилепи се;* Откога го виделе момчето арно, со многу пари, тамо му се зашиле другари лоши покрај него (5, 289).

ЗАШТО *прил.* и *сврз.* **I**. *прил. прашален зошто;* Ја бидејќум си имам маша – си рекол – зашто да си горам прстите! (4, 230); Аман, бре брате смоку – беше му рекол чоекот – зашто да ме удаиш или да ме јадиш? (2, 34); Умри си, умри си, дедо – му велеле – отсега тебе зашто ти је здравје? (4, 59)

II. *сврзн. причински: затоа што;* Си бил некој овчар, живеел сѐ в планина, во луѓе не се смешал, ни црква знаел, ни литургија знаел, ништо не знаел, зашто ништо не видел – башка од планината (6, 174); Кренал (ангело) рацете на небеси и фатил да се моли на Бога да го прости зашто му се тоарел на Бога за да го обогати каменаро (4, 214); Тој веќе не можеше да излези, зашто го беше страм (5, 322).

~ Во и з р а з о т: **поштозашто** – *многу евтино;* Откоа го видел бакалот златото и стреброто, му го купил поштозашто, чунки и тој не го познаал што ет (6, 68); Слушај вамо, домаќине, немој за евтино да работиш, оти ти знаиш дури не ти платат арна надница, да не работиш поштозашто (5, 45).

ЗАШТУРИ СЕ *гл. свр. стане штур;* Ај да се заштури – ај да го нема, да пропадне; ај да се заштури – си рекла сама со себе – јас пак забораив како ми кажа ластојцата да го праам седелото (2, 101).

зашутен *гл. прил.* Вид. кај **зашути се**.

ЗАШУТИ СЕ *гл. свр. (за човек) стане шут, ишути се;* з а ш у т е н – *малку мр9нат со умот;* Ете како на ќорето му се плати вересијата на зашутенио акчија (6, 85); Те мола, побратиме уме – му рекол кăсметот – поможи му на овчарчето да се свести, оти има два-три дни кај стоит како зашутено; чунки го зедов под рака, треба да не го загубам (3, 221).

ЗБЕРИ *гл. свр. исто што и* собери. **I**. *растурено прибере на е9но место;* Ја збери си, оче, книгите и ој си по работата, оти јас со ваков стар не се венчаам (6, 12).

II. **збери се а**. *ај9е се на е9но место;* Бидејќи бил многу оскорбен царо, дал една заповед да се зберат што е машко во еден мегдан и да врват пред цареа ќерка (2, 267); Отишле кај мегдано што беше определен за да се зберат и застанале тројцата еден по други да го чекаат гулабо (4, 96). **б**. *со гл. при9.* **збран**; Дошол (Силјан) кај што беа збрани сите штркои (2, 148); Полно прао има (чоек кога да сака да го скинит цвеќето) спроти законот да го скини – му рекол царот пред сио мезлич што беше збран (3, 167).

ЗБЕСНИ *гл. свр.* овде: *(за куче) побесни;* Чоеков се чуди оти да рипа вака кучето, да не нешто збеснало (5, 9).

ЗБИВА *гл. несвр. (о9 умора, страв) тешко 9ише; збивта;* Збивал, збивал, одвај душата си ја зел, од пусти страв што беше превидел од држењето на Велка (2, 151); Излегла (лиса) како ѓоа ет многу уплашена. Збивајќим, му рекла: Ов, јас сирота, што ме најде, честити царе? (2, 56)

ЗБИЕ СЕ *гл. свр. меѓу себе степа се;* Се удриле и се збиле обете страни силно (5, 211); Уште поголема ѓурултија се накренала в куќи од сватоите, дури со ќотек се збиле (6, 208).

ЗБИРА *гл. несвр.* од з б е р е; *собира*. **I**. **1**. **а**. *кине пло9ови и ги става на е9но место;* Кога приближал (сиромаио) кај нивата, видел еден чоек и нива кај туку збират класје (2, 122); Тој почнал да... кажува као бил сиромав... како отишол да збира копривн (3, 265). **б**. *растурено прибира;* Си ја збира-

ше (Еѓуптино пепелта) и си ја продааше (6, 171). **в**. *(војска) мобилизира;* Ќе чинит (магарето) за борозанџија, ја – за да свири со боријата, да ја збира ордијата, кога ќе биди растурена по ридои и по долои, пак зајачето ќе служит за поштаџија (2, 48).

2. *(обично со негација)* н е з б и р а ј м у г о г а ј л е т о – *не бери грижа за него;* Море, ти тоа гајле не збирај ми го мене, бре дедо, – му рекло Волчко (5, 354).

3. *за соба, сандак, шише: има обем;* Ќе не тоари (стопан ни) дур збираат кутиите али сандаците, али кошеите (2, 70); Многу се молила младата невеста за гробот да му го напраат на момчето колку едно одајче, за двајца да збират (3, 178).

4. *приклава, приподава*. **а**. п*ари без да троши;* Јас не сакам од царо да ми даит пари, што му се збирани со арам (3, 294). **б**. *крв;* Сакаше да ’и сечит (рисјанските деца) и крвта да му ја збират и да се лекуат (4, 30).

II. **се збира** *од разни страни се прибира и се наоѓа на едно место;* На ехлата што била до чешмата се збирале сите ѓаоли секоја ноќ и праеле мушавере (4, 256); Да те однесам во една куќа кај што се збираат лошите луѓе од нашио град (5, 183).

ЗБИРАЧ *м.* **1**. *тој што збира, собира*.

2. овде: *штедач;* Туку седам и се чудам као не се најде еден чоек во мојов град на мојо табиет, да е икономик и збирач (5, 324).

ЗБЛИЖИ *гл. свр. направи да биат поблизу еден до друг* овде: *да станат блиски пријатели;* Поминало баеги време и никако не можел третио пријател да ’и зближи двата и да живеат (4, 243).

ЗБЛИЖУА СЕ *гл. несвр.* **зближува се** од з б л и ж и с е; овде: *влегува во интимен однос;* Собраното од двесте и педесе меура било силата на чоека што ќе излегуа коа се зближуа до жената (5, 113).

зближуање *ср.* **зближување** *гл. им.* од з б л и ж у в а

(се): овде: *подобро запознавање;* Дале, зеле зборои со мајка му и стројничицата за свршуачката и, откоа дошле до зближуање, ја остаиле работата за утрото да даат нишаните и да се биттисат таа работа (6, 27).

ЗБОБОТИ *гл. свр.* **а**. *одеднаш почне да боботи*. **б**. овде: *(за тапан) збувта;* Коа збоботал, брате мило, тапано, како коа да паѓат планината: бим, бум, бамбара (6, 199).

ЗБОГОМ и **ЗБОГУМ** *прил. при поздрав на одење, на заминување, на разделба;* Збогум, пријателе – му рекол старио и се одбил од тој пат – оти мене вамо ми е патот (4, 166); Ако земиш од некого пари, да знаиш оти ќе ти секни чешмата, и збогум сега, момче! (3, 292); Благодарам ти, стрико – му рекло момчето – на бакшишо што ми го даваш и збогум, стрико, седи ми со здравје (3, 38).

~ Во изразите: **збогум му рече** – *се прости со некого со тој поздрав;* Откога му 'и врзале очите на калвата, беа си слегле по скала и збогум беа му рекле на меанџијата (6, 63); **си земе збогум** (**збогом**) – *со истото значење;* Си зеде (Петре) збогум и си отиде по работата (4, 115); Си легнаа да спијат и уште во зора станала вдојцата да го скорни старио и да си земи збогом оти ќе си одела на работа (4, 157).

ЗБОЛИ *гл. свр.* овде: *направи некого да почне одеднаш да го боли нешто;* Јас ќе одам и при некој друг цар да му зболам уото, чунки јас сум определен за цареите (2, 216); По некое време отишол ѓаоло при некој друг цар и му го зболил уото (2, 217).

ЗБОР -ои -ој *м.* **1**. **а**. *нешто речено, кажано, изговорено (со уста);* Ја прогоори, невесто – је рекол – да те чујам што збор имаш? (2, 190); Што треба да го видуам – ѝ рекол орело – кажи ми со збор и толку – и да го видам, пак тоа си је (2, 98); Откоа беше ислушал тие зборои штркот, је рекол на лиса: – Шо мака имаш, мори аџи лисо, од аџи петла? Што толку се тагуаш? (2, 8) **б**. *кажување; говор, реч;* Еден сиромав чоек бил многу благ на зборот, а пак во срцето непара здрав (4, 211); Ај, ај, доста викавте – му рекол Бугаринот на свини-

те – од зборо се познаате оти сте Грци, ај лежете си во калта (5, 62); Кој ти рече (бре ќелеш) така да велиш и да ти се слуша зборо? (2, 268) **в**. *во синонимен спрег со* клетва; Откоа умрел богатио, му кажале на царо, оти си препишал сета стока на момчето и дури и ќерката остаил клетва и збор да му се даит на момчето за невеста (5, 238).

2. *договор;* Му умрело на едно дете татко му и мајка му се премажила за друг маж, со збор да си го однесит и детето при тој маж (3, 111); Царо пресуди да му се даи жената на дограмаџијата, ама со збор да му го продаи коњчето нему (3, 60); А, бре зете, за ошто па си питал? Лели зборо ни беше само за една година? (5, 53)

3. *ветување;* Море, потпис не сум дала, бре синко, туку збор сум дала (4, 264); Дедо, дедо, вие сте дале збор со мојата мајка на стариов и со мојте стрини за едно дете да му даите (2, 273); Ти си пуштил (бре Зерзевуле) кај мајка ми еден од твојте измеќари и му зел збор од устата незина (4, 265).

4. *совет;* Штом го повеле момчето за на вешало и дал вик на садријазамо да го изваи пред царот, ќе му кажел еден збор што му го остаил татко му кога умирал и тој збор чинел поеќе од бесценет камен (3, 126).

5. *соопштение; информација; вест;* Царот ќе мажел три ќерки и дал збор по светот за кој ќе можит да прескочит од една планина на друга со коњ (2, 116); Дала збор по светот оти веќе ќе се покаит и ако најдела дватројца да стори другари со неа, ќе одела на аџилак (2, 5).

6. *наредба; заповед;* Честити царе, јас сум чул оти ти си издал еден збор од устата твоја и веруам оти тој збор што излегуа од твојата уста назад не се враќа (3, 44); Оф, ангеле, ангеле мој – му рече, сполај му – заошто ми преступи зборот мој? (4, 54); Лелех, јас сиромав, што грев сторив... што му преступив зборот на царот (4, 99).

7. *поговорка;* Вистина је за веруање зборо што го рекле стари за жените оти се: долгокоси, краткоумни (5, 8).

~ Во и з р а з и т е: **ак си имаш на зборот** – *прав си, право велиш;* Вистина, Господи, така е, ак си имаш на зборот

– му рекол свети Петар – арно ама сакам ова добро да ми го сториш оти му се таксав на сиромаиот за да те одмолам за оваа работа да ми поминит сега, за да не речит сиромаиот оти ти не ме слушаш и не ми го земаш зборот мене (4, 109); **без никој збор** – *на секој начин, без противење;* Парите ќе си 'и земи тој што ја продал стоката и ќе му ја даи стоката, без никој збор (4, 94); **го врзав тој збор** – *го запаметив кажаното;* Разбрав, попе, и го врзав тој збор во умо, само Госпо да сака тебе побрго да те умри (6, 168); **да ми даиш чесен збор** – *да се заколнеш;* Честити царе, јас ќе ти кажам од кај сум олку знаен, ама сопрво ќе те молам да ми даиш чесен збор за да ми го простиш тој што ме учит, и ме учи досега (5, 234); **да ми помини зборо** – *да ми ја услишиш молбата;* Ете, затоа ти се молам, Боженце, да ми помини зборо мој за да те прослават сиромасите (4, 115); **да си земите зборо назад** – *да откажете*; Ако не му даате (дедо на стариов едно дете), страмота је за вас да си земите зборо назад, чунки ти си цар (2, 273); **дади зборои** – *размени мислење;* Откоа си дале таквие зборои, го надзборуала жената мажо и тргнале од село на село да бараат кăсмет и се запреле во некое село (6, 160); **дале зборои**, **зеле помеѓу ним** – *разговарале опширно;* **дале**, **зеле збор** – *разговарале;* **дале**, **зеле зборои и си врзаа збор** – *разговарале и се договориле;* Дале, зеле зборој св. Илија со царо и ја донесле работата: за три дни цар да биди св. Илија за да му ја умири царштината (4, 145); Дале, зеле зборои и си врзаа збор за до неделата свадбата да напраат (2, 56); Дале, зеле зборои со мајка му и стројничицата за свршуачката и, откоа дошле до зближување, ја остаиле работата за утрото да даат нишаните (6, 27); Тек, чифт (еден едно рекол, друг друго рекол) дале зборои, зеле помеѓу ним (2, 51); **дојде на мојио збор** – *се согласи со мене;* Лели дојде ти сега на мојио збор, глеај сеир сега, кога ќе го свестам овчарчето и ќе го избавам (3, 222); **дојдоа во еден збор** – *се согласија;* Дојдоа во еден збор да му 'и врзат очите на калвата и кого ќе вати, тој да плати (6, 63); **дошло збор** – *најпосле почнале да зборуваат;* Ова било, она било, дошло збор да се валат кој sверои сет појунаци (2, 60);

збор е тоа? – *како можеш такво нешто да кажеш; како можеш и да помислиш такво нешто?;* У, у, брате ѓаоле, збор е тоа да се откажам од тебе? Ни во вјеки нема да се откажам (4, 14); У, кумче волче – му рече лиса – ами збор е тоа што велиш? Јас да те излажам? (2, 25); **зборо збор требало да му биди** – *требало да важи реченото; да се држи до реченото;* И капидано не можел да се противи, чунки зборо збор требало да му биди, и друго нешто (5, 241); **зборо назад не го враќам** – *не се откажувам од реченото;* Вид. кај **зборо ќе ти го примам**; Бездруго, честити царе: зборо ќе ти го примам, за ер што да ми речиш му рекло момчето (5, 140); **зборо назад не го враќам** – *си останувам на тоа што сум рекол;* Слушај вамо, момче, јас сакам еден збор да ти речам, ама треба да знаиш оти јас зборо назад не го враќам, да од тоа думај сега (5, 140); **зборо назад не го земам** – *си останувам на тоа што сум рекол;* Слушај, синко – му рекол Господ – јас ти кажав оти зборо назад не го земам! (4, 85); **зборот два (две) не (беше) му го сторил(а)** – *не се противел(а); веднаш го послушал(а)*; Му рекол свети Петар на Господ да му 'и блаосоит, и Господ зборот два не му сторил, му 'и блаосоил, дури му 'и надблаосоил (4, 64); Зборо две не му го сторила (жената на Евреинот), ја заклала кокошката (3, 264); Жената беше многу богата и возљубена за него, зборо два не беше му го сторила (3, 274); **'и врзаа збороите** – *се договорија;* Откоа 'и врзаа збороите снаите и маѓеснико, изваил во една торба билки чемерики и му забаил на сите три снаи (2, 272); **'и накренале зборојте** – *го подигнале тонот; се скарале;* 'И накренале зборојте, што дури најпосле ја донесле работата за да се степаат тој што велел оти кадијата зема рушвет (5, 364); **'и џвака збороите** – *убаво не премислува;* Ете кој не мисли и не 'и џвака збороите коа ќе 'и речи, што пати (2, 62); **изваде еден збор** – *донесе вакво решение;* Откоа виде царот оти не можи постарата да ја свршит, изваде еден збор: – Кој ќе ја сакат постарата ми ќерка, макар и најсиромав нека биди, ќе му ја даам (3, 305); **изваи збор** – *измисли;* **коа му иди зборо** – *кога во разговорот ќе биде згодно;* И за овие граои се прикажуаат и

денденеска коа му иди зборо (6, 159); **лош ли ми е зборо?** – *лошо ли велам?;* Утре (мажу) ќе го сноам платното во двор и други ден готоо ќе бидит... ха, лош ли ми е зборо, домаќине? (6, 36); **му го донесла зборо** – *го навела на разговор;* Дојдуајќи орело вечерта, му го донесла зборо со одоколу (3, 88); **му го зеде зборо** – *разбра;* Откоа му го зеде зборо момчето од коњчето, отишло кај царо и се пазарило да го гледа царцкио коњ (2, 259); Откоа му го зеде зборо старио на царот, почнал да му кажуат (3, 77); **му дошло збор** – *му текнало;* Во таа декика му дошло збор на проповеднико да му вели на рисјаните (4, 183); **му кандисаа на зборо** – *се согласија;* Откоа го ислушаа кауѓерите егумено, сите му кандисаа на зборо негов и си почнале да си пијат вино (5, 88); **му отворале зборо** – *му подговарале;* Многу пати татко је и мајка је му отворале зборо за да ја даат за царскио син (3, 112); **му пошол зборо на царо** – *кажувањето го чул царот;* Од збор на збор, му пошол зборо на царо в уши оти дошол од некое далечно место некој многу учен мендиз (4, 159); **му реди зборои** – *надолго и нашироко да му кажува;* Питачо почнал да му се моли мошне жално и да му реди зборои, да го кандиса (чоеко) да го качи на магаре (5, 92); **на твојо збор излезе** – *стана ти како што рече;* Вистина, море домаќине, на твојо збор излезе – му рекла врабицата (2, 79); **не ми го земаш зборот** – *не го земаш предвидреченото од мене;* Сакам ова добро (Господи) да ми го сториш оти му се таксав на сиромаиот... за да не речит... оти ти не ме слушаш и не ми го земаш зборот мене (4, 109); **не можам зборот назад да си го земам** – *не можам да се откажам од реченото;* Кај што збор излегуат, и душа излегуат; да јас не можам зборот назад да си го земам (4, 264); **не му зел зборо** – *нејќел;* Бре, ја стега, бре, ја мачи (царо ќерка си) да кажи од кого е (тешка), никако не му зел зборо да речи: од онцица сум останала тешка (2, 267); **не му повраќало зборо** – *не одговарала со иста мера, на зборот збор да каже;* Таа сè работела и не му повраќала збор (5, 345); **од збор на збор** – *од човек на човек;* Од збор на збор, му пројде зборо на царо в уши (5, 170); **од збор на збор дошле со зборојте** – *фатиле да раз-*

ѓовараат за тоа; Се вратил светијата и од збор на збор дошле со зборојте за кој ет посветија (4, 89); **отвори збор** – *почна ѕа разѓовара;* Отвори збор царот со тие што беа со него и ’и праша дали разбраа од тој разгоор што разгоараа (5, 63); Идејќи по пат, му отворил збор Петре на арапскио коњ и го прашал за тие јуначта што ’и напраија, али можи и Арапот да ’и напраи (3, 108); **паднале на збор** – *во разѓоворот ѕошле ѕо тоа ѕа расправаат;* Паднале на збор ’рслано и чоекот за кој ет од двата појунак (2, 85); **си го имале зборо** – *се ѕоѓовориле;* Невиден беше се сторил, си отишол кај што си го имале зборо тројцата (5, 97); **си го имаа зборо** – *се беа ѕоѓовориле;* Едно беше влегла во рајо (попадиката) и на часо беше почнала да го бара попо, спроти као што си го имаа зборо коа беа живи (6, 168); **си достојал(а) на зборо** – *ѓо исполнил(а) ветувањето;* Сестра му беше си достојала на зборот, та беше го закопала (братот) в градина (2, 183); Сатаната си достојал на зборот и го начекал детето на пато за дома коа си одело (4, 286); **си ’и кладе зборојте на ум** – *ѓо запамети реченото;* Си ’и кладе (детето) зборојте на ум (5, 229); **си (ји) врзаа збороите (зборојте)** – *се ѕоѓоворија;* Откога си врзаа збороите момчето и еќимо, му ја остаило змијата да ја лекуа (3, 120); Излегоа (двајца пеливани) пред царот и си врзаа зборојте (3, 58); Откоа си ји врзаа збороите, си отидоа по дома и се приготвија (3, 297); **со еден збор** 1. –*кратко;* Со еден збор, куќите му беа раскапани (5, 324); Со еден збор, живееја веќе од мерата надвор (5, 56). 2. *ве ѕнаш;* Уверен сум, синко, да ти даит со еден збор, чунки ми ет и светијоан (4, 123); **сте дале збор** – *сте ветиле;* Дедо, дедо, вие сте дале збор со мојата мајка на стариов и со мојте стрини за едно дете да му даите на стариов (2, 273); **сториле (сторија) (еден) збор** – *се ѕоѓоворилe, се ѕоѓоворија;* Откоа видоа луѓето и ’рслано оти се сотреле глувците, сториле еден збор да го истераат мачорчето (2, 47); Откога чул помалиот брат, што велело пилето, сториле збор со браќа си за да ја натераат малата невеста да му однесит дента ручек (5, 12); Царот, мезличот, сите се зачудија и сторија збор да одат со рибарот и да го бараат тоа езеро (4,

268); **сум на твојио збор** – *го делам твоето мислење; се согласувам со тебе;* Мошне арно, девојко, си сторила и јас сум на твоио збор да бегаме далеку, ај да те пратам кај мајка на село (3, 169); **ти поминал зборо** – *да ти простам што си велел така;* Е арно, бре ќелеш, си рекол тогај да останам тешка и ти поминал зборо, ами кој ти рече така да велиш и да ти се слуша зборо? (2, 268); **тоа ми ет зборот** – *тоа сакав да ти кажам;* И јас сум душа де, да и јас сакам да седнам како што седат сите каури во куќи. Ете тоа, бре попе, ми ет зборот (6, 178); **што се рекол еден збор** – *што се рекло;* Што се рекол еден збор: сѐ што се праит скришно, на мегдан ќе излезит (6, 46).

~ Во п о с л о в и ц и т е: **арен ти е зборот**: Море арен ти е зборот, бре чоече, туку тиквен ти е грошот (6, 195); **кај што не помага збор**, **ќе поможи стап**, **чунки ќотекот излегол од рајо** (5, 24); **царски збор назад не се враќа** (4, 146).

~ Со п р и д а в к и т е: **арен**: И така немаше збор али арен, али лош, што да не го проколни и да не го окара (оцуе) ѓаолот (4, 225); **баш**: Знаиш, олум, кој се најбаш зборои? – му рекол кадијата на ушакот (5, 200); **бестрамен**: Кога чу тие зборои од девера си, на чудо станала и ватила да го учит и да го карат за тие бестрамни зборои што му ’и рекол девер је (5, 247); **благ**: Со тие блази зборои што му ’и велел комарџијата, беше го кандисал апостоло да изиграат еден оин (4, 67); **будалски**: Се прашал до некого и тој, коа беше му чул зборот будалски, за на смеа беше му рекол: – Пријателе... снаа да земиш од најголем чоек (3, 115); **верен**: Откоа видоа и чија браката тие верни зборои од милата им сестра, беше се свршиле и се ожениле обата во еден ден (3, 141); **главен**: Ха, тамам, ете тие сет главните зборои, олум – му рекол кадијата – ајде со здравје (5, 200); **ѓаолцки**: На тие ѓаолцки зборои кандиса сиромајо и на часот ѓаолот беше се сторил една чудесна маска (4, 253); **жален**: Коа чул бавчанџијата тие жални зборои од момчето, му се нажалило и го прибрал да му чини измет (3, 27); Слушајќи граѓаните тие жални зборои од чоеко, секој го подаруал со по некој грош (6, 185); На тие жални зборои од

верната и милостива сестра, не можеа сироти деца да прогоорат од големо плачење (3, 276); **жалосен**: Кога му чул свети Спиридон од сиромаиот жалосните зборои, многу му се нажалило, та изваил од десната нога чеолот (4, 105); **женцки**: На тие женцки зборои, беше склонил чоекот и беше ошол кај брата си (3, 270); **извиткан**: Коа чу пустио Арнаутин тие слатки извиткани зборои од итрата јанкесеџиица анăма, совршено беше се уверил оти го севдисала богатата анка (5, 292); **измајсторисан**: Утрото пак је ошла и пак ја кандисуала со секакви измајсторисани зборои за таа работа (3, 130); **итар**: Кога ’и чу тие итри зборои од бабата девојчето, многу беше ѝ се нажалило и беше слегла (2, 182); Коа ји чула змијата тие итри зборои од лисицата, се увери оти така требало, та на часо беше се одвиткала (2, 93); **лош**: На секој чоек беше му зборуал богатио за егуменот лоши зборои и мнозина луѓе му кажуале што велел богатио (5, 276); “Со каква мера ќе ти мерат, со такваа да му мериш“, па на луѓето велат: “клин клин тера“. Али ти рече некој лош збор, речи му го и ти, да не те праит другиот будала (4, 242); **неврзан**: Се чудела сирота оти така је зборуа домаќино неврзани зборои (4, 20); **недоречен**: Еќимо сеќаваше оти уште едното шише требаше за да му се тури, и туку велеше со збор недоречен (4, 131); **напрежен**: Пак еќимо му ’и повторил напрежните зборои (6, 224); **несолен**: Мерак се стори (детето) од тие пусти пари: – Дај ми парите оти ќе се забаам... парите дај ми ’и, и друзи некој зборои несолени (еќиме зборуаше) (5, 338); Со тие и уште понесолени зборои го напаѓал проповеднико (4, 84); Е, коа си бил кăсмето од брата ми, проштаај што ти реков некој збор несолен (3, 252); **остар**: Кога ’и чу чумата овие остри зборои од момчето, од голема мака што је дојде, сама себе ќе се изееше (2, 262); **отровен**: Од тие и друзи отровни зборои што му велеше клетата снаа, се опоја момчето (2, 223); **пишан**: Ах, анасăнă, ако ја свршам оваа работа – си велел сам со себе – ќе му го исполнам пишанио збор (5, 126); **послежен**: Слушајте вамо, синковци – им рекла царицата – еден најпослежен збор што ќе ви речам (3, 97); **радосен**: Со тие радосни и друзи зборои,

момчето беше се радуало и на часот скројало еден крој (3, 282); **скришен**: Ете тие скришни зборои беа што ’и зборуавме вчера со другарот ваш, пријатели (5, 65); Викнал тројца џелати царо и му рекол еден скришен збор (5, 267); **сладок**: Коа беше ји чул тие слатки зборои од лажливата господарка, џеваирџијата беше се уверил и му ’и дал џеваирите за да ’и однесат кај еќимот (5, 337); Така и оваа сестрица си го лажела и си го маткала мажа си со слатките зборои и си вршела лоши работи пред очите на мажа си (6, 45); Ах, мило чедо, ти ми го распара срцео со твој слатки зборои (5, 210); **страмен**: За што, еќимбеши, не си му дал парите за рибата на детево и си му зборуал страмни зборои што не ти прилегаат на твојата чес? (6, 62); **тежок**: На тие тешки зборои од бакалот, не можеше да се истаи (чоекот) од страм што му дошло (3, 240); Од тие и друзи тешки зборои од двете жени што му се валеле на пустото момче, ќе си пукнел во кожата (6, 14); **турцки**: Едно беше ’и видел Влаот (туџарите) и беше ’и пречекал со турцки зборои и внесол во булукот (6, 86); **убав**: Кога чу царот тие убаи зборои од ќерка си, многу беше се ослободил и му прати книга назад на царот (5, 211); **умен**: Кога беше ’и чул тие зборои царот од овчарчето, беше се израдуал, чунки умни зборои беше рекло (3, 222); Коа чул царот тие умни зборои од момчето, му пофалил, и си останало у царот домазет (2, 241); **царски** и **царцки**: Царскио збор назад не се враќа (5, 49); Тука му текнало веќе (на гускарот) да го исполнуа царцкио збор (5, 124); **чесен**: Честити царе, јас ќе ти кажам од кај сум олку знаен, ама сопрво ќе те молам да ми даиш чесен збор (5, 234); **чуден**: Коа ’и чул тие чудни зборои даскало од Риста, на големо чудо станал (4, 192); Ако ви рече, пријатели, да ми ја сечите глаата, вие ќе ме остаите жив дури да појдиме при татка, оти имам еден чуден збор да му кажам, да после ако сака, нека ме губи! (5, 268)

~ Со б р о е в и т е: **едендва**: Прај што ќе праиш (пријателе), гледај да не ме устрамиш пред Бога, оти коа го молив за да те обогати, ми рече едендва збора чудни (4, 213); **два**: Откоа го препеал ќатипот царскиот шер, што беше му

го напишал на арзоалот, беше се зачудил на тие два збора и беше си рекол сам со себе: “Царо мене ми пишал: ербап олаим (5, 226); Го главиле (амалот) по една мендухија на ден, да го ранат и да го учат, саде два збора да вели (6, 152); **три**: Виденевиде, му кажал егуменот за трите зборои царот што му рекол и ѿуап да му дават (5, 100); **дватри**: Пак не би кӑсмет да се стави со царцката ќерка, да си прогоорат дватри збора (2, 288).

ЗБОРУА *гл. несвр. говори.* **1**. *владее (насрема нем човек) способност гласно (со зборови) ѳа кажува;* Момчето немски му се одгоарало, со ишарет, ѓоа не знаело да зборуа (5, 240).

2. *владее туѓ јазик;* Ѿанам, шерисљам ефенди – му рекол царот – ќе те прашам нешто, ама атар да не ти останит, како се научи во една ноќ да зборуаш турски и законот да го знаиш? (5, 228); Ами ако се (луѓето) Турци или Власи или Арнаути, како ќе се разбирам за да зборуам? (2, 142); Арнаутино знаел турцки, ама не знаел чисто да зборуа, ами мешано со арнауцки (6, 126).

3. *(ис)кажува.* **а**. *соопштува факти, мисли и сл;* Освен сиромаштијата што го мачела, двојно жената му го мачела и му зборуала оти да не е вреден да ја гледа куќата, као други домаќини што ја гледале (4, 81); (море пријателе) биле да и сега ќе ти речам оти право не зборуаш, да и атӑр нека ти остани, ако сакаш (4, 242); Право зборуаш, пријателе, како јаже в торба – му рекол третио пријател (4, 242). **б**. з б о р у а з б о р о и – *кажува употребувајќи необични (за случајот) зборови;* Трети пак ја удрил (момчето цареа ќерка) и што је зборуал зборои, нито едно дете од пет години не ’и зборуало (2, 242); Почнала лисицата некакви зборои да зборуа откај змијата, ѓоа за неа праото ќе ѝ го дава (2, 93). **в**. *во синонимен спрег со гл.* п р и к а ж у а; Треба да си многу шетан ти, бре пријателе, што многу знаиш да зборуаш и да прикажуаш? му рекол еден Бугарин на еден замајан Грк (6, 146).

4. *разговара.* **а**. *меѓу себе;* Преѓе вие сте зборуале нешто за мене, во меаната кај што ручавте (3, 288); Татко је од

девојчето беше му рекол на стројникот да пејди само момчето кај него да зборуаат, да после ќе му ја даел (5, 176). **б**. н е к о м у м у з б о р у а л – *во9ел разговор со некого;* Му зборуал (царо на сиромаио), го прашал за едно, за друго, да видит што одгоор ќе му даит (2, 242); До една недела и је зборуал (царо на невестата) и не је зборуал, чунки до една недела сите невести не зборуале (3, 132). **в**. *сам со себе; размислува;* И сакатио така сам си зборуал и си велел: – Ама ако ја изваам оваа работа на глаа, ашколсум мнозина од нашите ќе ми речат (5, 95); Се напикал (волкот) во еден врбуњак за да се починит и сам со себе си зборуат (2, 50).

5. *безл.* н е м у с е з б о р у а т – *не сака 9а говори;* Седит една вечер (чоекот) и се мислит, се јадикуат на срце, Боже не дај, не му се зборуат (3, 203).

~ Во и з р а з о т: **не зборуј многу** – *молчи;* Ајде, ајде, плати баждарот и не зборуј многу, оти не можам да те слушам тука, дрдрдрдр! (5, 146)

~ Во п о с л о в и ц и т е: Арната стока сама зборува и сама се продаат (6, 86); Арно е човек веднаш ништо да не зборуа дури не бројт десет (3, 40).

зборуање *ср. гл. им.* од з б о р у а. **1**. *говор, говорење;* Слушајќи тоа нешто богатио, од страв што му дојде во темницата и од зборуањето на кăсмето многу беше се исплашил и го остаил алтăно во ќупо (3, 224); Одејќи по пат калвата, чул зборуањето од секоја тревка (3, 74); Во тоа зборуање момчето, старата беше го гледала во лицето со многу дикат (5, 254).

2. *во синонимен спрег со* б р б о р е њ е; Со мојион маж, со мојион што не престануа од зборуање и брборење, на мене кажи ми као да праам (5, 343).

ЗБУЦА СЕ *гл. свр.* овде: *меѓу себе фати(ја) о9е9наш (силно) 9а се буца(ат);* Коа чуја пукотницата и буботницата (маските), та беа се исплашиле и беа се збуцале едни со други (6, 200).

ЗБУЦКА СЕ *гл. свр. 9ем.* од збуца се; овде: *9емину-*

тивноста е загубена; Кравата од момоко и кравата од агата не знам некако како се збуцкале и беше ја отепала кравата од момоко кравата од агата, и таа пцојсала (5, 24).

ЗБУЧИ *гл. свр. почне одеднаш (силно) да бучи;* Та беше збучило (бумбарчето) што да можит и не можит и беше се уплашил прчко, та беше избегал до лисичоа куќа (2, 16); Му влегло бумбарчето во лисичина дупка и беше збучило еднашка што да можит: брааа (2, 16).

'ЗВАИ *гл. свр.* Вид. **извади**; Ние му 'звајме з'до на каурите, на ошто многу таптисуаат (4, 39).

ЗГАСНИ *гл. свр. угаси се;* Ве молам, гости пријатели, ако не сторите еден завмет да стани некој од вас да отцепит некое дрво, за да подвалиме огно, оти ене кај ни згаснал (6, 157).

ЗГǍСТИ (**СЕ**) *гл. свр. згусти (се), згусни (се);* Си ошол (сиромаио кауѓер) кај ехлата, та се качил на неа и се скрил во едни лисје згǎстени, што никој да не можи да го види (4, 260).

ЗГАЗИ *гл. свр. притисне со нозете;* И ти си го згазил луко, пријателе, лели си го остаил за утре (5, 186); Почнало (кучето) да квичи и да се врла над коњо, а отпреди, а одзади, да беше кабил да легни пред коњо, да го згази (5, 9).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Дури не ја згазиш на змијата на опашката, не те клукнуа (3, 179).

ЗГЛАВЈЕ *ср. сè што се става за под глава при лежење;* Верој нè, свети Петре, оти вака ќе се свиеме и камен зглавје ќе си клаиме и така ќе преспиеме (4, 113); Барал измеќарот овде, онде и беше ѝ го нашол под зглавје, кај што беше го клал (5, 248).

ЗГЛОБИ *гл. свр.* **1**. *состави нешто што е разглобено, растурено.*

2. овде: *(до)изгради;* Дошло определеното време, за да се зглоби сарајот, го викнал (чорбаџијата) свети Тома и го

прашал оти не го зглобил (4, 158).

ЗГНАСИ *гл. свр.* **I**. *безл.* м у с е з г н а с и – *почувствува одвратност; му се згади;* Колку се навел богатиот да се напие, му се згнаси и не се напил (2, 231); (на гугучката) ѝ се згнаси многу, тики дури ѝ дошло за блуење и не зела кал (2, 101).

II. **згнасит се** *згади се;* Што да напраела, али леб ќе месела, али манџа ќе зготвела, сѐ ќе имало нешто гнасно... што да видит чоек нешто и да се згнасит од Мариното готвење (6, 41).

ЗГНЕТИ *гл. свр. набие, пикне уште повнатре сѐ поголемо количество;* Утрото ја стреал овците над село и ја згнел во најголемата трева, та ја пасол до пасење (3, 90).

ЗГНЕТУА *гл. несвр.* од згнети; Се виде кауѓерот закачен со коњо во батакот, се вчудовидел... колку опињал да го вади, толку поеќе го згнетуал внатре, чунки тој батак бил многу длабок (4, 260).

ЗГОВОРИ СЕ *гл. свр. договори се;* Откоа беа се зговориле умо и кăсметот, почнале да му работат на момчето, и на часот се изитрило (2, 237); Беа се зговориле да рипаат на меко и беа се наврлиле сите во маглата и беа се истепале (6, 176).

ЗГОДИ *гл. свр.* **I**. *затекне, завари некого (на некое место);* Имај се мукает од планињето, да не ’и згодиш кога ќе се ставуваат и да те стиснат и да те сплескаат (2, 164); *безл.;* На часо ’и пуштил (царо) аскеро од град надвор да ватат еден чоек кој да му се згоди пред очи (6, 73).

II. **згоди се** *најде се (во моментот);* Му се молил сенарот на јагленарот за до неделата наутро да дојдит и тогај четири грошеи ќе му ’и даел, чунки тогај не му се згодиле (5, 20); Повели, пријателе, преноќевај за преноќевање туку леб не ни се згоди да ти даиме, а колку за лежење место имаме (3, 190).

ЗГОИ СЕ *гл. свр.* **а**. *здебели се;* ’И напраил газјето

(воденичарот) и во врато се згојал како некое питачко магаре (2, 102). **б**. *гл. прид.* згоен; Ете за мене кај лежал кăсметот – си рекла треската на умо – у згоенио владика, а не у згоенио воденичар (2, 107).

ЗГОНSA, **ЗГОНЏА** и **ЗГОНЏИ** *гл. свр. викне (да прави нешто); науми; реши;* Поседоа неколку дни татко му и мајка му при сина си и згонџаа за да си одат дома (5, 260); Згонџија (двата) да се делат (6, 59); Коа дојде дотамо приказната, и чул садријазамо, студена пот беше го избило оти ќе му излезит батакчилакот на мегдан, згонsa за да излегуа ѓоа понадвор (3, 136).

ЗГОРА *прил. озгора.* **1**. *на површината од нешто;* Молчи, бре слепче, оти ако ти станам на меана згора ќе те врлам (5, 27); Ти, брате орле, ќе стоиш згора на царските сараи и ќе гледаш со четири очи (2, 206).

2. *уште (и); плус (за количество на нешто);* Ту бре, гиди, дваесет години и згора кај постојам во пустелијава (4, 185); Еднипати, кога да ме тоарат (каменарот), од сто ока згора ми клават (2, 73).

3. з г о р а - з г о р а – *површно, без да влегува во подробности;* Ако сакаш, послушајте ме да ви кажам згора-згора маките што ји видов и, ’и тргав за себапот коа се роди ти (6, 214).

~ Во и з р а з и т е: **на тоа** (**ова**) **згора** – *не беше доволно тоа ами... ;* Другарите од кумењијчето не му веруале и на тоа згора се обложиле за да ја земит (5, 168); На тоа згора, се престраши лиса и влезе во дупката (2, 28); Те молам, бре брате ’рту, на ова згора кажи дали имат прао смоков да ме јади и да ме давит (2, 35); **на маката** (**тија муабети**, **паалот**) **згора** – *со исто значење;* На маката згора така беа кандисале луѓето и го зеле мачоро, та беа го донесле кај одајата што чуале месото (2, 45); На тија муабети згора, како што си пиел дервишот со чибукот тутун, беше му паднал жарот од љулето и беа му се запалиле шалварите (6, 127); На паалот згора ете ’а кума лиса кај си врви покрај чоекот и го видела кај туку тргат со мотика земја (2, 31).

ЗГОРЕШТИ СЕ *гл. свр. стане горешт, згрее се (добро);* Дуам за да си ’и оладам, пријателе – му рекол чоекот – оти ми се згорештија (4, 224).

ЗГОРНИШТЕ *ср. горно алиште;* Ќе присакуам нешто згорниште за чивитот, оти јет поскап од коприната (6, 66).

ЗГОТВИ(Т) *гл. свр.* **I**. **1**. *приготви, стокми некого за пат, свадба и др. или некому нешто за по пат и сл.;* Не остаила време да врвит зависливата маштеа, ама во втората вечер беше ја зготвила ќерка је и беше ја испратила (3, 146); Станал дрварот в зора ’и зготвил добиците и пошол кај што си лежеле децата за да го скорни едното (3, 148); Кога виде тој оти маската со ушите сакат да излезит од шопурка, се уверуа и го зготвил огламникот за да ја наоглаи (4, 226).

2. **а**. *приготви (со варење, печење) јадење, храна, ручек;* Јазăк, мори Марие, на името што го носиш Чиста Марија, кога секоја манџа што ќе ја зготвиш, сѐ ќе има нешто гнасно внатре (6, 41); Му месила (жената на кауѓеро) една пресна погача, му зготвила вечера што му дал Госпо (4, 185); (старава ја земам) да ме закрпи, да ми зготви (6, 12). **б**. *во пасивна употреба;* Син му од царот заповедал да се зготви рибата за ручек да ја јадат (2, 175).

II. **зготви(т) се** *приготви се, стокми се (за да врши нешто);* Работиле што работиле, спечалиле пари, колку што им дал Господ, и се зготвиле да си одат на виљает (3, 32); Откога се зготвиле сватоите, тргнале по невеста и отишле кај невестата (5, 267); Не би час, си дошол мажот од чаршија и се зготвила жената да му кажи што направила (6, 228).

ЗГОТВУВА и **ЗГОТВУА** *гл. несвр.* од зготви. **1**. Вид. зготви 1; Купуал (акчијата) друзи три толкаи риби и му ’и зготвуал на царот (4, 268).

2. Вид. з г о т в и 2; Болестите – да ’и мачат луѓето и да ’и зготвуваат за да умираат (4, 40).

ЗГРАПЧИ *гл. свр. грабне со сета сила;* Се острелушило (мачорчето) да го бара (глувчето) за да го зграпчи (2, 65); Коа виде глушецо оти ќе го зграпчи мачороко, се врли

од греди удолу (2, 66).

ЗГРАЧИ *гл. свр. (за гуска и др. птици) почне одеднаш (силно и често) да грачи;* Зграчиле гуски, братенце мило, "граграгра" по гусако, ништо живо не беше го остаале (2, 7).

ЗГРБИ СЕ *гл. свр. стане грбав, згрбави се;* з г р б е н – *што се згрбавил;* Се наведил (чоеко) со главата наземи, собран како некој гргул (згрбен) (6, 73).

ЗГРЕШИ *гл. свр.* **1**. *направи грев;* Да ми простиш (домаќине) што ќе ти згрешев! (6, 49); Откога згрешил Лото со ќерка си, сеедно го мачела мислата дека згрешил (4, 26); Му легна по траго на ѓаконо – за да го згреши во некој голем грев (ѓаоло) (4, 281).

2. *направи погрешка; погреши;* Веднаш беше се свестило (момчето) и се сетило оти згрешило и беше си кројал еден тертип (2, 241); Ако е вистина, чедо, многу ќе згрешиш ако ја земиш (5, 178); Уу, мори ќерко, ами како згреши така, да му го даиш лошио коњ (6, 228).

ЗГРЕИ *гл. свр.* овде: *стопли;* Откоа виде оти не ја дојде царев син со огон да 'а згреи, се уверила оти треба да ја загинат нешто (3, 61).

ЗГРЕШАВА *гл. несвр. исто што и* грешава, греши; Детето било многу умно и разумно, та никако не му згрешавало на очува си за да најди маана и да го истера (3, 111).

ЗГУТАИ СЕ *гл. свр. стисне се (за да стане уште помал); стутули се;* Летнало пупунчето и застана на еден мев масло и се згутајло како некое мало пупунче (2, 20); Гусако – и тој беше се згутаил зад трнот и тој си заспал, само штркот не спиел (2, 7).

ЗДАВОЛКА *гл. свр.* **I**. *почне одеднаш некого да даволка, да дави;* Едно го видел песот волкот, и му се пуштил по него, та го здаволкал, и трештил волкот, та избегал (2, 24).

II. **здаволка се** *еден со друг;* Вечерта кај тричетири саатот беше се здаволкале пците на сокак, и рипнала невестата од постела, та излегла надвор (6, 107).

ЗДАДИ *гл. свр.* овде: *даде;* з д а н о – *дадено;* Голема радос сторил татко је оти било од Бога здано па да се најде и да се вида(т) (5, 332); Не било од Бога здано јас да бидам жив и здрав за да царуам со неа заедно (3, 210); Поминало некое време и било од Бога здано да умри еленчето (2, 183); Ти си бил брат мој и ја твој, ете како било од Бога здано двата пак да се најдиме (3, 164).

ЗДАН *прид. гл.* (црксл.) во формата од ср. р. з д а н о – *дадено*.

ЗДАНИЕ *ср.* (црксл.) *обично поголема зграда;* Си отишол (чоеко) во царцкио град да бара работа на некое здание да носи песок и камења (3, 265).

ЗДЕБЕЛИ СЕ *гл. свр. во снагата стане поширок отколку што е нормално; згои се;* По повела Божја, пак се здебелило колку што си било понапред, и биле уште поеќе (2, 181); Јас велам да биди живо дури да порасти ореон што му је во бавчана и коа ќе се здебели, да умри (3, 204).

ЗДЕБЕЛУА СЕ *гл. несвр.* **здебелува се** од з д е б е л и с е; Неколку дни така беше го секле (дрвото) и еленчето сѐ го лижело и се здебелуало (2, 181).

ЗДЕЧКА СЕ *гл. свр.* овде: *еден со друг дојде до раствравија;* Се здечкале маж и жена, чунки жената неќела да го дава (5, 90).

ЗДЕЧКУА СЕ *гл. несвр.* **здечкува се** од з д е ч к а с е; овде: *дојде во суд со друг(и);* Многу пати момчето се здечкуало со друзи момчиња (3, 199).

ЗДИВ *м.* овде: *воздухот што излегува од уста при дишењето;* До огниште беше седнал еден гргулав дедо. Беше клал две пењушки и неколку јагленчиња. Туку дуаше со слабио си здив за да го запалит и да се огреит (4, 53).

ЗДИВА *гл. несвр. збива, силно и испрекинато ѕише;* Од пустио страв болвата само здивала и срцето – туп, туп, туп је чинело (2, 105).

ЗДИВИ СЕ *гл. свр.* **1**. *(за животно) стане ѕив; поѕиви;* Квачката бидејќи беше живеала в планина, беше се здивила и одвај беше ја скротила (3, 239); Тоа је сега здивено од пиперката и лесно не ќе се предаа в раце (6, 218).

2. *(за човек) стане како ѕив; разгневи се, разбесни се;* Коа го видела вурнаџиницата детето, дојдено при неа да му сака промена, веднаш беше се здивела и го измаскарила (3, 152).

ЗДИВНИ(Т) *гл. свр.* **здивне** – **1**. *земе зѕив;* Та си седнал (човекот) малку да здивнит, чунки оддалеку идел пеш (2, 77); Ја извикал бабата и ја зел за рака да ја носит; до пол пат се уморила бабата и го помолила да седни малку за да здивни (6, 200).

2. *(ни најмалку ѕа) почине, оѕмори се;* Барем еден ден да ти даи мајсторо да здивниш, не ти дава! (5, 82); Момчето не ја остаало (Дуња Ѓузели) ниту да здивни (3, 162).

ЗДИПЛИ *гл. свр.* (грч. дипла) **I**. *превитка (направи како ѕипли);* Напишуајќи вака писмото, го здиплил како што беше здиплено и го муурлеисал, та му го дал на гемиџијата (5, 216); Се курдисала бабата да јади и јала, јала, дури тричетири изела и му го дала чекрко, здиплен во една кутија (3, 36); Та изваил (Турчинот) од пазуа една книга здиплена (6, 231).

II. **здипли се** *(прен.) склопчи се, стисне се;* Ќе вечерат и пак ќе се здипли да спиет (3, 256).

ЗДОДЕИ МУ СЕ *гл. свр.* **здодее му се** – *(само во 3 л. еѕн. и мн.) му стане ѕоѕевно, ѕосаѕно, ѕосаѕи му се;* Ќе квачиш (жено) дури да му се здодеи на чоека (5, 75); За многу годиње се молил егумено за калуѓерите и дури му се здодеало на Бога и пратил еден ангел да му речи да ’и прати сите кауѓери на фиљан манастир (4, 205); Му се здодеа веќе да живеам, едно од староста и, друго, од болеста (4, 209).

ЗДОЛА *прил. од долната страна;* (спрот.: **згора**); Нà, пикни прсто (побратиме) здола (6, 208).

ЗДРАВ *прид.* **1**. **а**. *што има здравје;* (спрот.: болен); Еден сиромав чоек бил многу благ на зборот, а пак во срцето непара здрав (4, 211); Да му свариш (билки на момчето), да се напие три утриње на гладно срце да го напиеш, од здраво поздраво ќе си биди (3, 51); И ние сме здрави, ами спроти нашите годиње и твојте ние не сме толкуа здрави (5, 112); Здрав болен носит, здрав болен носит (2, 26). **б**. *што уште на прв поглед се гледа дека има здравје;* Чунки ја гледаше жената така здрава паштерка је, во образите подуена како со цевка (3, 144); Арно ама шејтан пуш, што ти велаат, не умре, си оздраве: од као што беше – уште поздрава (5, 265).

2. *во чести споеви со жив, весел, читав;* Ако бидам (синко) жив и здрав, ќе му платам и ќе му наплатам (4, 123); Честита царице, ај да си го даиме девојчето кај му је незе на срце за да ни биди здраво и живо и весело (2, 240); И пак ако сме живи и здрави, со Господ напред и со чесен крс, ќе си дојдиме аџии и ќе си донесиме броеници (2, 19); Поживеал многу здрав и читав царо, со тој тертип, дури му дошол саато да умри (5, 87); Блазе на ќерка ми и мене со ваков зет! – рекол царот, и си останале здрави и весели (3, 115); **здраво и живо** – *поздрав;* Носете му здраво и живо на жабарот, го молиме одземи до небо, каил да се не стори (4, 111); Ајте ми со здравје, браќа, така здраво и живо носете му на жабарот од нас! (4, 111); *во благослови;* Амин, брате, да си ми жив и здрав и ти, да даит Господ да добиеш за секоја шикла и еден алтăн (6, 184); Бидете живи, бре синковци, и здрави, вие работите и, ако седи брат ви, белки со негои кăсмет живеите и вие (3, 311).

3. *(за предмет) (многу) јак; сигурен;* Од сите седела што се праеја од пилците, најарно и најздраво го праела ластојцата (2, 97); Го викнал анџијата (момчето) една вечер и го молил да му најди едно здраво место кај да ’и клаит парите да му стојат (5, 120).

4. *(за апстрактни именки) цврст; силен; сигурен;* На

жена здрава вера да немаш, оти во зорт време можи да те предаи, ја! (5, 55); Ај удри си прсто на оваа плоча што е пред мене за да ни е здрава работата и зборот, за оти одсеа навамо ќе живеиме брацки (4, 17).

~ Со и м е н к и т е: вера (5, 55); жена (4, 54); камен (4, 56), коска (2, 25); место (5, 120; 5, 312; 5, 313); одаја (5, 120); паштерка (3, 144), просјак (5, 47); седело (2, 96), сиромав (5, 47); ќерка (3, 302); штрк (3, 121).

ЗДРАВЕИ *гл. несвр.* **1**. *некого оздравува* **а**. *за човек како поумет;* Друзи велеле и Риста го клеветеле оти носел болни во водата да 'и здравеит кај што имало трите дрвја колнати (4, 25). **б**. *за билка (плод) како поумет;* Чул татко му на царицата оти имало кај царот јаболка што здравееле секакви болести и станале та отишле и се преставиле пред царицата (2, 183).

2. *станува здрав, оздравува;* Секоја година, тоа така се праело: еден оздравуал и блаослов давал, а со стотници не здравеале и колнале дрвјата што биле во калта и водата (4, 25).

ЗДРАВИЦА *ж. зборовите што се кажуваат кога се тие за здравјето на некого;* Господ да ви поможи, ќерко и ти, мило чедо! ...да имате од сѐ што ќе ви посака срце и здравица ви! (4, 152)

ЗДРАВИЦЕ *ср. хип.* од з д р а в ј е; Здравице да ми имаш, пријателе – му одгоорил ѓаолот (чунки ѓаолот препраен на чоек) – јас одам в град (4, 224).

ЗДРАВЈЕ *ср. добра состојба на организмот (на човекот);* Али виде, пријателе, оти богастото не е до толку за валење, отколку здравјето (5, 78); Умри си, умри си, дедо – му велеле – отсега тебе зашто ти је здравје? (4, 59)

~ Во и з р а з и т е: **од ова поубаво здравје** – *ова е најубаво;* А бре, оти не сеиш ти нивјето? Што чекаш? – му велеле селаните. – Од ова време здравје поубао! (4, 121); **здравје** (**само**) – *ништо нема, не бери грижа!;* Здравје, мајче, здравје, ако немаш пари, ти биди ми жива! (3, 36); Ај здравје

де, нема зијан, за прв пат така бидуа! (6, 103)

~ При средба, *за воведување во разговорот:* како си со здравјето; Е, Силјане, како е татко ти Божин со здравјето? – го прашал домаќинот (2, 144); Ние сме сполај Богу, свети Петре – му рекол сиромаиот – со здравјето, туку пуста сиромаштија дошла (4, 108).

~ Во п о з д р а в о т **со здравје**. 1. *при испраќање;* Со здравје, домаќине, со здравје и добар пат Господ да ми ти даит, и пак со здравје да си дојдиш (5, 44); Ај со здравје ој ми си, пријателе – му рекол старио (4, 93); Ај, лели бакшиш ќе ни донесите, ај со здравје да ојте и со здравје да си дојте! (2, 7). 2. *при среќавање (наместо друг поздрав);* Со здравје, кума лисо, со здравје, пак си улојла едно петле живо за да си нараниш дечињата (2, 19); Со здравје, бре момче, му рекла крушата, ако дај Господ, кај си се упатила вака? (3, 186); Со здравје, сестри – му рекол свети Илија – ако даит Господ, каде вака сте се завзеле за да патуате? (3, 200). 3. *при заминување на тој што го упатува поздравот;* Ај сега седи со здравје! – и си отиде Арапо (2, 283); Седете со здравје – му рекло момчето и пошло при цареа ќерка (2, 194).

~ Во б л а г о с л о в и: **дај Боже здравје**: Трај, мажу, трај да најш рај, дните во вреќа не влегоа, да што се стегаш; утре, дај Боже здравје, утре ќе го сноам платното (6, 36); **да даи Госпо здравје**; **здравје нека ни даат Господ**; **здравје да ни даит** (**Господ**) **и живот**; Здравје Госпо да ни даи, да сѐ ќе биди! (5, 78); Така нека нѐ даруа, само му се молам на Бога: здравје да ни даит и живот, да богаство, колку што му је мило, толку нека ни дават (4, 154); Е, ама де, го отепа греот болниот, што умре, нема како да ви се жалам, ама ај здравје нека ни даат Господ! (6, 185); Живот и здравје нека ни даит Господ, душко, што ќе даит на старос, нека даит на младос! (3, 207); **на здравје**; На здравје да ти је причесната – му рекол попо на Еѓуптинот – и на приет за душоспасение дабогда! (6, 171); **со здравје**... ; Али со здравје да си го јадам, бре песи сину, еве за тебе што треба! (6, 97); **подари здравје**; Му се молам на светијата да ми подари здравје (4, 209).

~ Во одговор на благослов: **здравје да имаш**!; Помози Бог, момче му рекол попо – ако даи Госпо, каде вака? – Здравје да имаш, оче – му одгоорил Патенталија – и благословете (3, 90); Со здравје, момче, и добар пат! – Здравје да имаш, момче, му одговорило момчето што патуало – и вам добар пат нека ви биди! (4, 123)

ЗДРАВО и **ЗДРАО** *прил.* **1**. *јако, цврсто, сигурно;* ’И подржал уште некоја вечер и, откоа беше се уверил здрао, беше ’и пуштил (ѓаолите) (4, 232); Чорбаџијата, откоа беше испитал здраво оти свети Тома ништо не праел, ...сторил давија и го клал апс (4, 158); И дека ти кажуаме вака тебе дури како да не ти се ваќа (Силјане) вера, ама откоа ќе ти докажиме здраво, после ќе веруаш (2, 145).

2. **на здраво** – Вид. з д р а в о 1; Ако знаиш (момче) што нишан имат цареа ќерка на здраво, влегуј кај царот и кажи му да му ја земиш барем ти (3, 44); Откога ’и чул тие зборои попот од попадијата, се увери на здраво оти не ет таа (5, 195).

3. **здраво и живо (и здравоживо)** – Вид. **здра(в)оживо**; И беше сторил (ѓаоло) здраво и живо со чоекот (4, 247); Откоа сториле здрао и живо, ја прашала како да го праи седелото (2, 98); Здравоживо сториле и го канил ’рсланот да ноќева (дрварот) во негоата пештера (2, 60).

ЗДРАВОЖИВО, **ЗДРАОЖИВО**, **ЗДРАОЖИО** и **ЗДРАОЈЖИВО** *ср.* **а**. *позрав;* (вие стројници) сега ќе си ојте и здраоживо од мене ќе му носите (на кназо) да стори еден завмет сам тој да дојди (5, 36); Помози Бог, дедо – му рекло момчето – здраожио (2, 253); Ја оди (пријателке) носи му (на мажот ти) здраожио од мене, ако ми го има атăро нека дојде (3, 231); Ај (свети Илија) носи му здраојживо на луѓето; ете те поризав тебе и како ќе посакат, секому на ќеот ќе му давам (4, 148). **б**. **стори (праи) здравоживо (здраоживо)** – *се позрави, се позравува;* Го ватил за рака брата си, та сторил здраоживо и седнал до него (3, 250); Откоа сториле здравоживо (ангело и чоекот), му се оплакал на пријателе

задека не си посеал жито, ами го послушал него (4, 119); Само да се обогатам јас, да ќе видат богатите... од сенката да ми бегаат кој ќе ме стретат, а не до мене да се додрнуат и здраоживо да праат (4, 271).

ЗДРАВУВА СЕ и **ЗДРАВУА СЕ** *гл. свр.* и *несвр. позрави се, позравува се.* **1**. *меѓу себе;* Седнале на еден миндер... и откоа се здравуале, го прашал каскатијата гостино: – Од кај ме знаеше ти мене, бре пријателе? (5, 325); Се ватиле рака за рака и се здравуале за најпосле, та се одделиле (момчето и чоекот) (3, 125); Откоа се здравуале и се муабетисале, го прашал сиромаио старио, заошто се толку чешми и кој јет тој што 'и напраил (2, 119); Откоа се здравуваа, му кажал овчаро сета работа како што му кажа на воло (2, 91).

2. *со друг;* Едно чула таа тие зборои, и веднаш му подала рака да се здравуа (со Петре) (3, 102); Беше му рекол (чакалот на волкот) едно добро утро и се здравуал (2, 40); Отишла девојката кај чешмата и, откоа се здравуала, ја прашале месеците: – Кој месеци сет поарни и кој сет полоши? (3, 146)

ЗДРАОЖИВИ СЕ *гл. свр. позрави се, измени меѓу себе позрав* здравоживо; Одејќи симиџиичето тамо, се здраоживиле и му ја симнало таблата пред Арапо со симидите и го поканило да јади од симидите (3, 38).

ЗДРАОЖИВО *прил. во одговор на прашањето* к а к о с и? – *здраоживо сум, здрав сум и жив, добро сум;* Дал ти Бог добро, момче – му рекол старио – здраоживо сум, а ами ти како си? (2, 253); Добровечер, свети Петре – му рекол сиромаиот – што чиниш, како си? Здраоживо си ми? Како ти е ќеот? (4, 108)

ЗДРВЕН *прид.* **1**. *гл.* од з д р в и (с е); Слушај, сестро, да ти кажам: ќе појдиш кај блатоно онамо јаа и ќе земиш в уста од здрвената тиња што има по крајо (2, 99).

2. *укочен, скочанет, стаписан;* Кога чу тие лоши зборои помалиот брат од двајцата поголеми браќа, остана на

патот како здрвен од страм (3, 33).

ЗДРВИ *гл. свр.* **I**. *парализира, укочи;* Едно момче три самовили го здрвија од појас удолу (2, 132).

II. **здрви се а**. *укочи се, скочани се;* Коа ја видел чоекот така зината (ламјата), се здрвил на местото (2, 219); Видуајќи го децата Арапо, сите беа се здрвиле на местото од страо негов (2, 282); По неколку саати се здрвил (Манго) од студ (6, 111). **б**. *во синонимен спрег со гл.* **скамени се**; Откако беше се здрвило сичко и беше се скаменило, по повела Божја се поопраило времето и се вратила ќерка му од свети Петра дома (4, 113).

здреење *ср. гл. им.* од з д р е и; **зреење**; Во време на здреење, ватило нешто да му ’и збират (на тројцата браќа) од јаболкницата уздреаните јаболка (2, 113); **во здреење на грозјето** – *во времето кога зрее грозјето;* Работил (тргоецот) целото лето и дошло во здреење на грозјето и овошката (4, 60).

ЗДРЕИ *гл. несвр.* **зрее** – *прави да биде нешто зрело;* овде *(прен.)*; Го здреа, го здреа, дури кога видел голем зорт, слегол од коњо и, за таксират, беше и наполнил гаќите (6, 103).

ЗДРЕЛ *прид.* Вид. **зрел**.

ЗДРЕПЧЕ *ср. место* **ждрепче** *дем.* и *хип.* од ж д р е п к а; овде: *во изразот* **тебе ти било паднато здрепчето** – *таква ти била среќата;* Море стој, бре магаре, да те тоарам, оти ќе јадиш вастагарки по газ – му рекло момчето – оти тебе ти било паднато здрепчето да го тргаш овој магарешки канон (3, 283).

ЗДРОБИ *гл. свр. нешто тврдо со удар, стегање и сл. иситни; (при закана)* к о с к и т е ќ е т и ’и з д р о б а м – *ќе те убијам;* Очите ми подбелеа за една корка леб! Стани бре, оти сега коските ќе ти ’и здробам; зар ќе ми бидиш ќопоолу, си ми седнал, како некој дембел! (2, 124)

ЗДРУЖИ *гл. свр.* **I**. *направи да биат едноподруго*

блиски, пријатели; Стори ниет (малата невеста) да ја дели двајцата браќа и после пак да ја здружи (3, 173); Многу зборои поарџи третио пријател за да ’и мири и здружи сите тројца (4, 243).

II. **здружи се** *стане близок* **1**. *меѓу себе; со друг;* Во зимно време си патуал еден праведен и итар чоек. Одејќум по пат, втасал еден чоек и се здружил со него (4, 224); Се здружил (јунакот) со нив и се сториле четириесе и еден брат (3, 103); Се здружиле тројца арамии и тргнале да пленуаат по патиштата (5, 370); Волко и лисицата се здружиле за да лоат лов по планина (2, 64).

ЗДРУВ *м.* во и з р а з о т: **здрув ја истеравме** – *убаво си поминавме;* Еднаш страмо да му је за веко, јадовме, пивме здрув ја истеравме (му рекле сватојте на простио) (6, 77).

ЗДРУЖУА *гл. несвр.* з д р у ж у в а од з д р у ж и. **I**. Вид. здружи I; Многу пати (тоа будалесто момче) го здружуале со некои дрварчиња и го праќале в орман (2, 236).

II. **здружуа се** Вид. **здружи се**; Сега да го најдам (тој што ја отепа ламјата), се здружуам! – му рекол стрелецо (3, 104).

ЗЕЕР *м.* (тур.) *отров, јад;* Да ја натерате (снаа ви) да си го пресечи малио прс и од крвта незина... ќе се отруи зееро мој што је во крвта од сина ти (2, 224).

ЗЕЕРЛИЈА *прид. неизм.* (тур.) *отровен;* овде: *во компаратив*: Ќе се уплаши (чоекот) од мене, при сè што сум позеерлија од тебе (2, 63).

ЗЕИ *гл. свр.* и *чест.* Вид. **земи(т)** – земе.

ЗЕИР *м.* (тур.) Вид. **зеер**; Шетајќи царо низ една планина, видел на една плоча кај блуе една змија зеир од устата (5, 271); Една змија... ја дупи една лубеница и откоа ја дупнала се изблујала во дупката еден зелен зеир (3, 75).

~ Со п р и д а в к а т а **зелен**: Вид. кај горните примери.

ЗЕЛЕН *прид.* **1**. *што ја има бојата на лисјето во*

пролет и лето; Беше му се здодеало на еден Еѓуптин лежејќим под черги на зелената трева (6, 177); (Дуња Ѓузели) го курдисала (момчето) на тие меки столои, сѐ со црвено и зелено кадифе послани (3, 155).

2. *обраснат со растенија;* Јас ќе прошетам малце сега по оваа убаа планина и гора зелена (2, 213); (Сиромашецот) си го најде во една гора зелена старио Госпо (2, 226).

3. *за плодови, овошје; незрел;* Не можела мајка ми да ме роди мене и је дошло на сон да изеи една зелена слива за да роди (2, 284); Ако се најадат децата со крастаица зелена и лубеница, ќе умрат бездруго (5, 42); (Баба ми) зеде еден орев зелен, го столчи со теслата... и му кладе на раната од петелот (5, 68).

4. *(прен.) многу млад, неопитен;* Вид. млад и зелен – *неопитен, незрел;* Оф, бре момче, што те жалам дека ќе загиниш младо и зелено (2, 195); Останала жената му уште млада и зелена вдојца (3, 274).

5. *како им. од ср. р.* з е л е н о – *зелена боја;* Беше го натерал (мајсторот) Риста да столчи бои според пределата што се сакало: кое алео, кое ѓовезно, кое црвено, кое модро, кое зелено и кое црно (4, 107).

~ Со и м е н к и т е: **вдојца** (3, 274), **венец** (4, 50), **вода** (4, 73); **гора** (2, 226; 2, 213); **зеир** (3, 75); **јад** (4, 73); **кадифе** (4, 118; 3, 155), **крастајца** (5, 41; 5, 42), **крастаица** (5, 42); **орев** (5, 68); **поле** (3, 97); **слива** (2, 284; 2, 295); **трава** (6, 150); **трева** (4, 75; 5, 213; 6, 177).

ЗЕЛЕНИЛО -а *ср. (обично во мн.) зелено овошје, зелени плодови;* Ене кај јадат (децата) на гладно срце пак зеленила (5, 42).

ЗЕЛЈЕ *ср.* **1**. *спанаќ.*

2. *пера од праз;* Ако немат грав, калва, купи зелје. – Ами ако нема зелје, мајсторе, да купуам таналва? (5, 167); Усучила (жената) долната кора и го клала зелјето (6, 41).

ЗЕЛКА -и *ж. бот.* **1**. *градинарската култура* Braccica oleracea.

2. овде: *ѓлавица од таа ѓрадинарска култура;* Пратил царо и му донесле една зелка расол (5, 270); Е, оти, оче егумене, не ’и отркали сите зелки да појдат на едно место? (4, 208)

ЗЕЛНИК *м. пита со зеље, обично спанаќ;* Ах, бре чедо, да имав троа брашно и мас (масло) – му рекла – тики да направев еден зелник со едни витки големи (6, 7); Напраила ручек сирота невеста и си го успала Милошчето та му го однесла кај мостот на мажите, му го дала зелникот на аргатите (5, 12); Комшиите ќе седнат да ручаат, тамам навреме и стопано ручек му носи, кој зелник, кој друга манџа (4, 144).

~ Со п р и д а в к а т а **посен**: Секи ден работа имам: во понеделник си месам посен зелник, торник пототолник (6, 7).

ЗЕМА *ѓл. несвр.* од з е м и (т). **I**. **1**. Вид. земи(т) 1. а; Да знаите оти камен ќе земат (децата) за да врлаат на нас (2, 75); Оит (сиромашецот), си зема стапченцето; ќе си го бара Госпо (2, 226); Дури да слезат орлите да си земаат камење наземи, му се пуштија sвероите од четири страни на царската војска (2, 209).

2. Вид. з е м и (т) 3. а; Еден млад кназ... од кајгоде неќел да зема девојче (5, 35); Јас сум себепо што ’и надупуам момчињата да не ја земаат (девојката), чунки станува наутро доцна (2, 234); Не оти таа го зема (полјачето) од бес, ами од ал го земат (3, 200).

3. *купува;* Се сврте кај муштеријте што земаа месо да му вели еќимо и да му се вали оти тој му го оздравел прсто на касапо (5, 14).

4. **а**. Вид. з е м и (т) 7; **б**. *присвојува;* За лубеницата кога му рекол старио да скини, тоа рекло оти греота било туѓо да зема (5, 352); Ти оит надвор, наоѓа, наоѓа едно добиче, му го зема самаро, си го клава на грб (6, 174).

5. *прима;* Ами вие зар не знаите, бре селани – му рекол – оти попо ет блаосоен од владиката, сѐ да зема, а не да дават (6, 165).

6. з е м а к л е т в а – *се заколнува*; Али земаш клетва? – Земам, ами оти да не земам коа сум на правина (6, 80); урнек земале – *тие им служеле како пример;* Тие двајца браќа толку се милуале што немало во многу градои. Сите му се чудиле и урнек земале од нивната милост (3, 172).

II. **се зема** овде: о ч и т е м у с е з е м а а т – *ослепува*; Очите му се земаат на чоека ако гледа повеќе (4, 76).

~ Во и з р а з и т е: **да ми земаш душата** – *да ме умираш;* Мене најде (бре нунко) да ме умриш и да ми земаш душата? (4, 88); **зборот назад не го земам** – *не се откажувам;* Слушај, синко – му рекол Господ – јас ти кажав оти зборо назад не го земам! (4, 85); Коа ќе речиш некој збор – да бил арен, да бил лош – назад да не си го земаш, никому од патот не истај се (4, 242); **ми го земаш зборо** – *ме слушаш;* Сакам (Господи) ова добро да ми го сториш оти му се таксав на сиромаиот за да те одмолам за оваа работа да ми поминит сега, за да не речит сиромаиот оти ти не ме слушаш и не ми го земаш зборот мене (4, 109); **на душа нѐ земаш** – *ти ќе одговараш за нас;* **'а земаш на душа** – *одговараш за неа;* Е, лели си ја видел месечината, чорбаџи, и на душа нѐ земаш – му рекле Турците – бујрум кај кадијата да појдиме (6, 80); Ко не си бил вреден за жена да раниш и да је купиш сѐ што ти треба, не требало туѓата челад да 'а земаш на душа (6, 14); **нити пет пари црвени не му земаше** – *сѐ бесплатно им даваше;* Патници луѓе што ќе паднеа на ано, јадење, пиење за нив и за коњите, нити пет пари црвени не му земаше (3, 293); **таа зема**, **таа дава** – *таа располага со сѐ;* Во куќава твоја маж је мајка ти, таа зема, таа дава, ти само си седиш и сеир си гледаш (2, 211).

земање *ср. гл. им.* од з е м а. **1**. Вид. **зема**; Многу вечери беше му носеле на чорбаџијата измеќарите пари, од кај што имал за земање и му 'и даале (3, 316); Вурнаџијата бил многу борчлија и со земањето лирите, ќе се поткрепел, та затоа многу се радуал (3, 152).

2. е д н о з е м а њ е г р о з ј е т о – *штом го зела грозјето;* Едно земање грозјето Дуња Ѓузели, и се вратила в сарај

со грозјето за да позоба од него (3, 161); земање стомната – *штом ја зела стомната; земајќи ја стомната;* Земање стомната Чекор Планина, и тука беше пречекорил со едната нога (3, 108).

~ Во изразот **земање и даање** – **а**. *сметки меѓу двајца*. **б**. *односи воопшто;* За ошто ме бараш, бре пријателе – му рекол – што имаш нешто земање и даање ти со мене, да да ме бараш? (5, 182); Сопрво јас сакам да ви кажам оти имам за земање и за давање од луѓето, на душа ви остаам, синковци (5, 58).

ЗЕМАЧ *м. тој што зема;* Чунки попоите сет земачи, а не сет даачи, да од тоа коа ќе му велат „дај, попе“ – не ти даат, а коа ќе велиш „нà“ – ќе ти дава рака, ама празна! (6, 171)

ЗЕМБЕРЕК *м.* (тур.) *пружина, спирала;* Сонцето е зембереко што ’и врти сите sвезди, планети и да праи ден и ноќ (4, 191).

ЗЕМЕН -мна *прид.* овде: *што се однесува на земјата како место за живот и работа на луѓето;* Откоа си ја свршил ангелот земната работа, се качил на небеси и му се преставил пред Бога (4, 212); Дојдоа двајца дервиши и си го кренаа дренкокош, та си го турија во една земна одаја (6, 25).

ЗЕМЕНА *прид.* (Вид. з е м и 3) *мажена;* Имало една невеста брго земена (5, 203).

ЗЕМИ *адвербијализирана стара падежна форма* од земја; **до земи** (**доземи**) – *до земја;* Дошло момчето кај царот и коа чуло тој збор, му се поклонило до земи (2, 240); од земи (одземи) – *од земја;* Јас сум честити царе – му рекол пијаниот – туку те молам од земи до небо да ми простиш за грешката што ја сторив (6, 87); Што зеде одземи, момче – го прашало коњчето – што најде? (2, 258); на дно земи *(на дно земја);* Од свирењето на змиите, што е живо во планина беше се исплашило и на дно земи беше се искрило (2, 266).

ЗЕМИ(**Т**) и **ЗЕИ** *гл. свр.* **земе** – **I**. **1**. **а**. *фати со раце;*

Зел (богатио) терезиите и ’и клал од едната страна чевлите, а од другата страна еден зобник пари (4, 106); Земи ја, синко, секирана и расцепи ми ја глаата (2, 62); Го зела за рака и го однесла кај сестра ѝ, му кажала сите зборои што ’и сториле (2, 117); Ја извикал бабата и ја зел за рака да ја носит (6, 200). **б**. *во пасивна употреба;* Дури стојал крсто во азното, азното је се множело, а откога се зел крсто од азното, сѐ за назад одело (4, 30).

2. **а**. *прими пари;* Не требаше (пријателе) да му велиш така (на чоеко), оти од нас пари што да земит чоек не сет за алал, ами за аирсăз, за опаку и назад да одат работите (4, 231); Е, лели е така – му рекол еќимо – и за штркот ќе ти земам илјада грошеи да ти го излекуам (3, 121). **б**. *во пасивна употреба;* Се јавиле две сабји, што не остаале да се зема(т) парите (7, 73).

3. **а**. *ожени;* Јас ја ќерка му ќе ја земам (на св. Петре) за невеста ја ќе умрам! (4, 112); Мајко, јас ќе се женам, ама сакам да земам девојка што око чоечко не видело (3, 40). **б**. *омажи;* Ако го најдела (момчето царската ќерка), ќе го загубела, а пак ако не го најдела, ќе го земела за маж (2, 193).

4. *ангажира за некаква работа, должност;* Со усул го скорнале (арамиите лажливио јунак) од кај што спиел и го зеле за капидан да му бидит. Асли и тој тоа бараше. (2, 110

5. *поведе;* Аман оче дуовниче, те молам, земи ме и мене со тебе на аџилак за да се сторам и јас еден аџија (2, 139); Нека земит (бре браќа жабарот) од кај што имат поеќе девојчиња (4, 111).

6. *однесе;* Разгледало детето насекаде да не го види некој и се прибрало до патот, та го потурнал во реката и го зела матицата (6, 163).

7. *грабне, заплени, одземе;* Толку ми беше маката мене, колку да избијам ќерки ти и да ти земам стоката и да ти ја отмам оваа убава девојка (2, 262); Што имаше скапи работи, сите му ’и зедоа; му ја зедоа и негоата сабја (2, 287).

8. *заземе, освои;* Го сечев (честити царе) другио цар што сакаше да ти ја земи земјата (2, 294); (Цар Костадин) бе-

ше се уплашил да не му влезат некој друзи цареи со војска и да му го земат Стамбол (4, 37).

9. *прими, добие (вест, писмо и др.);* Едно зел садријазамо тој абер од царо и заповедал на скеро да го однесат (момчето) на вешало (3, 126); Откоа зедоа аберо царцки големците од животинките, тргнале сите и дошле кај царот (2, 81); Сета надеж ја имаа (арамиите) за капиданот да је излезит пред неа и тој да ја отепа (ламјата) и тие покрај него чес да земат и при царот да останат да живеат (2, 110-111).

10. *изврши глаголско дејство според значењето на именката:* **зел дел** – *учествувал;* Силјан на бојот никако не зел дел (2, 155); **клетва зеде** – *се заколна;* А бре чорбаџи, ти клетва зеде, ами ако лажиш, знаиш оти ќе ти удрам дваесе стапои по нозе? (6, 80); **да земам кует** – *да се потврдам (физички);* Лели сакаш, момче, а сега ти мене јако да ме раниш да земам кует и јас ќе те однесам дури дома (2, 284); **ја зела милоста со некого** – *се вљубила во некого;* Си се научила цареа ќерка од дома уште поарно, чунки си ја зела милоста со момчето (2, 207); **му ја зела мислата** – *разбрал што мисли;* Откоа му ја зел мислата царот од мезличо, му рекол: – Арно мунасип вие најдовте, мезличалаари, за жените да бидат на царцки маслаат, како што сте и вие (5, 6); **земи молитва** – *помоли се;* Коа се родил Ристос, го однесла мајка му црква, на четириесетте дни, да си земи молитва и едно го виде цар Симеон, дув Божји му влезе во срцето (4, 42); **зел причесна** – *се причестил;* Зел причесна (Зосија) и тргнал да оди кај Марија (4, 195); **проштење зедов** – *се простив;* Ами лели ви кажав јас, бре браќа, оти Ристос се роди и на раце јас го пречекав и го видов и проштење зедов, оти бев се зарекол да не умрам дури да не го видам (4, 43); **страв зедоа** – *се уплашија;* Коа чуја граѓаните оти тој сиромав го предал, голем страв зедоа од него (од пашата) (4, 272); **од нив ќе земиш урнек** – *тие ќе ти послужат како пример;* Треба (синко) јако да прашаш: кој ѝ је татко, мајка, баба, дедо, стрико, вујко и од нив ќе земиш урнек каква е чупата (2, 221).

11. *во служба на честица за потсилување на глагол-*

скоѿо ѳејсѿво; При сѐ што не му ваќало умо на луѓето за ќелешо да бил при цареа ќерка, па го зеле и го однесле кај царо, та го натерале да помини пред цареа ќерка (2, 267); Верна бидејќи жената му од кесеџијата, откоа го закопала, зела та раздала сета стока што имала по сиромаси, за задушата на мажа ја (3, 46); Пролет бидејќи, побарале богатите аргати на пјаца да земат за да одгрибуаат лозјата, не нашле ни еден аргатин (4, 138).

12. *ѿочне;* Коа земам да перам, па маана ќе ми наоѓа (мажот ми) оти перам во торник, али во петок (5, 343).

II. **земи(т) се 1**. *сам себеси се земе;* на душа се зедов – *сам сум си крив;* Ов леле, јас сиромав – свикал чоек жалоито – што ал ме најде овде во пустелијава, ќе си загинам и Бога не го најдов! Леле, јас сиромав, што сам себе на душа се зедов! (4, 78)

2. *(заемно, во мн.) сѿаѿаѿ во брак;* Си прогоориле царцкио син и царцката ќерка за да се земат (2, 288); Како ти што имаш (момче) голем мерак на мене, така и јас на тебе, чунки така ни е наречено да се земиме двата (3, 86).

3. **очите му се зеле (зедоа)** – *ослеѿел;* Веднаш беше болснало светлината од ѕвездата во очите на друзите деца што го видоа, очите беа му се зеле од ѕвездата (3, 139); Очите му се зедоа (на момчето) од светлината на незината убаина (на Дуња Ѓузели) (3, 87).

~ Во и з р а з и т е: **’и зедов на душа**; **’и земаш на душа** – *ѿи носам на совесѿ; ѿи носиш на совесѿ;* Леле јас сирота – си велела (лиса) со полојна глас – ’и зедов луѓево на душа со овај пален петел. Ќешки него да не бев го зела, да не изгиневме ние тројца (2, 8); Да вака тебе не ти прилега да лажиш светот, да ’и земаш на душа за да јадам ќотек (5, 198); **го зедов на душа** – *јас сум виновен за него;* Бре, што го зедов на душа кучето што ми покажуаше со ишарет задека ми загинала торбата со пари (5, 10); **го зедов под рака** – *јас се ѿрижам за него;* (овчарчето) стои како зашутено; чунки го зедов под рака, треба да не го загубам (3, 221); **Господ даде**, **Господ зеде** – *ѿаква била суѳбинаѿа;* Ами едното (дете),

Спасе, умре. – Господ даде, Господ зеде (4, 251); **да не му земи душата**; **душата да не ми ’а земите** – *ѓа не ја умри; ѓа не ме умрите;* Стои ангело и се дума како да праи. Си вели со умо: да не му земи душата на пргаата и здраата жена, али на стариот (4, 54); Ах, Боженце, и ти златна Богородјце! Ви се молам, душата да не ми ’а земите (2, 150); **да си земам (земи) акот** – *ѓа ми излезе мака̄та;* Марие, ќе те колам, ќе ти земам десната рака да ја однесам на маштеа ти да си земам акот (5, 318); Маштеа ми ме продаде на еден пампурџија и пампурџијата ми ја пресече раката за да си земи акот од неа (5, 321); **да си земи збогом** – *ѓа се про̄сти, ѓа се по̄зѓрави (при заминување);* Си легнаа да спијат и уште во зора станала вдојцата да го скорни старио и да си земи збогом оти ќе си одела на работа (4, 157); **да си земе капата в раце** – *по̄скоро ѓа гле̄ѓа ѓа избега̄;* И толкуа мака што му идеше (на мажот ѝ), што да си земе капата в раце и да бега докрај земја, та така да куртулиса од (жената) (2, 211); **да си земите зборо назад** – *ѓа о̄ткаже̄те;* Ако не му даате (дедо, едно дете на стариов), страмота је за вас да си земите зборо назад (2, 273); **да си зеиме очите в раце**; **си зело очите в раце**; **си зеде очите в раце**; **си зедоа очите в раце** – *по̄скоро ѓа гле̄ѓаме ѓа избега̄ме; избега̄ло, избега̄аа без тра̄га; заминаа не гле̄ѓајќи ка̄ѓе;* Да си зеиме очите в раце и кај ни очи, тамо ни глаа (3, 150); Си зело (момчето) очите в раце и нога за нога си отишло на одаја (3, 156); Си зеде сиротата невеста очите в раце и си тргна да патуат прекутрупа (5, 248); Коа чуја тие зборои царцките луѓе, си зедоа очите в раце и си отидоа кај царо (3, 48); **дале**, **зеле зборои (зборој) со некого** – *разго̄варале;* Дале, зеле зборои со мајка му и стројничицата за свршуачката и, откоа дошле до зближуање, ја остаиле работата за утрото (6, 27); Дале, зеле зборој св. Илија со царо и ја донесле работата: за три дни цар да биди св. Илија (4, 145); **зборот назад да си го земам** – *ѓа о̄ткажам;* Јас не можам зборот назад да си го земам (4, 264); **зеде изим** – *ѓобие ѓозвола*; Зеде изим (измеќаро) за да излези пред (царо) (4, 145); Откоа го зеде изимот, отрча дома и ја зеде ќерка му од царот (3, 58); **ја зел работата**

в раце – *се осамостоил;* Син му веќе си ја зел работата в раце и од ден на ден се напредуаше (5, 233); **му го зеде умот** – *го помери;* Боже, Боженце, сполај ти тебе! Да што му го зеде на мојо домаќин умот! (5, 314); **му зел збор од устата** – *извлекол од неа ветување;* Море, ти ми немаш борч – му рекло детето – бре Зерзевуле, туку ти си пуштил кај мајка ми еден од твојте измеќари и му зел збор од устата незина за мене да ме земит кога ќе сторам дванаесет години (4, 265); **му зел зборо** – *добил одговор;* Спроти адето рисјанцки, беше 'и прашал попо дали се сакаат и, откоа му зел зборо оти се сакаат, му рекол на старио (6, 12); **му ја зел душата** – *го умре*; Поминале многу годиње и дошол ангел Божи за да му земат душата. (4, 64); **му се зел зрако од очите –** *ослепел;* Едно влегуање во вратата... веднаш болснала (девојката) како некое силно сонце во очите од момчето и му се зел зрако од очите (5, 134); **ни земи**, **ни остај** – *токму таква;* Да знаиш, света владико, што пуста брада имаше, асли како твојата, голема и црвена му беше; ни земи, ни остај, ај веќе како глаата да си му ја пресекол на јарецот (6, 174); **страмо да ви земам** – *вас да ве отсрамам;* Јас ако не бев стар, свети оци – му велел – бездруго ќе се оженев за вам страмо да ви го земев, ама никако да му праам на староста што ја имам (4, 258); **ќе те земев на душа** – *ќе бев виновен за тебе;*Оф, мори жено! Оф мори душко! Што ќе те земев на душа, ќе те отепав! (6, 49)

~ Во к л е т в и: Ако ви се качам (бре деца), црнио ѓаол ќе ве земе; знаете, али не знаите? (4, 278); Мори лисо, немој да ме излажиш, како два брава што ме излагаа и ме буцнаа со рогоите, оти после црниот ѓаол ќе те земит (2, 25); А, бре прчко, да би ѓаол те зел, да би – му рекол дедо (2, 15).

ЗЕМЈА *ж.* **1**. *планетата Земја;* Ако ме слушате мене што ќе ви велам, цареи ќе бидете на земјава (4, 14); Немајте гајле, лели ве донесе кăсмето на земјата (4, 16); На ошто да се качам да ја поминам Земјава околу наоколу за дваесет и четири саати? (5, 100); Си имаш прао, брату смоку, да го јадиш (овчарко) и да го удаиш – му рекол 'ртот – чунки сите луѓе што сет на земјава, сите исав немаат за имањето да го

пожалаат (2, 35).

2. *суша* (наспрема вода); Ах, проклети чоече, што си толку итар и мудар, да ваќаш сите животинки што сет на земјава и во морето (2, 32); Откоа свршил Господ Бог небото и земјата, создал и десет чинои ангели (4, 7).

3. *почва;* Потребало земја да носи некој од стопаните, брго тоарете го магарето (2, 70); Откоа беше ’и тоарил парите, беше се отпустил брегот и беше го притиснала земјата (6, 71); Едно дрво што е во земјата насадено има корење и гранки со лисје (4, 191); Го блаосои (Госпо Адама) со пот на лицето да се рани, ама да ја работи земјата (4, 19).

4. *површина по која се движат луѓето, на која стојат;* Беше замрзнала земјата (4, 112); Гледајќи еден чоек многу кривиње по луѓето на земјата, многу му било мака оти Госпо нѐ трпи и не нѐ потепа (5, 37).

5. *полски имот;* У, бре брате, што вака ми мирисаш земјоина и мувлоина? – Земја сум работил, златна сестро, затоа мирисам мувлоина (2, 191); Со писмото го канел (царо) другио цар: или да му дајт едно парче земја на некој друг крај, или да излезит со војска да се обидат (5, 209).

6. *крај, држава;* Била прочуена (цареа ќерка) по цела земја (5, 52); Не те остаам оти јас ја повелам земјава, да затоа не те остаам (4, 12); Во некоја земја имало еден арслан за цар да му биди (2, 45); Излегол некој умен цар да прошета по земјата негоа (5, 111).

~ Во и з р а з о т: **свет и земја фати** – *оди кај сакаш;* Дарои и марои, свет и земја фати ако сакаш, ама домаќин да бидиш и куќата да ја гледаш, оти инаку за бргу време нема да ме има при тебе (4, 82).

~ Со п р и д а в к и т е: **бела**: Отишла (жената) кај брего од белата земја да си накопа (3, 317); **Влашка**: Си ошол (овчарко) на туѓина во Влашка земја (5, 307); **глуа**: Уу, ќерко, ќерко, што зборуаш така? Да е глуа земја! (6, 46); **горна**: (ќелешо) сакал да си оит на горна земја (2, 116); **далечна**: Не можеше (син му од царо) да се изнајаа по облаци и по далечни земји (3, 60); **долна**: Си стана (сонцето) да си патуа под долна

земја (2, 132); **јака**: Бидејќи стар (Зосија) и земјата јака, не можел (4, 196); **пуста**: Дали (мајче и татче) ќе видите некој сон оти јас сум во една пуста земја кај што петел не пеит! (2, 141); **туѓа**: Зер вака било здано, момче, од Бога да скитам по туѓата земја дури да умрам? (5, 334); Не е чаре назад да се вратам, по туѓите земји коски ќе остаам (5, 188); **цареа**: Зеде пари (царев син) колку што сакаше и тргна по цареа земја да бендиса некоја девојка (2, 171); **царска**: Издал (царо) заповед по сета царска земја (2, 134); **цела**: Е за ошто си ја барал таа девојка, бре чоече, по целата земја? (3, 62); **чудна**: Чудна земја ќе бидит оваа... зер долна земја ќе бидит оваа! (2, 141); **штркоа**: И преѓе ви кажав и сега ви кажуам оти штрк бев и во штркоа земја бев (2, 158).

ЗЕМЈОИНА *ж. миризба на земја;* У, бре брате, што вака ми мирисаш земјоина и мувлоина? (2, 191)

ЗЕМЊА *ж.* Вид. **земја**; Кога одел свети Илија по земњава, му дошол пато за да помини преку стара планина (3, 200); Бре аман, нунко – му вели кумо – доовде би кумстото наше? ...Зер се скратија луѓето по земњава, да што мене ќе ме умриш? (4, 88); Еден сиромав чоек стана еднаш да оит по земњава да го барат (Господ) (4, 77).

~ Во изразот **зинала земња** – *се отворила, се создала голема дупка во земјата;* Една ноќ зинала земња и го голтнала дуќано (4, 61).

ЗЕР *чест. зар, зарем.* **1**. *прашална;* Ах, мила моја, зер ти си умрела што те изваиле на кадро? (3, 63); Море, каде е крив оџакот, бре братко – му рекол чоекот – зер така ти се гледа тебе? (5, 106); Што така, пријателе – му рече ѓаолот – си гол? Зер твои сет овие алишта? (4, 222)

2. *во модална употреба:* **можеби**; Ај, аџи гусаче, ај тргај по мене, оти си имал кăсмет да се спасиш, не аџет ти било наречено зер од трекѓата вечер (2, 7); Бре, анасăнă, оваа девојка зер била самовила, па јас сакав да ја сакам за невеста, арно е човек веднаш ништо да не зборуа (3, 40); Дели Петро, кога бил во детинство, посадил една семка од крастаица, и му ник-

нала една ластунка, зер дека му се погодило времето (6, 179)

Во и з р а з и т е: **зер јас немам душа** – *зарем јас не сум човек;* Зер јас немам душа, како што имат гуската, за да си ја наранам (бре стопане)? (2, 53); **зер не ти е душата раат** – *зарем не си спокоен, зарем не се задоволи, зарем малку ти беше;* Ах проклета змијо – беше је рекла (невестата) – дали ти беше што го клукна моето момче? Зер не ти е душата раат што дојде за уште еднаш да го клукниш? Ја постој и јас тебе да ти ја столчам глаата, да видиш како боли (3, 178);

ЗЕРЕ *сврзн.* (тур.) *зашто;* Алла, Алла, што беше биле тие свињи – рекол – гаѓачи: и орасите 'и погодија. Извадете 'и од чекмеџето, зере аќикат ораси се! (5, 156); Да не се канеш (Алија) со билла, зере од билла камено пука! (6, 135)

ЗЕРЗЕВУЛ *м. според религиозното верување: име на главниот ѓавол (во пеколот);* Кога му слушал Зерзевул жалбите на ѓаолите, голема мака му падна и веднаш 'и собра пред него сите (4, 220); Појдоа до вечна и тамо праша за какви луѓе има. Зерзевулот му кажал оти во вечната мака имало од сите јазици (4, 48); Тамо ќе го видиш големио ѓаол (Зерзевуло), кај седит на еден стол голем со една патерица (4, 264).

ЗЕРЗЕСКИ *прид. што се однесува на с. Зрзе (Прилепско);* Зрзески манастир; Пиши, граматиче: две илјади алтăни на големата црква... на Зерзески манастир 750, на попоите што ќе ме пеат по 100 (5, 138139). (Изгледа е печатна грешка)

ЗЕТ -еи, -ои *м.* **1**. *мажот од ќерката или од сестрата;* Седи ти, невесто, д' излезам да видам зетеите и сестрите што џумбус тераат (3, 177); Сопрво почнал царев син со книги да се спријателуа со царев зет (3, 113); Откоа ислуша тие зборои сонцето од момчето, се зачудило и си рекло со умо оти зет ќе му биди (2, 173).

2. *младоженец;* Имало една невеста и еден зет, се венчале и по венчанијата зето умрел (4, 127); Арно ама коа појдов зет, на испраќање, дедо ми и баба ми ме молија да ја и-

мам под рака невестата ми (5, 268); Таа погача и карта (вино) беше биле од еден селанец што ќе одел во едно друго село за да биди нунко, да венчат зет со невеста (2, 49).

ЗЕТОВ *прид. присвојна што е од (на) зет(от);* во пословицата: Зетоо погледиште – врбоо огреиште (6, 230).

ЗЕТОСКИ *прид. што се однесува на* зет; Дај ми ја, брате, зетоската руба твоја за да се облечам јас и вечер да лежам при невестата (3, 189).

ЗИЈАН *м.* (тур.) **1**. *штета;* Треба (момче) да си отвориш очите двете четири, немој да ми сториш некој зијан, оти аир не ќе видиш (6, 191); Ај здравје де, нема зијан, за прв пат така бидуа! (6, 103); Лелех, лелех, море дете, што пакос ти ми стори, тув гиди што зијан ми стори! (4, 107)

2. *загуба;* Еве ти го (пријателе) грошо што го пушти ти, еве ми го и мојот, тики коа гледаш – ни ќар, ни зијан, кој дал – дал, кој јал – јал, да овој ќар нам не ни излезе за аирлија (6, 182).

~ Во и з р а з о т: **ни ќар**, **ни зијан** – *ни спечалил (добил), ни изгубил;* Вид. з и ј а н 2.

ЗИЈАНИ *гл. свр.* и *несвр.* (тур.) (Вид. **зијан**) **1**. *(за)губи во игра;* Врлија неколку книги наплаз (наземи), зедоа, дадоа, и ватија да зијанат ѓаолите (4, 68); Е, ај така нека ви биди, ама не верувам да спечалите, ами ќе зијаните, за уште еднаш ум да берите коа ваќате една работа (5, 186).

2. *(пре)трпи штета;* Од ден на ден, и од година на година, сѐ назадуал (помалио брат) и осиромашуал, ама какво и да вател, сѐ ќе зијанел: стребро и злато ќе вател, камен и дрво ќе му се сторело! (3, 269)

3. *оштети некого;* Не можејќи калвата да го продаи (кравајчето), си го поручал, да не јади друг леб и да го зијани мајсторо (3, 74).

ЗИЈАФЕТ *м.* (тур.) *ручек или вечера за повеќемина гости; гозба;* По три години (таткото) ’и повика сите кралеи, ќе праи зијафет (5, 319); Напраија еден зијафет и си тргнаа

(браќата) да ја дошетаат цареа земја (3, 103).

ЗИМА *ж.* **1**. **а**. *најстуденото годишно време;* Од тој ден си зафатило времето да си има: зима, пролето, лето и есен (4, 117); Поминало зимата и дошла пролет, арно ама тие си седеле во колибата (2, 204); Паднал (свети Петар) на коленици да му се молит на Бога, за да му даит на сиромасите време топло: сѐ лето да бидит, ич зима да немат (4, 109). **б**. **зимата** – *(во) таа зима;* Се здружиле тројца арамии... секого пленуеле и до една пара му ’и земале, само и само пари да спечалат и да си одат зимата дома (5, 370).

2. *голем студ во зимно време;* Лозјето било многу изгазено од зимата и беше засушено од неврнење (2, 78).

~ Со придавките: **лоша**: По заповед Божа било една лоша зима и изземнал сио бериќет по сета земја (3, 247); Една година беше паднало една лоша зима (6, 110); **пуста**: Од пустата зима ќе си умрам од глади (2, 201); **тешка**: За честа и доброто што ни ја направи момчево во таа тешка зима нам, треба и ние да му ја вратиме вудве (2, 205).

ЗИМА(**Т**) *гл. несвр.* од земе; Вид. **зема**. **1**. *пари и др.;* Колку пари што посакало момчето, толку му дала, чунки у неа пари Туна и Сава имала; едни пари зимала да ’а гледаат, а пак друзи од уста ноќе е извираат (3, 161).

2. *завладува, зазема (туѓа земја);* Го победија тој цар што сакаше да му ја зимат земјата (2, 292).

ЗИМБИЛ и **ЗИМБИЉ** *м.* (тур.) *вид плетена торба со две рачки;* Во истото време ете го еден оџа кај врви со еден зимбил в рака полн со зајре за дома (6, 186); Во некој град имало кај суднико обесен во одајата еден зимбил од мајсторите што си носат алатите. Во зимбиљо имало сите мајсторски алати (5, 34).

~ Со придавката **мајсторски**: Ај заколни се (чорбаџи), речи: зимбиљон мајсторски, што е обесен... да даит Господ в куќа да ми влезит (5, 35).

ЗИМЕ *прил. во зимно време;* (полето) сето било пораснато со трње и глоѓе и со една магла покриено, како во

зиме коа да има магла со сињак (4, 74); Петко лајчаро во лете работеше в планина и праеше лајци, а во зиме ’и продааше и си живееше (2, 252).

ЗИМЕН -мна *прид. што е во врска со зимата;* Во зимно време си патуал еден праведен и итар чоек (4, 224).

ЗИМО *ср.* Вид. **зима**; (сите Еѓупци) појдоа кај царот за да сакаат две лета и едно зимо (6, 110).

ЗИМОИШТЕ *ср. приготвени прехрамбени производи во куќата за преку зимата; зимница;* Нà ти тебе, кртуле, мртуле, пченица едно кутле – толку доста ти е за цело зимоиште (2, 11).

~ Со п р и д а в к а т а **цело**: Вид. го горниот пример.

ЗИМСКИ *прид. што е во врска со зимата; зимен;* Во зимско време беше му текнало на Габергага за маштеница (6, 111).

~ Со и м е н к а т а: **време**; Вид. го горниот пример.

ЗИМУА *гл. несвр.* **зимува** – *живее некаде зимно време;* Мажот је бил овчар и се зготвил да одит со овците на кăшла за да зимуа (3, 187).

ЗИНИ *гл. несвр. (широко) отвори уста.* **1**. **а**. *со намерна реченица;* Зини (овчарче) да ти плукнам под јазик (3, 69); Стоејќи до дрвата довтаса една змија и ми рече да зинам за да ја скријам (2, 268); Зини, бре дрваре, за да ти плукнам в уста за да разбираш сите јазици (3, 66). **б**. **зини со устата** – *исто што и* зине; (змијата) зинала со устата, та си го лапнала фиљо (4, 73). **в**. **со зината уста** – *(прен.) занесено;* Туку, коа видоа тоа нешто, останаа со зинати усти да се чуда(т) што ’и нашло (5, 7).

2. *(прен.) (за земја, место) отвори се, направи се дупка;* Деницо, Деницо, ти стана враг против мене – му свика Бог – нека зини местото кај што стоите и се отвори огненото езеро и ве голтни со сите твои врагои (4, 11); Туку една ноќ зинала земња и го голтнала дуќано (4, 61).

ЗЛАТА *ж. женско лично име;* Бидејќим царцка заповест била да одаат сите девојчиња, ошла и бабината Злата (2, 176); Бабата си ја имат поќерчена и одошто била убаа, ватиле да ја викаат: Злата позлатена (2, 176).

~ Со придавките: **бабина** и **позлатена**: Вид. ги горните примери.

ЗЛАТЕН тна *прид.* **1**. *што е изработен од злато;* Ја слези, мила домаќинко, да ми подајш златниот прстен (5, 232); Да го отвориме (царице) сандако и само да го видиме златнио верман (5, 7); Ах, сенетот! ...Сенетот со две златни и жолти, писани лири! (6, 89)

2. *(прен.) прекрасен, мил, драг;* Еве овој ми ет алот, златен дедо, што знаит Господ, нека знаат и светот (4, 78); Еве ова ти гледав, златен Господи, да кажи дали е правина? (4, 135); Наместо јагули и риби напред што јадев во златниот град Прилеп по ладните меани, сега си јадам гуштерици (2, 150).

3. *(прен.)* **златен ќотек** – *добар ќотек;* Гиди никаквику гиди, чекај за тебе требит златен ќотек, да ако си стар! (5, 210)

~ Со именките: **баба** (3, 145), **Богородјца** (2, 150), **братенце** (6, 210); **верман** (5, 7); **Госпо(д)** (2, 142; 4, 95; 4, 135), **град** (2, 150); **дедо** (4, 78; 5, 330); **Злата** (2, 176); **јајце** (3, 253); **лира** (6, 89); **Невена** (2, 193); **паричка** (3, 225), **пиле** (3, 253; 3, 148), **Прилеп** (2, 141; 2, 150), **прстен** (5, 12; 5, 212; 5, 232); **рај** (4, 10); **сестра** (2, 191), **сонце** (3, 115); **татко** (5, 209); **ќерка** (2, 192), **ќерче** (2, 182), **ќотек** (5, 210); **чашка** (3, 217).

ЗЛАТО *ср.* **1**. *скапоцен жолт метал* (Aurum); Да напраиш (царе) еден крс од злато (4, 33); Стребро и злато (сиромавио) ако ватеше, камен и дрво ќе му се стореше (3, 266).

2. *златни пари; златен накит;* Откоа го зела таа, си зела злато и џеваири и бесценети камење со себеси (3, 167); И зел кумењијата, и удрил на менгташи. Кога гледат – сафи (само) злато и стребро (6, 69).

~ Со п р и д а в к а т а **пусто** (во пословица): Пусто злато – јудино железо, ја остаил милоста од дедото и си ’и грабнал (чорбаџијата) алтăните (5, 237).

ЗЛАТОКРИЛ *прид. што е со златни крилје;* Коа паднала сончоата сестра во бунаро, се сторила една риба златокрила (2, 174).

~ Со именката риба; Вид. го горниот пример.

ЗЛИНА и *ж. зло, лоша постапка;* Исто, и сите злини ѓаоло ни ги пишуа во негои тевтер (4, 181).

ЗЛО *ср.* **а**. *сè што е лошо, штетно;* (спрот.: добро); Големи кавги и ѓурултии си праеле за злото што го направила жената (2, 38); Зло сторено назад не се враќало (2, 38); Еден чоек што не припознаа добро и за добро враќа зло, не треба да биде жив (2, 62). **б**. *во компаратив* позло; Коа се виде (Дуња Ѓузели) без рогои, многу се израдуала, арно ама не знаела оти друго позло ја чекат (3, 162). **в**. *во особен спој:* некое многу зло – *т.е. ѓолемо;* Од помеѓу сите ѓаоли, еден од постарите сторил ниет да направит некое многу зло, што да го очудит големио со лошотијата (4, 257).

~ Со п р и д а в к и т е: **големо**: Јас направив едно многу големо зло, ама го остаив за утре да го допраам (5, 185); Се силеле ѓаолите за кој поголемо зло да стори (4, 257); **послежно**: За сето овие што кажаа како што беше уште едно послежно зло што ме најде од капиданот – овие сиромаси не знаат за да кажат (5, 252); **сторено**: Гледајќи тоа нешто Деница тоа прво негоо зло сторено, му падна малце мака (4, 10); **царцко**: Тоа царцко зло се прочуло по целио свет (5, 85).

~ Во п о с л о в и ц а т а: Секое зло за добро (3, 130).

ЗЛО- *прв елемент во сложените зборови:* злоочи, злочас *пишувани кај Цепенков одделно:* зло очи, зло час; Вид. **злоочи**, **злочас**.

ЗЛОБА *ж. чувство на омраза, на завист, на лутина; сакање да му се стори некому зло;* Му се роди (на синот) една завис против мајка си и една злоба, та утрото ја спојмал да

му кажи кај го носи млекото и што добила од него (2, 222); Се покајала снаата од таа злоба што имала и си живеела со золвата како што сака Госпо (2, 163); Од ден на ден сѐ злобата му растела и лоши мисли му се множеле и на сите големци му велел да се бара некое чаре за да му го одмила(т) Адама на Бога (4, 8).

~ Со придавката **пуста**: Ете пуста злоба до крај ’и донесе, што не можит да ќердосаат сите тројца арам пари (5, 371).

ЗЛОБЛИВ *прид. исполнет со злоба; злобен;* И бидејќим била (жената) злоблива, измислила една итрос за кокошките да не му ’и даит на лисицата (2, 37); Злобливата и неверната мајка три дни живеа и пукна од мака и од завис (3, 266); Злобливата невеста не припознавала добро ни од ламја, ни од свекор (2, 223).

~ Со именките: **мајка** и **невеста**; Вид. ги горните примери.

ЗЛООЧИ *мн. зли, лоши очи;* Зло очите лебо ќе му ’и ватат (6, 201).

ЗЛОЧАС *м. зол, лош час, несреќен миг;* Сите млади момчиња се уверуаа оти старите требаат за таков зло час (5, 33); Е, лели е така, сестро лисо, ела до мене да ти кажам уште еден ум што го чуав за зло час (2, 30); Го зел и него за да му се најди за зло час (3, 113).

ЗМЕВ *м. митско чудовиште, обично во форма на крилат гуштер со канџи;* Јади изварка, море Еѓуптине, и стани побрго ој си, оти сега ќе доит еден змев за да го испиет (млекото) (2, 125); На тоа викање од Дуња Ѓузели, ја чул еден змев од облаци (3, 87); змеатаго; Еѓуптинот го подлажуал змеатаго за да се опулит некаде и Еѓуптинот врлал месо зад себе (2, 127).

ЗМИЕН *прид.* Вид. **змиски**; И така големецо Краса се преоблекол во една кожа змиена и је отишол на Ева да ја лажи (4, 9); Не припознајќим (жената) доброто од лисицата

што је го избавила мажа е од змијната смрт, и бидејќим била злоблива, измислила една итрос... (2, 37)

ЗМИИН *прид.* **а**. *што ѝ припаѓа или се однесува на конкретна змија;* Тој се уплашил од змиината отруачка оздравел (3, 75). **б**. *змиски;* Думал сиромашкио богат со што да се обложи, најпосле му текнало да се обложи со змииното дрво што го имал во бавчата (2, 229).

ЗМИЈА и *ж. зоол. долг влекач од фамилијата* Ophidia; Една змија го клукнала врапчето (5, 48); Еден маж си имал една жена од змија полоша (2, 211); Поканиле (стројниците): змии, смокои, гуштери (4, 112); *при обраќање со именките:* **посестрима**: Е, посестримо змијо, али виде оти од тебе поеќе луѓе умираат (2, 64); **пријателка**: Пријателко змијо, бегај да бегаме оти проклетата жена излегла од бунар (2, 214); **сестра**: Бегај, сестро змијо, оти ете ’а проклетата жена (2, 214).

~ Во и з р а з о т **го изеде змија** – *почувствува дека нешто лошо ќе му се случи;* Леле јас сиромав – рекол (Петко) – ме изеде змија, отидоа паричките (6, 70); Коа чу тоа берберот, го изеде змија, чунки, според како што му кажало момчето, негоата куќа беше била (5, 312); Го изело змија меанџијата кога чу тој збор од калвата (6, 64).

~ Во п о с л о в и ц и т е: Ако кажуа змијата ногата, да и Евреин да кажи крсто Ристов! (4, 34); Којшто паѓа в море и за змија се фаќа! (4, 18)

~ Со и м е н к и т е: **лутица**: Го зел чоеко и го расекол со ножо накрс и – што да најди во расоло!? Една змија лутица умрена (5, 270); Нашол Евреинот една змија лутица (3, 54); Јас знам, пријателе, оти снаата твоја је змија лутица (2, 224); **осојница**: Таа украдум беше отишла една планина и ватила две лути змии осојници (3, 217); **пепелашка**: А пак ако појдиш и в планина и да видиш некоја змија (о)сојничаа (пепелашка), ќе бегаш триста чекори скраја (2, 221).

~ Со п р и д а в к и т е: **водна**: Со ова нешто сакам да ти кажам, синко: жените се змии и затоа треба да бараш не-

која чупа да је водна змија (2, 221); **голема**: Едно утро дошла една најголема змија и се обесила за пуштенио крај на ортомата (3, 78); Тамо ќе има некоја sверетина што јади луѓе, како кај езерото што имаше големата змија (3, 99); Се расчуло по градо оти кај фиљан цар му се навиткала на сина му од тој цар една голема змија околу врато (2, 214); **изгорена**: Ангелот беше ја турил пепелта од изгорената змија в огон (4, 125); **искината**: Околу детето (имаше) тричетири парчиња од една змија искината (5, 11); **иста**: Да појде истата змија да ѝ испие обете очи (на девојчето) (3, 181); **лута**: Се куртулисале од таа лута змија и си оздравело момчето и мајка му од момчето (2, 225); Списка жена, како некоја лута змија (6,16); **опколена**: Што да видат (аскеро): една змија опколена околу езерото и клаена глаата на опашката (4, 72); **осојничава**: Ејди синко, не погоди змија водна, ами змија осојничава, затоа те дотера до ова дереџе (2, 224); Спискал Зерзевулот како некоја змија осојничава (4, 265); **проклета**: Ах, проклета змијо – беше је рекла – дали ти беше што го клукна моето момче? (3, 178); Благодарам ти, кума лисо, што ме избави од таа проклета змија (2, 94); **пуста**: Таа пуста змија била голема колку еден тапан (4, 72); Од пустата змија никое sвере не можело да се прибери (4, 72); **ранета**: Шетајќи за лов, видов една змија ранета преку полојна (3, 126); **свиткана**: Кога – што да видам внатре? Една змија свиткана како колак! (5, 68); **силна**: Видов, видов една силна змија да лета (2, 266); **сојничаа**: Вид. кај пепелашка; **страшна**: Една страшна змија, колку една греда, ватена за ортомата (2, 213); Во огнот беше се сторила една страшна змија, колку една ламја (4, 125); **тројоглава**: Ха, проклета змија тројоглава, ете за тебе тоа треба, тука коски да окапиш! (2, 212); Умрел коџабашијата и селаните многу беа се изнарадуале оти ’и куртулисал Госпо од таа змија тројоглава (5, 285); **црна**: Не знаат сиромаси оти (со бабата) си кладоа црна змија тројоглава в пазуа (4, 244); Пули се, мачко – је рекла Дуња Ѓузели, оти црна змија ќе те клукни (5, 114).

~ Со б р о е в и т е: **две**: (Адам) немаше што да чинит од страот од ангело што го потплашуаше со камшико од две

лути змии напраен (4, 11); **три**: Сплел (жабаро) три змии како камшик (4, 116); **илјада**: Не би час, ете ’и илјади змии кај летаат како некој силен сокол (2, 266); Слушај вамо, ќелеш, сега ќе довтасаат илјада змии (2, 265).

ЗМИУЛЧЕ -иња *ср. малото од змијата;* Му испаднало змиулче од уста (на ќерката) (3, 146); Ај да си блаосоена – ѝ рекле месеците – и змиулчиња да вадиш од уста (3, 146); Три вечери поминале и треќата вечер дошло змиулчето (3, 183).

ЗНАЕН *прид.* овде: *полн знаења; (со толку знаење) учен;* Честити царе, јас ќе ти кажам од кај сум олку знаен, ама сопрво ќе те молам да ми даиш чесен збор за да ми го простиш тој што ме учит, и ме учи досега (5, 234).

знаење *ср.* **1**. *гл. им.* **знае**.

2. *познавање на факти, занает и др.;* Ете како не треба, пријателе, ние да се големеиме од нашето знаење, чунки и простите нешто знаат што не го знаиме ние (5, 43); Кога увиде садријазамот оти имало баждарница во гробиштата и баждар на умрените да се земат, без негоото знаење, на чудо беше станал (5, 146); Е, дедо – му рекле селаните – виде како бидува бериќет оваа година, со нашето знаење? (4, 140)

~ Со п р и д а в к а т а **еќимско**: Е, еќимбаш, еве ти твоето знаење еќимско, што му велеше вчера на домаќинот, оти ако се најдат децата со крастаица зелена и лубеница, ќе умрат бездруго (5, 42).

~ Во и з р а з о т **тоа е мое знаење** – *јас знам како тоа ќе го сторам;* Џанам, што ти е тебе, бре дедо – му рекло детето – ти дали сакаш кажи ми, да али му го украдуам (јарецот), али не, тоа е мое знаење (5, 355); Јас арно праам, али лошо, мое знаење е тоа (3, 119).

ЗНАИ(**Т**) и **ЗНАЈТ** *гл. несвр.* **знае I**. **1**. *известен е; познато му е;* Море мошне арно знаиш, бре свети Петре, оти јас го канив Господ сам на гости дома кај мене (4, 65); Завали глушец, без да знаи оти дошло мачорок у бабата, си излегол од долапо за да бара трошички (2, 65); Ако знаев оти ти си

имал две јуначта, не беше возможно да се обложуав со тебе јас да се борам (2, 86).

2. *има знаења од некоја област.* **а**. *од она што се учи на училиште, на занает и сл.;* Асли и не ми е занаат, чунки не сум бил на мајстор за да го знам тој занаат (2, 40); Си бил некој овчар, живеел сѐ в планина, во луѓе не се смешал, ни црква знаел, ни литургија знаел (6, 174); Вистина, пријателе, ние книга не знаиме за да пеиме (5, 43). **б**. *владее некој јазик;* И уште колку јазици знаел капидано, му прогоори (4, 216); (двете момчиња) знаеле и турски и арапски отколку што не треба веќе (4, 38).

3. *умее нешто да прави;* Е, арно ќе одиш в лозје да кроиш, бре Трипуне, ами ти лели не знаиш да кроиш? (4, 45); Се нашол со еден чоек што да му кажи на царо кој чоек знаел да напраит да роди дете жена што не родила ич (2, 164); Баба ми пак беше лекарка што знаеше да лекуат со билки (5, 68).

4. *познава добро*. **а**. *некого;* Од кај ме знаеше ти мене, бре пријателе? (5, 325). **б**. *некоја ситуација;* Манастирскио ред никој од него поарно не го знаел (4, 257). **в**. *некој предмет;* Едни што му знаеле алатот, мислеле оти се померил, Господ да чуат, од умот што продаат круши... (5, 177)

5. *разбира, сфаќа;* Кај што талкаш ти, тамо и јас – му рекол умот на кăсметот – заошто ме прашаш? – Море мошне арно знаиш ти заошто те прашам, туку неќиш да кажиш (2, 237); Знаиш ти, Боже, заошто ти се молам, напраи му го ќеот на селаните, као што сакат тие (4, 139); Нà ти јаглен, ама да је речиш на мајка ти да го истерат (старио) оти сама знаит после (4, 151).

6. *во прилошките состави:* **кој знај**, **Госпо знаи**; Отишол сиромаио в планина, набрал борина, и му палиле на свети Никола, дури до кој знај кога (4, 169); Госпо знаи – и денденеска во некоја земја (Патенталија) царуа (3, 96); Кучињата твој ми пленија ковчегов и избегаа кој знае каде! (2, 178)

7. *во служба на честица:* знаиш, знаите; Ако ти станам (слепче), небото прешлен ќе ти се видит, душата со

палци и со колци ќе ти ја изваам, знаиш или не знаиш? (5, 27); Ако – стреде на самарот ќе седам и нозе во узенгии ќе немам, знаиш али не знаиш? (2, 168)

8. *со глаголските прилози:* **знаејќи**, **знаејќим**, **знаиќум**; Знаејќи гускаро како пречекуал царот пашите, и тој така беше го пречекал тој паша (5, 125); Бре, као бидува, бре што бидуа, луѓето се двоумеа али да даат, али да не даат. Знаејќим луѓето оти суд немат, кај да одат да се плачат, видоа-невидоа, му дадоа еден бешлăк (5, 146); Не знаиќум да кажит, бидејќи си беше прав, немаше што да кажи и го затворија апсаана (5, 164).

9. *во пасивна употреба;* Молим те, Исусе, прости ме и избави ме, да не погинам во морево, за гробнина да не ми се знаи, молим те, Господи, избави ме! (4, 36); Брго (ангело) го турна (еќимо) в река за гробнина да не му се знаит (4, 132).

II. **се знаи(т) 1**. *се познава себеси;* Е, атер нека не ти остани, пријателе – му рекол Бугаринот – оти колку сте вие Грците итри, толку сте биле будали и самите не сте се знаеле оти сте од сојот на свињите (5, 62); Бидејќи (Марија) сама се знаеше веќе за најгрешна, преесапи да пројди на аџилăк (4, 193).

2. **само се знаи** – *само по себе се разбира;* Блазе си ти, момче, на кăсметот... Само се знаи, бре браќа – му велело момчето – оти ми е блазе – кога ми работит кăсметот (3, 305).

~ Во и з р а з и т е: **знаиш али не знаиш**? – *јасно ли ти е*?; Што си страдал сега, не ет за сегашнио грев што си го украл коњо мој, ами ет за некој стар грев, а па за овој грев што го стори сега, другаш има да страдаш уште поеќе, знаиш али не знаиш? (6, 57); **не знам колку** – *многу голем број;* Еврејските еќими му рекле на царот да заколит не знам колку илјади рисјански деца (4, 29); **не знам до кое време** – *многу долго;* Си расказаа по пријателите (стаорите) и по родеите за никој од дупка надвор да не излегуат, не знам до кое време (2, 12); **ич неќи да знаи** – *ништо не го интересира;* Се курдисал (мажо) во столо, како некој бек и ич неќи да не знаит! (4, 168)

~ Во п о с л о в и ц а т а: Арнаутче знај друго патче (2, 251).

ЗНАЧИ *гл. несвр. овде во 3 л. едн. во значење на честица; според тоа;* Слушај вамо, побратиме – му рекол безбожнио – секи ден кај ме каниш за да го веруам Бога, значи да го веруам тоа што го нема (4, 48).

ЗОБ *м. исто што и* **овес** *– вид жито со кое се хранат (се зобаат) коњите;* Не смееше да не го тепа (Арапо коњо) и да не му дава пуза наместо зоб (2, 283).

ЗОБА *гл. несвр.* **1**. *за птици: зема зрнеста храна и сл. со клунот;* ’И тераше Велко волојте и јас си зобав црви во браздите изорани (2, 159).

2. *за човек: јаде бобичаво овошје;* Кревајќим се црешата наугоре, силно ти го преврли Еѓуптинот преку неа, чунки беше се држал за една гранка кога зобал среши (2, 126); Трекѝ пат је текнало (на жената) за грозје да зоба (4, 217).

зобање *ср. гл. им.* од з о б а. Вид. **зоба 2**; Една лоз... опсипана со грозје, тамам тогај беше втасало за зобање (3, 157).

ЗОБНИ *гл. свр.* од з о б а; Вид. **зоба 2**; Зобнала (Дуња Ѓузели) дветри зрна и веднаш се наситила (3, 161); Се виделе и се распознале (момчето и девојката), ја молил да земи еден гроз грозје за да зобни (3, 182).

ЗОБНИК -ци *м.* **1**. *торба од козина од која коњот јаде зоб;* Те молам, стопанине, прај што праиш, да ми донесиш сто торби зобници, да ти ’и наполнам од азното царско (2, 249).

2. *количество што го собира еден* зобник; Откога му се исшегуал богатиот за чевлите, зел терзиите и ’и клал од едната страна чевлите, а од другата страна еден зобник пари и за да му се поеќе исшегуа на сиромајот (4, 106).

~ Со б р о ј о т **сто**: Отишло момчето при анџијата и го молил да му купи сто зобници (2, 249).

ЗОБНИЦА *ж.* Вид. з о б н и к 1; Ја вабел (чоеко) маската со зобницата и огламникот в раце (4, 227); Појди (момче) во онаа одаја и тамо има седлото мое позлаќено, зобницата... донеси ’и (2, 285).

зобнување *ср. гл. им.* од з о б н у в а; *за човек: каснува (грозје и сл.);* Зела цареа ќерка еден гроз грозје и со прво зобнување излегло едно змиулче од гроздо и ја клукнало (3, 182).

ЗОВРИЕ(Т) *гл. свр.* **1**. *за вода и др.: по греење стане врел;* Откога зоврела водата, пробуричкала (немата царица) со рака (2, 187); Клај (бабо) во една тава вода да зоврие (6, 51); Да клаиш една аранија вода да зоврие и да ’и попариме двете деца (3, 264).

2. *(прен.)* **а**. *исполни се (црви, вошки и сл.);* Од голема мрза што имала жената, зоврела црви под себе (6, 15). **б**. *појави се во голем број;* Спискаа ѓаолите од врекѓата, зовреа како црви во рана (4, 231).

ЗОГРАВДИСА *гл. свр.* (грч.) **зографиса** – *наслика (обично икона);* Ете, такваа јет таа девојка, синко, што си је видел лицето зогравдисано во маазата (3, 84).

ЗОЛ, зла *прид. лош; во пословицата:* Зла супраа, готоа штета (2, 148; 4, 252).

ЗОЛВА и *ж. на жената тоа е сестра од мажот;* На часо жената му отишла да види и да ’а наклевети золва си (2, 162); Прости ме, мила сестро, золво, оти јас сум те клеветела на брата ти (2, 163); Мори сестри, мори золви, дали чувте пилено како пеи? – му рекла младата невеста (3, 178).

ЗОР *м.* (тур.) *голем напор, мака;* **виде многу зор** – *вложи голем напор; многу се изнамачи;* Откоа видоа многу зор мравите, се собраа и сториле еден мезлич за како да се избаваат од лошата мечка (2, 88); **зорот беше го видел** – *се изнамачил;* Којшто имал старо жито, си јадел; којшто немал, зорот беше го видел (4, 141).

~ Со п р и д а в к а т а **голем**: Откоа видел голем зор од

царо чоеко, му рекол: – Честити царе, лели ми се тоариш толку многу, јас сакам да ми даиш толку злато колку што тежи едно чоечко око (3, 81).

ЗОРА -и *ж. утринско руменееење пред да излезе сонцето; почеток на денот;* Силјан целата ноќ беше си ја поминал и одвај во зората беше мигнал малку (2, 141); Во зората некој селанец отишол во ливадата да си ји бара коњите (6, 204); Утрото уште пред зора го скорнала штркот и гусакот и тргнала (лиса) да ојт на аџилак (2, 8).

~ Во и з р а з и т е: **од** (**во**) **темни зори** – *уште пред да се зазори; рано наутро, кога уште е темно*; Утрото станал мажот је од жената уште од темни зори и пошол та поканил еснафо касапски, за да му продаит црни и големи свињи, јабански. (6, 164); Од темни зори тргна каскатијата пеш да оди при другио каскатија (5, 325); Во темни зори 'и скорнал браќа си и си тргнаа (3, 100); **зора пукна** – *се обзори;* Штом зора пукна (братот и сестрата)... стигнаа на порта своја (2, 192); **зора да пукнит** – *да се обзори;* Сето тоа ѓаолот беше го слушал и не му се казал на Адама и Ева, дури приближало зора да пукнит (4, 13). ~ Со п р и д а в к а т а **темна**: Во темни зори станал вурнаџијата да меси леб (3, 152).

ЗОРД и **ЗОРТ** *м.* (тур.) *страв; мака; ѓолем напор;* Зордот ми е голем, пријателе – му рекло момчето – затоа те викав (2, 196); Откај зето не чекале и друго чаре не бидуало; или ќе му ја даеле (Босилка) или ќе ја остаеле; на зордо згора за да не је расипат кăсметот, стрескале да му ја даат и друго ништо (2, 154); Едно смирисување волко влакното, и ќорлемечки дотрчал кај детето. – Што е, бре момче? Што зорт имаш што ме викаш? Кажуј, ич не бој се (2, 196); На тој зорт и на таа мака што видел воденичарот од праење на колцето, не можела треската да достои во воденичаро (2, 103).

~ Во и з р а з о т **виде зорт** – *претрпе страв, мака;* Откоа виде зорт момчето, го зел пашата на една кочија (5, 58); Коа видоа зорт арамиите, беше ја тратиле вреќата во еден дол и избегале (6, 209).

~ Со придавката **голем**: Многу се отимала за да не му кажит мајка му на кадијата, арно ама кога виде зорт голем, му кажала (4, 170).

ЗОСИЈА *м. старо црковно име;* Оче Зосија, не иди при мене, оти сум гола (4, 194); Во тие кауґери бил и еден кауґер на име Зосија (4, 194).

ЗОРКА *ж. зора;* Му се вкачило момчето на коњчето, и одлетало кај чумата тамам во зорка (2, 260); Штом усетиле зорка оти стана, станале (другарите) да бегаат (5, 60).

ЗРАК *м.* **1**. *линија (сончева) светлина.*

2. *очниот вид;* му се зел зрако од очите – *ослепел;* Му се зел зрако од очите и паднал (царев син) наземи како умрен (3, 83); Му се зел зрако од очите (на момчето) та не можел да је види лицето што сурат има (девојката) (5, 134).

ЗРАЧИ *ґл. несвр.* **1**. *испушта зраци.*

2. *безл.* одвај му се зрачи – *му се ґледа помалку;* Виделото му беше како од подземи: одвај да му се зрачи дома на жената и на децата (5, 324).

ЗРЕЛ и **ЗДРЕЛ** *прид. (за овошје) ґотов за берење и јадење;* Е, море слепче, да знаиш што зрели лубеници имат, низ бостанов (6, 58); На секое дрво гранките му биле доземи наведени, турени со јемиши, сите здрели да дури прездрели (4, 74); Дошла една ламја и му скинала здрелите јаболка (на јаболкницата) (2, 113).

~ Со именките: **јаболко** (2, 113), **јемиш** (4, 74; 2, 140); **круша** (3, 186); **лубеница** (6, 58); **смоква** (3, 280; 3, 281); **цреша** (2, 126).

ЗРЗЕ *ср. село во Прилепско;* Од Зрзе сум, ага – му одговорил селанецот (6, 53).

ЗРНО -а *ср. од жито и др. растенија (ґрав, на пр.);* Е, море петле, е, море брате, па да знајш по патот што пусто јадење имат: еден јачмен во зрното како некоја дренка, само за колвање (2, 18); Едно ја видел (богатио кокошката) и је вр-

лил неколку зрна царевка да ’а подлажи (5, 296).

~ Со п р и д а в к а т а **просено**: Дури беше жив брат ми – си велел сам со себе – просено зрно од газо не му излегуаше, да ми даи некоаш барем еден бешлăк (5, 50); Чудо, братко – рекле друзи – од скржавштината просено зрно од газо не му излегуа! (5, 157)

~ Со б р о е в и т е: **две**: Хаа, благодарим ти, Боженце – си рекло – што ми наврте оваа лозница, што со две зрна чоек можел да се најади (3, 158); **дветри**: Зобнала (Дуња Ѓузели) дветри зрна и веднаш се наситила (3, 161); **печес**: Велигден поминал и на попо граоите не се биттисале, чунки ѓаол попадија му притурала по печес зрна во џебо (6, 159); **педесе**: Некој поп си имал во џебо на антеријата педесе зрна грав и секој ден вадел по едно зрно гра (6, 159).

ЗРНЦЕ *ср. род.* и *хип.* од з р н о; Кога видела пајката оти јади овес гуската, отрчала и таа да касни некое зрнце (2, 53).

ЗУГРАВДИСА и **ЗУГРАФДИСА** *гл. свр. зографиса* (сп. зограф – [грч.] *иконописец) – наслика на икона;* Ај, бре пријателе, ако да можиш и патрик да ме напраиш, твоето добро никоаш нема да го забораам, не едно кандило ќе ти палам, ами две кандила, и цел ќе те зугравдисам на една икона (4, 282); ...честити царе, треба прво да се крстиш во вода ти и мајка ти и после да напраиш еден крс од злато и да му зугравдисаш лицето од Риста на него, та да го клаиш во големата одаја, кај што ќе судиш луѓето... (4, 33).

ЗУГРАФ *м.* (грч.) **зограф** – *живописец (на икони);* Натерала (девојката) еден зограф да ја пиши како што била со женцките алишта (3, 171).

ЗУГРАФДИСА *гл. свр.* Вид. **зугравдиса**.

ЗУГРАФДИСАН *гл. прид.* **зугравдисан**; ’И викнал пред себе егуменот (кауѓерите) и ги прашал за сите светци што беа в црква зугравдисани (6, 155); Бре да видел Госпо – си рекол сам со себе – јас ја сторив оти е жива, ами таа била

зуграфдисана (3, 83).

ЗУЛУМ и *м.* (тур.) *насилство; беззаконие;* Во таа планина имало четириесет арамии што шетале и зулуми многу праиле (2, 110).

РЕЧНИК-РЕГИСТАР (Д–З)

да *сврзн.*
да *чест.*
даање *ср. гл. им.*
даа(т) *гл. несвр.*
даач -и *м.*
даб *м. бот.*
дабогда *прил.*
даванина *ж.*
давање *ср. гл. им.*
даваси (дел од тур. фраза)
дава(т) (се) *гл. несвр.*
давиа *ж.*
Давид *м.*
Давидов *прид. присв.*
давија -ии *ж.*
дави(т) (се) *гл. несвр.*
даволка се *гл. несвр. дем.*
давран
дага *ж.*
даде *м.*
да(д)и(т) *гл. свр.*
даји *гл. свр.*
дајт *гл. свр.*
длг *прид.*
далга -и *ж.*
дăлготрпелив *прид.*
далеко *прил.*
далеку *прил.*
далечен -чна *прид.*
дали *чест.* и *сврзн.*
далјанка *ж.*
дама *ж.*
дамар *м.*
дамбара! *изв.*
Дамјан *м.*
дамка *ж.*
дамла *ж.*
дан! *изв.*
дапче *ср. дем.*
дар -ои *м.*
дâр
дара *ж.*
дарба -и *ж.*
дарбина *ж.*
дардаан *м.*
дариса *гл. свр.*
дармадаана *прил.*
дароит *прид.* (даровит)
даруа(т) *гл. свр.* и *несвр.* (дарува)
даскал *м.*
даскалница *ж.* (според даскал)
дауџија -ии *м.*
дашки *прид.*
два *бр.*
дваесемина *бр.*
дваесе(т) *бр.*

дваесетина *бр.*
дваесетинамина *бр. им.*
дваесе(т)ипетгодишен -шна *прид.*
дваесетпати *прил.*
двајсемина *бр. им.*
двајсет *бр.*
двајца -та *број. им.*
дванаесе -те *бр.*
дванаесемина *бр. им.*
дванаесет -те *бр.*
двапати *прил.*
дваш *прил.*
две *бр.*
двесте *бр.*
двоица *бр. им.*
двојно *прил.*
двојца *бр. им.*
двор -и, -ои, -ој *м.*
двоуми се *гл. несвр.*
двоумник *м.*
де *чест. и сврзн.*
Дебăр *м.*
дебел *прид.*
дебранец -ани *м.*
дев
деведесет -те *бр.*
девер *м.*
девет -те *бр.*
-девет
девет-десет *бр. прибл.*
деветмина *бр. им.*
деветпати *прил.*
деветстотини *бр.*
деветти *бр. реден, прид. број.*
девет(т)ини -ње *мн.*
девојка -и *ж.*
девојче -ања *ср. дем.* и *хип.*
девојченце *ср. дем.* и *хип.*
девојчински *прид.*
девојчинцки *прид.*
дедо -ои, ој *м.*
дее *чест.*
дејди! *изв.*
дека *сврз.* и *прил.*
декика -и *ж.*
декса *гл. свр.*
декшаа *гл. несвр.*
дел *м.*
деланка -и *ж.*
деланче -ања *ср. дем.*
делач *м.*
делба *ж.*
делен *гл. прид.*
делење *ср. гл. им.*
дели *прид. неизм.*
делија *м.*
дели(т) (се) *гл. свр.* и *несвр.*
делка *гл. несвр.*
делми *чест.*
делник -ци *м.*
дело -а *ср*
дембел *м.*
демек *сврзн.*
демир *м.*
демни *гл. несвр.*
ден -дни *м.*
ден-денеска *прил.*
денгуба *ж.*
денгуби *гл. несвр.*
денденеска *прил.*
денес *прил.*
денеска *прил.*
денеска -утре *прил.* (во секој

момент)
денешен -шна *прид.*
дени се *гл. свр.*
дение -ија *ср.*
Деница *ж.* и *м.*
денски *прид.*
дента *прил.*
дења *прил.*
дење *прил.*
дервен *м.*
дервиш -и *м.*
дервишиште *ср. пејор.*
дерд -ои *м.*
деребеј *м.*
дереџе *ср.*
дери(т) *гл. несвр.*
дерман *м.*
Дерменко *м.*
дерт -ои *м.*
десен -сна *прид.*
десет -те *бр.*
десетина *бр.*
десет(ина)мина *бр. им.*
десеток *м.*
десетпати *прил.*
десетти *бр.*
десница *ж.*
десно *прил.*
дестур *прил.*
дете *ср.*
детелина *ж. бот.*
детенце *ср. дем.* и *хип.*
детинство *ср.*
детинцки *прид.*
дефолдиса се *гл. свр.*
деца *мн.*
дечина *мн. дем.* и *хип.*
дечиња *мн.дем.* и *хип.*
дечка се *гл. несвр.*
дибек *м.*
див *прид.*
диван -и *м.*
дивина -ње *ж.*
дивит *м.*
диви(т) се *гл. несвр.*
дивјачка *ж.*
дигни(т) (се) *гл. свр.*
дигнуање *ср. гл. им.*
дизгин *м.*
дикат *м.*
дикел *м.*
дилинџија *м.*
дилјака *ж.*
диљ *чест.*
диљми *прил.*
Димитрија *м.*
дин *м.*
диничлија *прид. неизм.*
Динко *м.*
диња -и *ж. бот.*
дип *прил.*
дипленица *ж.*
дипли се *гл. несвр.*
дирек -ци *м.*
дисаги *мн.*
дишари *прид. неизм.*
диши *гл. несвр.*
дјулбија *ж.*
длабина *ж.*
длабок *прид.*
длабоко *прил.*
длака *ж.*
дланка -и *ж.*
дно *ср.*

до *пре9л.*
до- *преф.*
доа *ж.*
добаи *гл. свр.*
добар, добр -бра *при9.*
добери *гл. свр.*
добери се *гл. свр.*
добив *м.*
добива *гл. несвр.*
добивка *ж.*
добие[1] (се) *гл. свр.*
добие(т)[2] *гл. свр.*
добиток -ици *м.*
добиче *ср. 9ем.* и *хип.*
доближи се *гл. свр.*
доболи го *гл. свр.*
добре *прил.*
добрина -ни, -ање *ж.*
добричи *гл. свр.*
добро -а *ср.*
добро *прил.*
добровечер *изв.* и *им.*
добродушен -шна *при9.*
добромислен *при9.*
доброутро *ср.*
довади *гл. свр.*
довамо *прил.*
доварди *гл. свр.*
довде *прил.*
доведи *гл. свр.*
довеи *гл. свр.*
довек *прил.*
довека *прил.*
довеки *прил.*
довечера *прил.*
довика *гл. свр.*
довлет *м., при9.*
довлет-душкâн *м.*
довлетли *при9.* (во вок. форма ‚среќен, богат‘)
доврви *гл. свр.*
доврли *гл. свр.*
доврши (се) *гл. свр.*
довршуа(т) се *гл. несвр.*
довтаса *гл.свр.*
доглеа *гл. свр.*
догледа *гл. свр.*
догледува *гл. несвр.*
догори(т) *гл. свр.*
догр(а)маџија *м.*
догруан *гл. при9.* и *при9.*
додави *гл. свр.*
додади *гл. свр.*
додева *гл. несвр.*
додевање -а *ср. гл. им.*
додеи му се *гл. свр.*
додекада *ж.*
додржи(т) (се) *гл. свр.*
додрнуат се *гл. несвр.*
дож(д) -ои, -еи *м.*
дождов *при9.*
дожежи *гл. свр.*
доживеи *гл. свр.*
дозборуа *гл. свр.*
дозволи *гл. свр.*
доземи *прил.*
дозреи *гл. свр.*
дои *гл. свр.*
доигра *гл. свр.*
доизнеси *гл. свр.*
дои(т) *гл. несвр.*
дојади *гл. свр.*
дојадуање *ср. гл. им.*
дојарка *ж.*

дојди(т) *гл. свр.*
дојдуа *гл. несвр.*
дојдува *гл. несвр.*
дој(т) *гл. свр.*
дојунце *прил.*
докажи(т) *гл. свр.*
докажуа *гл. несвр.*
докажуање *ср. гл. им.*
докажуачка -и *ж.*
доказателство *ср.* (книж.)
докај *предл.*
докапи се *гл. свр.*
докачи (се) *гл. свр.*
докини се *гл. свр.*
доклања се *гл. свр.*
доколку *сврзн.*
докрај *прил.* и *предл.*
докрепи *гл. свр.*
доктор -и *м.*
докундиса *гл. свр.*
докупи *гл. свр.*
дол -ишта, -ои *м.*
долама *ж.*
долап *м.*
долг -зи *прид.*
долгикоса -и *прид. ж. р.*
долгманест *прид.*
долго *прил.*
долгокоса *прид. ж. р.*
долготрпелив *прид.*
долен -лна *прид.*
долета *гл. свр.*
долетуа *гл. несвр.*
должен -жна *прид.* (книж.)
долина -ње *ж.*
долиште *ср. аугм.*
долу *прил.*
долче *ср. дем.*
дом *м.* (книж.)
дома *ж.*
дома *прил.*
домазет -и, -ои *м.*
домазетлк *м.*
домазетче *ср. хип.*
домароден -дна *прид.*
домаќин -и *м.*
домаќинка -и *ж.*
домаќински *прид.*
домаќински *прил.*
домаќинцки *прид.*
домачи се *гл. свр.*
домачка *гл. свр.*
домашен -шна *прид.*
домеси *гл. свр.*
домоли се *гл. свр.*
домолуа се *гл. несвр.*
дона- *преф.*
донајади се *гл. свр.*
донаучи *гл. свр.*
донегде *прил.*
донекаде *прил.*
донеси(т) *гл. свр.*
донесуа *гл. несвр.*
доовде *прил.*
дооди *гл. свр.*
доора *гл. свр.*
допадни *гл. свр.*
допасит *гл. свр.*
допеи *гл. свр.*
допечит *гл. свр.*
допие *гл. свр.*
допиши *гл. свр.*
дополни(т) *гл. свр.*
дополу *прил., предл.*

допосле *прил.*
допраи *гл. свр.*
допраша се *гл. свр.*
допрашуа се *гл. несвр.*
допрва *прил.*
допри се *гл. свр.*
допро- *преф.*
допродади *гл. свр.*
допустит *гл. свр.*
дореда *прил.*
доречи *гл. свр.*
дорија *м.*
дорт *бр.*
дортлеме -иња *ср.*
досврши *гл. свр.*
досеа *прил.*
досега *гл. несвр.*
досега *прил.*
досечи *гл. свр.*
досигни *гл. свр.*
доскака *гл. свр.*
дослуша *гл. свр.*
дособери *гл. свр.*
досркуа *гл. несвр.*
доста *прил., изв.*
достага *ж.*
достига *гл. несвр.*
достигни *гл. свр.*
достоен -јна *прид.*
достои *гл. свр.*
достреде *прил.*
достуди *гл. свр.*
достурли *прил.*
досуди *гл. свр.*
дотаман *прил.*
дотамо *прил.*
дотаму *прил.*
дотежни *гл. свр.*
дотепа *гл. свр.*
дотера *гл. свр.*
дотеруа *гл. несвр.*
дотечи *гл. свр.*
дотечуа *гл. несвр.*
дотогај *прил.*
дотраи *гл. свр.*
дотреби *гл. свр.*
дотрпи *гл. свр.*
дотрча *гл. свр.*
дотуа *прил.*
дотука *прил.*
дотурни *гл. свр.*
доумори *гл. свр.*
доумри *гл. свр.*
доунџе *прил.*
доучи *гл. свр.*
доцелива *гл. свр.*
доцна *прил.*
дочека *гл. свр.*
дочекуа *гл. несвр.*
дочуа *гл. свр.*
дочува *гл. свр.*
дочуе *гл. свр.*
дошета *гл. свр.*
дошика се *гл. свр.*
др. *скрат.*
др-др! *изв.*
драг -ои *м.*
драг *прид.*
драги *прид.*
драго *прил.*
драм -ои *м.*
дран *гл. прид.*
драсканица -и *ж.*
драснит *гл. свр.*

дрвар -и *м.*
дрварица *ж.*
дрварлк *м.*
дрварче -ињa *ср. дем.* и *хип.*
дрвен *прид.*
дрво -а, -ја *ср.*
дрводелец *м.*
дрвце -ца *ср. дем.* и *хип.*
дребен -бна *прид.*
дремка *ж.*
дрен *м.* бот.
дренка -и *ж.*
дренкокош *прил.*
дренов *прид.*
држаа *ж.*
држава -и *ж.*
држење *ср. гл. им.*
држи(т) *гл. несвр.*
дрма -и *ж.*
дрмоли *гл. несвр.*
дробен -бна *прид.*
дробенка -и *ж.*
дробенче *ср. дем.*
дропка[1] *ж.*
дропка[2] *ж. зоол.*
дропче *ср. дем.*
дрочит *гл. несвр.*
друг -гиот, други *прид.*
други *прид.*
другар -и *м.*
другарски *прил.*
другачка -и *ж.*
другаш *прил.*
другиден *прил.*
другипат *прил.*
друго *ср.* и *прил.*
другош *прил.*
дружина *ж.*
друм *м.*
друшка *ж.*
дрчен -чна *прид.*
ду! *изв.*
дуа(т) *гл. несвр.*
дув *м.*
дувни *гл. свр.*
дувну(в)ање -а *ср. гл. им.*
дуе се *гл. несвр.*
дујда *изв.*
дујздиса *гл. свр.*
-дујуни во тур. *изр.*
дукат -и *м.*
дулбија, дуљбија *ж.*
дума *ж.*
дума (се) *гл. несвр.*
Дунав *м.*
дуња *ж.*
Дуња Ѓузели *ж.*
дуовник -ци *м.*
дупачка *ж.*
дупачлак *м. хибр.*
дупи *гл. несвр.*
дупка -и *ж.*
дупни(т) *гл. свр.*
дупнуа *гл. несвр.*
дупчиште *ср. ауг м.*
дур[1] во тур. *изр.*
дур[2] во тур. *изр.*
дури *сврзн.* и *чест.*
дуќан -и *м.*
дуќански *прид.*
дуќанче *ср. дем.* и *хип.*
дуќанџија -ии *м.*
дуу!, ду-у-у! *изв.*
дух -ои *м.*

душа -и *ж.*
душевен -вна *прид.* (книж.)
душевно *прил.*
душек -ци *м.*
души *гл. несвр.*
душица *ж. хит.*
душичка *ж. хит.*
-душкăн дел од тур. *изр.*
душко *м.*
душман -и *м.*
душманин -ни *м.*
душманка *ж.*
душоспасение *ср.*
ѓак -ци *м.*
ѓакон -и *м.*
ѓаконисуа *гл. несвр.*
ѓаол -и *м., прид.*
ѓаолест *прид.*
ѓаолија *ж.*
ѓаолски *прид.*
ѓаолуа *гл. несвр.*
ѓаолцки *прид.*
ѓаолче -ања *ср. дем.*
ѓаолштина -ње *ж.*
ѓаур (оглу) *м.*
ѓебре *ср.*
ѓелдăн: ош ѓелдăн! *изв.*
ѓелмешиш* gelme
ѓемиџија *м.*
ѓене *изв.*
ѓердан *м.*
ѓерданче *ср. дем.* и *хит.*
ѓерѓев *м.*
ѓеривчија *м.*
ѓериз *м.*
ѓерисчилак *м.*
ѓечмишола *изр.*
ѓо *прил.*
ѓоа *прил.*
ѓоам *прил.*
ѓоамити *прил.*
ѓовезен, ѓувезен -зна *прид.*
ѓовезно *ср.*
ѓое *прил.*
ѓоз ѓоре *прил.*
ѓок *м.*
Ѓок *м.*
ѓом *прил.*
ѓон *м.*
Ѓорѓи *м.*
Ѓорѓија *м.*
ѓубре *ср.*
ѓувезен -зна *прид.*
ѓувендисуа се *гл. несвр.*
ѓувеч *м.*
Ѓузели (Дуња Ѓузели)
ѓулбавче, ѓул-бавче -ања *ср.*
ѓуле *ср.*
ѓум *м.*
ѓумрук *м.*
ѓумче *ср. дем.*
ѓунделак *м.*
ѓунлук *м.*
Ѓупка *ж.*
Ѓуптин -пци *м.*
Ѓурѓеен *м.*
Ѓурѓовден *м.*
ѓурултија -ии *ж.*
ѓуч *прил.*
е *зам. лич.*
е *гл.*
е *чест.*
Ева *ж.*

евала *изв.*
евангелие *ср.*
евангелист *м.*
еве *чест.*
евендăм *м.*
евендија *м.*
евендум *м.*
ево *чест.*
Евреин -еи, -еји *м.*
еврејски *прид.*
еврејски *прил.*
еврејцки *прид.*
евтин *прид.*
евтинија *ж.*
евтино *прил.*
еге *ср.*
еглендисуа се *гл. несвр.*
егумен -и *м.*
егуменов *прид.*
еда *чест.*
едар -дра *прид.*
еден -дна *бр. прид.* (пад. форм.: еднега)
едепсăз *м.*
един *бр. неопр. зам.*
единаесет -те *бр.*
единаесе(т)мина -еттемина *бр. им.*
единаесетти *бр. реден*
единак *м.*
единиј *прид.*
еднаков -ква *прид.*
еднаш *прил.*
еднашка *прил.*
еднипати *прил.*
едно *прил.* и *сврзн.*
еднододруго *прил.*
еднолика -и *ж. бот.*
еднонадруго *прил.*
едноног *прид.*
едноок *прид.*
едноподруго *прил.*
едностај *прил.*
едночудо *прил.*
Еѓупка *ж.*
еѓупски *прид.*
еѓупски *прил.*
Еѓуптин -пци *м.*
еѓупцки *прид.*
еѓупцки *прил.*
еѓупштилак *м.*
ее(е) *чест.*
еж *м. зоол.*
езберледисуа *гл. несвр.*
езеро *ср.*
езерце *ср. дем.* и *хип.*
ај *чест.*
ајгиди *чест.*
ајди *чест.*
ајузенија -ии *ж.*
еким -и *м.*
екимбашија *м.*
екимица *ж.*
еклеиса се *гл. свр.*
екмек *м.*
ексик *прид. неизм.*
ектилăк -ци *м.*
ела! *изв.*
елате! *изв.*
елбете *прил., модал.*
елвидија -ии *ж.*
еле, еле *чест.*
еле *прил.*
елек *м.*

елен *м. зоол.*
Елена *ж.*
еленов *прид.*
еленче *ср. дем.*
Елисавета *ж.*
елиф-бе, елифбе *ср.*
елли *бр.*
елчија *м.*
ем *сврзн.*
емăр *м.*
емин-сандăк *м.*
емиш -и *м.*
емџамити *чест.*
’ен *м.*
ендезе *ср.*
ендек -ци *м.*
енди *мод.*
ендиса (се) *гл. свр.*
ене *чест.*
ененија *ж.*
енџемити *чест.*
епархија *ж.*
епитроп *м.*
ер *чест.*
ербап *прид. неизм.*
ербаплак -от *м.*
ергеле -иња *ср.*
ерген -и *м.*
Еремија *м.*
Ерменец -нци *м.*
Ерусалим *м.*
есап *м.*
есапење *ср. гл. им.*
есапи *гл. несвр.*
есапчија *м.*
есен -та *ж.*
есенен -ена *прид.*
еснав, еснаф *м.*
еснаф *м.*
еснафски *прид.*
еснафски *прил.*
ет *гл.*
ете *чест.*
етек *м.*
ето *чест.*
Етра Планина *ж.*
еќикат *модал.*
еќимбаша *м.*
еќим *м.*
еќимбашија *м.*
еќимица *ж.*
еќимлак *м.*
еќимски *прид.*
еќимџки *прид.*
ефендăм *м.*
ефендија -ии, -ij *м.*
ефендим *м.*
ефендиски *прид.*
ефендум *м.*
ефтинџија *м.*
ефќар *м.*
ех *изв.*
ехла *ж. бот.*
ешек *м.*
ешко *м. хип.*
жаба -и *ж. зоол.*
жабар -и *м.*
жабарски *прид.*
жабурка -и *ж.*
жабурка *гл. несвр.*
жал -ои *м.* и *ж.*
жала *гл. несвр.*
жалба *ж.*

жален -лна *прид.*
жалено *прил.*
жалење *ср. гл. им.*
жали(т) (се) *гл. несвр.*
жално *прил.*
жалоит *прид.*
жалоито *прил.*
жалосен -сна *прид.*
жалослив *прид.*
жалос(т) *ж.*
жалостен *прид.*
жапа- *ж. оказ.*
жапка *ж.*
жар *м.*
жарче *ср. дем.*
жăт *прид.*
ждребе *ср.*
ждребна *прид. ж. р.*
ждрепка *ж.*
жегни *гл. свр.*
жеден -дна *прид.*
жежок -шка *прид.*
желание *ср.*
железен -зна *прид.*
железо *ср.*
желка[1] -и *ж. зоол.*
желка[2] -и *ж.*
жена -и *ж.*
женачка *ж.*
женење *ср. гл. им.*
женет *гл. прид.*
жени (се) *гл. свр.* и *несвр.*
женичка -и *ж. хип.*
женски *прид.*
женско *ср.*
женцки *прид.*
женцко *ср.*
жестоко *прил* (книж.)
жетва *ж.*
жештина *ж.*
жив *прид.*
живеење *ср. гл. им.*
живеи(т) *гл. несвр.*
живејачка *ж.*
живи *гл. свр.*
живо *ср.*
живот *м.* и *ж.*
животинка -и *ж.*
животинцки *прид.*
животинче *ср. дем.*
животно -и *ср.*
живуачка *ж.*
жиг *м.*
жила *ж.*
жими *чест.*
жити *чест.*
жито *ср.*
житојадец *м. зоол.*
жица *ж.*
жниење *ср. гл. им.*
жние(т) *гл. несвр.*
жолт *прид.*
жолтак *м.*
жолтаче *ср. хип.*
жолтица *ж.*
жолтица[2] -и *ж.*
жолтомеден -дна *прид.*
жолч *ж.*
жолчка[1] *ж.*
жолчка[2] *ж.*
жудав *прид.*
-жупа *ж. оказ.*

з- *преф.*
за *предл.*
за- *преф.*
-заар: ќел-заар *м.*
заарни му се *гл. свр.*
заб -и *м.*
забаа (се) *гл. несвр.* (забава (се)
забаи[1] (се) *гл. свр.* (забави (се)
забаи(т)[2] *гл. свр.* (забае)
забележи *гл. свр.*
забелен *гл. прид.*
забери *гл. свр.* (забере)
забира *гл. несвр.*
забит *м.* (тур.)
заблазни *гл. свр.*
заблазнуа *гл. несвр.* (заблазнува)
заблеи *гл. свр.* (заблее)
заблуден *гл. прид.*
заболи *гл. свр.*
забораа *гл. несвр.* (заборава)
забораање *ср. гл. им.* (заборавање)
заборави (се) *гл. свр.*
забораи (се) *гл. свр.* (заборави (се)
заборџи *гл. свр.*
заборџуат се *гл. несвр.* (заборџува се)
забрануа *гл. несвр.* (забранува)
завал *м.*
завали *прид. неизм.*
завали *гл. свр.* (запали оган)
завалија - ии *прид. неизм.*
завари[1] *гл. свр.* (почне да вари)
завари[2] *гл. свр.* (спои (се)
завари[3] (се) *гл. свр.*
заварува (се) *гл. несвр.*
завати(т) (се) *гл. свр.* (зафати)
завaќа *гл. несвр.* (зафаќа)
завеи *гл. свр.* (завее)
заверуа *гл. свр.* (заверува)
заверува *гл. свр.*
завечера *гл. свр.*
завземи се *гл. свр.* (заземе се)
завива *гл. несвр.*
завиди *гл. свр.*
завидуа *гл. несвр.* (завидува)
завие (се) *гл. свр.*
завис *ж.* и *м.* (завист)
завислив *прид.*
завистина *прил.* (навистина)
завитка (се) *гл. свр.*
завиткуа *гл. несвр.* (завиткува)
завлада *гл. свр.*
завлези *гл. свр.* (завлезе)
завлечи *гл. свр.* (завлече)
завмет *м.*
заврзи *гл. свр.* (заврзе)
заврие *гл. свр.*
заврни *гл. свр.* (заврне)
заврнуа *гл. несвр.* (заврнува)
заврти (се) *гл. свр.*
завртуа *гл. несвр.* (завртува)
заврши *гл. свр.*
загази *гл. свр.*
загар -и *м.*

загарче -ања *ср. 9ем.* и *хип.* (од загар)
загини(т) *гл. свр.* (загине)
загинуа *гл. несвр.* (загинува)
загледа се *гл. свр.*
загнаси се *гл. свр.*
загни се *гл. свр.* (загне се)
заголни(т) *гл. свр.* (заголне)
загради *гл. свр.*
загуби(т) (се) *гл. свр.* (загуби (се)
загубуа *гл. несвр.* (загубува)
загушен *гл. при9.*
зад *пре9л.*
зад- / зат- *преф.*
зăд*
задаи се *гл. свр.*
задева (се) *гл. несвр.*
задека *сврзн.* (зашто)
заден -дна *при9.*
задени се *гл. свр.* (задене се)
задишан *гл. при9.*
задишен *гл. при9.*
задреми *гл. свр.* (задреме)
задржи (се) *гл. свр.* (задржи (се)
задри *гл. свр.* (задре)
задрни *гл. свр.* (задрне ‚гибне‘)
задрнуа *гл. несвр.* (задрнува)
задружи се *гл. свр.*
задужбина *ж.*
задума се *гл. свр.* (замисли се)
задуша *ж.* (задушница)
заедно *прил.*
заем *м.*
заживеи *гл. свр.* (заживее)
зазборуа се *гл. свр.* (зазборува се)
заздрави *гл. свр.*
зазида *гл. свр.*
заигра (се) *гл. свр.*
заигрување *ср. гл. им.*
заинати се *гл. свр.*
заират *м.* (3, 210)
заисто *прил.* (навистина)
зајади *гл. свр.* (зајаде)
зајак -ци *м. зоол.*
зајакни се *гл. свр.* (зајакне се)
зајаче *ср. 9ем.* и *хип.* (од зајак)
зајди *гл. свр.* (зајде)
зајми (се) *гл. свр.*
зајре -ања *ср.*
зајсонце *ср.* (зајдисонце)
закăлни се *гл. свр.* (заколни се)
закăне се *гл. свр.* (заколне се)
закара се *гл. свр.*
закасуа се *гл. несвр.* (закасува)
закауґери се *гл. свр.* (закалуґери се)
закачи (се) *гл. свр.*
закашла се *гл. свр.*
заклан *гл. при9.*
заклацка *гл. свр.*
заклучи *гл. свр.*
заклучуа *гл. несвр.* (заклучува)

заклучуање *ср. гл. им.* (заклучување)
закоа *гл. свр.* (закове)
заколи(т) (се) *гл. свр.* (заколе (се)
заколни(т) (се) *гл. свр.* (заколне (се)
заколнуа се *гл. несвр.* (заколнува (се)
заколнуање *ср. гл. им.* (заколнување)
закон -и *м.*
законик - ци *м.*
закопа (се) *гл. свр.*
закопуа *гл. несвр.* (закопува)
закопуање *ср. гл. им.* (закопување)
закралуа се *гл. свр.* (закралува)
закрепи се *гл. свр.*
закриват се *гл. несвр.* (закрива се)
закрие (се) *гл. свр.*
закриен *гл. прил.*
закрпи *гл. свр.*
залаг -зи *м.* (залак)
залажи *гл. свр.* (залаже)
залак *м.*
залаче *ср. дем.* и *хип.* (од залак)
залачкуа *гл. несвр.* (залачкува)
залеи *гл. свр.* (залее)
залекуа *гл. свр.* (залекува)
залепи (се) *гл. свр.*
заликан *гл. прил.*
залиса се *гл. свр.*
залудо *прил.*
залче *ср. дем.* и *хип.* (од залак)
заљуби (се) *гл. свр.*
заљубен *гл. прил.*
замаа *гл. свр.* (замава)
замавни *гл. свр.* (замавне)
замавнуа *гл. несвр.* (замавнува)
замавта *гл. свр.*
замаи се *гл. свр.* (замае се)
заман *м.*
замати *гл. свр.*
замена *ж.*
замеси *гл. свр.*
замети *гл. свр.* (замете)
замеша *гл. свр.*
замижи *гл. свр.* (замиже)
замижување *ср. гл. им.*
замилуа (се) *гл. свр.* (замилува (се)
замини *гл. свр.* (замине)
заминуа *гл. несвр.* (заминува)
замислен *гл. прил.*
замисли (се) *гл. свр.*
замоли *гл. свр.*
замолкни *гл. свр.* (замолкне)
замолчи *гл. свр.*
замолчуа се *гл. несвр.* (замолчува се)
замолчуање *ср. гл. им.* (замолчување)
замрзни *гл. свр.* (замрзне)
замрзнуа *гл. несвр.* (замрзнува)
занаат -и *м.*
занает *м.*

занаетчија -ии *м.*
зандан, зандăн *м.*
зандана -и, зандăна *ж.*
занданџија *м.*
занеси(т) *гл. свр.* (занесе)
заниошто *прил.*
заниша *гл. свр.*
заоблачи се *гл. свр.*
заоѓа(т) *гл. несвр.* (заоѓа)
заортачи се *гл. свр.*
заортачуа се *гл. несвр.* (заортачува се)
заошто *прил.* и *сврзн.*
запад *м.*
запазари *гл. свр.*
запази се *гл. свр.*
запали (се) *гл. свр.*
запамти *гл. свр.* (запамети, запомни)
запати (се) *гл. свр.* (размножи (се)
запашка *гл. свр.* (загони)
запе се *гл. аорист* (од запне се)
запеи *гл. свр.* (запее)
запеслив *прил.* (песосан)
запечатуа *гл. несвр.* (запечатува)
запие се *гл. несвр.*
запизми (се) *гл. свр.*
запира (се) *гл. несвр.*
запис *м.*
записан *гл. прил.* (запишан)
запишан, записан *гл. прил.*
запиши (се) *гл. свр.* (запише (се)
заплати *гл. свр.*
заплаши *гл. свр.*
заплашуа *гл. несвр.* (заплашува)
заплашуачка *ж.* (заплашувачка)
заплива *гл. свр.*
заплоди се *гл. свр.* (почне да се плоди)
запни (се) *гл. свр.* (запне (се)
запо- *преф.*
заповед -и *ж.*
заповеда *гл. свр.*
заповедуа(т) *гл. несвр.* (заповедува)
заповес *ж.* (заповед)
запознаи се *гл. свр.* (запознае се)
запои *гл. свр.* (запее)
запоклади (се) *гл. свр.*
запорничав *прил.*
запотера *гл. свр.*
започни *гл. свр.* (започне)
започнуа *гл. несвр.* (започнува)
запраи *гл. свр.* (заправи)
запраша *гл. свр.*
запрашуа *гл. несвр.* (запрашува)
запрдалница *ж.*
запрегни се *гл. свр.* (запрегне се)
запрета (се) *гл. свр.*
заприквечеруа се *гл. несвр.* (заприквечерува)
заприлега *гл. свр.*
запри(т) (се) *гл. свр.* (запре (се)

заптиса *гл. свр.*
запустен *гл. прил.*
запусти(т) (се) *гл. свр.* (запусти (се)
запустуа *гл. несвр.* (запустува)
запустува *гл. несвр.*
запче *ср. род.* и *хип.* (од заб)
зар *чест.*
заработи *гл. свр.*
заради *предл.*
зарадуа (се) *гл. свр.* (зарадува (се)
зарамни *гл. свр.*
зарана *прил.* (рано наутро)
зарек *м.*
зарекуа се *гл. несвр.* (зарекува се)
заречи(т)[1] се *гл. свр.* (зарече[1] се)
заречи(т)[2] се *гл. свр.* (зарече[2] се)
зарзават *м.*
зарзаватчиски *прил.*
зарипа *гл. свр.*
зароби(т) *гл. свр.* (зароби)
заробуа *гл. несвр.* (заробува)
зарони *гл. свр.*
зас- *преф.*
засака *гл. свр.*
засвири *гл. свр.*
засега *прил.*
заседели се *гл. свр.*
засели се *гл. свр.*
засили се *гл. свр.*
засити *гл. свр.*
заскита *гл. свр.*
заслади се *гл. свр.*
заслепи *гл. свр.*
заслепуа *гл. несвр.* (заслепува)
засолни (се) *гл. свр.*
заспива *гл. несвр.*
заспивање *ср. гл. им.*
заспие *гл. свр.*
застани(т) *гл. свр.* (застане)
застануа *гл. несвр.* (застанува)
застари *гл. свр.*
застемни *гл. свр.*
застои се *гл. свр.*
застрами (се) *гл. свр.* (засрами (се)
застрамуа се *гл. несвр.* (засрамува се)
застрамуање *ср. гл. им.* (засрамување)
застраши(т) *гл. свр.* (застраши)
застуди *гл. свр.*
засука (се) *гл. свр.*
засучи *гл. свр.* (засуче)
засуши се *гл. свр.*
зат- / зад- *преф.*
затвара (се) *гл. несвр.*
затвор *м.* (темница)
затвора *гл. несвр.*
затворање *ср. гл. им.*
затвори (се) *гл. свр.*
затегнуа *гл. несвр.* (затегнува)
затера *гл. свр.*
зати *модал.*
затисни *гл. свр.* (затисне)

затка -и *ж.*
затни(т) (се) *гл. свр.* (затне, затне се)
зато *прил.* (затоа)
затоа *прил.*
затопли се *гл. свр.*
затраи *гл. свр.* (затрае)
затраи се *гл. свр.* (затрае се)
затресен *гл. прид.* (потресен)
затреси (се) *гл. свр.* (затресе, затресе се)
затресуа *гл. несвр.* (затресува)
затрие (се) *гл. свр.* (забрише, забрише се)
затри(т) (се) *гл. свр.* (затре (се) ,сотре, сотресе се‘)
затркала се *гл. свр.*
затркали се *гл. свр.* (затркала се)
затрча се *гл. свр.*
затскрие се *гл. свр.*
затура *гл. свр.*
затцкрие се *гл. свр.* (затскрие се)
затцкриен *гл. прид.* (затскриен)
заќути (се) *гл. свр.* (замолчи, замолчи се)
заузда *гл. свр.*
заумрен *гл. прид.* (одамна мртов, умрен)
заучи (се) *гл. свр.*
зафалуа *гл. несвр.* (зафалува)
зафати(т) (се) *гл. свр.* (зафати, зафати се)
зацрви се *гл. свр.*
зачни *гл. свр.* (зачне)
зачуа *гл. свр.* (зачува)
зачуди(т) се *гл. свр.* (зачуди се)
зачури *гл. свр.* (задими)
зашие (се) *гл. свр.*
зашто *прил. праш.* (зошто)
зашто *сврзн. прич.* (затоа што)
-зашто: пошто-зашто
заштури се *гл. свр.*
зашутен -о *прид.* (малку мрднат со умот)
зашути се *гл. свр.* (ишути се)
збери (се) *гл. свр.* (збере, збере се)
збесни *гл. свр.* (побесни)
збива *гл. несвр.*
збие се *гл. свр.*
збира (се) *гл. несвр.*
збирач *м.*
зближи *гл. свр.*
зближуа се *гл. несвр.* (зближува)
зближуање *ср. гл. им.* (зближување)
збоботи *гл. свр.*
збогом *прил.*
збогум *прил.*
зболи *гл. свр.*
збор - ои -ој *м.*
зборуа *гл. несвр.* (зборува)
зборуање *ср. гл. им.* (зборување)
збуца се *гл. свр.*
збуцка се *гл. свр. дем.*

збучи *гл. свр.*
’зваи *гл. свр.* (извади)
згази *гл. свр.*
згасни *гл. свр.* (згасне)
згăсти (се) *гл. свр.*
зглавје *ср.*
зглоби *гл. свр.*
згнаси(т) (се) *гл. свр.* (згнаси (се)
згнети *гл. свр.*
згнетуа *гл. несвр.* (згнетува)
зговори се *гл. свр.*
згоен *гл. прид.*
згоди (се) *гл. свр.*
згои се *гл. свр.*
згонѕа *гл. свр.* (науми, реши)
згонџа *гл. свр.* (науми, реши)
згонџи *гл. свр.* (науми, реши)
згора *прил.*
згорешти се *гл. свр.* (згрее се / добро)
згорниште *ср.* (горно алиште)
зготви(т) (се) *гл. свр.* (зготви (се)
зготвуа *гл. несвр.* (зготвува)
зготвува *гл. несвр.*
зграпчи *гл. свр.*
зграчи *гл. свр.*
згрби се *гл. свр.* (згрбави се)
згреи *гл. свр.* (згрее)
згрешава *гл. несвр.* (греши)
згреши *гл. свр.*
згутаи се *гл. свр.* (згутави се ‚ститули се‘)
здаволка (се) *гл. свр.*
здади *гл. свр.* (здаде
здан *гл. прид.*
здание *ср.*
здано *прид. ср. р.* (дадено)
здебели се *гл. свр.*
здебелуа се *гл. несвр.* (забелува се)
здечка се *гл. свр.*
здечкуа се *гл. несвр.* (задечкува се)
здив *м.*
здива *гл. несвр.* (збиба)
здиви се *гл. свр.* (подиви)
здивни(т) *гл. свр.* (здивне)
здипли (се) *гл. свр.*
здодеи му се *гл. свр.* (здодее му се)
здола *прил.*
здрав *прид.*
здравеи *гл. несвр.* (здравее ‚заздравува‘)
здравица *ж.*
здравице *ср. хип.*
здравје *ср.*
здраво *прил.*
здравоживо *ср.*
здравуа се *гл. свр. и несвр.* (здравува се ‚се поздравува‘)
здравува се *гл. свр.* и *несвр.*
здрао *прил.* (здраво)
здраоживи се *гл. свр.* (здравоживи се ‚поздрави се‘)
здраоживо *ср.* (здравоживо)

здраоживо *прил.* (здравоживо сум - добар сум)
здраожио *ср.* (здравоживо)
здраојживо *ср.* (здравоживо)
здрвен *гл. при.*
здрви (се) *гл. свр.*
здреење *ср. гл. им.* (зреење)
здреи *гл. несвр.* (зрее)
здрел *при.* (зрел)
здрепче *ср. дем.* и *хип.* (ждрепче)
здроби *гл. свр.*
здрув *прил.*
здружи (се) *гл. свр.*
здружуа (се) *гл. несвр.* (здружува (се)
зеер *м.*
зеерлија *при. неизм.*
зеи *гл. свр.* (земе)
зеи *чест.* (земе)
зеир *м.*
зелен *при.*
зеленило -а *ср.*
зелено *ср.* (зелена боја)
зелје *ср. бот.* (спанаќ; зеленчук)
зелка -и *ж. бот.*
зелник *м.*
зема (се) *гл. несвр.*
земање *ср. гл. им.*
земач *м.*
земберек *м.*
земен -мна *при.* (од земја)
земена *при.* (мажена)
земи *прил. падеж. форм.*
земи(т) (се) *гл. свр.* (земе)
земи(т) *чест.* (земе)
земја *ж.*
земјоина *ж.* (земјовина)
земња *ж.* (земја)
зер *чест.*
зер *модал.*
зере *сврзн.*
Зерзевул *м. религ.* (име на главниот ѓавол)
Зерзески (манастир) *при.* (според Зерзе, Прилепско)
зет -еи, -ои *м.* (младоженец и сл.)
зетов *при.*
зетоски *при.* (зетовски)
зијан *м.*
зијани *гл. свр.* и *несвр.*
зијафет *м.*
зима *ж.*
зима(т) *гл. несвр.* (зема)
зимбил *м.*
зимбиљ *м.*
зиме *прил.*
зимен -мна *при.* (од зима)
зимо *ср.* (зима)
зимоиште *ср.* (зимовиште)
зимски *при.*
зимуа *гл. несвр.* (зимува)
зини *гл. несвр.* (зине)
Злата *ж.* (лично име)
златен -тна *при.*
злато *ср.*
златокрил *при.*
злина -и *ж.* (лоша жена)
зло *ср.*
зло-
злоба *ж.*

злоблив *прид.* (злобен)
злоочи *мн.* (лоши очи)
злочас *м.* (зол час)
змев *м. митол.*
змиен *прид.* (змиски)
змиин *прид.* (змиски)
змија -и *ж. зоол.*
змиулче -ињa *ср. дем.* и *хип.* (од змија)
знаен *прид.* (полн знаења)
знаење *ср. гл. им.* (познавање на факти)
знаи(т) (се) *гл. несвр.* и *чест.* (знае (се)
знајт *гл. несвр. и чест.* (знае)
значи *гл. несвр.* (кај Цепенков *чест.* според тоа)
зоб *м.*
зоба *гл. несвр.*
зобање *ср. гл. им.*
зобни *гл. свр.* (зобне)
зобник -ци *м.*
зобница *ж.*
зобнување *ср. гл. им.*
зоврие(т) *гл. свр.* (зоврие)
зогравдиса *гл. свр.*
зол, зла *прид.* (лош)
золва -и *ж.*
зор *м.*
зора -и *ж.*
зорд *м.*
зорт *м.*
Зосија *м црков..*
зорка *ж. дем.* (од зора)
зрак *м.*
зрачи *гл. несвр.*
зрел *прид.*
Зрзе *ср.* (село во Прилепско)
зрно -а *ср.*
зрнце *ср. дем.* и *хип.* (од зрно)
зугравдиса *гл. свр.*
зуграф *м.*
зуграфдиса *гл. свр.*
зулум -и *м.*

СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИТЕ

алб. - албански јазик
арап. - арапски јазик
аром. - аромански јазик
бот. - ботаника, ботанички
бр. - број
бр. прибл. - приближен број
буг. - бугарски јазик
герм. - германски јазик
гл. - глагол
ср. гл. им. - глаголска именка од среден род
гл. несвр. - глагол од несвршен вид
гл. прид. - глаголска придавка
гл. свр. - глагол од свршен вид
грч.-тур. - грчко-турски јазик
дем. - деминутив
дет. - збор во детскиот јазик
ж. - именка од женски род
ж. р. - женски род
зам. - заменка
зам. какв. - каквотна заменка
зам. показ. - показна заменка
зам. присв. - присвојна заменка
зоол. - зоологија, зоолошки
изв. - извик
изр. - израз
им. - именка
итал. - италијански јазик
книж. - книжевен збор
лат. - латински јазик
м. - именка од машки род
м. р. - машки род

мн. - именка во множина
народ. поез. - народна поезија
оказ. - оказионален збор
падеж. форма - падежна форма
перс. - персиски јазик
предл. - предлог
прид. - придавка
прил. - прилог
(рус.) - руски јазик
свет. - во световните книги
(слов., словен.) - словенски збор
ср. - именка од среден род
ср. р. - среден род
срп. - српски јазик
тур. - турски јазик
унг. - унгарски јазик
финан. - финансии
хип. - хипокористик
црков. - во црковните книги
црксл. - црковнословенски јазик
чест. - честица

СОДРЖИНА

Толковен речник на Цепенковите приказни II (Д–З)
Д 3–336
Ѓ 337–348
Е 349–385
Ж 386–413
З 414–554
Регистар (Д–З) 555–574
Список на скратениците 575–576

578

Издавач: Авторот
Димка Митева, бул. „Јане Сандански“, згр. 104/16 – Скопје
Тел.: 070–449–011 ; 077–754–373

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3`373:398.21(=163.3)(038)

МИТЕВА, Димка
Толковен речник на Цепенковите приказни [Електронски извор] / Димка Митева. - Скопје : Д. Митева, 2020

Начин на пристапување (URL):
https://59f99f4c-f124-4a4f-8eb3-b11c143b18d0.filesusr.com/ugd/57c175_ab1ccd25f8524db99da5c56ddce54c9b.pdf.
- Начин на пристапување (URL):
https://59f99f4c-f124-4a4f-8eb3-b11c143b18d0.filesusr.com/ugd/57c175_e018464efe464d5cb56eb9f61ebff7a5.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 578 стр. - Наслов преземен од екранот.
Опис на изворот на ден 07.10.2020.
Содржина: Т. 2: (Д-З). - Стр. 578

ISBN 978-608-4824-25-1

1. Гл. ств. насл.
а) Цепенков, Марко, 1829-1920 -- Македонски народни приказни -- Лексика-- Речници

COBISS.MK-ID 52156677